# КОМПАС

## Прирачник за образование за човекови права со млади луѓе

**Второ издание, дополнето во 2020**

**Напишан од**
Patricia Brander
Laure De Witte
Nazila Ghanea
Rui Gomes
Ellie Keen
Anastasia Nikitina
Justina Pinkeviciute

**Уреден од**
Patricia Brander
Ellie Keen
Vera Juhász
Annette Schneider

**Финално уредување и координирање од**
Rui Gomes

**Илустрации од**
Pancho

**Специфичен придонес за содржината од**
Janina Arsenejeva, Éva Borbély-Nagy, Karina Chupina, Hanna Clayton, Annette Schneider, Györgyi Tóth

**Првото издание на Компас (2002) беше напишано од:**
Patricia Brander; Ellie Keen; Rui Gomes; Marie-Laure Lemineur; Bárbara Oliveira
Jana Ondrácková; Alessio Surian; Olena Suslova

*Компас има неколку придружни публикации за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права креирани од страна на Образовниот и Младинскиот сектор при Директоратот за учество при Советот на Европа.*
*Ве молиме посетете го линкот www.coe.int/compass за повеќе информации.*

COMPASS - Manual for human rights education with young people
ISBN 978-92-871-8693-5

Ставовите изразени во овој прирачник се одговорност на авторите и не мора да ги одразуваат мислењата на Советот на Европа.
Авторските права на оваа публикација ги има Советот на Европа. Ниту еден дел од оваа публикација не смее да се репродуцира или пренесува за комерцијални цели во каква било форма или со какви било средства, електронски (CDRom, Интернет, итн.) или механички, вклучувајќи фотокопирање, снимање или било каков систем за чување или пронаоѓање информации, без писмена дозвола од одделот за издаваштво (publishing@coe.int), Директоратот за комуникација на Советот на Европа (копија до Европскиот младински центар Будимпешта, 1-3 Zivatar utca, H-1024 Budapest, Hungary; е-пошта: eycb.secretariat@coe.int).
Размножувањето на материјали од оваа публикација се дозволува само за некомерцијални образовни цели и под услов изворот да е правилно цитиран.
Илустрациите на „Панчо“ се ексклузивни авторски права на уметникот. Дозвола за нивно размножување треба да се побара директно од уметникот, освен ако не се за директна употреба со активностите во овој прирачник.

Дизајн: Studio1

Илустрации: © “Pancho”

Фотографии:
Наловна страница: Совет на Европа / Abdullah Mosaad
страница 71: Совет на Европа
страница 174 © MTI (Nelson Mandela)
страница 174 © David King Collection (Evgenia Ginzburg)
страница 175 © MTI (Martin Luther King)
страница 175 © MTI (Mahatma Gandhi)
страница 176 © Stiftung Denkmal für die ermordeten Juden Europas (Berlin),
Photo: Marko Priske
страница 176 © Tibet Information Network (Ngawang Sandrol)

Илустрации на страници 166,167 и 184 од Jimmy Kazoya

© Council of Europe, October 2012

© Центар за човекови права АМОС, 2019, превод на македонски јазик
Овој превод на КОМПАС - прирачник за образование за човекови права со млади луѓе е издаден во договор на Советот на Европа, но под ексклузивна одговорност на преведувачот

Прво издание 2002
Второ издание (целосно ревидирано и дополнето) 2012
Препечатено издание (со измени) 2015
Оваа ажурирана верзија 2020

Издаваштво при Совет на Европа (Council of Europe Publishing)
F-67075 Strasbourg Cedex

Наслов на публикацијата: КОМПАС – прирачник за образование за човекови права со млади (превод од англиски на македонски јазик)

Оригинален наслов на публикацијата: COMPASS - Manual for human rights education with young people, 2nd edition, updated in 2020, Council of Europe , Printed in Hungary 2020

Преведувачи: Центар за човекови права АМОС Битола - Билјана Бејковска, Јасминка Кочанковска, Сашо Кочанковски (превод од англиски на македонски јазик)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

37-053.6:342.72/.73(035)

КОМПАС : прирачник за образование за човекови права со млади луѓе / Patricia Brander ... [и др.] ; илустрации од Pancho ; превод од англиски на македонски јазик Билјана Бејковска, Јасминка Кочанковска, Сашо Кочанковски. - Битола : Центар за човекови права Амос, 2021. - 489 стр. : табели ; 29 см

Превод на делото: Compass : manual for human rights education with young people. - Други автори: Laure De Witte, Nazila Ghanea, Rui Gomes, Ellie Keen, Anastasia Nikitina, Justina Pinkeviciute. - Речник: стр. 483-488. - Содржи и: Додатоци

ISBN 978-608-65241-3-5

1. Brander, Patricia [автор]
а) Човекови права -- Образование -- Млади -- Прирачници

COBISS.MK-ID 55703813

# Совет на Европа
# Генерален секретар



Не е доволно децата и младите само да ги почитуваат човековите права. Со цел да се вгради култура за човековите права и да се осигура дека нашите млади луѓе разбираат како да пристапат до тие права - и да ги поддржат, бранат и промовираат – ним им треба образование соодветно за таа цел.

*„Компас“* прв пат беше објавен во 2002 година. Оттогаш тој поддржува голем број професионалци и актери на граѓанското општество во воведувањето на образованието за човекови права во животот на безброј млади луѓе во Европа и низ целиот свет. Преведен е на 31 јазик, има одиграно суштинска улога во обликувањето на пристапите базирани на права кон младинската политика и младинската работа. Ова создава свест за човековите права што ги зајакнува оние кои ги учат, останува со нив во текот на животот и може да им се пренесе на идните генерации. Не станува збор само за учење, туку и за зајакнување на демократското граѓанство на подолг рок.

Од витално значење е младите да добијат можност да го видат животот преку оваа леќа. Во светот што брзо се менува, постои огромна загриженост и страв, предизвикани од долгорочните трендови и од тековните настани. Овие предизвици може да изгледаат огромни. Гледајќи на нив од перспектива на човековите права може да се обезбеди уверување и доверба дека нашите општества можат да применуваат етички принципи на многу комплексните проблеми: дека луѓето може и треба да бидат поддржани и заштитени дури и во време кога се ставени пред најголеми предизвици.

Да се знае – тоа е важен подарок.

Верувам дека „Компас“ ќе продолжи да ги води практичарите за образование за човекови права во нивната важна работа.

***Марија Пејчиновиќ - Буриќ***

# ПРЕДГОВОР КОН МАКЕДОНСКОТО ИЗДАНИЕ НА КОМПАС

Во моето 20 годишно искуство и работење како претседател на Центарот за човекови права АМОС Битола, и како обучувач за образование за човекови права со деца и млади, убеден сум дека образованието за човекови права со деца и млади е од суштинска важност во развојот на младите личности. Но, најмногу заради тоа што верувам во неговите вредности и успеав да ги добијам авторските права за преводот на КОМПАС - Прирачникот за образование за човекови права со млади на Совет на Европа, на македонски јазик. И еве, после многугодишно залагање и верба, успеав да го реализирам издавањето на македонскиот Компас.

Особена благодарност им изразувам на:

*Руи Гомеш*, како долгогодишен и успешен Раководител на Одделот за образование и обука, Сектор за млади при Совет на Европа, заради довербата која ми ја укажа и затоа што веруваше во мене и мојата организација и ни го довери преводот на Компас на македонски јазик и *Ержебет Банки*, заради нејзината посветеност во целиот овој процес.

*Билјана Василевска*, како официјално назначена за контрола на квалитетот од Советот на Европа.

*Билјана Бејковска*, секретар на Центарот за човекови права „АМОС“ и долгогодишен и искусен обучувач за образование за човекови права со деца и млади и *Јасминака Кочанковска*, посветен и активен член, кои посветено и многу успешно го реализираа преводот од англиски на македонски јазик.

*Елена Бојаџиева*, која на многу креативен и ефикасен начин ја изготви корицата и ја направи подготовката за печатење на македонското издание на Компас.

*Снежана Михајлова*, која го лекторираше преводот на македонски јазик.

И секако на *Проф. д-р Гордана Ристевска*, координаторка на проктор In4Chld – како дел од INTERREG-IPA CBC, Greece-Republic of North Macedonia, која ме поттикна и поддржуваше да го направиме преводот на Компас на македонаки јазик, без чија значајна поддршка, оваа публикација не ќе можеше да биде докрај реализирана.

Сега, Центарот за човекови права „АМОС“ од Битола, има обврска, заедно со сите релевантни чинители во Република Северна Македонија, не само да го промовира, туку уште повеќе да помогне во заживувањето на оваа значајна публикација да стигне до сите млади во Република Северна Македонија.

На сите оние во Република Северна Македонија кои работат со деца и млади, во формалното и неформалното образование, особено оние кои се занимаваат со образование за човекови права со млади, образование за демократско граѓанство и меѓукултурно учење, со големо задоволство им го препорачувам да го користат овој единствен прирачник и да им помогнат на младите во нивниот целокупен развој.

**Проф. д-р Сашо Кочанковски**

**Претседател на Центарот за човекови права „АМОС“**

# БЛАГОДАРНОСТ

*Зборови на благодарност, признание и почит им должиме на:*

• Членовите на Референтната група за ревидирање на *Компас*, за нивната посветеност, идеи и поддршка
• Членовите на Консултативната група за образование за човекови права (2009-2010) - Aleksander Bogdanovic, Anna Dobrovolskaya, Thierry Dufour, Caroline Gerbara, Georg Pirker, Annette Schneider, Kostas Triantafyllos и Sara Ufhielm – за нивната посветеност и грижа
• Тренерите и учесниците во напредниот Тренинг за *Компас во рамките на образованието за човекови права* (ACT-HRE), како и Тренинг курсевите за тренери за образование за човекови права со млади луѓе во 2009 и 2010 година, за кои ова беше задача за учење
• Учесниците на форумот за образование за човекови права „Живеење, учење, делување за човековите права", особено оние во групата за ревидирање на *Компас*
• Marios Antoniou, Kazunari Fujii, Christa Meyer, Ana Rozanova, Zsuzsanna Rutai, Agata Stajer, Sara Ufhielm и Wiltrud Weidinger за нивниот придонес, идеи и време
• Julien Attuil, Régis Brillat, David Cupina, Sandrine Jousse, Brigitte Napiwocka, Yulia Pererva, Miguel Silva, Dennis Van Der Veur, Agnes Von Maravic, за љубезното предавање и ревидирање текстови за работата на Советот на Европа
• Образовните советници за „*Компас" од* Европските младински центри во Будимпешта и Стразбур, Iris Bawidamann, Goran Buldioski, Florian Cescon, Menno Ettema, Gisèle Evrard, László Földi, Mara Georgescu, Dariusz Grzemny, Sabine Klocker, Zara Lavchyan, Nadine Lyamouri-Bajja, Marta Medlinska,Yael Ohana, Anca Ruxandra Pandea, Annette Schneider and Inge Stuer, за нивните критички повратни информации, трпеливост, поддршка и креативност
• Antje Rothemund за поддршката и посветеноста за квалитет и заради тоа што направи Компас да биде достапен на мајчин јазик за оние кои учат за човековите права
• Членовите на Базата на обучувачи од младинскиот сектор при Советот на Европа за нивната бескомпромисна искреност во давањето повратни информации од нивната практика на образованието за човекови права, користејќи го Компас
• Преведувачите и издавачите, вклучени во преведувањето на *Компас, за* споделувањето на нивните искуства
• Сите оние кои, најчесто ненамерно, придонесле при обликувањето на содржините
• Rachel Appleby за нејзината поддршка во читањето и одобрувањето на текстовите напишани на англиски јазик – тука секогаш има простор за подобрување!
• Zsuzsanna Molnar за нејзината редовна и постојана секретарска поддршка, како и од колегите Erzsébet Banki, Nina Kapoor, Jackie Lubelli, Vincenza Quattrone и Gabriella Tisza за нивните раце и срца кои даваат помош.

Ние ги направивме сите можни напори да ги трасираме референците од текстовите и активностите до нивните автори и да им оддадеме неопходна почит. Се извинуваме за некои пропусти и ќе ни биде задоволство да ги корегираме во наредното издание.

# Содржина

**Вовед во изданието од 2012** (ревидирано и препечатено во 2015)...............................10

**Поглавје 1 – Образование за човекови права и *Компас*: вовед**

1. Вовед во образованието за човекови права..................................................................16

2. Пристапи до образованието за човекови права во Компас.........................................29

3. Употреба на *Компас* во образованието за човекови права..........................................46

**Поглавје 2 – Практични активности и методи во образованието за човекови права**

Содржина на активностите..................................................................................................74

Синоптичка табела на активности по теми, општ преглед и сродни права......................75

**58 искуствени активности и методи за образование за човекови права**...................82

Календар на човековите права........................................................................................ .344

Почетни игри.......................................................................................................................351

Активности за разгледување.............................................................................................356

**Поглавје 3 – Преземање акција за човекови права**

За ова поглавје ...................................................................................................................363

3.1. ОЧП и активизам .........................................................................................................364

3.2. Едноставни активности за човековите права.............................................................368

3.3. Развивање план за акција.............................................................................................376

**Поглавје 4 – Разбирање на човековите права**

Вовед...................................................................................................................................387

4.1. Што се човекови права?................................................................................................388

4.2. Еволуција на човековите права....................................................................................401

4.3. Правна заштита на човековите права..........................................................................407

4.4. Активизам за човекови права и улогата на невладините организации....................424

4.5. Прашања и одговори за човекови права....................................................................430

4.6. Загатки.......................................................................................................................433

**Поглавје 5 – Информации во контекст на глобалните теми за човековите права**

1. Деца ....................................,,,,.....................................................................................441

2. Граѓанство и учество ...................................................................................................442

3. Култура и спорт ............................................................................................................443

4. Демократија ..................................................................................................................444

5. Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост.........................................445

6. Дискриминација и нетолеранција.................................................................................446

7. Образование .................................................................................................................447

8. Животна средина...........................................................................................................448

9. Род...................................................................................................................................449

10. Глобализација...............................................................................................................450

11. Здравје...........,..............................................................................................................451

12.Медиуми.........................................................................................................................452

13. Миграции......................................................................................................................453

14. Мир и насилство ..........................................................................................................454

15.Сиромаштија..................................................................................................................455

16. Вероисповед и убедување............................................................................................456

17.Сеќавање.........................................................................................................................457

18. Војна и тероризам.........................................................................................................458

19. Работа.............................................................................................................................459

**Додатоци**

**Избор на меѓународни инструменти за човекови права**

Статус на ратификација на главните меѓународни инструменти за човекови права ..............................................................................................................................462

Обединети Нации...............................................................................................................463

Совет на Европа .................................................................................................................472

**Речник...........................................................................................................................483**

# Добредојде во *Компас и во ова препечатено и ревидирано издание*!




*Компас, за прв пат, беше издаден во 2002 во рамките на Младинската програма за образование за човекови права на Директоратот за млади и спорт при Советот на Европа. Програмата беше креирана бидејќи образованието за човекови права – кое значи образовни програми и активности кои се фокусираат на промовирањето рамноправност во човековото достоинство – беше и остана непроценлива вредност при формирањето димензија на демократско граѓанство за сите млади луѓе и во промовирањето култура на универзални човекови права. Компас стана референтен прирачник за многу луѓе вклучени во младинска работа*, заснована на вредности *и неформално образование. Денес тој е достапен на повеќе од 30 јазици, почнувајќи од арапски и јапонски*, *до исландски и баскиски. Во некои земји стана дел од ресурсите при образованието за правата во училиштата, а во некои други не е возможно да се користи во училиштата. Авантурите на Компас низ Европа често ја одразуваат спротивставената реалност на образованието за човекови права: промовиран овде, а оспоруван таму, пофалуван од некои, а презиран од други.*

Успехот на *Компас* беше следен со успехот на неговиот помлад брат Компасито - прирачник за образование за човекови права со деца. И двете публикации го поддржуваат спроведувањето на Повелбата за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права од Советот на Европа.

Искуството од Младинската програма за образование за човекови права во последните десет години служи да се зацврсти пристапот заснован на човековите права кон младинските интервенциии ефективно да го прифати образованието за човекови права во младинската работа и младинската политика.

*Порака од Форумот „Живеење, учење, делување за човековите права*

*Компас* и публикувањето негови верзии на различни јазици е посредник преку кој образованието за човекови права беше ставено на агендата на младинската работа и во наставните програми на многу училишта. Национални мрежи за образование за човекови права се креирани во неколку земји каде тие ја зајакнуваат работата на организациите за човекови права и професионалците од образованието, правејќи го реалност правото на образование за човекови права за многу деца и млади луѓе низ Европа. Форумот за образование за човекови права со млади луѓе „Живеење, учење, делување за човековите права“, одржан во Будимпешта во 2009, го нагласува значењето на образованието за човекови права денес. Човековите права не можат да се бранат и да се промовираат само преку правни инструменти. Образованието за човекови права – да се учи заради, да се учи низ и да се учи за човековите права – е суштинско за да бидеме сигурни дека тие се сфатени, поддржани и промовирани од сите.

Работата која се презема од и за младите луѓе преку Компас – прирачник за образование за човекови права со млади луѓе, јасно покажува дека Советот на Европа може да се потпре на великодушноста, страста и компетенциите на младите луѓе, кои ќе го направат образованието за човекови права реалност за многу други млади луѓе. [...] Искуствата од младинската работа и неформалното учење успешно се ставени во служба на проектите за образование за човекови права

за сите, вклучувајќи го надополнувањето на формалното и неформалното учење. Образованието за човекови права не смее да биде одговорност само на невладините и младинските организации. Ниту пак може да биде спроведено само од волонтери. Земјите имаат главна одговорност да го спроведат образованието за човекови права. Потребно е тоа да биде опфатено, поддржано и одржливо од нивна страна на начини со кои ќе се предвиди улогата на формалните и неформалните образовни сектори.
За многу повремени практикувачи на образованието за човекови права, Компас стана синоним за образованието за човекови права. Сепак, образованието за човекови права е многу повеќе од Компас. Компас ги покажува патиштата и предлага начини за искусување на образованието за човекови права, но му остава избор за патиштата и методите на фасилитаторот и крајно, на оние кои учат. Компас не е човеково право; образованието за човекови права – е!

*Компас* овозможува насоки за учениците, едукаторите и фасилитаторите во образованието за човекови права. Но секој од нив треба да си креира сопствен пат за учење и дејствување при човековите права.

**Да се осигураме дека *Компас е значаен и за втората декада на 21 век***

Во првите десет години од неговиот живот, Компас се соочуваше со брз развој на теми и предизвици за човековите права и образованието за човекови права. Меѓу нив се случуваше и забрзување на процесите на глобализација, пораст на тероризмот и одговор против тероризмот преку глобална војна, глобална финансиска криза, ефектите од климатските промени предизвикани од човекот, најразлични побуни во Грузија, Украина и некои арапски земји, ширењето на мрежата на Интернет, војните во Ирак и Авганистан, цунамито и нуклеарната катастрофа во Фукушима и многу други. Компас очајно запаѓаше од една во друга криза, а, исто така, беше застарен во некои делови. Како резултат на ова се издаде преработена и ажурирана верзија, изданието од 2012.

Наша првенствена грижа беше да го направиме Компас 2012 значаен за втората декада на 21 век. Ги зедовме предвид оценките од корисниците – он-лајн и оф-лајн – и „забрзувањето на историјата“; не сé што беше значајно во 2002 е подеднакво важно и денес, десет години подоцна, многу други теми се здобија со важност. Резултатот од изданието на Компас 2012 беше развојот на она што исчезна порано, една мешавина на старото и новото. Читателите и обучувачите за човекови права открија информации и активности кои ги опфатија моменталните случувања и дека сé уште се предвидува дискусија на контроверзни прашања дека – поставувањето на ученикот во центарот е сé уште тука и дека сé уште е потребно да се преземе акција.

Наша првенствена грижа беше да го направиме *Компас2012* значаен за втората декада на 21 век.

**Што е поразлично во ова препечатено издание?**

Во ова препечатено издание од 2015 ќе ги најдете поглавјата од 1-4, исто како и во изданието од 2012. Она што е различно е дека недостигаат опширните информации од Поглавје 5. Ова не подразбира дека основните информации не се важни. Тие се, всушност, многу значајни! Деталните информации за деветнаесетте теми се достапни на Интернет на www.coe.int/compass каде лесно би продолжило нивното дополнување. Во ова препечатено издание од 2015 ќе откриете пократко - Поглавје 5, кое содржи резиме на темите, како и покана за повратна информација, која ќе помогне во одржување на релевантноста и навремено ажурирање на материјалот.

Нашата намера е ова препечатено издание од 2015 да ги задоволи потребите на практичарите за прирачник за образование за човекови права кој ќе биде доволен и практичен. Поставувањето на основните податоци на веб-страницата на Советот на Европа, овозможува истите да се постојано и навремено ажурирани. Освен тоа, 160 страници со информации кои не се печатени, ни овозможија еден прирачник кој е полесен во тежина, поевтин и помага при заштитата на животната средина преку

штедењето на хартија.

Суштинските вредности и пристапи, кои се својствени за Компас, остануваат целосно валидни. Компас би требало да биде:

**Доволен:** Корисниците ќе најдат сé што им треба за да се запознаат со и да го истражат образованието за човекови права.

**Подготвен за употреба:** Предложените активности не бараат дополнителни ресурси или долга подготовка.

**Во тек со младите луѓе:** Активностите и прашањата за човековите права лесно се поврзуваат со грижите и гледиштата на адолесцентите и младите луѓе.

**Практичен и искуствен:** Сите активности вклучуваат предлози како да се примени наученото, а тоа ги вклучува учесниците во нешто повеќе отколку само когнитивен процес.

**Соодветен и за формално и за неформално образование:** Иако активностите се развивани за неформално образование, речиси сите можат да се реализираат и во училишта со мало прилагодување, на пример, во врска со времетраењето.

**Прилагодлив:** Сите активности можат да бидат прилагодувани на контекстот, групата и општеството во кое тие се „играат“. Предлозите за варијации им помагаат на фасилитаторот да креира сопствени адаптации.

**Појдовна точка:** Заинтересираните обучувачи и едукатори ќе најдат мноштво предлози и ресурси за да ги продлабочат специфичните прашања или да научат повеќе за човековите права.

**Општ и холистички:** Компас може да се користи за кое било прашање за човековите права и за секое ниво на знаење на оној кој учи. Тој е заснован на инклузивен и холистички пристап на учење кое вклучува вредности, ставови, способности и знаење.

**Да започнеме!**

Компас е напишан за сите оние кои се интересираат за човековите права и кои имаат желба да се вклучат во образованието за човекови права. Оние кои прв пат го користат Компас би требало да знаат дека ние не направивме претпоставки за нивното предзнаење за човековите права и образованието за човекови права, ниту пак за темите за работа кои ги одбравме. Не направивме ни претпоставки за претходното искуство на луѓето за поучување или водење на активностите. Дадена е обемна поддршка за тоа како да се водат активностите, како да се прилагодуваат и како да се развиваат согласно со потребите на оние кои учат и согласно со практичните околности. Постои посебен дел со совети за наставниците. За некои, „преземањето акција“, на прв поглед може да биде проблематично и заради тоа ние опширно се справуваме со концептот и ја објаснуваме неговата улога во образовниот процес во третото поглавје.

Компас е извор на информации, алатки и совети за образование за човекови права. Како резултат на тоа, тој може да се користи на многу различни начини и не постои одредена почетна точка. Сепак, ние предлагаме да започнете со прегледување на содржината на секое поглавје, да се задлабочите во прирачникот и да се запознаете со неговата целосна структура и содржина. Многу луѓе, на почеток, најмногу се заинтересирани за активностите. Ова е добро, но ние препорачуваме барем да го прочитате поглавјето 1.3 „Употреба на Компас во образованието за човекови права“, пред да водите било каква активност.

Се надеваме дека ќе уживате користејќи го изданието на Компас од 2015. Известете нé доколку успеавме во давањето на информации и алатки кои ви беа

# Поглавје 1

# Образование за човекови права и *Компас*: вовед

# Содржина на ова поглавје

**1. Вовед во образованието за човекови права...........................................................................16**
1.1 Што се човекови права?.............................................................................................................16
1.2 Дефинирање на образованието за човекови права...................................................................17
1.3 Образованието за човекови права е основно човеково право.................................................20
1.4 Образованието за човекови права во Обединетите нации.........................................................21
1.5 Образованието за човекови права во Европа.............................................................................22
1.6 Младинска политика и образование за човекови права............................................................24
1.7 ОЧП со млади луѓе........................................................................................................................27
1.8 Кон културата на човековите права...............................................................................................28

**2. Пристапи до образованието за човекови права во *Компас*...................................................29**
2.1 ОЧП во различни образовни околности......................................................................................30
2.2 Педагошката основа на ОЧП во Компас.....................................................................................32
2.3 ОЧП, процес и резултат..................................................................................................................36
2.4 ОЧП и другите образовни полиња,,,,,,........................................................................................38
2.5 Најчесто поставувани прашања за вклучувањето на ОЧП во работата со младите луѓе........44

**3. Употреба на *Компас*во образованието за човекови права....................................................46**
3.1 Што има во *Компас*........................................................................................................................46
3.2 Фацилитација...................................................................................................................................47
3.3 Општи совети за корисниците,,,,,,,,,..............................................................................................48
3.4 Општи совети за водење на активностите....................................................................................53
3.5 Прилагодување на активностите од Компас на вашите потреби ............................................58
3.6 Посебни белешки за наставниците...............................................................................................61
3.7 Основни методи кои ги поткрепуваат активностите во *Компас*...............................................64

# 1. Вовед во образованието за човекови права

„Секој поединец и секој орган во општеството…ќе се стреми, преку предавања и едукации, да промовира почит кон овие права и слободи.“

*Преамбула на Универзалната декларација за човекови права, 1948*

„Предавањето и едукацијата за промовирање почит за овие права и слободи“ е основата на образованието за човекови права (ОЧП). Сепак, пред да се погледне што е образование за човекови права и како тоа се практикува, потребно е да се разјасни дека „овие права и слободи“ се истите од кои ОЧП е засегнато. Затоа, ние започнуваме со краток вовед за човековите права.

## 1.1 Што се човекови права?

**Како можат луѓето да ги користат и да ги бранат човековите права, ако никогаш не учеле за нив?**

Низ историјата, секое општество развило системи за да се овозможи социјална кохезија со кодифицирање на правата и одговорностите на своите граѓани. Конечно, во 1948 година, меѓународната заедница дошла до договор за кодексот на правата кој би бил обврзувачки за сите држави; тоа била Универзалната декларација за човекови права (UDHR). Од 1948 година, се договориле и други документи за човекови права, вклучувајќи ги, на пример, Европската конвенција за човекови права во 1950 година и Конвенцијата за правата на детето (CRC) во 1990 година. Човековите права ги изразуваат основните потреби на човекот; тие ги воспоставуваат основните стандарди без кои луѓето не би можеле достојно да живеат. Човековите права се однесуваат на рамноправноста, достоинството, почитувањето, слободата и правдата. Примери на права вклучуваат слобода од дискриминација, право на живот, слобода на говор, право на брак и семејство и право на образование. (Има резиме и целосен текст од Универзалната декларација за човекови права во додатоците).

Човековите права важат за сите луѓе подеднакво, универзално и засекогаш. Човековите права се универзални, а тоа значи дека тие се исти за сите човечки суштества во секоја земја. Тие се неотуѓиви, неделиви и меѓусебно поврзани и затоа никогаш не можат да бидат одземени; сите права се подеднакво важни и тие се надополнуваат, на пример, правото на учество во владеењето и правото на слободни избори зависат од правото на слобода на говорот.

Како можат луѓето да ги користат и да ги бранат човековите права, ако никогаш не учеле за нив? Универзалната декларација за човекови права (UDHR)го потврдува ова во нејзината Преамбула, а во член 26 секому дава право на образование кое треба „да го зајакне почитувањето на човековите права и основни слободи“. Целта на образованието за човекови права е да креира свет со култура за човековите права. Ова е култура каде се почитуваат правата на секого, а секој ги почитува правата на другите; култура каде луѓето ги разбираат нивните права и одговорности, го препознаваат кршењето на човековите права и преземаат дејства да ги заштитат правата на другите. Тоа е култура каде човековите права се дел од животот на поединецот, исто како и јазикот, обичаите, уметноста и поврзаноста кон местото.

# 1.2 Дефинирање на образованието за човекови права

Од 1948 година, многу големи и разновидни работи се направени и сé уште се прават, а се во интерес на образованието за човекови права. Постојат многу начини на реализирање на образованието за човекови права, а тоа е така бидејќи поединците различно гледаат на светот, едукаторите работат во различни ситуации, а различните организации и државни органи имаат различни интереси; според тоа, иако принципите се исти, практикувањето може да биде различно. Со цел да се добие слика за разновидноста на предавањата и активностите кои ќе бидат испорачани, поучно е да се погледнат улогите и интересите на различните „поединци и органи во општеството“ со цел да се согледа како тие информираат за фокусот и обемот на нивниот интерес во ОЧП.

Во 1993 година, Светската конференција за човекови права го прогласи образованието за човекови права како „суштинско за промовирањето и постигнувањето на стабилни и хармонични односи помеѓу заедниците и за зацврстување на заемното разбирање, толеранција и мир“. Во 1994 година, Генералното собрание при Обединетите Нации прогласи Декада на Обединетие Нации за образование за човекови права (1995-2004) и ги повика државите-членки да промовираат „дисеминација на обуки и информации со цел градење на една универзална култура на човекови права“. Како резултат на тоа, владите вложија поголеми напори во промовирањето на ОЧП, најчесто преку државни образовни програми. Бидејќи на владите им се од интерес меѓународните односи, зачувувањето на редот и поредокот и општото функционирање на заедницата, тие имаат тенденција ОЧП да го гледаат како средство за промовирање на мирот, демократијата и социјалното уредување.

**Образовни програми и активности кои се фокусираат на промовирањето рамноправност во човековото достоинство**

Целта на Советот на Европа е да креира заедничко демократско и правно поле за целиот европски континент, обезбедувајќи почит за неговите основни вредности: човекови права, демократија и владеење на правото. Овој фокус врз вредностите се рефлектира во сите дефиниции за ОЧП. На пример, со препорака за нивната посветеност да се обезбеди активно учество на младите луѓе при одлучувањето и акциите на локално и регионално ниво, Младинската програма за образование за човекови права при Советот на Европа, ОЧП го дефинира како

> „...образовни програми и активности кои се фокусираат на промовирањето **рамноправност во човековото достоинство**[1], во корелација со другите програми како што се оние кои промовираат интеркултурно учење, учество и зајакнување на малцинствата.“

Повелбата за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права (2010)[2] при Советот на Европа, ОЧП го дефинира како образование, обука, подигнување на свеста, информации, практики и активности кои имаат за цел, преку екипирањето на учениците со знаења, способности, разбирање, како и развивање на нивните ставови и однесување, до оспособување на учениците да придонесуваат во градењето и одбраната на универзалната култура на човековите права во општеството, од гледиште на промовирањето и заштитата на човековите права и основните слободи.

Постојат и други дефиниции за образованието за човекови права, како што е онаа од Amnesty International: ОЧП е процес при кој луѓето учат за нивните права и

правата на другите, во рамките на партиципативно и интерактивно учење.

Азиско-Пацифичкиот регионален ресурсен центар за образование за човекови права особено ја нагласува врската помеѓу човековите права и животите на луѓето вклучени во ОЧП:

> ОЧП е партиципативен процес кој содржи намерно дизајнирани сетови на активности за учење, користејќи го знаењето за човековите права, вредности и способности како содржина која е наменета за широката јавност со цел да се оспособат при разбирањето и преземањето контрола врз нивните животи.

> Светската програма за образование за човекови права при Обединетите Нации го дефинира ОЧП како:
> *Образование, обука и информации со цел градење универзална култура на човекови права.* Сеопфатно образование за човекови права, кое не обезбедува само знаења за човековите права и механизмите за нивна заштита, туку и дава знаења за способностите кои се потребни да се промовираат, бранат и применуваат човековите права во секојдневниот живот. Образованието за човекови права ги поттикнува ставовите и однесувањата, потребни за поддржување на човековите права за сите луѓе во општеството.

**Култура каде човековите права се учат, живеат и се делува за нив.**

Движењето на луѓето за учење на човековите права го преферира учењето за човековите права, преку образование за човековите права и става посебен фокус на човековите права како начин на живот. Акцентот на учењето, наместо на образованието, исто, значи дека е заснован кон индивидуалниот процес на откривање на човековите права и нивната примена во секојдневниот живот на поединецот.

Други органи во општеството ги вклучуваат невладините организации и организациите кои работат на локално ниво, чија работа е да ги поддржуваат ранливите групи, да ја заштитуваат животната средина, да ги мониторираат владите, приватниот сектор и институциите и да промовираат социјални промени. Секоја невладина организација дава своја перспектива за ОЧП. Според тоа, на пример, Amnesty International верува дека „образованието за човекови права е основно за решавање на основните причини за кршењето на човековите права, спречувањето на злоупотребата на човековите права, борбата против дискриминацијата, промовирањето рамноправност и зголемување на учеството на луѓето во процесите за демократско донесување на одлуки“.[3]

**ОЧП мора да се стреми кон родовата свесност и да вклучи димензија за интеркултурно учење.**

На Форумот за образование за човекови права со и од младите луѓе *„Живеење, учење, делување за човековите права“*, одржан во Будимпешта, во октомври 2009, состојбата на младите луѓе во Европа беше прикажана како „ризична и нестабилна, која сериозно ги попречува еднаквите можности за многу млади луѓе да играат значајна улога во општеството [...] човековите права, особено социјалните права и слободата од дискриминација, звучат како празни зборови и празни ветувања. Постоечките ситуации на дискриминација и социјално исклучување не се прифатливи и не можат да бидат толерирани.“ Според тоа, учесниците на Форумот, загрижени за еднаквите можности и дискриминацијата, се согласиле дека: „Образованието за човекови права мора систематски да се стреми кон свесност за родовите и перспективите на родовата рамноправност. Како дополнување, мора да биде вклучена и димензија за интеркултурно учење; [...] Ние очекуваме од Советот на Европа да [...]ги потенцира прашањата за малцинствата преку нивните програми за образование за човекови

права, вклучувајќи род, етнички заедници, религија и верување, способности и теми за сексуална ориентација.“

Владите и невладините организации имаат тенденција да го гледаат ОЧП, во однос на резултатите во форма на посакувани права и слободи, додека пак образовните академици, за споредба имаат тенденција да се насочат кон вредностите, принципи и моралните избори. Betty Reardon во*Образование за човеково достоинство*, 1995 год. наведува дека „Рамката за образование на човековите е замислено како социјално образование, засновано врз принципи и стандарди [...] да се развиваат способностите за правење морални избори, заземање принципиелни позиции за одредени прашања – со други зборови, да се развие морален и интелектуален интегритет.“[4] Тренерите, обучувачите, наставниците и други практикувачи на ОЧП, кои директно работат со млади луѓе, тежнеат да размислуваат низ призмата на способности и методологија.

**Образованието за човекови права е за учење на човековите права**

Се надеваме дека јасно ставивме до знаење дека различни организации, образовни провајдери и актери во образованието за човекови права користат различни дефиниции согласно со нивната филозофија, цел, целни групи или членство. Постои, и покрај сé, еден очигледен консензус дека образованието за човекови права вклучува три димензии:

- Учење за човековите права, знаење за човековите права, што се тие и како тие се чуваат или заштитуваат;
- Учење низ човековите права, препознавајќи дека контекстот и начинот на кој е организирано учењето за човековите права и како се пренесува, треба да биде доследно со вредностите на човековите права (пр. учество, слобода на мисла и изразување и сл.) и дека во образованието за човекови права процесот е исто толку важен колку и самата содржина на учењето;
- Учење заради човековите права, преку развивање вештини, ставови и вредности на учениците да ги применуваат вредностите на човековите права во нивните животи и да преземаат акција, самостојно или со другите, за промовирање и бранење на човековите права.

Оттука следува дека кога размислуваме за тоа како да го испорачаме ОЧП, за тоа како да им помогнеме на луѓето да ги стекнат потребните знаења, вештини и ставови, за да можат да ги играат своите улоги во рамките на културата на човековите права, можеме да видиме дека не можеме да ги „учиме“ за ОЧП, туку тоа мора да се научи преку искуство. Според тоа, ОЧП е и образование низ изложеност на човековите права во практика. Ова значи дека како и каде да се одвива ОЧП, мора да ги рефлектира вредностите на човековите права (учење во човековите права); контекстот и активностите мора да бидат такви дека достоинството и рамноправноста се составен дел од практиката.

**Образованието треба да биде насочено кон целосен развој на човековата личност и кон зајакнување на почитувањето на човековите права.**

*UDHR, член26*

Во Компас, внимававме да се осигураме дека без оглед колку и да беа интересни и игриви методите и активностите, сепак, од суштинско значење е да упатуваат кон човековите права, за учењето за човекови права да биде веродостојно. Постојат различни предлози за преземање активности.

# 1.3 Образованието за човекови права е основно човеково право

Човековите права се значајни бидејќи ниту една индивидуа не може да преживее сама, а неправдите го намалуваат квалитетот на живот на лично, локално и глобално ниво. Она што ние го правиме во Европа има ефект врз она што се случува на друго место во светот. На пример, облеката која ја носиме може да е изработена со злоупотреба на детски труд во Азија, додека наследството од европската колонијална индустрија придонесува кон политички и верски немири во Ирак, Сомалија и Авганистан, кои испраќаат очајни баратели на азил, кои чукаат на нашите врати. Слично на тоа, милиони луѓе од Африка и Азија се раселени заради последиците од климатските промени, предизвикани во најголем дел од активностите на индустријализираните држави. Сепак, тоа не е само затоа што прекршувањето на човековите права во другите делови на светот се враќа врз нас; должноста да се грижиме за другите е основен морал што се наоѓа во сите култури и религии. Прекршувањето на човековите права се случува насекаде, не само во други земји, туку и дома и затоа ОЧП е многу важно. Само со целосна свесност, разбирање и почитувањена човековите права можеме да се надеваме дека ќе се развие култура онаму каде што тие се почитуваат, а не да се кршат. Затоа, правото на образование за човекови правае препознато како човеково право, само по себе.

**Човековите права се повеќе од инспирација**

ОЧП не е само морално право, туку и законско право според меѓународното право. Членот 26 од Универзалната декларација за човекови права наведува дека секој има право на образование и дека „образованието треба да биде насочено кон целосен развој на човековата личност и кон зајакнување на почитувањето на човековите права и основни слободи. Тоа ќе промовира разбирање, толеранција и пријателство помеѓу народите, расните или религиските групи и ќе ги продлабочува активностите на Обединетите Нации за зачувување на мирот“. Понатаму, во член 28 од Конвенцијата за правата на детето се наведува дека „училишната дисциплина треба да биде спроведувана во согласност со достоинството на детето. Образованието треба да биде насочено кон развој на личноста на детето, талентите и способностите, почитувањето на човековите права и основни слободи, одговорен живот во слободно општество, разбирање, толеранција и рамноправност, развој на почитување на животната околина“.

ОЧП, исто така, е легитимно политичко барање. Пораката од Форумот „Живеење, учење, делување за човековите права“ признава дека „вредностите што го насочуваат дејствувањето на Советот на Европа се универзални вредности за сите нас. Тие се засновани на неотуѓивото достоинство на секое човечко суштество.“ Пораката оди понатаму во потсетување дека човековите права се повеќе од инспирација: тие се, исто така, морални и политички наредби кои се применуваат во релациите помеѓу државите и луѓето, помеѓу самите држави и помеѓу самите луѓе.

**Светската програма за ОЧП е основана во 2004 година за да се промовира развојот на културата на човековите права**

# 1.4 Образованието за човекови права во Обединетите нации

Обединетите нации имаат незаменлива улога во поглед на образованието за човекови права во светот. Светската конференција за човекови права, одржана во Виена, во 1993 година, повторно ја потврди суштинската улога на образованието за човекови права, обуки и јавни информации во промовирањето на човековите права. Во 1994 година, Декадата за образование за човекови права на Обединетите нации беше прогласена од страна на Генералното собрание, опфаќајќи го периодот од 1 јануари 1995 до 31 декември 2004 година.

**"Секој поединец и секој орган во општеството ќе се стремат, преку предавања и едукации, да промовираат почитување на човековите права и основните слободи"**

*Преамбула од Декларацијата за образование за човекови права и обуки при ОН*

Како резултат од евалуацијата на декадата, беше формирана Светската програма за образование за човекови права во 2004 година. Првата фаза на програмата се фокусира на образованието за човекови права во основните и средните училишта. Од сите држави се очекуваше и беа охрабрувани да развиваат иницијативи во рамките на Светската програма и нејзиниот акциониот план. Советот за човекови права одлучи втората фаза (2010-2014) да ја насочи на образованието за човекови права во високото образование и на програми за обуки за човекови права за наставници и едукатори, државни службеници, службениците за спроведување на законите и воениот персонал на сите нивоа. Во согласност со тоа, во септември 2010 година, се прифати акциониот план за втората фаза, подготвен од Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права. Исто така, ги охрабрува државите-членки да продолжат со спроведување на образованието за човекови права во системите на основните и средни училишта. Отворената светска програма, останува заедничка колективна рамка за дејствување, како и платформа за соработка помеѓу владите и сите други заинтересирани страни.

Во декември 2011 година, Генералното собрание ја усвои Декларацијата за образование за човекови права и обука на Обединетите нации. Декларацијата се смета како иновативна, бидејќи таа е првиот инструмент посебно посветен на ОЧП, па според тоа, е многу вредна алатка за застапување и подигање на свесноста за значењето на ОЧП. Декларацијата признава дека „секој има право да знае, бара и добива информации за сите човекови права и основни слободи и треба да има пристап до образование и обуки за човековите права“. Исто се наведува дека „образованието и обуките за човекови права се суштински за промовирањето на универзалното почитување на сите човековите права и основните слободи за сите, во согласност со принципите на универзалност, неделивост и меѓузависност на човековите права.“ Декларацијата, исто така, содржи широка дефиниција за образованието и обуките за човекови права, што ги опфаќа образованието за, низ и заради човековите права.

**Заложбите за човековите права се исто така обврски за образованието за човекови права. Инвестирањето во образованието за човекови ја обезбедуваат иднината на сите; краткорочните намалувања во образованието резултираат со долгорочни загуби.**

*Порака од Форумот „Живеење, учење, делување за човековите права“ 2009*

Декларацијата наведува дека државите ја имаат главната одговорност „да го промовираат и да обезбедат образование и обуки за човековите права “ (член 7). Во рамките на системот на Обединетите нации, образованието за човекови права е координирано од Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права, со седиште во Женева, а под надлежност на Советот за човекови права.

# 1.5 Образованието за човекови права во Европа

## *Советот на Европа*

**Државите-членки треба да имаат за цел да им овозможат „на секоја личност, на сопствената територија, да има можност за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права.**

*Повелба за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права при Советот на Европа*

За државите-членки на Советот на Европа човековите права се повеќе од тврдење: човековите права се дел од нивната законска рамка и според тоа, тие треба да бидат интегрален дел од образованието на младите луѓе. Европските народи дадоа силен придонес за највжниот проглас за човекови права во дваесеттиот век – Универзалната декларација за човекови права, која беше усвоена од Генералното собрание, на Обединетите нации, на 10 декември 1948. Европската конвенција за човекови права која има правна сила за сите држави-членки на Советот на Европа, ги црпеше своите принципи и инспирација од документот на ООН, и беше усвоен две години подоцна. Појавата на човековите права, како што ние ги знаеме денес, се должи на масовното кршење на човековите права за време на Втората светска војна во Европа и светот.

Уште во 1985 година, Комитетот на министри ја издаде Препораката R (85) 7 за државите-членки на Советот на Европа во врска со наставата и учењето за човековите права во училиштата. Препораката нагласи дека сите млади луѓе треба да учат за човековите права како дел од нивната подготовка за живот во плуралистичка демократија.

Препораката беше зајакната на Вториот самит при Советот на Европа (1997), кога шефовите на државите и владите од државите-членки одлучија да „покренат иницијатива за образование за демократско граѓанство со цел да се промовира свесноста на граѓаните за нивните права и одговорности во едно демократско општество.“ Проектот за образование за демократско граѓанство, кој произлезе од оваа иницијатива, игра главна улога во промовирањето и поддршката на инклузијата на образованието за демократско граѓанство и образование за човекови права во училишните системи.

Воспоставувањето на Младинската програма за образование за човекови права, издавањето и преводите на Компас, а подоцна и на Компасито, придонесоа за понатамошно признавање на образованието за човекови права, особено преку неформално образование и младинска работа.

Во 2010 година, Повелбата за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права при Совет на Европа беше усвоена од Советот на министри во рамките на Препораката CM/Rec (2010) 7. Повелбата ги повикува државите-членки да го вклучат образованието за демократско граѓанство и образованието за човекови права во наставните програми на предучилишното, основното и средно образование, како и во стручното образование и обука. Исто така, Повелбата ги повикува државите-членки да ја „зацврстат“ улогата на невладините и младинските организации во образованието за демократско граѓанство и образование за човекови права, особено во неформалното образование. Тие треба да ги признаат и нивните активности, како еден вреден дел од образовниот систем и да им обезбедат, таму каде што е возможно, потполна поддршка и целосно да ја искористат експертизата, која може да придонесе во сите форми на образованието.

COMPASS

Цел на државните политики и законодавството кое се занимава со ОЧП, согласно со Повелбата, треба да биде „обезбедување на секоја личност, на нивната територија, можност за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права". Повелбата воспоставува цели и принципи за образование за човекови права и препорачува дејствување во полето на мониторингот, евалуацијата и истражувањето. Повелбата е придружувана од еден објаснувачки меморандум кој обезбедува детали и примери за содржината и практичната употреба на Повелбата.

Улогата на образованието за човекови права во однос на заштитата и промоцијата на човековите права во Советот на Европа понатаму беше засилена со создавањето на функцијата Комесар за човекови права, во 1999 година. На Комесарот му беше доверено „да го промовира образованието и свесноста за човековите права" , помагајќи им на државите-членки во примената на стандардите за човековите права, идентификувањето на можни недостатоци во законот и практиката, како и давање совети кои се однесуваат на заштитата на човековите права низ цела Европа.

www.theewc.org

Исполнувајќи го својот мандат, Комесарот посветува особено внимание на образованието за човекови права и смета дека човековите права можат да бидат постигнати само доколку луѓето се информирани за нивните права и знаат како да ги користат. Според тоа, образованието за човекови права е во центарот од ефективното применување на европските стандарди. Во бројни извештаи, тој ги повикува државните власти да го зајакнат образованието за човекови права. Учениците и младите луѓе, но и наставниците и владините претставници мораат да бидат едуцирани да ги промовираат вредностите на толеранцијата и почитувањето на другите. Од гледиштето насловено како „Образованието за човекови права е приоритет – потребно е поконкретно дејствување"[5], тој заклучува дека „поголем акцент се става врз подготовката на учениците за пазарот на трудот, отколку врз развивањето животни способности кои ќе ги вклучат и вредностите на човековите права." Треба да постојат и двете „човекови права низ образование" и „човекови права во образование".

www.fra.europa.eu

Промовирањето на правото на образование за човековите права во Советот на Европа е повеќе-секторско и мулти-дисциплинарно.

Советот на Европа ги поврзува и координира своите активности на ОЧП со други меѓународни организации, вклучувајќи ги UNESCO, Високиот комесар за човекови права при Обединетите нации, OSCE (Организација за соработка и сигурност во Европа) и Агенцијата за основни права при Европската Унија. Исто така, делува и како регионален координатор за Светската програма за образование за човекови права при Обединетите нации.

## Европскиот Wergeland центар

Европскиот Wergeland центар, кој се наоѓа во Осло, Норвешка, е ресурсен центар кој работи со образование за интеркултурно разбирање, човекови права и демократско граѓанство. Центарот беше формиран во 2008 година како кооперативен проект помеѓу Норвешка и Советот на Европа. Главни целни групи се професионалци во образованието, истражувачи, донесувачи на одлуки и други мултиплаери.

Активностите наWergelandцентарот вклучуваат:

- обуки за обучувачи на наставници, наставници и други едукатори
- истражувачки и развојни активности

• конференции и мрежни услуги, вклучувајќи и база на податоци за експерти
• електронска платформа за ширење информации, едукативни материјали и добри практики.

## *Европската Унија*

Во 2007 година, Агенцијата за основни права при Европската Унија (FRA) беше формирана како советодавно тело за да обезбеди заштита на основните права на луѓето кои живеат во ЕУ. Агенцијата, со седиште во Виена, Австрија, е независно тело на Европската Унија, формирано да обезбеди помош и експертиза за Европската Унија и нејзините држави-членки, при применувањето на Правото на заедницата, за прашања од фундаменталните права. Агенцијата, исто така, има мисија да ја подигне јавната свест за основните права, вклучувајќи ги и човековите права како што се дефинирини во Европската конвенција за човекови права и оние од Повелбата за основни права на Европската Унија.

Младинските програми на Европската Унија, низ годините, имаат посветено конкретно внимание на рамноправноста, активното граѓанство и образованието за човекови права.

Многу младински проекти се реализирани во рамките на Младинските и Еразмус програмите, кои се засноваат на неформално учење и овозможуваат значајни можности за младите луѓе да ги откријат вредностите на човековите права и образованието за човекови права.

**Да им се обезбедат на младите луѓе еднакви можности и искуства, со кои ќе се оспособат да играат целосна улога во општеството.**

# 1.6 Младинска политика и образование за човекови права

Советот на Европа има долгогодишна евиденција за здружувањето на младите луѓе со процесот на градење на Европа, сметајќи ја младинската политика како интегрален дел од неговата работа. Првите активности за младински лидери беа одржани во 1967, а во 1972 година беа основани Европскиот младински центар и Европската младинска фондација. Врската помеѓу Советот на Европа и младите постојано се развиваше уште од тоа време. Младите луѓе и младинските организации беа главни актери и партнери во клучните одлучувачки моменти за организацијата и за Европа. Дали во процесите на демократизација на поранешните комунистички земји, во градење на мирот и трансформацијата на конфликтите во конфликтните области или во борбата против расизмот, антисемитизмот, ксенофобијата и нетолеранцијата, младите луѓе и нивните организации секогаш сметале на Советот на Европа и обратно – Советот секогаш можел да смета на нив. Лесна и длабока сигурност на Европскиот континент не може да се предвиди без придонес од образованието за човекови права и демократско учество.

Зацртаната цел на младинската политика на Советот на Европа е „да им обезбеди на младите луѓе, девојки и момчиња, млади жени и млади мажи, еднакви можности и искуство, со кои ќе се оспособат да развиваат знаења, способности и компетенции за да одиграат целосна улога во сите аспекти на општеството.“

www.coe.int/act4hre

Улогата на младите луѓе, младинските организации и младинската политика во промовирањето на правото на образование за човекови права е детално објаснета во приоритетите на младинската политика на Советот на Европа, од кои едниот е човекови права и демократија, применет со посебен акцент на:

- да им се овозможи на младите луѓе целосно уживање во човековите права и човековото достоинство и поттикнување на нивната заложба во овој поглед
- промовирање на активното учество на младите луѓе во демократските процеси и структури
- промовирање еднакви можности за учество на сите млади луѓе во сите аспекти од нивниот секојдневен живот
- ефективно применување на родовата рамноправност и спречување на сите форми на родово-базираното насилство
- промовирање едукации и дејствување на свеста кај младите луѓе за животната средината и одржливиот развој
- олеснување на пристапот до информации и советодавните услуги за сите млади луѓе.

Два други тематски приоритети – живеење заедно во разновидни општества и социјално вклучување на младите луѓе – се исто блиску поврзани со образованието за човекови права.

Младинската политика при Советот на Европа, исто така, предвидува и блиска соработка помеѓу политиките за децата и младите, бидејќи двете групи, деца и млади, во голема мера се преклопуваат.

Во 2000 година, по повод 50 годишнината од Европската конвенција за човекови права, Директоријатот за млади и спорт ја започна Младинската програма за образование за човекови права. Програмата обезбеди вклучување на главните текови на ОЧП во работата на Советот со младите и во младинската политика и младинската работа. Младите луѓе и младинските организации играат централна улога во програмата, како едукатори и застапници на човековите права и имаат дадено значаен придонес во работата на Советот на Европа.

Друга димензија на програмата беше издавањето на Компас во 2002 година и неговиот последователен превод на повеќе од 30 јазици. Програмата на европски и национални курсеви за обука за обучувачи и мултиплаери придонесе да се појават формални и неформални мрежи на едукатори и застапници за ОЧП. Таа даде видливи резултати, иако тие длабоко се разликуваат од една до друга земја. Успехот на Младинската програма за образование за човекови права се темели на:

- Поддршката за клучните регионални и национални активности за обука на обучувачи на наставници и младински работници во државите-членки, организирани во соработка со националните организации и институции
- Развојот на формалните и неформалните мрежи на организации и едукатори за образование за човекови права преку неформални пристапи на учење на европско и национално ниво
- Вклучување на главните текови во пристапите и методите за образование за човекови права од сеопфатната програма на активности во младинскиот сектор при Советот на Европа
- Развојот на иновативни пристапи за обука и учење и стандарди за квалитет за образование за човекови права и неформално учење, како што е воведување на е-учењето од страна на напредната обука за Компас во образованието за



човекови права
• обезбедување на образовни пристапи и ресурси за Сите еднакви-сите различни – Европска младинска кампања за различност, човекови права и учество
• Ширењето на „Живата библиотека“ како методологија за интеркултурно учење, борба против стереотипите и предрасудите
• Обезбедување на политичка и образовна рамка на активности за интеркултурен дијалог.

Програмата, исто така, мобилизира илјадници млади луѓе низ Европа преку поддршката на пилот-проектите за образование за човекови права од страна на Европската младинска фондација.

Во 2009 година, по повод 60 годишнината од Советот на Европа, младинскиот форум за образование за човекови права – живеење, учење, делување за човековите права – собра повеќе од 250 учесници во Европските младински центри во Будимпешта и Стразбур.
Учесниците на форумот испратија порака до Советот на министри при Советот на Европа. Оваа порака ги нагласува принципите и потребите за ОЧП во Европа преку:
• обезбедување соодветни нивоа за мултиплицирање и нивно пренесување преку проекти и партнери на национално и локално ниво, како и преку развивање оптимална комуникација помеѓу европските, националните и локалните нивоа на дејствување;
• барање сојузи помеѓу актерите од формалното и неформалното образование и институциите за човекови права за воспоставување на национални програми за образование за човекови права;
• развивање капацитет на невладини партнери и барајќи поголема вклученост на владините младински партнери;
•поддржување на транснационална соработка и мрежи за образование за човекови права;
• продлабочување на свесноста за специфичните прашања за човековите права кои ги засегаат младите луѓе (пр. насилство, исклучување);
• вклучување перспектива за родова свесност и интеркултурна димензија како неодвоив дел од концептот за рамноправност во човековото достоинство;
• блиско поврзување на активностите од образованието за човекови права со реалноста на младите луѓе, младинската работа, младинската политика и неформалното учење;
• земање предвид на неопходното преклопување  и комплементарната природа на образованието за човекови права со деца и млади;
• препознавање и промовирање на образованието за човекови права како човеково право и подигање на свесноста за ова;
• водење сметка за заштита на слободата и безбедноста на активистите и едукаторите за човекови права;
• вклучување во главните теми на малцинствата, вклучително и родот, етничката припадност, религијата или верувањето, прашања за способностите и сексуалната ориентација;
• поддржување на активното учество и сопственост на младите и децата во образовните процеси;
• подигање на свесност за одговорноста на државите и државните власти

за промовирањето и поддршка на образованието за човекови права во формалното и неформалното образовно поле.

# 1.7 ОЧП со млади луѓе

Очигледно е дека младите луѓе би требало да се занимаваат со образованието за човекови права, но реалноста е дека повеќето млади луѓе во Европа имаат малку пристап до образование за човекови права.Компас беше развиен за да се промени ова.

Образованието за човекови права со млади луѓе е корисно, не само за општеството, туку и за самите млади луѓе. Во современите општества младите луѓе често се судираат со процесите на социјалното исклучување по религиски, етнички или национални разлики, како и заради недостатоците и предностите на глобализацијата. Образованието за човекови права се осврнува на овие прашања и може да им помогне на луѓето да ги сфатат различните верувања, ставови и вредности, како и очигледните контрадикторности во модерните мултикултурни општества каде што тие живеат.

Во специјалниот извештај на Евробарометар, од март 2008 година, „Ставовите на европските граѓани кон животната средина“, се констатира дека Европјаните даваат преголемо значење на заштитата на животната средина, и дека96% од нив велат дека за нив е прилично или многу им е значајно. Особено младите луѓе имаат волја да ја вложат нивната енергија и ентузијазам за прашањата кои ги засегаат. Еден пример е кога 100.000 луѓе кои демонстрираа за да се преземат активности во борбата против промена на климата во Копенхаген, во декември 2009 година. Како едукатори за човекови права, ние треба да ја искористиме таа енергија. Дека тие ќе ги прифатат идеите и дека ќе дејствуваат, евидентно е од многу програми кои веќе постојат за младите луѓе – од мали активности спроведени на релативно ад-хок основа во одделни младински клубови или училишта до главните меѓународни програми спроведени од Советот на Европа и Европската Унија.

**Ти можеш да ги исечеш сите цвеќиња, но не можеш да ја запреш пролетта да дојде.**

*Пабло Неруда*

Еден пример за придонесот што го имаат младите едуцирани за образованието за човекови права во Европа е во подготовката на извештаите од државата,за групата за малцински права. Овие извештаи, користени од владите, невладините организации, новинарите и академиците, нудат анализа на малцинските прашања, вклучувајќи го гласот на овие заедници и давајќи практичен водич и препораки за начините за напредување. На овој начин, образованието за човекови права може да се гледа како дополнување на работата на Европскиот суд за човекови права во испраќањето јасни пораки дека насилството нема да биде толерирано. Сепак, ОЧП нуди повеќе: тоа е и позитивен начин да се спречи насилството, а потоа и да се обезбеди подобро функционирање, поефективна превенција и механизми за санкционирање. Луѓето кои имаат стекнато вредности на почит и рамноправност, ставови на сочувство и одговорност и кои имаат развиено способности да соработуваат при работата и критички да размислуваат, ќе бидат помалку подготвени да ги кршат човековите права на другите. Младите луѓе ќе делуваат и како едукатори и обучувачи при процесите на образованието за човекови права и затоа се една значајна поддршка и ресурс за развивање планови за ОЧП на национално и локално ниво.

# 1.8 Кон културата на човековите права

„Сите патишта водат кон Рим“ е вообичаена поговорка која значи дека постојат многу патишта за да се оствари нашата цел. Исто како што сите патишта водат кон Рим, така и постојат многу различни начини да се испорача ОЧП. Така, образованието за човекови права, е можеби најдобро опишано во однос на она што го поставува: градење култура каде човековите права се разбираат, бранат и почитуваат, или ако ги парафразираме учесниците од Форумот за образование за човекови права со млади луѓе, од 2009 година, „култура во која човековите права се изучуваат, живеат и во која се „делува“ за човековите права.“

Културата на човековите права не е само култура каде што секој ги знае своите права, бидејќи знаењето не секогаш ја дава еднаквата почит, а без почит ние секогаш ќе имаме кршење на правата. Како тогаш би можеле да ја опишеме културата на човековите права и кои квалитети треба да ги имаат нејзините следбеници? Авторите на овој прирачник работеа на овие прашања и формулираа неколку (но не и ексклузивни) одговори. Културата на човековите права е онаа каде луѓето:

- •Имаат знаење и почит за човековите права и основни слободи
- •Имаат чувство за индивидуално самопочитување и почит кон другите; тие го вреднуваат човековото достоинство
- •Искажуваат ставови и однесувања кои покажуваат почит кон правата на другите
- •Практикуваат вистинска родова рамноправност во сите сфери
- •Покажуваат почит, разбирање и ценење на културната разновидност, особено кон различни национални, етнички, верски, јазични и други малцински групи и заедници
- •Се охрабрени и активни граѓани
- •Промовираат демократија, социјална правда, хармонија во заедницата, солидарност и пријателство помеѓу луѓето и нациите
- •Се активни во продолжување на активностите на меѓународните институции насочени кон креирање култура на мир, која се базира врз универзалните вредности на човековите права, меѓународното разбирање, толеранцијата и ненасилството.

Овие идеали во различни општества , различно ќе се манифестираат, заради различните социјални, економски, историски и политички искуства и реалности. Од тоа следи дека ќе има и различните пристапи кон ОЧП. Може да постојат различни гледишта за најдобриот или најсоодветниот начин за придвижување кон културата на човекови права, но тоа е онака како што треба. Поединци, групи од поединци, заедници и култури имаат различни почетни точки и проблеми. Културата на човековите права треба да ги земе предвид и да ги почитува овие разлики.

# 2. Пристапи до образованието за човекови права во Компас

## Употребувајќи го *Компас* да се пренесе ОЧП низ културите и јазиците

Искуството од првото издание на Компас покажа дека е можно да се напише еден прирачник за цела Европа. Разликите во културите и јазиците не се препреки, туку ресурси кои ја збогатуваат нашата работа. Секој може да се поврзи со човековите права, бидејќи секој од нас има чувство на достоинство и може да го почувствува понижувањето кое е резултат на негирањето на нашите права. Бидејќи човековите права се универзални и се поврзани со меѓународно-прифатени документи, како што е Универзалната декларација за човекови права, следува дека целите и принципите на ОЧП се, исто така, применливи во секое општество дури и кога практикувањето на ОЧП секогаш има потреба да се контекстуализира.

Европа, е свет на различности, самата по себе. На овој континент се зборуваат повеќе од 200 јазици. Секоја голема религија може да се најде во границите на Европа. Континентот е поврзан со раѓањето на демократијата и во исто време, со најлошите примери на фашизам и тоталитаризам кои светот некогаш ги видел. Минатото на Европа е обележано со Холокаустот, со колонијализмот и со ропството, а денес има доволно нуклеарно оружје кое е доволно за да го уништи целиот живот на земјата. Сепак таа е домаќин на годишната прослава за Нобеловата награда за мир и има формирано постојан суд за човекови права, кој е признат во целиот светот.

Денес, државите кои ја сочинуваат Европа, вклучуваат многу од нив кои не постоеле кога Советот на Европа бил формиран, во 1949 година, и други, чии граници одвај се промениле во текот на стотици години. Некои продолжиле да се менуваат дури и денес кога конфликтите се закана за нестабилни граници. Според тоа, во Европа има луѓе кои се соочуваат со насилство и конфликти секој ден, додека има и други кои живеат во релативен мир, сигурност и просперитет.

Има милионери во секоја европска земја и милиони луѓе кои живеат под границата на сиромаштијата. Постои разновидност во секоја земја и разновидност помеѓу земји. Ако си наставник, во еден дел од Европа, би заработил толку пари за еден ден, колку што би заработиле твоите колеги, од другите делови, за еден месец. Ако си наставник, во некој друг регион, можеби нема, воопшто, да добиеш плата и со месеци. А што е со учениците? Бројот на годините од задолжителното образование варира од 9 во Кипар и Швајцарија до 13 во Белгија и Холандија. Кога учениците го напуштаат училиштето, можностите да најдат работа се разликуваат. Можностите за младите луѓе да пристапат до нивните социјални права и да бидат независни се, исто така, многу различни. Невработеноста на младите, според бројките на Eurostat, може да варира од 7.6% во Холандија до 44.5% во Шпанија или 43.8 % во Летонија.[7]

Социјалното, културното и политичкото опкружување за ОЧП се разликува помеѓу заедниците и земјите; иако деталите во пристапот, содржината и методите можат да се разликуваат, сепак, принципите и целите не се разликуваат.

**Родителите можат само да дадат добар совет или да ги насочат децата на вистинскиот пат, но крајното формирање на карактерот на личноста лежи во сопствените раце.**

*Ана Франк*

# 2.1 ОЧП во различни образовни средини

Искуството со првото издание покажа дека Компас се користи не само во младинските клубови, младински организации и невладини организации, туку и во училиштата, бизнисот, па дури и во владините оддели за обуки. Со други зборови, Компас се користеше од страна на луѓе од сите возрасти и во многу различни образовни окружувања.

Нашата почетна намера бешеКомпас да се користи првенствено од страна на младинските работници во неформално-образовните околности, на пример, во клубови после училиште, спортски групи, црковни младински групи, универзитетски клубови, групи за човекови права и организации за младинска размена. Во овие околности, фокусот е врз личниот и социјалниот развој на младите луѓе и заради таа причина, активностите користат холистички пристап, а тоа значи дека тие работат негувајќи го знаењето, способностите и ставовите во рамките на општествениот контекст.

Како и да е, Компас, се користи и во формални околности, како што се основни училишта, средни училишта и универзитети, каде што фокусот е почесто врз стекнувањето знаења отколку врз развојот на способностите и ставовите. Многу наставници наоѓаат можности да ги користат активностите од Компас на часовите по историја, географија, јазик, граѓанско општество. Можностите ќе се зголемат доколку има промена во наставната програма која би ги интегрирала и компетенциите. Обуките на персоналот, на пример, обуките на наставниците, директорите, владините службеници и судскиот персонал, лежат помеѓу формалното и информалното, но и тука обучувачите го користат Компас и за обуки за човекови права воопшто, но и за решавање на прашањата за еднакви можности и расизам во рамките на институцијата. Компас е акредитиран како еден официјален ресурс за учење во училишниот систем на некои земји. Свесни за значењето за воведувањето на образованието за човекови права на помалите деца, Младинскиот сектор при Советот на Европа го изработи и Компасито, прирачник за образование за човекови права со деца. Компасито особено погоден за деца од 7 до 13 години, а како што сугерира името, се заснова на пристапи и методологии од Компас.

*Активностите во Компасито* **често се поедноставни, со повеќе игри и бидејќи се пократки, тие се подобро креирани за употреба во училницата.**

Луѓето практикуваат и учат образование за човекови права на многу различни начини и иако секоја активност во Компас предлага и методи кои, сами по себе, се интересни, сепак треба да се има предвид дека крајната цел на активностите е што можат да научат учесниците и што можат тие да направат со наученото. Некои од предлозите за идни активности од наученото вклучува и водење на активност со семејството или пријателите или пишување во медиумите. Овие се два од начините преку кои Компас, исто така, може да биде корисен и за информалното образование.

Пристапите до формалното образование, особено методите кои се користат и улогата која ја игра наставникот, се разликуваат од земја до земја. Слично, достапноста на неформалното образование, во форма на младински клубови и организации, нивната филозофија и начинот на нивното водење, се разликува помеѓу земјите. И покрај сé, постојат одредени структурни разлики помеѓу формалните и неформалните сектори, кои можат да бидат генерализирани.

## Информално образование

Информалното образование се однесува на процесот на доживотно учење, каде што секој поединец стекнува ставови, вредности, способности и знаење од образовните влијанија и ресурси во неговата/нејзината средина и од секојдневното искуство. Луѓето учат од семејството и соседите, на пазар, во библиотека, на изложби, на работа, преку театар и филм, музика и песни, телевизиски дебати и документарни филмови. Учењето, на овој начин, секогаш е непланирано и неструктурирано.

## Формално образование

Формалното образование се однесува на структурираниот систем на образование што трае од основно училиште (во некои земји и од градинка) до универзитет, и вклучува специјализирани програми за стручна, техничка и професионална обука. Формалното образование често вклучува и проценка на стекнатото знаење и компетенции и е засновано на програма или курикулум која може да биде повеќе или помалку затворена за прилагодување кон индивидуалните потреби и интереси. Формалното образование обично води до признавање и потврдување.

**Меѓусебната релација од знаењето, ставовите и вештините е карактеристика на добро образование за човекови права, како и добро неформално образование.**

*Заклучоци од Форумот „Живеење, учење, делување за човековите права, 2009*

## Неформално образование

Неформалното образование се однесува на планирани, структурирани програми и процеси на лично и социјално образование, дизајнирани за подобрување на низа вештини и компетенции, надвор од формалната наставна програма. Неформалното образование е она што се случува на места како што се младинските организации, спортски клубови, драмски групи и групи во заедницата, каде младите луѓе се среќаваат, на пример, заедно реализираат проекти, играат игри, дискутираат, кампуваат или прават музика и драма. Постигнувањата во неформалното образование, обично, се тешки за потврдување, дури и кога нивното социјално признавање се зголемува. Неформалното образование треба да биде:

- доброволно
- достапно за секого (идеално)
- еден организиран процес со образовни цели
- партиципативно
- насочено кон ученикот
- учење за животните вештини и подготовка за активно граѓанство
- засновано на вклучување и на индивидуално и на групно учење преку заеднички пристап
- холистичко и ориентирано кон процесот
- засновано врз искуство и дејствување
- организирано врз основа на потребите на учесниците.

Формалното, неформалното и информалното образование се надополнуваат и заедно ги зајакнуваат елементите на процесот на доживотно учење. Повторно би сакале да нагласиме дека индивидуалните активности од Компас можат корисно да се применуваат во многу различен контекст, во формални или помалку формални околности, на редовна или нередовна основа. Како и да е, важно е да се нагласи дека заради тоа каде и како она што се случува, авторите на Компас имаат пристрасност кон

неформалното образование,како потенцијално поповолен за ОЧП (и бидејќи Компас првично беше дизајниран да послужи на младинската работа). Во врска со основните и средните училишта, ОЧП не може да се гледа како нешто кое е изолирано од училницата; тоа мора да се проширува во целото училиште и заедницата. Демократското управување на образовните институции е, на пример, димензија која е широко препозната и игра голема улога во процесот на учење на човековите права (и нејзиниот кредибилитет).[8]

Во ОЧП, методот и содржината се меѓусебно поврзани и меѓусебно зависни.

Во овој прирачник, ќе најдете информации за човековите права и широк спектар на теми во врска со човековите права, како и над 60 активности за реализирање на ОЧП со млади. Овие активности не стојат сами; има еден детален дел за методологијата на ОЧП и како да се користат активностите во различни ситуации, како да се прилагодуваат или развиваат. Исто така, има информации и насоки за тоа како да им се помогне на младите луѓе да се вклучат во прашањата што ги засегаат и како да „преземат акција“ (Поглавје 3).

# 2.2 Педагошката основа на ОЧП во *Компас*

Знаењето за човековите права не е доволно; луѓето исто така мораат да развиваат вештини и ставови и да дејствуваат заедно за да ги бранат човековите права и тие мораат да ги користат нивните глави, срца и раце за да ги остварат личните и социјални промени кои се неопходни за создавање глобална култура на човековите права.

## *Холистичко учење*

Прашањата за човековите права сеоднесуваат на целата личност (тело, ум и душа) и сите животни димензии од лулка до гроб. Личноста целосно живее во целосен свет каде што сé е меѓусебно поврзано; образованието за човекови права задолжително вклучува холистички пристап за учење. Холистичкото учење го промовира развојот на целосната личност и нејзините интелектуални, емотивни, социјални, физички, уметнички, креативни и духовни потенцијали. Исто така, холистичкото учење укажува дека учењето се случува во социјален контекст кој ги опфаќа сите секојдневни искуства; затоа тоа е интердисциплинарно и ги опфаќа традиционалните предмети во наставната програма.

Холистичкиот пристап, исто, значи дека ние бараме начин да ги вклучиме и когнитивните, практичните и гледишните димензии на учењето. Не е важно луѓето само да учат, туку и да знаат како да го применат нивното знаење во нивните ставови или однесување и како да го применат во акција за човековите права, самостојно или заедно со други.

Поврзано со холистичкото учење е и диференцираното учење. Активностите за учење во Компас се дизајнирани да опфаќаат различни стилови на учење и различни интелигенции. Тие поучуваат и во когнитивниот и во афективниот домен.

## *Ненасочено учење*

Ненасоченото учење е структурирано така што повеќекратни/комплексни одговори на проблемите не само што се можни, туку и очекувани. Учесниците не се управувани кон еден „точен“ одговор, кој има смисла, бидејќи животот не е црно-бел и двосмисленоста е факт во светот во кој живееме. Ненасоченото учење ја охрабрува самодовербата да се искажат мислењата и критичкото мислење. Ова е суштинско во образованието за човекови права, бидејќи прашањата за човековите права произлегуваат како резултат од различни мислења и сфаќања; според тоа многу е значајно за учениците да учат заедно, но сепак да бидат слободни во несогласувањето или доаѓањето до спротивни заклучоци или гледишта.

Учеството бара поддршка од околината што ги охрабрува учениците да преземат одговорност за активностите во кои се вклучени.

## *Разјаснување на вредностите*

На учесниците им се даваат можности да ги идентификуваат, разјаснат и искажат своите верувања и вредности и да ги спротивстават со другите во една безбедна рамка, заснована врз достоинството на секое човечко суштество, слободата на мислата и изразувањето и почитувањето на другите мислења.

## *Учество*

Учеството во ОЧП значи дека младите луѓе учествуваат во донесувањето одлуки за тоа „што“ и „како“ ќе учат за човековите права. Преку учество, младите луѓе развиваат најразлични способности, вклучувајќи ги донесувањето одлуки, слушањето, сочувството со почит кон другите и преземање одговорност за сопствените одлуки и активности.

Според тоа, ОЧП мора да им дозволи на младите луѓе да одлучат кога, како и на кои теми тие сакаат да работат. Тоа значи дека улогата на лидерот или наставникот е улога на обучувач, водич, пријател или ментор, а не е улога на инструктор кој го пренесува знаењето или кој одлучува и контролира што и како ќе се учи.

Активностите во овој прирачник бараат активно вклучување; секој треба да биде активен и ангажиран; никој не смее да седи назад и да биде пасивен набљудувач. За оваа методологија, почит му должиме на работата на Augusto Boal и другите пионери во социјалното образование, подигање на свесноста и совеста. Ако учениците/учесниците не учествуваат целосно во активноста би било подобро таа да се одложи или да се запре. Нив треба да ги прашаме кои се нивните причини за неучество. И ова е, исто така, дел од образованието за човекови права.

Учеството бара една средина која поддржува и која ги охрабрува учениците/учесниците да преземат одговорност за активностите и процесите во кои се вклучени. Важно е да се биде отворен и чесен кон учесниците – како и за ограничувањата на учеството. Поприфатливо е да се најават ограничувања за учеството, отколку да се манипулира со ситуацијата или пак, да се симулира учество.

## *Кооперативно учење*

Учењето да се почитуваат другите и да се работи заедно е една од целите на ОЧП. Во учењето по пат на соработка (кооперативно учење), луѓето учат преку заедничка работа, барајќи резултати кои ќе им користат ним и на сите членови на групата. Учењето по пат на соработка промовира повисоко достигнување и поголема продуктивност, поголема грижа, поддршка и посветени релации и поголема социјална способност и самопочит. Ова е спротивно на она што се случува кога учењето е структурирано на начин каде постои натпревар. Компетитивното учење често тежнее кон промовирање на личниот интерес, непочитување на другите и ароганција кај победниците, додека оние кои губат стануваат демотивирани и ја губат самопочитта.

Искуството, само по себе, не е доволно за учење

## *Искуствено учење (учење низ искуство)*

Учењето низ искуство или учење преку откривање е камен-темелник на ОЧП, бидејќи јадрото на вештините и вредностите на човековите права, како што се комуникација, критичко мислење, застапување, толеранција и почит, не може да се изучува; тоа треба да се научи низ искуство и практикување.

Знаењето за човековите права е значајно, но не доволно, само по себе. Потребно е младите луѓе да имаат далеку подлабоко разбирање за тоа како човековите права се развиваат од потребите на луѓето и зошто тие треба да бидат заштитени. На пример, младите луѓе без директно искуство со расна дискриминација можат да мислат дека тоа прашање нив не ги засегнува. Од перспектива на човековите права, оваа позиција не е прифатлива; луѓето насекаде имаат одговорност да ги заштитуваат човековите права на другите.

Во Компас ние овозможуваме искуства преку активности, како што се играњето улоги и студии на случај, кои ќе поставаат прашања и ќе презентираат проблеми со кои учесниците треба да се справат. Како и да е, искуството, само по себе, не е доволно. За да се стекне знаење од искуството, важно е да се рефлектира она што се случило, да се донесат заклучоци и да се вежба наученото: без зајакнување, учењето ќе биде загубено.

### Циклусот  на искуственото учење на Дејвид Колб

Во 1984 година, Дејвид Колб ја издал „Искуствено учење: искуството како ресурс за учење и развој“. Неговата теорија наведува дека постојат четири фази во процесот на учење.

Сите активности во Компас се изградени врз овој модел. Постои некое искуство (планиран настан/стимул/активност, како што е играњето улоги) проследено со резимирање (фаза 2) и евалуација (фаза 3). Секој опис на активноста вклучува предлози за прашања, за да се води резимирање и дискусија, за да им помогне на луѓето да се искажат за она што се случило, како тие се чувствуваат околу нивното искуство и како искуството се споредува со она што претходно го знаеле и е поврзано со светот пошироко. На крај, луѓето се движат кон фаза 4, фаза на применување, применувајќи го знаењето во пракса. Во Компас ние даваме предлози за идни активности, вклучувајќи и тоа како младите луѓе да го преточат наученото во активности кои ќе биде корисни за целата заедница. Важно е  да се разбере дека




овие четири фази се суштински делови на целиот процес на учење; луѓето нема да разберат без рефлексија, а која е корист од учењето ако тие не го употребат? Само изведување на активноста од Компас (фаза 1), без другите фази, е како да се направи повреда на образованието за човекови права!

Некои луѓе можат да бидат вознемирени од овие стремежи кон социјална промена и да чувствуваат дека промовирањето на активизмот оди премногу далеку. Тоа не треба да биде така. Како едукатори за човекови права, ние имаме за цел да ги инспирираме младите луѓе да бидат заинтересирани за човековите права и да им дадеме алатки тие да дејствуваат секогаш, кога и каде, ќе почувствуваат дека е потребно.

Во овој момент можеби е потребно да се појасни како го користиме терминот „активност“ во Компас. Го користиме во смисла на стимул, метод или настан кој се случува во фаза 1 од циклусот на учење и во смисла на „целата активност“ која ги опфаќа сите четири фази од циклусот на учење. Во пракса, контекстот во кој терминот се користи треба јасно да се даде до знаење дали ние зборуваме за метод или за метод заедно со резимирање и евалуација, дејствување и идни активности.

## *Насоченост кон ученикот*

ОЧП има јасна цел: овозможува учење за, заради и низ човековите права. Иако, знаењето за човековите права и компетенциите се во целост делови од ОЧП, ученикот/учесникот е во неговиот центар. Не е толку важно што пренесува или што соопштува

фасилитаторот или наставникот, ниту пак содржината („Денес ќе учиме за смртната казна.“) Важно е што ученикот/учесникот, кој е во центарот, ќе научи или извлече од предаваното или искусеното, бидејќи на овој начин тоа е порелевантно за него (или воопшто не е релевантно, што, исто така, е важно да се напомене) и треба да му се даде практично значење. Насоченоста кон ученикот има многу други тврдења и последици, вклучувајќи ја отвореноста од страна на обучувачот да ги прилагоди содржината и нивото на работа со секојдневието на учесниците, нешто кое, при создавањето на Компас, го означивме како „почеток од каде што се луѓето.“

# 2.3 ОЧП, процес и резултат

Клучните образовни пристапи кои се користат во Компас, учење по пат на соработка, учество и учење низ искуство, се споени во активностите, во дискусиите кои следат и во идните активности, за да се создаде процес кој:

- почнува од она што луѓето веќе го знаат, нивните мислења и искуства и од оваа основа се оспособуваат да истражуваат, да откриваат заедно нови идеи и искуства (учење за човековите права)
- ги охрабрува младите луѓе да учествуваат и да придонесуваат во дискусиите и да учат едни од други, колку што е можно повеќе ( учење низ човековите права)
- ги поддржува луѓето во пренесувањето на нивното знаење во едноставни, но ефективни дејства кои ќе го демонстрираат отфрлањето на неправдата, нерамноправноста и кршењето на човековите права (учење поради човековите права).

За да бидат ефективни едукатори, практикувачите на ОЧП треба да ја имаат во предвид целта: човековите права ги учат младите луѓе дури и кога тие одлучуваат да останат неактивни. Во практиката, нема разлика помеѓу ОЧП како процес и како резултат; низ активностите тие стануваат единствена целина, во која процесот и содржините, методот и резултатите се меѓусебно-зависни, како во мислата: „Не постои пат до мирот, мирот е патот“, како што рекол Махатма Ганди.

Кога се обидовме да ги наброиме карактеристиките на културата на човековите права, ние – авторите на прирачникот, исто се обидовме да ги наведеме знаењето, вештините и ставовите на една личност која е описменета во врска со човековите права. Овие компетенции потоа служат како основа за развивање на нашите цели за активностите.

Општо земено, ние го опишуваме резултатот од ОЧП во смисла на знаење и разбирање, вештини и ставови:

- Свесност и разбирање на темите за човекови права, во смисла, луѓето да го препознаваат кршењето на човековите права: да научат што се човекови права, како може да бидат заштитени во државата, кои тела се одговорни за нивна заштита; кои меѓународни инструменти се применуваат, кои права можат да бидат побарани од страна на учесниците/младите луѓе (учење за човековите права);
- Вештини и способности да се бориш и да ги браниш сопствените и човековите

права на другите, како што се подигање на свесност, застапување и кампањи, да се чувствуваш способен да се обратиш до надлежните институции или до медиумите (учење заради човековите права), итн;

• Ставовите за почитување на човековите права, оние заради кои луѓето доброволно не ги кршат правата на другите и заради кои учесниците живеат согласно со вредностите на човековите права; оваа е така-наречена „хоризонтална димензија“ на човековите права која се применува во релациите меѓу луѓето, а не само кон релациите помеѓу луѓето и државните институции (така-наречена „вертикална димензија“). Овие ставови можат да се рефлектираат во позната средина, помеѓу врсниците, на училиште или во нивната младинска организација или младински клуб (учење низ и учење во човековите права).

Во практиката, нема разлика помеѓу ОЧП како процес и како резултат.

## *Цели засновани врз компетенции*

Изјавите за општите цели се корисниo, но за да бидеме ефективни едукатори за човекови права, ние мора да сме попрецизни за нашите специфични цели и јасно да утврдиме кои компетенции ќе ги развиваме кај младите луѓе со кои работиме. Ние треба да се запрашаме: Кој тип на знаење е потребно да го стекнат младите луѓе за подлабоко разбирање на прашањата за човековите права? Кои вештини и ставови им се потребни за да им помогнат во бранењето на човековите права? Одговорите ни помагаат за попрецизно опишување на нашите цели. Следните особини се оние кои се идентификувани за време на процесот на создавање на Компас и за време на практиката на ОЧП со млади луѓе низ Европа. Тие ја формираат основата за активностите во прирачникот.

### Знаење и разбирање

• Клучни концепти како што се: слобода, правда, рамноправност, човеково достоинство, недискриминација, демократија, универзалност, права, одговорности, меѓузависност и солидарност;

• Идејата дека човековите права овозможуваат рамка за преговарање и договарање за начините на однесување во семејството, во училиште, во заедницата и во светот пошироко;

• Улогата на човековите права и нивната мината и идна димензија на сопствениот живот, животот во заедницата и во животот на сите луѓе ширум светот;

• Разликата и соодносот помеѓу граѓански/политички и социјални/економски права;

• Локални, национални, меѓународни тела, невладини организации, поединци кои работат на поддршка и заштита на човековите права;

• Различни начини на гледање и искусување на човековите права во различни општества, различни групи во исто општество и различни извори на легитимност – вклучувајќи религиозни, морални и правни извори;

• Главни општествени промени, историски настани и причини кои водат до признавање на човековите права;

• Признати права во главните меѓународни инструменти кои постојат и каде се применува заштитата на човековите права, како што се Декларацијата за

човекови права при Обединетите нации (UDHR), Конвенцијата за правата на детето при Обединетите нации (CRC), како и Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (ECHR);
• Човековите права се штитат во нивните национални или државни устави и закони и од страна на телата одговорни за нивниот мониторинг на национално ниво.

**Речиси секој проблем во светот денес вклучува кршење на човековите права.**

### Вештини

• Активно слушање и комуникација: да се биде во можност да слушаат различни гледишта, да се залагаат за сопствените права и оние на другите луѓе;
• Критичко размислување: пронаоѓање на релевантни информации, критичка проценка на докази, да се биде свесен за предрасудите и пристрасностите, да се препознаат формите на манипулација и да се донесуваат одлуки врз основа на аргументирано расудување;
• Способност да работат кооперативно и позитивно да ги решаваат конфликтите;
• Способност да учествуваат и да организираат социјални групи;
• Способност да препознаваат прекршување на човековите права;
• Дејствување на промовирање и заштита на човековите права, како на локално така и на глобално ниво;

### Ставови и вредности

• Чувство на одговорност за сопствените активности, заложба за личен развој и социјални промени;
• Љубопитност, отвореност и прифаќање на различностите;
• Емпатија и солидарност со другите и давање поддршка на оние чии права се под закана;
• Чувство за човеково достоинство, сопствените вредности и вредностите на другите, без оглед на социјалните, културните, јазичните и религиските разлики;
• Чувство на правда, желба да се работи на идеалите на универзалните човекови права, рамноправност и почитување на различностите.

**Образованието за демократско граѓанство и образованието за човекови права повеќе се разликуваат во фокусот и обемот, отколку во целите и праксата.**

## 2.4 ОЧП и другите образовни полиња

Човековите права влијаат врз секој аспект од нашите животи, локално и глобално. Ако погледнеме во Универзалната декларација за човекови права (UDHR) можеме да видиме дека речиси секој проблем во светот денес – сиромаштија, загадување, промена на климата, економска нерамноправност, СИДА, слаб пристап до образование, расизам и војни – вклучува кршење на човековите права.

Можеби е тешко да се каже кои од овие неправди се повеќе или помалку важни една од друга. Перспективата се менува согласно местото каде што си и статусот кој го имаш како личност. Всушност, тие се меѓусебно поврзани до таа мера така што повикувањето на која било од нив вклучува повикување на една или повеќе други. Човековите права се *неделиви, меѓусебно-зависни и меѓусебно-поврзани* и не е

можно да се избере кои човекови права да бидат прифатени и почитувани.
Овие проблеми не се исклучиво од  интерес само за едукаторите за човекови права; тие се подеднакво значајни за сите оние кои се ангажирани во промовирањето на праведен и мирољубив свет каде почитувањето и рамноправноста се норма. Како и да ги нарекуваат луѓето, на пример, развојно образование, мировно образование, образование за одржлив развој или граѓанско образование, ние работиме со овие меѓузависни и меѓусебно поврзани теми, а *Компас* има и што да понуди. Често, особено во активностите на младинската работа, се повикуваме на чувството на одговорност и достоинство на младите луѓе, без тоа да го нарекуваме образование за човекови права.

## *Граѓанско образование / Образование за демократско граѓанство*

Според Повелбата за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права при Советот на Европа „образованието за демократско граѓанство и образование за човекови права се блиску поврзани и заемно се поддржуваат. Тие повеќе се разликуваат во фокусот и обемот, отколку во целите и праксата. Образованието за демократско граѓанство првенствено се фокусира на демократските права и одговорности и активното учество, поврзани со граѓанските, политички, социјални, економски, правни и културните сфери во општеството. Додека, образованието за човекови права опфаќа поширок спектар на човекови права и основни слободи во секој аспект од животот на луѓето.“

**Никој не треба да се критикува заради поучувањето за вредностите на човековите права.**

Наставната програма за граѓанското образование вклучува теми за политика и владеење, правен систем, медиуми, мултикултурализам и еднакви можности. *Компас* нуди изобилство од значајни активности во темите за „Демократија“ и „Граѓанство и учество“, „Медиуми“, „Општи човекови права“, „Дискриминација и нетолеранција“ и „Род“.

Овие теми од *Компас*, исто така, се корисни и за оние владини и невладини организации кои испорачуваат граѓанско образование на имигранти и бегалци на кои им е потребна подготовка да станат законски и социјално-прифатени граѓани на една земја.

## *Лично и социјално образование*

Многу земји имаат некаква форма на образование која ја признава улогата на поединецот во општеството и им помага на младите луѓе да се подготват за личните предизвици со кои ќе се сретнат. Ова може да се преклопи со граѓанските теми, но, исто, може да вклучува аспекти од животот на поединецот поврзани со неговото слободно време – вклучувајќи спорт, клубови и здруженија, музика, уметност или други форми на култура. Ваквото образование може да ги земе во предвид и личните односи. Човековите права влегуваат во овие прашања на два централни начина: прво, заради личниот развој и личните односи, поседува морални и социјални аспекти кои треба да се водат според вредностите на човековите права; второ, бидејќи правото да се учествува во културниот и социјалниот живот е признато и во Декларацијата за човекови права при Обединетите нации (UDHR), како и во други меѓународни

договори. Дури и кога младите луѓе, со кои работите, се способни да си го бараат правото, постојат млади луѓе низ светот кои ја немаат таа способност.
*Компас* содржи неколку активности во темите „Учество“ и „Култура и спорт“ кои се значајни за наставниците по лично и социјално образование.

## *Образование за вредности / Морално образование*

Образованието за вредности, исто, е заеднички дел од училишната наставна програма во многу земји, но често предизвикува две основни грижи кај луѓето: кои вредности треба да се цел на образованието при поучувањето и како да бидеме сигурни дека тие вредности не им се наметнати на луѓето или пак, не се перцепираат како вредности на мнозинството? Земањето во предвид на перспективата на човековите права е валиден, оправдан и продуктивен начин за решавање на овие проблеми, бидејќи човековите права се засновани на вредности кои се заеднички за секоја поголема религија и се признати – но, не секаде се применуваат – речиси во сите земји од светот. Вредностите, врз кои се засноваат човековите права, се универзални по природа, па дури и кога начинот на кој тие се искажуваат може да е различен од едно до друго општество. Исто така, човековите права се резултат на преговори и консензус помеѓу владите од целиот свет. Според тоа, никој не треба да се критикува заради поучувањето за вредностите на човековите права!

## *Глобално образование*

Практикувачите на глобалното образование ја признаваат важноста на холистичкиот пристап, бидејќи тие ја ценат меѓузависноста на социјалните, економските, еколошките и политичките аспекти на нашиот свет и потврдуваат дека како граѓани на светот ние имаме одговорности кон нашата глобална заедница.

all different
all equal

Декларацијата за глобално образование од Мастрихт (2002)[9] наведува дека глобалното образование е образование кое ги отвора очите и умот на луѓето кон реалноста во глобализираниот свет и ги поттикнува да создадат свет со поголема правда, рамноправност и човекови права за сите. Тоа опфаќа развојно образование, образование за одржливост, образование за мир и спречување на конфликти, како и меѓукултурно образование.

Практикувачите на глобалното образование се способни да го збогатат нивното предавање, земајќи ги човековите права како почетна точка за нивната работа со социјалните, економските, срединските и политичките аспекти на нашиот свет.

Охрабрувајќи ги учениците и едукаторите да работат заедно на глобални теми преку иновативна педагогија, активностите од глобалното образование дозволуваат да се разбере сложената реалност и процесите во денешниот свет: тие бараат развивање вредности, ставови, знаење и вештини кои ќе ги оспособат луѓето да се соочат, да ги разберат и да се справат со предизвиците на меѓусебно-поврзаниот свет, култивирајќи им го духот за „глобална одговорност како граѓани на светот“.
Во *Компас* има бројни активности под темата „Глобализација“, бидејќи многу прашања од човековите права денес имаат глобална димензија. На пример, во активноста „Дали може да влезам?“, на страница 119, учесниците имаат симулирано искуство за тоа како е да се биде барател на азил.

## *Интеркултурно образование*

Интеркултурното образование има за цел да развива разбирање помеѓу културите преку истражување на сличносите и разликите помеѓу културите и луѓето. Недостатокот од интеркултурно разбирање често води до расна дискриминација, нетолеранција, клевета и насилство, локално и глобално. Тажните илустрации на проблемите, кои можат да произлезат од човековата неспособност да почитува и живее со оние со различни култури, се искуства на расизам, дискриминација и насилство, а кои можат да се најдат во сите општества.

Причините за конфликти никогаш не се едноставни. Нееднаквото делење на ресурсите и нееднаквите политички и социјални права, обично се меѓу главните причини од кои се поттикнуваат нетолеранцијата и дискриминацијата. Според тоа, перспективата на правата е логички пристап кој го користат практикувачите на интеркултурно образование. Тие ќе најдат многу содржини во Компас и во другите публикации од Советот на Европа за да ја поддржат нивната работа.

Човековите права се важна димензија во развојното образование.

Младинскиот сектор при Советот на Европа, особено преку Европските младински центри и Европската младинска фондација, вложија големи напори во полето на интеркултурното образование. Кампањата „Сите различни - сите еднакви“ против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата беше воспоставена во 1995 година за да укаже на порастот на расното непријателство и нетолеранцијата кон малцинските групи.[10] *Едукативниот пакет „Сите различни – сите еднакви“*, создаден за кампањата, а кој е претходник на *Компас*, има многу корисни активности кои ги надополнуваат оние од Компас во темата „Дискриминација и нетолеранција“.

## *Анти-расистичко образование*

Анти-расистичкото образование има за цел да го укине вековното наследство на расистички ставови и идеологија, а како почетна точка го зема тврдењето дека ние живееме во мултикултурно и демократско општество, во кое сите граѓани имаат право на рамноправност и правда. Со други зборови, пристапот е врз основа на правата и има блиска поврзаност со меѓукултурното образование.

Добри почетни точки за практикувачите на анти-расистичкото образование се поглавјето и активностите во темата „Дискриминација и нетолеранција“ од *Компас*. Ако сте заинтересирани за користење на пристап за врсничко образование, тогаш ќе најдете повеќе идеи во една друга публикација од Советот на Европа – *Домино.*

Во Советот на Европа, човековите права и образованието и дејствувањето за антирасизам, се сведени под чадорот на Европската комисија против расизам и нетолеранција (ECRI). Задача на оваа комисија е да се бори против расизмот, расната дискриминација, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата во поголем дел од Европа од перспектива на заштита на човековите права. Во Европската конвенција за човекови права може да се најде работата на комисијата, нејзините додатни протоколи и поврзаните правни случаи.

## *Развојно образование*

Декларацијата за човекови права при Обединетите нации (UDHR) и Меѓународниот договор за економски, социјални и културни права содржат бројни членови кои се од клучно значење за разбирањето на луѓето за правото на развој. На пример, промовирањето на социјалниот напредок и подобриот животен стандард, правото на недискриминација, правото на учество во односите со јавноста, правото на соодветен стандард на живеење и правото на самоопределување. Исто така, го содржи правото на луѓето на социјален и меѓународен поредок, каде што правата и слободите можат целосно да се реализираат. (Сет 4 во Декларацијата).

Вистинското право на развој беше прогласено од страна на ОН во 1986 година во Декларацијата за право на развој, прифатена со Резолуцијата 41/128, од страна на Генералното Собрание на Обединетите нации. Правото на развој, реафирмирано со Виенската декларација во 1993 година, е групно право, за луѓето во целина и е различно од оние права кои се однесуваат на поединци.

Практикувачите на образованието за развој веќе ги препознаваат човековите права како значаен елемент во нивната работа. Сепак, тие не работат од перспектива на правата. Традиционален пристап за развојното образование е да се истражат врските помеѓу луѓето кои живеат во „развиените“ земји на север со оние од „развиените“ земји на југ и да се разберат економските, социјалните, политичките и срединските сили кои го формираат животот на луѓето. Ние предлагаме да се почне од перспективата на човековите права, бидејќи таа ќе понуди дополнителен стимул за работа. Понатамошна предност е тоа што активностите кои ги нудиме во Компас развиваат вештини, ставови и вредности кои ги оспособуваат луѓето да работат заедно при дејствувањето и правењето промени, што, всушност, е и важна цел на развојното образование.

Темите од *Компас* „Работа“, „Сиромаштија“, „Здравје“, „Глобализација“ и „Животна средина“ ги прават најочигледните врски со развојното образование.

## *Образование за одржлив развој / Образование за животната средина*

Ако сакаме да ги разгледаме човековите права во однос на прашањата за животната средина, почетна точка треба да ни биде членот 25 од Универзалната декларација за човекови права при Обединетите Нации (UDHR), особено правото на соодветен стандард на живеење, вклучувајќи соодветна храна, облека и дом. Со оглед на тоа дека животот на луѓето зависи од здрава и одржлива животна средина, грижата на луѓето за човековите права насекаде на земјината топка, како и грижата за идните генерации, ги става темите за животната средина во преден план. Денес, некои луѓе дури и зборуваат за потребата од официјално признавање на човековото право за животна средина, како посебно право.

Животната средина ни обезбедува добра и услуги кои ги одржуваат нашите животи и животни стилови. Како и да е, одамна е јасно дека ние живееме на една конечна планета и дејствувањето на луѓето има погубни последици за здравјето на животната средина и благосостојбата на човештвото. Од оваа перспектива, прашањата кои се однесуваат на идниот економски развој треба да се балансираат наспроти

нивната цена за човештвото и природниот свет, како целина. Образованието за животна средина има за цел да ги пренесе овие прашања пред јавноста и да поттикне поголема грижа и почит кон природните ресурси во светот.

Често поврзувано со образованието за животна средина, образованието за одржлив развој ја нагласува потребата за холистичко гледиште на прашањата за животна средина и развој. Терминот „одржлив развој“ влезе во заедничка употреба од Самитот за планетата Земја во Рио во 1992 година; се мисли на развој кој излегува во пресрет на сегашните потреби без компромис на потребите на идните генерации. Со други зборови, одржливоста е грижа за светот и зачувување здрав свет за идните генерации кои ќе живеат во него. Според тоа, вредностите на човековите права за правда и рамноправност се јадро на идејата за одржливост.

Образованието за одржлив развој, согласно со UNESCO, има за цел да им помага на луѓето да развиваат ставови, вештини и знаење за да донесуваат одлуки во корист на сите, сега и во иднина и да делуваат според тие одлуки.

Декадата за образование за одржлив развој при Обединетите нации (2005-2014), која ја водеше UNESCO, настојува да ги интегрира принципите, вредностите и практиките на одржливиот развој во сите аспекти на образованието и учењето, со цел да укаже на социјалните, економските, културните и срединските проблеми со кои се соочуваме во 21 век.

Постои блиска врска помеѓу образованието за одржлив развој, развојното образование, глобалното образование и образованието за човекови права, особено во почитувањето на развојот на ставовите, вештините и знаењето за донесување одлуки во наша корист и во корист на нашата планета, како и делување според тие одлуки. Покрај темите спомнати погоре, во врска со глобалното и развојното образование, *Компас* има одделна тема за животната средина во која прашањата за одржливоста се истражуваат од перспектива на човековите права.

## *Образование за мир*

Концептуалното јадро на образованието за мир, како што се практикува во програмите на многу училишта и универзитети, е насилството, неговата контрола, намалување и елиминирање. Образованието за мир има место во наставната програма на студиите за решавање на конфликти, интеркултурното образование, развојното образование, студиите за светски поредок и образованието за животна средина. Многу често, пристапот е да се одговори на одредени проблеми, кои се перцепирани како причини на социјална неправда, конфликт и војна.

Од друга страна, образованието за мир, кое започнува од перспективата на човековите права со нејзиното концептуално јадро на човеково достоинство и универзалност, полесно може да води кон еден подлабок концепт на мир, кој нема да е само прекинување на насилството, туку реставрација на релациите и креирање социјални, економски и политички системи, најмногу поради создавањето на долготрајни мирни животни средини.

Образованието за мир препознава многу различни форми на насилство. На пример, физичко или бихевиоралното насилство, вклучително и војна; структурното насилство, односно сиромаштијата и лишувањето, кои се резултат на неправдата и на нееднаквите социјални и економски структури; политичко насилство од угнетувачките системи кои ги заробуваат, заплашуваат и злоупотребуваат неистомислениците, како

Образованието за мир кое започнува од перспектива на човековите права може полесно да води кон подабок концепт на мир.

и сиромашните, немоќните и маргинализираните; културно насилство, каде има девалвирање и деструкција на одредени човекови идентитети и начини на живот; насилство од расизам, сексизам, етноцентризам, колонијална идеологија и други форми на морално исклучување кое ја рационализира агресијата, доминацијата, нееднаквоста и угнетувањето.

Анализирањето на сите овие форми на насилство, како кршење на одредени стандарди на човековите права, овозможува конструктивно движење напред. Методологијата на ОЧП за критичко мислење и искуствено учење не носат само елемент на конкретно искуство, туку и нормативни и описни димензии. Во Компас, темите „Мир и насилство" обезбедуваат многу материјал за практикувачите.

# 2.5 Најчесто поставувани прашања за вклучувањето на ОЧП во работата со младите луѓе

Без разлика дали сте младински работник, училиштен наставник или член на НВО која работи со млади луѓе и без разлика дали сте или не сте ангажирани во споменатите видови „образование", човековите права се значајни за вашата работа. Како и да е, можеби малку ќе се колебате за ОЧП заради бројни причини. Овде ние претставуваме некои најчесто поставувани прашања за образованието за човекови права и се обидуваме да одговориме на некои од грижите кои ги имаат луѓето за ОЧП и за негово вклучување во нивната работа.

### ? *Нели е поважно младите луѓе да учат за одговорноста отколку за правата?*

**Одговор:** И правата и одговорностите се јадро на човековите права и овој прирачник става акцент и на правата и на одговорностите. Членот 1 од Универзалната декларација на човековите права наведува дека „сите човечки суштества се родени слободни и рамноправни по достоинство и права. Тие ..... треба да делуваат еден кон друг во духот на братството." Членот 30 наведува: „...[ниту една] држава, група или поединец [нема] право да се вклучува во некаков акт или да изведува некаков акт со цел нарушување на правата и слободите предвидени во оваа Декларација." Активностите на Компас се дизајнирани да покажат дека ниту едно право не може да се користи за злоупотреба на други човекови права и дека секој има одговорност да ги почитува правата на другите.

### ? *Нема ли родителите, одделенските раководители и лидерите во заедницата да се спротивстават на учењето за човековите права како на политичка индоктринација која ќе поттикне бунтовничко однесување?*

**Одговор:** Образованието за човекови права ги оспособува децата, младите и возрасните целосно да учествуваат во општеството и неговиот развој. Важно е да се направи разлика помеѓу развојот на способностите за учество и партиската политика.

Образованието за човекови права преку дискусии и учество ги охрабрува младите луѓе да развиваат критички и љубопитни умови, да донесуваат информирани одлуки и соодветно да се однесуваат. Во оваа смисла, образованието за човекови права е, исто така, поврзано и со граѓанското и со политичкото образование и им дозволува на младите да прават врски помеѓу човековите права, социјалните прашања, образованието и политиките. Може да се случи младите да се вклучуваат или исклучуваат од локални или национални политички партии, како резултат на нивното право на политичко учество и слобода на мислата, здружување и изразување. Но, тоа треба да остане нивен сопствен избор. Исто, многу е важно да се има предвид дека при дополнувањето на вештините, директно поврзани со учењето за човековите права, ОЧП како што е покажано во Компас, го поддржува развојот на социјалните и комуникациски вештини, како што се соработка, групна работа, активно слушање и зборување.

**Ниту еден од нас не знае толку, колку што сите ние знаеме заедно.**

*Лао Це*

## ?*Нели е обврска на владата да им овозможи на луѓето да учат за човековите права?*

**Одговор:** Државите-членки на Обединетите нации имаат обврска да го промовираат образованието за човекови права во сите форми на учење. Членот 26 од Универзалната декларација за човекови права наведува дека „(1) секој има право на образование […] и (2) образованието треба да биде насочено кон целосен развој на личноста на човекот и кон зацврстување на почитувањето на човековите права и основни слободи.“ Правото на образование и образованието за човекови права, исто, е наведено во член 28 од Конвенцијата за правата на детето. Според ова, многу влади имаат многу малку направено во врска со промоцијата на образованието за човекови права и со вметнувањето на човековите права во наставната програма. Индивидуалните едукатори и невладините организации можат многу да направат за да го поттикнат развојот на образованието за човекови права, сами или со заеднички напори во училиштата и други образовни програми, како и преку лобирање и правење притисок врз владите да ги исполнат нивните обврски.

## ?*А што ако има кршење на човековите права во мојата земја?*

**Одговор:** Практично не постои земја во светот каде сите човекови права на сите луѓе се секогаш почитувани. Поточно е, ако се каже, дека во некои земји човековите права почесто и отворено се кршат, за разлика од други земји. Како и да е, образованието за човекови права не се однесува само на кршењето на правата. Пред сé, се работи за разбирање на човековите права, како една универзална сопственост за сите човечки суштества и за сфаќање на потребата за нивна заштита. Во продолжение на ова, не постои земја која би можела да тврди дека нема кршење на правата. На пример, практично, сите држави-членки при Советот на Европа се осудуваат за кршење на правата од страна на Европскиот суд за човекови права. Еден лесен начин за да се увиди реалноста е да се погледне во социјалната средина или заедница. Кој е исклучен? Кој живее во сиромаштија? Чии деца не ги уживаат нивните права? Друг начин е да се погледне како, владата и компаниите од вашата земја, преку нивната работа, ги кршат човековите права во други земји. На пример, преку продажба на оружје на недемократски режими, трговски договори кои ги експлоатираат произведувачите, протекционистички регулативи и потврди за правото на сопственост, патенти за медикаментите за да се запре произведувањето на поевтини, генерички лекови.

# 3. Употреба на *Компас* во образованието за човекови права

Постојат многу различни начини на предавање и учење на човековите права. Каков пристап ќе одберете за темата зависи од тоа дали работите во формален или неформален сектор, од политичките, социјалните и економските услови во вашата земја, возраста на младите луѓе, како и нивните интереси и мотивација да учат за човековите права. Тоа сигурно ќе зависи и од вашето искуство со прашањата за човековите права и образованието за човекови права.

Вие можете да бидете младински работник, обучувач, наставник во училиште или учител за образование на возрасни, член на црковна група за дискусија или млад активист. Кој и да сте и каде и да работите, ние веруваме дека ќе најдете нешто за вас во овој прирачник. Ние не правиме претпоставки за вештините за предавање или претходното знаење во врска со човековите права.

*Компас* треба да се смета како флексибилен ресурс. Промовирањето на човековите права е тековен и креативен процес, од кој вие – како корисници на оваа книга – сте интегрален дел. Се надеваме дека ќе ги искористите идеите кои ги презентиравме, ќе ги користите и развивате за да ги задоволите вашите потреби и потребите на младите луѓе со кои работите. Се надеваме дека ќе направите преглед на наученото и дека ќе ни дадете повратна информација за вашите искуства. Формата за повратна информација се наоѓа на следниот линк:www.coe.int/compass.

## 3.1 Што има во *Компас*

Ви препорачуваме да започнете со кратко разгледување на целиот прирачник за да стекнете целосен впечаток за содржините. Не постои посебна почетна точка; нашата цел беше вие сами да можете да ги изберете деловите кои се значајни за вас.

**Поглавје 1:** Ова е вовед во човековите права и ОЧП и како да се користи прирачникот.
**Поглавје 2:** Поглавјето ги содржи активностите. Тука ќе најдете 58 активности на различни нивоа за истражување на човековите права и како тие се поврзуваат со избраните теми и различните права. Овие активности се алатки за вашата работа со младите луѓе.
**Поглавје 3:** „Преземање акција“ објаснува што ние мислиме со овој термин и содржи идеи и совети за начините на промовирање на човековите права во заедницата и во светот пошироко.
**Поглавје 4:** Ова поглавје обезбедува информации за човековите права и нивниот историски развој заедно со меѓународните стандарди и документи.
**Поглавје 5:** Овде ќе најдете краток преглед за информациите за глобалните теми од Компас кои се он-лајн на линкот: www.coe.int/compass. Има и совети за истражување и оценување на информациите.

***Прилози***: Резиме од главните декларации, конвенции, текстови за човекови права и речник на најчесто користени термини.

Тука би требало да најдете доволно материјал за да можете да започнете со работа во полето на ОЧП со млади луѓе. Компас е пишуван за секого кој посакува да се ангажира во ОЧП, без разлика дали има обука или вештини за поучување. Вие не треба да сте „експерти“ за човекови права за да почнете; доволни квалификации се да се има интерес за човековите права и образованието за човекови права.

## *Теми за човековите права*

Не можеме да се надеваме дека ќе ги решиме сите прашања за човековите права во оваа книга. Она што ние го направивме е избор на најзначајните теми за животот на младите луѓе и ги собравме во 20 теми. Дополнителни забелешки за секоја тема има во Поглавје 5, он-лајн на www.coe.int/compass, како и референци помеѓу активностите и темите во краткиот преглед на активности, на стр. 74.

20 глобални теми се:

1. Деца
2. Граѓанство и учество
3. Култура и спорт
4. Демократија
5. Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост
6. Дискриминација и нетолеранција
7. Образование
8. Животна средина
9. Род
10. Општи човекови права
11. Глобализација
12. Здравје
13. Медиуми
14. Миграции
15. Мир и насилство
16. Сиромаштија
17. Вероисповед и убедување
18. Сеќавање
19. Војна и тероризам
20. Работа

# 3.2 Фацилитација

Во *Компас* го користиме зборот „фацилитатори“ за луѓе кои ги подготвуваат, презентираат и координираат активностите. Фацилитаторот е некој кој „прави нештата да се случат“, кој „помага“ и кој ги поттикнува другите да учат и да го развиваат нивниот потенцијал. Со фацилитирање вие креирате една безбедна средина во која луѓето учат низ експериментирање, истражување, давање и земање. Не станува збор само за една личност, лидер, кој е „експерт“ за давање знаење на другите. Секој треба да расте преку споделување искуства, и од учесниците и од фацилитаторите.

**Бидете подготвени да ја предадете одговорноста на учениците за нивното учење.**

**Контекстот на активностите може да бара поголема адаптација и може да го стави фацилитаторот, едукаторот или наставникот во подлабоки дилеми. На пример, онаму каде часовите или курсевите за ОЧП се задолжителни ова може да има влијание врз резултатите и врз ставовите кои учениците ги имаат кон човековите права. Другиот аспект е поврзан со оценувањето кое е карактеристично за многу формални образовни системи, особено кога оценуваното сериозно се сфаќа во училиштето.**

**Корисни идеи за тоа како да се реши ова, можат да се најдат во Образование за демократија: Материјали за демократско граѓанство и образование за човекови права. [12]**

Можностите да се биде фацилитатор на млади луѓе и да се работи во една атмосфера на рамноправност и соработка се разликуваат низ Европа. Во формално-образовниот сектор се среќаваат разлики во целите и филозофиите за образованието, техниките на менаџирање на наставата и курикулумите. Не е вообичаено учениците и студентите да одлучуваат што ќе учат, ниту пак е вообичаено наставниците да ја преземат улогата на фацилитатор.Во неформалниот сектор има подеднакво големи варијации, не само во целите и филозофиите на различни организации, туку и во активностите и можностите кои ги нудат. Стиловите на лидерство варираат од автократски до демократски. Овие разлики се очигледни и помеѓу државите, како и во самата држава.

Сите ние живееме и работиме рамките на образовните и социјалните норми на нашите општества, што прави лесно да ја превидиме или да ја заборавиме неизбежноста на нашиот етноцентризам. Како резултат на тоа, го преземаме начинот на кој ги правиме работите здраво за готово и нормално. Може да биде корисно доколку размислиме за својот стил и практики, како и односите со младите луѓе со кои работиме, со цел развивање на своите вештини за фацилитирање.[11]

Тешко е да се биде во лидерска позиција и да се „испуштаат“ работите од контрола, но како фацилитатор за ОЧП треба да сте подготвени да ја предадете одговорноста на учениците за нивното учење и да им дозволите да ја анализираат ситуацијата или проблемот, самостојно да размислуваат и да донесат свои заклучоци. Ова не значи дека целата одговорност треба да им се предаде на младите луѓе. Обучувачите имаат тешка задача да креираат безбеден простор во кој младите луѓе можат да учат во средина која е соодветна на нивото на нивната зрелост и способноста да учествуваат.

„Техничката“ страна на обучувањето во училиштето или училницата не секогаш се разликува од неформалниот контекст на учење. Инструкциите за активностите на Компас се целосно релевантни и во двата случаи.

## *Решавањето проблеми како основа за ОЧП*

Прашањата за човековите права, често, се контроверзни, бидејќи различни луѓе имаат различни вредносни системи, па според тоа, гледаат на правата и одговорностите на различни начини. Овие разлики, кои се манифестираат како разлики во мислењето, се основа на нашата образовна работа.

Две значајни цели на ОЧП се, прво, оспособување на младите луѓе со вештини за да ги ценат – но не и да се согласат со – различните погледи за некое прашање и второ, да им се помогне да развиваат вештини за изнаоѓање заеднички решенија за проблемите со договор.

Овој прирачник и неговите активности се базирани на претпоставка дека разликите во мислењата можат конструктивно да се искористат во процесот на учење. Како и во многу други неформално-образовни активности, целта не е сите да се согласат, туку учесниците да развијат вештини критички да размислуваат, да се слушаат едни со други, да ги искажуваат своите мислења и да ги почитуваат различните мислења.

Фацилитирањето на активностите и конструктивното справување со конфликти може да изгледа застрашувачко, но не мораат да бидат. Секоја активност

има „Совети за фацилитаторите“ и „Понатамошни информации“ за да ве поддржат во вашата работа.

# 3.3 Општи совети за корисниците



**Општи човекови права**



**Ниво 1**

Компас треба да се користи на начин што ќе излезе во пресрет на вашите потреби и на потребите на младите луѓе со кои работите. Не е важно на која страница прво ќе отворите. Можете да го користите Компас како извор на информации за човековите права – главните конвенции, како тие биле првпат формулирани во 1948 година и како истите се развивале оттогаш. Исто така, *Компас* може да се користи и како краток преглед на информации за човековите права во врска со сиромаштијата, родовите прашања и други теми. Како и да е, делот со Активностите е она што ги интересира повеќето луѓе, бидејќи тие се алатки со кои се испорачува ОЧП.

## Како да се избере активност

Пред било што да направите, треба да ви е јасно што е она што би сакале да го постигнете; треба да ги поставите целите. Потоа, можете да продолжите со избирање на активност која е значајна за темата на која сакате да работите и која користи метод кој е соодветен за вас и за младите луѓе со кои работите. Тоа треба да е на вистинско ниво за вас и за вашата група и треба да се вклопи во времето со кое располагате.

Внимателно прочитајте ја активноста, најмалку два пати и обидете се да замислите како би реагирала групата и кои работи би ги кажувала. Многу е веројатно дека ќе сакате да ја менувате активноста на некој начин, а не само да ги прилагодите прашањата во делот „Резимирање и оценување“, за да овозможите учењето кое го посакувате, да се случи. Бидете сигурни дека ги имате потребните материјали. Проверете дали има доволно простор, особено ако учесниците треба да се поделат и да работат во мали групи.

Секоја активност е претставена во стандарден формат. Икони и наслови се користат за да има полесен преглед на целината.

## Клуч за симболите и насловите кои се користат за претставување на активностите

### Теми

Темите се оние кои ние ги избравме за да ги претставиме во Компас, на пример општи човекови права, сиромаштија и здравје.Човековите права се меѓусебно поврзани и неделиви и различни прашања се преклопуваат, што значи секоја активност неизбежно е поврзана со неколку теми. Ние означуваме три теми со кои активноста е очигледно поврзана.

## Сложеност

Со сложеноста ние сакаме да укажеме колку е сложен методот и колкаво критичко мислење, аналитички и комуникациски вештини им се потребни на учесниците да уживаат во активноста.

Повеќето активности кои бараат основни вештини имаат и едноставен метод, за нив е потребна мала подготовка и не траат многу долго. Од друга страна, оние активности кои бараат добри комуникациски и мисловни вештини често се поделени во компоненти, за нив е потребна поголема подготовка и траат подолго.

Активностите од ниво 1 се кратки и едноставни.Според тоа, овие активности се од вредност бидејќи ги тераат луѓето на интерактивност и комуникација едни со други. Во оваа категорија влегуваат игри за загревање, игри за „кршење на мразот“ и активности за преглед.

Активностите од ниво 2 не бараат претходно знаење за темите од човековите права и не бараат добро развиени лични или групни работни вештини. Многу активности од ова ниво се дизајнирани да им помогнат на луѓето во развивањето на комуникациските и групните работни вештини, додека, во исто време, го стимулираат и интересот за човековите права.

Активностите од ниво 3 се посложени и дизајнирани да развијат подлабоко разбирање и навлегување во темата. Тие бараат повисоко ниво на компетентност во дискусијата и вештини за работа во група.

Активностите од ниво 4 се подолги, бараат добра групна работа и вештини во дискусијата, концентрација и соработка од учесниците, како и подолга подготовка. Тие се сеопфатни, а со тоа овозможуваат пошироко и подлабоко разбирање на прашањата.



## Големина на групата

Ние го означуваме бројот на луѓе, кој е потребен, за успешно водење на активноста. Ако дел од активноста вклучува работа во мали групи, тогаш големината на малите групи е означена во загради.



## Време

Ние даваме општо означување на времето, пресметано во минути, потребно да се спроведе целата активност, влучувајќи ги и резимирањето и дискусијата, со одреден број на учесници. Проценетото време не вклучува дискусија или дејство поврзано со фазата на идните активности.

Потребно е вие да направите сопствена проценка на потребното време. Ако работите со многу мали групи, тогаш треба да дозволите повеќе време за повратна иформација во пленарниот дел. Ако групата е голема, тогаш треба секому да дадете можност да придонесе во резимирањето и оценувањето.

## Преглед

Ние даваме ознака за која тема се работи и кој основен метод се користи во активноста.

На пример, дали активноста е за луѓето кои бараат азил или за пристрасноста во медиумите и дали активноста вклучува дискусија во мали групи или играње на улоги.

## Поврзани права

Способноста да се поврзат искуствата и настаните со специфични човекови права е клучна цел на образованието за човекови права. Човековите права се меѓусебно поврзани и неделиви и различни прашања се преклопуваат, што значи секоја активност неизбежно е поврзана со неколку теми. Според тоа, со референца до краткиот преглед на Универзалната декларација за човекови права (види стр. 463), ние означуваме три права кои служат како пример во активноста и кои треба да се дискутираат во резимирањето и евалуацијата.

## Цели

Целите се поврзани со целите на ОЧП за учење базирано врз компетенции, кои се однесуваат на знаење, вештини, ставови и вредности, опишани на страница 37.

## Материјали

Ова е листа на потребни материјали и опрема за водење на активноста.

## Подготовка

Ова е листа за проверка на обучувачот за тоа што треба да се направи пред да започне активноста.

Предвидуваме дека обучувачите ќе се информираат за темите и ќе ги прочитаат информациите во Поглавје 5 на www.coe.int/compass, доколку е потребно. Според тоа, ова не се повторува после секоја активност.

## Инструкции

Ова е листа на инструкции за тоа како да се води активноста.

## Резимирање и евалуација

Овде ние предлагаме прашања за да му/ѝ помогнеме на обучувачот да ги води резимирањето и евалуацијата. Целта е тие да бидат водич, а ние предвидуваме дека ќе развиете и некои ваши прашања за да бидете сигурни дека извлекувате заклучоци од учењето, кои се во согласност со вашите цели.

## Совети за обучувачите

Овие се белешки за водење и објаснувања за методот и работите за кои треба да бидеме свесни. На пример, ако работите на стереотипи за малцинствата, дали има некој од тоа малцинство во вашата група?

## Варијации

Овде претставуваме некои идеи за тоа како може да се прилагоди активноста и да се користи во различни ситуации и како тоа да се развива. Како и да е, овие се само предлози и вие, обучувачите, мора слободно да се чувствувате и да ја модифицирате активноста на начин како вие сакате, така што најдобро ќе се задоволат потребите на групата.

## Предлози за идни активности

Водењето на активноста не е доволно; потребни се идни активности кога учењето се зацврстува и не се заборава. Во продолжение потребно е да запомнеме дека една важна цел на ОЧП е да ги оспособи младите луѓе да преземат акции за прашањата кои ги засегаат.

Според тоа, ние презентираме некои идеи за тоа што треба да се прави во иднина, на пример, предлози за теми кои ќе се истражуваат во локалната библиотека или на Интернет, а кои потоа можат да бидат претставени пред целата група. Ние, исто, даваме идеи за други активности кои можеби ќе сакате да ги користите во наредна прилика.

## Идеи за акција

Преземањето акција е важна цел на ОЧП; ние би сакале да им дадеме вештини на младите луѓе да преземаат акции за прашањата кои нив ги засегаат. Ние го нагласуваме ова и затоа има посебно поглавје за преземањето акции, Поглавје 3, и затоа вклучуваме и идеи за акција со секоја активност.

## Клучни датуми

Обединетите нации и многу други организации ја користат идејата за ден за одбележување или ден за сеќавање за да го свртат вниманието на јавноста кон различни аспекти на човековите права. Ние собравме над деведесет такви „клучни датуми" и предлагаме тие да се користат како клинови на кои ќе се закачуваат вашите акции. На пример, една група на млади баратели на азил во Данска, се поврзуваат со локалната организација на Данскиот младински Црвен крст, која има кафуле, и одржуваат јавен настан на Денот на бегалците, 20 јуни.

## Понатамошни информации

Овде даваме дополнителни информации кои се од исклучително значење за активноста. Во секој случај ве советуваме да се навраќате на Поглавје 5 на www.coe.int/compass каде што ќе најдете информации значајни за одредени прашања посочени во активноста.

## Работни материјали

Овие се картички со улоги, листови со податоци и картички за дискусија кои треба да ги испечатите/копирате. Чувствувајте се слободни и менувајте ги за потребите на вашата група.

COMPASS

# 3.4 Општи совети за водење на активностите

Активностите ретко се одвиваат онака како ние очекуваме. Тоа е истовремено и награда и предизвик во работењето со активностите од Компас. Треба брзо да реагирате на работите кои се случуваат и брзо да размислувате. Главните работи кои треба да се запомнат се: поставете јасни цели и бидете подготвени.

## Обука со двајца фацилитатори

Доколку е можно, секогаш фацилитирајте заедно со некој друг. Наставниците ќе го препознаат ова како „предавање во тим“. Постојат и практични предности во тоа кога двајца ќе ја делат одговорноста при помагање на работата во мали групи или при справувањето со индивидуалните потреби. Кога двајца ја водат сесијата, полесно е да се променат темпото и ритамот за да се задржи интересот. Двајца обучувачи можат да се поддржуваат еден/на со друг/а, ако работите не одат според планот, а и резимирањето е покорисно со некој друг, отколку да го правиш сам.

И двајцата обучувачи ја подготвуваат активноста заедно и секој треба да ја знае својата улога. Подобро е да се развиваат активности во тим, особено кога се вклучени млади луѓе.

Без размислување, луѓето нема многу да научат од нивните искуства.

## Внимателно подготвување

Бидете сигурни дека ги прочитавте сите информации за активноста, препорачливо е два пати. Водете ја во вашата глава; обидете се да визуелизирате како ќе оди. Обидете се да замислите како ќе реагира групата и што ќе кажат тие. Тие, несомнено, ќе поставуваат прашања на кои не им ги знаеш одговорите. Така и треба да биде; и ти си таму да учиш заедно со младите луѓе. Според тоа, треба да си сигурен дека си добро информиран преку читање на понудените информации.

Бидете сигурни дека ги имате сите потребни материјали и материјали плус, во случај да се појават повеќе луѓе од очекуваното, или ако некому се скрши моливот или пак, ако препише маркерот.

## Планирање на времето

Внимателно планирајте и времето, кое го имате на располагање, не се обидувајте да го преполнувате со активности. Ако активноста трае подолго од предвиденото, обидете се да ја скратите, така што ќе имате доволно време за дискусијата (видете ги забелешките за циклусот на учење, страница 35). Често, добра идеја е да се вклучат учесниците и да се консултираат за тоа дали веднаш да се запре активноста, за пет минути или некако поинаку да се реши проблемот.

Од друга страна, ако имате многу време, не се обидувајте да ја развлекувате дискусијата, направете пауза или некаква брза игра за енергизирање и забава.

## Креирање безбедна средина

Младите луѓе со кои работите мора слободно да се чувствуваат за да истражуваат и откриваат, да комуницираат и споделуваат едни со други. Бидете оригинални, пријателски настроени, поттикнувајте и бидете хумористични. Не употребувајте жаргон или јазик кој учесниците не го разбираат. Луѓето се чувствуваат безбедно кога знаат што се случува, па затоа воведот во активноста е многу важен. Вие не можете одеднаш да започнете; потребно е активноста да се стави во некаков распоред. Еден начин тоа да се направи е да се употреби игра за „кршење на мразот“.

## Поставување на основни правила

Важно е секој во групата да разбере дека има правила за учество и искуствените активности. На пример, секој треба да има своја одговорност за време на сесијата; секој треба да има можност да биде сослушан, да зборува и да учествува. Никој не треба да чувствува притисок да зборува за нешто што му/ѝ е непријатно. За овие основни правила треба да се дискутира и сите да се согласат, кога за прв пат се почнува да се работи со класот или групата. Одвреме-навреме, тие правила треба повторно да се разгледуваат, особено ако на групата ѝ се приклучат нови членови.

## Давање јасни инструкции

Секогаш бидете сигурни дека сите ги разбрале инструкциите и знаат што треба да прават. Од помош е да се започне со објаснување, во главни црти, на што се однесува активноста и што вклучува, на пример, активноста е играње улоги. Кажете им на луѓето колку време имаат за да ја завршат дадената задача и предупредете ги пет минути пред да заврши времето за да можат да привршуваат.

## Водење на дискусиите

Дискусијата е централна во процесот на ОЧП. Посебно внимание обрнете дали секој од групата може да учествува доколку го сака тоа. Користете зборови, изрази и јазик заеднички за групата и објаснувајте ги непознатите зборови; има и речник на стр. 483. Поканете ги учесниците да ги кажат нивните мислења. Овозможете баланс на глобални и локални аспекти така што луѓето директно ќе го согледаат прашањето кое се однесува на нивните животи.

Понекогаш дискусиите „заглавуваат“. Вие ќе мора да ја идентификувате причината. На пример, тоа може да се случи бидејќи темата е исцрпена или пак е премногу чувствителна. Вие ќе одлучите дали ќе се обидете со прашање, ќе ја смените тактиката или ќе продолжите натаму. Вие никогаш не треба да дадете одговори на прашањата или проблемите од учесниците; самата група мора да си најде сопствени одговори преку слушање едни со други и споделување. Се разбира дека тие можат да ве прашаат за ваше мислење или совет, но групата мора да донесе сопствени одлуки.

## Резимирање и евалуација

Ниту една активност од Компас не може да биде комплетна без резимирање и евалуација; овој дел од активноста дава клучеви за учење и им помага на учесниците да го стават наученото во поширок контекст. Дајте им на учесниците доволно време да ја комплетираат активноста и, доколку е потребно, да излезат од улогата пред да дискутираат што се случило и што научиле. На крајот од секоја активност, потрошете малку време зборувајќи за она што луѓето го научиле и како е тоа поврзано со нивните животи, нивната заедница и светот пошироко. Без размислување, луѓето нема многу да научат од нивните искуства.

Ние предлагаме да го поминете процесот на резимирање и оценување по редослед, поставувајќи им на учесниците прашања кои се поврзани со тоа:

- што се случило за време на активноста и како тие се чувствуваат
- што тие научиле за себе
- што тие научиле за темите од активноста и за поврзаноста со одредени човекови права
- како тие можат да се придвижат напред и да го користат она што го научиле.

**Конфликтот е неизбежна и неопходна димензија во ОЧП.**

## Преглед

Периодичното проценување или истражување на она што го правите и на учењето е значајно, бидејќи тоа ви помага да добиете целосна слика за тоа како одат нештата и ве оспособува да се подобрите во практиката. Кога правите преглед, тоа зависи од околностите: тоа може да биде на крајот од денот на семинарот или на крајот од серија на две или три лекции или средби.

Секогаш кога прегледувате, треба да најдете место и време за опуштање, без стрес и да размислите за:

- Како одела активноста (активностите) од ваша гледна точка: подготовка, време итн.
- Што научиле учесниците и дали ги оствариле целите на учењето
- Кои се резултатите: што ќе прави групата сега како резултат на реализираните активности
- Што научивте вие за темите и за фацилитирањето

Периодичните прегледи со групата се, исто така, значајни и треба да биде забавно, па затоа прегледот не го претворајте во уште една дискусија, особено ако сте потрошиле доволно време на резимирање и дискусија. Ќе најдете неколку техники, вклучувајќи ги и оние кои користат јазик на телото, цртање и скулптура во Поглавје 2, под наслов „Активности за разгледување“, на страница 356.

## Темпо

Повеќето активности можат да се завршат во 90 минути, па не би требало да е тешко да се зачува таа динамика. Затоа, правете кратки паузи, на пример помеѓу активноста и резимирањето и евалуацијата или, пак, помеѓу резимирањето и евалуацијата и дискусијата за идните активности. Тоа е корисно и ги ангажира луѓето. Ако енергијата паѓа, можете да искористите игра за размрдување. Запомнете дека е многу важно да им дозволите на луѓето да се релаксираат после активноста.

## Давање повратна информација

Повратната информација е коментар на нешто кое некој го кажал или го направил. Давањето или примањето на повратна информација е вештина и вие треба да им помогнете на членовите на групата да научат како да го прават тоа. Многу често, повратната информација се прима како деструктивна критика, дури и кога тоа не е намера на оној кој зборува. Клучните зборови во врска со повратната информација се „почит“, „конкретно“ и „аргументи“.

Кога се дава повратна информација, важно е да се почитува другата личност, да се стави фокус на она што е кажано или направено и да се дадат причини за вашата гледна точка. Можете даречете: „Јас не се согласувам со тоа што сега го кажа, бидејќи...“ Давањето негативна повратна информација многу луѓего прават лесно, а тоа може да биде болно. Вашата улога, како обучувачи, е да најдете начини и да ги оспособите луѓето да даваат повратна информација низ поддршка. На пример:

- да се осигурате дека луѓето ќе почнат да даваат повратна информација со позитивна конотација
- почитување на другата личност без давање на некакви погрдни забелешки,
- фокусирање врз однесувањето, не врз личноста
- да се наведе причината за она што се кажува
- преземање одговорност за она што се кажува со користење на „Јас-пораки“.

Примањето повратна информација е тешко, особено ако постои несогласување. Вашата улога е да им помогнете на младите луѓе да учат од нивните искуства и да им помогнете да се чувствуваат поддржано, а не понижено. Поттикнете ги луѓето внимателно да ја слушаат повратната информација без веднаш да се бранат себеси или нивната позиција. Особено е важно луѓето точно да сфатат што мисли личноста која ја дава повратната информација и да имаат време да го оценат кажаното, пред да го прифатат или отфрлат.

## Отпор од страна на учесниците

Да се биде вклучен во активности со учество е напорно и со оглед дека ќе користите различни техники, на пример, дискусија, цртање, играње на улоги или музика, несомнено е дека не сите активности ќе им одговараат на сите учесници цело време. Доколку учесникот е самоуверен и способен да објасни зошто не им се допаѓа одредена активност, тогаш вие треба да сте способни за прилагодување на неговите/нејзините потреби преку дијалог и преговарање.

Под „отпор“ подразбираме однесување кое е намерно деструктивно. Сите обучувачи го искусуваат отпорот од учесниците во некој период. Отпорот може да се јави во неколку форми. Една несигурна млада личност може да вознемирува гребејќи со столот, мрморејќи или зборувајќи со учесникот до него. Многу посуптилни начини на нарушување на сесијата се поставувањето на неважни прашања или правењето непотребни шеги. Друга „игра“ која ја играат учесниците е „закопај го обучувачот“. Тогаш тие би можеле да кажат: „Ти не разбираш, помина долго време откако ти беше млад/а“ или „нешто друго место дискусии, не може да имаме само активности?“

Третиот тип на „игра“ е обидот да се избегне учењето, на пример, кога луѓето велат: „да, но...“.

Очигледно, најдобро е доколку може да се избегне отпорот. На пример, бидете свесни за секоја личност во групата и за тоа дека некакви сензитивни моменти може да се предизвикаат од одредена активност или од одредена улога при играњето улоги или симулацијата. Бидете сигурни дека сите се чувствуваат безбедно и знаат дека не се под никаков притисок да кажат или откријат нешто за нив, кое не им е пријатно. Дозволете им на учесниците да се загреат пред некоја активност и да се релаксираат потоа. На крај, дозволете им доволно време за резимирање и дискусија така што секој/а да почувствува дека неговото/нејзиното мислење и учество вредат.

Вие сами треба да одлучите кој е најдобриот начин за справување со тешка ситуација, но имајте во предвид дека, обично, најдобриот начин да се реши некој проблем е да се отвори проблемот пред групата и групата како целина да најде решение. Не влегувајте во долги дискусии или расправии со ниту еден член од групата. Тоа може да предизвика огорченост и фрустрација помеѓу другите учесници и може да се случи да го загубат интересот.

## Справување со конфликт

Конфликтот може да биде корисен и креативен доколку соодветно се управува; всушност, тоа е една неизбежна и неопходна состојка на ОЧП! Несогласувањето и емоцијата се неизбежни кога се во прашање човековите права, бидејќи луѓето различно го гледаат светот и нивните верувања, претпоставки и предрасуди се доведуваат во прашање. Конфликтот, како дел од образованието за човекови права, им дава можности на луѓето да развиваат вештини и ставови, како што се критичкото мислење и соработката, емпатијата и чувството за правда.

Конфликтите тешко се предвидуваат и можеби тешко се решаваат особено ако тие произлезат кога учесниците се чувствуваат несигурни при справувањето со емоции и вредности, кога тие немаат доволно компетенции за групна работа или ако имаат целосно различни пристапи кон прашањето или различни вредности. Обидете се да останете смирени и не се вклучувајте во конфликтите помеѓу поединците во групата.

Активностите од Компас имаат за цел да овозможат искуствено учење во безбедна средина. Изберете ги внимателно и прилагодете ги по потреба. Користете ги за да извлечете различни мислења од учесниците за темите; дајте им до знаење дека несогласувањето е сосема нормално и дека универзалноста на човековите права не значи дека секој треба на нив да гледа на ист начин.
Неколку совети:

- Одвојте доволно време за резимирање и дискусија. Ако е потребно, искористете повеќе време.
- Помогнете при појаснување на позициите, мислењата и интересите на луѓето.
- Олеснете ги тензиите во групата. На пример, замолете ги сите да седнат или да зборуваат околу три минути во мали подгрупи или кажете нешто и разјаснете ја ситуацијата.

• Поттикнете ги сите активно да се слушаат еден со друг.

• Нагласете што ги обединува луѓето, а помалку спомнувајте што ги разделува.

• Барајте консензус. Подобро натерајте ги луѓето да ги разгледуваат нивните заеднички интереси, наместо да се обидуваат да направат компромиси и да се поместат од своите почетни позиции.

• Барајте решенија кои можат да го решат проблемот без „повторно да создадат“ конфликт.

• Понудете се да разговарате насамо со вклучените во конфликтот, но во друго време.

Учесниците не треба да се чувствуваат засрамено или да бидат присилувани да откријат повеќе, отколку што сакаат, за нив или за нивните верувања.

Ако произлезат посериозни и подлабоки конфликти, можеби би било подобро да се одложи барањето решение и да се побара пососодветна можност за справување со проблемот. Во меѓувреме, вие можете да размислите како да го решите проблемот од друг агол. Според тоа, со одложување на обидот за решавање на проблемот, вие оставате време на оние кои се вклучени во конфликтот да размислат за ситуацијата и да се произнесат со нови пристапи или решенија.

Конфликтите кои се појавуваат во групата и начините за нивно решавање можат да се искористат за развој на разбирање и увид на причините и тешкотиите од конфликтите во светот пошироко. Исто така, и спротивното е точно; дискусијата за меѓународните конфликти може да даде многу поблизок увид во конфликтите.

# 3.5 Прилагодување на активностите од Компас на вашите потреби

Активностите во Компас беа испробани и тестирани во формални и неформални образовни околности и повратната информација од корисниците ни кажа дека, како што Абрахам Линколн знаел да рече: „Вие можете да ги задоволите неколку луѓе цело време и да ги задоволувате сите луѓе некое време, но не можете да ги задоволувате сите луѓе цело време“, што е перфектно разумно! Компас има за цел да биде водич и да ви помогне во вашата работа; тој не е книга со рецепти, ниту пак канон запишан на камени плочи.

Авторите на Компас се соочија со два главни предизвика. Првиот предизвик беше активностите да бидат доволно општи така што елаборираните теми да се значајни за широката публика, но во исто време и доволно детални да допрат до срцето на специфичните групи кои би можеле да се засегнати од тие теми. Вториот предизвик е спротивен: да се презентираат активности кои длабоко навлегуваат во темите кои се значајни за некои групи, но кои, исто така, не се важни или се премногу чувствителни за други групи.

Заради овие причини, активностите сигурно ќе се прилагодуваат или развиваат за да ги задоволат потребите на младите луѓе со кои работите. На страница 61, има дел за „основните методи“ кои ги користевме во Компас. Кога ќе разберете како се работи со различните техники, тоа ќе ви помогне да ги прилагодувате активностите.

## *Прилагодување на активностите*

Активностите се алатки со кои работите: треба да сте сигурни дека избраната активност ќе одговара и на темите, кои сакаме да ги решиме, како и на методот кој одговара на вашата група.

Одговорност на обучувачот е да биде прецизен, да прави приспособувања и да ја прилагоди активноста така што таа ќе биде соодветна за потребите на младите луѓе со кои работите.

## Практични работи

Кога се размислува за адекватноста на методот, размислете и за овие практични работи:

**Сложеност:** Ако нивото е превисоко, разгледајте начини како да ја направите таа активност поедноставна. На пример, ограничете ги темите, повторно напишете ги картичките со изјави или смислете други прашања за резимирањето и дискусијата. Ако сметате дека постои ризик на луѓето да им е досадно или ако нивната интелигенција се навредува со некоја активност со ниско ниво на сложеност, тогаш тоа третирајте го како краток и забавен вовед во темата.

Може да постојат фундаментални предизвици за остварување на целите на ОЧП во училницата.

**Големина на групата:** Ако имате голема група можеби ќе ви требаат повеќе обучувачи и подолго време. Ако дозволите повеќе време, внимавајте да не се развлече активноста, како и резимирањето и евалуацијата. Размислете да ја поделите групата на два дела за резимирањето и евалуацијата, а потоа дозволете им накратко да известат во пленарна сесија. Ако имате играње на улоги, тогаш дозволете двајца да ја играат или споделуваат секоја улога.

Ако имате мал број на учесници и ако активноста вклучува работа во мали групи, намалете го бројот на малите групи, а не го намалувајте бројот на луѓе во секоја мала група. На овој начин, вие ја одржувате разновидноста на инпутот во секоја група.

**Време:** Можеби треба да размислите за водење на активноста во текот на две сесии. Во замена, обидете се да организирате водење на активност кога имате повеќе време, на пример во училиште кога има два часа, едно по едно, на распоредот. Ако работите во младински клуб, направете ја активноста за време на викенд.

**Преглед:** Овде ќе најдете краток опис на основната техника врз која се заснова активноста, вклучувајќи и општи совети за користење на методот.

**Материјали:** Импровизирајте! Ако немате хартија за флип-чарт табла, тогаш купете хартија во ролна и сечете ја по должина. Ако просторијата, која ја имате, е мала или полна со мебел, така што има малку простор за движење, работете во мали групи, а потоа обидете се да најдете друга која е доволно голема, или ако е времето убаво, тогаш зошто да не излезете надвор?

**Подготовка:** Размислувајте креативно! Ако сакате да копирате нешто, а немате пристап до фотокопир, но имате компјутер и печатач, тогаш земете дигитална фотографија и печатете копии преку компјутерот.

**Инструкции:** Некои активности се во два дела. Можеби првиот дел ќе ви овозможи исполнување на целите.

**Варијации:** За варијациите ќе биде потребно повеќе или помалку време отколку за оригиналната активност. Дозволете го ова.

**Резимирање и евалуација:** Ако предложените прашања не ги задоволуваат вашите потреби, тогаш подгответе други. Искористете ги основните белешки како инспирација. Според тоа, бидете сигурни поврзаноста со темите за човековите права секогаш да ви биде експлицитна.

**ОЧП не може да се наметнува или диктира.**

**Предлози за идни активности:** Ако препорачаните активности не се соодветни, не се значајни или тие претставуваат практичен проблем, тогаш најдете други. Употребете ја содржината на активностите на страница 72 и најдете активност која може да биде идна активност.

**Идеи за акција:** Ако препорачаните активности не се соодветни, не се значајни или тие претставуваат практични проблеми, тогаш најдете други. Погледнете го Поглавје 3 – „Преземање акција“.

## *Развивање активности*

Развивањето на активност е порадикално од нејзиното прилагодување. Вам може да ви се допадне содржината, на пример, картичките со изјави или картичките со улоги, онака како што се претставени во активноста, но вие можеби ќе најдете друг метод кој е посоодветен. На пример, вие можете да користите картичка со изјава од активноста „Само една минута“, на страница 205, а да го користите методот кој е елабориран во активноста „Каде стоиш ти“, страница 335.

Алтернативно, можеби ќе сакате да работите на темите за азил и бегалци и да ви се допаднат идеите во активноста „Дали може да влезам?“, но, поради една или друга причина, може да почувствувате, дека играњето улоги не е соодветно. Во тој случај, вие би можеле да ја поделите групата во групи, како што е опишано во картичките за улоги, но потоа можете да ја употребите техниката „Аквариум”, опишана на страница 67, и да им дадете време на двајца бегалци и двајца имиграциски службеници да расправаат за нивните случаи. Друга опција, особено за наставниците кои работат со голем клас, би била панел дебата (видете страница 67) или дозволете им на сите да се информираат за темите, преку читање на картичките со изјави и потоа одржете целосна дебата, на пример: „Овој клас верува дека сите бегалци би требало да се добредојдени во нашата земја“.

## Општи совети

Поттикнете ги младите луѓе да бидат свесни за тоа што се случува во светот околу нив, локално и глобално, и одберете теми, кои ги интересираат, како почетна точка за вашата работа – вашата заедничка работа. Секогаш обидувајте се да ги вклучувате младите луѓе во одлуките како и што сакаат тие да учат. Како тие ќе бидат вклучени во практиката, зависи од тоа дали ќе работите во неформално или формално образовно опкружување, возраста на младите луѓе, времето кое ви е достапно и ресурсите.

Според тоа, секогаш кога е можно, вклучувајте ги учесниците во одлучувањето каков вид активности би сакале тие да работат.

Справувајте се со контроверзните и провокативни теми со промисленост и внимателност. Ако некоја тема е табу во вашето општество и веројатно ќепредизвика отпор кај луѓето во власта, разгледајте ја темата „од околу“ наместо директно, или поставете ја во друга рамка. На пример, наведете ги луѓето да размислат за правата поврзани со слободата на изразување, користејќи еден историски пример. На ваков начин се работи на прашања поврзани со религијата, правата на ЛГБТ заедницата и правото на брак и семејство, во активноста „Верници“, страница 109 или „Наскоро ќе бидат застарени“, страница 278.

Соочувањето со реалноста, дека живееме во свет каде што одредени прашања се контроверзни или поделени, е важен дел од ОЧП. Според тоа, кога се работи за правата поврзани со контроверзни или провокативни теми, треба да сме сигурни дека учесниците чувствуваат сигурност и дека нема да се чувствуваат засрамено или да се присилуваат да откријат повеќе за нив или нивните верувања. Методите, како што се вежбите со изјави или студии на случај се добри методи кои креираат одредена дистанца помеѓу личноста и темата. Друг пристап би бил да се поттикнат учесниците да истражуваат различни гледни точки. На пример, тие би можеле да поканат некој, од некоја малцинска група, да разговара со групата.

Ако луѓето од групата се поделат за некое прашање, на пример ако малцинството смета дека одредено прашање не е важно или релевантно за нивните животи, тогаш замолете ги да објаснат и да ги оправдаат нивните мислења. Вие треба да ги доловите нивните претстави така што тие ќе бидат отворени кон идејата за истражување на тоа прашање. Прикажувањето филм, посетата (на центар за бегалци, центар за бездомни луѓе или некоја етничка продавница или кафуле) или поканувањето говорник секогаш се добри начини да се побуди љубопитноста.

Кога младите луѓе размислуваат за преземање акции, вие треба да сте подготвени да ги советувате за последиците од она што тие планираат да го прават. Тие треба да се целосно свесни за можни лични, социјални и политички ефекти од нивната предложена акција. Поттикнувањето на младите луѓе да размислуваат за себе и да преземаат одговорност е значајна цел на ОЧП; според тоа, вие треба да ги опишете сите тешкотии кои ги предвидувате, да дадете причини за вашето мислење и да советувате. Ако е потребно да ги разубедувате дека некои форми на акции се непрепорачливи, тогаш треба да им предложите алтернативи (Поглавје 3 “Преземање акции“ за идеи и различни форми на преземање дејства).

# 3.6 Посебни белешки за наставниците

Повратните информации од наставниците ни кажуваат дека Компас се употребува и во училиштата низ цела Европа и тоа на часовите по јазик, географија, историја, граѓанство и политички студии. На пример, на часовите по јазици, изреките во активноста „Сите еднакви – сите различни“, страница 101, можат да се користат како текстови за развивање на вокабуларот и разбирање, а „Само една минута“ може да се користи за развивање на говорните вештини. На пример, статистиката за детскиот труд, родовите разлики и пристапот до образование (кои можат да се најдат

во различни делови од информациите во Поглавје 5 на www.coe.int/compass) можат да се употребат во лекциите по математика со замена на примерите од учебникот и на овој начин придонесуваат да се подигне свесноста и интересот за темите од човековите права. „Веб на животот" може да се искористи на часовите по биологија како вовед во лекциите за синџирот на исхрана или био-разновидноста; „Приказна за два града" на часовите по социологија; „Верници" во религиското образование; „Приказната за Ашик" и „Внимавајте, ве набљудуваме" даваат друга перспектива за трговијата, на часовите по географија, а примерите од „Борци за права" додаваат интерес за лекциите по меѓународна политика. Можностите се бескрајни.

Мора да се признае дека постојат фундаментални предизвици за остварување на целите на ОЧП во училницата. На пример, еден типичен период за лекцијата може да биде прекраток за да се заврши сé, освен најкратките активности или учениците можеби нема да се во можност да влијаат врз одлуките за она што го учат. Во продолжение, опциите за примена на наученото можат да бидат поограничени, но овие тешкотии не се несовладливи. Наставниците наоѓаат начини да ги надминат проблемите, на пример, како што е притисокот од времетраењето, преку проширување на некоја активност на два часа или со користење на можностите за време на „тематските недели", кога нема вообичаен распоред.

Во некои земји, ОЧП бара промена на практиката во училницата со цел да се оддалечи од „кредата и зборувањето" (наставникот им дава информации на учениците кои треба да се научат напамет) и да се помести кон поттикнување на критичко рамислување и самостојно учење. Во земјите каде наставниците, вообичаено немаат улога на тренер, советувач или фацилитатор, промените треба постепено да се воведуваат и на тој начин и наставниците и учениците ќе се чувствуваат самоуверено, работејќи во демократска атмосфера каде што прашувањето и слободата на изразување напредуваат. Разбирањето на методите и техниките, употребени во Компас, ќе им помогнат на наставниците да направат промени; тие се опишани на страница 64 и вклучуваат совети за тоа како да се организираат дискусии во големи класови. Друг начин за развивање на вештини за фацилитирање е преку работење заедно со некој искусен во ваков начин на работа. На пример, поканете тренер или тим од локална организација за човекови права да води сесија или да предава заедно со вас.

Идеално, наставниците по сите предмети потребно е систематски да се надградуваат со значајни компетенции во рамките на почетните и стручните усовршувања. Публикацијата „Како сите наставници можат да го поддржат граѓанството и образованието за човекови права: рамка за развој на компетенциите" може да овозможи понатамошно водење низ тој процес.[13]

Голем број на практични предизвици се идентификувани во еден скорешен, истражувачки проект за користење на искуствени активности од Компас и Образовниот пакет „Сите различни – сите еднакви" на часовите по јазик во средните училишта во Данска.

Истражувањето откри дека учениците уживаа во активностите, а наставниците забележаа дека учениците беа многу вклучени. Сепак, потешкотии беа забележани во фазата на резимирање и евалуација. Учениците открија дека им беше тешко да го избегнат нивниот вообичаен начин на учење во училница, а полесно им беше коментарите да ги упатуваат до наставникот отколку до некој друг, што значи немаше

многу дијалог, слободна размена на идеи или врсничко учење. Учениците очекуваа коментар или корекција од наставникот, како и покана да зборуваат. Резултатот беше дека учениците тежнееја да го поминат нивното време размислувајќи за она што сакаа да го кажат отколку да го слушаат она што беше кажано и да одговараат едни на други. Понатаму, се докажа дека е тешко да се промени вообичаената динамика во училницата, така што доминантниот ученик остана доминантен, а смешниот ученик изигрувaше будала.

Заклучоците беа дека користењето на активностите во училницата може да вреди, доколку ги ангажираат учениците во темата, но веројатно има и ограничување до тој степен, така што сите цели на ОЧП, особено оние за развивање на соработка и вештини за преземање одговорност и дејствување, не ќе можат да се постигнат. Според тоа, училиштата можат да направат значаен придонес за развивање на некои од компетенциите, кои се наброени на страница 37, како резултати на ОЧП, како на пример, активно слушање и комуникациски вештини, критичко мислење и љубопитност. Слично на тоа, на прв поглед, преземањето акции може да изгледа дека е проблематично во училишна средина. Како и да е, преземањето акции може да значи многу различни работи, а во училницата може да значи подобрување на општото однесување, земање предвид на врсниците, самостојно одлучување за тоа кои се хероите за човекови права и да се дознае нешто повеќе за нив или користење на пристап на поставување прашања по историја. Има повеќе идеи за тоа како да се преземе акција во Поглавје 3.

Ако на наставниците им е тешко е да користат многу од активностите, тие треба да имаат во предвид дека ОЧП развива и знаење и разбирање, на пример, знаење за тоа што се човекови права, историскиот развој на правата, правните инструменти и важноста на човековите права за развој на граѓанско општество и мир во светот. Сето ова може да најде свое место во формалниот образовен систем. Информациите за човековите права и глобалните теми (Поглавја 4 и 5 и прилозите), го прават вреден, материјалот за предавање и учење.

Наставниците, кои работат со деца од 7 до 13, исто сакаат од поблиску да го погледнат Компасито, прирачник за образование за човекови права со деца,чии активности подобро можат да се вклопат во структурата на училишните часови.

Конечно, коментарот за „ѓубрето ОЧП“, под кое подразбираме предавање кое настојува да биде ОЧП, но кое, заради начинот на кој се испорачува, нема да се квалифиува да се признае како образование за човекови права. Постојат многу начини за испорачување на образование за човекови права, но како што беше објаснето на почетокот од ова поглавје, процесот е важен. Според тоа, секое предавање поврзано со човековите права за да биде препознато како ОЧП, мора да се испорачува на начин кој ќе ги почитува учениците и ќе ги оспособи да ги почитуваат и вреднуваат човековите права. ОЧП не може да биде наметнато или диктирано. Понатаму, ОЧП не може да се гледа како на изолирано нешто кое се случува во училницата; тоа мора да се прошири во целото училиште и поширокатa заедница.

# 3.7 Основни методи кои ги поткрепуваат активностите во Компас

Сфаќањето на основните методи или техники, кои ги поткрепуваат активностите во Компас,е суштинско во смисла на успешно користење на активностите.

Ние ги нарекуваме методи, а користиме „активности“, бидејќи учесниците се умствено активни, но исто така и физички активни. Сепак, тие се повеќе од активности – не се нешто за пополнување на времето: тие имаат јасни образовни цели и ги користиме со некаква цел. Понекогаш, активностите се нарекуваат „игри“. Тоа наведува дека активностите се, исто така, забавни. Тие, всушност, и се забавни! За жал, некои луѓе го поврзуваат зборот „игра“ со она што го играат малите деца и тие ја заборават сериозната образовна вредност на игрите.

Разбирањето на основната методологија ќе ви помогне кога ќе треба да прилагодувате индивудални активности за да се исполнат потребите на младите луѓе со кои работите и кога развивате сопствени активности. Понатаму, кога пишувавме инструкции за тоа како да се водат активности, ние оценивме дека луѓето ги знаат и ги разбираат термините како што се „групна работа“, „бура на идеи“ и „играње на улоги“. Тие се појаснети овде.

## *Групна работа*

Групната работа е основа на многу од вежбите; таа се случува кога луѓето работат заедно, ги комбинираат нивните различни вештини и таленти и се потпираат заемно врз сопствените сили за да ја комплетираат задачата. Таа:



• Поттикнува на одговорност. Кога луѓето се чувствуваат свои кога прават некоја активност, тие, обично, се посветени на исходот и се грижат да обезбедат добар резултат.

• Развива комуникациски вештини. Луѓето треба да слушаат, да разбираат што кажуваат другите, да реагираат на нивните идеи и да ги истакнуваат сопствените мисли.

• Развива соработка. Луѓето учат дека кога тие работат кон остварување на заедничка цел, тоа подобро го прават ако соработуваат, а не ако се натпреваруваат еден со друг.

• Вклучува вештини за донесување одлуки. Луѓето брзо учат дека најдобриот начин да се донесе одлука е да се погледнат сите достапни информации и да се направи обид за наоѓање решение кое ќе ги задоволи сите. Некој, кој ќе се почувствува изоставен од процесот на донесување одлуки, може да ја наруши групната работа и да не ги почитува одлуките кои се донесени од остатокот на групата.

Важно е да се напомене дека успешната групна работа мора да биде ориентирана кон задачите; треба да се постави јасно прашање кое треба да се одговори или јасно поставен проблем кој бара решенија. Не е продуктивно да им се каже на луѓето само „да се дискутира за прашањето“. Која и да е темата, суштинско е работата да биде јасно дефинирана и учесниците да се фокусираат кон остварување на целта, а тоа бара од нив и повратна информација пред целата група. Ова не значи дека само

производот е единствената важна работа! Поентата е дека, преку заедничко работење и со јасно дефинирана рамка, учесниците подобро можат да учат низ процесот.

Поголемиот број активности во Компас користат работа во мали групи во „искуствената“ фаза (активност) и работа со целата група во фазите „рефлектирање“ и “„генерализирање“ од циклусот на учење (резимирање и евалуирање). Работата во мали групи ги поттикнува сите да учествуваат и помага да се развие кооперативна тимска работа. Бројот на малата група ќе зависи од практични работи, како што се колку вкупно луѓе има и колкав е просторот. Малата група може да биде од 2 или 3 луѓе, но малите групи најдобро функционираат со 6 до 8 луѓе. Работата во мали групи може да трае 15 минути, еден час или еден ден, зависно од дадената задача.

## *Бура на идеи*




Бурата на идеи е начин за вовед во нова тема, поттикнување креативност и за брзо генерирање на идеи. Може да се користи за решавање на специфичен проблем или за одговарање на некое прашање.

Како се прави бура на идеи:

1. Одлучете за кое прашање сакате да правите бура на идеи и формулирајте го во едноставно прашање или изјава.
2. Напишете го прашањето на голем лист хартија или табла и поставете го на место каде што сите можат да го гледаат.
3. Замолете ги луѓето да придонесат со нивните идеи. Вие запишувајте ги идеите под прашањето или изјавата. Користете само зборови или кратки фрази.
4. Запрете ја бурата на идеи штом идеите се потрошат.
5. Разгледајте ги предлозите, барајќи и коментари.
6. Потоа сумирајте, и земајќи го новото знаење, преминете на активноста или дискусијата.

Правила за бура на идеи:

1. Запишете го СЕКОЈ нов предлог. Најчесто најкреативните или „луди“ предлози се најкорисни и најинтересни.
2. Никој не коментира и не суди за напишаното сé до крајот.
3. Обесхрабрете ги кога повторуваат. Ако некој предложи идеја која е веќе на таблата, заблагодарете се и суптилно покажете каде е истото веќе напишано.
4. Поттикнувајте ги сите да придонесуваат.
5. Вашите сопствени идеи давајте ги ако е апсолутно потребно за да се охрабри групата.
6. Ако предлогот е нејасен, побарајте појаснување.

## Пишување на ѕид

Ова е форма на бура на идеи. Обучувачот ја запишува изјавата или прашањето за кои е потребна бура на идеи. Пожелно би било, ѕидот да биде широк и празен. Откако обучувачот ќе го напише предлогот, учесниците ги запишуваат нивните идеи на малечки парчиња хартија и самите ги лепат на ѕидот. Предностите на овој метод се дека луѓето можат да седат и да размислуваат во тишина, пред да бидат под влијание идеите на другите луѓе, а парчињата хартија можат да се разместуваат и да помогнат во групирањето на слични идеи заедно, за време на дискусијата.




## Игра на асоцијација

Ова е уште една форма на бура на идеи која може да се користи како игра за кршење на мраз или како вовед во дискусија или активност. Учесниците седат во круг и обучувачот започнува со кажување на клучен збор (збор кој е веќе избран од сржта на темата за која е потребен вовед). Во круг, секој по ред, прво го повторува клучниот збор, а потоа првиот збор кој му се појавува во главата како асоцијација на клучниот збор. Варијанта е секој да одговори на зборот кој го кажал последниот учесник.



## *Активности за дискусија*

Дискусиите се интегрален дел од ОЧП, бидејќи преку дискусија луѓето учат да ги анализираат информациите, критички да размислуваат, да развиваат комуникациски вештини, да споделуваат мислења и да учат од искуството, па затоа „резимирањето и евалуацијата“ се суштински дел од секоја активност.

Постојат многу различни начини да се води дискусија и некои начини, особено оние кои вклучуваат степен на соработка и учество, оправдано може да се сметаат како активности, сами по себе. На пример, дискусиите во мали групи, каде луѓето треба да решат проблем, може да се сметаат и како „активности“, на пример „Само една минута“, страница 205 и „Ајде да зборуваме за секс!“, страница 217. Не е потребно да се каже дека после „активноста со диксусија“, луѓето продолжуваат понатаму со резимирање и евалуација на она што го научиле.



## Дискусии во големи групи

**Buzz - групи**
Овој е корисен метод ако не се појават идеи во дискусијата со целата група. Замолете ги луѓето да ја дискутираат темата во парови или мали групи неколку минути и потоа да ги споделат нивните идеи со остатокот од групата. Вие наскоро ќе откриете една атмосфера на „зуење“ со разговори и луѓе кои „зујат“ со идеи!

### Вежба со изјави




Оваа техника ги оспособува учесниците да искажат мислење без потреба истото да го оправдаат. Тоа е суптилен начин да се поттикнат луѓето да бидат самоуверени да ги споделат нивните мислења.

Подгответе неколку изјави (4-6 би биле доволни) за темата или темите кои сакате да ги истражувате со групата. Направете два знака „Се согласувам“ и „Не се согласувам“ и ставете ги на подот, оддалечени на околу 6-8 метри една од друга. Ако сакате, можете да ставите и јаже или лента на подот помеѓу двата знака како симбол на средината помеѓу две крајности во мислењето.

Прочитајте една од подготвените изјави и замолете ги учесниците да се позиционираат помеѓу понудените опции, согласно нивното мислење; оние кои се неодлучни, застануваат на средина. Поканете ги учесниците, ако сакаат, да објаснат зошто стојат таму каде што се. Охрабрете ги луѓето да ја сменат нивната позиција, ако го сменат нивното мислење, како резултат на аргументите кои ги слушаат.



Варијантата е наречена „Гледни точки“. Направете четири знаци и залепете ги на четири ѕидови во собата: „Се согласувам“, „Не се согласувам“, „Не знам“ и „Сакам да кажам нешто“. Како и претходно, луѓето се разместуваат согласно со нивниот одговор и тие можат да ја сменат позицијата во секое време.

### Аквариум

Овој метод им помага на учесниците да ги упатат нивните коментари еден кон друг, а помалку кон обучувачот или наставникот. Поканете неколку – идеално помеѓу 4 до 6 – учесници да седнат заедно во мал круг во средината на собата за да ја дискутираат темата, додека сите други седат околу и ги слушаат „рибите во аквариумот“. Кога некој од набљудувачите ќе посака да учествува во дискусијата, тие истапуваат напред и се местат зад една од „рибите“. Оваа „риба“ се заменува и се придружува кон оние кои слушаат.

Постојат неколку корисни работи при употребата на овој метод. Главна корист е таа дека учесниците имаат контрола над дискусијата и учесникот зборува тогаш кога сам ќе одлучи, но исто така, и другите членови од групата можат да замолчат некој кој прави долги говори или се повторува и истиот го заменуваат.



### Дебати

Традиционалните домашни дебати се корисни, особено во училницата каде има неколку можности за користење на други методи на дискусија. Ако целиот клас дискутира, на пример: „Ние веруваме дека човековите права се измислени од Западот и тие не се универзални“, тогаш дозволете, место наставникот, заседавач да биде еден од учениците.

Друга форма на дебата е панел дебата каде се поканува панел на „експерти“, од страна на публиката, за да одговараат на прашања. Овој е добар начин за добивање информации, поттикнување на прашања, оспособување на луѓето да истражуваат различни гледни точки и да покажат дека човековите права се сложени. На пример, дајте им картички со улоги од активноста „Ловење на китови“ (страница 221) на 8 доброволци (по двајца луѓе за да ги претставуваат секоја од организациите кои имаат спор). Овие 8 луѓе ги користат картичките за да ги подготват позициите и потоа седнуваат во панел да одговорат на прашањата и да дискутираат за нивните гледишта пред останатите од класот. На крајот, класот може да гласа дали ловењето китови треба или не треба да биде забрането.



## Дискусии во мали групи

Дискусиите најдобро се реализираат во мали групи, бидејќи тогаш секој има подобра можност да придонесува. Во помалите групи, не само што луѓето имаат повеќе самодоверба да се искажат, туку и секој добива повеќе време за зборување.

Активностите за дискусии се темелат на стимулативни материјали, обично претставени со картички. Примери за стимулативни материјали вклучуваат наслови на ТВ вести, постери, картички со изјави, студии на случај и слики. Кога се подготвуваат стимулативните материјали, важно е да се размисли за вашата



целна група и да се избегне вклучување на информации кои можат да предизвикаат навреда или да се премногу лични. Исто така, треба да се има во предвид нивото на вештините за читање на помладите групи, како и јазичните вештини, ако се работи со мултикултурна група; во овие случаи јазикот треба да е едноставен. Информациите на картичките треба да се, колку што е можно, пократки, пожелно е 2-8 редови на половина страница од А4 формат, како апсолутен максимум.

## ААА ВВВ ССС

Ова е многу корисна техника кога сакате луѓето да го развиваат нивното знаење и да разберат без вашето „предавање“. Луѓето работат во мали групи за да развијат експертиза за некој аспект од темата. Потоа, групите повторно се групираат и го споделуваат нивното знаење.

Подгответе картичка со изјава или прашање за секоја група за некоја тема на која сакате да работите. Секоја група работи на различен аспект од истата тема.



Учесниците треба да формираат три мали групи; едната група е група А, втората е група В и третата група е С. Дајте ѝ на секоја група одредено време во кое ќе се дискутира за проблемот. Потоа формирајте нови групи така што секоја од новите групи ќе има еден член од претходните групи; со други зборови, новите групи ќе бидат составени како АВС, АВС и АВС. Дајте им на АВС групите задача да решат проблем или да постигнат консензус кој бара учество од секој член.

## Изјави во шешир

Оваа техника е еден суптилен начин за вовед во темата, да се поттикнат луѓето да зборуваат или да се генерираат идеи. Направете неколку картички со изјави или прашања и ставете ги во еден шешир. Или подавајте го шеширот наоколу или ставете го во средината на кругот. Замолете ги луѓето да земат една картичка и да коментираат.

Наместо обучувачот да ги прави картичките, тој/таа може да ги замоли учесниците да направат свои картички со изјави или прашања. На овој начин, прашањата анонимно ќе се поставуваат до групата, што може да биде многу корисно, особено ако темата за дискусија е чувствителна.



## Рангирање

Оваа е корисна форма на дискусија кога сакате да стимулирате фокусирана дискусија во мали групи. Потребен ви е еден комплет на картички со изјави за секоја мала група; соодветни се 9 до 12 изјави. Вие ги избирате изјавите поврзани со темата за која сакате луѓето да дискутираат и пишувате по една изјава на секоја картичка.
Групите дискутираат за изјавите и се обидуваат да постигнат согласност за редот според нивната важност. Ова може да се направи или како скала или како дијамант. Во скалестото рангирање, најважната изјава се става на врвот, наредната важна под неа и така до крај, додека не се стигне до најмалку важната изјава која се става најдолу.

За рангирањето во форма на дијамант, потребни се 9 картички со изјави. Луѓето преговараат која изјава е најважна, потоа кои две наредни се важни, потоа три

со помало значење и така до крај, како што е покажано и на дијаграмот. Бидејќи темите се ретко јасни, рангирањето во форма на дијамант е често многу погоден метод во однос на простото рангирање. Помалку е напорно и според тоа, е повеќе прифатливо за учесниците. Исто така, дава подобри можности за градење консензус. Варијанта на рангирање во форма на дијамант е да се напишат 8 изјави, а една картичка да се остави празна за да ја напишат учесниците.

### Студија на случај

Студиите на случај се кратки „приказни“ за луѓе или настани кои илустрираат проблем. Како и картичките со изјави, тие се корисни алатки за презентирање на информации на недидактички начин. Тие се, исто така, вредни бидејќи создаваат дистанца помеѓу учесниците и проблемот, а со тоа и дискусијата на темата е помалку заканувачка. На пример, ако има насилници во групата и ако вие сакате да се справите со проблемот, вие можете да претставите приказна за булингот која содржи паралели со реалната ситуација. Учесниците ја читаат студијата на случајот, го анализираат проблемот и се обидуваат да даваат предлози за решавање на проблемот.

## *Драма*

Истражувањето на идеи и теми преку драма ќе им овозможи на луѓето изразување на емоциите, мислите, соништата и креативноста, кои на друг начин не би можеле да ги изразат. Драмата ја вклучува личноста во целина, нејзината глава, срце и раце, па според тоа, не го вклучува само интелектот, туку и чувствата и емоциите, правејќи ја моќна алатка. Понатаму, тоа е најефикасна техника, бидејќи им се допаѓа на луѓето од сите стилови на учење, а тоа се аудитивен, визуелен, кинестетички или тактилен ученик.

Резимирањето е посебно значајно после активности засновани врз некаква форма на драма, вклучувајќи играње на улоги и симулации. На глумците можеби ќе им е потребно време да излезат од улогата, пред да започнат да дискутираат за нивните чувства и зошто одлучиле да ги преземат тие дејства кои ги направиле.

## Играње улоги

Играњето улоги е кратка драма која се игра од страна на учесниците. Исто така, учесниците внесуваат и нивни животни искуства да одглумат ситуација. Играњето улоги скоро секогаш е импровизирано. Играњето улоги може да го подобри разбирањето на ситуацијата и да поттикне емпатија кон луѓето кои ги прикажуваат. Тоа ги оспособува луѓето да искусат предизвикувачки ситуации, но во безбедна атмосфера.

Играњето улоги треба суптилно да се користи. Прво, суштинско е луѓето да имаат време на крајот за да излезат од улогата. Второ, секој треба да ги почитува чувствата на поединците и социјалната структура на групата. На пример, при играње улоги за лица со попреченост треба да се земе во предвид фактот дека некои од учесниците може да страдаат од некаква попреченост (која, можеби, не е видлива) или може да имаат роднини или блиски пријатели кои се со попреченост. Тие не треба да се чувствуваат повредено, да се присилат на изложување или да се маргинализирани. Ако се случи тоа, сфатете го сериозно, извинете се и објаснете им.

Скалесто рангирање

1.  Род

2.  Работа

3.  Образование

4.  Здравје

Рангирање во форма на дијамант

Најважно



Најмалку важно






Исто така, бидете свесни и за стереотипите. Играњето улоги го изразува она што го мислат учесниците за другите луѓе преку нивната „способност“ да глумат и да ги имитираат. Токму ова ги прави овие активности многу забавни! При резимирањето, корисно е да се праша: „Дали мислите дека луѓето кои ги глумите се вистински такви?“ Секогаш е едукативно да ги направите луѓето свесни за потребата постојано и критички да ги разгледуваат информациите; прашајте ги учесниците каде ја добиле информацијата врз која тие го развиле ликот.

## Симулации

Симулациите може да се сметаат како проширено и структурирано играње на улоги (тие не го вклучуваат истиот степен на импровизација) кое ги води учесниците кон непознати ситуации и улоги. На пример, судницата во активноста „Пристап до лекови“ (страница 91) е дефинирана и мапирана, а на учесниците им се дадени детални упатства за улогите кои ќе ги играат. Симулациите бараат високо ниво на емоционално вклучување и интелектуална способност, особено за оние кои треба да се докажуваат од гледна точка со која лично не се согласуваат.

## Форум театар

Форум театарот е интерактивна форма на театар кој ја поттикнува публиката на интеракција и истражува различни опции за тоа како да се реши проблемот или прашањето. Форум театарот (исто познат и како Театар на Боал, „Театар на угнетените“ или „Театар за развој“) беше создаден во раните 1970-ти години од Аугусто Боал, кој сакал да ја зајакне неговата публика.

Форум театарот е форма на играње улоги. Публиката гледа кратка претстава во која централниот лик открива угнетување или пречка која тој/таа не може да ја надмине; темата е претставена на начин кој е поврзан со животите на публиката. Кога ќе се одигра претставата, таа се повторува и публиката може да излезе на сцената и да предлага можни опции за тоа како протагонистот би можел да глуми. Актерите ги истражуваат резултатите од овие избори со публиката, креирајќи еден вид театарска дебата во која искуствата и идеите се повторуваат и се споделуваат, генерирајќи и солидарност и чувство на моќ.

Форум театарот е многу корисна алатка за испорачување на ОЧП, на пример, кога се истражуваат начини за решавање на проблеми или конфликти. Тој им дозволува на луѓето да стапнат на сцената и да истражуваат различни можности. На овој начин, претставата може да се користи како вежба за некој непосреден настан или да открива и анализира алтернативи во секоја ситуација – мината, сегашна или идна.

# *Аудио-визуелни методи*

## Користење слики: фотографии, стрипови, цртеж, колаж

„Една слика кажува илјадници зборови“. Визуелните слики се моќна алатка и за обезбедување на информации и за стимулирање на интерес. Запомнете дека цртежот




е важно средство за себе-изразување и комуникација, не само за оние чиј мисловен стил е визуелниот, туку и за оние чија слаба страна е вербалното изразување. Идеите за активности со користење на слики и цртежи заедно се претставени во Поглавје 2, под заеднички наслов „Играње со слики“ (страница 253).

**Совети за креирање на збирка од слики**

Сликите се повеќенаменска алатка така што добра идеја е обучувачите да имаат сопствена збирка. Слики можат да се собираат од, на пример, весници, списанија, постери, брошури за патувања, разгледници и честитки.

Исечете ги сликите, поставете ги на картичка и обложете ги со провидна, самолеплива фолија (која се продава за покривање на книги) за да ги направите трајни, лесни и пријатни за употреба. Збирката ќе изгледа како комплет, ако картичките бидат направени во една големина. А4 е идеално, но А5 е добар и практичен компромис.

Би можело да биде добра идеја, пишувањето на референтен број, позади на секоја слика и да се запишат изворот, оргиналниот наслов или други корисни информации. Според тоа, луѓето ќе ја имаат само сликата пред нив и нема да им се одзема вниманието во друга насока.

Кога избирате слики, обидете се да направите селекција на слики од север, југ, исток и запад, како и од различни природни и социјални средини. Кога избирате слики од луѓе, барајте разновидност и бидете свесни за полот, расата, способностите и недостатоците, возраста, националноста и културата. Исто, имајте го во предвид влијанието кое го имаат поединечните слики поради нивната големина и боја. Овој ефект може да ја изобличи перцепцијата на луѓето за сликата, па затоа обидете се да ја хармонизирате вашата збирка, така што ќе добиете разумен хомоген комплет.

Имајте во предвид и проверете дали има авторски права на сликите и фотографиите кои сакате да ги користите.

## Користење на филмови, видеа и радио-драми

Филмовите, видеата и радио-драмите се моќни алатки за ОЧП и се популарни меѓу младите луѓе. Дискусијата по гледањето филм треба да направи добра почетна точка за понатамошната работа. Работите за кои се зборува се почетна реакција на луѓето за филмот, колку беше вистински до „реалниот живот“, дали ликовите беа реалистично прикажани, дали тие се обидуваа да промовираат одредени политички и морални гледни точки и да не заборавиме, кои човекови права се вклучени.



Имајте во предвид да проверите дали има авторски права или некакви забрани за јавно прикажување на видеата кои сакате да ги користите. Прикажувањето пред класот или пред група млади може да се смета како јавно прикажување.

## Фотографирање, снимање филмови и видеа

Технологијата на видео-камери, дигитални камери и мобилни телефони денес го прави снимањето филмови и фотографирањето достапно за сите. Сликите и филмовите на младите луѓе живописно ги покажуваат нивните гледни точки и ставови и прават одличен материјал за прикажување.

### Видео-писма

Видео-писмата се докажан начин да се срушат бариерите и предрасудите. Тие им овозможуваат на луѓето, кои инаку не се сретнале да „разговараат" лице в лице и споделуваат увиди за тоа како живеат и што им е значајно. Еден пример е британски ТВ проект, каде што една Ромка и една жителка, која живеела блиску до ромскиот камп, одбивале да разговараат една со друга. Медијаторот успеал да ги убеди да испратат серија на видео-писма една на друга. Секое започнувало со прикажување на нивните домови и со претставување на нивните семејства. Постепено, во наредните писма, тие сé повеќе откривале детали од нивните животи, предрасудите биле минимизирани и заменети со разбирање и сочувство. Секоја од нив открила дека тие имале повеќе заеднички работи отколку што можеле да замислат и на крај се согласиле да се сретнат во живо.

## *Медиуми: весници, списанија, радио, телевизија, Интернет*

Медиумите се сигурен извор за добар материјал за дискусија. Секогаш е интересно да се дискутира за начинот на кој се презентираат вестите или информациите и да се анализираат предрасудите и стереотипите. Понатамошните дискусии можат да вклучат теми како што се сопственост на медиумите, политичко изобличување, цензура и слобода на изразување. Активноста „Насловна страна", на страница 185, е специфична за овие теми, а повеќе идеи ќе најдете во информациите за медиумите на www.coe.int/compass. Уште еднаш, проверете со сигурност дали има авторски права на материјалите кои сакате да ги користите.

***Фусноти***

[1] Нагласени зборови од страна на уредниците
[2] Препорака CM/REC (2010)7 од Советот на министри за Повелбата за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права при Совет на Европа
[3] http://www.amnesty.org/en/human-rights-education
[4] Betty A. Reardon: Образование за човеково достоинство-Учење за правата и одговорностите, Прес при Универзитет од Пенсилванија, 1995
[5] www. fra.europa.eu (достапна од 13 октомври 2010)
[6] Резолуција од Советот на Министри за младинска политика при Советот на Европа, CM/Res (2008)23 Обединети Нации, План за дејствување на Светската програма за образование за човекови права – прва фаза, Женева, 2006
[7] Броевите на Eurostat за декември 2009 – ново издание наEurostat 16/2010 од 29 јануари 2010
[8] Погледни за пример, Backman, E. & Trafford, B. (2006) Демократско управување во училиштата, Стразбур: Совет на Европа
[9] Глобални образовни насоки – Концепти и методологии за глобално образование за едукатори и креатори на политика, Центар Север-Југ при Советот на Европа, 2008.
[10] Втората европска, младинска кампања за разновидност, човекови права и учество - Сите различни-сите еднакви – се одвиваше во 2007-2008.
[11]Тренинг пакетите „Основи на тренингот" и „Организационен менаџмент" овозможуваат корисни стартни точки за стиловите на учење и ставовите на тренерите и обучувачите. Т-пакетот „Организационен менаџмент", Издвашто на Совет на Европа, 2000. Може да се преземе од www.youth-partnership-eu.coe.int
Gollob, R. , Krapf, P. , Ólafsdóttir, Ó., и Weidinger, W (2010) Образование за демократија: Материјали за демократско граѓанство и образование за човекови права. Стразбур: Совет на Европа
[12] Brett, P., Mompoint-Gaillard, P. и Salema M.H. (2009) Како сите наставници можат да го поддржат граѓанството и образованието за човекови права: рамка за развој на компетенциите. Стразбур: Совет на Европа

# Поглавје 2

# Практични активности и методи за образование за човекови права

## Содржина на активностите


| | Сложеност | Деца | Граѓанство и учество | Култура и спорт | Демократија | Попреченост | Дискриминација и нетолеранција | Образование | Животна средина | Род | Општи човекови права | Глобализација | Здравје | Медиуми | Миграции | Мир и насилство | Сиромаштија | Вероисповед и убедување | Сеќавање | Војна и тероризам | Работа | Страница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 работи | 2 | | | | | | | | ✓ | | | | | | ✓ | | | | | ✓ | | 82 |
| Џамија во Слипивил | 2 | | ✓ | | | | ✓ | | | | | | | | | | | ✓ | | | | 85 |
| Пристап до лекови | 4 | | | | | | ✓ | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | | | 91 |
| Да одглумиме | 2 | ✓ | ✓ | | | | | | | | ✓ | | | | | | | | | | | 98 |
| Сите еднакви-сите различни | 2 | | | | | | ✓ | | | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | 101 |
| Приказната на Ашик | 2 | ✓ | | | | | | | | | | ✓ | | | | | | | | | ✓ | 104 |
| Верници | 3 | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | | | | | ✓ | | | | 109 |
| Внимавајте, ве набљудуваме | 3 | | ✓ | | | | | | ✓ | | | ✓ | | ✓ | | | | | | | | 114 |
| Дали може да влезам? | 3 | | | | | | ✓ | | | | | | | | ✓ | | | | | | | 119 |
| *Чахал против Велика Британија* | 4 | | | | ✓ | | | | | | | | | | ✓ | | | | | ✓ | | 124 |
| Промени ги твоите очила | 2 | | | | | ✓ | | | | | | | | | ✓ | | ✓ | | | | | 130 |
| Детски права | 2 | ✓ | | | | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | | | | | 134 |
| Различни плати | 2 | | | | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | | | | | ✓ | 139 |
| Дали имаме алтернативи? | 3 | ✓ | | | | | | | | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | 144 |
| Домашни работи | 3 | | | | | | | | | ✓ | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | 148 |
| Доста! | 4 | | | | | | ✓ | | | | | | | | | | | ✓ | ✓ | | | 155 |
| „Нацртај го зборот"-игра | 1 | | | | | | | | | | ✓ | | | | | | | | | | | 160 |
| Образование за сите? | 2 | ✓ | ✓ | | | | | ✓ | | | | | | | | | | | | | | 162 |
| Избори | 2 | | ✓ | | ✓ | | | | | | | | | | | | | | | | | 168 |
| Борци за права | 2 | | ✓ | | | | | | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | | 171 |
| Прсти и палци | 4 | | | | | | | | ✓ | | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | 177 |
| Моќ на цвеќето | 2 | ✓ | | | | | | | | | | | | | | | | ✓ | | | | 181 |
| Насловна страница | 3 | | | | | | | | ✓ | | | ✓ | | ✓ | | | | | | | | 185 |
| Хероини и херои | 2 | | ✓ | | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | | | | | | 190 |
| Колку нам ни е потребно? | 3 | | | | | | | ✓ | | | | | ✓ | | | | | | | ✓ | | 193 |
| Јас сакам да работам! | 3 | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | | | | | | | | ✓ | 199 |
| Само една минута | 2 | | | ✓ | | | | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | | | | 205 |
| Јазична бариера | 2 | | | | | | ✓ | | | | | | | | ✓ | | | | | ✓ | | 209 |
| Да се чуе сечиј глас | 2 | ✓ | ✓ | | | | | ✓ | | | | | | | | | | | | | | 213 |
| Ајде да зборуваме за секс! | 4 | | | | | | ✓ | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | | | 217 |
| Ловење на китови | 4 | | | ✓ | | | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | | | | 221 |
| Поврзување | 4 | | ✓ | | ✓ | | | | | | ✓ | | | | | | | | | | | 229 |
| Етикети за спомени | 2 | | | ✓ | | | | | | | | | | | | ✓ | | | ✓ | ✓ | | 233 |
| Мојот живот не е шоу! | 3 | | | | | | | ✓ | | | | | | ✓ | | | | | | | | 238 |
| На скалата | 3 | | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | | | | | | | | | | | 242 |
| Нашите иднини | 2 | ✓ | | | | | | | ✓ | | | | ✓ | | | | | | | | | 246 |
| Пат до земјата на рамноправноста | 2 | | | | | | ✓ | ✓ | | ✓ | | | | | | | | | | | | 250 |
| Играње со слики | 1 | | | | | | | | | | ✓ | | | | | | | | | | | 253 |
| Електрична централа | 3 | | ✓ | | | | | | | | ✓ | | | | ✓ | | | | | | | 257 |
| Одговорајќи на расизмот | 3 | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | | | ✓ | | | | | | 260 |
| Бинго на правата! | 1 | | | | | | | | | | ✓ | | | | | | | | | | | 266 |
| Трка за богатство и моќ | 3 | | | | | | | | | | | ✓ | ✓ | | | | ✓ | | | | | 269 |
| Видете ја способноста! | 2 | ✓ | | | | ✓ | ✓ | | | | | | | | | | | | | | | 273 |
| Наскоро ќе бидат застарени | 2 | | | | | | | ✓ | | | | ✓ | | | | | | ✓ | | | | 278 |
| Спорт за сите | 2 | | | ✓ | | ✓ | | | | | | | ✓ | | | | | | | | | 282 |
| Направи еден чекор напред | 2 | | | | | | ✓ | | | | ✓ | | | | | | ✓ | | | | | 287 |
| Приказна за два града | 4 | | ✓ | | | | | | ✓ | | | | | | | | | | | | ✓ | 292 |
| Тероризам | 2 | | | | | | | | | | | ✓ | | | | ✓ | | | | ✓ | | 301 |
| Фрлање камења | 2 | ✓ | | | | | | | | | | | | | | ✓ | | | | ✓ | | 305 |
| Временски рамки | 3 | | | | | | | | | | ✓ | | | | | | | ✓ | ✓ | | | 308 |
| Да се гласа или да не се гласа? | 4 | | ✓ | | ✓ | | | | | | ✓ | | | | | | | | | | | 312 |
| Состанокот на синдикатот | 3 | | ✓ | | ✓ | | | | | | | | | | | | | | | | ✓ | 318 |
| Насилство во мојот живот | 3 | | | | | | | | | | | | ✓ | | | ✓ | | | | ✓ | | 323 |
| Мрежа на животот | 2 | | | | | | | | ✓ | | | ✓ | ✓ | | | | | | | | | 326 |
| Кога ќе дојде утре | 2 | | | | | | | | | | | ✓ | | ✓ | | ✓ | | | | | | 330 |
| Каде стоиш ти? | 2 | | ✓ | | | | | | | | ✓ | | | | | | ✓ | | | | | 335 |
| Кои сме јас? | 2 | | | | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | | ✓ | | | | 338 |
| Работа и бебиња | 2 | | | | | | ✓ | | | ✓ | | | | | | | | | | | ✓ | 341 |
| Календар на човековите права | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 344 |
| Игри за загревање | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 351 |
| Активности за разгледување | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 356 |

# Синоптичка табела на активностите

| Наслов | Теми | Резиме | Поврзани права |
|---|---|---|---|
| **3 работи** | • Миграции<br>• Војна и тероризам<br>• Животна средина | Оваа активност користи дискусија и рангирање во форма на дијамант за да им помогне на луѓето да сфатат како изгледа кога некој одеднаш треба да го напушти својот дом. | Право да се бара азил во други земји од прогон. Слобода на вероисповед и верување. Слобода на мислење и информирање. |
| **Џамија во Слипивил** | • Вероисповед и убедување<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Граѓанство и учество | Оваа активност го истражува спорот околу градењето на нова џамија во традиционално христијанска област, преку симулација на состанок на градското собрание. | Слобода од дискриминација. Слобода на вероисповед и убедување. Слобода на мислење и информирање. |
| **Пристап до лекови** | • Здравје<br>• Глобализација<br>• Дискриминација и нетолеранција | Оваа активност е симулација која се базира на судењето за „Лекот за ХИВ/СИДА“ во Јужна Африка, во 2001. Таа упатува кон темите за ХИВ/СИДА, пристапот до лекови и конфликтно барање на правата. | Право на живот и достоинство. Право на заштита на моралните и материјалните интереси кои резултираат од науката. Право на здравствена заштита. |
| **Да одглумиме** | • Општи човекови права<br>• Деца<br>• Граѓанство и учество | Низ оваа драмска активност, учесниците ги претставуваат нивните перцепции за концептот на човековите права. | Сите човекови права. |
| **Сите еднакви-сите различни** | • Дискриминација и нетолеранција<br>• Глобализација<br>• Медиуми | Ова е краток квиз, доволно провокативен за да биде интересен, но, исто, е основа за ефективна групна дискусија за перцепциите и стереотипите. | Еднаквост во достоинството. Право на правата и слободите без каков и да е исклучок. Право на националност. |
| **Приказната на Ашик** | • Деца<br>• Работа<br>• Глобализација | Оваа е активност со дискусија. Почетната точка е студија на случај дете-работник. Учесниците ги истражуваат аспектите на детскиот труд, причините и како тоа да се запре. | Заштита од економска експлоатација. Право на образование. Право на одмор и слободно време. |
| **Верници** | • Вероисповед и убедување<br>• Култура и спорт<br>• Дискриминација и нетолеранција | Учесниците ги споредуваат и ги спротивставуваат нивните различни убедувања. | Слобода на убедување и вероисповед. Слобода на мислење и информирање. Слобода од дискриминација. |
| **Внимавајте, ве набљудуваме** | • Глобализација<br>• Животна средина<br>• Граѓанство и учество | Во оваа активност, учесниците учат за социјалните, економските и еколошките трошоци за една памучна маица. Потоа тие планираат и применуваат акција со која укажуваат како да се реши кршењето на човековите права. | Право на посакувана работа и вклучување во синдикати. Право на соодветен животен стандард. Право на сигурна и здрава животна средина. |
| **Дали може да влезам?** | • Миграции<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Мир и насилство | Оваа е активност со играње на улоги за една група бегалци кои се обидуваат да избегаат во друга земја. Го истакнува страдањето на бегалците, како и социјалните и економски аргументи за давање и одбивање азил. | Право да се бара азил во други земји. Право на забрана за присилно протерување и враќање. Слобода од дискриминација. |
| ***Чахал против Велика Британија*** | • Војна и тероризам<br>• Мир и насилство<br>• Демократија | Симулација (мини судење) кое изгледа како вистински случај што се појави пред Европскиот суд за човекови права. | Слобода од мачење. Право да се бара азил. Право на праведно јавно сослушување. |
| **Промени ги твоите очила** | • Сиромаштија<br>• Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост<br>• Миграции | Оваа е многу едноставна вежба на отворено која може да се користи како информална образовна активност. Учесниците одат надвор и истражуваат наоколу преку очите на некој друг. | Сите права. |

| Наслов | Теми | Резиме | Поврзани права |
|---|---|---|---|
| **Детски права** | • Деца<br>• Општи човекови права<br>• Образование | Оваа активност користи рангирање во форма на дијамант за да се промовира свесноста и дискусија за Конвенцијата за правата на детето. | Права на детето (сите). Право на слободно изразување на погледите за сé што го засегнува него/неа. Право на заштита од економска експлоатација. Право на одмор и слободно време и да се ужива во сопствената култура. |
| **Различни плати** | • Работа<br>• Род<br>• Дискриминација и нетолеранција | Ова е симулација која ги соочува луѓето со реалноста во пазарот на трудот. Ги истакнува прашањата за различните плати за исто работно место, дискриминација на работно место и политика на мали плати за млади работници. | Право на посакувана работа и вклучување во синдикати. Право на праведни плати и еднаква плата за еднаква работа. Право да не се биде дискриминиран/а врз основа на возраст и пол. |
| **Дали имаме алтернативи?** | • Мир и насилство<br>• Деца<br>• Здравје | Оваа е активност со играње на улоги и опфаќа прашања за меѓусебно насилство и врсничко насилство (булинг). | Право на достоинство. Право на заштита од сите форми на физичко и ментално насилство. |
| **Домашни работи** | • Род<br>• Мир и насилство<br>• Здравје | Учесниците дискутираат студии на случај за да ги анализираат причините и начините да се спречат различните типови на семејно насилство. | Право на живот, слобода и лична сигурност. Слобода од мачење и деградирачки третман. Право на еднаквост пред законот. |
| **Доста!** | • Сеќавање<br>• Војна и тероризам<br>•Дискриминација и нетолеранција | Во оваа активност учесниците планираат и спроведуваат еден акционен проект за подигање на свесноста за Ромите – жртви на Холокаустот. | Право на недискриминација. Право на живот. Културни права. |
| **„Нацртај го зборот“-игра** | • Општи човекови права | Оваа е тимска игра во која луѓето треба креативно да цртаат за да претставаат некој збор поврзан со човековите права. | Слобода за мислење и изразување. Слобода на мислата. Еднаквост во достоинство и права. |
| **Образование за сите?** | • Образование<br>• Деца<br>• Граѓанство и учество | Во оваа активност учесниците треба да ги пронајдат и да ги спојат паровите карти онака како што размислуваат во врска со нееднаквите можности за образование во светот и како да се постигне „Образование за сите“. | Право на образование. Право на целосен физички, ментален, духовен, морален и општествен развој. Право на еднаквост. |
| **Избори** | • Демократија<br>• Граѓанство и учество<br>• Општи човекови права | Оваа е активност која се базира на дискусија и укажува на права и одговорности поврзани со демократијата и демократска дискусија. | Право да се учествува во управување и на слободни избори. Слобода на мислење и изразување. Слобода на мислата. |
| **Борци за права** | • Општи човекови права<br>• Медиуми<br>• Граѓанство и учество | Оваа активност користи картички со информации за да го поттикне интересот за борците за човекови права. | Слобода на мислење и изразување. Право на еднаквост пред законот и право на праведно судење. Слобода од мачење и деградирачки третман. |
| **Прсти и палци** | • Животна средина<br>• Мир и насилство<br>• Миграции | Ова е симулација на натпревар за да се пронајде најзелената младинска група. Дали тие ќе бидат искрени или ќе мамат? | Право на еднаквост пред законот. Право на живот и опстанок. Право на меѓународен поредок во кој правата и слободите можат да бидат остварени во целост. |
| **Моќ на цвеќето** | • Општи човекови права<br>• Вероисповед и убедување<br>• Деца | Оваа е креативна активност која води кон дискусија за општите човекови права: кои се тие, зошто постојат и како треба да ги заштитуваме. | Сите. |

| Наслов | Теми | Резиме | Поврзани права |
|---|---|---|---|
| **Насловна страница** | • Медиуми<br>• Глобализација<br>• Животна средина | Ова е симулација на група новинари кои работат на подготовката на насловната страна од нивниот весник, кој е готов за печатење. | Право на слобода на мисла, мислење и изразување. Слобода од мешање во приватноста, семејството, домот и преписките. Право на учество во културниот живот на заедницата. |
| **Хероини и херои** | • Род<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Граѓанство и учество | Оваа активност вклучува индивидуална, работа во мали групи и работа со целата група, бура на идеи и дискусија за хероините и хероите како симболи на социјализацијата и културата и за тоа како родовите стереотипи имаат свои корени во историјата, културата и секојдневниот живот. | Право на еднаквост. Слобода од дискриминација. Слобода на мислење и изразување. |
| **Колку ни е потребно?** | • Војна и тероризам<br>• Здравје<br>• Образование | Оваа активност вклучува дискусија и донесување одлуки. Додека работат во мали групи, учесниците одлучуваат како да ги прераспределат парите од глобалниот воен буџет за да го пополнат недостатокот на финансиски средства за осум од Целите за одржлив развој. | Право на живот, слобода и лична сигурност. Право на развој. Право на соодветен животен стандард. Права на здравствена заштита и образование. |
| **Јас сакам да работам!** | • Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост<br>• Работа<br>• Дискриминација и нетолеранција | Оваа активност користи играње на улоги за да се истражуваат прашањата за правото на вработување на луѓе со попреченост. | Право на работа. Право да не се биде дискриминиран/а. Право на соодветен животен стандард. |
| **Само една минута** | • Култура и спорт<br>• Глобализација<br>• Општи човекови права | Во оваа активност, луѓето мора да се брзи и инвентивни и да зборуваат една минута за односот помеѓу спортовите и човековите права. | Сите. |
| **Јазична бариера** | • Миграции<br>• Војна и тероризам<br>• Дискриминација и нетолеранција | Ова е симулација за тешкотиите со кои се соочуваат бегалците кога бараат азил. Темите ги вклучуваат фрустрациите и емоционалните фактори со кои се соочуваат бегалците, надминувањето на јазичната бариера и дискриминацијата за време на процедурата на аплицирање. | Право да се бара и да се ужива азил. Право да не се биде дискриминиран врз основа на етничка припадност или земја на потекло. Право на невиност додека не се докаже вината. |
| **Нека се чуе сечиј глас** | • Образование<br>• Граѓанство и учество<br>• Деца | Ова е вежба со дискусија во мали групи и пленарно, за тоа што е образование и како тоа ги пресретнува или не ги пресретнува потребите на човекот, како и за процесите на донесување одлуки. | Право на образование, вклучувајќи и право на образование за човекови права. Слобода на мислење и изразување. Право да се учествува во владата на својата земја. |
| **Ајде да зборуваме за секс!** | • Род<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Здравје | Оваа активност користи техника „аквариум“ за да се истражат ставовите за сексуалноста, вклучувајќи ја и хомофобијата. | Право на еднаквост. Слобода од дискриминација. Слобода за изразување и здружување. |
| **Ловење на китови** | • Култура и спорт<br>• Жиивотна средина<br>• Глобализација | Оваа активност вклучува работа во мали групи, играње улоги, дискусија и градење консензус за прашањата за одржливата корист од морските ресурси и правата на домородните народи, слободно да го одредат нивниот економски, социјален и културен развој. | Право да се учествува во културниот живот на заедницата. Право на храна и пристап до природни ресурси. Право на живот, слобода и лична сигурност. |
| **Поврзување** | • Граѓанство и учество<br>• Демократија<br>• Општи човекови права | Оваа активност вклучува преговори за правата и одговорностите на граѓаните, владата, невладините организации и медиумите во демократија. | Право на учество во владата и на слободни избори. Слобода за информирање и изразување. Секој има должности кон заедницата. |

| Наслов | Теми | Резиме | Поврзани права |
|---|---|---|---|
| **Етикети за спомени** | • Сеќавање<br>• Војна и тероризам<br>• Култура и спорт | Учесниците колективно креираат „облак со етикети“ за да ги претставаат нивните мисли и чувства, предизвикани од воените споменици. | Право на живот, слобода и сигурност на поединецот. Право да се учествува во културниот живот. Слобода на мислата и совест. |
| **Мојот живот не е шоу!** | • Медиуми<br>• Мир и насилство<br>• Образование | Оваа активност има цел да ја развие свеста на луѓето за злоупотребата на информатичко-комуникациската технологија, а особено за сајбер-булингот. | Право на слобода на мисла, мислење и изразување. Слобода од мешање во приватност, семејство, дом и преписки. Слобода од нечовечки или деградирачки третман. |
| **На скалата** | • Граѓанство и учество<br>• Демократија<br>• Култура и спорт | Оваа активност вклучува играње на улоги и дискусија. Учесниците размислуваат за значењето на младинското учество и ги дискутираат начините за зголемување на сопственото учество во локалната заедница. | Право на учество во влада и на слободни избори. Право на учество во културниот живот. Слобода на мислење и информирање. |
| **Нашите иднини** | • Деца<br>• Животна средина<br>• Здравје | Во оваа активност, учесниците ги цртаат, ги разгледуваат и ги дискутираат нивните надежи и грижи за иднината на нивната генерација. Темите вклучуваат прашања од животната средина кои ги погодуваат идните генерации, локален развој и потреби на луѓето. | Право на мислење и пристап до информации. Право да бидат слушнати сите прашања во врска со најдобриот интерес на детето. Право на пристоен животен стандард. |
| **Пат до земјата на рамноправноста** | • Род<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Образование | Оваа активност вклучува работа во мали групи, имагинација и цртање за да се истражуваат прашања за родовата рамноправност и дискриминацијата врз жените. | Слобода од дискриминација врз основа на пол и род. Право на брак и семејство. Право на еднаквост пред законот. |
| **Играње со слики** | • Општи човекови права | Во оваа активност луѓето идентификуваат сликите кои илустрираат членови од Универзалната декларација за човекови права. | Сите. |
| **Електрична централа** | • Мир и насилство<br>• Граѓанство и учество<br>• Општи човекови права | Учесниците со бура на идеи наведуваат чинови на насилство што се вообичаени во нивниот секојденевен живот, а потоа бараат креативни начини за справување со нив и изнаоѓање решенија за проблемите. | Право на живот, слобода и лична сигурност. Слобода од дискриминација. Слобода од мешање во приватноста, семејството, домот и кореспонденцијата. |
| **Одговорајќи на расизмот** | • Дискриминација и нетолеранција<br>• Култура и спорт<br>• Мир и насилство | Во оваа активност учесниците играат улоги во критичен инцидент за да истражуваат прашања за расизам, стереотипи и културни разлики, застапеност на некои форми на расизам и предрасуди, особено против Ромите, како и справување со расизмот во училиштето или во други образовни организации. | Еднаквост во достоинството и правата. Слобода од дискриминација. Слобода на мисла, совест и вероисповед. |
| **Бинго на правата!** | • Општи човекови права | Ова е едноставен квиз и варијација на играта „Бинго!“ во која луѓето го споделуваат своето знаење и искуства за човековите права. | Сите човекови права. |
| **Трка за богатство и моќ** | • Сиромаштија<br>• Глобализација<br>• Здравје | Оваа активност симулира борба за богатство и моќ, нееднаквоста и неправдата на сиромашните. | Еднаквост во достоинството и правата. Право на соодветен животен стандард. Право на здравствена заштита, храна и засолниште. |
| **Видете ја способноста!** | • Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Деца | Практична активност за поттикнување емпатија кон луѓето со попреченост. Прашањата ги вклучуваат пречките со кои се соочуваат луѓето со попреченост при нивното интегрирање во општеството и перцепциите на правата на луѓето со попреченост како основни човекови права. | Право да не се биде дискриминиран/а. Еднаквост во достоинството и правата. Право на социјална сигурност. |

| Наслов | Теми | Резиме | Поврзани рпава |
|---|---|---|---|
| **Наскоро ќе бидат застарени** | • Вероисповед и убедување<br>• Глобализација<br>• Образование | Во оваа активност луѓето разговараат за тоа како се развиваат верувања, како се засилуваат и како и зошто тие се менуваат со текот на времето. | Слобода на мисла, совест и вероисповед. Слобода на мислење и изразување. Право на слободно учество во културниот живот во заедницата. |
| **Спорт за сите** | • Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост<br>• Култура и спорт<br>• Здравје | Ова е високо-енергетска активност. Учесниците ја користат нивната имагинација и креативност за дизајнирање нови игри. | Право на уживање во физичкото и ментално здравје. Еднаквост во достоинството и правата. Право на одмор и слободно време. |
| **Направи еден чекор напред** | • Дискриминација и нетолеранција<br>• Сиромаштија<br>• Општи човекови права | Ние сите сме рамноправни, но некои се порамноправни од другите. Во оваа активност, учесниците избираат улоги и се движат напред во зависност од нивните шанси и  можности во животот. | Право на еднаквост во достоинството и правата. Право на образование. Право на соодветен животен стандард за добро здравје и благосостојба. |
| **Приказна за два града** | • Граѓанство и учество<br>• Животна средина<br>• Работа | Ова е друштвена игра на табла во која играчите гласаат за таков град во каков што сакаат да живеат и удобностите, во кои сакаат да уживаат. Прашањата кои се адресирани се: социјална солидарност, последици од плаќање даноци и вредност на локалната демократија. | Право на социјална сигурност. Право на сопственост. Право на соодветен животен стандард. |
| **Тероризам** | • Војна и тероризам<br>• Мир и насилство<br>• Глобализација | Користејќи студии на случај, учесниците дискутираат за тоа што го прави нештото терористички чин и формулирање на дефиницијата за тероризам. | Право на живот, слобода и сигурност на поединецот. Слобода од мачење и деградирачки третман. Право на мир. |
| **Фрлање камења** | • Војна и тероризам<br>• Мир и насилство<br>• Деца | Оваа активност користи играње на улоги за да ги разгледа причините зошто луѓето се вклучуваат во насилни дејства. | Право на живот, слобода и лична сигурност. Право на признавање како личност пред законот. Право на еднаква заштита од страна на законот. |
| **Временска рамка** | • Општи човекови права<br>• Сеќавање<br>• Вероисповед и убедување | Учесниците прават колективна временска рамка на  настани кои го обележуваат развојот на концептот на правата од 2000 година п.н.е. до денес, како и претпоставки за иднината. | Право на образование, вклучувајќи и образование за човекови права. Право на живот, слобода и лична сигурност. Слобода за вероисповед и убедување. |
| **Да се гласа или да не се гласа?** | • Демократија<br>• Граѓанство и учество<br>• Општи човекови права | Оваа активност вклучува анкета на луѓето од заедницата за да се истражат прашањата во врска со гласање на избори и граѓанското учество. | Право да се учествува во владеење и право на слободни избори. Слобода на мислење и изразување. Право на мирно собирање и здружување. |
| **Состанокот на синдикатот** | • Работа<br>• Демократија<br>• Граѓанство и учество | Ова е симулација на средба помеѓу работодавачот и вработените заедно со претставници од нивниот синдикат за да преговараат за платите и работните услови. | Право на работа. Право на праведни услови за работа. Право за формирање и вклучување во синдикати. Право на штрајк. |
| **Насилство во мојот живот** | • Мир и насилство<br>• Војна и тероризам<br>• Здравје | Оваа е активност во која луѓето ги истражуваат нивните искуства во меѓучовечкото насилство. | Право на живот, слобода и лична сигурност. Слобода на мисла, совест и вероисповед. Слобода од мачење и деградирачки третман. |
| **Мрежа на животот** | • Животна средина<br>• Глобализација<br>• Здравје | Во оваа активност, со бура на идеи, учесниците ги откриваат врските во глобалната мрежа за храна. Тие ја истражуваат меѓузависноста на живите и неживите работи и влијанието на сите човечки активности врз животната средина. | Право на живот, слобода и лична сигурност. Право на слободно располагање со природните богатства и ресурси. Слобода на верување и вероисповед. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Кога ќе дојде утре** | • Мир и насилство<br>• Глобализација<br>• Медиуми | Оваа активност користи информативни листови и дискусии за да ги истражи проблемите во врска со заштита на општеството од криминалци, човекови права на криминалците и смртна казна. | Право на живот. Слобода од мачење и деградирачки третман. Право на еднаквост во достоинството. |
| **Каде стоиш ти?** | • Општи човекови права<br>• Граѓанство и учество<br>• Сиромаштија | Во оваа активност со дискусија, луѓето, буквално се залагаат за своите мислења во врска со граѓанските, политичките, социјалните и економските права. | Сите. |
| **Кои сме јас?** | • Род<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Вероисповед и убедување | Оваа активност вклучува buzz групи, бура на идеи, цртање и групна дискусија за истражување на прашања на идентитетот. | Еднаквост во достоинството и правата. Слобода од дискриминација. Право на живот, слобода и лична сигурност. |
| **Работа и бебиња** | • Работа<br>• Род<br>• Дискриминација и нетолеранција | Оваа активност е со играње на улоги, која се занимава со прашања за репродуктивни права и дискриминација на жените на работното место. | Право на посакувана работа и вклучување во синдикати. Право на брак и семејство. Слобода од дискриминација. |
| **Календар на човековите права** | • Сите | Листа на денови за одбележување на човековите права од страна на луѓето низ целиот свет; оддавање признание на борците за човекови права, сеќавање за злоупотребата на човековите права и славење на надежите и радоста. Клучните датуми се собрани од официјалните меѓународни денови на ОН, меѓународни денови признати од невладините организации и годишници од историски настани. | Сите. |
| **Игри за загревање** | • Поддршка за секого и за секоја активност од *Компас.* | Игрите за загревање, опишани овде, не помагаат само да се создаде позитивна групна атмосфера, туку имаат и функција да ги претставават идеите за човековите права на еден забавен начин. | Сите. |
| **Активности за разгледување** | • Поддршка за секого и за секоја активност од *Компас* | Прегледувањето е суштински дел од циклусот на искуствено учење, кој е основа на пристапот користен во овој прирачник за образование за човекови права. Следниве активности се лесни и забавни и им помагаат на луѓето да учат од нивните искуства. Тие можат да се користат после водењето на некоја активност од *Компас,* но не треба да бидат замена за деталното резимирање и еваулација. | Право на образование за човекови права. Право на образование. Право на учество. |

Миграции

Војна и тероризам

Животна средина

Ниво 2

Која било група

30 минути

# 3 работи

*Да се живее значи да се избере.*
*Но за да се избере добро, мора да знаеш кој си и за што се залагаш, каде сакаш да одиш и зошто сакаш таму да стигнеш.*

*Кофи Анан*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Миграции<br>• Војна и тероризам<br>• Животна средина |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | Која било (мали групи: 5-6) |
| **Време** | 30 минути |
| **Преглед** | Оваа активност користи дискусија и рангирање во форма на дијамант за да им помогне на луѓето да сфатат како изгледа кога некој одеднаш треба да го напушти својот дом. |
| **Поврзани права** | • Право да се бара азил во други земји од прогон;<br>• Слобода на религија и верување;<br>• Слобода на мислење и информирање. |
| **Цели** | • Да се развие разбирање за тоа како изгледа ненадејното напуштање на сопствениот дом;<br>• Да се вежбаат способности за донесување одлуки и градење консензус;<br>• Да се зајакне емпатијата и солидарноста кон бегалците. |
| **Материјали** | • Post-it ливчиња или мали квадратни парчиња хартија (приближно 8cm x 8cm), по 3 за секој учесник;<br>• Моливи или пенкала, по едно за секој учесник. |

## Инструкции

1. Запознајте ги со темата за миграција преку бура на идеи за тоа кои се причините за луѓето да се преселат на друго место.
2. Објаснете дека во активноста тие ќе си замислат како се присилени да ги напуштат нивните домови. Повикајте се на бурата на идеи и истакнете ги факторите кои ги притискаат луѓето да ги напуштаат домовите, на пример, војна, природни катастрофи, прогон или тероризам. Потоа, групата нека погоди колку раселени лица има во светот.
3. Потоа, замолете ги да се разместат во мали групи и дајте им мали парчиња хартија и моливи.
4. Замолете ги сите да си замислат дека одеднаш мораат да го напуштат сопствениот дом поради одредена причина и дека со нив можат да понесат само три работи. Кои три работи би ги зеле со себе? Тие треба да напишат по едно нешто на секое парче хартија.
5. Потоа, замолете го секој да ги презентира сопствените избори и да ги објасни причините за сопствените одлуки.
6. Сега, кажете им на учесниците да работат заедно и да ги дискутираат различните избори, да се обидат да дојдат до консензус и да ги наредат по приоритет работите, користејќи рангирање во форма на дијамант. (види страница 69).
7. На крај, дозволете им да разгледаат наоколу и да ги видат резултатите од работата на секоја група.

COMPASS

## Резимирање и евалуација

Започнете со резимирање како секоја група ги рангираше работите и потоа преминете на дискусија за тоа што научија учесниците и кои се последиците за човековите права.

- Дали имаше некои изненадувачки работи кои луѓето сакаа да ги понесат со нив?
- Дали беше лесно да се рангираат работите? Какви видови на различни мислења имаше во групите?
- Колку слични или колку различни беа рангирањата на групите?
- Колку практични беа луѓето? Дали тие, главно, размислуваа за нивниот физички опстанок или размислуваа и за нивните емоционални или духовни потреби?
- Колку тешко би било ако навистина треба да се напушти домот?
- Што ќе им недостига на луѓето ако тие треба да го напуштат домот?
- Дали тие познаваат некого кој го напуштил својот дом?
- Дали активноста е реалистична? Можат ли луѓето секогаш да избираат што да понесат со нив?
- А што е со децата и младите луѓе? Дали нивните посебни потреби се земаат во предвид кога нивните родители се пакуваат?
- Што можеме ние да направиме за да го свртиме вниманието кон потребите на бегалците во нашата заедница (или во светот)?
- Кои човекови права особено ги заштитуваат бегалците?

## Совети за обучувачот

Кога ја претставувате активноста, обидете се да ги натерате учесниците да размислат за миграциите во целина. Примери, зошто луѓето се преселуваат, се заради школување и работа, заради нивниот начин на живот, поплава или земјотрес, војна и прогон. На крајот од бурата на идеи, сумирајте ги различните причини, кои луѓето ги даваат за преселување, во две листи, согласно дали тие ги присилуваат да заминат (војна или прогон од татковината) или ги влечат (подобри можности за работа и школување во друга земја).

Во чекор 4, треба да поставите сценарио така што учесниците ќе работат во иста рамка. Изберете ситуација која ќе биде најсоодветна или најинтересна за групата. „Војната“ може да е предизвик, доколку никој нема директно искуство со неа, но сценарио кое вклучува терористички напад може да биде пореалистично. Обидете се да креирате сценарио кое може да биде замислено како возможно. Ако изберете „поплава“, како причина, а градот се наоѓа во долина, има смисла да се каже дека нивото на реката расте и поплавата се заканува дека ќе ги руши мостовите, а водата ќе ја поплави целата област. Од друга страна, ако живеете во ридесто или планинско место, опасност ќе има од силни дождови кои предизвикуваат свлечиште од кал кое ќе му направи штета на градот. Мора да разјасните дека луѓето треба да си замислат дека тие ги напуштаат своите домови, дека ќе немаат можност да се вратат и дека ќе се движат по долг пат и долго време, можеби и засекогаш.

Работите кои ги избираат луѓето и колку се тие практични, ќе зависи од нивната зрелост. Што ќе земат луѓето со себе, исто, зависи од многу фактори, на пример, времето, годишното време и причината зошто заминуваат. На пример, ако има поплава, а тие не знааат да пливаат, тие можеби ќе понесат нешто кое ќе го искористат како чамец. Важно е да се нагласи дека нема точни и погрешни одговори, кога се работи за личен избор и претпочитање. Може некои избори да бидат помудри и попрактични од другите.

Кога ги прашале, барателите на азил во Данска, кои ги напуштиле своите домови заради војна и прогон, сите рекле дека тие зеле пари, како прв приоритет. Пасошот или личната карта беа важни, „но ти секогаш можеш да купиш лажни документи, ако ти се потребни“ – рекоа тие. Истото важи за топла облека и храна; со пари секогаш можат да се добијат работи. За неколкумина, Библијата беше приоритет за да ги одржат нивните духовни потреби.
Предложено е да се користи рангирање во форма на дијамант и post-it ливчиња, прво, бидејќи правењето апсолутни избори е тешко и неприродно, а второ, бидејќи методот е конкретен, а

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**18 декември – Меѓународен ден на мигрантите**

**Според UNHCR, до крајот на 2010 имало:**
**-10.55 милиони бегалци**
**-14.7 милиони внатрешно раселени лица и 3.5 милиони без државјанство.**

**Забелешка:**
Постојат дефиниции и објаснувања за разликите помеѓу „бегалци“, „внатрешно-раселени лица“, „баратели на азил“ и „мигрантски работници“ во информациите за „Миграции“, во Поглавје 5, на www.coe.int/compass

ливчињата (и мислите) можат лесно да се реорганизираат, како што бара дискусијата.

## Варијации

Овој метод може да се користи за да се истражуваат ставовите на луѓето за аспекти од сите теми. На пример:

- Деца: Кои се 3 најважни карактеристики на среќно детство?
- Граѓанство и учество: Кои се 3 најважни квалитети кои му се потребни на поединецот за да живее во мултикултурна заедница?
- Култура и спорт: Кои 3 аспекти од твојата култура се најважни за тебе?
- Демократија: Кои се најважните 3 работи, потребни на земјата, за да има демократија која добро ќе функционира?
- Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост: Пристигањето е проблем на многу луѓе со попреченост. Кои би биле 3 најефективни подобрувања кои би можеле да се направат во нашиот град, на пример, за една слепа личност?
- Дискриминација и нетолеранција: Ти одиш на долго патување со воз и мора да го делиш купето со луѓе од различни земји. Одбери 3 националности кои тебе најмногу ти се допаѓаат. (Можете да ја проширите активноста со додавање, кои 3 најмалку ви се допаѓаат?)
- Образование: Промовирање на комуникација и разбирање помеѓу народите, кои 3 јазици треба да ги изучуваат децата, како светски јазици, насекаде низ светот?
- Животна средина: Кои 3 загрозени видови треба да бидат таргетирани од страна на Светската фондација за заштита на природата (WWF) во нивната следна кампања?
- Род: Именувај 3 главни причини зошто родово-базираната дискриминација сѐ уште постои.
- Глобализација: Кои 3 од Целите за одржлив развој се најважни за тебе?
- Здравје: Тутун, кокаин, алкохол, хашиш, ефедрин, Виагра? За кои 3 супстанции им се потребни повеќе информации на младите луѓе во твојата земја?
- Медиуми: Кои 3 иновации во медиумите, во последните 10 години, најмногу придонесоа за промовирање на човековите права?
- Миграции: Ако мора да ја напуштиш твојата земја, во кои 3 земји би сакал/а да живееш?
- Мир и насилство: Кои се 3 најголеми закани за светскиот мир?
- Сиромаштија: Кои 3 чекори/дејства би биле најефикасни за елиминирање на сиромаштијата?
- Религија и убедување: Кои се 3 најефективни работи кои можат да се направат при борбата во спречувањето на фундаментализмот?
- Сеќавање: Размисли за некој споменик во твојот град кој одбележува национален/историски празник. Предложете 3 начини тој настан да биде и јавно признат и документиран, да се учи од него без нарушување или злоупотреба.
- Војна и тероризам: Денес постои меѓународен договор за забрана на нагазните мини; Кои 3 оружја треба да се забранат во иднина?
- Работа: Кои 3 нарушувања на правото на пристојна работа најмногу те загрижуваат?

## Предлози за следните активности

Ако групата сака да истражува како изгледа да се напушти домот и да се бара азил, може да се искористи и активноста „Дали може да влезам?“, на страница 119 или „Јазична бариера“, на страница 209.

Размислувањето за настани од минатото ги евоцира сите спомени: ако групата сака да размислува како се евоцираат спомени од јавни воени споменици, искористете ја активноста „Етикети за спомени“, на страница 233.

## Идеи за акција

Прашајте го семејството, пријателите или колегите кои 3 работи би ги понеле со себе и отворете дискусија за човековите права и бегалците.

Најдете локална организација која работи со баратели на азил и бегалци и дознајте дали вие можете да им помогнете во нивната работа.

# Џамија во Слипивил

*Ако не се залагаш за нешто, ќе паднеш заради било што.*

*Малколм Икс*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Вероисповед и убедување<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Граѓанство и учество |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | 15-30 |
| **Време** | 2 – 2 ½ часа |
| **Преглед** | Оваа активност го истражува спорот околу градењето на нова џамија во традиционално христијанска област, преку симулација на состанок на градското собрание. |
| **Поврзани права** | • Слобода од дискриминација;<br>• Слобода на вероисповед и убедување;<br>• Слобода на мислење и информирање. |
| **Цели** | • Да се искусат реални конфликти кои можат да произлезат од потребите на различните заедници;<br>• Да се истражува правото на слобода на вероисповед и убедување;<br>• Да се развиваат вештини за дебата и анализа. |
| **Материјали** | • Листови хартија за имињата на учесниците;<br>• Флип-чарт хартија;<br>• Часовник;<br>• Малечко ѕвонче за градоначалникот. |
| **Подготовка** | • Фотокопирајте ги картичките со улоги, на страница 85, описот на проблемот и правилата за дебатата (по можност).<br>• Подгответе ги имињата за различните партии/ групи кои ќе бидат претставени на состанокот.<br>• Направете листа на различни улоги на големиот лист хартија така што секој ќе може да ги види.<br>• Бидете сигурни дека имате простор за „состанокот на Советот“ и одделен простор за различните групи, така што тие претходно ќе можат да ја дискутираат нивната позиција или да се среќаваат со другите. |

Вероисповед и убедување

Дискриминација и интолеранција

Граѓанство и учество

Ниво 2

15 - 30

2 – 2 ½ часа

## Инструкции

1. Прочитајте го описот на проблемот во прилогот на страница 89. Објаснете дека сите учесници се граѓани на Слипивил и сите се засегнати од проблемот за градењето на нова џамија на запуштено општинско земјиште.
2. Покажете им ја листата на различни улоги на учесниците и замолете ги секој да си избере улога за себе. Поделете ги картичките со улоги и опис от на проблемот и назначете каде групите претходно можат да се среќаваат и каде подоцна ќе се одржи „состанокот на Советот“.
3. Објаснете ги правилата за дебатата која ќе се користи за време на состанокот. Ова ќе го

најдете на страница 89.
4. Објаснете им дека имаат 30 минути пред состанокот, така да луѓето можат да се сретнат со другите граѓани, да го подготват она што сакаат да го кажат и да одлучат како сакаат да гласаат! Кажете им дека состанокот на Градскиот совет ќе трае 40 минути и дека ќе има малку време за говори заради бројот на луѓе, присутни на состанокот. Заради таа причина, тие треба да се обидат да подготват само една или две точки кои сакаат да ги истакнат.
5. Искористете ја подготвителната фаза за да го подготвите просторот за „состанокот на Советот". Идеално би било луѓето да седат во полукруг или во форма на потковица, со Градоначалникот на чело, во малку подигната позиција. Партиите или групите би требало да седат заедно, а имињата треба да ги наместите на предната страна од масите.
6. После 30 минути, повикајте ги граѓаните на состанок (или замолете го Градоначалникот да го направи тоа). Тој/таа треба да ги потсети луѓето за основните правила на дебатата и да одржи краток говор за да направи вовед во состанокот.
7. На крајот од состанокот, после 40 минути, Градоначалникот треба да повика на гласање. Откако ќе се избројат гласовите, а резултатот ќе биде прогласен, вие треба да најавите крај на активноста и да ги поканите луѓето да ги понесат со себе столовите и да седнат во круг за резимирање.

## Резимирање и евалуација

Започнете го кругот со повратни информации, поздравувајќи ги сите со нивните вистински имиња, или пак со користење на друга техника, дозволувајќи им на учесниците сами да излезат од улогите во симулацијата. Ова е важно да се направи пред да започне резимирањето.
Прашајте ги учесниците што чувствуваат за процесот низ кој штотуку поминаа:

- Дали беше изненаден/а од резултатот при гласањето и дали тоа ти се одрази врз позицијата на ликот кој го играше?
- Колкаво беше твоето влијание (твојата улога) врз резултатот?
- Дали интеракцијата со другите луѓе или групи ќе ти го промени пристапот или твојот став кон проблемот?
- Колку ти беше лесно да се идентификуваш со твојата улога? Зошто да или зошто не?
- Дали мислиш дека ваква ситуација може да се случи и во реалниот живот? Можеш ли да се сетиш на некои слични случаи?
- Како би реагирал/а ако ваков случај се појави во твојот град/место на живеење? Дали активноста ти го промени ставот, воопшто?
- Што подразбираш под слобода на мислата, совест и вероисповед? Дали познаваш некакви случаи во историјата (или денес) кога ова право беше негирано?
- Зошто мислиш дека верската слобода е основно човеково право?
- Што мислиш, до кој степен е ова право се почитува во твојата заедница?

## Совети за обучувачот

За време на подготвителната фаза, можеби би било корисно да проверите дали луѓето го користат времето за да се сретнат со останатите или планираат што да кажат за време на состанокот. Кога ги доделувате улогите, ќе забележите дека улогата на Градоначалникот е многу тешка и дека личноста која ќе ја игра треба да биде самоуверена при водењето на состанокот и ако е потребно, да ги скратува коментарите на луѓето со цел секој да може да зборува. Треба да поминете низ целата задача заедно со учесникот/чката, кој ќе го глуми Градоначалникот, пред самата симулација. Пожелно е, после тоа, да се обидете да го препуштите целосното водење на учесникот, кој го глуми Градоначалникот, за тој/таа да ја почувствува вашата доверба, а и учесниците да ги почитуваат неговите/нејзините одлуки, место да гледаат во вас. Се разбира, доколку се појават некои тешкотии, интервенирајте во текот на симулацијата. Ова треба да се обидете да го направите без да го намалите авторитетот на учесникот/чката која го глуми Градоначалникот.

Ако симулацијата избега од контрола, на пример, ако луѓето залутаат надвор од темата или се измислат нови информации, или ако Советот биде фатен во ќорсокак и не може да постигне договор, истакнете дека ова може да рефлектира резултат и во реалниот живот и

не значи дека активноста не успеала. Ова може да се искористи при крајот на резимирањето за да се дискутира тешкотијата за постигнување на договор за прашањата, како што се овие.

За време на разгледувањето многу е важно да се обидете да избегнете повторување на симулацијата. Луѓето треба да се обидат да се одвојат од улигите кои ги играле во активноста за да можат правило да размислуваат за тоа што поминале. Треба да им помогнете да погледнат назад во симулацијата со нивните сопствени „капи“, а не на улогите кои ги играле. За да се подготвите за разгледување и евалуација, можеби ќе сакате да ги прочитате основните информации за Религија и вероисповед.

## Варијации

Во зависнот од концептот на кој работите, посоодветно би било да ја градите активноста околу „Црква во Слипивил“ или „Храм во Слипивил“ и да ја сместите, на пример, во област со доминантно муслиманско население. Или, можеби, вие преферирате некоја друга комбинација. Вие можете да додадете и новинари на активноста со цел да добиете преглед на процесот кој е малку одвоен; сепак за ова треба да се додаде време, ако сакате новинарите да дискутираат со групата (погледни ги предлозите подолу).

## Предлози за следни активности

Дискутирајте ги аспектите за слобода од вероисповед и убедување и тензиите кои се појавуваат во вашата земја. Критични инциденти (студии на случај) во вестите можат да се искористат за добар почеток, особено за дискусија во мали групи. Можеби ќе сакате и наредна дискусија со подлабоко истражување за перцепциите на учесниците за религијата и нејзиното влијание врз животите на младите луѓе преку активноста „Верници“, на страница109.

Ако имате вклучено и новинари, можете да ги искористите нивните анализи за процесот во одделна сесија. Особено би било корисно да се погледне дали има разлики помеѓу извештаите со цел да се покренат прашања за улогата и влијанието на медиумите. Активноста „Насловна страница“, на страница 185, истражува како се формираат или менуваат мислењата, особено од страна на медиумите.

Можете да се фокусирате на развивање вештини за дебата, анализа или убедување со користење на некакви контроверзни или поларизирани изјави, кои произлегуваат за време на резимирањето и водењето на активноста „Избори“, на страница 168, а кои ќе се искористат како основа.

## Идеи за акција

Охрабрете ги учесниците да го разгледаат нивното опкружување и да истражуваат до кој степен им се почитуваат правата на различните верски заедници. Обидете се да договорите состаноци со претставници од некои од овие заедници и овозможете им да зборуваат за тоа дали тие чувствуваат дека нивните права се почитуваат.
Во зависност од контекстот каде вие и учесниците живееете или работите, како и дебатата за тековните прашања во Советот, можеби би било интересно да посетите еден состанок на Советот со цел да бидете вклучени во локалните политички дискусии кои ги се однесуваат на човековите права на сите во заедницата.

## Понатамошни информации

Правото на вероисповед во Меѓународниот закон за човекови права: Можеби ќе сакате да ги копирате информациите, дадени подолу, за луѓето од Муслиманското здружение од Слипивил и за групата за човекови права на млади жители од Слипивил.

*Европска конвенција за човекови права, член 9:*

1. Секој има право на слобода на мисла, совест и вероисповед; ова право вклучува слобода за промена на неговата вероисповед или убедување, како и слобода, или самостојно

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**21септември –** Меѓународен ден на мирот

или во заедницата со другите, јавно или приватно, да ја манифестира неговата вероисповед или убедување преку поука, проповеди, верски обреди и ритуали.

2. Слободата да се манифестира религијата или убедувањето на поединецот треба да биде предмет само доколку има ограничувања, предвидени со закон и кои се потребни во едно демократско општество во интерес на јавната безбедност, за заштита на јавниот ред, здравје и морал или за заштита на правата и слободите на другите.

*Универзална декларација за човекови права, член 18:*
Секој има право на слобода на мисла, совест и вероисповед; ова право вклучува слобода за промена на неговата вероисповед или убедување, како и слобода, или самостојно или во заедницата со другите, јавно или приватно, да ја манифестира неговата религија или убедување преку поука, проповеди, верски обреди и ритуали...

*Конвенција за правата на детето, член 30:*
Во оние држави каде што постојат етнички, религиозни или јазични малцинства или лица со домородно потекло, на детето, кое припаѓа на такво малцинство или кое има домородно потекло, не треба да му се ускрати правото, во заедницата со другите членови на неговата/нејзината група, да ужива во сопствената култура, да се изјаснува и да ја практикува неговата/нејзината вероисповед или да го користи неговиот/нејзиниот јазик.

Иако оваа симулација е фиктивен настан, постојат многу слични спорови кои се однесуваат на градењето на верски објекти за религиозни малцинства низ Европа и пошироко. Во ноември 2009 година, со национален референдум, одобрен е уставен амандман за забрана на идна изградба на минариња во Швајцарија. Резултатот од овој референдум го наруши правото на Муслиманите да ја манифестираат нивната вера јавно, преку богослужба, поуки, проповеди и верски обреди и ритуали, кое е интегрален дел од правото на слобода на мислата, совест и религија. Во продолжение, постои растечки тренд низ бројни европски и други држави кои неодамна ги прифатија законските предлози за забрана за носење на исламски вел (бурка, никаб или хиџаб) во јавност, кое исто така, формира основа за дискриминација врз основа на религија. Член 19 - Глобална кампања за слободно изразување е организација за човекови права која објави правен коментар за забраните за покривање на целото лице и човекови права (www.article19.org). Вие можеби ќе сакате да направите истражување за прашањата со кои сега се соочуваат верските малцинства во Европа.

Оваа активност е развиена од активноста „Џамија во Слипивил“ во **Companion**, водич во кампања за образование и учење за промени во Различност, човекови права и учество, издаден од Советот на Европа. Активноста беше инспирирана од Susanne Ulrich. 2000. *Achtung(+) Toleranz – Wege demokratischerKonflikt-lösung.* Verlag Bertelsmann Stiftung

**Листа на учесници на состанокот**

Обидете се да одржите баланс за да имате ист број на претставници за секоја политичка партија и ист број во секоја група на граѓани. „Обични граѓани“ можете да имате колку сакате.

- Градоначалник на Слипивил
- Членови на градскиот совет: Треба да се претставени 3 партии. Можете да имате 1 или 2 луѓе во секоја партија
- „Групата за човекови права на млади жители од Слипивил!“: 2 или 4 претставника
- Здружение „Минато и сегашност“: 2 или 4 претставника
- „Муслиманско здружение од Слипивил“: 2 или 4 претставника
- Обични граѓани: колку што е потребно
- По избор: 1 или 2 новинари кои ќе известуваат од состанокот

**Правила на дебатата**

Можеби ќе сакате да ги промените овие правила согласно со големината на вашата група и времето кое го имате.

- Состанокот ќе го води градоначалникот и неговата/нејзината одлука за сите работи е конечна.
- Ако сакаш да зборуваш, крени рака и добиј дозвола од градоначалникот.
- Коментарите треба да се кратки и не подолги од 2 минути.
- Состанокот ќе заврши после 40 минути, со гласање дали треба да се изгради или да не се изгради џамијата.
- Секој кој е присутен на состанокот е повикан да зборува на дебатата и да гласа на крајот.

## Картички со улоги

## Прилози

**Џамија во Слипивил (за сите учесници)**

Ти живееш во живописниот град Слипивил, град со околу 80,000 луѓе. Во последните години, населението радикално се промени, делумно бидејќи младите луѓе најчесто се обидуваат да се преселат во поголемите градови каде што можностите за работа се подобри, но исто така, бидејќи во регионот дојдоа голем број имигрантски семејства, повеќето од муслиманските земји. Некои од овие семејства биле тука 3 генерации, но тие сé уште се третираат со сомнеж како „новодојдени“ од страна на многу луѓе во градот. Денес тие изнесуваат 15% од целокупното население.

Прашањето, кое сега го подели градот, е желбата на муслиманите од Слипивил да имаат џамија, изградена на парче запуштено општинско земјиште кое му припаѓа на Советот. Оваа земјиште со години стои необработено и со години е извор на поплаки до Советот: блиску е до главната улица за пазарување, која е област каде вандализмот и користењето дроги се редовен проблем.

Кога еден богат бизнисмен се понуди да го преземе проблемот од Советот, Градоначалникот помисли дека неговиот/нејзиниот среќен ден дојде! Советот подготвено се согласи да се откаже од земјиштето и да финансира 20% од трошоците за конструкција на нова џамија на местото. Останатите 10% од градежните трошоци, кои бизнисменот нема да ги покрие, ќе бидат финансирани од припадниците на муслиманската заедница. Градењето беше планирано да започне оваа недела... но, Советот беше преплавен од поплаки од налутени граѓани кои беа против објектот. Тие свикаа специјален состанок, на кој сите беа повикани, за да го решат ова прашање. Состанокот ќе трае 30 минути.

**Картичка со улога: Градоначалникот на Слипивил**

Ти си претседател на собранието и тоа ќе биде твојата улога. Штом почне состанокот, им посакуваш добредојде на учесниците и ги потсетуваш на правилата за дебатата. За време на состанокот, треба да се обидеш да им дозволиш да зборуваат сите – и не треба да дозволиш некој да зборува премногу долго! Ти си многу загрижен/а за лошиот публицитет кој го привлече овој случај и планираш да се обидеш, пред состанокот, да зборуваш со некои од групите и да се обидеш да ги убедиш да ја омекнат нивната позиција.

**Картичка со улога: Член на градскиот совет: Традиционална партија (1 или 2 луѓе)**

Вие ја претставувате Традиционалната партија на Градскиот совет и вие сте многу против џамијата. Вие не мислите дека е во ред општинското земјиште и општинските ресурси да се трошат за верски објект кој не ги почитува традициите на оваа земја и овој град. Вие чувствувате дека имигрантските семејства се привилегирани со тоа што им е дозволено да живеат овде и тие не треба да се обидуваат да ги менуваат различните животни стилови во земјата, во која се гости. Исто така, вие сте загрижени дека џамијата би можела да биде место за средба и регрутирање на терористи.

**Картичка со улога: Член на градскиот совет: Популистичка партија (1 или 2 луѓе)**

Вие ја претставувате Популистичката партија на Градскиот совет. Вие ја поддржувате оригиналната одлука за изградба на џамија, делумно и заради тоа што сте сфатиле дека муслиманската заедница е добра за економијата на градот и вие не сакате да ги оттуѓувате. Но, вие сте многу загрижени заради поплаките од граѓаните и не сакате да креирате непотребен конфликт во заедницата. Вие, исто така, сте загрижени за вашето место во идните избори во Советот, па така вие, најверојатно, би ја поддржале најмалку контроверзната опција.

**Картичка со улога: Член на градскиот совет: Разновидна партија (1 или 2 луѓе)**

Вие ја претставувате Разновидната партија на Градскиот совет. Вие верувате дека релативно голем број луѓе од различни делови на светот придонесуваат за културата и интересите на Слипивил и чувствувате дека е неправедно градот да им ја ускратува можноста на овие луѓе да ја практикуваат нивната религија долго време. Вие, исто, можете да видите дека запуштеното земјиште предизвикува социјални проблеми во градот и дека во моментот, Советот нема пари сам да го развие.

**Картичка со улога: Членови на Здружението „Минато и сегашност“ од Слипивил (2 или 4 луѓе)**

Вие сте една од главните групи кои се против џамијата. Вашите членови се од традиционални (немуслимански) заедници во Слипивил и вие мислите дека е многу важно да се задржи древниот карактер на градот, каде што повеќето од вас живеете цел живот. Местото, кое е предложено за џамија, е централно и е видливо од повеќе места во центарот на градот. Особено, џамијата може да го блокира погледот врз главната црква од градскиот плоштад. Вие чувствувате дека карактерот на вашиот роден град комплетно се променил заради заедницата која пристигнала тука неодамна. Не гледате зошто луѓето кои пристигнале во оваа земја, од некое друго место, не ги прифаќаат истите правила кои вие овде ги имате.

**Картичка со улога: Членови на Младинската акциска група „Млади граѓани од Слипивил за човекови права“ (2 или 4 луѓе)**

Вашата група е формирана за да се решат некои од најлошите проблеми на младите луѓе од Слипивил денес. Вие го гледате градењето на џамијата како решение и за потребите на муслиманската заедница за верски објект, како и решение на бројни социјални проблеми кои се резултат од запуштеноста на земјиштето веќе подолго време. Вие го поддржувате градењето на оваа џамија, но вие сте загрижени дека други социјални проблеми би можеле да се запоставаат од страна на Советот, ако треба да придонесе во изградбата. Посебно, буџетот за млади, во последните 5 години, бил сведен на ниво кое не може да ги исполни потребите на младите луѓе во градот.

**Картичка со улога: Членови на „Муслиманското здружение на Слипивил“ (2 или 4 луѓе)**

Со години барате од Советот да ви се обезбеди место за верски објект, но секогаш бевте одбивани врз основа на финансии. Вие чувствувате дека е неправедно да се бараат 10% за трошоците за градење од муслиманската заедница, во време на тешки економски услови за многу луѓе и кога христијанската заедница има 11 различни места за богослужба и тие се користат од далеку помалку луѓе од оние кои би ја користеле џамијата. Вие чувствувате дека придонесот кој го дава вашата заедница за градот не се цени, вашите луѓе се неправедно дискриминирани во различни аспекти од нивниот живот и дека со одбивањето на дозволата за градење на џамијата, Советот ги негира и членовите на вашата заедница и нивното основно право на верски објект и богослужба.

**Картичка со улога: Граѓани на Слипивил**

Вие сте загрижени за конфликтот кој го обзема градот Слипивил и вие сакате да одите на состанок со Градскиот совет со цел да гласате. Во моментот, вие не знаете како ќе гласате: треба да зборувате со, колку што е можно повеќе, различни групи и потоа планирате да одлучите.

# Пристап до лекови

*Заедничкиот напори, од страна на загрижените граѓани, може да доведе до промени.*

Заки Ахмат, Кампања за акција за лекување

**Теми**

• Здравје
• Глобализација
• Дискриминација и нетолеранција

**Ниво на сложеност**

Ниво 4

**Големина на групата**

16-40

**Време**

190 минути

**Преглед**

Оваа активност е симулација која се базира на судењето за „Лекот против ХИВ/СИДА“ во Јужна Африка, во 2001.
Ги обработува темите за:
• ХИВ/СИДА и пристапот до лекови;
• Како да се разрешат конфликтните спротивставувања на правата.

**Поврзани права**

•Право на живот и достоинство;
• Право на заштита на моралните и материјалните интереси кои резултираат од науката;
• Право на здравствена заштита.

**Цели**

• Да се подигне свеста за правото на здравствена заштита, особено пристапот до достапните лекови и лекување, како и превенција на ХИВ/СИДА;
• Да се развијат вештини за комуникација, соработка и градење консензус;
• Да се зајакне солидарноста и идеалите на правдата.

**Материјали**

• Флип-чарт хартија и пенкала;
• Картички со улоги за судењето;
• Инструкции за работа во мали групи, по едно за секој учесник;
• Мали картички (10см х 6см). Една црвена и една зелена за секој учесник;
• Простор за пленарна работа и работа во мали групи.

**Подготовка**

За првиот дел:
• Направете копии од картичките со улоги за судењето; потребна ви е по една картичка за секој учесник.
За вториот дел:
• Направете копии од инструкциите за работа во мали групи, по една за секој учесник.
• Направете една црвена и една зелена карта за секој учесник.

## Инструкции

Оваа активност е во два дела. Првиот дел е симулација на судењето, а вториот дел е фазата на градење консензус.

Здравје

Глобализација

Дискриминација и нетолеранција

Ниво 4

16 - 40

190 минути

**Прв дел. Судењето** (вкупно време 65 минути)
1.Поставете ја сцената. ХИВ/СИДА е многу сериозна епидемија насекаде во светот. Таа е голем проблем во Јужна Африка, каде милиони сиромашни луѓе, страдаат и непотребно умираат, бидејќи тие не можат да си ги дозволат скапите лекови, кои им се потребни. Нивна единствена алтернатива е да користат поевтини копии од лековите. Водечките фармацевтски куќи се против ова. Тие сакаат да си ги заштитат нивните права на сопственост, па ги здружуваат силите да ја спречат, која и да е држава, од фалсификување на нивните производи и нивно продавање по поевтини цени. Тие започнуваат судски процес против Владата на Јужна Африка, која дистрибуира и продава поевтини копии на лекови против ХИВ/СИДА.
2. Објаснете дека учесниците ќе бидат вклучени во симулација, во првиот дел или во прелиминарно сослушување при судењето, кое се случи во Јужна Африка во 2001 година. Прашањата се: Дали правото на сопственост е валиден аргумент за да се загрози правото на живот и достоинство на една група луѓе? Дали правата на живот и здравствена заштита се валиден аргумент за да се премине преку правото на сопственост?
3. Поделете ги учесниците во четири еднакви групи за да ги претставуваат: коалицијата на фармацевтските компании Pharma Inc., Владата на Јужна Африка, членовите на Кампањата за акција за лекување и судиите.
4. Поделете ги картичките со улоги за судењето на соодветните групи.
5. Дајте им на групите 25 минути да ги прочитаат нивните картички со улоги и да ги подготват нивните случаи и/или прашања за судењето. Секоја група мора да си избере говорник за да ја претставува групата и еден или двајца помошници кои ќе му помагаат на говорникот при одговарањето на прашањата за време на судењето.
6. Штом секоја група се подготви, повикајте ги луѓето да се вратат на пленарна сесија. Тие треба да останат во нивните четири групи.
7. Потоа, коалицијата на фармацевтските компании Pharma Inc., Владата на Јужна Африка и членовите на Кампањата за акција за лекување имаат по 5 минути да ги претстават нивните позиции и да покренат прашања. Судиите треба да ја претстават секоја група и да им дадат можност да зборуваат.
8. И самите судии имаат по 10 минути да одговорат на поставените прашања кои се појавиле во групите, да одговорат на некои процедурални прашања и да ги сумираат различните аргументи и позиции.

**Втор дел. Фаза на градење консензус** (вкупно време 100 минути)
1. Замолете ги учесниците да се поделат во мали групи, секоја по четири луѓе. Во секоја група треба да има по еден поранешен член од коалицијата на фармацевтските компании Pharma Inc., еден поранешен член од Владата на Јужна Африка, еден поранешен член на Кампањата за акција за лекување и еден поранешен судија.
2. Поделете ги копиите со инструкциите за мали групи, една црвена и една зелена карта за секој учесник. Проверете дали сите разбраа што треба да прават, дали ја знаат целта на картите во боја и како да ги користат.
3. Дајте им на групите 30 минути да се обидат да постигнат консензус за да се разрешат конфиктните спротивставувања.
4. Повикајте ги сите назад и замолете ги да дадат извештај за резултатите од нивните дискусии. Дајте им по 5 минути за презентирање на нивниот извештај. Прибележете ги главните решенија и прашања на флип-чартот.
5. Кога сите групи ќе дадат извештај за нивните позиции/решенија, преминете на дискусија за процесот на одлучување. Можете да прашате:
- Колку лесно беше да се постигне консензус?
- Кои се силни и слаби страни на овој пристап?
- Дали постоеше тензија помеѓу обидот да се донесе согласност за решение и обидот да се вклучат сите членови на групата при одлучувањето?
- Кои беа најгорливите прашања?

6. Можеби ќе сакате да ја завршите оваа фаза од активноста со читање на следниов извадок од судската пресуда, на 19 април 2001 година.
„Целта (...) да се постигне поевтин пристап до лекови (...) е благородна цел, а во контекст на епидемијата на ХИВ/СИДА, претставува уставна обврска од највисок ред поврзана со обврската на државата да ги почитува, заштитува и исполнува бројните основни човекови

права, вклучувајќи го и правото на човеково достоинство и живот (кои се сметаат за основа на сите други права) (...) Не постои заслуга за (...) предизвиците од Актот, направен од страна на апликантите (фармацевтските компании).“

## Резимирање и евалуација

Евалуацијата веќе започна за време на дискусиите во вториот дел. Сега продолжете со поттикнување на учесниците да размислуваат за целокупниот процес, а потоа идентификувајте ги прашањата за клучните човекови права за време на судењето. Клучни прашања:

- Дали учесниците слушнале за овој случај порано?
- Кои биле нивните први размислувања за случајот на почетокот од активноста?
- Како се менуваше сфаќањето на учесниците во врска со прашањата додека течеше активноста?
- Како луѓето ги споредуваат двете форми при процесот на одлучување – со надгласување или со консензус? Кој овозможува подобри резултати? Како го дефинираат успешниот резултат?
- Кои беа прашањата за клучните човекови права за време на судењето?
- Често се случува спротивставувањето на различните човекови права да се мери со другите. На кои права би им дал/а приоритет? Кој критериум би го користел/а?
- Кои се последиците од резултатот од судењето за ХИВ-позитивните луѓе во местото каде што живееш? На пример, дали има достапни генерички лекови?
- Што е направено за да се информира јавноста за ХИВ/СИДАТА во местото каде што живееш? Што друго би можело и би требало да се направи?

## Совети за обучувачот

Потребно ви е подолго време за оваа активност, бидејќи прашањата се сложени и треба подлабоко да се мисли за нив. Треба да забележите дека двата дела не треба да се водат во истиот ден; тоа може да се направи во две различни сесии.

Вие треба да објасните дека целта за користење на црвена и зелена карта е да им се помогне на луѓето да бидат свесни за тоа што помага, а што отежнува. Во идеални услови, на крајот од дискусиите и преговорите во вториот дел, сите учесници ќе покажат зелени карти и ќе се согласат со споделеното решение.

Во вториот дел, некои групи можеби ќе постигнат консензус, а други можеби не. Во дискусијата, вие треба да ја искористите можноста и да ги истражувате силните и слабите страни на консензусот при одлучувањето. Замолете ги оние групи кои постигнале консензус да истакнат што е тоа што ги зближи, а што придонесе да има разлики помеѓу нив. Забелешка: Повеќе за градењето консензус ќе најдете во информациите од Мир и насилство, во Поглавје 5, на линкот www.coe.int/compass.

Важно е да се провери тековната ситуација на луѓето во локалната заедница кои живеат со ХИВ/СИДА и да се прилагоди/поврзи активноста со прашањата кои ги засегаат. Забелешка: Името на коалицијата на фармацевтските компании, Pharma Inc, е измислена за потребите на оваа активност.

## Варијации

Вие можеби ќе сакате да креирате тим на новинари кои ќе го покријат судењето. Ќе ви бидат потребни дополнителни материјали: камери, компјутер и печатач. Ним треба да им дадете дефинирано и ограничено време да го презентираат нивниот извештај на крајот од судењето. Должината на времето ќе зависи од форматот кој тие ќе го изберат, на пример, весник, радио или ТВ или блог. Ако ја прифатите оваа варијација, ќе ви бидат потребни и картички со улоги за новинари. Исто така, ќе треба да дозволите уште дополнителни 15 минути за активноста и уште 10 минути за оценувањето на работата на новинарите.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**1 декември –** Меѓународен ден на за борба против сидата

## Предлози за следни активности

Дискутирајте ги аспектите на правото на живот и човеково достоинство во врска со правото на здравствена заштита. Критичните инциденти (стории на случај) во вестите можат да овозможат добар почеток, особено за дискусија во мали групи.
Информирајте се за прашањата за здравствените и човековите права на глобално ниво. Посетете веб страници или обезбедете публикации од клучни невладини организации (Доктори без граници - MSF, Кампања за акција за лекување - TAC, Христијанска помош, Oxfam, Save the Children) и меѓународни институции (Светска здравствена организација - WHO). Дознајте какви акции се преземени за да се промовираат здравствените прашања и направете листа на флип-чарт.
Кампањата за акција за лекување – TAC водат многу успешна кампања и сé уште се многу активни во Јужна Африка и пошироко (погледнете на линкот www.tac.org.za ). За жал, не сите кампањи се успешни во остварувањето на нивните цели како што е TAC. Можеби постојат повеќе причини за ова, но една од нив е и слабата организација и неефективниот публицитет. Групата може да ги истражува овие прашања и да ги развива нивните вештини за ефективни кампањи или преку активноста „Внимавајте, ве набљудуваме“, на страница 114 или „Доста“, на страница 155.

## Идеи за акција

Обидете се да дознаете кој промовира акции за здравствени прашања во вашата локална заедница и како вие можете да придонесете.

## Понатамошни информации

Оваа активност е заснована на случај кој излезе пред судот во Јужна Африка во 2001 година. Здружението на фармацевтски производители во Јужна Африка ги обвини Претседателот на Јужна Африка, Нелсон Мендела и други, вклучувајќи ја и Кампањата за акција за лекување – TAC за занемарување на нивните патенти за лекови против ХИВ и увезување на поевтини, генерички лекови за лечење на милиони граѓани болни од СИДА.

Судиите мораше да ги балансираат различните интереси и права на двете страни. Од една страна, Здружението на фармацевтски производители го потврдуваа правото на сопственост, еднаквост и слободен избор за трговија, занимање и професија, а од друга страна, Владата и Кампањата за акција за лекување – TAC тврдеа дека должност на државата е да ги почитува, заштитува, промовира и исполнува основните права за човековото достоинство и животите на нејзините граѓани.

Во историското судење, судот заклучи дека правото на сопственост е на пониско ниво во однос на правото на човеково достоинство и живот и според тоа, треба да биде ограничено. Потоа, производителите на лекови го повлекоа нивниот случај. Ова беше нашироко поздравено како „вистински триумф на Давид над Голијат, не само за нас овде, во Јужна Африка, туку и за луѓето од многу земји во развој кои се борат со пристапот до здравствената грижа“ (заедничка прес порака од НВО, 19 април 2001). „Ова е ретка и многу значајна победа на сиромашните над моќните мултинационални компании! Но, нашиот предизвик сега е да работиме заедно со производителите на лекови, а Владата да набави лекови за оние на кои им се потребни.“ (Kevin Watkins од Oxfam). Има и резиме за прашањата на линкот Time.com, издадено на 5 март 2001. За да го најдете, на вашиот пребарувач напишете: “AIDS Drugs Case Puts Our Ideas About Med-icineon Trial”.

### Сидата и трендовите на глобализацијата

**Борбата против ХИВ/СИДА е една 17 Цели за одржлив развој на Обединетите Нации.**

Во богатите земји, луѓето со ХИВ/СИДА можат подобро и подолго да живеат заради антиретровирусните лекови, со кои државата бесплатно ги снабдува. Во јужните земји, инфицираните од ХИВ повеќе страдаат и порано умираат, бидејќи немаат пристап до лекувањето на ХИВ. Во просек, годишно по жител, трошоците за нивната здравствена заштита изнесуваат околу 10$, додека тројна терапија, достапна на луѓето од северните земји, чини

помеѓу 10.000$ до 15.000$ годишно.

Сиромаштијата, недостатокот на образование и социјалната нееднаквост ја забрзуваат епидемијата, но предизвикот е пред се политички, вклучувајќи ги владите, меѓународните тела и фармацевтските компании. За да биде ефективна, борбата против СИДАта треба да ги предизвикува клучните меѓународни механизми и институции. Едни од поважните се Меѓународниот монетарен фонд (IMF), Светската трговска организација (WTO), TRIPS (Трговски аспекти од правата на интелектуална сопственост), GATS (Општа спогодба за трговија и услуги) и Тело за решавање на спорови, кое всушност функционира како трибунал

## Прилози

### Картички со улоги за судењето

**Картичка со улога за судењето: Pharma Inc.**

Вие сте извршни директори од Pharma Inc. Вашата компанија е една од светски-водечките производители на фармацевтски производи. Вие ги купивте правата за комерцијализирање на клучните лекови за ХИВ/СИДА. Вие треба да ја одржите вашата профитна стапка и да ги задоволите вашите акционери. Според тоа, вие сакате да го заштитите правото на компанијата да формира продажна цена на вашите производи, имајќи ги предвид и трошоците за истражување, трошоците на производство и платите на вашата работна сила. Да дозволите некоја компанија едноставно да ги ископира и да ги продава вашите производи е ризик за вашиот профит и одржливост на компанијата. Затоа ги здружувате силите со други водечки фармацевтски компании за да ги спречите државите да дадат дозвола за копирање и продавање на вашите лекови по пониски цени и да ги тужите, доколку е потребно. Вие започнувате правна акција против Владата на Јужна Африка.

Вие треба да ги подготвите вашите аргументи за одбрана на вашиот став. Ќе имате 5 минути за да го презентирате на судењето.

**Картичка со улога за судењето: Влада на Јужна Африка**

Вие сте високи функционери во Владата на Јужна Африка. Вашата Влада се обидува да одговори на барањето од фармацевтските компании кои започнаа судски процес против вас. Pharma Inc. се обидува да ја спречи секоја држава да даде дозвола за копирање и продавање на нивните производи по поевтини цени, кои се пониски од нивната малопрадажна цена. Во принцип, вие се согласувате со ставот на Pharma Inc.

Но сепак, популарните движења, предводени од Кампањата за акција за лекување – TAC, тврдат дека уставна обврска на државата е да обезбеди поевтин пристап до лекови, особено во контекстот со епидемијата на ХИВ/СИДА. Вие одговарате на политичкиот притисок и дозволувате увоз на поевтини (копирани) лекови од други земји, како што е Индонезија.

Вие треба да ги подготвите вашите аргументи за одбрана на вашиот став. Ќе имате 5 минути за да го презентирате на судењето.

**Картичка со улога за судењето: Кампањата за акција за лекување (TAC)**

Вие сте група активисти кои ја претставувате Кампањата за акција за лекување (TAC), Јужна Африка. Кампањата тврди дека државата има обврска да обезбеди евтин пристап до лекови, особено во контекстот со епидемиијата на ХИВ/СИДА. Владата одговори и започна да увезува поевтини лекови.

Вие, исто така, тврдите дека одговорност на државата е да обезбеди и финасиска помош за пациентите и организациите кои се борат со болестите предизвикани од ХИВ/СИДА.

Сепак, Владата на Јужна Африка беше доведена пред суд од страна на фармацевтските компании за да го запрат копирањето и продавањето на нивните производи по поевтини цени. Затоа, вие одлучивте да ги здружите силите со владата за да ја одбраните улогата на државата во обезбедувањето на евтин пристап до лекови.

Вие треба да ги подготвите вашите аргументи за одбрана на вашиот став. Ќе имате 5 минути за да го презентирате на судењето.

**Картичка со улога за судењето: Судии**

Вие сте група судии кои го водите спорот за обидот на водечките фармацевтски компании да ја обвинат Владата на Јужна Африка и да ја спречат дозволата за копирање и продавање на нивните производи со пониски цени. Активистите, претставници на Кампањата за акција за лекување (TAC), го бранат ставот на Владата.

Вашата улога е да ги поканите трите страни за да ги претстават нивните ставови. На крајот од презентациите, не треба веднаш да носите суд или да доаѓате до заклучоци. Вашата работа е да помогнете да се разјаснат прашањата и да се сумираат аргументите за поддршка на спротивставените тврдења.

Јадрото на проблемот е како да се разрешат конфликтните тврдења за човековите права. Одбраната (Владата и TAC) го бара правото на живот и достоинство, а обвинителите (Pharma Inc.) го бараат правото на сопственост. Официјалната судска евиденција стои вака:

„***Правото на живот и достоинство*** се најважните од сите човекови права и од нив произлегуваат сите останати лични права. Посветувајќи се на едно општество, кое се гради со признавање на човековите права, од нас се бара да ги вреднуваме овие две права пред сите други. Ова мора да се демонстрира од страна на државата во сé што прави, вклучувајќи го и начинот на казнување на криминалнците.“

*Против*

„***Правото на сопственост*** е заштитено со делот 25 од Уставот на Јужна Африка, кој го наведува следното: „Сопственост 25 (1) Никој не треба да биде лишен од сопственост, освен во услови на примена на закон, а ниту еден закон не дозволува произволно одземање на сопственоста.“

Вие треба да подготвите прашања за трите страни. Имате 10 минути да ги поставите вашите прашања и да ги слушнете одговорите.

**Картичка со улога за судењето: Новинари (по избор – погледнете ги варијациите погоре)**

Вие сте група новинари и вие сте задолжени да го покривате судењето.

Вашата задача е да известувате за судењето и да ги претставувате сите гледни точки. Вие имате пристап до сите поединечни состаноци, оргазнирани од различни страни: судии, TAC, Владата на Јужна Африка и Pharma Inc. Кога ги посетувате состаноците вие смеете само да набљудувате; не смеете да ја вознемирувате, прекинувате или да учествувате во работата на групите. Вие можете да направите поединечни интервјуа, ако тоа не го нарушува текот на состанокот. Исто така, вие можете да сликате и ќе имате пристап до компјутер, печатач и Интернет за непречено да работите.

Вие ќе ги презентирате резултатите од вашата работа на крајот од судењето. Вие можете да го изберете форматот, на пример, блог, твит, статија во весник и радио или  ТВ емисија. Вие имате 10 минути да го презентирате вашиот извештај.

**Инструкции за малите групи за вториот дел**

Вие сте група од четворица, секој/а е претставник на една од четирите страни:
- Pharma Inc.
- Влада на Јужна Африка
- Активисти кои ја претставуваат Кампањата за акција за лекување (TAC)
- Судиите во случајот.

**Инструкции**

1. Во круг, секој/а треба да се идентификува себеси и групата која ја претставува, а тоа е улогата која ја играат.
2. Потоа, секој/а треба да ги покаже своите чувства за ситуацијата на крајот од судењето. Ако мислат дека ќе биде лесно да се најде решение, тие треба да покажат зелена карта, а ако мислат дека ќе биде тешко, тие треба да покажат црвена карта (целта за користење на картите е да им се помогне на сите да бидат свесни како оди процесот на градење консензус).
3. Сега, ваша задача е да се обидете да стигнете до задоволителна одлука, заснована врз консензус помеѓу четирите членови. Дискусијата треба да биде во кругови. Судијата ја затвора дискусијата и последен го презентира неговиот/нејзиниот став.
   - Прв круг: наведете го вашиот став
   - Втор круг: презентирајте ги вашите идеи за решение
   - Трет круг: преговарајте за предложеното решение
4. Внимателно слушајте се едни со други. На крајот од секој круг, покажете ја вашата карта, како индикатор за тоа како се чувствувате во врска со изгледите за постигнување на задоволително решение.
5. На крајот од процесот на донесување консензус, одберете една личност да ги презентира резултатите пленарно, пред целата група.

Општи човекови права

Деца

Граѓанство и учество

Ниво 2

9+ (мали групи 4-5)

90 минути

# Да одглумиме

*Покажи ми што подразбираш под „човекови права“!*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Општи човекови права<br>• Деца<br>• Граѓанство и учество |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | 9+ (мали групи 4-5) |
| **Време** | 90 минути |
| **Преглед** | Преку оваа драмска активност, учесниците ги претставуваат нивните перцепции за општиот концепт на човековите права. |
| **Поврзани права** | •Сите човекови права |
| **Цели** | • Да се истражи општата идеја за концептот на човековите права;<br>• Да се развијат меѓукултурни и комуникациски вештини;<br>• Да се развие соработка и креативност. |
| **Материјали** | • Реквизити: облека, играчки, предмети од домаќинството, итн.;<br>• Хартија и фломастери во боја, боички;<br>• Лепило, жица и картичка. |

## Инструкции

1. Објаснете дека целта на оваа вежба е да се смисли една драмска презентација на општата идеја за концептот на човековите права за да биде разбирлива за луѓето со различни култури и за оние кои зборуваат на различни јазици.
2. Објаснете дека нема да им биде дозволено да користат зборови вооопшто: ова треба да биде презентација со пантомима. Сепак, групите можат да искористат некакви материјали или реквизити, доколку сакаат.
3. Замолете ги луѓето да се поделат во мали групи, помеѓу 4 и 6 луѓе, и на секоја група дајте им голем лист хартија и еден комплет боички/фломастери.
4. Дајте им на групите, прво, 10 минути за бура на идеи во врска со нивните идеи за човековите права, а потоа да идентификуваат две или три клучни идеи за човековите права кои ќе ги претстават со пантомима.
5. Потоа, дајте им на групите 30 минути да ја смислат и да ја вежбаат пантомимата. Објаснете дека целата група треба да вложи напор и секој треба да има своја улога.
6. После 30 минути, соберете ги сите заедно така што сите ќе можат да ги гледаат претставите на останатите.
7. Дајте по неколку минути после секоја претстава за повратна информација и дисусија.
8. Прашајте ги гледачите за нивните интерпретации на она што го видоа и обидете се да ги идентификувате клучните идеи кои претставата се обиде да ги прикаже.
9. Потоа, дајте ѝ можност на групата кратко да ги објасни точките кои не беа опфатени за време на повратната информација. Повторете го ова за секоја од претставите.

## Резимирање и евалуација

Започнете со резимирање на самата активност и потоа преминете на она што го научиле за човековите права.

• Како се чувствуваат луѓето после оваа активност? Дали беше полесно или потешко отколку што претходно си замислуваа? Кои беа најтешките аспекти; или најтешките работи за претставување?
• Дали луѓето научија нешто ново за човековите права? Дали беа изненадени дека знаат повеќе отколку што мислеле?
• Дали имаше сличности и разлики во различните претстави?
• Дали имаше некои основни несогласувања за идејата за човековите права во самата група? Како беа тие решени?
• Врз основа на претставите, според учесниците, кои се најважните и споделени карактеристики на човековите права?

## Совети за обучувачот

Доколку луѓето не се потполно неупатени за концептот на човековите права, поинтересно е оваа активност да се реализира со минимални почетни напатствија од страна на обучувачот. Главна цел е да се прикажат импресиите и знаењето за човековите права кои младите луѓе веќе ги собрале во текот на нивните животи. Важно е да се нагласи оваа точка пред да почнат со работа, така што тие нема да се чувствуваат ограничено дека „не знаат“ што се тоа човекови права.

Треба да им биде јасно на учесниците дека нивна задача е општо да ги прикажат човековите права, а не да илустрираат едно или повеќе специфични човекови права. Тие можат да се одлучат за едно право и преку него да ги изнесат сите општи точки, но треба да запомнат дека тие се обидуваат да покажат што е заедничко за различните човекови права. На крајот од сесијата, гледачите треба да одговорат на прашањето „што се човекови права?“.

Не им дозволувајте на оние, кои чувствуваат дека не се добри во глума, да играат активна улога! Објаснете им дека има многу улоги за сите, а дека ова мора да биде нешто, за кое целата група ќе се чувствува среќна додека го претставува. Неколку невообичаени предлози можат да ја оживеат претставата и да се појават креативни идеи – работи како тенџериња, коли-играчки, капи, перници, камења, капаци...

Ако веќе морате да им дадете некои совети на групите со цел да започнат или на крајот од дискусијата, тогаш наведете ги да размислуваат за следното:
• Човековите права се права кои личноста ги има, едноставно, бидејќи тој/таа е човечко суштество; сите имаат еднакви права.
• Човековите права ги поседуваат сите подеднакво, универзално и засекогаш.
• Човековите права се неделиви и меѓузависни: не можеш да негираш право, бидејќи тоа е „помалку важно“ или е „незначајно“.
• Човековите права се основни стандарди без кои луѓето не можат достоинствено да живеат.

## Варијации

Ако на учесниците им е тешка пантомимата, место неа, можете да ги замолите да креираат колективни „статуи“. Ако обучувачот фотографира, потоа можете да направите збирка од „колективни слики“ и да ги искористите во друга прилика како вовед во дискусија или за некоја изложба.

Како друга можност, оваа активност може да се изведе како вежба за цртање: групите да направат постери – повторно без да користат зборови – и така да ги искажат главните идеи за човековите права. Потоа направете изложба од различни постери.

Ако сакате групите да се фокусираат на одредени концепти, можете да ги исечете инструкциите 3 и 4 и да им дадете клучни зборови на малите групи, на пример, еднаквост, мир, сиромаштија и солидарност. Со давање на различни зборови на секоја мала група, вие покривате повеќе концепти; со давање на истиот збор на секоја мала група вие добивате една интересна разновидност во изразувањето.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**10 декември** – Ден на човековите права

Активноста поретко може да се изведува како воведна активност, а по активност која ги организира и појаснува мислите на луѓето, кои веќе работеле и активности од прирачникот, или пак тие самите ќе направат сопствено истражување

## Предлози за следни активности

Погледнете во драмите или друга литература со теми од човековите права и орг драмска претстава за жителите на вашата локална заедница.

За да продолжи континуирано работата со човековите права, можете да ја примените активноста **„**Моќта на цвеќето“, на страница 181. По избор, ако групата сака да оди напред и да разгледува некои специфични права, може да се погледне и Конвенцијата за правата преку активноста „Детски права“, на страница 134.

Друг начин за идни активности е учесниците да напишат кратки писма за тоа што им значи ним концептот на човековите права. Погледнете ја активноста „Драг пријателе“, од образовниот пакет „Сите различни-сите еднакви“. Целта на пишувањето писмо е да им се помогне на учесниците да ги појаснат своите идеи, да предизвикаат одговори да развијат дијалог. Овие писма би можеле да бидат испратени меѓу членовите од групата, или да се искористат во рамките на едно училиште или како вежба во една група на млади луѓе. Во „Домино“, дел 4, има „Приказни раскажани од млади луѓе“, кои можат да се искористат како основа за дискусија за важноста на човековите права во секојдневниот живот.

## Идеи за акција

Вие можете да ја развивате вашата пантомима или да направите групна продукција и да ја изведете претставата пред луѓе, надвор од групата. Ако изработувавте постер или „колективни слики, направете изложба од вашите постери или фотографии. И двете идеи можат да се искористат за одбележувањето на Денот на човековите права.

Исто, можете да ги снимате претставите со пантомима и да ги постирате и споделувате на Интернет.

# Сите еднакви - сите различни

*Сите човечки суштества се универзално еднакви и специфично различни. Универзалната еднаквост и специфичните разлики треба да се почитуваат.*[1]

| | |
|---|---|
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Време** | 40 минути |
| **Големина на групата** | 6-60 (мали групи: 3-4) |
| **Теми** | • Дискриминација и нетолеранција<br>• Глобализација<br>• Медиуми |
| **Преглед** | Овој е краток квиз, доволно провокативен за да биде интересен, но исто е основа за ефективна групна дискусија. |
| **Поврзани права** | • Еднаквост во достоинството;<br>• Право на правата и слободите, без каков и да е исклучок;<br>• Право на националност. |
| **Цели** | • Да се прошири сфаќањето за универзалноста на човековите права;<br>• Да се развијат вештини за критичко и независно читање на информации;<br>• Да се поттикне свесноста за етноцентризмот кај себе и кај другите и да се развиваат вештини за меѓукултурно учење. |
| **Материјали** | • Прилози;<br>• Моливи или пенкала, по едно за секого;<br>• Голем лист хартија (А3) или флип-чарт и фломастер. |
| **Подготовка** | Копирајте го прилогот, по еден за секој учесник. По избор, може да пишувате на табла или да користите проектор. |

Дискриминација и нетолеранција

Глобализација

Медиуми

Ниво 2

6-60
(мали групи)

40 минути

## Инструкции

1. Кажете им на учесниците дека следната активност е еден вид квиз, но целта не е да се види кој е во право, а кој не; тоа е само почетна точка.
2. Поделете ги или проектирајте ги двата извадока. Дајте им на учесниците пет минути да ги прочитаат.
3. Потоа, замолете ги, индивидуално да одлучат:
   а) Изворот на првиот текст; од која книга или документ е извадок?
   б) Од која земја/регион во светот доаѓа авторот на вториот текст?
4. Кога сите се подготвени, замолете ги да се поделат во мали групи по тројца луѓе. Дајте им по 20 минути да ги дискутираат и да ги анализираат нивните индивидуални избори. Тие треба да размислуваат за следните прашања и доколку е можно, да дојдат до заеднички одговор:
   • Зошто тие одбрале еден одговор по желба на другите?
   • Што кажуваат текстовите за нивните автори?
   • Зошто авторите ги напишале овие текстови?
   • Кои коментари ги добиле за текстовите?
5. Кога ќе завршат групите, движете се наоколу и соберете ги одговорите на прашањето под а). Поканете ги групите да ја наведат причината која ги довела до нивните избори. Потоа, движете

1Декларација за права и одговорности на човечките суштества предложена од страна на млади луѓе (1989)

се наоколу и соберете ги одговорите на прашањето под б). Запишете ги одговорите на флип-чарт.
6. Откријте го авторот, Саид Ал-Андалузи (од Шпанија), и продолжете со резимирање и оценување.

## Резимирање и евалуација

Започнете со краток преглед на активноста и потоа, доколку почувствувате дека групата е подготвена, започнете со вовед во поимите за „предрасуди“ и „етноцентризам“. Упатете ги следните прашања (или пленарно или во мали групи, ако е потребно):

• Дали учесниците беа изненадени од решението?

• Како луѓето ги направија првичните индивидуални избори? Дали тие се засноваа на погодување? Интуиција? Или вистинско знаење?

• Дали луѓето се премислија во врска со нивните избори за време на дискусиите во мали групи? Што ги натера да се премислат? Притисокот од групата? Добрите аргументи?

• Како луѓето ги бранат нивните избори при дискусиите во малите групи? Дали тие се држат до нивните избори  - несигурно или силно?

• Зошто авторот така ги опишал луѓето од север?

• Какви заклучоци дава вториот текст за авторот, неговите погледи и неговата култура?

• До кој степен ставот на авторот е резултат на неговиот етноцентричен поглед и предрасуди? Или дали е праведно да се каже дека во тоа време културите во Северна Европа беа помалку „цивилизирани“ во однос на неговата култура?

• Можат ли учесниците да размислат за примери кога тие слушнале или прочитале за некои други луѓе на сличен начин? Какво би било чувството да те сметаат за инфериорен човек?

• Кога луѓето не се вреднуваат за она што се, до какви последици често доаѓа? Можат ли тие да се сетат на некои примери од историјата? И од сегашноста?

• Што треба ние да направиме за да се спротивставиме на ефектите од предрасудите? Дали постојат луѓе или групи, во области или земји од каде доаѓаат учесниците, кои се, исто така, предмет на предрасуди? Кои се тие?

• Образованието е еден од начините да се бориме со предрасудите. Што треба друго да се направи?

## Совети за обучувачите

Извадоците беа земени од книгата на познатиот научник од Кордоба, Андалузија, кој бил роден во 1029 година. Саид Ал Андалузи бил научник добро познат по неговата мудрост и знаење. За него, цивилизацијата и науката биле многу блиски до познавањето на Светиот Куран. Тој не учел само од религијата, туку бил извонреден и во арапската литература, медицината, математиката, астрономијата и други науки.

Треба да се запомни дека во тоа време, Медитеранот, а особено Арапското кралство околу него, според авторот, биле центар на „цивилизацијата“. Знаењето не било ни блиску напредно на „Северот“, како што Саид ја нарекува Северна Европа, во однос на Арапскиот свет, Персија, Кина и Индија.

Имајте во предвид дека, во зависност од вашата група, можете да им дадете насоки на учесниците како покритички да го читаат текстот. Можете да истакнете дека вториот текст открива повеќе за авторот, неговата појава и неговата култура, на пример, дека тој морал да има виткана коса и темна кожа. Критичкото читање не вклучува само разбирање на содржината на текстот, туку и размислување за контекстот, кој е авторот и зошто тој/таа така пишува. Сфаќањето на ова е еден значаен чекор да се разбере како да се читаат сите пораки (историја, вести, поеми, текстови од песни, итн.) и да се биде свесен за вредноста која ја пренесуваат.

Еден начин за претставување на прашањето за етноцентризмот е да им се нагласи на учесниците дека Саид, со неговата темна кожа и виткана коса, дава многу добра дефиниција на „спротивното“ – некој кого повеќето Европјани не би го сметале за „нормален“. Исто така, важно е, преку дискусија, да им се помогне на учесниците да сфатат дека културните разлики

не ги прават „подобри“ или „полоши“ од другите. Треба да истакнете дека е тешко да не им се суди на другите без предрасуди, бидејќи ние ја земаме сопствената културолошка перспектива да биде „норма“. За да се цени ова – нашиот етноцентризам – суштински чекор е неговото признавање кај другите и можноста успешно да се комуницира со луѓе од други култури.

Оставете дополнително време на крајот од активноста за да имате флексибилност за подлабока дискусија за произлезените прашања и идеи. На пример, можеби ќе сакате „анализа на..“ или „дискусија за...“, историско предавање и колку многу (или колку малку), ние од Европа, учиме за другите култури.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**5 мај – Денот на Европа**

## Предлози за следни активности

Ако сакате да ги продлабочите идеите за универзалноста на човековите права, можете да ја искористите активноста „Да одглумиме“, на страница 98, која вклучува креативност и драма.

## Идеи за акција

Погледнете во книгите и на Интернет за различни верзии на тековен или историски настан кој се случува во вашата земја/заедница и споредете ги извештаите од различни страни/групи на интерес. Веб-страницата на Voxeurop е добро место за наоѓање вести презентирани во различни весници од различни земји, достапни на различни јазици. Линкот е www.voxeurop.eu. Друг извор е Indymedia, здружение на независни медиумски организации и стотици новинари, кои работат самостојно и не се корпорациски покриени. Достапен е на различни јазици. Линкот е http://www.indymedia.org.http://www.indymedia.org/en/

## Прилози

### Квиз - Сите еднакви – сите различни

**а) Кој е изворот на следниот текст? Од која книга или документ е извадок?**
„Сите луѓе на земјата, од исток-запад, од север и од југ, формираат единствена група; (тие) се разликуваат по три различни карактеристики: однесување, физичка појава и јазик.“
Одбери еден од следниве одговори:
а) Декларацијата за расизам на UNEСПО, 1958
б) Херодот „Историја“, околу 430 пне.
в) Ведите, Индија, 3.000 пне
г) Извештај од Младинската кампања „Сите различни-сите еднакви“, Совет на Европа, 1996
д) Саид Ал Андалузи, роден 1029
ѓ) Марко Поло во Патувањата, 1300
е) Никој од наведените

**б) Од која земја/регион во светот доаѓа авторот на текстот подолу?**
„Оние кои живеат на крајот од Север (на Европа...) страдаат од преголема оддалеченост од сонцето. Нивниот воздух е студен, а нивното небо е облачно. Како резултат на тоа, нивниот темперамент е студен, а нивното однесување е грубо. Како резултат на тоа, нивните тела стануваат огромни, нивната боја се претвора во бела, а нивната коса опаѓа. Тие ја имаат изгубено остринaта на разбирањето и изостреноста на перцепцијата. Тие се обземени од незнаење и мрзливост и преполни со замор и ступидност.“

Одбери еден од следните одговори:
а) Кина б) Европа в) Индија г) Африка д) Персија ѓ) Никоја од наведените

**Забелешка**

Извадоците се земени од „Книга за категориите на нациите – наука во средновековниот свет“ одСаид Ал Андалузи, преведена од Sema’an I. Salem и Alok Kumar, Универзитет од Тексас Прес, Остин, 1991

Деца

Работа

Глобализација

Ниво 2

5+

90 минути

# Приказната на Ашик

*Детскиот труд го создава неопходниот приход за семејствата и заедниците. Тргнете го настрана и децата најмногу ќе страдаат. Нели се согласувате?*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Деца<br>• Работа<br>• Глобализација |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | 5+ |
| **Време** | 90 минути |
| **Преглед** | Оваа е активност со дискусија. Почетната точка е студија на случај дете-работник. Учесниците ги истражуваат аспектите на детскиот труд, причините и како тоа да се запре. |
| **Поврзани права** | • Заштита од економска експлоатација;<br>• Право на образование;<br>• Право на одмор и слободно време. |
| **Цели** | • Да се прошири знаењето за детскиот труд, особено во релација со Целите за одржлив развој (ЦОР);<br>• Да се развиваат критичко мислење и вештини за анализа на сложени проблеми;<br>• Да се култивираат вредносите на правда и одговорност за изнаоѓање решенија при кршењето на човековите права. |
| **Материјали** | • Копии од фактите за животот на Ашик; една копија за секој учесник;<br>• Моливи или фломастери, по еден за секоја мала група;<br>• Флип-чарт хартија или голем лист хартија (А3). |
| **Подготовка** | • Ископирајте го дизајнот од листот „Идеи за решенија“ на големи А3 листови хартија: по еден за секоја мала група, плус еден за пленарно.<br>• Информирајте се за детскиот труд, дефинирањето на детскиот труд и колку е тоа распространето.<br>• Информирајте се за Целите за одржлив развој. |

## Инструкции

1. Прашајте ги учесниците што знаат за детскиот труд.
2. Објаснете дека активноста се заснова на една студија на случај за Ашик, дете-работник од Пакистан, кое работи во фабрика за тули. Задачата е да се обидете да најдете можни начини за промена на ситуацијата на Ашик.
3. За да се загреете, направете еден круг со „раскажување со составување“. Составете една имагинарна приказна за еден ден од животот на Ашик. Одете низ кругот, замолувајќи сите да додадат една реченица.
4. Поделете ги учесниците во мали групи, со максимум 5 луѓе во група. Дајте им на сите копија од студијата на случај на Ашик. Дозволете им 10 минути за читање и споделување коментари.
5. Дајте ѝ на секоја група копија од листот „идеи за решение“. Објаснете им дека нивна задача

KEY DATE

**12 јуни**
**Светски ден против детскиот труд**

е, преку бура на идеи да набројат решенија за проблемите со кои се соочува Ашик и другите деца-работници, како него. Тие мора да ги запишат можните чекори во соодветните колони, а кои можат да се преземат за решавање на проблемот „до утре“, „до наредниот месец“ и „до 2030“. Тие имаат 30 минути за да ја завршат задачата и да именуваат лице кое ќе презентира.
6. Пленарно, повратна информација ќе се добие за секоја колона. Сумирајте ги идеите на флип-чарт. Дозволете дискусија за идеите, но бидете свесни за временското ограничување!
7. Кога ќе завршите со табелата, преминете на поцелосна дискусија и резимирање.

## Резимирање и евалуација

Длабочината на дискусијата ќе зависи од општото знаење на учесниците, но обидете се да ги покриете прашањата и со нивните погледи за детскиот труд, како и со можните решенија.

• Колку знаеле луѓето за постоењето на детскиот труд пред да ја изработат вежбата? Како тие знаеле? Од каде ги добиле информациите?

• Дали постои детски труд во нивната земја/град? Каква работа работат децата и зошто тие работат?

• Дали на децата им е дозволено да работат, ако сакаат да работат?

• „Детскиот труд го создава неопходниот приход за семејствата и заедниците. Тргнете го настрана и децата најмногу ќе страдаат.“ Како ќе одговорите на ова?

• На кои начини, ние како потрошувачи, имаме корист од детскиот труд?

• Како беше да се размислува за можните чекори за решавање на детскиот труд? Кои од трите колони – „до утре“, „до наредниот месец“ или „до 2030“ – беа најтешки за пополнување? Зошто?

• Постојат многу национални и меѓународни декларации и конференции за прашањето за детскиот труд. Зошто е тоа опсежен проблем во светот?

• Како Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) и Конвенцијата за правата на детето ги штитат децата од експлоатација?

• Кој би требало да е одговорен за решавањето на проблемот? (Земете различни боички и напишете ги предлозите на флип-чарт.)

• Што можат обичните луѓе, како нас, да направат и да придонесат во постигнувањето Целите за одржлив развој, особено оние кои би ја искорениле екстремната сиромаштија и глад и би постигнале универзално основно образование? Како и кога?

## Совети за обучувачите

Ако учесниците малку знаат за детскиот труд, можеби ќе сакате да ја започнете активноста давајќи им нови факти за детскиот труд и неговите последици. Забавен начин да се направи тоа е да се земе статистиката од табелата во делот „Понатамошни информации“, подолу, и да ја претворите во краток квиз.

Можеби треба да нагласите дека 2030 е годината кога треба да се постигнат Целите за одржлив развој (ЦОР). Доколку е потребно, објаснете дека Целите за одржлив развој продолжуваат онаму каде што Милениумските равојни цели запираат во 2015. 17 Цели за одржлив развој ја рефлектираат реалноста дека прашањата за човековиот развој се сложени и се испреплетуваат.

Три од нив се поврзани со ситуацијата на Ашик:

•Прва цел – Крај на сиромаштијата, во сите форми, насекаде;

•Четврта цел – Да се овозможи инклузивно и достапно квалитетно образование и да се промовираат можности за доживотно учење за сите;

•Осма цел – Да се промовира рамномерен, инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите.

За повеќе информации за Целите за одржлив развој, погледнете ја активноста “Колку ни е потребно?“, на страница 193 и на www.undp.org .

Може да биде тешко групите да најдат идеи за првите две колони (утре и наредниот месец) и тоа може да предизвика чувство на немоќ и фрустрација. Вие можете да ги мотивирате, читајќи им ја следната изјава:

„Задачата е голема, но не толку голема сé додека не ја докаже тегобната страна. Вреди

земјите во развој да се справат со детскиот труд. Ова покажува дека тоа што го предизвикало проблемот со детскиот труд, сигурно не е недостатокот на ресурси, туку недостатокот на вистинска ревност. Да не дозволиме ова да продолжи.“
Врховниот суд во судски случај, Индија, 1986

Вообичаено, учесниците сфаќаат дека за да се најдат ефективни и трајни решенија за проблемот, прво е потребно да се идентификуваат причините. Со анализирањето на причините, решенијата често стануваат повидливи. Сепак, ова треба да го истакнете пред некои групи, особено ако заглават при идентификувањето на решенија. Вие можете да испровоцирате идеи за решенија преку предлагање на едно или повеќе од следниве:

- Да се намали сиромаштијата, па така ќе има помалку потреба децата да работат;
- Да се зголемат платите на возрасните, па така ќе има помалку потреба децата да работат;
- Да се развие образованието за да биде попривлечно и порелевантно за потребите на децата;
- Да се развијат меѓународни стандарди за вработување на децата;
- Забрана на производи направени со детски труд;
- Да се развијат минимум стандарди во работата на глобално ниво како услов за членување во Светската трговска организација (WTO).

Употребете некакви тековни вести за детски труд – или локално или глобално - за активноста да биде тематска и интересна.

## Варијации

Ако сакате да го развивате знаењето на учесниците за концептот на детскиот труд пред активноста, можете да употребите квиз, на пример, еден од веб-страниците www.unicef.org или www.thinkquest.org .

Наместо загревањето со „раскажување со составување“ (фаза 3 од инструкциите), поделете ги учесниците во мали групи, со максимум 5 луѓе во група. Дајте ѝ на секоја група 5 парчиња хартија А3 формат и замолете ги да нацртаат пет настани од еден типичен ден на Ашик и да ги презентираат како стрип. Кога групите ќе завршат, замолете ги да ги презентираат нивните приказни.

Обучувачите кои се добри во цртање стрипови можеби ќе сакаат да ја нацртаат приказната на Ашик како стрип со секоја сцена од неговиот живот во различен квадрат. Направете го тоа едноставно, вклучувајќи само основни информации. Направете копии од приказната (по една копија за група) и исечете ги квадратите. Дајте по еден комплет слики на секоја група и замолете ги да ја состават приказната за Ашик, со додавање на кратки текстови или говорни облачиња. Кога групите ќе завршат, замолете ги да ги презентираат нивните приказни.

## Предлози за следни активности

Инспирирајте ги членовите на групата да станат активни учесници во кампањи за права, раскажувајќи им како едно 12-годишно момче од Канада, заедно со неговите другари, ја основале организацијата „Децата можат да ги ослободат децата“, откако прочитало еден напис во весник за убиството на едно 12-годишно момче, кое работело во фабрика во Пакистан и кое проговорило против злоупотребата на детскиот труд. http://en.wikipedia.org/wiki/Free_the_Children
Дознајте како децата-работници од Перу се организирале самите во Национално движење на организации на млади работници од Перу (на шпански): http://mnnatsop-natsperu.blogspot.com/

Можеби ќе сакате и да ги разгледате прашањата за нееднаквите можности на младите луѓе во вашето општество преку активноста „Еден чекор напред“.
Ако сакате да научите повеќе за Целите за одржлив развој и да погледнете колку би чинело

да се подобри животот на Ашик, споредено со тоа колку се троши за воени цели насекаде во светот, погледнете ја активноста „Колку ни е потребно?“, на страница 193.

Доведете ги блиску до дома. Наведете ја групата да размислува каде лежи линијата која ги разделува работодавачите кои експлоатираат деца, како Ашик, и работодавачите кои им плаќаат ниско-смешни дневници на младите луѓе кои работат во сабота навечер за да заработат џепарлак место да останат на училиште или факултет. Што е со родителите кои ги користат нивните деца и им даваат должности во домот или семејниот бизнис? Кои се искуствата на учесниците? Ако учесниците сакаат да ги проследат овие идеи, погледнете ја активноста „Моето детство“ во образовниот пакет „Сите еднакви – сите различни“.

## Идеи за акција

Вие можете да учествувате во некои кампањи, на пример: http://www.cleanclothes.org и можете да почнете да избирате облека и други предмети, земајќи ја предвид земјата на потекло.
Согласно со проценките на Меѓународната организација на трудот (ILO), во 2013, проценето е дека глобалниот број на деца-работници опаднал за една третина од 2000 година, од 246 милиони на 168 милиони деца. Повеќе од половина, 85 милиони деца се ангажирани во изведување на опасни работи (бројот опаднал, од 171 милион деца во 2000 год.).

Во извештајот „Децата зад нашиот памук“, на Фондацијата Environmental Justice, се откриваат шокантни услови за, како што е проценето, повеќе од еден милион деца – некои на возраст од пет години – кои работат по 12 часа дневно, во екстремно жешко или студено време. Многу од нив страдаат од физичка, вербална, а понекогаш и сексуална злоупотреба. http://www.ejfoundation.org/page481.html

## Понатамошни информации

Детскиот труд се однесува на вработувањето на деца во редовна и одржлива работна сила. Оваа практика се смета за експлоататорска од страна на многу меѓународни организации и е нелегална во многу земји. Детскиот труд се разликува од редовен и повремен, кој го практикуваат многу деца и млади луѓе за да заработат џепарлак или да ги надополнат стипендиите. Сепак, и луѓето кои заработуваат за џепарлак понекогаш се експлоатирани.

Во Поглавје 5 на линкот www.coe.int/compass, во основните информации, во деловите за „Деца“ и „Работа“, има повеќе информации за детскиот труд, за производите направени со детски труд, меѓународниот закон за детски труд и последиците од детскиот труд врз детето.

Следната табела го покажува бројот на деца на возраст од 5-17, и тоа вработување на деца, злоупотреба на детскиот труд и деца кои се ангажирани во опасни работи (%), по регион (2012).




* Ја исклучува Нигерија, ** Ја исклучува Кина, *** Ги исклучува Нигерија и Кина

Извор: http://www.childinfo.org/labour.html

# Прилози

## Прилог 1: Факти за животот на Ашик

**Лични податоци**



Име: Ашик Хашмир
Возраст: 11 години
Националност: Пакистанец
Семејство: Родители, по двајца баби и дедовци,
1 сестра и 3 браќа
Семеен приход: околу 70 €/месечно

**„Професионални податоци“**
„Професија“: работник во фабрика за тули
Работни часови: помеѓу 12-16 часови дневно (половина час пауза) – 6 денови неделно
Работно производство: околу 600 тули дневно
Плата: 1.3 евра за 1000 тули (но 50%  одат за плаќање на заемот направен од страна на неговото семејство)
Работи од 5 години

**Други информации**
Неговото семејство е обврзано на 2 години, бидејќи зеле заем од околу 110 евра. Сега, заедно со каматата, износот што го должат е околу 280 евра.
Ашик бил испратен во училиште 3 месеци, од страна на неговиот татко, но сопственикот на фабриката го отстранил и го пратил да работи.
Неговиот татко бил казнет за она што го направил.

Семејниот приход е многу низок и, последично на тоа, недоволен за да се пратат децата на училиште и за да им се обезбеди соодветна храна и здравствена заштита..

Source: http://www.freethechildren.org

## Прилог 2: Идеи за решенија

Што може да се направи околу ситуацијата на Ашик, како и на другите деца-работници?

| До утре? | До наредниот месец? | До 2030? |
|---|---|---|
| | | |

# Верници

*Човековите права се универзален стандард. Тие се компонента на секоја религија и секоја цивилизација.*

Ширин Ебади

**Ниво на сложеност**

Ниво 3

**Теми**

- Вероисповед и убедување
- Култура и спорт
- Дискриминација и нетолеранција

**Големина на групата**

Која било (мали групи: 4-5)

**Време**

180минути

**Преглед**

Учесниците ги споредуваат и ги спротивставуваат нивните различни мислења

**Поврзани права**

- Слобода на убедување и религија;
- Слобода на мислење и информирање;
- Слобода од дискриминација.

**Упатени прашања**

- Верска разновидност;
- Перцепции за религијата и нејзиното влијание врз животот на младите луѓе;
- Знаење за различните религии и нивните начела во врска со спиритуалните и секуларните прашања.

**Цели**

- Да се научи за различните верски системи и религии;
- Да се развие критичко мислење;
- Да се култивира прифаќањето на разновидните убедувања и религии.

**Материјали**

- Копии од картички со изјави (еден комплет за секоја мала група);
- Удобно место за малите групи за седење и дискусија;
- Обучувач за секоја мала група.

**Подготовка**

- Исечете ги картичките.
- Прочитајте ги основните информации за „Религија и убедување“, во Поглавје 5.

Вероисповед и убедување

Култура и спорт

Дискриминација и нетолеранција

Ниво 3

Која било (мали групи 4-5)

180 минути

## Инструкции

1. Објаснете дека во оваа активност тие ќе дискутираат за нивните убедувања; некои луѓе се длабоко религиозни, некои помалку, а некои и немаат вероисповед. Целта е да се дојде до подлабоко разбирање на членот 18 од Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) преку споделување на лични погледи и критички размислувајќи за различните начини, со кои ние му даваме смисла на животот.
2. Разјаснете им на учесниците дека треба да се свесни за она што ќе го кажат и како ќе се изразат. Заштитата на религиозните убедувања и верските симболи, од навреда и клевети, спаѓа во опсегот на слободата на верата. Сепак, заштитата мора да биде балансирана против слобода на мислата и изразувањето и не значи потполн имунитет од критиката на верувањето. Според

тоа, прифатливи се отворени прашања, а не е прифатлив говор мотивиран од предрасуди и дискриминација.
3. Поделете ги учесниците во мали групи, од 4-6 луѓе, и замолете ги поединечно да размислуваат за нивните лични верувања околу 3-4 минути. На пример, ако имаат вероисповед, колку блиску ги набљудуваат симболите и ритуалите?
4. Потоа, на начин со „кршење на мразот“, замолете ги учесниците да зборуваат кога тие, за прв пат, учествувале во верски обред.
5. Сега, поставете ги картичките, свртени наопаку, во средината на групата. Кажете им на учесниците дека имаат еден час и дека нивните дискусии треба да се кратки. Тие ќе треба да поминат што е можно повеќе картички. На тој начин, тие ќе стекнат широка перспектива за прашањата; подоцна, тие ќе можат да ги следат темите кои им се од особен интерес.
6. Објаснете дека во секој круг, учесникот зема картичка, гласно ја чита и потоа коментира за изјавата. Потоа, другите имаат можност да придонесат со пример од нивната сопствена вера или искуство.
7. Потоа следи нареден круг и друг учесник зема картичка.
8. Откако сите картички ќе се продискутираат или ако времето за работа помине, преминете на резимирање (во истите групи).

## Резимирање и евалуација

• Дали учесниците потешко се справија со некоја од изјавите во картичките? Зошто?
• Дали имаше некои факти, верувања или ставови кон вашите животни размислувања, а кои ве изненадија?
• Што им е заедничко на луѓето, без оглед на нивните различни животни ставови?
• Кои основни разлики постоеја помеѓу животните ставови на луѓето? Дали тие разлики се помирливи?
• Зошто е значајно да се знаат животните ставови на другите луѓе? Колку вие ги игнорирате? Треба ли повеќе да знаете за нив?
• Имајќи во предвид дека слободата на религија и убедување е човеково право, колку е лесно да ги почитувате луѓето, кога не се согласувате со нивните животни ставови?
• До кој степен игнорирањето и предрасудите за различните животни ставови играат улога во перцепциите на луѓето за другите луѓе?
• Дали сите имаат слобода на убедување и вероисповед во вашата земја? Зошто да, зошто не?
• Која форма на нарушување на слободата на убедување и вероисповед постојат во вашата земја?
• До кој степен слободата на мисла, совест и вероисповед треба да биде дозволена за посебни практики во заедницата на верниците, која може да се разликува од поширокото општество? Примери за ова можат да ги вклучат позициите на жените во верски лидерски позиции, традиционални обреди кои вклучуваат деца, закони кои го регулираат крштевањето, развод или погреб, забрани за прикажување на основачот итн.
• Што треба да имате на ум кога планирате настан за целата група, на пример, пикник, спортски настан или викенд, така што сите ќе бидат вклучени, без разлика на нивната вероисповед и убедување?
• Понекогаш, кога договарате настан, тешко е да ги задоволите потребите на сите, согласно со нивната вероисповед или убедување. Како се обидувате да најдете решенија? Ако треба да направите компромиси, како давате приоритет на различните потреби на луѓето?
• Која беше најинтересната работа која ја научивте од оваа активност?

## Совети за обучувачите

Оваа активност се справува со чувствителна тема, па важно е секој да се чувствува удобно. Водете ја активноста на еден непосреден начин; релаксираната околина помага. Бидете сигурни дека секој знае дека не е под притисок да каже или објаснува повеќе отколку што сака, чувствува или може.

Почитувајте го придонесот и ограничувањата на учесниците; не може секој да објасни зошто ова или она се практикува во нивната религија, особено ако тие се израснати и едуцирани со одредена религија, уште од рана возраст. Во таа смисла, религијата е многу повеќе

од култура: вие имате тенденција да ги прифатите вашите вредности и културни обрасци како „природни“.

Бидете свесни од притисокот на околината. Не им дозволувајте на учесниците да влезат во дефанзивна позиција за нивната вероисповед или убедување, на пример, ако каже некој: „Како можеш да бидеш дел од таа религија и да прифаќаш...?“

Избегнувајте го заглавувањето во премногу детали. Внимавајте на купчето картички и бидете сигурни дека имате време за повеќето од нив. Дозволете дискусијата да тече природно и интервенирајте само тогаш кога чувствувате дека прашањето е исцрпено, или ако има ризик од одење премногу далеку, или кога „доминантниот“ став ќе излезе на површина. Бидете подготвени да дадете придонес со дополнителни информации, особено за религиите кои не се презентирани во групата или преку играње на „адвокат на ѓаволот“.

Ако можете, водете ја активноста со уште еден обучувач за секоја група, при водењето на дискусијата и резимирањето во мали групи; ако немате уште еден обучувач, проверете дали можете да подготвите неколку волонтери од учесниците, кои ќе ви помогнат. Ова е важно и има за цел, во зависност од групата, да се почитува залагањето и искуството на сите, а резимирањето да биде конструктивно. Ако не можете да се потпрете на други обучувачи, тогаш пленарно водете ја евалуацијата, заедно со сите учесници.

Верата, по дефиниција, не може да се објасни со рационални аргументи и вие треба да ги ограничите обидите за оспорување на верските убедувања со рационални аргументи. Вие можете да нагласите дека е важно да се почитува тоа што сите имаат право на слобода на мисла, совест и вероисповед; тоа не значи дека и вие треба да го почитувате она во кое веруваат другите, туку да го почитувате нивното право да веруваат во што сакаат. Запомнете дека развивањето на критичко мислење е важна цел на ОЧП и дека споредувањето на различни животни ставови ќе им помогне на луѓето да бидат свесни дека нивниот избор на мисла не ги обезвреднува изборите на другите. Преку дискусијата во оваа активност, учесниците ќе дојдат до разбирање дека нивниот избор не е апсолутен, туку релативен. Исто така, ќе ги направи свесни за предностите и слабите страни на секое училиште или традиција. Верскиот фанатизам и нетрпеливост заедно произлегуваат од строгата селективност на мислата и одбивањето на плурализмот. Ниту една религија не е монолитна, па според тоа ниту една приказна во религијата не е авторитетна, репрезентативна и супериорна врз приказните и интерпретациите на другите религиски традиции.

## Варијации

Ако ја водите активноста со неколку мали групи, добра идеја е да се заокружи со сите заедно. Според тоа, пред учесниците да завршат со активностите во групите и да се вратат пленарно, замолете ги да ги земат во предвид следните прашања и да се подготвени да одговорат:

- Дајте примери на игнорирање и предрасуди за религиските и нерелигиските традиции во вашата земја.
- Што можеме ние да направиме за да го намалиме игнорирањето и предрасудите?

## Предлози за идни активности

Ако ја правите оваа активност со монорелигиска група, постои голем простор за понатамошна дискусија. Одете на http://www.religioustolerance.org и копирајте ја нивната листа на религии и нетеистички религии и етички системи. Замолете ја групата да каже за колку од нив слушнала и што знае за нив.

Можеби ќе сакате да ја истражувате историјата на развојот на различни убедувања правејќи временски распоред. Погледнете го делот на „Варијации“, во активноста „Временска рамка“, на страница 308.

Пауло Фреиревели: „Да едуцираш значи да веруваш во промена.“ Ако групата сака да дискутира што е образование и како тоа ги исполнува или не ги исполнува потребите на луѓето, тогаш можеби групата ќе биде заинтересирана за активноста „Нека се чуе сечиј глас“,на страница 213.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**16 ноември – Светски ден на на толеранцијата**

## Идеи за акција

Во зависнот од контекстот каде што вие и учесниците живеете и работите, можеби е интересно да посетите верски центар или центар во заедницата за различни религии и да стапите во контакт со нивните младински групи со цел да се дискутираат можни заеднички акции. Тоа вклучува:

- Настан за Денот на човековите права (10 декември);
- Заеднички покани по повод значајни верски празници/прослави;
- Заеднички акции за сиромашните и оние кои имаат потреба.

## Понатамошни информации

Членот 18 од Универзалната декларација за човекови права наведува: „Секој има право на слобода на мисла, совест и вероисповед; ова право вклучува слобода за промена на неговата вероисповед или убедување, како и слобода, или самостојно или во заедницата со другите, јавно или приватно, да ја манифестира неговата вероисповед или убедување преку поука, проповеди, верски обреди и ритуали.“

Поради целта на оваа активност, со намера да се вклучат поголем број на системи на убедување, ние ја користиме дефиницијата за религија од www.religioustolerance.org : „Религија е секој специфичен систем на верување за божество, кое често вклучува обреди, кодекс на етика и филозофија на животот.“ Терминот „религија“ се однесува и на личното практикување поврзано со верската заедница и групните обреди, како и комуникацијата која произлегува од заедничките уверувања. Алтернативите на религијата вклучуваат атеизам, скептицизам, слободна мисла и хуманизам.
Во оваа активност ние се фокусираме на „слобода на мислата, совест и вероисповед“, тоа е право да се следи една религија или не, согласно со личниот избор. Затоа и го користиме терминот „животни ставови“ како заедничка ознака која ги опфаќа и религиите и алтернативите на религиите, без дискриминација во корист на било која. Под „животни ставови“ подразбираме рамка на идеи кои ни помагаат да го разбереме светот и да најдеме значење и вредност во животот. Многу животни ставови се јасно религиозни, на пример, христијанството, хиндуизмот и исламот. Некои животни ставови не се религиозни, како што се дијалектичкиот материјализам на Карл Маркс и неговите следбеници, објективизмот на Ајн Ранд и хуманизмот. Други животни ставови, како што се будизмот и конфучизмот, традиционално се класифицирани како религии, но многу следбеници не се согласуваат со оваа категоризација и се расправаат, бидејќи нивните верувања не вклучуваат бог; будизмот и конфучизмот се филозофии. Концептот на животните ставови ги опфаќа сите.

Основни, лесни за користење, информации за практикувањето на главните религии можат да се најдат на Интернет страниците на Иницијатива за обединети религии (www.uri.org), како и Консултанти за верска толеранција од Онтарио (www.religioustolerance.org).

Оваа активност е развиена од активноста „Верници“ во „Мозаик’, образовен пакет од Евро-Медитеранската младинска работа, издаден во рамките на партнерството помеѓу Европската комисија и Советот на Европа во полето на младите.

## Картички

| | |
|---|---|
| Ние имаме специјална церемонија за да ги внесеме децата во нашиот животен стил. | Ние имаме специфични церемонии и норми за закопи и погреби. |
| Мажите и жените имаат различни функции и улоги во нашиот животен став, на пример, во водечките обреди. | Ние имаме специфично време во календарот за постот. |
| Злоделата и дискриминацијата биле направени или се прават во името на животниот став. | Нé учеле да им помагаме на сиромашните и на оние кои имаат потреба. |
| Ние имаме специфичен поглед на хомосексуалноста | Ние носиме симболи или посебна облека. |
| Нашиот животен став има специфични морални норми и заповеди во однос на бракот и сексуалноста. | Ние имаме специфичен поглед на абортусот. |
| Нашиот животен став е заснован на свети книги и списи. | Ние веруваме во вредноста на животот како најважното нешто кое треба да се зачува. |
| Нашиот животен став поучува за толеранција на други религии и верувања. | Нашиот животен став е длабоко обликуван од страна на пророците, кои се признати како носители на боженствени пораки. |
| Ние веруваме во живот после смртта и во судниот ден. | Ние имаме значајни прослави кои се сметаат како празници и во нашите земји. |
| Им оддаваме почит на мртвите барем еднаш годишно и ги посетуваме гробиштата. | Ние имаме сопствен календар, често поразличен од граѓанскиот. Нашата Нова година не е на 1 јануари. |
| Ние организираме училишта и часови каде децата учат за нашиот животен став.. | Ние веруваме дека животот не е само за материјалните работи, туку има суштинска, духовна димензија. |
| Ние имаме свои приказни за тоа како настанал светот. | Ние имаме одредени погледи за кого треба или не треба да се омажиме/ожениме. |
| Нашиот животен став не нé поучува само за духовните прашања, туку и за тоа како би требало да функционира општеството. | Ние често сме погрешно разбрани, а понекогаш и дискриминирани. |
| Од нас се очекува да се молиме неколку пати дневно. | Ние имаме еден ден во неделата кога не работиме, туку посетуваме специјални церемонии и ги славиме нашите верувања. |
| Ние веруваме дека имаме специјален однос со Создателот. | Ние ги контролираме нашите животи. |
| Ние веруваме дека значењето и целта на животот е една непрекината и креативна потрага. | Љубовта е есенцијална поука во нашиот животен став. |
| Нашиот животен став овозможува етичка рамка, во која моралните вредности се јасно утврдени. | Духовноста, чувството на восхит да се биде дел од нешто поголемо од самите себе, ја наоѓаме во ритуалите на нашиот животен став. |

Глобализација

Животна средина

Граѓанство и учество

Ниво 3

Која било (мали групи 5-8)

Прв дел: 45 минути
Втор дел: Променливо
Трет дел: Променливо

# Внимавајте, ве набљудуваме

*Никој не згрешил повеќе од оној кој не направил ништо, бидејќи верувал дека тоа што може да го направи, е малку.*

Едмунд Бурк

| | |
|---|---|
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Теми** | • Глобализација<br>• Животна средина<br>• Граѓанство и учество |
| **Преглед** | Во оваа активност учесниците учат за социјалните, економските и трошоците на животната средина за една памучна маица. Потоа тие планираат и применуваат акција со која укажуваат како да се реши кршењето на човековите права. |
| **Поврзани права** | • Право на посакувана работа и вклучување во синдикати;<br>• Право на соодветен животен стандард;<br>• Право на сигурна и здрава животна средина. |
| **Големина на групата** | Која било (мали групи: 5-8) |
| **Време** | Прв дел: 45 минути  Втор дел: Променливо  Трет дел:Променливо |
| **Цели** | • Да се учи за глобализираната природа на текстилната индустрија и да се разбере вистинскиот трошок на облеката која ја купуваме;<br>• Да се развиваат вештини за анализа на информации, планирање и применување на акции;<br>• Да се поттикнува креативноста, имагинацијата и посветеноста кон активизмот. |
| **Материјали** | • Флип-чарт и фломастери;<br>• Прилог. |
| **Подготовка** | • Направете копии од листот со информации, по еден за секој учесник.<br>• Бидете свесни за вашата улога во поддржувањето на учеството на учесниците. |

## Инструкции

**Прв дел: Разгледување на прашањата**

1. Објаснете ѝ на групата дека подетално ќе ја разгледате облеката која тие ја купуваат, како и социјалните, економските и влијанието врз животната средина врз изборите кои ги прават.
2. Замолете ги луѓето да ги погледнат етикетите на нивните маици или џемпери за да видат каде се направени и од што се направени? Колку чинат? Направете табела на флип-чартот, излистајте ги сите земји и цени.
3. Прашајте дали само парите се земаат  предвид; потоа поделете го листот со информациии дајте им на учесниците 5 минути да го прочитаат.
4. Потоа, преминете на бура на идеи за прашањата кои произлегуваат од информациите, на пример, работнички права, вклучувајќи и детски труд, искористување на ресурсите (вода и гориво), оштетување на околината со пестициди и други отрови, како и последиците од глобализацијата.
5. Прашајте ја групата како, во аспект на ова сознание, се чувствуваат во врска со купувањето на маици. Што можат тие да преземат против кршењето на законите? Направете бура на идеи за

тоа како тие би презеле акција, на пример, повеќе да се грижат за нивната облека, така што нема да ја износат за многу кратко време, во иднина да купуваат само маици преку фер-трговија или да започнат локална кампања за подигање на свеста за проблемите со нивните врсници. Дискутирајте кои идеи им се допаѓаат и би ги презеле во иднина. Дозволете им да истражуваат повеќе информации и да размислат за изводливоста на нивните идеи.

**Втор дел: Одлуки за преземање акција**

6. Дозволете им на учесниците да го прегледаат истражувањето, да ги насочат нивните идеи и да се договорат какви активности треба да преземат.

7. Замолете ги да се поделат во мали групи, согласно со типот на акција која сакаат да ја преземат и да направат краток нацрт-предлог кој би требало да вклучува:

- Јасни цели;
- Опис на предложената активност (бојкот, концерти, телевизиски или радио програми, уличен театар, лифлети, итн.), вклучувајќи ги и причините за нивниот избор;
- Распоред за подготовка на активноста и имплементирањето;
- Местата каде што активноста ќе се случува (училишта, јавни објекти, итн.);
- Проценка на трошоците и потребни ресурси.

8. Замолете ја секоја група да ги достави нивните предлози и замолете ги сите да дадат коментари и да дадат предлози за подобрување.

**Трет дел: Имплементација**

- Или одберете една акција во која ќе учествува целата група или дозволете им на учесниците да работат во мали групи, согласно со тоа каква акција сакаат да преземат.
- На крајот од акцијата или кампањата, резимирајте како помина сé и што постигна групата.

КЛУЧЕН ДАТУМ

**Втората сабота во мај – Светски ден на праведната трговија**

## Резимирање и евалуација

**После првиот дел:**

- Дали парите се најважниот трошок? Ако не се, зошто не?
- Колку се важни социјалните, економските и еколошките трошоци? Дали некој е поважен од другите? Кои човекови права се прекршени?
- Колку пари сте подготвени да платите за една маица?
- Која кампања е добра?
- Дали мислите дека институциите кои работат во полето на заштита на правата на работниците, како што се невладини организации, меѓународни организации, агенции при Обединетите нации и организации кои водат антиглобални кампањи, прават разлики? Зошто? Зошто не?

**После вториот дел:**

- Колку беше лесно да се согласите за акциониот план? Дали се сите среќни за начинот на одлучување во малите групи? Зошто? Зошто не?
- Зошто луѓето ја одбраа таа акција?
- Дали сите се чувствуваат вклучено? Зошто? Зошто не?
- Кои прекршувања на човековите права ги погодуваат различните групи?

**После третиот дел:**

- Како течеше акцијата или кампањата? Дали одеше по планот? Зошто? Зошто не?
- Што треба да се запомне за некој нареден пат?
- Дали сите се чувствуваа вклучено и дали нивните способности беа искористени? Ако не, што и како би можело подобор да се направи наредниот пат?
- Што научивте друго од активноста и преземањето на акција?

## Совети за обучувачите

Бидете добро подготвени. Прочитајте го делот за преземање акција во Поглавје 3 за сеопфатен преглед на начините како да се преземе акција и како да се организира. Исто, прочитајте ја и скалата на учество на Харт во информациите од „Граѓанство и учество“ на линкот at www.coe.int/compass .

Ќе најдете информации за транснационални компании во информациите од „Глобализација“ на линкот www.coe.int/compass . Пред да ја започнете оваа активност, проверете дали има огранок на „Кампања за чиста облека“ или слична организација во вашата земја.

Информирајте се за акциите кои ги води „Кампања за чиста облека“ и искористете ги нивните веќе-готови алатки. Полесно е да се преземе акција, на пример да се стави видео за спортска опрема од оваа Кампања на веб-страница или блог, а потоа да се собере материјал за подигање на јавната свест. Како и да е, една од целите на оваа активност е да се стимулира учеството и креативноста. Според тоа, вие треба да нагласите дека тие имаат целосна слобода да „измислат каков било вид на нови стратегии за кампања.

Ако сакате да трошоците да ги ставите во однос на емисијата на јаглероден диоксид, тогаш Ecometrica има направено проценка за емисијата на јаглеродниот диоксид врз облеката, земајќи пакување од 3 пара на долен веш, како пример. Панталоните и маиците имаат сличен профил на емисии - иако панталоните почесто се перат и веројатно почесто се пеглаат! Резултатот е 57 килограми на CO2 од колепка до гроб. Одете на линкот www.ecometrica.co.uk и побарајте „лист на факти за облеката“.

## Варијации

Можете да го развиете првиот дел од вежбата за да ги поттикнете луѓето подлабоко да размислуваат за вистинските трошоци, па според тоа:
1. Започнете со прашување на учесниците за цените на нивните маици и да се согласат за една просечна цена.
2. Наредно, замолете ги да погледнат во нивните етикети и да видат од каде доаѓа маицата.
3. Потоа, замолете ги луѓето во мали групи да направат бура на идеи за листата на сите чекори во производниот процес од одгледување на памукот до продажбата на производот во продавницата.
4. Пленарно, споредете ги листите и направете една заедничка листа, која ќе ги сумира различните елементи под општите наслови на транспорт, трошоци за труд, користење на енергија итн.
5. Потоа, повторно во мали групи, замолете ги учесниците, да стават цена на секој наслов, на пример, одгледување на памукот, вкупните трошоци на трудот, превоз итн.
6. Повторно пленарно, дискутирајте ги проценките на групите.
7. На крај, поделете го листот со информации и замолете за коментари.

## Предлози за идни активности

Контактирајте го огранокот на „Кампања за чиста облека“ во вашата земја и развијте ја работата која ја започна групата. Можете да ги истражувате прашањата за праведната трговија на патики; следниот линк дава статистика за вистинските трошоци на патиките: http://www.vetementspropres.be

Групата можеби сака да ги истражува прашањата и дилемите поврзани со корпоративната социјална одговорност. На пример, многу добри каузи и настани добиваат спонзорства од компании кои се одговорни за кршењето на човековите права. Овие компании ја загадуваат животната средина во процесот на производство на стоки. Групата можеби ќе сака да дискутира за некои од прашањата кои се покренаа од изјавата на Џереми Гили, филмски работник и основач на „Peace OneDay“: „Од гледна точка на „Peace One Day“, ние не можеме да постоиме или функционираме без корпоративно спонзорство. Мојата позиција е многу јасна. Силно чувствувам дека ако сакаме да влијаеме врз синџирот на снабдување, мора да се носиме со тоа. Многу е тешко, можеби и невозможно, да се најде компанија, чиј целосен синџир на снабдување, од почеток до крај, 100% се придржува на меѓународното право за човековите права и законите за трговија. А се разбира дека ова е стојалиште е многу посакувано.“
Информациите специфично поврзани со овој пример можат да се најдат на www.peaceoneday.org и http://www.clearingthehurdles.org.

Ако групата сака да го истражува правото на посакувана работа и вклучување во синдикати, тие можат да ја искористат активноста „Приказната на Ашик“, на страница 104, која го разгледува прашањето за детскиот труд или пак, „Состанокот на синдикатот“, на страница 318. Ако прашањето за спортската облека се појави и ако луѓето сакаат да погледнат други аспекти на човековите права поврзани со спортот, вие би можеле да преминете на активноста „Само една минута“, на страница 205.

## Идеи за акција

Продолжете со работата која ја започнавте, заедно со други локални групи од интерес и одбележете го Светскиот ден на фер-трговија. Ќе најдете изобилство инспирација од линкот http://www.wftday.org/.

Вие, исто така, можете да ги искористите знаењето и искуството од работата, стекнати од штотуку завршената работа, и да покренете кампања за други прашања кои ја засегаат групата. Постојат бројни можности, во текот на годината, за да им се придружите на другите со цел подигање свесноста за темите од човековите права, на пример, женски права на Меѓународниот ден на жената, 8 март; бегалци на 20 јуни и човекови права на 10 декември. Соработувајќи со другите, вие ја покажувате вашата солидарност со сите оние кои се борат за човекови права, ќе стекнете нови пријатели, ќе се забавувате и ќе учите.

## Понатамошни информации

Постојат многу организации кои работат за фер производство и фер трговија. Искористете го вашиот пребарувач за да ги пронајдете организациите кои работат во вашата околина. Следниве организации имаат партнери во многу европски земји:

• www.cleanclothes.org има многу информации и води кампањи во кои можете да учествувате.

• Кампањата „Облека за промена“ вклучува и еден слоган: „Дали твојата маица е изработена со детски труд?“ http://www.organicconsumers.org

• People Tree е пионер во модната праведна трговија на меѓународно поле: http://www.peopletreefoundation.org/

• Во извештајот „Децата зад нашиот памук“ на Фондацијата Environmental Justice се откриваат шокантни услови за, како што е проценето, повеќе од еден милион деца – некои на возраст од пет години – кои работат по 12 часа дневно, во екстремно жешко или студено време. Многу од нив страдаат од физичка, вербална, а понекогаш и сексуална злоупотреба: http://www.ejfoundation.org

• Мисијата на Фондацијата Fair Wear е да се подобрат условите на работниците во текстилната индустрија: http://fairwear.org

• Мрежата Fair Trade Resource е информациски центар, дизајниран да ја зголеми праведната трговија и да „креира пазар кој ќе ги вреднува луѓето кои ја создаваат храната која ја јадеме и производите кои ги користиме“: www.ftrn.org

• Кампањата Play Fair е коалиција на групи за работнички права кои бараат да се притиснат брендовите за спортска опрема, кои произведуваат производи за Олимписките игри, да ги укинат експлоататорските услови во нивните синџири на снабдување и да ги почитуваат правата на работниците: www.clearingthehurdles.org

## Прилози

**Следење на вистинската цена на памукот**

Памучните маици се производ на бројни, различни глобални индустрии, со производство во речиси секоја земја во светот. Еве еден пример:

Една типична фарма за памук во Буркина Фасо е имот, кој го обработува едно семејство кое култивира шест или осум хектари земја. Еден килограм суров памук, произведен во Буркина Фасо, чини 0,23 евра. За многу производители на памук, парите кои ги добиваат од продавањето памук се единствени пари кои тие ги добиваат, во текот на целата година.

Од фармата, памукот се пренесува до фабриката за собирање за да се претвори во памучни влакна, процес кој чини 0.56 евра за килограм. Работниците се плаќаат по 73.40 евра секои две недели.

Сега, памукот се транспортира за извоз до пристаништето во Ломе, во Того, каде им се продава на трговците по цена од 0.88 евра за килограм. Повеќе од половина се продава во Кина: се товари на товарни бродови за пристаништа, како што е Шангај, и каде се продава во локални фабрики за предење за 0.97 евра за килограм. Повеќето работници кои работат на лента доаѓаат од посиромашни краеви, најчесто од руралните средини. Тие живеат во фабрички домови и работат многу долги часови за ниски надоместоци.

Облеката, од многу познати западни брендови, често е направена во истата фабрика каде се ткае и влакното, а потоа се носи до пристаниште и се товари за извоз. Просечната цена на една маица увезена во САД чини 1.10 евра, но одделот за продажба во центарот на Менхетен ќе продаде две за 14.70 евра.

Памукот кој започнал во Африка и чинел 0.56 евра за килограм, сега чини 18.40 евра за килограм.

Оваа информација е од Интернет: Програма од каналот BBC news, „Следење на вистинската цена на памукот“, 2 мај 2007

**Вистинската цена на една памучна маица**

• Користење на вода: 2,157 литри (45% се користи за наводнување)
• Користење на енергија: 8 киловат/часови (28,800,000 џули) на електрична струја за машините за ткаење и шиење 41.6 – 110 литри гориво за транспорт по копно и море
• Растојанија при транспорт: 8,851 – 15,128+ км
• Емисии на гас: NOx, CO, CO2, (гасови од стаклена градина) SO2, N2O, испарливи соединенија
• Отрови: 1-3 грама пестициди, издувни гасови, тешки метали (бои)
• Цена  на увозот: 0.44 – 0.77 евра
• Детски труд: во 17 земји, просечниот износ е 0.37 евра на ден
• Разно: 53-91 грама ѓубриво

Извор: Earth Intelligence Network,
http://true-cost.re-configure.org/
http://forum.re-configure.org

# Дали може да влезам?

„Бегалецу, оди си дома!“– *Би отишол, кога би можел!.*

**Ниво на сложеност** Ниво 3

**Големина на групата** 6-20

**Време** 60 минути

**Теми**
• Миграција
• Дискриминација и нетолеранција
• Мир и насилство

**Преглед** Оваа е активност со играње на улоги за една група бегалци кои се обидуваат да избегаат во друга земја. Го истакнува:
•Страдањето на бегалците;
• Социјалните и економски аргументи за давање и одбивање азил.

**Поврзани права**
• Право да се бара азил во други земји;
• Право на забрана од протерување (право на бегалците да не бидат депортирани назад во својата земја каде што има ризик од прогон или смрт);
• Слобода од дискриминација.

**Цели**
• Да се развие знаење и разбирање за бегалците и нивните права;
• Да се вежбаат вештини за презентирање аргументи и донесување судови;
• Да се промовира солидарност со луѓето кои одеднаш се принудени да ги напуштат своите домови.

**Материјали**
• Картички со улоги;
• Флип-чарт или табла за пишување;
• Креда и/или мебел да се креира граничен премин;
• Моливи и хартија за набљудувачите да прават белешки.

**Подготовка**
• Ископирајте ги картичките со улоги. Секој граничар, бегалец и набљудувач ќе има своја картичка.
• Наместете ја сцената за играње улоги. На пример, нацртајте линија на подот која ќе претставува граница или наместете го мебелот да направите физичка граница со празнина како место за проверка. Употребете маса која ќе послужи како шалтер во канцеларијата на граничната контрола.
• Информирајте се за бегалците и за тековната состојба на бегалците во светот.

**Миграција**

**Дискриминација и нетолеранција**

**Мир и насилство**

**Ниво 3**

**6 - 20**

**60 минути**

## Инструкции

1. Објаснете дека ова е играње на улоги за една група бегалци кои ја напуштиле нивната татковина и кои сакаат да влезат во друга земја во потрага по безбедност.
2. Започнете со бура на идеи да откриете што знаат луѓето за бегалците. Запишете ги одговорите на голем лист хартија или флип-чарт и тие ќе се искористат за подоцнежната дискусија.
3. Покажете им ја сцената и објаснете го сценариото. Кажете им дека тие се наоѓаат на граница помеѓу земјите X и Y. Голем број бегалци пристигнаа. Тие сакаат да преминат во Y. Тие се гладни, уморни и премрзнати и поминаа долг пат далеку од нивните родни земји P, Q и R. Некои имаат малку пари, а само неколку имаат документи за идентификација или пасоши.

Граничните службеници од земјата Y имаат различни гледни точки за ситуацијата. Бегалците се очајни и користат неколку аргументи за да се обидат да ги разубедат граничните службеници за да ги пуштат да влезат..“
4. Поделете ги учесниците во три групи: првата група да ги претставува бегалците, втората група да ги претставува граничните службеници во земјата Y и третата група да бидат набљудувачите.
5. Кажете им на „бегалците“ и на „граничните службеници“ да ја вежбаат улогата за секој лик и нивните аргументи. Советувајте ги набљудувачите за давањето повратна информација. Поделете ги картичките со улоги и дајте им 15 минути за да се подготват.
6. Започнете го играњето улоги. Одлучете сами кога да запрат, но околу десет минути е доволно.
7. Дајте им на набљудувачите пет минути да ја подготват нивната повратна информација; потоа започнете со резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

Започнете со прашување на набљудувачите да дадат повратна информација за играњето улоги. Потоа, слушнете ги коментарите на актерите за тоа како се чувствуваа како бегалци или гранични службеници, а потоа преминете на општа дискусија за прашањата и за тоа што научија учесниците.

•Колку праведен беше третманот на бегалците?

• Бегалците имаат право на заштита, според член 14 од Универзалната декларација за човекови права и во Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951. Дали на бегалците им беше дадено нивното право на заштита? Зошто/зошто не?

• Дали земјата има право да ги депортира бегалците назад? Кога? Поради кои причини?

• Дали би оттурнал некого ако си граничен службеник? Што ако знаеш дека тие се соочуваат со смрт во нивната земја?

• Како се пресретнуваат бегалците на границите во вашата земја? Нивните човекови права се нарушуваат. Кои?

• Што може и што треба, прво, да се направи за луѓето да престанат да бегаат?

## Совети за обучувачот

Ситуацијата со бегалците се разликува низ Европа и вие треба да размислите како да го поставите сценариото и да ја прилагодите активноста за да се исполнат целите при водењето на оваа активност. Ќе ви помогне доколку измислите кратка приказна за измислените земји X и Y, каде се поставува сцената; Z, земјата под Y и P, Q и R , земји кои примаат бегалци.

Информирајте се за дефинирањето на терминот „бегалец“, „барател на азил“ (погледнете на страница 536 во делот за „Миграции“). Исто така, информирајте се кои земји примаат бегалци, како и за бројот на бегалци во соседните земји. Проверете и колку бегалци има во вашата земја и во другите европски земји. Сите овие информации можете да ги најдете на веб-страницата на unhcr.org.

Употребете бура на идеи за да се осигурате колку луѓето веќе знаат зошто има бегалци, кои се причините поради кои луѓето ја напуштаат нивната татковина, од каде доаѓаат и земјите во кои ќе одат. Ова ќе ви помогне да одлучите како да ги водите резимирањето и евалуацијата и кои дополнителни информации треба да ги обезбедите на ова ниво.

Размислете доколку некој во групата е бегалец. Доколку се согласи, активноста градете ја врз неговото/нејзиното искуство, а него/нејзе користете го/ја како ресурсна личност.

Трите групи не мора да бидат еднакви. На пример, вие можете да одберете да имате три-четири набљудувачи, а остатокот од групата дозволете да бидат активни играчи на улоги. Во вистинскиот живот има повеќе бегалци од граничари и вие можеби ќе сакате да го покажете тоа во ова играње на улоги. Добар совет е на набљудувачите да им се даде улога на „новинари“ кои треба да напишат извештај како дел од резимирањето.

Земете во предвид што сакате да постигнете со оваа активност и размислете како да ја наместите сцената. Дали вашите бегалци се маса на уморни, гладни и очајни луѓе? Ако се такви, водете ја активноста надвор, во шума или покрај река или езеро, ако вашите бегалци стигнат во натрупан брод, кој пропушта вода. Ако сте внатре и ако сакате да ја наместите сцената на темна, студена ноќ, изгаснете ги светлата и отворете ги прозорците. Како варијанта,

ако бегалците пристигнуваат во помали групи на официјалниот граничен премин, наместете „канцеларија“ каде службениците можат (кратко) да ги проверуваат пасошите на бегалците и да ги прашуваат од каде доаѓаат.

Проверете ги и картичките со улоги и прилагодете ги, ако е потребно.

Бидете свесни дека играњето на улоги може да стане многу хаотично. Во овој случај, запрете ја активноста (како во Форум театарот) и замолете ги новинарите да ги интервјуираат бегалците и граничарите. Ова ќе овозможи смирување на сите и внимателно слушање.

## Варијации

После резимирањето, водете го играњето улоги и по втор пат, но дозволете учесниците да си ги заменат улогите. Набљудувачите сега имаат дополнителна задача да ги прибележуваат разликите помеѓу првото и второто играње улоги, особено она кое резултираше со повисока заштита на правата на бегалците.

Можеби ќе сакате да направите и четврта група која ќе биде граѓани, кои сакаат да помогнат, но малку можат да направат, бидејќи се спречени и од полицијата и од бирократијата. Направете и некое следно играње на улоги, вклучувајќи и официјален тим испратен од UN-HCR или Црвен крст за да им помогне на бегалците во земјата X.

## Предлози за идни активности

Дознајте повеќе за бегалците во вашата земја, особено за реалноста на нивниот секојдневен живот. Учесниците би можеле да контактираат со локално здружение за бегалци и да ги интервјуираат вработените, волонтерите и бегалците.

Погледнете на www.newtimes.dk каде што ќе можете да прочитате стории напишани (на англиски) од страна на лицата кои бараат азил и бегалците во Данска. Одберете член и дискутирајте го вашиот одговор.

Британскиот Црвен крст има информации и активности за бегалци кои се продуцирани во нивниот проект Позитивни слики: www.redcross.org.uk.

Групата ќе може да го испита нивното знаење за бегалците на www.proprofs.com .

Училишниот клас можеби сака да продолжи со темата, истражувајќи информации за улогата на UNHCR (www.unhcr.org), а потоа да напише и „официјален извештај“, вклучувајќи ги следниве точки:

- Оние аргументи кои ги разубедиле граничните службеници да ги пуштат бегалците;
- Било какво несоодветно однесување од страна на граничните службеници;
- Препораки што да направи земјата Y за да ги заштити правата на бегалците.

Дискутирајте за ситуацијата во Европа денес. Како реагираат политичарите? Какви се ставовите на различните земји кон бегалците и зошто се тие различни? На пример, можете да ги споредите политиките на земјите кои ја почитуваат нивната обврска кон бегалците со оние кои ги затвориле нивните граници за нив. Замолете ја групата да се подели во групи, секоја група да претставува различна земја и да се развие европски план за справување со кризата.

Исто така, можете да прашате кои се ставовите на обичните луѓе во вашата и во други европски земји и што прават тие? Очигледно, ова повлекува и други прашања за тоа како знаеме и дали можеме да генерализираме? Анализирањето на медиумски извештаи може да биде плодна вежба.

Дискутирајте дали Женевската Конвенција ги исполнува сегашните потреби и дали е потребно ажурирање. На пример, во многу земји, за да добијат статус на бегалец, лицата кои бараат азил треба да докажат дека тие индивидуално се прогонети; не е доволно да се биде член на група, која е прогонета или која доаѓа од воена зона. Слично, бегалците кои бегаат заради климата не се покриени од страна на конвенцијата.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**20 јуни**
**Светски ден на бегалците**

Дефинициите и статистиките за бегалците и мигрантите може да се најде во делот „Миграции“ од Поглавје 5 на линкот: www.coe.int/compass.

## Прилози

**Картичка со улога - Бегалци**
*Аргументи и опции на бегалците*
Вие треба да ја одиграте улогата на мешана група на бегалци, па во вашите подготовки, секој треба да одлучи за неговиот идентитет: неговата возраст, род, семејни врски, професија, благосостојба, вероисповед и за сопствените работи кои ги носат со себе. Исто, одлучете од која земја доаѓате, P, Q или R и за тоа дали го напуштивте домот заради војна, заради прогон, недостиг на човекови права или од други причини.
Вие треба да ги подготвите вашите аргументи и тактики; од вас зависи дали аргументите ќе ги претставите како група или посебно, како член.
Можете да ги користите овие аргументи и некои други, размислувајќи дека:
- Имаме законско право да бараме азил.
- Нашите деца се гладни; вие имате морална одговорност да ни помогнете.
- Ќе бидам убиен доколку се вратиме назад.
- Немам пари. Единствено што поседувам се две парчиња накит од голема сентиментална вредност.
- Немам каде да одам.
- Јас бев доктор/ медицинска сестра/ инженер во мојот роден град.
- Јас само сакав засолниште сé додека не биде безбедно за враќање.
- Другите бегалци добија дозвола да престојуваат во вашата земја. Зошто не и ние?
- Каде сме ние? Криумчарите се согласија да нé пренесат во земјата Z.
- Ќе се обидам да ги поткупам службениците за да ме пуштат.
- Мајка ми и брат ми се веќе во Y.
- На пат сум за Z, не сакам да запирам во Y.

Други работи кои треба да се земат во предвид:
- Дали некој од вас има документи за патување? Дали се тие оригинални или се фалсификувани?
- Дали ќе се разделите ако граничните службеници го побараат тоа од вас?
- Што ќе направите ако се обидат да ве вратат назад? Кои се вашите опции? На пример, ако постои камп за бегалци дали би оделе? Дали постои некаков начин да добиете документ за патување? Можете ли да најдете и да платите криумчар? Дали постои друга рута за да стигнете до Y?

**Картичка со улога - Набљудувачи**

Вашата работа е да го набљудувате играњето улоги. На крајот ќе ве замолат да дадете повратна информација. Одберете член да биде ваш претставник.

Додека набљудувате, меѓу другото, бидете свесни за:
- Различните улоги кои ги играат и бегалците и граничните службеници.
- Моралните и правните аргументи кои ги користат и како ги презентираат.
- Внимавајте на некакви кршења на човековите права.

Вие треба да одлучите како ќе водите белешки за сé. На пример, можете да се поделите на две подгрупи, така што едната група ќе ги набљудува граничните службеници, а другата – бегалците.

Можеби ќе сакате да ја направите активноста „3 работи“ за да им помогнете на луѓето да сфатат како би било ненадејно да го напуштат домот, без да имаат време да си ги соберат работите и да ги поведат со себе. Ако сакате да се обидете во една активност која ги следи настаните откако бегалците ќе ја поминат границата и бараат азил, може да ја одберете активноста „Јазична бариера“, на страница 203. Исто така, можете да изработите колаж или постери за да ги илустрирате загрижените лица на бегалците; погледни „Играње со слики“,на страница 247.

## Идеи за акција

Остварете контакт со локална или национална организација која работи со бегалци кои живеат во вашата земја и погледнете што можете да сторите со цел да им помогнете. На пример, многумина се осамени и тешко им е да се интегрираат; нив, можеби би им било драго да стекнат нови пријатели или да добијат помош при учењето на јазикот.

Децата, кои доаѓаат сами, без ниту еден член на семејството и кои бараат азил, се

**Картичка со улога – Гранични службеници**

*Аргументи и опции на граничните службеници*
Вие треба да ги подготвите вашите аргументи и тактики; од вас зависи одлуката дали аргументот ќе го претставите како група или секој член ќе пристапи кон излагање на аргументите.
Можете да ги користите овие аргументи и некои други, размислувајќи дека:
• Тие се очајни: не можеме да ги вратиме назад.
• Ако ги испратиме назад, ќе бидеме морално одговорни ако ги уапсат, ги мачат или ги убијат.
• Ние имаме правни обврски да прифатиме бегалци.
• Тие немаат пари и нам ќе ни треба помош од државата. Нашата држава не смее да си го дозволи тоа.
• Дали ти имаат некакви документи за патување или документи за идентификација? Дали се тие оригинални или лажни?
• Дали тие изгледаат како вистински бегалци? Некои можеби бараат само подобар животен стандард?
• Нашата земја е воен и бизнис партнер на земјата X. Не треба да изгледа дека ние ги заштитуваме бегалците.
• Можеби тие имаат вештини кои нам ни се потребни?
• Има доволно бегалци во нашата земја. Ние треба да се грижиме за нашите луѓе. Тие треба да одат во побогати земји.
• Можеме да им побараме поткуп за да ги пуштиме да влезат.
• Ако им дозволиме да влезат, и другите ќе бараат влез.
• Тие не го зборуваат нашиот јазик, имаат различна вероисповед и јадат различна храна; тие нема да сакаат да се интегрираат.
• Можеби има терористи или воени криминалци кои се кријат меѓу нив.
• Дозволено ни е да ги пуштиме само оние кои ги напуштиле своите домови заради војната во P.
• Дали тие сакаат да бараат азил во Y?
•Дали тие имаат пари или вредни предмети за да платат за нивниот престој додека се разгледува нивното барање за азил?

Пред играњето улоги, размислете за следниве опции:
• Дали ќе ги пуштите сите бегалци преку границата? Кои и поради кои причини?
• Дали ќе пуштите само неколку преку границата?
• Дали ќе ги разделите според возраст, професија, богатство...?
• Или можеби ќе направите нешто друго? Што?

особено ранливи. Групата би можела да дознае што се случува со овие малолетници без придружба во нивната земја и како би можеле да им помогнат. Идеите вклучуваат пријателство, помагање со јазикот и образование, играње фудбал и излегување заедно.

Поканете една НВО која работи со бегалци или дури и бегалец во вашето училиште или клуб за да научите како бегалците стигнуваат во вашата земја, процесот на барање азил и за нивниот живот денес.

Веб-страницата на Високиот комесар за бегалци при Обединетите нации (UNHCR) дава многу информации, флаери и видеа за организирање работилници за бегалците во вашата организација или училиште: http://www.unhcr.org.

## Понатамошни информации

Бегалците се луѓе кои мораат да се движат, ако сакаат да ги спасат нивните животи или да ја зачуваат нивната слобода.
Тие немаат заштита од сопствената држава – често тоа е нивната влада која им се заканува дека ќе ги прогони. Ако другите земји не им дозволат да влезат и ако не им помогнат откако ќе влезат, тогаш тие можат да бидат осудени на смрт – или на нетолерантен живот во сенка, без храна и покрив на главата, како и без права.
Други корисни веб-страници:
• http://councilforeuropeanstudies.org/
• http://www.refugeesinternational.org/

**Забелешки**
Оваа активност беше адаптирана од „Први чекори: Прирачник за започнување на образование за човекови права“ Amnesty International, Лондон, 1997.
Нивната последна верзија од активноста, погледнете ја на „Работилница: На границите од Европа“ www.amnesty.org
Цитатот, „Бегалецу, оди си дома! Би отишол, кога би можел!“ беше слоган искористен во кампања на UNHCR.

# Чахал против Велика Британија

*Ако тој се врати, ќе биде измачуван!*

**Теми**
• Војна и тероризам
• Мир и насилство
• Демократија

**Ниво на сложеност** Ниво 4

**Големина на групата** Која било

**Време** 120 минути

**Преглед**
Симулација (мини судење) кое изгледа како вистински случај кој излезе пред Европскиот суд за човекови права.

**Поврзани права**
• Слобода од мачење;
• Право да се бара азил;
• Право на праведно јавно сослушување.

**Цели**
• Да се развие знаење за улогата на Европскиот суд за човекови права и за отстапувањата од членовите на законот за човекови права;
• Да се развиваат вештини за критичко мислење и да се прават логички аргументи;
• Да се култивира смислата за правда и чувството за човеково достоинство.

**Материјали**
• Копии од картички со улоги;
• Пенкала и хартија за правење белешки;
• Картичка со информации за обучувачот.

**Подготовка**
• Ископирајте ги и исечете ги картичките од страница 127. На секој ќе му биде потребна картичка и вие треба да имате еднаков број (или колку што е можно приближно) на судии, претставници од Владата на Велика Британија и претставници на г-н Чахал.
• Нумерирајте ги картичките во секоја група 1, 2, 3, 4 итн.
• Ќе ви биде потребен доволен простор така што секој од „судовите“ (3 луѓе) ќе може да седи одделно од другите.

## Инструкции

1. Кажете ѝ на групата дека сесијата ќе биде посветена на еден случај кој стигна пред Европскиот суд за човекови права. Прашајте ги учесниците што знаат за Судот и за Европската конвенција за човекови права.
2. Прочитајте ги информациите за случајот од картичката и бидете сигурни дека сите го сфатија прашањето: „Дали депортирањето на г-н Чахал ќе биде нарушување на член 3?“
3. Поделете ги учесниците во 3 еднакви групи.
   • Група А го претставува г-н Чахал
   • Група Б ја претставува Владата на Велика Британија
   • Група В ги претставува судиите од Европскиот суд за човекови права
4. Поделете им на секоја група копии од картичките со улоги и објаснете дека учесниците

имаат 30 минути да дискутираат и да ги појаснат нивните позиции. Групите А и Б треба да го искористат ова време се за да ги подготват нивните аргументи, а групата В, судиите треба да подготват прашања за двете страни.

5. После 30 минути, кажете им на учесниците повторно да се групираат: број 1 е во една група, број 2 во друга и понатаму со ред, така што секоја нова група ќе биде составена по еден претставник за г-н Чахал, еден претставник од Владата на Велика Британија и по еден судија.

6. Објаснете дека секоја од овие нови мали групи претставува мини-суд. Судовите имаат уште по 20 минути да ги слушаат аргументите на двете страни, а судиите да поставуваат прашања.

7. После ова време, секој судија треба да донесе индивидуална пресуда за тоа дали член 3 ќе се наруши, ако г-н Чахал биде депортиран. Вратете ја целата група назад, заедно и замолете ги судиите да ги прогласат нивните одлуки, наведувајќи ги и нивните причини.

8. Понудете им на претставниците, од останатите две групи, можност да одговорат на донесената пресуда, а потоа кажете им како, всушност, Европскиот суд го решил овој случај. (погледнете ја картичката со информации, под „Прилози“).

9. Замолете ги учесниците да реагираат на одлуката и потоа преминете на резимирање и оценување.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**26 јуни – Меѓународен ден на Обединетите Нации за поддршка на жртвите од тортура**

## Резимирање и евалуација

- Кои беа најтешките аспекти во случајот?
- Дали беше тешко да ја играте вашата улога?
- Дали мислите дека „судијата“, во вашата мала група, донесе правилна одлука? Кои беа најважните фактори за конечната одлука?
- Зошто сметате дека Европската конвенција за човекови права не дозволува ограничување на правото за тортура, дури и во итни случаи?
- Што мислите, кои би биле последиците ако тортурата е понекогаш дозволена?
- Како сето ова е поврзано со тековните „војни против тероризмот“? Дали имате слушнато за некои слични акции или случаи?
- Зошто ни е потребен Европскиот суд за човекови права?
- Дали знаете за некои случаи од вашата земја кои излегле пред судот?
- Кој може да покрене случај во Европскиот суд за човекови права?

## Совети за обучувачот

На точка 4, каде луѓето се среќаваат со другите со кои ја споделуваат нивната улога, вие треба да ги предупредите дека тие ќе бидат поделени за вистински судски случаи. Поттикнете ги луѓето да искористат дел од времето за дискутирање на деталите за случајот со другите и дел за да ги подготват нивните воведни изјави. Судиите треба да ги појаснат деталите за случајот и да размислат за типот на дополнителни информации, кои ќе им бидат потребни од двете страни, со цел да донесат пресуда.

Објаснете им на двете страни во судењето дека иако не се согласуваат со позицијата која треба да ја претставуваат, тие мора да се одбранат пред судиите најдобро што можат.

Најдобро би било ако можете да дозволите или различните „судови“ да се состанат во различни простории или, барем, да бидат доволно далеку едни од други за да не бидат слушнати и да не ги слушаат другите.

Замолете ги судиите да управуваат со времето за време на „судењата“. Можеби тие ќе сакаат претходно да испланираат колку време да дозволат за прашања и како да го поделат времето помеѓу секоја страна. Нагласете дека тие треба да им дадат отприлика исто време на секоја страна, но мора да се сигурни дека ќе им остане време за разјаснување на точките кои ги оспоруваат страните.

Ако учесниците сé уште не се свесни за тоа, вие можете да обезбедите некои информации на крајот, од извештајот на Дик Марти „Таен притвор и илегални трансфери на притворените вклучувајќи ги и државите-членки на Советот на Европа“-втор извештај за тајните притвори и условите во воениот затвор во Заливот Гвантанамо (погледни информации на www.coe.int/compass од делот за „Војна и тероризам“).

## Предлози за идни активности

Активноста „Тероризам“, на страница 301, ги разгледува различните начини на дефинирањето на тероризмот, користејќи примери на можни терористички акти. Вие, исто, можете да разгледате уште едно човеково право кое не може да биде ограничено – правото на живот – во активноста „Кога ќе дојде утре“, на страница 330. Таа користи дел од текст напишан од еден млад човек, осуден на смртна казна.

## Понатамошни информации

Понатамошни информации

Има кратка, едноставна содржина за Европскиот суд за човекови права и за неговата работа на линкот www.abouthu-manrights.co.uk

Европскиот суд за човекови права е меѓународно судско тело формирано според начелата на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) од 1950 за да го мониторира почитувањето на човековите права од страна на државите-членки на Советот на Европа.www.echr.coe.int

Судот утврдил дека ќе има повреда на член 3, доколку Британската влада продолжи со планираната депортација на г-н Чахал. Нивното резонирање беше следното:

> „Членот 3 содржи една од најважните темелни вредности на демократското општество... Судот е свесен за огромните тешкотии со кои се соочуваат државите во модерното време при заштитата на нивните заедници од терористичко насилство. Сепак, дури и во овие околности, Конвенцијата забранува, во апсолутни услови, мачење, нехуман однос или деградирачки третман или казна, без оглед на однесувањето на жртвата. За разлика од повеќето суштински одредби во Конвенцијата и Протоколите број 1 и 4, членот 3 не дава одредба за исклучоци и никакво отстапување од тоа не е дозволено според член 15, дури ни во случај на јавна опасност, која се заканува по животот на нацијата...

…Забраната од членот 3 против злоставување е подеднакво апсолутна како и во случаите на протерување. Според тоа, кога и да покажат суштинските основи дека поединецот би се соочил со реален ризик од постапување спротивно на член 3 и ако биде преместен во друга држава, одговорноста на државата-потписник да го заштити него/нејзе од ваков третман преминува во ангажирање во случајот на протерување. Во вакви околности, акивностите на поединецот, колку и да се непосакувани или опасни, не можат да бидат материјал за разгледување.

**Дерогација (отстапување).** Тоа е назив за чин на повлекување од законската одредба, или во случајот на Европската конвенција за човекови права, суспендирање на правните обврски на државата-членка во одредени членови. Членот 15 од ЕКЧП ѝ дозволува на државата-членка да го направи тоа „во време на војна или друга јавна опасност“, но државата мора претходно да го информира Генералниот секретар на Советот на Европа, а отстапувањето мора да биде „строго барање за нужност на ситуацијата“. Членот 15 прецизира дека не може да има остстапување од членовите 3, 4.1 и 7, а отстапувањето од член 2 се применува само кога „смртта е предизвикана од дозволени воени операции“.

Долги години, Велика Британија отстапуваше од делови од членот 5, а тоа беше обновено во ноември 2001, после терористичките напади во САД, во септември 2001, врз основа на тоа дека Велика Британија се соочува со терористичка закана. Велика Британија беше единствената држава-членка од Советот на Европа која го искористи нејзиното право да отстапи после терористичките напади на САД во 2001. Отстапувањето беше повлечено во 2005, после одлуката на Горниот дом, кој сметаше дека е дискриминирачко, па според тоа и не е во склад со Конвенцијата.

Содржина на Европската конвенција за човекови права има на страница 472.

## Идеи за акција

Дознајте кои случаи се појавиле пред Судот за човекови права, а ја засегаат вашата земја и дали има пресуда врз основа на кршење на законите. Базата на податоци можете да ја најдете на линкот www.echr.coe.int, а потоа пребарувате на „HUDOC database“.

# Прилози

**Картичка за случајот за чекор 2 од инструкциите**

**Случајот**

Karamjit Singh Chahal е индиски граѓанин, кој моментално живее во Велика Британија. Тој е Сик и тој ја поддржува кампањата за независна држава на Сиките во областа Пенџаб, во Индија.

Британската влада се обидува да го депортира г-н Чахал назад во Индија и тие тврдат дека неговата поддршка за независност на Сиките и неговите активности во минатото значат закана за националната безбедност на Велика Британија, особено сега, кога постои голема загриженост заради терористичките напади.

Г-н Чахал се бори против депортацијата во Европскиот суд за човекови права, и тој тврди дека е сигурен дека ќе биде измачуван доколку се врати во Индија. Тој докажува дека тоа би било нарушување на член 3 и според тоа Владата нема право да го депортира.

**Картичка со улога за Karamjit Singh Chahal**

Ти си индиски граѓанин, но моментално живееш во Велика Британија. Ти си Сик и ја поддржуваш кампањата за независна држава на Сиките во областа Пенџаб, во Индија.

Британската влада се обидува да те депортира назад во Индија и тврди дека твојата поддршка за независност на и твоите активности во минатото значат закана за националната безбедност на Велика Британија, особено сега, кога постои голема загриженост заради терористичките напади.

Ти си сигурен дека ако се вратиш во Индија, ти ќе бидеш измачуван, како што биле многу твои пријатели и твоето семејство, како и ти самиот кога последен пат беше во Индија. Тоа беше пред шест години и ти беше уапсен и притворен од полицијата во Пенџаб, 21 ден. Во тој период те чуваа со лисици на рацете во ужасни услови, те тепаа сé додека не се онесвестеше, те измачуваа со електрошокови по разни делови од телото, ја извршуваа казната и ти се потсмеваа. Подоцна, ти беше ослободен без обвинение.

**Ти тврдиш:**
1. Ти не си закана за националната безбедност на Велика Британија, бидејќи то поддржуваш мирното решавање на конфликт во Индија.
2. Ти, сигурно, ќе бидеш измачуван ако се вратиш назад во Индија, бидејќи работите значително не се промениле, а сега таму си добро-познат и како сепаратист.
3. Ако Владата на Велика Британија го дозволи тоа, ќе ти го прекрши твоето право да не бидеш измамачуван. Со тоа би се прекршил членот 3 од ЕКЧП.

**Членови од Европската конвенција за човекови права:**

**Член 3: Забрана на мачење**
Никој не смее да биде подложен на мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

**Член 15: Отстапување во случај на вонредна состојба**
1. Во случај на војна или некоја друга општа опасност, владата може да ограничи некои од правата во оваа конвенција, но само во случај кога е апсолутно потребно.
2. Правата во членовите 3, 4(i) и 7 никогаш не можат да бидат ограничени. Правото на живот не може да биде ограничено освен во случај на смрт настаната како последица на дозволени воени операции.

**Картичка со улога засудиите**

**Случајот**

Karamjit Singh Chahal е индиски граѓанин, кој моментално живее во Велика Британија. Тој е Сик и тој ја поддржува кампањата за независна држава на Сиките во областа Пенџаб, во Индија.

Британската влада се обидува да го депортира г-н Чахал назад во Индија и тие тврдат дека неговата поддршка за независност на и неговите активности во минатото значат закана за националната безбедност на Велика Британија, особено сега, кога постои голема загриженост заради терористички напади.

Г-н Чахал се бори против депортацијата во Европскиот суд за човекови права, и тој тврди дека е сигурен дека ќе биде измачуван доколку се врати во Индија. Тој докажува дека тоа би било нарушување на член 3 и според тоа Владата нема право да го депортира.

**Веројатност на мачење: Информации од различни извори**
Во 1995, во извештајот на Специјалниот известувач за тортура при Обединетите Нации ја коментирал праксата за измачување во полицискиот притвор: „... неколку инциденти, за што се верува дека се широко распространети, ако не и ендемски, феноменот се гони, а уште помалку води до осуда на сторителите.“

Еден скорешен извештај на Amnesty International наведува примери на кршење на човековите права, а како сторители се полицајците од полицијата во Пенџаб, делувајќи во тајни операции, надвор од нивната татковина. Amnesty тврди дека истакнати сепаратисти од Сиките сé уште се соочуваат со сериозна опасност од „исчезнување“, притворање без обвинение или судење, мачење и вонсудска егзекуција, често во рацете на полицијата од Пенџаб.

**Членови од Европската конвенција:**

**Член 3: Забрана на мачење**
Никој не смее да биде подложен на мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

**Картичка со информации за обучувачот за чекор 8 од инструкциите**

Преглед на случајот Чахал против Велика Британија, (22414/93) [1996] ЕКЧП 54 (15 ноември 1996)

**Факти:** Подносителот е Сик, кој илегално влегол во Велика Британија, но неговиот престој подоцна бил регулиран во склоп на општа амнестија за сите илегалци. Тој бил политички активен во заедницата на Сиките во Велика Британија и играл значајна улога во фондацијата и организацијата на Меѓународната младинска федерација на Сиките. Тој бил уапсен, но не и осуден за конспирација за убиство на индискиот премиер, но подоцна бил осуден за напад и тепачка, но осудата била отфрлена. Налогот за депортација бил издаден поради неговите политички активности, била преземена и криминална истрага против него, а тој бил во притвор до пресудата од Европскиот суд за човекови права.

**Жалба:** Подносителот тврдел дека неговото депортирање во Индија би резултирало со реална опасност од мачење, нечовечи или деградирачки третман, кој би го нарушил членот 3 од Европската конвенција. Исто така, тој тврдел дека нему му е прекршено правото на слобода и безбедност, загарантирано со член 5.

**Пресуда:** Европскиот суд за човекови права утврди нарушување на член 3, член 5(4) и 13, но никакво нарушување на член 5(1).

**Образложение:** Член 3 содржи гаранција која е апсолутна во случаите на протерување, па Велика Британија не може да се потпре на нејзиниот интерес за национална безбедност за да го оправда депортирањето на подносителот. Подносителот би можел да се соочи со реална опасност или злоставување доколку биде депортиран во Индија. Нарушување на членот 5(1) не е откриено, со оглед дека одлуката беше значајна, таа не беше набрзина донесена. Тврдењето дека интересот за националната безбедност не би требало да ги ослободи државните власти од ефективна контрола преку државни судови, па според тоа и постапките во англиските судови не ги исполнуваа условите и барањата од член 5(4).

http://www.hrcr.org/safrica/citizenship/Chahal.html

Сиромаштија

Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост

Миграција

Ниво 2

Која било

90 минути

# Промени ги твоите очила

*Јас знам дека не ги гледам работите такви какви што се. Јас ги гледам работите таква каква што сум.*

Лорел Ли[1]

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Сиромаштија<br>• Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост<br>• Миграции |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | Која било |
| **Време** | 90 минути |
| **Преглед** | Оваа е многу едноставна вежба на отворено која може да се користи како информална образовна активност. Учесниците одат надвор и истражуваат наоколу преку очите на некој друг. |
| **Поврзани права** | Сите |
| **Цели** | • Да се развие свест за нееднаквоста во општеството;<br>• Да се развиваат вештини за набљудување и имагинација;<br>• Поттикнување солидарност и мотивација да се работи за правда. |
| **Материјали** | • Очила. Стари очила од продавница за стари работи или од пазар, или пак само рамки;<br>• Големи листови хартија и пенкала;<br>• Стари списанија, разгледници, материјали, парчиња за колаж, лепило;<br>• Лента за закачување на сликите;<br>• Дигитална камера или мобилен телефон за сликање; идеално – по еден за секого или еден/неколку за целата група;<br>• Компјутер и печатач. |

## Инструкции

1. Со групата, направете бура на идеи за оние луѓе кои се во неповолна ситуација или живеат на маргините од општеството, на пример, лице со попреченост или бездомник.
2. Замолете ги сите учесници да одберат по една личност, за која се љубопитни, и објаснете им дека ќе одат надвор и ќе истражуваат локално низ очите на таа личност.
3. Нагласете дека поентата не е да се одигра улогата, туку да се излезе надвор и да се замисли како би изгледало да се биде друга личност. Како би изгледало да се биде во туѓа кожа? На пример, дали тие би можеле да уживаат во сите погодности? Каде би купиле леб (доколку би можеле да си го дозволат тоа)? Каде би живееле?
4. Поделете ги очилата, доколку имате! Кажете им на учесниците да се движат низ средината и да фотографираат, или со дигитални камери или со нивните мобилни телефони за документација. Договорете време кога да се вратат сите.
5. На враќање, замолете го секој учесник да ги префрли сликите во компјутер, потоа да избере две, три или четири и да ги испечати, да ги постави на голем лист хартија и да ги залепи на ѕидот. Сликите треба да бидат без наслов.
6. Откако сите слики ќе бидат прикажани, замолете ги учесниците да се обидат да погодат кои групи се претставени; потоа поканете го секој учесник да ги претстави неговите слики и да објасни зошто токму тие слики се интересни за конкретната група која одлучија да ја „гледаат“.

[1]Лорел Ли, која рекла: „Јас знам дека не ги гледам работите такви какви што се. Јас ги гледам работите така каква што сум“, добила дијагноза канцер кога имала дваесет и девет години. Спротивно на претпоставките на лекарите, таа живеела уште наредни дваесет години, раѓајќи три деца, патувајќи и пишувајќи. Во нејзиниот случај одбивањето да се видат работите такви какви што се, било инспирација. Во други околности, тоа е лудост.

COMPASS

КЛУЧЕН ДАТУМ

Втор четврток во октомври – Светски ден на видот

## Резимирање и оценување

Започнете со разгледување на изложбата и потоа продолжете со прашување на учесниците за тоа што искусиле и што виделе.

- Што се случи? Дали уживавте во активноста? Зошто? Зошто не?
- Од нештата кои ги откривте, што најмногу ве изненади?
- Зошто го одбравте токму тој пример?
- Кои, претходно создадени, идеи или и стереотипи ги имавте за личноста која ја избравте? Какво влијание имаше врз активноста и врз она што го „избравте да го гледате“?
- Дали вежбата ви овозможи да имате емпатија кон некоја личност која е на маргините? Зошто? Зошто не?
- Што научивте за себеси?

Потоа, преминете на дискусија за некои пошироки прашања:

- „Јас знам дека не ги гледам работите такви какви што се. Јас ги гледам работите така каква што сум.“ Каков ефект имаат нашите стереотипи и верувања врз начинот на кој го гледаме светот околу нас?
- Од каде ги добиваме нашите информации за групите кои се во неповолна ситуација или маргинализираните групи?
- Колку е ризично да се прават претпоставки за некого, а ќе бидат засновани како генерализација на групата во целина?
- Колку е ризично да се прават генерализации за група луѓе, засновани на еден или два примери?
- Кои човекови права, особено, ги штитат различните примери на луѓето во неповолна ситуација или оние кои живеат на маргините, а кои се идентификувани од страна на учесниците?
- Како најчесто се кршат правата на овие луѓе?
- Колку ним им е лесно да си ги бараат нивните права?
- Кој би требало да е одговорен за нивните права да не се повредени – или дали тие би можеле ги остварат?

## Совети за обучувачот

Оваа активност можете да ја водите како воведна вежба или главна активност. За време на тренингот, можете да им дадете пауза и свеж воздух на луѓето, или како нешто дополнително што треба да се изработи во текот на нивното слободно време.

Инструкциите сугерираат луѓето да работат индивидуално, но активноста може да се направи и во мали групи. Практичните причини, како што се големина на групата, достапноста на камери, најверојатно ќе одредат како ќе ја организирате активноста. Имајте во предвид дека на луѓето им е потребно време за да ги претставаат нивните слики, па во зависност од големината на групата, ограничете го бројот на слики, кои ќе бидат претставени по избор на секој учесник. Примери за луѓе, кои се во неповолна состојба во општеството: самохрана мајка со мали деца, пензионер, доселеник, лице во инвалидска количка или некој со ХИВ/СИДА.

Примери за луѓе кои се на маргините од општеството: бездомник, илегален мигрант, неписмен човек, ментално-болна личност или припадник на ромската заедница. Овие се примери на групи луѓе кои немаат можности кои им се достапни за мнозинството. Сите луѓе кои се во неповолна ситуација и сите маргинализирани луѓе се сиромашни и страдаат од предрасуди и стереотипи. Тие се и често дискриминирани на некој начин, на пример, во пристапот до достоен дом и работа, заради ситуацијата во која се наоѓаат.

Многу е важно учесниците да сфатат дека не можат да избегаат од фактот дека тие погледнале низ нивните очи и замислувале како е да се биде некој кој живее на маргините од општеството. Тие би требало да се свесни дека со внесувањето на нивните стереотипи и чувства на емпатија за време на активноста, тие ризикуваат да ги зајакнат верувањата, кои можат да станат искривени

или погрешни.Тие, исто, треба да знаат дека стереотипите се (корисни) генерализации за група луѓе, но тие треба внимателно да се користат, бидејќи ќе има широка разновидност во групата и генерализацијата нема да може да се примени врз секој поединец. За повеќе информации за стереотипите, погледнете ги информациите во делот „Дискриминација и нетолеранција“ на www.coe.int/compass.

## Варијации

Инструкциите им предлагаат на луѓето да работат самостојно, но активноста може да се направи и во мали групи или со целата група согласно со бројот на достапни камери за фотографирање.

Наместо да се прават индивидуални постери, сите слики можат да се наредат и да се направи една изложба или слајд-шоу со наслов „Живот на маргините“.

Наместо да фотографираат, замолете ги учесниците, на враќање, да си замислат една измислена приказна за личноста или да изведат пантомима.

Ако сакате учесниците да се стават себеси во туѓи чевли, тогаш дајте им на учесниците нови чевли, како што им дадовте и нови очила. Различните јазици можеби ќе имаат различни изрази кои ќе им сугерираат на луѓето да се обидат да се замислат себеси како некој друг/а и да сочувствуваат со него/неа.

Како што е опишана активноста, учесниците треба да замислат како живее некој/а, кој/а се наоѓа во неповолна ситуација или е маргинализиран/а, а потоа да одат надвор и да се обидат да го видат светот преку нивните очи. Една алтернатива е да одат надвор и да набљудуваат, а потоа да ја искористат имагинацијата и да изградат слика за нив. Објаснете им дека вообичаено, во секојдневниот живот, ние сме многу зафатени и не ги забележуваме другите луѓе. Сега тие ќе гледаат многу внимателно! Кажете им на учесниците да одат во градот и за 5 минути тие мора да одберат некого и да го следат. Нагласете дека тие треба дискретно да се однесуваат и да не ја посрамотат нивната „цел“. Тоа може да биде секој кој изгледа „интересно“, пожелно би било некој, чиј живот, е многу поразличен од нашиот. Кажете им на учесниците дека тие мора да го запомнат нивниот прв впечаток и причината зошто ја одбраа конкретната личност. Потоа, тие треба да ги следат избраните личности, внимателно да набљудуваат и да се обидат да замислат кои се тие и да изградат слика за нивниот живот, на пример:

- Како би можеле да се викаат?
- Колку години имаат?
- Што работат?
- Каде одат?
- Каде живеат?
- Дали имаат партнер/ка или семејство, или пак се сами?
- Дали се вработени? Која е нивната работа? Или, дали се тие невработени?
- Што би можело да ги прави среќни?
- Дали имаат хоби? Што би можело тоа да биде?
- Што сакаат да јадат и да пијат?

Договорете се, на пример, после 30 минути сите да се вратат и да ги споделат нивните искуства. Тие можат да зборуваат или да го илустрираат животот на избраната личност со зборови и слики.

Можеби ќе сакате да ги искористите улогите од активноста „Направи еден чекор напред“, на страница 287. Тоа може да биде и добар вовед во активноста или соодветна идна активност.

## Предлози за идни активности

Во „Направи еден чекор напред“, на страница 287, можете да почувствувате како нееднаквоста во можностите влијае врз животот на луѓето.

Во активноста „Приказна за два града“, на страница 292, можете да истражите како изборите, кои ги правиме за нашата финансиска и социјална благосостојба, влијаат врз животот на заедницата.

За да се спасат од нивната ситуација на маргините на општеството, на луѓето им е потребна работа со пристојна плата. Ова може да биде тешко, на пример, доколку сте лице со попреченост или доселеник. Можете да истражувате некои прашања во активноста „Јас сакам да работам**!**“, на страница 199.

## Идеи за акција

Направете ја активноста со семејството, пријателите или колегите и започнете дискусија за човековите права.

Вие можете да ги проверите вашите претпоставки за маргинализираните луѓе, договарајќи средби со некои од нив, на пример, преку проектот „Жива библиотека“, или доколку сте заинтересирани за бездомници или бегалци, преку посета на засолниште или центар за азил. Друга опција е да стапите во контакт со младински работник или социјален работник кои работат со маргинализирани луѓе и да ги замолите да ви раскажат за реалноста на луѓето со кои работат.

## Понатамошни информации

Во контекстот на оваа активност, го употребуваме терминот „во неповолна ситуација“, што значи, поединци или група на луѓе кои не се способни да се издржуваат себеси, кои немаат доволно за себе и мораат да се потпираат на финансиска поддршка. Според тоа, тие се сиромашни. Примерите можат да вклучат самохрана мајка, доселеник или лице со попреченост. Луѓето се, често, во „неповолна ситуација“ бидејќи современото општество делува на начини кои ги „онеспособуваат“. Овие луѓе и групи се гледаат себеси во неповолна ситуација до степен кога им се одбива пристапот до здравствената заштита, образованието, информациите и вработувањето, доколку се споредат со оние од современото општество. Луѓето во неповолна ситуација, исто, може да чувствуваат и недостаток на автономија, поттик, одговорност и самопочит. Бариерите до нивната самостојност можат да вклучат и недостапност до ресурси, на пример, недостаток од вработување, капитал или пристапност до јавен транспорт за лица со физичка попреченост. Непристапноста е друга бариера: трошоците, лош дизајн, оддалеченоста, недостаток на публицитет и безобзирност на општеството кон групата. Исто така, ресурсот може да биде недостапен, доколку не ѝ се допаѓа или е непријатен за групата, или, пак, е во спротивност со сопствените вредности. Оние луѓе кои се „во неповолна ситуација“ можат, но не мора да се на „маргините на општеството“.

Кога го користиме терминот „маргини на општеството“ ние мислиме на концептуална, а не на физичка локација. Во суштина, луѓето кои живеат на маргините на општеството се исклучени од учеството во општествениот живот. Примери на луѓе кои живеат на маргините можат да бидат затвореници, бездомници, лица со неизлечиви ментални болести или одредени групи, како што се Ромите. На пример, едно бездомно лице не може да се регистрира за гласање, бидејќи не може да достави адреса. Тоа може да значи дека губењето на правото на глас за клучни прашања може да има влијание врз нив; тие остануваат надвор од општеството, бидејќи немаат право да кажат за начинот на управување или за услугите кои им се нудат. Друг пример, за некого кој е неписмен и кој ќе биде отфрлен, бидејќи е неспособен да пополни образец за барање или апликации за работа.

Живата библиотека е идеја која започна во Данска, во 2000 година, а сега се промовира од страна на Советот на Европа, преку нејзината книга „Не ѝ суди на книгата по нејзината корица“. Живата библиотека функционира исто како нормална библиотека – читателите доаѓаат и позајмуваат „книга“ за одреден период. После читањето, тие ја враќаат книгата во библиотеката и – ако сакаат – можат да позајмат друга книга. Но, постои само една разлика: книгата во Живата библиотека е човечко суштество, а книгите и читателите влегуваат во личен дијалог. Книгите во Живата библиотека се луѓе, кои се претставници на групи, кои често се конфронтираат со предрасуди и стереотипи и кои се често жртви на дискриминација или социјална исклученост.

За понатамошно читање во врска со рамката за описот на неповолната ситуација и прашањата за социјалното дејствување, можете да погледнете: „Што е „група во неповолна ситуација“?“ од д-р Стивен Мејер.
www.effectivecommunities.com/articles

**Забелешка**

Оваа активност беше развиена од една активност, креирана и тестирана од страна на учесниците на Тренинг курсот за образование за човекови права и Информалност: Како делувате во информално време и моменти на една перспектива при образование за човекови права? – Здружение „Интеркултура“, Динан, Франција, мај 2009. Варијацијата беше развиена од искуството со Blast Theory / Rider Spoke. http://www.blast-theory.co.uk

COMPASS

Деца

Општи човекови права

Образование

Ниво 2

Која било (мали групи 3-4)

60 минути

# Детски права

*Во разновидниот свет, децата се единствената сила способна да нé обедини сите нас за поддршка на заедничката етика.*

Граса Машел - Мандела

**Ниво на сложеност**

Ниво 2

**Големина на групата**

Која било (мали групи: 3-4)

**Време**

60 минути

**Теми**

• Деца
• Општи човекови права
• Образование

**Преглед**

Оваа активност користи рангирање во форма на дијамант за да се промовира дискусија за Конвенцијата за правата на детето (КПД), вклучувајќи:
• Основни човекови права и посебни права на детето според Конвенцијата за правата на детето;
• Должности и одговорности според Конвенцијата;
• Како да се бараат правата.

**Поврзани права**

•Права на детето (сите);
•Право на слободно изразување на погледите за сé што го засегнува него/неа;
•Право на заштита од економска експлоатација;
•Право на одмор и слободно време и да се ужива во сопствената култура.

**Цели**

• Да се обезбеди знаење за Конвенцијата за правата на детето (КПД);
• Да се развиваат вештини за критички преглед на информациите и нивно поврзување со секојдевното искуство;
• Да се поттикнуваат чувствата на одговорност, солидарност, правда и еднаквост.

**Материјали**

• Картички со изјави – по еден комплет за секоја мала група;
• Голем лист хартија за да се направи ѕиден приказ и фломастери и пенкала;
• Доволно простор малите групи независно да работат.

**Подготовка**

• Погледнете ја скратената верзија на КПД, на страница 468. Наведете ги членовите од Конвенцијата на голем лист хартија како ѕиден приказ.
• Прегледајте ги картичките со изјави, дадени подолу, кои се однесуваат на КПД. Одлучете кои членови ќе предизвикаат најинтересна дискусија со вашата група. Имајте во предвид кои прашања се најзначајни за членовите на групата и кои би биле најконтраверзни. Ако е потребно, одберете други права и направете сопствени картички.
• Подгответе еден комплет картички за секоја мала група. Ставете го секој комплет во плик така што да не можат да се мешаат!

## Инструкции

1. Започнете со краток преглед на Конвенцијата за детски права. Прашајте ги луѓето што знаат за неа. Покажете го ѕидниот приказ и разгледајте ги главните членови.
2. Замолете ги учесниците да се поделат во мали групи од три или четири луѓе. Поделете ги пликовите со картичките со изјави.
3. Објаснете го процесот на рангирање во форма на дијамант. Секоја мала група ќе ги дискутира деветте изјави и ќе размислуваат колку се тие значајни за нивниот живот. Тие треба да ги наредат во форма на дијамант, редејќи ги по важност. Тие треба најпрвен да ја стават најважната изјава на масата. Под неа, ги поставуваат, една до друга, наредните две најважни изјави. Под овие, ги редат наредните три изјави со умерена важност. Четвртиот ред треба да има две картички, а петтиот ред треба да има една картичка - изјавата која мислат дека е најмалку важна. На овој начин, картичките ќе бидат наредени во форма на дијамант.
4. Дајте им на групите 25 минути да дискутираа и да одлучат за редот на рангирање.
5. Откако сите мали групи ќе завршат, дозволете им на луѓето да се прошетаат низ просторијата и да разгледаат како секоја група ги рангирала изјавите. Потоа, повикајте ги сите пленарно за резимирање.

## Резимирање и евалуација

Започнете поканувајќи ја секоја група да ги презентира резултатите од нивните дискусии. Потоа, преминете на резимирање дали учесниците уживале во активноста и што научиле.

- Како може да се споредат дијамантите на различните групи? Кои се сличностите, а кои се разликите?
- Зошто различните луѓе имаат различни приоритети?
- Луѓето можат да кажат дека одредено право е позначајно од друго право во рамките на заедницата, но погрешно е да се каже дека едно право е позначајно од друго право, само по себе. Зошто?
- Како резултат на слушањето на другите, дали некоја од групите сака да ја промени нивната одлука за рангирањето на картичките? Кои аргументи беа најубедливи?
- Општо, кои права не се почитуваат во вашата заедница и зошто?
- Дали постојат некои права, кои не се во Конвенцијата, а вие мислите дека треба да се вклучени?
- Зошто на децата им е потребна нивната Конвенција?
- Ако децата треба да имаат своја Конвенција, дали не треба да постои и Конвенција за млади луѓе од 18-30? Ако има таква Конвенција, кои посебни права би ги содржела?
- Една работа е децата да имаат права според Конвенцијата, но во реалноста, колку е возможно тие да си ги бараат тие права?
- Како можат децата да си ги бараат нивните права?
- Ако учеството во демократскиот процес е еден начин луѓето да си ги бараат правата, што можат учесниците да направат и како да започнат со „барање на правата“ дома, во нивното училиште или клуб? Кои права се особено значајни за младите луѓе во групата?
- Дали уредот „Москито“, дизајниран да ги растерува младите луѓе од јавни места, се користи некаде во вашиот град? Кои права на младите луѓе ги крши овој уред?
- Кому, во вашето општество, можат децата да се обратат, ако препознаат сериозно кршење на нивните права?

## Совети за обучувачите

Има повеќе информации за рангирањето во форма на дијамант, во делот „Употреба на Компас во образованието за човекови права“, на страница 45, Поглавје 1. Нагласете им на групите дека не постои точен или грешен начин за подредување на картичките. Тие треба да знаат дека различните луѓе имаат различни искуства и според тоа, различни приоритети и тоа треба да се почитува. И покрај тоа, тие би требало да се обидат, во секоја од малите групи, да дојдат до консензус за редоследот. После сѐ, во вистинскиот живот, треба да се дава приоритет на прашањата, а одлуките да се донесуваат во најдобар интерес за сите!

КЛУЧЕН ДАТУМ

**20 ноември – Меѓународен ден на детето**

Во инструкциите за учесниците и при оценувањето, бидете сигурни дека учесниците сфатиле дека давањето приоритети треба да биде во согласност со важноста на правата за животот на учесниците. Човековите права се неделиви и според тоа, не е точно ако се каже дека правото на образование е поважно од слободата на говор. Но, правилно е доколку тврдите дека во вашата заедница правото на образование е поважно, бидејќи немаме училиште, а имаме слободен печат.

## Варијации

Наместо деветте членови кои требаше да се рангираат, вие можете да им дадете осум и да оставите една празна картичка за групите сами да го идентификуваат деветтиот член.

Ставете ги картичките со изјави во еден шешир и замолете ги луѓето да извлечат по една и да зборуваат за неа една минута. Прочитајте ја активноста „Само една минута“, на страница 205, за информации за овој метод.

Замолете ги малите групи да напишат кратка приказна или да претставaт кратко играње на улоги за некој инцидент, поврзан со избраните права. Може и приказните/претставите да бидат засновани на настани од медиумите: нешто слушнато или видено на филм или театар, или прочитано во книга или списание. Играњето улоги може да се развива така што учесниците ќе започнат со инцидентот и ќе продолжат со импровизирање на решенија или начини за да се спречи повторното случување или само на инцидентот или на нарушувањето, воопшто.

## Предлози за идни активности

Поканете некого кој ја познава Конвенцијата за детски права, на пример, судија, адвокат, јавен обвинител, одговорниот за детската линија за помош, детски психолог или некој од канцеларијата на правобранителот, за да зборува со групата. Пред разговорот водете бура на идеи за злоупотребата на детските права, на пример, злоупотреба на децата, сексуална експлоатација, занемарување и врсничко насилство (булинг). Дознајте од говорникот кој, во локалната заедница, има должност за грижа и одговорност, на пример, родителите, полицијата, телефонски линии за помош, социјални работници итн. Исто така, побарајте совет како да се дејствува ако тие се сведоци на насилство, особено ако е нешто сериозно, како на пример, соседот да ги малтретира неговите деца. Ваквите прашања треба да се решаваат со нега, грижа и внимателно.

Одберете прашање кое ја засегнува групата и замолете ги да дискутираат и попрецизно да истражуваат за тоа како нивните права се прекршени. Тие треба да одговорат како прекршеното право треба да биде балансирано во однос на правата на другите луѓе. Тие би можеле да преземат понатамошен чекор и да придонесат во дебатата која се одвива на Debatepedia. Предложените теми вклучуваат: употреба на санкции за да се стави крај на детскиот труд; дали децата имаат право да ги знаат нивните биолошки родители; кондоми во училиштето; мобилни телефони на учениците во училиштето; дали возраста за гласање треба да се намали; смалување на возраста за пиење. Погледнете ги овие и други прашања кои се дебатираат на http://debatepedia.idebate.org/en/index.php/Category:Youth

Дознајте повеќе за работата на Советот на Европа со млади луѓе; внесете “Building a Europe for and with Children” во вашиот пребарувач.

Добро погледнете ги различните прашања поврзани со младинското учество преку активноста „На скалата“, на страница 242.

Децата и младите луѓе често се чувствуваат дискриминирани. Ако групата сака да ги истражува прашањата за дискриминацијата, можеби ќе сакаат да ја изведат активноста „Сите еднакви-сите различни“, на страница 101.

## Идеи за акција

Ако работите во училиште, дајте им на учениците да ги разгледаат училишните политики на управување и наставната програма за да проверат дали тие одговараат на должностите и одговорностите во врска со Конвенцијата за детски права. На пример, дали тие овозможуваат образование кое е насочено кон развојот на детската личност, таленти и способности или акцентот е ставен на учењето за испитите? Дали учениците имаат право слободно да ги искажат нивните ставови за сите работи кои ги засегаат? Дали на ученичките погледи им се дава некаква тежина? Со други зборови, дали постои училиштен совет и колку е тој ефикасен? Дали училишната дисциплина се спроведува на конзистентен начин со достоинството на детето? Како училиштето се справува со расните инциденти и врсничкото насилство (булинг)? Дискутирајте за тоа каде има простор за подобрување и кои мерки би требало да се преземат. Погледнете во делот „Преземање акција“ и испланирајте проект. Бидете внимателни и не избрзувајте! Внимавајте да не ги вознемирите наставниците, па тие да се навредат и да помислат дека им ја одземате моќта!

Ако работите во младински клуб или организација, дајте им на членовите да ги разгледаат политиките на управување и можностите за учество.

Придонесете во дебатите на http://debatepedia.idebate.org (category: youth).

## Понатамошни информации

За целосниот текст од Конвенцијата, значајни документи од UNICEF, кои се публикуваат годишно, за состојбата на децата во светот, како и други книги и публикации поврзани со детските права, погледнете ги референците во Поглавје 5 на www.coe.int/compass, делот за „Деца“.

Парламентарното Собрание на Советот на Европа повика на забрана за акустичните уреди „за растерување на млади (Москито)“. На нивниот состанок, во јуни 2010, Собранието повика на забрана за сите акустични уреди кои ги дискриминираат младите луѓе, како што е „Москито“ – уредот за растерување на млади, кој емитува силен звучен сигнал, кој можат да го слушнат скоро сите помлади од 20 години, но и некои над 25 години, со цел да се спречат младите луѓе од денгубење. Во препораката, која беше едногласно усвоена од Собранието и која беше донесена од сите парламентарци на државите-членки при Советот на Европа, се вели дека тој уред е „исклучиво навредлив“ и ги дискриминира младите луѓе, третирајќи ги како „непосакувани птици или паразити“. Тоа може да претставува и кршење на човековите права, како што се правото на приватен живот или слобода на собирање и може да претставува деградирачки третман, бидејќи нанесува „акустична болка“.

**„Ако 16-годишните се доволно возрасни да пијат вода, загадена од индустриите кои вие ги регулирате, ако 16-годишните се доволно возрасни да го дишат воздухот, загаден од печките за спалување отпад, кои ги изгради владата, ако 16-годишните се доволно возрасни да се движат по улиците, кои се небезбедни заради ужасните дроги и криминалните политики, ако 16-годишните се доволно возрасни да живеат во сиромаштија во најбогатата земја во светот, ако 16-годишните се доволно возрасни да се разболуваат во земја со најлоша јавна здравствена заштита во светот и ако 16-годишните се доволно возрасни да посетуваат училишта, за кои вие не давате доволно средства, тогаш 16-годишните се доволно возрасни да играат улога која ќе ги направи подобри.“**

*Ребека Тилсен, 14, која сведочела пред Поткомисијата на Домот во Минесота, во 1991, во врска со намалувањето на возраста за гласање*

# Прилози

## Картички со изјави

Ископирајте ги следните членови и исечете ги за да направите картички со изјави.

Детето има право слободно да ги изрази неговите/нејзините ставови за сите работи кои го/ја засегаат, а на детските ставови треба да им се даде соодветна тежина. Детето има право на слобода на изразување.

Правото на детето на слобода на мислата, совест и вероисповед треба да се почитува. Детето има право на слобода на здружување и мирно собирање.

Ниту едно дете не смее да биде изложено на самоволно или незаконско мешање во неговата/нејзината приватност, семејство, дом или преписка. Детето треба да биде заштитено од незаконски напади врз неговата/нејзината чест и углед.

Родителите ја имаат примарната одговорност за воспитувањето и развојот на детето

Детето има право на образование. Државата треба да обезбеди основно образование кое ќе биде задолжително, достапно и бесплатно за сите. Училишната дисциплина треба да биде администрирана на конзистентен начин со достоинството на детето. Образованието треба да е насочено кон развој на детската личност, таленти и способности, кон развој на почитување на човековите права и основни слободи, кон развој на одговорен живот во едно слободно општество во духот на мир, пријателство, разбирање, толеранција и еднаквост и кон развој на почитување на природната средина.

Детето има право на одмор и слободно време, да игра и слободно да учествува во културниот живот и уметноста.

Детето треба да биде заштитено од економска експлоатација и од изведување работа која може да биде опасна по неговиот/нејзиниот живот и развој. Детето треба да биде заштитено од сите форми на сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, искористување на децата во проституција или други незаконски сексуални практики, во порнографски изведби и материјали.

Државата треба да ги преземе сите можни мерки за заштита и грижа за децата погодени од вооружен конфликт.

Секое дете, обвинето дека направило кривично дело или криминал, треба да добие пресумпција на невиност сé додека не се докаже вината, да има правна помош во претставувањето на неговиот/нејзиниот случај, да не се присилува да сведочи или да признае вина, неговата/нејзината приватност целосно да се почитува и да се однесуваат кон него/нејзе на начин соодветен на неговата/нејзината возраст, околности и благосостојба. Ниту смртна казна ниту доживотен затвор, без можност за ослободување, не смее да им се изрече на деца помлади од 18 години.

# Различни плати

*Еднаква плата за еднаква работа!*

**Теми**
- Работа
- Род
- Дискриминација и нетолеранција

**Ниво на сложеност** Ниво 2

**Големина на групата** 6+

**Време** 60 минути

**Преглед**
Ова е симулација која ги соочува луѓето со реалноста во пазарот на трудот. Ги истакнува прашањата за:
- Различните плати за исто работно место;
- Дискриминација на работно место;
- Политика на мали плати за млади работници.

**Поврзани права**
- Право на посакувана работа и вклучување во синдикати;
- Право на праведни плати и еднаква плата за еднаква работа;
- Право да не се биде дискриминиран/а врз основа на возраст и пол.

**Цели**
- Да се соочат учесниците со реалноста при дискриминација на работно место;
- Да се развијат вештини за одговор кон неправдата и бранење на правата;
- Да се промовира солидарност, рамноправност и правда.

**Материјали**
- 1 копија од „Висина на работничките плати“;
- Етикети, по една за секој учесник/работник;
- Пари. Можете да ги искористите парите од ***Компас***, на страница 360.

**Подготовка**
- Подгответе ги етикетите. Тие треба да го наведуваат само полот и возраста на работниците. Искористете ја листата со висина на работничките плати како референца.
- Размислете за конкретна задача која учесниците можат да ја изработат. Заедно соберете некаква опрема или материјали кои ќе им бидат потребни при изведувањето на работата.

Работа

Род

Дискриминација и нетолеранција

Ниво 2

6+

60 минути

## Инструкции

1. Објаснете им на учесниците дека тие се работници и дека тие треба да изработат некаква работа за нивниот работодавач (за вас!). Тие не треба да се грижат; на сите ќе им биде платено. Вие не го поддржувате ропството!
2. Поделете ги етикетите по случаен избор, по една за секој учесник.
3. Објаснете ја задачата и бидете сигурни дека секој знае што треба да прави.
4. Дозволете им на луѓето да започнат со работа!
5. Кога задачите ќе бидат готови, замолете ги луѓето да се наредат во редица за да им платите. Платете секому согласно со неговата возраст и пол, како што е наведено во листата со висина

на работничките плати. Вие треба да ги броите парите гласно така што сите ќе слушаат и сите ќе бидат свесни колку пари заработиле другите.

6. Ако учесниците започнат да прашуваат или да се жалат, накратко кажете им „причини“, но избегнете да бидете вовлечени во дискусија.

7. Просудете сами колку далеку ќе одите, но запрете кога ќе сметате дека започнува да се вжештува атмосферата. Дајте им време на сите да се смират и да излезат од улогата, а потоа седнете во круг за резимирање.

## Резимирање и евалуација

Водете ја дискусијата во фази. Започнете со преглед на самата симулација:

- Како се почувствувавте кога добивте повеќе (или помалку) од другите работници иако сите ја работевте истата задача?
- Зошто некои луѓе добија повеќе (или помалку) од другите? Кои беа критериумите?
- Какво е чувството да се добие повеќе од другите? Како се почувствувавте кога добивте помалку од другите?
- Дали овој вид на дискриминација се случува на работни места во твојата земја или заедница?

Следно, зборувајте за паричниот надоместок врз основа на пол:

- Може ли различен надомест за иста работа, изработена од маж или жена, да биде оправдана? Зошто? Зошто не? Кога?
- Што ако мажот ја изведува работата подобро од жената? Дали е тоа доволна причина да ѝ се плати на жената помалку?
- Ако мажот е поквалификуван од жената, дали тогаш нему треба да му се плати повеќе?
- Дали мислите дека постојат работи кои треба единствено да ги работат мажите? Зошто? Зошто не? Ако е да, кои се тие работи?
- Дали мислите дека постојат работи кои треба единствено да ги работат жените? Зошто? Зошто не? Ако е да, кои се тие работи?
- Дали мислите дека практикувањето на афирмативната акција (или позитивна дискриминација) може да биде оправдано ако има за цел промена на општествените ставови?

На крај, продолжете со разговот за паричниот надоместок врз основа на возраст:

- Дали постои политика за различен надомест врз онова на возраст во вашата земја? Ако нема, дали мислите дека треба да има?
- Кои се аргументите за примената на оваа политика, особено во случајот на младите луѓе?
- Што мислите за овој тип на политика? Дали е добра? Лоша? Потребна? Непотребна? Наведете причини!
- Кои човекови права се кршат или се доведени во прашање, за време на оваа активност?
- Како можат луѓето да си ги бараат овие права?

## Совети за обучувачите

Ако треба да додадете или да избришете некои работници од листата, бидете сигурни дека сé уште имате баланс во полот и луѓе на различна возраст. Ако групата е голема или ако сакате да влезете во подлабока дискусија за двата различни вида на дискриминација, добра идеја е да се подели целата група на две групи. Потоа, едната група ќе има задача да дискутира за дискриминацијата врз основа на пол, а другата за дискриминацијата врз основа на возраст.

Кои видови на задачи одговараат за оваа активност? Тоа треба да биде истата задача за секој работник. Исто така, обидете се да одберете нешто што ќе може да биде направено од неколку луѓе во исто време, па така нема да биде заморно за луѓето да гледаат и чекаат. Размислете за следново:

- Ако сакате да одите надвор, може ли тоа да се направи во конкретното годишно

време?

• Дали имате простор?

• Може ли тоа да подеднакво лесно и добро да се направи од луѓето на различна вораст и од страна на мажите и жените?

• Дали е тоа безбедно?

• Дали луѓето ќе се чувствуваат непријатно или пак ќе одбијат врз етичка основа?

• Колку долго ќе трае?

• Дали се потребни многу вештини?

• Како може да се повтори неколку пати?

Примери за задачи:

• Избришете ја таблата и на неа уредно напишете ја дадената фраза.

• Земете ги книгите од полиците и ставете ги во кутија. Однесете ја кутијата на другата страна од просторијата и отпакувајте ги книгите на втората полица за книги.

• Направете оригами (авион или едноставна капа).

• Исчистете ја работната соба или одредено место во градината.

• Соберете го ѓубрето од одредена област во соседството.

• Избришете ги прозорците во училиштето/зградата каде се среќавате или измијте ги автомобилите на наставниците/обучувачите.

• Соберете три различни типови на лисја и залепете ги на лист хартија.

• Побарајте дефиниција за некој збор и запишете ја на парче хартија. (Ако одберете различни зборови, секој во врска со човековите права, тогаш, на крајот, може да имате краток речник на термини!)

Кога ќе исплаќате, треба да дадете објаснувања за различниот надомест и ќе треба да смислите „причини“. Тие можат да бидат врз основа на она што навистина се случило или, пак, можат да бидат смешни. На пример:

• Некој кој се сопна, добива помалку!

• Некој кој се смееше и изгледаше среќно, добива повеќе!

• Петок е!

## Варијации

Наместо обучувачот да ги исплаќа парите, двајца учесници можат да бидат благајници.

Во зависнот од одбраната задача, можете да поставите ограничено време за нејзино исполнување, како во фабрика. Ако задачата е многу едноставна или ако имате помалку од шест играчи, вие можете да имате три или четири рунди, секоја рунда претставува еден работен ден. После секоја рунда, работниците одат на банка, потпишуваат документ и ја подигнуваат дневницата. Очекувајте дека некои учесници брзо ќе сфатат колку е неправедно плаќањето и ќе се пожалат. Во овој случај би можеле да ги отпуштите и да им кажете на останатите работници дека тие ќе работат понапорно. Во овој миг, бидете подготвени работниците да повикаат на штрајк. Внимавајте учесниците да не се занесат премногу и бидете сигурни дека ќе се задржите на оригиналните цели на учење.

Ако мислите дека не е соодветно оваа активност да се изведе како симулација, можете да ги прилагодите информациите и да ги искористите како основа за дискусија. Направете „лист со факти“ за секој работник, со информации за работата која ја работат, нивната возраст, пол и плата. Исто така, можете да вклучите детали како што се образование и професионално искуство. По желба, можете да развиете неколку подлабоки студии на случај за различни работници. Според тоа, треба да сте свесни дека дискусијата сама по себе нема да стимулира цврст емоционален одговор, кој би го добиле преку искусување на симулација.

## Предлози за идни активности

Ако групата ужива во играњето улоги и ако сакаат да ја истражуваат улогата на синдикатите во бранењето на работничките права за праведен надомест и услови, вие можете да ја изведете

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**Вториот вторник во април – Европски ден за еднакви плати**

активноста „Состанокот на синдикатот“, на страница 318. Активноста со играње улоги „Работа и бебиња“, на страница 341, ги разгледува прашањата за рамноправноста на работното место и правата на жените.

## Идеи за акција

Информирајте се за работничките права и законите во вашата земја. Ако работите за џепарлак (навечер, за викенд или за време на летни одмори), бидете сигурни дека ги знаете вашите права како работник; на пример, дали добивате повисока стапка на плата навечер или за викенд? Дали сте осигурани? Дали опремата која ја користите е во најдобар ред и дали се следат регулативите за здравјето и сигурноста? Откријте ги последиците од работа на „црно“, а тоа е кога ниту вие ниту вашиот работодавач не ја пријавувате работтата пред даночните служби.

## Понатамошни информации

Бидејќи жените помалку заработуваат, во просек, за разлика од мажите, тие мораат подолго да работат за иста сума на пари. За да се илустрира ова, Европскиот ден за еднакви плати се забележува во вторник, бидејќи вторникот претставува колку во неделата жените треба да работат за да заработат онолку колку што мажите заработиле во претходната недела.

Прашањата за нееднаквоста на платите на работниците се различни во различни земји и исто така се различни во зависност од тоа дали се работи за дискриминација врз основа на возраст или пол. Дискриминацијата врз основа на род, не е ништо друго, освен дискриминација врз жените. Историски, жените биле обесправени во општествените, политичките и економските сфери. Примери на дискриминација врз жените на работно место вклучува дискриминација за време на селекција и интервју за работа, дискриминација во однос на можноста за напредување и фактот дека, во просек, тие добиваат пониски плати од мажите. Кршење на правото на праведен надомест е кога жените добиваат помалку пари од мажите за извршување на иста работа.

Како работници, младите луѓе, исто така, треба да добиваат праведен надомест. Според тоа, ситуацијата е комплексна и се разликува од земја до земја. Генерално, стапката на невработеност за младите луѓе е повисока отколку за возрасните.

Иако, општо прифатен е принципот еднаква работа за еднаква плата, надоместот за младите е специјален случај и многу земји имаат политики кои дозволуваат младите луѓе да се помалку платени отколку возрасните за иста работа. Овие политики се оправдани врз две основи. Од една страна, постои цел да се обесхрабрат младите луѓе при влегувањето на пазарот на трудот и да се охрабрат да останат на училиште и да стекнат добро образование. Од друга страна, треба да биде привлечно за работодавачите да најмуваат неискусни и неквалификувани млади работници, особено оние кои го напуштаат училиштето, а нивниот број расте, и кои би биле „изгубени по улиците“, влегувајќи во неволји и кои би биле товар на државата. Примената на ваков вид политика и нејзиниот успех во намалувањето на невработеноста на младите се разликува од една земја до друга.

Европскиот комитет за социјални права (имплементирачко тело на Европската социјална повелба) не го гледа понискиот надомест за младите луѓе како некомпатибилен со гаранцијата за праведна плата сé додека разликата е разумна и јазот брзо се затвора. На пример, една плата, 30% пониска од почетната плата на возрасен, се смета како прифатлива за петнаесет или шеснаесет-годишни. Според тоа, за шеснаесет до осумнаесет-годишни, разликата не смее да надмине 20%.

Платите на младите луѓе не се секогаш ниски. Всушност, има многу добро едуцирани млади луѓе кои заработуваат многу пари – дури и премногу за некои луѓе! На пример, младите луѓе напредуваат во секторите со нови технологии и добиваат далеку повисок надомест отколку постарите работници кои се блиску до пензионирање.

**Право на праведен надомест**

**Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права, член 7**
Државите-членки на овој пакт го признаваат правото што го има секое лице да се користи со праведните и поволни услови за работа, кои особено обезбедуваат:
(а) Надомест што им обезбедува минимум на сите работници:
(i) Праведни плати и рамноправен надомест за работа со еднаква вредност, без каква и да е разлика; особено жените мораат да имаат гаранција дека условите на нивната работа не се полоши од условите што ги уживаат мажите, со еднаква плата за еднаква работа.

**Европска социјална повелба**
Член 7 (5) Заштита на правото на децата и младите луѓе за праведен надомест на младите работници и ученици.
Член 8 (3) Заштита на правото на вработените жени за недискриминација помеѓу мажите и жените работници, особено при надоместот.

## Прилози

### Висина на работничките плати според полот и возраста

| | Пол | Возраст | Плата според EMS |
|---|---|---|---|
| 1. | Машки | 35 години | 100 |
| 2. | Женски | 16 години | 30 |
| 3. | Машки | 22 години | 70 |
| 4. | Женски | 32 години | 90 |
| 5. | Машки | 16 години | 50 |
| 6. | Женски | 19 години | 60 |
| 7. | Машки | 26 години | 100 |
| 8. | Машки | 20 години | 70 |
| 9. | Женски | 24 години | 80 |
| 10. | Машки | 37 години | 100 |
| 11. | Женски | 17 години | 30 |
| 12. | Женски | 23 години | 80 |

COMPASS

Мир и насилство

Деца

Здравје

Ниво 3

9 – 24
(3 подгрупи)

90 минути

# Дали имаме алтернативи?

*Јас навистина посакувам да можев да зборувам со некого за тоа.*

**Ниво на сложеност** Ниво 3

**Големина на групата** 9 – 24 (3 подгрупи)

**Време** 90 минути

**Теми**
- Мир и насилство
- Деца
- Здравје

**Преглед** Оваа е активност со играње на улоги и ги опфаќа прашањата за:
- Интерперсонално насилство;
- Врсничко насилство (булинг).

**Поврзани права**
- Слобода од деградирачки третман;
- Право на достоинство;
- Право на заштита од сите форми на физичко и ментално насилство.

**Цели**
- Да се развијат знаење и разбирање за причините и последиците од врсничкото насилство (булинг);
- Да се развиваат вештини за соочување со проблемот;
- Да се создава емпатија со жртвите од врсничко насилство (булинг).

**Материјали**
- Копии од сцените за играње улоги (една сцена за група);
- Една копија од листот со „вистински приказни“;
- Простор за изведување на драматизациите.

## Инструкции

1. Претставете ја активноста. Објаснете им дека ќе работат во мали групи и ќе подготват кратки драматизации на тема врсничко насилство (булинг).
2. Направете кратка бура на идеи за тоа „Што е врсничко насилство (булинг)?“ за да се осигурате дека секој се согласува за тоа што е врсничко насилство (булинг), ги знае различните форми, знае дека може да се случи во секое училиште, колеџ, клуб, организација или работно место.
3. Поделете ги учесниците во три подгрупи и доделете им по една од сцените на секоја група. Дајте им по 15 минути да се обидат и да ги подготват нивните улоги.
4. Штом се готови, замолете ја секоја група да ја претстави нивната сцена.
5. Оставете ги коментарите сé додека сите групи не завршат со претставување на нивната сцена, а потоа вратете се сите заедно, пленарно, за дискусија.

## Резимирање и оценување

Започнете со резимирање на играњето улоги.
- Каде групите најдоа материјал за развивање на нивните сцени? Дали тоа беше од приказните или филмовите за врсничкото насилство (булинг) или беше засновано врз искуство?
- Беа ли сцените реалистични?

• Во сцена 1, кои работи, кои ги кажаа луѓето, беа конструктивни и ѝ помогнаа на ситуацијата, а кои работи ја попречуваа ситуацијата?

• Во врска со сцена 2, колку е лесно да се зборува искрено со пријател, кој е и насилник. Општо, кои техники имаат тенденција да имаат позитивен ефект, а кои тактики имаат тенденција да имаат негативен ефект?

• Во врска со сцена 3, колку е лесно да се зборува со пријател кој бил жртва на насилство? Кој е најдобриот начин да се најдат решенија кои се прифатливи за жртвата?

Потоа замолете три учесници доброволно да ги прочитаат трите „вистински приказни“. Замолете ги општо да коментираат за случаите и потоа продолжете со разговор за причините на врсничкото насилство (булинг), како можеме да се справиме со него и за тоа кои права се вклучени.

• Што мислите, какво е чувството да бидете жртва на насилство?

• Дали жртвата на насилство е одговорна за тоа?

• Зошто насилниците малтретираат? На пример, дали тие се обидуваат да докажат нешто, злоупотребувајќи ги другите луѓе?

• Дали врсничкото насилство (булинг) е форма на насилство?

• Дали врсничкото насилство (булинг) е заради моќ?

• Дали врсничкото насилство (булинг) е неизбежно?

• Ако сте пријател со некого, кој бил жртва на насилство, дали треба да информирате некого од власта, иако вашиот пријател ви го кажал неговиот проблем во доверба?

• Кои се вообичаените предрасуди за луѓето кои се жртви на насилство?

• Кој е одговорен за контролирањето на проблемот со врсничкото насилство (булинг)?

• Што би направиле доколку сте личност – жртва на насилство?

• Што треба да се направи со насилниците? Како тие можат да научат да запрат со насилството? Дали тие треба да бидат казнувани?

• Кои човекови права се во прашање во различните приказни?

КЛУЧЕН ДАТУМ

**4 јуни**
**Меѓународен ден на децата-жртви на агресија**

## Совети за обучувачите

Врсничкото насилство (булинг) може да биде директно и индиректно. Директното насилство значи однесување од типот: именување со погрдни имиња, задевање, туркање или влечење, удирање или напаѓање, земање чанти или друга сопственост и нивно расфрлање наоколу, присилување некого да краде пари и други предмети, напаѓање и заканување некому заради неговата вероисповед, боја, попреченост или обичаи. Индиректното насилство значи однесување од типот: ширење озборувања со намера жртвата да се изолира од општествениот живот. Вакви однесувања најчесто се иницирани од еден или повеќемина против конкретна жртва или жртви. И во двата типа насилство, основната компонента е физичкото или психичкото заплашување, кое систематски се појавува со тек на време и создава постојан модел на вознемирување и злоставување.

Ако работите во една поширока група или клуб, колеџ или работно место, можеби ќе сакате да ги прилагодите овие сцени да одговараат на вашата одредена ситуација. Внимавајте на младите луѓе во вашата група и на личните искуства од врсничкото насилство (булинг). Формирајте ги групите и согласно на тоа, споделете ги сцените.

## Варијации

Наместо играњето улоги, трите групи можат да ја анализираат секоја сцена и да објаснат како тие ќе го решат проблемот.

Вие можете да изберете да се насочите на една од сцените и на секоја група да им дадете исто сценарио на кое ќе работат. Така, секоја група ќе ја презентира сопствената верзија на приказната со нивните различни, можни решенија и алтернативи. Предноста е дека ќе добиете поголем увид во прашањата и повеќе решенија за проблемот.

Ако имате кратко време и доколку немате простор за играње улоги, можете да ги искористите вистинските приказни како случаи за дискусија во мали групи. Замолете ги луѓето да размислуваат за ситуациите и да предлагаат можни конкретни решенија и алтернативи и да имаат во предвид што би сториле тие, доколку се жртви на врсничко насилство (булинг).

## Предлози за идни активности

Дознајте дали има некакви локални програми кои обучуваат врснички едукатори (млади волонтери) за посредување при конфликти. Замолете некој од нив да дојде и да зборува со групата и земете ја во предвид можноста за воспоставување систем на врснички медијатори во вашето училиште, колеџ или клуб.

Ако сте заинтересирани за примери на добра практика во врсничкото образование, погледнете го „Проектот миротворец во Офенбах, Германија – еден пример за врсничка медијација во училиштата“, дел 5.1 во Домино.

Ако сакате да погледнете за сајбер-насилството, погледнете ја активноста „Мојот живот не е шоу!“, на страница 238. По избор, групата можеби ќе сака да развие политика против врсничко насилство за нивното училиште или организација. Методот, опишан во активноста „Одговорајќи на расизмот“, на страница 260, за тоа како да се развие анти-расистичка политика, е исто соодветен за развивање на политика против врсничко насилство.

Во „Приказни раскажани од млади луѓе“, дел 4 од Домино, можете да ја прочитате приказната на Габор за тоа како тој бил малтретиран на училиште, бидејќи бил Евреин. Можете да ја искористите за почеток на дискусијата во врска со антисемитизмот или за да го поставите прашањето: „Што би направиле вие во оваа ситуација?“

## Идеи за акција

Најдете група или здружение кое работи со врсничко насилство (булинг) и понудете им ја вашата поддршка.

Ако имате особено креативна група, предложете им да напишат нивни сопствени сцени и потоа да ги изведат пред другите.

Членовите на групата можат и да водат или да организираат дебата во нивните училишта или заедници на тема врсничко насилство (булинг).

Заедно со други пријатели, креирајте група за поддршка во вашето училиште или заедница за помош на младите луѓе - жртви на врсничко насилство (булинг).

## Понатамошни информации

Понекогаш, насилниците не сфаќаат колку лошо се чувствуваат нивните жртви. Можеби тие мислат дека некого задеваат или само прават смешни шеги со нив и тоа е само „добра смеа“! Тие можат така да започнат, но после неколку денови или недели, тоа започнува да ја вознемирува личноста која ја исмеваат. Понекогаш, насилниците мислат дека задевајќи други луѓе, тие изгледаат „кул“. Тие можат да се љубоморни на некого или на нечиј изглед. Можеби тие се навикнати многу внимание и ако некој се осмели да ги засени, тоа не им се допаѓа и го повредуваат. Често, на насилниците им недостигаат социјални вештини и не знаат како да бидат добри пријатели. Насилниците може да имаат проблеми дома; кога луѓето се сведоци на насилство или кога луѓето се гадни едни кон други во домот, тие го копираат, она што го гледаат. Тие лошо се чувствуваат и сакаат да ги повредуваат другите луѓе за и ним да им биде лошо. Телесното казнување може, исто, да води кон врсничко насилство (булинг), бидејќи ги учи децата дека насилството е прифатлива и соодветна стратегија за решавање конфликт или можност луѓето да прават што сакаат. Можете да прочитате за кампањата од Советот на Европа за запирање на тепањето овде: www.coe.int „Забрана за телесното казнување на децата, прашања и одговори“.

На насилниците им е потребна помош; тие треба да ги разберат причините зошти тие малтретираат и да научат како да го променат нивното однесување, особено како да управуваат со нивните чувства на начин кој не ги повредува другите луѓе и како тие треба да бидат упорни за да го добијат она што го сакаат. Вклучувањето во практични активности, каде што тие можат да најдат нови интереси, кои ќе ги одведат подалеку од насилството и каде што тие ќе можат да ги покажат нивните таленти, ќе им помогне да развијат самодоверба и да се замислуваат себеси како некој кој е добра личност, која не повредува други луѓе
За повеќе информации, погледнете: www.bullying.co.uk, www.bullying.org, www.bullyonline.org или внесете „булинг“ во вашиот пребарувач.

**Извори**

www.bullying.co.uk
www.bullying.org
www.bullyonline.org
www.bullybusters.org.uk
www.kidshealth.org
www.teenhelp.org
www.breaktheabusecycle.com
www.bullying.com.

## Прилози

### Сцени за играње улоги

**Сцена 1**

Еден ученик се обраќа до некој од раководителите и се обидува да им објасни дека еден/една од неговите соученици/чки бил/а жртва на врсничко насилство (булинг). Директорот/ката е авторитарен/на и традиционален/на. Тој/таа смета дека стандардите се снижиле и има ниско мислење за општото однесување на младите луѓе денес. Одделенскиот раководител не сака да ја преземе одговорноста за ситуацијата. Останатите наставници го потценуваат проблемот и не го препознаваат однесувањето на насилникот, онакво какво што е. Претставникот од локалната служба за социјални грижи е загрижен, но е затрупан со премногу работа така да не може да интервенира во моментот.

**Сцена 2**

Група ученици се обидуваат да зборуваат со пријател, кој малтретира помлад ученик.

**Сцена 3**

Различни ученици се собрани заедно и зборуваат за пријател кој бил малтретиран од група постари ученици. Тие би сакале да му помогнат на нивниот пријател и ги анализираат сите можни решенија за да му помогнат нему.

### Вистински приказни

**Приказна 1**

„Јас имам 12 години и мразам да одам на училиште, бидејќи никој не ме сака. Има група на деца кои ме нарекуваат со погрдни имиња секогаш кога се во можност. Тие велат дека сум грда и дебела и дека моите родители треба да се срамат од мене. Мојата најдобра другарка престана да ми зборува, а сега дури се спријатели и со некои од децата во оваа група. Ја мразам неа. Се чувствувам толку осамено и се плашам дека она што го велат за моите родители е вистина.“

Росана

**Приказна 2**

„Започнав со часови во нов колеџ оваа година и уште од првиот ден почувствував дека некои од девојките ме гледаат на чуден начин. Потоа сфатив дека се љубоморни, бидејќи бев многу популарна кај момчињата. Сега наоѓам мали ливчиња со закани на вратничката од моето шкафче. Исто така, дома добивам навредливи телефонски повици. Тие дури ми ги украдија моите книги неколку пати. Минатата недела, отидов во тоалетот, а три девојки ме следеа, ми викаа, ми се закануваа со нож и ми рекоа дека треба да учам на друго место и ме нарекоа „курва“. Јас не можам веќе ова да го поднесам. Јас сум уплашена и лута. Се обидов да зборувам со директорката, но таа не го ислуша мојот проблем. Не знам што да правам.“

Лизбет

**Приказна 3**

„Мојот најдобар другар ми кажа дека другите ученици го задевале на училиште. Бидејќи сакав да му помогнам, одлучив да одам и да зборувам со нив, но откако го сторив тоа, тие почнаа и мене да ми го прават истото. Сега и двајцата сме малтретирани: тие прават шеги со нас, прават валкани трикови и ни се закануваат со тепање. Ние двајцата одлучивме да не кажеме никому, бидејќи се плашиме дека работите ќе се влошат.“

Андреј

Род

Мир и насилство

Здравје

Ниво 3

6 – 30 (мали групи 2-6)

120 минути

# Домашни работи

*Полицијата секогаш доаѓа доцна – ако воопшто дојде..*

Трејси Чепмен

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Род<br>• Мир и насилство<br>• Здравје |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 3 |
| **Големина на групата** | 6 – 30 (Мали групи 2-6) |
| **Време** | 120 минути |
| **Преглед** | Учесниците дискутираат студии на случаи за да ги анализираат причините и начините да се спречат различните типови на семејно насилство. |
| **Поврзани права** | •Право на живот, слобода и лична сигурност;<br>•Слобода од мачење и деградирачки треман;<br>•Право на еднаквост пред законот. |
| **Цели** | • Да се продлабочи свеста за различните форми на семејното насилство;<br>• Да се развиваат вештини за дискусија и анализа на кршењето на човековите права;<br>• Да се промовира емпатија и самодоверба за да се заземе став против семејното насилство. |
| **Материјали** | • Големи листови хартија или табла и пенкала за бура на идеи и групна работа;<br>• Одберете еден или повеќе студии на случај или напишете свои. Направете доволно копии, по една за секој учесник;<br>• Копии од „Упатства за групни дискусии" (по една за секоја мала група). |
| **Подготовка** | • Стапете во контакт со организации кои се активни во поддршката на жртвите од семејно насилство во вашата земја или заедница.<br>• Внимателно размислувајте за прашањата поврзани со семејното насилство кои сакате да ги истакнете во текот на активноста. Бидете подготвени да им помогнете на некој/а од учесниците доколку некое од прашањата е премногу лично за него/нејзе. |

## Инструкции

1. Претставете ја темата преку бура на идеи за „најчестите форми на насилство во нашето соседство". Запишете сé што ќе кажат учесниците, но не дискутирајте ништо во оваа фаза. Ставете го флип-чартот или таблата на место каде што сите ќе можат да го видат.
2. Замолете ги луѓето да се поделат во мали групи, од по двајца до шест луѓе во група. Би требало да има најмалку три групи.
3. Поделете ги копиите од студиите на случај и „Упатства за групни дискусии".
4. Дајте им на учесниците пет минути да ги прочитаат студиите на случај. Нагласете дека нивните дискусии треба да се фокусирани на овие студии на случај. Учесниците треба да се свесни дека дискусиите за семејно насилство можат да бидат многу лични и никој не треба да

чувствува притисок и да открие повеќе отколку што сака.
5. Дајте им на учесниците еден час за нивната групна работа.
6. На крајот, вратете се пленарно и продолжете со резимирање и оценување.

## Резимирање и евалуација

Започнете со кратко резиме за тоа како одеше групната работа. Дали се случиле настани, како од студиите на случај, во вашиот град? Колку значајни беа прашањата? Ако различни групи работеа со различни студии на случај, дозволете им на групите да дадат повратни информации за нивните анализи за различни злосторства. Потоа продолжете со разговор за тоа колку е важно за вашиот живот:

• Колку е распространето семејното насилство во твојата заедница и твојата земја, во целост?
• Кои човекови права се во прашање?
• Кои се причините за семејно насилство?
• Зошто побројни се случаите кога мажите се насилни врз жените отколку кога жените се насилни врз мажите?
• Како може да се запре семејното насилство? Што би можело/требало да се направи од страна на:
  – државните органи?
  – локалната заедница?
  – луѓето кои се вклучени?
  – пријателите и соседите?
• Размислете за различните форми на насилство кои беа дискутирани. Погледнете, уште еднаш, во почетната листа со бура на идеи. Дали има уште точки кои треба да се додадат на листата?

Прашајте дали некој сака да работи и понатаму на некое од покренатите прашања и дискутирајте кои би биле нивни идни активности или кои дејства би ги презеле.

## Совети за обучувачите

Семејното насилство и злоставување не прават дискриминација. Се случуваат помеѓу хетеросексуални парови и истополови парови. Се случува на секоја возраст, етничко потекло и економско ниво. И додека, вообичаено, жените се жртви, мажите, исто така, се злоставувани – особено вербално и емоционално. Семејното злоставување, исто познато и како брачно злоставување, се случува кога една личност, во интимна врска или брак, се обидува да доминира и да ја контролира другата личност. Семејното злоставување, кое вклучува и физичко насилство, е наречено семејно насилство.

Поголемиот број инциденти од семејното насилство се кон жената и се случуваат дома, па оттаму доаѓа и насловот „Домашни работи“. Понекогаш, иако ретко, злоставувачот е жена; затоа ја вклучивме и приказната на Ханс.

Кога размислувате за активноста, бидете свесни за потребата за чувствителност и анонимност/приватност (некои учесници можеби имале лични искуства со семејно насилство во домот или семејството). Појаснете дека никој не треба да чувствува притисок да открие повеќе отколку што сака. Чувствувајте се слободно да смените некои од деталите или да замените со други студии на случај со цел да излезете во пресрет на потребите на учесниците.

Машките учесници може бурно да реагираат на активноста или на некои од дискусиите. Важно е да се има во предвид дека целта не е мажите или момчињата да се чувствуваат виновни за она што го прават некои други луѓе. Сепак, некои луѓе расправаат дека мажите се дел од еден угнетувачки, патријархален систем, а, исто, играат улога во него – постулат кој може да води кон некои интересни дискусии. Можеби ќе сакате да истражувате какви се последиците од машкото насилство врз жените, врз самите мажи, и директно и индиректно.

Завршете ја сесијата со едно-минутно молчење за жртвите на семејно насилство. Тоа е моќен начин да се приближи активноста и да се промовира емпатијата и солидарноста.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**25 ноември**
**Меѓународен ден за елиминирање на насилството врз жените**

## Варијации

Некои од групата може да почнат со драматизација на сцената; останатите се публика. Обучувачот ја запира драматизацијата на интервали и ги поканува присутните да предложат алтернативни однесувања кои би можеле да ја прошират ситуацијата, а водат кон позитивен исход.

## Предлози за идни активности

Групата може да стапи во контакт со локалната полиција и да дознае што прават тие кога ќе добијат повик за помош во случаи на семејно насилство. Друга можност е да ја контактираат најблиската организација за помош на жени и да поканат говорник да ги презентира фактите и бројките за ситуацијата во нивната локална заедница.

Уште една, речиси табу тема, е сексуалноста и особено – хомосексуалноста. Ако групата сака да ги истражува овие прашања, тие можат да ја погледнат активноста „Ајде да зборуваме за секс!“, на страница 217.

## Идеи за акција

Контактирајте локален женски центар за бегалци, информативен центар или организација која работи со женски права и дознајте кои се нивните потреби и како вие можете да им помогнете.

## Понатамошни информации

Иако жените можат да бидат и злоставувачи и злоставувани во истополови врски, но сепак, според огромниот број на случаи, жените и девојките се жртви на насилство од мажи. Заради оваа причина, Декларацијата за елиминација на насилство врз жените (CEDAW) беше усвоена од страна на Генералното Собрание при Обединетите Нации во 1993 година. Таа го дефинира насилството врз жените како „секој чин на родово-базирано насилство кој резултира со физичко, сексуално или психичко наштетување или страдање на жените, вклучувајќи и закани од вакви дејства, принуда или своеволно одземање на слободата, без разлика дали се случуваат во јавниот или приватниот живот. “Тоа опфаќа, но не е ограничено на „физичко, сексуално и психичко насилство, кои се случуваат во семејството, вклучувајќи и тепање, сексуална злоупотреба на женски деца во домаќинството, злоставување на жената заради миразот, силување од страна на брачниот партнер, кастрирање на женските генитални органи и други традиционални практики, болни за жените; вонбрачно насилство и насилство поврзано со експлоатација; физичко, сексуално и психичко насилство кое се случува во заедницата, воопшто, вклучувајќи силување, сексуална злоупотреба, сексуално вознемирување и заплашување на работа, во образовни институции и насекаде; трговија со жени и присилна проституција; и физичко, сексуално и психичко насилство, направено и одобрено од страна на државата, без разлика каде и да се случува.“

За информации за CEDAW, погледнете го Поглавје Chapter 5, „Род“ на www.coe.int/compass.

### Насилство врз жените низ животниот циклус

| Фаза | Вид на насилство |
|---|---|
| Пред раѓање | Абортус заради избор на полот; последици од тепање врз плодот за време на бременост |
| Рано детство | Убиство на женски новороденчиња; физичка, сексуална и психичка злоупотреба |
| Детство | Детски бракови; кастрирање на гениталните органи кај девојчињата; физичка, сексуална и психичка злоупотреба; инцест; детска проституција и порнографија |
| Адолесценција и зрелост | Насилство за време на излегување и додворување (пр. фрлање киселина и силување); материјално-поттикнат секс (пр. девојчиња на училишна возраст имаат сексуални односи со возрасни мажи, кои за возврат, им ја плаќаат школарината); инцест; сексуална злоупотреба на работно место; силување; сексуално вознемирување; присилна проституција и порнографија; трговија со жени; насилен партнер; брачно силување; злоставување на жената заради миразот и убиства; убиство на партнерот; психичка злоупотреба; злоупотреба на жени со попреченост; присилна бременост |
| Старост | Присилно „самоубиство“ или убиство на вдовици заради материјални причини; физичка, сексуална и психичка злоупотреба |

Извор: Насилство врз жените (Информативен пакет) – Светска здравствена организација, 1997

## Семејно насилство

Кршењето на човековите права на жените не е нешто што се случува само во војна. Тоа е нешто што прво и најчесто се случува дома. „Приватната“ природа на ова насилство е причина што секогаш ја правеше и сé уште ја отежнува интервенцијата и дејствувањето.

Истражувањата постојано покажуваат дека жената е најчесто повредена, силувана или убиена од сегашен или бивш партнер, отколку од некоја друга личност. Семејното насилство не ја повредува само жената, туку и децата, со особено висока застапеност кај девојчињата и младите жени.

## Изложба „Неми сведоци“

Оваа активност беше инспирирана од една изложба на семејно насилство и убиство на жени, која беше донесена во Европскиот младински центар во Будимпешта од Здружението за женски права NANE (Будимпешта, Унгарија), вклучувајќи ги и приказните за Естер и Кати. Целта на оваа изложба беше да се подигне јавната свест за димензиите и бруталноста на семејното насилство и убиство, преку раскажување на приказните на убиените жени - „немите сведоци“. Организирањето изложба „Неми сведоци“ може да биде многу практичен и ефективен начин за запознавање со проблемите на семејното насилство во вашата заедница, вашиот град или регион. Постојат и книги за тоа како да пронајдете сведоци и како да ја организирате изложбата, вклучувајќи ја и книгата со наслов „Резултати“, која зборува за првите години од кампањата во САД и содржи многу приказни, кои можат да се искористат како примери. Адресата на веб-страницата е www.silentwitness.net. Исто така, содржи долга листа на меѓународни контакти кои веќе имале вакви изложби.

## Прв европски закон за родово-базирано насилство

Органски закон за интегрирани заштитни мерки против родово насилство. На 22 декември 2004 година, Шпанија го усвојува законот кој обезбедува формирање на специјални судови и интегрални рехабилитациони центри, подобрена помош за жртвите и серија на процедури со цел заштита на жените под закана.

## Специјален известувач на ОН за насилство врз жените

Во јуни 2009 година, ОН ја формираа канцеларијата на Специјалниот известувач за насилство врз жените. Во 2010 година, првиот назначен известувач, Рашида Манџу, го подготви првиот тематски извештај, доставен со Советот за човекови права за насилство врз жените, причини и последици. Погледнете го извештајот на www2.ohchr.org.

## Дополнителни извори на Интернет

- www.wave-network.org Европскиот информативен центар против насилство има база на податоци од организации за помош на жени низ Европа.
- www.ewlcentreonviolence.org е веб-страница на Европскиот центар за женско лоби против насилство врз жените. Изобилува со информации за насилството врз жените, вклучувајќи ги и извештаите на земјите.
- www.whiteribbon.ca Кампањата „Бела панделка“ е „најголемиот напор на мажите кои работат на завршување на машкото насилство врз жените“.
- www.europrofem.org EuroPRO-Fem, Европската про-феминистичка машка мрежа е мрежа на организации и проекти на мажи загрижени заради машката доминација, насилство и угнетување на жените.
- www.hotpeachpages.net Меѓународниот регистар на агенции за семејно насилство има информации за секоја земја во светот.
    - • www.unifem.org Веб-страницата на Развојниот фонд за жени при ОН е корисна за информации во врска со родовите прашања и насилството врз жените.

**Забелешка:**

За случаите на Kati и Eszter известил Morvai Krisztina во *Terror a családban – A feleségbántalmazás és a jog (Терор во семејството – тепањето на жени и законот),* Kossuth Kiadó, Будимпешта,1998.

## Прилози

**Студија на случај 1 – Естер**

Тој започна кавга со неговата жена, обвинувајќи ја дека ниту перела, ниту зготвила, ниту пак завршувала други домашни работи. Во исто време, тој започнал да ја тепа; ја удирал по главата и лицето со голи раце. Ѝ искорнал парчиња коса и ја клоцнал со неговите чизми. Потоа, ѝ ја соблекол облеката од горниот дел на телото и ја фрлил на креветот со цел да продолжи да ја тепа.

Сето ова се случило пред нивната 8-годишна ќерка, која го молела да престане. Потоа тој престанал. Ја исфрлил Естер од креветот и заспал.

Естер умрела таа ноќ.

**Студија на случај 2 – Кати**

Кати се обидела да избега од нејзиниот свршеник кој станал многу насилен. Таа изнајмила стан во друг град, но тој продолжил да ѝ се јавува и да ја вознемирува. Психичката состојба на Кати се влошила.

Еден ден, свршеникот дошол да ја земе после работа и да ја натера да се врати назад. Ја однесол во блиската шума, каде се обидел да ја задави со нејзиниот џемпер. Наредниот ден, Кати им кажала на нејзините колеги на работа дека се плаши дека тој еден ден ќе ја убие.

Четири дена подоцна, свршеникот испи неколку пијалоци. Повторно, ја чекаше после работа и кога таа излезе, тој почна да ја тепа. Вечерта, тој одлучи дека треба да ги посетат роднините. По патот, тие ја запираа колата неколку пати. Кати, гледајќи во каква состојба е тој, се согласи да има секс со него, но тој беше премногу пијан.

Кати му кажа на свршеникот дека повеќе не заинтересирана за него. Ова него многу го разлути. Тој грабна долг, кожен ремен и ја задави.

Потоа, тој го фрлил нејзиното мртво тело во една дупка и го покрил со гранки.

### Студија на случај 3 – Марија

Марија имаше 70 години. Нејзиниот сопруг почина пред 10 години и таа живееше со нејзиниот син Филип, кој имаше 40 години, во една мала куќа.Нејзиниот син беше невработен и понекогаш многу пиеше. Марија знаеше дека тој краде пари од нејзиниот паричник, но често таа не велеше ништо, не сакајќи да прави повеќе проблеми. Кога беше пијан, Филип стануваше многу насилен и понекогаш Марија мораше да се затвори во нејзината соба за да избега од него. Еден ден, Филип пристигна дома целосно пијан и се вознемири, бидејќи вечерата не беше готова. Кога Марија му кажа дека нема подготвено вечера, бидејќи е уморна и болна, тој започна да крши предмети во собата. Марија немаше време и сила да избега и нејзиниот син фрли со стол по нејзе. Марија се обиде да се заштити себеси, но таа падна и си ја удри главата. Еден сосед пристигна, но беше премногу доцна. Марија почина во кома, пред да стигне в болница.

**Студија на случај 4 – Леандро**

Леандро имаше 8 години. Тој живееше во мал стан заедно со неговата три-годишна сестра, неговата мајка и нејзиното момче Јан. Леандро никогаш не го запозна својот татко. Нему му се допаѓаше училиштето, но не му се допаѓаше Јан. Всушност, Јан беше насилен и понекогаш го тепаше Леандро. Леандро многу се плашеше од Јан, тешко заспиваше и го изгуби апетитот. Наставничката на Леандро го забележа тоа и сакаше да се сретне со родителите, бидејќи таа чувствуваше дека на Леандро не му оди добро како порано, има тешкотии со задржување на вниманието, а понекогаш бил и насилен со неговите другарчиња. Мајката се сретна со наставничката, но не кажа ништо за ситуацијата во домот. Кога се врати дома, таа му кажа на Јан што ѝ рече наставничката. Јан многу се вознемири и повторно го истепа Леандро, а овој пат му ја скрши и раката. Во болницата, мајката лажеше и рече дека Леандро паднал.

**Студија на случај 5 – Баназ**

**Баназ** направи неколку обиди да ја предупреди полицијата дека нејзиниот живот е во опасност. Во декември 2005 година, нејзиниот татко ја нападна и се обиде да ја убие. Таа беше престрашена и отиде в полиција. Сепак, нејзината изјава не беше сериозно сфатена од страна на истражителите.

Баназ избега, но подоцна се врати кај семејството и се обиде да ја продолжи нејзината врска со момчето во тајност, бидејќи и на двајцата им се закануваа со смрт, доколку продолжат да се гледаат. На Баназ ѝ препорачаа да престојува во безбедна куќа, но таа веруваше дека и дома е безбедна, бидејќи и нејзината мајка беше таму.

Баназ исчезна на 24 јануари и нејзиното тело, кое се распаѓаше, е пронајдено во еден куфер, закопан во градината, три месеци подоцна.

На судењето, нејзиниот татко и чичко рекоа дека тие го нарачале убиството, бидејќи тие верувале дека таа го посрамоти семејството, заљубувајќи се во човек кој не беше добар за нејзиното семејство. Баназ имаше само 20 години.

http://news.bbc.co.uk/2/hi/6722699.stm; 11 јуни 2007

**Студија на случај 6 – Амира**

Амира имаше 4 години кога нејзиното семејство избега од војната, која ја разруши Сомалија и се пресели во еден европски град, каде нејзиното рано детство изгледаше неизмерно подобро.
Потоа, едно утро, кога таа имаше 11 години, мајката на Амира предложи да ја посетат нејзината тетка, така што Амира би можела да си игра со нејзината братучетка, која беше на иста возраст. Она што не го знаеше Амира беше дека мајка ѝ и тетка ѝ тајно договориле да допатува „режач“ од Могадишу за да ги обрежат нивните ќерки. Жените веруваа дека тоа е неопходно. Во спротивно, девојчињата никогаш не би се омажиле.
Одеднаш, нејзината мајка и тетка ја грабнаа Амира. „Тие ме држеа долу, а потоа една жена, која никогаш порано ја немав сретнато, започна да ме сече. Јас врескав и тетка ми ми ја стави нејзината рака преку устата.“ – вели таа. „Вети дека никој нема да дознае дека сум зборувала со тебе“ – молеше Амира. „Ако луѓето во мојата заедница дознаат, тие ќе речат дека сум ги изневерила и јас ќе мора да избегам. И секако, не сакам моите родители да бидат испратени в затвор.“

Адаптирано од http://www.dailymail.co.uk/femail/article-505796 3 јануари 2008 иwww.fgmnetwork.org

**Студија на случај 7 – Денис**

„Јас сум жртва на инцест; бев силувана од мојот татко кога имав петнаесет години. Тоа не беше прв пат, ниту последен. Сепак, овој пат, забременив.
Една вечер, ми беше многу лошо и родителите ме однесоа на болница. Докторот од итна служба откри дека заедно со лошата настинка, јас бев и бремена, 19 недели. Докторот ме информира дека сум бремена и ме праша што сакам. И покрај болката и вината, кои ги чувствував, одбив да абортирам. Мојот татко неконтролирано се разбесни и настојуваше на абортус, така што јас прифатив. Докторот одби, почитувајќи ја мојата желба.
Татко ми бараше некого кој ќе го изведе абортусот и за еден час, тој човек пристигна во болницата. Се обидов да слезам од масата за прегледи, но тој замоли три сестри да ме држат, додека тој ме врза во креветот и ми инјектираше нешто за опуштање на мускулите за да престанам да се борам. Продолжив да врескам дека не сакам абортус. Тој ми рече: „Замолчи и прекини со врескање!“. На крај, ми ставија тотална анестезија.“

Адаптирано одwww.humanlife.org

**Студија на случај 8 – Ханс**

Антонија го понижуваше и го малтретираше нејзиниот сопруг Ханс, веќе неколку години. Еднаш, Антонија рече дека се чувствува како да сака да го прегази со колата. Во друга прилика, лажно го обвини дека сексуално ги злоупотребувал децата. Писмата кои го обвинуваа Ханс за педофилија се појавија во поштенските сандачиња на соседите. Полицијата не им веруваше на овие обвинувања, но тие се посомневаа дека Антонија има некаква врска со писмата.
Три години подоцна тие се разделија, а една година подоцна и се разведија.
Пред неколку месеци, Антонија го следеше од работа кон дома и му фрли запален украс полн со керозин.
Украсот не се запали, но подоцна детективите најдоа керозин на вратата  и ѕидовите.
Еден ден, Ханс си го шеташе кучето, кога една жена потрча кон него. Се слушна истрел. Тој вресна и застрелан се обиде да оди кон дома и на крај влезе, прогонуван од жената. Полицијата и лекарите го затекнаа како умира на подот од неговата трпезарија. Лекарите не можеа да го спасат; куршумот влезе низ неговото десно рамено, му ги разнесе белите дробови и запре во аортата.

Адаптирано од: http://www.seattlepi.com

## Упатства за групни дискусии

I –Анализа на злосторството (20 минути)
1. Што мислите за опишаното злосторство?
2. Каде би можело да се случи такво злосторство? Дали тоа би можело да се случи во вашето соседство?
3. Зошто се случило злосторството?
4. Може ли вакво злосторство да биде оправдано?
5. Како можела жртвата да се одбрани себеси?

II – Премин во општествената реалност (40 минути)
6. Дали знаете или сте слушнале за некаков случај на семејно насилство неодамна?
7. Во кои форми се појавува семејното насилство во нашето општество?
8. Што можат жртвите да направата ако им е потребна помош?
9. Дали полицијата треба да интервенира, доколку слушнат за насилство, или пак таквата интервенција ќе се смета за мешање во приватните работи на луѓето и ќе значи кршење на нивните човекови права?
10. Каква моќ имаат жртвите во вакви ситуации? Каква моќ имаат злосторниците?
11. Дали имате слушнато за случаи на семејно насилство во кои мажот е жртва?
12. Наброи неколку причини за семејно насилство.
13. Како може да се спречи и да се запре семејното насилство?
14. Што може/треба да се направи од страна на:
   а. државните органи?
   б. локалната заедница?
   в. луѓето кои се вклучен?
   г. пријателите и соседите?

# Доста!

*Единствено што учиме од историјата е што ништо не учиме од историјата.*

Хегел

**Теми**
• Сеќавање
• Војна и тероризам
• Дискриминација и нетолеранција

**Ниво на сложеност**
Ниво 4

**Големина на групата**
Која било (мали групи 2-3)

**Време**
60 минути

**Преглед**
Во оваа активност учесниците планираат и спроведуваат еден акционен проект за подигање на свесноста за Ромите – жртви на Холокаустот

**Поврзани права**
•Право на недискриминација;
• Право на живот;
•Културни права.

**Цели**
• Да се подигне свесноста за сите жртви на нацистичкиот Холокауст – особено ромската популација;
• Да се вежбаат вештини за избирање, планирање и спроведување на јавна акција;
• Да се развива чувство за човеково достоинство и чувство за правда.

**Материјали**
• Флип-чарт хартија и фломастери;
• Копии од прилогот „Кратка историја од прогонот на X" (по избор);
• За вториот дел: Избирање и планирање на акција – можеби е корисно да имате пристап до Интернет или до печатени референтни материјали;
• Копии од примерот за дијаграм за акционен план во Поглавје 3, страница 374 (по избор).

**Подготовка**
• Кажете ѝ на групата пред сесијата дека планирате да дискутирате за Холокаустот. Одделно зборувајте со сите оние кои сметаат дека тоа ќе им биде тешко.
• Направете копии од прилогот, по една копија за секоја мала група.
• Консултирајте го Поглавје 3 „Преземање акција" од *Компас*.

Сеќавање

Војна и тероризам

Дисктиминација и нетолеранција

Ниво 4

Која било (мали групи (2-3)

60 минути

## Инструкции

**Прв дел: Подготовка на групата** (90 минути)

1. Замолете ги учесниците да формираат мали групи од 2 до 3 луѓе кои делат исто чувство на идентитет. Ова може да се однесува на нивната етничка припадност или националност, но, исто, може да биде поврзано со различни општествени или религиозни групи. Дајте им неколку минути да ги споделат нивните чувства за овој идентитет во нивните мали групи.
2. Или дајте им го прилогот „Кратка историја од прогонот на X" или одберете некои информации така што на учесниците ќе им дадете чувство за сукцесивен брутален третман, кој бил претрпен од страна на населението X, но сé уште не им го откривајте името на целната група (Роми).

3. Накратко разговарајте за нивните реакции, а потоа, во нивните мали групи, дајте им 15 минути да размислат за следниве прашања:

• Што би почувствувале ако „вашите“ луѓе би биле мета на ваков вид третман во поновата историја? (Замолете ги учесниците да се концентрираат на групата која ја одбраа под точка 1)

• Кои би биле најтешките аспекти за заедницата која поминува низ ова, што би било од помош или неопходно – на пример, поддршка од членовите на други заедници – локални, национални, меѓународни?

4. Сега замолете ги мали малите групи да се поделат во парови за да ги споделат нивните одговори. Дајте им на овие групи уште 15 минути, поттикнувајќи ги да креираат листа со специфични предлози кои би им помогнале на членовите на заедницата, која искусила ваков тип на третман.

5. Соберете ја целата група заедно и соберете ги сите предлози на еден флип-чарт. Објаснете дека вториот дел од активноста ќе вклучи избирање на еден од предлозите за да може групата да работи како целина. Пред да продолжите понатаму, прашајте:

• Можете ли да погодите за кои луѓе се работи во прилогот?
• Кои други групи биле мета за истребување од страна на нацистите?
• Што им се случило на овие групи за време на Втората светска војна?

6. Прашајте ги учесниците што знаат за ситуацијата на Ромите денес. Кои човекови права им се нарушени?

7. Кажете ѝ на групата за кампањата „Доста!“ и предложете им, доколку и тие сакаат, да спроведат еден акционен проект за поддршка на кампањата.

**Втор дел: Избирање и планирање на акционен проект**

Овој дел од активноста се базира на Поглавје 3 од *Компас* - „Преземање акција“, кое можете да го консултирате за подетални идеи.

1. Објаснете дека акциониот проект, кој тие ќе го организираат, нема за цел целосно да ги разреши прашањата идентификувани во претходната сесија, но ќе се обиде да оствари конкретен и мерлив резултат, кој ќе им биде од корист на ромската заедница.

2. Замолете ги учесниците да идентификуваат некои предлози од флип-чартот кои им се чинат остварливи од страна на групата. Тие можеби ќе сакаат да отфрлат некои од предлозите или да додадат други.

3. Дискутирајте за предлозите и дојдете до консезуална одлука за акција на групата како целина. Искористете го дијаграмот за акционен план во Поглавје 3. Проверете дали:

• акцијата која ја идентификувале ќе придонесе за разрешување на проблемот;
• акцијата е реалистична, со оглед на ресурсите и можните пречки, кои можат да се појават;
• „решението“ е доволно конкретно така што тие ќе знаат дали ќе го постигнат или не.

4. Нацртајте лист со одлуки, така што сите ќе знаат што треба да прават и кога.

5. Почнете со работа!

**Трет дел: Спроведување на акциониот проект**

## Резимирање и евалуација

Прашања за акцијата:

• Дали се чувствувате задоволно со акцијата во целост? Зошто? Зошто не?
• Што чувствувате за вашиот придонес и за работата на групата?
• Што мислите, кои беа главните достигнувања на акцијата? Дали тие одговараа на целите кои претходно ги поставивте?
• Дали мислите дека нешто можеше поразлично да се направи, така што акцијата би била поефективна? Ве молиме, објаснете го вашето мислење.
• Дали направивте некакви грешки?
• Што би наброиле како главни „точки во учењето“ доколку би организирале друга акција (на некоја друга тема)?

Прашања за процесот на учење:

1. Кои беа најважните резултати за тебе лично? Дали чувствуваш дека твоите погледи или ставови се променија на некој начин? Те молам објасни го твоето мислење.
2. Што беше најтешко во целата активност, од првата сесија до самата акција?
3. Што беше најзадоволително?
4. Дали мислите дека е можно да се надградува направеното? Дали се чувствувате мотивирани да го сторите тоа?
5. Што научивте за човековите права од оваа активност?
6. Дали е тешко да се прави кампања за човекови права? После оваа вежба, дали би се вклучиле во кампања за човекови права?
7. Дали правата кои им припаѓаат на Ромите се „исклучок“ или тие важат и за други групи на маргинализирани и прогонети луѓе? Објасни го твоето мислење.
8. Зошто работата со сеќавање е важна за образованието за човекови права?
9. Каков пристап има едукацијата за Холокаустот или какво е справувањето со него во вашата земја?

## Совети за обучувачите

Треба да им дозволите 90 минути за првиот дел „подготовка на групата“, 90 минути за вториот дел „подготовка за преземање акција“ и 60 минути за четвртиот дел – резимирање и евалуација. Колку време ќе трае третиот дел – акциониот проект ќе зависи од презематата акција! Различните делови можат последователно да се спроведуваат или пак, во различни денови.

Постојат бројни елементи кои ја прават оваа активност сложена, не само во поглед на организација, туку и во поглед на содржина.

Претходно треба да сте свесни за составот на групата и за нивната реакција на активноста. Ако некоја од групите има роднини кои биле жртви на Холокаустот или кои биле жртви на други слични настани, можете да дискутирате за активноста претходно, така што тие ќе имаат можност да се подгтоват или пак да отсуствуваат, ако не се чувствуваат подготвено.

Исто така, секој дел од активноста треба да го поминете со чувствителност и флексибиност и никако не смеете да брзате при дискусиите, ако почувствувате дека на луѓето им е потребно повеќе време да ги изразат нивните чувства. Ако за прв пат групата се соочува со вакви прашања, тогаш поефективно би било да го водите првиот дел како целосна сесија од 90-120 минути, а потоа да оставите малку време пред да преминете на вториот до четвртиот дел.

Во делот 1.1, претходно размислете дали ќе има можни тешкотии. Во такви случаи, можете да обезбедите листа со категории и да ги замолите учесниците да се идентификуваат себеси во една категорија, на пример, како поддржувач на некој фудбалски тим, како некој кој зборува француски, како некој кој студира шпански јазик или како некој кој има пасија за хип-хоп, тенис или пливање. Исто, замолете ги учесниците да формираат парови како „машки“ и „женски“.

Доколку е можно, обидете се да ги водите деловите 1.2 и 1.3 без дискусија за тоа која е групата X. Поентата е учесниците да се разлутат заради неправдите, а ова влијание може да се намали ако тие знаат дека X се Роми. Тоа е така бидејќи предрасудите кон Ромите се силни, така што некои од учесниците, свесно или несвесно, можат да го оправдаат третманот кој го добиле.

Во „Кратка хронологија од Холокаустот на Ромите“ (подолу) секоја референца со Роми или „циганско“ насекаде беше заменето со X. Кога ќе ја користите оваа информација, вие можете да ја спомнувате „групата“ или дури да ги замолите учесниците да замислат дека тоа е нивната група.

Целта, поради која ги замоливте учесниците да одберат идентитет, кој е значаен за нив, е да се обидат да „почувствуваат“ како би било тие да бидат целна група. Сепак, за нив сé уште може да биде тешко да се идентификуваат со проблемите на Ромите заради големите предрасуди кон нив. Вие треба да укажете на тоа, и ако е ова случај, оставете многу во делот 1.3 за учесниците да можат да ги дискутираат нивните проблеми. Кажете им дека е проценето – помеѓу 75% и 80% од ромското население било убиено за време на Холокаустот, а во некои земји оваа бројка досигнува и до 90%. Можете да ги замолите да замислат како би им било доколку би загубиле 90% од нивните луѓе или 90% од луѓето во оваа група: во група од 20, само двајца би останале.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**8 април - Светски ден на Ромите**
**2 август – Ден за сеќавање на жрвите од геноцидот врз Ромите и Синтите**

Строго се препорачува, доколку е можно, во фазата на планирање и пред акцијата, да се обидете да вклучите членови од ромската заедница. На крајот, треба да проверите, заедно со членовите од заедницата, дека акцијата која групата ја планира, ќе биде добро примена. Како алтернатива, контактирајте група која работи или ги поддржува Ромите.

Ако немате многу време или ако на учесниците им е тешко да размислуваат низ процесот на планирање, можете да го искористите примерот за дијаграм од Поглавје 3.

## Варијации

Една очигледна можност е да се променат Ромите со друга група, која исто била жртва на Холокаустот. Ќе дознаете дека веб-страницата на Меморијалниот ден на Холокаустот, www.hmd.org.uk , е непроценлива. Таму има информации, вклучувајќи и материјали за училиштата, за сите групи кои биле прогонети од нацистите, како што се Евреи, хомосексуалци, луѓе со попреченост, Роми и Синти, Европејци, црни и од мешани раси, Јеховини сведоци, Полјаци кои немаат еврејско потекло и други словенски народи, комунисти, социјалисти и припадници на синдикати. Веб-страницата има и информации за поновите геноциди во Камбоџа, Босна и Херцеговина, Руанда и Дарфур/Судан.

Друга алтернатива е да се погледнат луѓето, групите или заедницата чие страдање систематски се игнорира.

## Предлози за идни активности

Ако учесниците сакаат да го истражуваат нивното соседство преку очите на една личност која е во неповолна ситуација или живее на маргините од општеството, употребете ја активноста „Промени ги твоите очила“, на страница 130.

Како алтернатива, ако групата ужива во играње на улоги и ако се заинтересирани за истражување на причините зошто луѓето учествуваат во насилни дејствија, погледнете ја активноста „Фрлање камења“, на страница 305.

## Понатамошни информации

„Доста“, ромски збор кој значи „доста, доволно“, е име на кампања за подигнување на свеста која има за цел не-ромските граѓани да ги приближи до ромските граѓани. Можете да најдете информации за кампањата „Доста“ на http://dosta.org. Можеби е корисно да имате пристап до Интернет, така што учесниците ќе можат да ја погледнуваат веб-страницата. Постојат и други веб-страници кои содржат информации за Холокаустот и кои, исто така, можат да се искористат за истражување: http://isurvived.org; http://www.preventgenocide.org.

Друга организација која работи со едукација и справување со Холокаустот е Фондацијата „Сеќавање, одговорност и иднина“ (германски акроним EVZ), www.stiftung-evz.de. Нејзините области и цели се однесуваат на критичко истражување на историјата, работа со човекови права и посветеност на жртвите од национал-социјализмот. На нивната веб-страница можете да ја прочитате публикацијата „Човекови права и историја – предизвик за образование“.

Друга организација, која работи на едукација за Холокаустот, е Фондацијата „Ана Франк“ (AFF) www.annefrank.ch. Целта на оваа фондација е да се промовира добротворната работа, да се одигра општествена и културна улога во духот на Ана Франк, да се продлабочи подобро разбирање помеѓу различните религии, да се работи на каузата за мир помеѓу народите и да се поттикнуваат меѓународни контакти помеѓу младите. Тие имаат проекти насекаде низ светот, на пример со Далите во Индија, како и за деца и семејства во запоставени урбани преградија и рурални заедници во Перу.

**Европската информативна канцеларија на Ромите** дава редовни информации за прашањата кои ги засегаат Ромите во Европа. http://www.erionet.org

**Европскиот центар за права на Ромите** е јавна правна организација која се бори со расизмот врз Ромите и злоупотребата на човековите права на Ромите. http://www.errc.org

## Прилози

### Кратка историја од прогонот на Х

| | |
|---|---|
| 1890 | Организирана конференција во Германија за „ѓубрињата Х“. Војската е овластена да го регулираат движењето на Х. |
| 1909 | Одржана политичка конференција за „Прашањето Х“. Препорака е дека сите Х-овци треба да се обележани за да бидат лесно препознатливи. |
| 1920 | Двајца академици ја претставуваат идејата „да се живее недостоен живот“, предлагајќи дека Х-овците треба да се стерилизирани и елиминирани како народ. |
| 1922 | (За време на 1920-те години) Сите Х-овци на германски територии се фотографирани и земени им се отпечатоци. |
| 1926 | Во Германија е донесен закон за контрола на „Х чумата“. (Овој третман е директно нарушување на условите на Вајмарскиот устав на Германија). |
| 1927 | Во Баварија, Германија, изградени се специјални логори за да се затворат Х-овците. Осум илјади Х-овци се одведени во овие логори. |
| 1928 | Сите Х-овци се ставени под постојан надзор на полицијата. Изградени се уште логори за Х-овците. |
| 1934 | Х-овците се одведени на стерилизација со инјекции и кастрација и испратени во логорите Дахау, Франкфурт, Захсенхаузен и на други места. Таа година, се донесуваат два закона кои им забрануваат на Германците да стапуваат во брак со луѓе од други раси. |
| 1938 | Помеѓу 12 и 18 јуни, стотици Х-овци, низ цела Германија и Австрија, се уапсени, тепани и затворани.<br><br>Х-овците се прва целна популација, на која ѝ беше забрането да посетува училиште. |
| 1939 | Канцеларијата за расна чистота даде изјава во која се вели: „Сите Х-овци треба да се третираат како наследно болни; единственото решение е елиминација. (Според тоа, целта треба да биде елиминација без двоумење на овој неисправен елемент во населението.)“ |
| 1940 | Првата масовна геноцидна акција на Холокаустот: 250 Х деца се искористени како заморчиња за тестирање на цијанид во концентрациониот логор во Бухенвалд. Вработување, од кој било вид, е забрането за Х-овците во истата година. |
| 1941 | Во јули, нацистичкото конечно решение „да се убијат сите Евреи, Х-овци и душевно болни стапи на сила.“ Холокаустот започна.<br><br>800 Х-овци се убиени во една акција, ноќта, на 24 декември, во Крим. |
| 1944 | 1 август, 4000 Х-овци се угушени и запалени во Аушвиц-Биркенау во една масовна акција. |
| 1945 | До крајот на војната, 70-80% од Х популацијата е уништена од страна на нацистите. Ниту еден Х-овец не е повикан да сведочи на судењата во Нирнберг, никој не сведочеше во нивно име. Никаква оштета од воени злосторства не им беше платена на Х како луѓе. |
| 1950 | Првата, од многуте изјави, кои понатаму ќе следат, од страна на германската влада, е нивното декларирање дека тие не им должат ништо на Х луѓето во смисла на оштета од воени злосторства. |
| 1992 | Германија „ги продава“ Х барателите на азил, назад во Романија, за 21 милион долари и започнува да ги праќа со лисици на рацете, на 1 ноември. Некои Х-овци побрзо би се самоубиле отколку да одат. Германската прес агенција ги замоли западните новинари да не го употребуваат зборот „депортација“, бидејќи светот ќе добие „непријатни историски асоцијации“. |
| 2010 | Францускиот претседател ги поврзува Х-овците со криминал, нарекувајќи ги нивните кампови извори на проституција и детска експлоатација. Француските власти уништија над 100 кампови и депортираа повеќе од 1000 Х-овци, главно во Романија. |

Променета верзија од „Кратка хронологија од Холокаустот на Ромите“, од Јан Хенкок

Целосната верзија е достапна наhttp://www.osi.hu/rpp/holocaust.html

COMPASS

Општи човекови права

Ниво 1

8+ (мали групи 4-5)

45 минути

# „Нацртај го зборот“ – игра

*И оние кои не се уметници, исто така, имаат права!*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Општи човекови права |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 1 |
| **Големина на групата** | 8+ (мали групи 4-5) |
| **Време** | 45 минути |
| **Преглед** | Оваа е тимска игра во која луѓето треба креативно да цртаат за да претставаат некој збор поврзан со човековите права. |
| **Поврзани права** | • Слобода за мислење и изразување;<br>• Слобода на мислата;<br>• Еднаквост во достоинство и права. |
| **Цели** | • Да се развие знаење за Универзалната декларација за човекови права;<br>• Да се развиваат вештини за комуницирање и креативно размислување;<br>• Да се промовира солидарноста и да се почитува разновидноста. |
| **Материјали** | • Ѕиден приказ на кој ќе бидат напишани членовите од Универзалната декларација за човекови права;<br>• Голем лист хартија или флип-чарт хартија и фломастер за запишување на резултатот;<br>• Листови хартија (А4 големина) и моливи за групните цртежи, по еден лист за секој тим, за секој круг од играта;<br>• Селотејп/леплива лента или патенти за прикачување на цртежите. |
| **Подготовка** | • Скратената верзија на Универзалната декларација за човекови права, во Додатоците,ископирајте ја на голем лист хартија.<br>• Направете за себе листа за проверка на правата |

## Инструкции

1. Замолете ги учесниците да се поделат во мали групи од четири до пет луѓе и да одберат име за нивната група/тим.
2. Објаснете дека во оваа активност тие ќе се натпреваруваат во тимови. Вие, на еден припадник од тимот, ќе му дадете еден член од Универзалната декларација за да го нацрта. Останатите во тимот треба да погодуваат за кое право се работи. Тимот кој прв ќе погоди, освојува поен. Тимот со најмногу поени, на крајот, победува.
3. Кажете им на тимовите да земат по неколку листови хартија и молив, да си најдат место во просторијата и да седнат. Тимовите треба да се разделени едни од други за да не можат да се слушаат.
4. Повикајте по еден припадник од секој тим. Дајте им едно од правата од вашата листа, на пример, „слобода од мачење“.
5. Кажете им да се вратат во нивните групи и да направат цртеж кој ќе го претставува правото, додека останатите од тимот ќе се обидуваат да погодат што е. Тие можат да цртаат само слики; не смеат да се користат броеви или зборови. Не е дозволено зборување, освен кога се потврдува точниот одговор.
6. Останатите од тимот можат само да ги изговорат нивните погодувања; тие не смеат да прашуваат прашања.
7. После секој круг, замолете ги цртачите да напишат на нивната слика кое право беше, без

разлика дали завршиле или не, а потоа листот да го стават настрана.
8. Направете втор круг; повикајте нови луѓе за цртање и дајте им и нив ново право. Направете 7 или 8 кругови. Различна личност треба да црта во секој круг. Обидете се да им дадете можност на сите да цртаат барем еднаш.
9. На крајот, замолете ги групите да ги прикачат нивните слики така што различни интерпретации и слики за различни права ќе можат да се споредуваат и дискутираат.

## Резимирање и оценување

Започнете со резимирање на активноста и потоа продолжете со разговор за тоа што знаат луѓето за човековите права.

• Дали беше полесно или потешко, од очекуваното, да се нацртаат човековите права?
• Како луѓето одбираа да нацртаат одредено право? Од каде ги добиваа претставите?
• Ако тие цртаат прекршувања, за да ги илустрираат правата, дали таквото прекршување се случува и во нивната земја?
• Како различните цртежи на правото се споредуваат? Колку различни начини имаше при цртањето и интерпретирањето на истиот концепт?
• Отако сите цртежи беа разгледани, прашајте колку, малку или многу, учесниците открија дека знаат за човековите права.
• Дали тие мислат дека човековите права имаат значење за нивните животи? Кои права?

## Совети за обучувачите

Пред да ја направите оваа активост треба да ја прочитате Универзалната декларација за човекови права (УДЧП), погледнете во Додатоците, и да знаете што се подразбира под човекови права; на пример, дека тие се меѓународно загарантирани, правно заштитени, тие се фокусираат на човековото достоинство, тие ги заштитуваат и поединците и групите, тие не можат да бидат одземени, тие се еднакви, меѓусебно зависни и универзални.

Вие треба да одлучите како ќе го употребите ѕидниот приказ. Ако учесниците имаат малку знаење за Универзалната декларација, приказот можете да го искористите пред да започнете со активноста, така што учесниците ќе имаат поим за она што треба да го погодуваат! Ако учесниците имаат повеќе знаење, тогаш приказот употребете го на крајот за да ја стимулирате дискусијата за правата кои не беа нацртани.

Имајте во предвид дека луѓето, кои се сметаат себеси за слаби уметници, можат да помислат дека ова ќе биде премногу тешко за нив. Разубедете ги дека вие не барате уметнички дела и охрабрете ги сите да се обидат. Тие можат да бидат изненадени!

Употребете ја скратената верзија на Универзалната декларација за човекови права, на страница 464, за да ги најдете правата за цртање. Некои предлози се: право на живот, слобода од мачење, право на праведно судење, слобода од дискриминација, право на приватност, право на образование, слобода од ропство, слободно здружување, слободно изразување, право на државјанство, слобода на мисла и вероисповед, право на глас, право на работа, право на здравствена заштита, право на сопственост, право на брак и семејство и право да се одбере партнер за брак.

## Варијации

Ако имате мала група од помалку од 8 луѓе, можете да играте како една група; замолете една личност да црта во првиот круг и кој ќе погоди црта во вториот круг и така со ред.

Наместо со цртање, активноста може да се изведе со пантомима на избраните права.

## Предлози за идни активности

Активноста „Моќ на цвеќето“, на страница 181, исто користи цртежи за да истражува од каде доаѓа концептот на човековите права.

Ако групата ужива во креативноста, ним може да им се допадне и активноста „Да одглумиме“, на страница 98, во која луѓето користат пантомима за да го пренесат општиот концепт на човековите права.

Групата можеби ќе сака да продолжи да истражува некои права поврзани со одредена група, на пример, правата на луѓето со попреченост, користејќи ја активноста „Видете ја способноста!“, на страница 273.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**10 декември Денот на човековите права**

Образование

Деца

Граѓанство и учество

Ниво 2

6 – 30 (мали групи 4-5)

90 минути

# Образование за сите?

*Дали имаш добра меморија? Сега е време да ја тестираме!*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Образование<br>• Деца<br>• Граѓанство и учество |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | 6 – 30 (мали групи 4-5) |
| **Време** | 90 минути |
| **Преглед** | Во оваа активност учесниците треба да ги пронајдат и да ги спојат паровите картички онака како што размислуваат во врска со нееднаквите можности за образование во светот и како да се постигне четвртата цел од одржливиот развој-Квалитетно образование за сите. |
| **Поврзани права** | • Право на образование;<br>• Право на целосен физички, ментален, духовен, морален и општествен развој;<br>• Право на еднаквост. |
| **Цели** | • Да се развие знаење за образованието и како тоа ги допира сите сфери во животот;<br>• Да се развиваат вештини за меморирање и за критичка анализа;<br>• Да се поттикнува одговорноста и чувството за човеково достоинство и правда. |
| **Материјали** | • По 1 комплет на картички за секои три или четири учесници;<br>• Хартија и пенкала за забелешките во вториот дел. |
| **Подготовка** | • Запознајте се со прашањето и прочитајте ги сите картички со изјави.<br>• Запознајте се со четвртата цел од Целите за одржлив развој (SDG) и нејзините таргети (погледнете во делот за „Образование“)<br>• Ископирајте ги листовите со картичките, залепете им одназад картон за да бидат потрајни. Исечете 40 картички. |

## Инструкции

1. Прашајте ги учесниците што знаат за Целите за одржлив развој. Ако е потребно, кратко објаснете кои се Целите за одржлив развој и објаснете дека четвртата цел овозможува квалитетно образование за сите до 2030.
2. Објаснете дека активноста е поделена на два дела: прв дел – игра со меморија и втор дел – известување за проблемите.

**Прв дел - Игра со меморија** (10 минути)
1. Објаснете дека има дваесет парови од картички. Секој пар се состои од картичка со тема и картичка со слика, а задачата е да се спојат двете картички. Изјавите на картичките со теми се поврзани со проблемите кои ги земаат предвид четвртата цел за одржлив развој и образованието за човекови права. Прашањата (кои се со закосени букви - *Italic*) се за подоцнежна дискусија.
2. Прашајте ги учесниците дали ја знаат играта наречена „Концентрација“, „Меморија“, „Пелманизам“ или „Парови“, бидејќи таа игра ќе ја играат во мали групи по четворица. Разгледајте ги правилата: тие ги редат картичките со предната страна свртена надолу кон подот или масата. Првиот играч почнува и отвора две картички. Ако едната (или двете) се

картички тема, тогаш играчот гласно го чита насловот и изјавата. Ако картичките се пар, тогаш играчот ги задржува и истиот продолжува понатаму. Ако картичката не се сложува, тој/таа ја враќа назад и ја превртува на истото место од каде што ја зеде. Потоа, наредниот играч одбира две картички. Играта завршува кога сите картички ќе се спарат. Победник е оној кој ќе има најмногу парови со картички.

**Втор дел –Известување за проблемите** (60 минути)
1. Направете листа на проблемите на флип-чарт. Повикајте доброволци да ги прочитаат насловите на картичките додека вие ги запишувате.
2. Замолете ја групата да идентификува четири до шест проблеми кои најмногу ги интересираат.
3. Поделете ја групата во мали групи од 4-5 луѓе. Замолете ја секоја подгрупа да одбере два од проблемите за кои најмногу би сакале да дискутираат.
4. Кога проблемите ќе бидат одбрани, дајте им на групите 20 минути за дискусија. Почетната точка за дискусиите треба да биде прашањето, напишано со *закосени* букви, на картичките.
5. После 20 минути, повикајте ги учесниците за пленарна дискусија. Разгледајте ги сите проблеми. Дајте ѝ на секоја група 5 минути за повратна информација и не дозволувајте повеќе од дополнителни 5 минути за прашања од останатите.
6. Откако сите групи ќе дадат извештај за проблемите, преминете на резимирање.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**8 септември**
**Меѓународен ден на писменоста**

## Резимирање и евалуација

Вие имавте добра можност да дискутирате за проблемите, па потоа оцenete ја играта и што научија луѓето:

• Дали учесниците уживаа во играта?
• Дали тоа беше добар начин за почеток на дискусија во врска со проблемите на образованието?
• Како течеа дискусиите во групите? Дали сите беа во можност да учествуваат?
• Дали имаше премногу предизвици? Дали е можно да има „образование за сите“?
• Членот 26 од Универзалната декларација за човекови права е правото на образование. Што значи ова право во пракса?
•Дали има премногу предизвици со кои се соочува образованието? Дали е возможно да се оствари целта за овозможување на инклузивно, праведно и квалитетно образование, како и можностите за доживотно образование за сите до 2030?
• Зошто мислите дека образованието е една од Целите за одржлив развој?
• Кои се главните предизвици за правото на образование во вашата земја, заедница или училиште?
• Што можете вие, вашата група, вашата заедница да направите во постигнувањето на четвртата цел, од Целите за одржлив развој, во вашата земја и/или во земјите во развој?
• Дали постои опасност – правото на образование за човекови права да биде „заборавено“ кога има толку голема потреба за фокусирање кон образованието за описменување, сметање, технички и стручни вештини. Ако постои, што би можело да се стори?

## Совети за обучувачите

Намерата за користење на оваа техника е да се воведе доза на забава во процесот на стекнување информации кои ќе бидат потребни за дискусијата.

Оваа е, речиси, лесна активност за водење. Бидете сигурни дека сте ги прочитале сите картички пред да започнете со активноста и која картичка се спојува со кој проблем, така што, за време на играта, можете да понудите насоки и да потврдите кога паровите се точно споени. Кога објаснувате како се игра играта, можеби ќе сакате и да ги демонстрирате инструкциите, покажувајќи како изгледа еден од паровите. Нагласете ја разликата помеѓу изјавата и прашањето.

Можете да им кажете дека играта е наречена „Меморија“, бидејќи луѓето треба да запомнат каде лежат различните картички, така што тие треба да одберат две картички кои формираат пар.

Во вториот дел, можеби ќе сакате да организирате две различни групи да дискутираат еден ист проблем. На овој начин ќе се генерираат повеќе идеи. Тоа значи дека подгрупите ќе мора да преговараат за кои проблеми ќе дискутираат.

Вие ќе мора да одлучите, во кој дел од активноста, групата ќе добие детални информации за четвртата цел од Целите за одржлив развој и за нејзините таргети. Кога и како ќе го сторите тоа ќе зависи од групата и од времето со кое располагате. Тоа може да биде кога ја претставувате активноста или  во резимирањето. Можеби ќе сакате да ги сумирате целите за да добиете подобар преглед.

Кога ќе ги фотокопирате картичките, добра идеја е да ги зголемите, бидејќи така полесно ќе се читаат. Ако потоа залепите картон на задната страна, тие ќе бидат потрајни и полесни за употреба.

Некои од картичките содржат акроними, на пример, ОЧП (образование за човекови права). Кога ја претставувате играта, објаснете и што значат овие скратеници.

Забележете дека една третина од картичките содржат изјави поврзани со четвртата цел од Целите за одржлив развој, прифатени од Обединетите нации во 2015. Останатите картички се за човекови права и проблеми во образованието со цел да се поттикне размислување како да се постигне квалитетно образование за сите.

## Варијации

Ако немате доволно време за вториот дел, можете да ја искористите техниката опишана во активноста „Само една минута“, на страница 205. Замолете го секој учесник да одбере еден од проблемите на картичките и да зборува за него една минута, без да се двоуми или да повторува. Исто така, ова е добра опција ако чувствувате дека учесниците имаат потреба да ги подобрат нивните вештини за усна презентација.

Во вториот дел, ќе добиете во време, доколу претходно подготвите комплет на многу големи карти со слики на кои ќе ги запишете и насловите кои одговараат. Потоа, место да ја пишувате содржината, можете само да ги залепите овие. Тоа ќе ви заштеди време и изгледа убаво.

## Предлози за идни активности

Неколку проблеми кои можат да се појават во играта со меморија можат да се појавуваат и во други активности. На пример, ако сакате да го истражувате прашањето за буџетот при образованието и другите општествени потреби и буџетот потрошен за воени цели, можете да ја направите активноста „Колку нам ни е потребно“, на страница 193. Прашањата поврзани со детскиот труд и недостатокот од пристап до образование може да се истражува во активноста „Приказната на Ашик“, на страница 104.

## Идеи за акција

Картичките за меморија покажуваат бројни проблеми кои ја попречуваат можноста за постигнување квалитетно образование за сите до 2030. Групата може да одбере некој од проблемите и да го истражува, да најде идеи како да се остварат целите и крајно, да преземе акција. Разгледајте го Поглавје 3 „Преземање акција“ за совети како да се изведе тоа.

Зошто и да не напишете писма до пратениците во вашиот Парламентот и да се распрашате што прави вашата земја за да ги оствари таргетите, поставени во четвртата цел од Целите за одржлив развој?

## Понатамошни информации

Правото на образование е наведено во член 26 од Универзалната декларација за човекови права. Иако постои општа прифатеност и обврска од страна на државите да понудат бесплатно основно образование за сите, реалноста е дека бесплатното образование не е за сите, туку само за мал број. Таргетот 4.1, од Целите за одржлив развој е најнова иницијатива на ОН која го овозможува тоа право за сите.

Во минатото, имаше и други иницијативи кои промовираа образование насекаде низ светот. Целта на Образованието за сите произлезе од Светската конференција Образование за сите, во Џомтиен, Тајланд, 1990. Потоа, во 2000, меѓународната заедница се собра во Дакар, Сенегал, за Светскиот образовен форум (WEF) со цел разгледување на напредокот за овозможување основно образование за сите и обновување на обврската за Образование за сите. Околу 1100 учесници од 164 земји ја усвоија Рамката за дејствување од Дакар, обврзувајќи се и себеси во постигнувањето квалитетно основно образование за сите до 2015. На UNEСПО му беше доверена целосната одговорност за координирање на сите меѓународни учесници и за одржување на глобалната динамика.

**Извор**
UNESCO Образование за сите: Светски образовен форум, Финален извештај, 2000.

Иницијативата на Светскиот образовен форум се совпадна со усвојувањето на Милениумските развојни цели од страна на ОН и кои требаше да се постигнат до 2015. Две, од осумте Милениумски развојни цели, беа поврзани со образованието: втората цел – да се постигне универзално основно образование и третата цел – да се промовира родова рамноправност и да се зајакнат жените.

За повеќе информации за Образование за сите погледнете на UNESCO.org; за Милениумските развојни цели погледнете на www.un.org/millenniumgoals, а за информации за меѓународните политики и соработка во образованието и обуките погледнете на www.norrag.org.

Во 2015, Генералното Собрание при Обединетите Нации формално ги призна Целите за одржлив развој како продолжение на Милениумските развојни цели. (За општи информации за Целите за одржлив развој погледнете во делот „Понатамошни информации“, после активноста „Колку нам ни е потребно?“ и на www.undp.org). Четвртата цел од Целите за одржлив развој е за квалитетно образование. Оваа цел, до 2030, треба да овозможи инклузивно, праведно и квалитетно образование и да промовира можности за доживотно учење за сите. Четвртата цел од Целите за одржлив развој има седум таргети:

4.1 До 2030, да се осигура дека сите девојчиња и момчиња завршиле бесплатно, подеднакво достапно и квалитетно основно и средно образование кое води до значајни и ефективни резултати од учењето;

4.2 До 2030, да се осигура дека сите девојчиња и момчиња имаат пристап до раниот детски развој, грижа и предучилишно образование така што тие ќе бидат подготвени за основното образование;

4.3 До 2030, да се обезбеди еднаков пристап за сите жени и мажи до достапно и квалитетно техничко, стручно и терцијарно образование, вклучувајќи и високо образование;

4.4 До 2030, значително да се зголеми бројот на младите и возрасните кои имаат соодветни вештини, вклучувајќи технички и стручни, за вработување, пристојна работа и претприемништво;

4.5 До 2030, да се елиминираат родовите разлики во образованието и да се обезбеди рамноправен пристап до сите нивоа на образование и стручни обуки за припадниците на ранливите групи и лицата со попреченост, домородното население и децата во ранливи ситуации;

4.6 До 2030, да се осигура дека сите млади и значителен број возрасни, и мажи и жени, постигнале јазична и нумеричка писменост;

4.7 До 2030, да се осигура дека сите ученици ќе стекнат знаења и вештини потребни да се промовира одржливиот развој, вклучувајќи, меѓу другото, и преку едукација за одржлив развој за одржлив живот, човекови права, родова рамноправност, промоција на културата на мирот и ненасилството, глобално граѓанство и разбирање на културната разновидност и придонес на културата за одржлив развој.

Повеќе можете да прочитате на следните веб-страници:
•Глобален мониторинг извештај Образование за сите - www.unesco.org/en/efareport;
•Глобална кампања за образование - www.campaignforeducation.org

•Проект „Право на образование“ - www.right-to-education.org



### Пари & образование

Без пари, владите не можат да ги исполнат нивните обврски. Тоа е прашање и на стандардот; слабо – платените наставници и недостатокот на материјали го намалуваат квалитетот на образованието.

*Нема пари, нема образование! Дали се сложувате?*



### Родова рамноправност & образование

Многу земји направија големи чекори кон целта за родовата рамноправност. Сепак, во некои земји, на девојчињата и жените им е забрането да посетуваат училиште.

*Дали мислите дека ова го нарушува кредибилитетот на четвртата цел од ЦОР?*



### Храна & образование

Програмите Храна за образование (FFE) обезбедуваат училишни оброци и/или оброци за дома, а со тоа се осигуруваат дека и сиромашните деца ќе бидат здрави и способни да учат.

*Дали FFE програмите се клучни за остварување на четвртата цел од ЦОР ?*



### Образование за сите

Претходните иницијативи да се овозможи основно образование за сите имаа недостаток во нивните таргети. Сега, четвртата цел од ЦОР има за цел да обезбеди квалитетно образование и можности за доживотно учење за сите. *Дали има некаква вредност воспоставувањето на очигледно недостижни цели?*



### Зависности & образование

Употребата на алкохол, цигари и други супстанции е проблем во многу училишта/универзитети. Злоупотребата ги спречува учениците да учат и го зголемува насилството.

*Дали строгата училишна политика, во врска со злоупотребата на зависности, е одговорот?*



### Војска & образование

Во многу земји, висок процент од буџетот отпаѓа на трошоци за војската и ништо не останува за општествениот сектор, особено за образованието.

*Дали сигурноста е поважна од образованието?*



### Наставници & Образование

Добрите и квалитетни наставници се суштински. Но, во многу земји во развој, обуката може да биде минимална.

*Дали треба да постои минимум кој е потребен, како што е диплома за наставници и тоа да важи за сите наставници во училиштата?*



### Миграции & образование

Колку повисоко ниво на образование, толку е поверојатно дека поединецот би емигрирал. Многу лекари, наставници, инженери и експерти за компјутерска технологија од земјите во развој работат во Европа.

*Дали е морално и дали може да се одбрани одливот на мозоци кои Европа ги добива од оние земји каде овие луѓе се навистина потребни?*



### Бесплатно образование

Таргет 4.1 од четвртата цел од ЦОР –До 2030 да се осигура бесплатно основно и средно образование за сите.

*Дали е ова навистина добра идеја? Дали луѓето повеќе ги вреднуваат работите кога плаќаат за нив?*



### Образование за човекови права

„Секој поединец и секој општествен орган, имајќи ја во предвид Универзалната декларација, ќе настојува, преку учење и образование, да го промовира почитувањето на овие права и слободи.“ – Генерално Собрание при ОН.

*Кои „општествени органи“ се најефективни во испорачувањето на ОЧП?*



**Глобализација & образование**

Глобалните синџири ги присилуваат фирмите во земјите во развој да се специјализираат во одредени функции, на пример, изработка на облека во фабрики, каде за работното место е потребен само мал тренинг и образование.

*Дали глобализацијата ја поткопува вредноста на образованието?*



**Мир & образование**

Образованието за мир треба да биде дел од наставната програма во формалното образование. Не е доволно да се најде само во неформални образовни рамки.

*Како би го вклучиле образованието за мир во формалната наставна програма?*



**Интернет & образование**

Во многу земји, информатичката технологија е клучен дел од образовниот процес, суштинска во истражувањето и за домашните задачи.

*Ако секое дете во светот има пристап до компјутер, каков потенцијал би се отклучил? Кои проблеми би можеле да се решат?*



**Спорт & образование**

Спортот секогаш треба да биде во училишната наставна програма. Тој учи за многу работи кои не можат да се научат во другите предмети. Спортот е суштински за целосен развој на телото и умот.

*Дали се согласувате или дали и на други предмети треба да им се даде приоритет, на пример, технологија и обука за вештини?*



**Универзитет (високо и понатамошно) образование**

Таргет 4.3 од четвртата цел од ЦОР-до 2030 да се обезбеди еднаков пристап до достапно и техничко, стручно и терцијарно образование.

*Кои мерки треба да се преземат за да се обезбеди „еднаков пристап“ и да е „достапно“ во пракса?*



**Социјално исклучување & образование**

Во некои европски земји, ромските деца автоматски се ставаат во одделенија за деца со психички пречки, со самиот факт дека се Роми. Во други земји, тие се ставаат во одделни и инфериорни училишта или училници, наменети за Ромите.

*Кој е најдобриот начин за интегрирање на ромските деца во образовниот систем?*



**Животна средина & образование**

Животниот стил на многу луѓе во европските земји е неодржлив. Ако луѓето донесат одлука за тоа како да го променат нивниот животен стил, тие треба да ги разберат еколошките врски, економијата и политиката.

*Како би го вклучиле образованието за одржливост во наставната програма?*



**Доживотно учење**

Неписменоста кај возрасните е голем проблем во многу земји. Една од целите на Образовниот форум е 50% подобрување на ниво на описменување на возрасни до 2015.

*Дали е разумно да се вложуваат пари во програми за описменување на возрасни отколку во инвестирање во иднината и вложување во основното образование?*



**Дисциплина & Образование**

Училиштата во различни земји користат различни начини да обезбедат дисциплина. Методите вклучуваат телесно казнување, суспендирање, дополнителна работа, истерување и учество во советот на училиштето/колеџот.

*Според вас, кој е најдобриот пристап, кој ја гарантира дисциплината?*



**ХИВ/СИДА & Образование**

„Првата добиена битка во војната против сидата е битката која го сруши ѕидот на молкот и стигмата во врска со неа.“ (Кофи Анан)

*Каква улога би требало да играат образовните институции во борбата против ХИВ/СИДА?*

Демократија

Граѓанство и учество

Општи човекови права

Ниво 2

Која било

60 минути

# Избори

*Колку сте убедливи?*

**Теми**
• Демократија
• Граѓанство и учество
• Општи човекови права

**Ниво на сложеност**
Ниво 2

**Големина на групата**
Која било

**Време**
60 минути

**Преглед**
Оваа активност се базира на дискусија и укажува на:
• Права и одговорности поврзани со демократијата;
• Демократска дискусија.

**Поврзани права**
• Право да се учествува во влада и на слободни избори;
• Слобода на мислење и изразување;
• Слобода на мислата.

**Цели**
• Да се разгледаат некои контроверзни аспекти на демократското општество;
• Да се вежбаат и да се развиваат вештини за слушање, дискусија и убедување;
• Да се поттикне соработка и отвореност.

**Материјали**
• Отворен простор, долг ѕид и 2 стола;
• Хартија (А4 формат), фломастери за изработка на знаците;
• Селотејп;
• Мали парчиња хартија и пенкала за правење забелешки (по избор).

**Подготовка**
• Направете два знака – „се согласувам" и „не се согласувам" – и залепете ги на спротивните страни од долгиот ѕид. Обезбедете доволно простор за луѓето да можат да се наредат во права линија.
• Ставете два стола во средината на просторијата, оддалечени 50 цм еден од друг, и доволно простор околу нив за слободно движење на луѓето.
• Одберете една изјава од предлозите, дадени подолу, или најдете некоја своја.

## Инструкции

1. Покажете ги двата знака, на спротивните страни од ѕидот, и објаснете дека ќе прочитате една изјава, со која тие можат да се согласат, повеќе или помалку.
2. Прочитајте ја одбраната изјава.
3. Кажете им на луѓето да застанат до еден од ѕидовите, помеѓу двата знака, согласно со тоа „колку" се согласуваат или не се согласуваат: ако тие се согласуваат или не се согласуваат целосно, тие треба да стојат на еден од краевите; инаку, тие би требало да стојат некаде помеѓу двете точки.
4. Кога луѓето ќе ја заземат нивната позиција на линијата, повикајте ги двајцата, кои стојат на двете најоддалечени точки, да седнат на двата стола во средината на просторијата. Останатите треба да се соберат околу столовите, заземајќи позиција зад личноста со чиј став „најмногу" се согласуваат; или пак, може да застанат во средина, ако не можат да се одлучат.
5. Дајте им по една минута на луѓето кои седат на столовите за да објаснат зошто се согласуваат

или не се согласуваат со конкретната изјава. Никој не треба да ги прекинува или да им помага. Сите треба да слушаат во тишина.
6. На крајот од минутата, замолете ги останатите од групата да се придвижат или позади едниот или позади другиот говорник (тие не можат да останат неодлучни), така што ќе има една група луѓе кои се „за“ изјавата и една група кои се „против“ изјавата. Дајте им на групите десет минути, одделно едни од други, за да ги подготват аргументите за поддршка на нивната позиција и да одберат некој кој ќе ги презентира овие аргументи.
7. На крајот од десетте минути, повикајте ги назад групите и поканете ги двајцата нови говорници да седнат на двата стола со нивните „поддржувачи“ околу нив.
8. Дајте им по три минути на оние кои ќе говорат да ги претставуваат нивните аргументи, а до крајот на ова време, поддржувачите на едната или другата страна можат да ја сменат позицијата и да преминат во спротивната група, доколку аргументите на спротивната група се поубедливи.
9. Дајте им на групите наредни пет минути за да работат на нивните аргументи и да одберат трет говорник. Повторно, после излагањата, дозволете им на луѓето да ја сменат нивната позиција, доколку сакаат.
10. Соберете ги сите заедно за резимирање.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**19 септември**
**Ден на правото на глас**

## Резимирање и евалуација

Сега преминете на рефлектирање на процесот и целта на дискусијата, како форма, како и за причините за вреднување на плуралистичкото општество. Обидете се да не навлегувате во дискусија за самото прашање.

- Дали некој се предомисли во текот на дискусијата? Ако се предомисли, кои беа аргументите кои го убедија?
- Дали луѓето мислат дека освен вистинските аргументи врз нив влијание имаат некои работи, како на пример, притисокот од врсниците, емоционалниот говор или чувството на ривалство?
- За оние кои не го сменија нивното мислење во текот на дискусијата, дали имаше некоја цел во зборувањето за овие прашања? Можат ли тие да замислат некаков доказ кој би можел да ги убеди за да го сменат нивното стојалиште?
- Зошто луѓето се држат до различни мислења? Што би требало да се направи за ова во едно демократско општество?
- Треба ли сите мислења да се толерираат во демократијата?
- Какво е чувството да си претставуван во дискусиите од страна на некој друг и обратно, какво е чувството да бидеш говорник и да треба да го пренесеш мислењето на твоите поддржувачи?
- Какво е чувството да бидеш претставуван во политичкиот живот на локално и национално ниво? Или во организациите и здруженијата на учесниците (или во одделението/класот на училиште)?
- За кои човекови права се работи во оваа активност?

## Совети за обучувачите

Првиот дел од оваа активност, кога учесниците заземаат позиција во линија, не би требало да трае повеќе од неколку минути. Поентата на ова е да се воспостават „почетните позиции“ на луѓето и тие самите да видат каде стојат во споредба со другите.

Целта на активноста е да се вежбаат вештините за комуникација и убедување, а во исто време и да размислуваат низ прашањата. Според тоа, учесниците би требало да се поттикнуваат да мислат не само за содржината и презентацијата на нивните мислења, туку и за типот или формата на аргументите кои ќе бидат најубедливи за луѓето од другата страна. Тие имаат за цел да привлечат колку што е можно повеќе луѓе во нивната „партија“. Тие можат да го искористат краткото време помеѓу двата „говори“ за да ја земат во предвид позицијата на опозицијата и да размислуваат за начините со кои можат да ја ослабат.

Вие можете да имате и други теми, освен предложените подолу, кои би можеле добро да се искористат како основа за дискусија. Важна работа е да се одбере изјава која ќе биде контроверзна за вашата група.

Имајте предвид дека се потребни 30 минути за дискусија на една изјава, минувајќи ги сите кругови на дискусијата. Ако сакате да користите повеќе изјави, мора да дадете и повеќе

време.

Пожелно би било да се има флексибилност за точниот ред на настаните, во зависност од силата или слабоста на групата, како и од живописноста на дискусијата. На пример:

- Вие можеби сакате да додадете еден или два интервали за да можат групите да ги подготват аргументите, така што и различните говорници ќе имаат можност да ги презентираат нивните гледни точки.
- Ако веќе сте ја извеле оваа активност со групата – или и да не сте ја извеле – вие можете да имате и изненадување, така што ќе го менувате начинот на кој првите говорници се одбираат. На пример, можете да ги изберете двајцата, трети по ред, од секој крај.
- Вие можете да одлучите, во еден од интервалите за подготвување на аргументите, да ги замолите „поддржувачите“ на секој говорник да работат со говорникот на спротивната група - со други зборови, да подготват аргументи против позицијата која тие ја поддржуваат. Ова може да биде добар начин да ги поттикнете луѓето да размислат за спротивните гледни точки и може да обезбеди интересна варијација доколку луѓето не ги сменат страните воопшто.

Вие можете да им дозволите на говорниците да имаат парче хартија, во големина на разгледница, со кратки белешки за потсетување на различните аргументи и за да можат да погледнат додека зборуваат.

Вие можете да го покренете прашањето дали „плурализмот“ или слободата на изразување би требало да се предмет на некакво ограничување во едно толерантно општество: дали фашистичките или националистичките демонстрации треба да се забранат, на пример?

## Предлози за идни активности

Ако сте заинтересирани за идни активности во врска со тоа дали мислењата се формирани или се менуваат, особено од страна на медиумите, можеби ќе сакате да ја погледнете активноста „Насловна страница”, на страница 185.

Ако сакате и понатаму да размислувате за врската помеѓу мислењата до кои луѓето се држат и претставите или сликите кои тие ги имаат за светот, можеби ќе сакате да ја реализирате активноста „Cultionary“ од Образовниот пакет „Сите различни – сите еднакви“.

## Идеи за акција

Ако ја одберете изјавата со гласањето, можеби ќе сакате наредна активност со истражување на навиките за гласање во вашата локална заедница; погледнете ја активноста „Да се гласа или да не се гласа“, на страница 312.

## Понатамошни информации

Денот на правото на глас се одбележува на 19 септември и тоа е ден, кога во 1893, Нов Зеланд им одобри право на глас на жените. Нов Зеланд е првата земја во светот која го примени општото право на глас.

## Прилози

**Изјави за дискусија**

- Ние имаме морална обврска да го искористиме нашиот глас на изборите.
- Ние треба да ги почитуваме сите закони, дури и неправедните.
- Единствените луѓе кои имаат некаква моќ во демократијата се политичарите.
- „Луѓето имаат такви лидери какви што заслужуваат.“
- Граѓаните имаат одговорност да ја контролираат секојдневната работа на владата.
- Слободата на изразување значи дека можеш да кажеш сé што сакаш.
- Нео-фашистичките партии треба да бидат забранети.
- На екстремистите треба да им се забрани јавно да зборуваат.
- Гласањето би требало да биде обврска.
- Не вреди да се гласа за претставниците да седнат во училишниот совет, бидејќи советот само дискутира и донесува препораки; не може да донесе обврзувачки одлуки.

# Борци за права

*Идеалот е она за кое живеам и она кое сакам да го постигнам. И ако треба, идеалот е она за кое сум подготвен да умрам.*

Нелсон Мандела

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Општи човекови права<br>• Медиуми<br>• Граѓанство и учество |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | Која било (мали групи 3-4) |
| **Време** | 60 минути |
| **Преглед** | Оваа активност користи картички со информации за да го поттикне интересот за борците за човекови права. Прашањата, кои ќе се дискутираат, вклучуваат:<br>• Политичка репресија;<br>• Активисти за човекови права во дваесеттиот век;<br>• Борба за правата во различни земји. |
| **Поврзани права** | • Слобода на мислење и изразување;<br>• Право на еднаквост пред законот и право на праведно судење;<br>• Слобода од мачење и деградирачки треман. |
| **Цели** | • Да се стекнат знаења за поединци кои се бореле за човековите права во различни земји;<br>• Да се развиваат вештини за организирање и користење на информации, соработка и групна работа;<br>• Да се промовира почит, одговорност и љубопитност за човековите права. |
| **Материјали** | • Еден комплет од 30 картички за секоја мала група;<br>• Ножици;<br>• Пликови;<br>• По желба: лепило и парчиња леплива хартија за задниот дел на картичките. |
| **Подготовка** | • Уредете го просторот за да можат луѓето да работат во мали групи.<br>• Направете копии од картичките на страница 174, така што ќе имате по еден комплет за секоја мала група.<br>• Исечете го секој комплет од триесет картички, измешајте ги да не бидат по ред, а потоа ставете ги во пликови. Важно е комплетите да се чуваат одделно едни од други! |

Општи човекови права

Медиуми

Граѓанство и учество

Ниво 2

Која било (мали групи 3-4)

60 минути

## Инструкции

1. Замолете ги учесниците да се поделат во мали групи од 3 до 4 луѓе. Поделете по еден комплет картички на секоја група.
2. Замолете ги да ги наредат картичките со сликата надолу.
3. Објаснете дека картичките опишуваат настани од животот на шест активисти за човекови права. Целта на секоја група е да ги поврзат настаните со точниот лик и така да изградат краток

опис за секоја личност.
4. Објаснете дека секој од ликовите е изграден од „комплет од пет“ (на пример, една „А“, една „Б“, една „В“, една „Г“ и една „Д“ картичка).
5. Кажете ѝ на секоја група, во кругови, да избира по една картичка, сé додека не се потрошат картичките.
6. Дајте им на луѓето неколку минути да ги прочитаат нивните картички во тишина.
7. Потоа ослободете ги… Дозволете ѝ на секоја група да смисли свои стратегии за градење на личностите. Ним ќе им требаат околу 15-20 минути во оваа фаза.
8. Соберете ги сите заедно и замолете го претставникот од групата да ја претстави, со свои зборови, една од личностите. Потоа, истото повторете го со останатите групи, така што секоја личност ќе биде целосно претставена, а секоја група ќе може да провери дали тие точно ги споиле „деловите“.

## Резимирање и евалуација

1. Колку беше лесна оваа вежба и кои стратегии ги употребија групите за да ги наредат комплетите од картички?
2. За кого од личностите луѓето веќе имаа слушнато, а кои личности беа нови? Зошто за некои ништо не слушнале, додека, пак, другите им беа добро познати?
3. Беа ли луѓето изненадени од некои информации? Што беше за нив најшокантно или најимпресивно?
4. Замолете ги луѓето да одберат цитат со кој тие се идентификуваат: како тие би се однесувале доколку би се нашле во истата позиција како оваа личност?
5. Кои човекови права ги барале различните „борци“?
6. Дали „хероизмот“ е несоодветен начин на дејствување за одбрана на човековите права? Кои акции се достапни за луѓето кои се жртви на кршењето на човековите права?

## Совети за обучувачите

Постојат достапни информации во изобилство за секоја од овие личности, како и кратки биографии, кои нудат површни (и субјективни) перспективи за темата. Постојат стотици активисти за човекови права кои ги има на листата. Погледнете на http://www.universalrights.net/heroes/

Ако одлучите да ги искористите примерите од *Компас*, но мислите дека личностите се далечни за младите луѓе со кои работите, тогаш започнете со една кратка воведна активност. Земете слики од четири или пет познати амбасадори од ОН, кои се добро познати во вашата земја, залепете ги портретите на големи листови хартика и ставете ги на ѕидот. Замолете ги членовите на групата да ги именуваат и да кажат што прават тие како амбасадори на ОН.

Секако, треба да се напомене дека луѓето не треба да чувствуваат „притисок“ за што и да е. Постојат многу начини на борба за човековите права, па и различни поединци ќе одберат различни патишта, согласно со нивните верувања и способности, на пример, работа во невладини организации, или организирање петиции или насочување на лобирањето.

## Варијации

Дајте ѝ на секоја група празна картичка и замолете ги да напишат кратка биографија за еден борец за човекови права по сопствен избор. Потоа замолете ги групите да си ги заменат картичките и да погодуваат за кој „борец’ пишувала другата група. Ако ја правите оваа варијација, бидете подготвени за изненадувања, бидејќи борците можат да вклучат познати личности и музички ѕвезди. Вие треба да ги прифатите сите предлози и да ставите акцент на она за што тие се бореле и го постигнале. Поканувањето на останатите учесници да коментираат може да биде добар пристап во случај ако не се согласувате со дадениот запис на личноста во врска со човековите права.

КЛУЧЕН ДАТУМ

**10 декември**
**Ден на човековите права**

## Предлози за идни активности

Препорачливо е да се обидете да реализирате идни активности после оваа активност преку поттикнување на луѓето да најдат и некои други активисти за човекови права, така што тие ќе развијат чувство за личностите, кои низ историјата, придонесле во борбата за човекови права. Групата би можела да организира сопствена „галерија со портрети“ од активисти за човекови права. Дадените шест во оваа активност можат да се искористат како почетна точка: фотографиите можат да се залепат на парчиња хартија заедно со цитати и кратки биографии, а потоа да се прикажат во собата. Од секој член на групата се бара да најдат податоци за други личности и да ги додадат во галеријата со портрети. Шесте личности кои беа овде претставени воделе кампањи во областа на граѓанските и политичките права, но вие може да го проширите рангот на правата и да вклучите социјални и економски права. Чико Мендес би можел да биде еден пример.

Во граѓанското општество постојат неколку начини за изразување на мислење и борење за правата. Ако сакате поблиску да ги разгледате, можете да ја направите вежбата „Поврзување“, на страница 229.

Можеби треба да знаете за ситуации во кои вие сами ќе треба да ги одбраните вашите права. Ако е тоа така, оберете играње на улоги „Погоди кој доаѓа на вечера“, во едукативниот пакет „Сите еднакви-сите различни“, каде се поставува сцена во која ќе истражувате што би можело да се случи ако доведете „несоодветно“ момче/девојка во вашиот дом за да ги запознае вашите родители.

## Идеи за акција

Дознајте повеќе за некои сегашни политички затвореници или активисти, на пример, оние кои Amnesty International ги обележа како „Затвореник на совест“. Напишете писмо или организирајте кампања за да ги информирате луѓето за овој затовореник и направете притисок врз значајните индвидуалци за да го ослободат него/неа.

## Понатамошни информации

Одделот на Amnesty International во Велика Британија има направено сопствен историски ѕиден приказ за бранителите на човековите права, кој може да се порача преку нивната веб-страница: http://www.amnesty.org.uk

## Прилози

### Картички за дискусија

| | |
|---|---|
| **А**<br>„Се борев против доминацијата на белците и се борев против доминацијата на црните луѓе. Го славев идеалот на демократско и слободно општество, во кое, сите луѓе живеат заедно во хармонија и со еднакви можности. Идеал е да се живее и да се постигне тоа. Но, ако е потребно, идеалот е она за кое сум подготвен да умрам.“<br>Нелсон Мандела | **А**<br>„Како резултат на одредени болни, но истовремено и утешителни средби, видов како од длабочините на моралното дивјаштво наеднаш се појави крик: „Тоа е мојата грешка“ и како со тој крик болниот повторно го стекна правото себеси да се нарекува човечко суштество.“<br>Евгенија Гинзберг |
| **Б**<br>Роден/ае во село близу Умтата и бил/а избран/а за претседател на Јужноафриканската Република на првите демократски избори во таа земја, на возраст од 76 години. Дотогаш, но и потоа, неговиот/нејзиниот живот бил посветен на | **Б**<br>Роден/а е во 1906 во Русија и умрел/а во Москва во 1977. Работел/а спокојно како учител/ка и новинар/ка сé додека не бил/а прогласен/а како терорист од страна на сталинистичкиот режим во едно лажно судење. Поминал/а 18 години во |
| **В**<br>борбата против апартхејдот, расистичкиот систем преку кој поранешната бела влада го угнетувала мнозинското црнечко население. Тој/таа бил/а подложен/а на разни форми на репресија: забрана за учество на состаноци, бил/а принуден/а да се крие и конечно бил/а | **В**<br>сибериски затворски логор во застрашувачки услови, бидејќи одбил/а да ги обвини луѓето за делата што не ги сториле. Првата година ја поминал/а во самица, во влажна ќелија, со забрана да зборува, вежба, пее или да лежи во текот на денот. Подоцна бил/а |
| **Г**<br>уапсен/а и осуден/а на доживотен затвор на возраст од 44. Тој/таа поминал 28 години од неговиот/нејзиниот живот зад решетки, далеку од неговото/нејзиното семејство и деца. | **Г**<br>испратен/а од еден во друг сибирски работен логор, вклучувајќи ја и казната за помагање на друг затвореник, од кој само неколку луѓе се вратиле живи. |
|  |  |

| | |
|---|---|
| **А**<br>„Јас сонувам дека еден ден оваа нација ќе го исполни и ќе го доживее вистинското значење на нејзиното уверување: „Овие вистини сами по себе се точни: сите луѓе се еднакво створени.“ Сонувам дека еден ден моите деца ќе живеат во држава каде нема да им се суди заради бојата на кожата, туку според нивниот карактер.“<br>Мартин Лутер Кинг | **А**<br>„Ненасилството е најголемата сила што човештвото ја има на располгање. Тоа е помоќно и од најмоќното оружје за уништување, создадено од човекот.“<br>Махатма Ганди |
| **Б**<br>Роден/а е во Атланта, Џорџија, во 1929, кога законот пропишувал црните луѓе да седат на посебни места во автобусите, театрите и кината и да пијат вода од посебни чешми каде што не пијат белците. Кога имал/а 28 години учествувал/а во формирањето на | **Б**<br>Роден/а во 1869, од Хинду родители кои живееле во Гуџарат, во време кога Индија уште била британска колонија. Тој/таа водел/а борба за независност и никогаш не се откажал/а од своето убедување во моќта на |
| **В**<br>организација на црквите на црните луѓе, која поттикнувала ненасилни маршеви, демонстрации и бојкоти против расната сегрегација. Организацијата учествувала на протест во Бирмингем, Алабама, каде што стотици распеани деца од школите | **В**<br>ненасилниот протест и верската толеранција и покрај неколкуте апсења и затворања. Кога Индијците употребиле сила еден против друг или против британскиот раџа, тој/таа штрајкувал/а со глад сé додека не прекинало насилството. Тој/таа го водел/а маршот низ Индија, долг 241 милја и |
| **Г**<br>Ги наполниле улиците во знак на поддршка. На полицијата ѝ било наредено да ги растера со кучиња и пожарникари со млазови вода. Тој/таа бил/а уапсен/а и притворен/а. | **Г**<br>ги убедил/а своите следбеници да ја прифатат бруталноста на полицијата и војската без да возвратат. Тој/таа поминал/а вкупно 2338 денови во затвор, неуморно посветувајќи се на мирот. |
|  |  |

**А**

“Честопати имам нагон да плачам, но не го покажувам тоа. Ги проголтувам чувствата”. „Кога сонувам, сонувам дека сум назад во Аушвиц“.

Зили Шмит

**Б**

Роден/а во 1924 година во Тиринген, Германија, од Синти, семејство на патувачки изведувачи. Преживувајќи го логорот на истребување - Аушвиц-Биркенау, тој/таа се обврзала да му кажува на светот што му/ѝ било направено

**В**

на Ромскиот народ од страна на нацистичкиот режим. Во 1939 г. Тој/таа била уапсена во Стразбур. „Криминал: Циган/ка“ гласело полициското досие. Тој/таа бил/а испратен/а во затворскиот логор во Лети, во денешна Чешка, но успеал/а да избега. Кратко потоа, бил/а приведен/а. Во март 1943 година била депортиран/а

**Г**

во Аушвиц-Биркенау. Во „циганскиот семеен камп“ гладот, жедта, болестите, насилството и смртта биле дел од секојдневниот живот. Ризикувајќи го животот, тој/таа крадел/а храна и облека за да им помогне на децата и другите во кампот да преживеат. Два пати, неговото/нејзиното име било на списокот за во гасна комора. Сепак, тој/таа два пати избегал/а. Целото негово/нејзино семејство завршило во гасна комора од страна на нацистите.



**А**

„Ах, оваа тажна песна во моето срце ја испраќам на оние кои им помагаат на затворениците. Овие чувства и ужасни маченја во ова темно време никогаш нема да ги заборавам. Оваа моја затворска беда никогаш да не биде нанесена на друго човечко суштество.“

Нгаванг Сангдрол

**Б**

Тој/таа е будистички/а калуѓер/калуѓерка, кој/а верувал/а дека Тибет треба да е независен од Кина и кој/а бил/а затворен/а, прв пат, на 10 години од страна на кинеските власти. Неговата/нејзината вина лежи во тоа што учествувал/а

**В**

на мирни демонстрации за независност на Тибет. Повторно бил/а уапсен/а на возраст од 15 години и казнет/а на 3 години затвотр. Казната била продолжена, бидејќи тој/таа пеел/а песни за независност во затворот, а потоа и продолжена на 8 години, бидејќи

**Г**

извикал/а: „Слобода за Тибет“ додека стоел/а на дождот во затворскиот двор. Денес тој/таа има проблеми со бубрезите како резултат на претрпените маченја.



Животна средина

Мир и насилство

Миграции

Ниво 4

Која било (мали групи: 5)

60 минути

# Прсти и палци

*Можеби дојдовме со различни бродови, но сега сите сме во ист чамец.*

Мартин Лутер Кинг, Јуниор

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Животна средина<br>• Мир и насилство<br>• Миграции |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 4 |
| **Големина на групата** | Која било (мали групи: 5) |
| **Време** | 60 минути |
| **Преглед** | Ова е симулација на натпревар за да се пронајде најзелената младинска група. Дали тие ќе бидат искрени или ќе мамат? |
| **Поврзани права** | • Право на еднаквост пред законот;<br>• Право на живот и опстанок;<br>• Право на меѓународен поредок во кој правата и слободите можат да бидат остварени во целост. |
| **Цели** | • Да се развие разбирање за вредноста на соработката и потребата за мониторинг и верификација на договорите;<br>• Да се изградат вештини за соработка;<br>• Да се промовира чувство на правда и чесност. |
| **Материјали** | • Копии од листот со инструкции, по еден за група;<br>• Копии од листот за поени, по еден за група;<br>• По едно пенкало во група за оној кој ги запишува поените;<br>• Простор за работа во мали групи. |

## Инструкции

Наместете ја сцената: Постои натпревар за да се пронајде најзелениот младински клуб во градот (или училиште или одделение/клас).

Секој учесник претставува различна младинска група и ова е плеј-оф кој ќе покаже кој оди во наредната фаза од натпреварот. Целта е да се освојат најмногу можни поени.

1. Замолете ги учесниците да се поделат во 5 групи и да седнат во мали кругови.
2. Четворица се претставници од четири младински клубови, кои се натпреваруваат, а еден ги запишува поените. Објаснете дека оној кој запишува, исто така, е и судија и одговорен за давањето сигнал за почеток на наредниот круг. Тој/таа е одговорен/а за пополнување на листот за поени и треба да внимава дека сите ги почитуваат правилата.
3. Замолете ја секоја група да одлучи кој ќе ги запишува поените.
4. Поделете го листот со инструкции на оние кои ќе ги запишуваат поените во секоја група. Замолете ги да им го прочитаат во групата, така што играчите ќе знаат како да играат и сите ќе ги разберат правилата за оценување. Поставете го листот онаму каде што сите можат да го видат, во случај да сакаат да се потсетат во врска со давањето поени.
5. Кога групите се готови, тие можат да започнат со играње во првиот круг. Ако секому е јасно што треба да се прави, тогаш натпреварот може да почне.
6. Кога сите групи ќе ги изиграат сите 10 кругови, замолете ги оние кои ги пишуваа поените, да го соберат вкупниот резултат на групата и да ги прибележат највисокиот и најнискиот поединечен резултат. Потоа, преминете на резимирање и дискусија за тоа како помина играта и што научија тие, прво, во нивните мали групи, а потоа и пленарно.

## Резимирање и евалуација

Во малите групи замолете ги учесниците да размислат:

• Кој доби најмногу поени? Како игравте за да победите?

• Кој доби најмалку поени? Како се чувствувате?

• Дали некој се чувствува измамено? Зошто?

• Дали направивте некакви договори пред петтиот, осмиот и десеттиот круг? Што се случи?

• Дали некој го прекрши договорот? Зошто?

Пленарно:

• Замолете ги оние кои ги запишуваа поените да ги соопштат највисоките и најниските индивидуални резултати и вкупниот резултат на групата. Јасно прибележете ги овие бројки на флип-чарт.

• Кои групи остварија највисок вкупен резултат? Дали беа оние групи во кои играчите соработуваа или пак оние групи во кои играчите мамеа?

• Како оваа игра е поврзана со реалноста? Дајте конкретни примери!

• Кога луѓето се согласуваат да преземат акција за заштита на животната средина, како можеме да бидеме сигурни дека сите играчи играат праведно?

• Дали има некаква смисла една група да биде „најзелената“ на сметка на другите?

• Една од причините за неуспехот на политичарите да го постигнат договорот за емисиите на CO2 на COP 15 Климатска конференција, во 2009 година, беше дека земјите не можеа да се договорат за верификацијата. Можеби би помогнало доколку тие направеа „еден чекор назад“ од фокусот врз практичните детали и да погледнеа кои човекови права се прекршени? Зошто?

COP 15 е кратенка за 15 Конвенција на државите во рамките на Конвенцијата за климатските промени при Обединетите нации (UNF-CCC). Уште позната како Конференција за климатски промени при Обединетите нации, 2009.

• Во врска со промената на климата, чии права се најмногу засегнати? Кои права се прекршени?

• Да се има во предвид, во врска со промената на климата, сиромашните народи повеќе страдаат, а богатите народи го предизвикуваат проблемот. Што мислите, дали постои праведен начин за да се реши проблемот?

• Зголемувањето на лошите временски периоди, последица од промената на климата, значи дека милиони луѓе ќе останат без своите домови. Како вашата земја би требало да одговори на ова?

• Дали образованието за човекови права има улога во борбата против промената на климата: Ако има, како?

## Совети за обучувачите

Резултатот од играта ќе биде дека групите, во кои играчите соработуваа, ќе имаат највисок групен резултат. Оние групи, во кои некој мамел, ќе добијат понизок, вкупен, групен резултат; со други зборови, поединецот може да го постигне најдоброто за себе, но за сметка на другите. Поентата, која треба да се научи, е дека доколку луѓето соработуваат, тие и ќе победат.

Кога се дискутира за слабоста на доброволните договори, како и за и против насоките и законите од владата, можете да ги прашате учесниците што мислат за информативните кампањи за поддршка од гласачите, кои можеби се непопуларни, но се неопходни мерки. Размислете за овој пример: пред неколку години, групата Tidy Britain водеше кампања „Моето мало фрлено хартивче нема да направи некаква разлика“. Тие покажаа улична сцена со расфрлани обвивки од чоколатца и на многу од нив беше напишан слоганот „Јас не правам некаква разлика“. Што би помислиле кога би го виделе овој постер?

• Ако направам напор и си го однесам ѓубрето дома, тогаш улиците би биле малку почисти и тоа може да биде добар пример за другите. (Тоа е како 1 палец и 3 прсти.)

• Ако тоа го направат неколкумина, нема да има некоја значајна разлика, доколку другите луѓе го зголемат количеството на ѓубре кое го фрлаат. (2 прсти и 2 палци)

• Ако можеме да ги убедиме повеќето луѓе да се грижат, тогаш улиците би биле почисти. Сепак, секогаш ќе има некои кои ќе фрлаат ѓубре, но ќе имаат корист од напорите кои ги вложуваат другите. Зошто тие да уживаат во „бесплатното возење“? (3 палци и 1 прст)

• Зошто јас би го правел тоа, кога никој друг не сака? (4 прсти)

Овој пример подеднакво може да се однесува и на „мојата малечка кола нема да

направи некаква разлика (за намалување на емисијата на CO2) или „користењето на машината за сушење алишта нема да направи некаква разлика (заштеда на енергија). Вие треба да најдете пример со кој, луѓето од вашата група, лесно ќе се поврзат.

Во многу градови постојат казни за фрлање ѓубре и кога вашето куче го валка тротоарот; тогаш волонтерската акција не важи. Треба да постои некаков вид на регулатива. Една клучна слабост на Спогодбата од Копенхаген, резултат од самитот COP15, беше тоа што не беа вклучени јасно-одредени методи за мониторинг и верификација на емисиите на CO2.

## Предлози за идни активности

Групата можеби ќе сака да ја земе во предвид ефективноста на различните видови на санкции и казни за оние кои не ги почитуваат правилата во домот, на училиште, во младинската група или локалната заедница. Кои се најдобрите начини да ги натераат луѓето да ги почитуваат правилата?

Предложете им на учесниците дека најдобриот начин да се оствари највисокиот резултат е да им се нареди на сите да играат со палците. Во вистинскиот свет, како паралела, владата да им нареди на сите да престанат со возењето коли (за да се редуцира емисијата на CO2), да гледаат ТВ максимум еден час во денот (за да заштедат струја), да купуваат максимум по еден технолошки уред, на пример, мобилен телефон, дигитален музички плеер или конзола за видео игри на секои три години (за да се зачуваат ресурсите) и да преминат во вегетаријанство (поголема искористеност на земјата, помалку CO2 и помало производство на NOx од животински ѓубрива). Може ли групата да најде примери од легислативата, која има ефект кога на сите ќе им се каже дека тие мора „да играат со прстите“? (Регулирањето на сообраќајот може да биде само една илустрација.). Замолете ја групата да размисли дали овие примери ги кршат човековите права? Кои и како?

Активноста „Трка за богатство и моќ“, на страница 269, е уште една симулација која ги третира неправдите кои произлегуваат од нерамноправното делење на ресурсите. Ако сакате да ја истражувате рамнотежата на природата и како ние ја уништуваме, обидете се со активноста „Мрежа на животот“, на страница 326.

## Идеи за акција

Можеби групата сака да го идентификува локалниот проблем со животната средина и да им се придружи на другите за да се направи притисок врз локалните политичари и тие да почнат да дејствуваат.

Ако групата е заинтересирана за меѓународна политика, тие можеби ќе сакаат да го разгледаат примерот на неуспешно постигнување на договор на COP15 и како да се промовира доверба и разбирање помеѓу народите.

Потребата за акција за климатските промени е најнеодложен предизвик со кој во моментот се соочува човештвото. Наведете ја групата да размислува што можат тие да сторат за да се редуцира емисијата на CO2 лично, локално, на национално и меѓународно ниво. Започнете на www.footprintdiary.com, на мобилен телефон и веб-апликација, давајќи информации за последиците од климатските промени и да им се помогне на корисниците да дејствуваат според нивното лично користење.

## Понатамошни информации

Транспарентноста беше главна тема на COP 15 пред да пристигнат меѓународните лидери на сцената за време на последните конференциски денови. На поранешниот COP, договорен беше принцип дека редукцијата на емисијата на штетни гасови во земјите во развој би требало да биде „мониторирана, да се дава извештај за неа и верификувана“ – или кратко кажано MRV (мониторинг-извештај –верификација). Овој концепт особено бил применуван во „Соодветните национални мерки за ублажување“, кои земјите во развој ги преземале доброволно, па според тоа интересот да се поседуваат најголемите емитери во индустријализираниот свет, особено во Кина и Индија, поставува цели и се согласува со режимот за мониторинг и верификација.

Овој неуспех околу согласноста за праведен процес на мониторирање ја илустрира комплексноста на проблемот, особено во врска со правдата и еднаквоста. Дел од опозицијата на земјите во развој, особено Кина, сметаа дека предлогот беше крајно неправеден, бидејќи

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**5 јуни**
**Ден на животната средина**

Доброволната акција не е залудна; подобро е да се прави нешто, отколку да не се прави ништо, а вашиот пример може да го води патот.
Ова е основата на иницијативата WWWs Climate Savers. Целта е да се убедат компаниите да ги намалат нивните јаглеродни емисии.
http://www.worldwildlife.org/climate/business.html

Оваа активност е преземена од „Ајде да гоземеме светот во наши раце“ cWoodcraft Folk, 1993

нивните емисии, по глава на жител, се помали од оние на развиените земји, а со тоа, тие имаат и поголема вина за проблемот и треба да преземат поголема одговорност за редуцирање на емисиите.

Фондацијата Environmental Justice прави директен линк помеѓу потребата за сигурност на животната средина и одбраната на основните човекови права. http://www.ejfoundation.org

## Прилози

### Лист со инструкции

Целта на играта е да се победи со најмногу можни поени.

Како да ја играте оваа игра:
• На даден знак од оној кој го запишува резултатот, испружете ја право вашата дланка со прст кој покажува или со палецот нагоре. Во секој круг мора да играте или со „прст" или со „палец".
• Вие не смеете да комуницирате со другите натпреварувачи во кое било време, освен пред петтиот, осмиот и десеттиот круг.
• Мора да ги изиграте сите 10 кругови.

### Како се оценува

Ова зависи од комбинацијата на „прсти" и „палци" која ќе ја одиграат натпреварувачите.
• Ако сите 4 натпреварувачи играат „палци", тогаш секој играч добива +1 поен.
• Ако тројца играчи играат „палци", а еден игра „прст", тогаш на оние кои играле „палци" им се одзема 1 поен, а играчот кој играше „прст" добива +3 поени.
• Ако двајца играчи играат „прсти" и двајца играчи играат „палци", тогаш на оние со „палците" им се одземаат 2 поени, а на оние со „прстите" им се додаваат +2 поени.
• Ако еден играч игра „палец", а останатите тројца играат „прсти", на „палецот" му се одземаат 3 поени, а на „прстите" им се додава +1 поен на секој.
• Ако сите играчи играат „прсти" тогаш секој од нив добива -1 поен.
Ова е напишано во табелата подолу (комбинација на прсти и палци и индивидуален резултат):

| Палец Палец<br>Палец Палец | Палец Палец<br>Палец Прст | Палец Палец<br>Прст Прст | Палец Прст<br>Прст Прст | Прст Прст<br>Прст Прст |
|---|---|---|---|---|
| +1 +1 +1 +1 | -1 -1 -1 +3 | -2 -2 +2 +2 | -3 +1 +1 +1 | -1 -1 -1 -1 |

Круговите 5, 8 и 10 се бонус кругови. Ќе добиете дополнителни поени, како што е наведено:
Круг 5 –вашиот резултат за тој круг помножен со 3
Круг 8 –вашиот резултат за тој круг помножен по 5
Круг 10 - вашиот резултат за тој круг помножен по 10
После секој круг, оној кој го запишува резултатот пополнува во листот за поени.

| Лист за поени | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на играчот | | | | |
| Круг | | | | |
| 0 (пробен круг) | | | | |
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | | | | |
| 5 (резултатот x 5) | | | | |
| 6 | | | | |
| 7 | | | | |
| 8 (резултатот x 5) | | | | |
| 9 | | | | |
| 10 (резултатот x 10) | | | | |
| Вкупно поени , кругови 1-10 | | | | |

# Моќ на цвеќето

*Сите цвеќиња на сите утрешнини се во семињата на денешнината.*

Индиска поговорка

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Општи човекови права<br>• Вероисповед и убедување<br>• Деца |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | Која било (мали групи: 3-4) |
| **Време** | 80 минути |
| **Преглед** | На крајот од оваа активност ќе имате ѕид со цвеќиња кој ќе ја претставува разновидноста на групата. Оваа е креативна активност која води кон дискусија за општите човекови права: кои се тие, зошто постојат и како треба да ги заштитуваме. |
| **Поврзани права** | • Сите |
| **Цели** | • Да се развие разбирање за поврзаноста помеѓу човековите потреби, личната благосостојба и човековите права;<br>• Да се развијат вештини за размислување и анализирање;<br>• Да се развие солидарност и да се почитува разновидноста. |
| **Материјали** | • Празен ѕид со доволно простор за да се постават сите цртежи;<br>• Копии од прилогот, по еден за секој учесник;<br>• По еден молив за секој учесник; гуми за бришење, фломастери во боја;<br>• Селотејп за лепење на цртежите;<br>• Флип-чарт и фломастери. |
| **Подготовка** | Фотокопирајте по еден лист со прилогот, за секој учесник. |

Општи човекови права

Вероисповед и убедување

Деца

Ниво 2

Која било (мали групи: 3-4)

80 минути

## Инструкции

Објаснете дека оваа активност ќе се развие во дискусија за човековите права, но тие ќе започнат да размислуваат што значи да се биде човек.

**Прв дел. Идентификување што значи да се биде комплетен човек**

1. Објаснете дека за некој да се чувствува како комплетен човек, потребно е неговите потреби да бидат исполнети. На пример, за основен живот, нам ни се потребни храна и вода, сон и воздух за дишење. Исто, нам ни е потребна сигурност: лична и финансиска, како и добро здравје. Нам ние потребна љубов и припадност: пријателство, интимност и семејство. Потребно ни е почитување: да се чувствуваме прифатени и ценети од другите и да чувствуваме дека можеме да го развиеме нашиот целосен потенцијал и да се чувствуваме целосно исполнети.

2. Кажете им на учесниците да нацртаат цвеќе за да ги претставаат нивните потреби како човечки суштества. Цвеќињата треба да имаат осум ливчиња:
    - Основни потреби
    - Лична сигурност
    - Финансиска сигурност
    - Здравје

• Пријателство
• Семејство
• Почит
• Лично исполнување

Големината на ливчињата на цветот треба да одговара на важноста на осумте потреби во овој период од нивниот живот. Нацртајте еден пример на флип-чарт, додека објаснувате, но нагласете дека тоа е само пример; цвеќето на секој учесник ќе биде различно од цвеќињата на останатите.
3. Дајте им хартија, моливи и фломастери во боја. Замолете ги учесниците да го нацртаат нивното цвеќе на средина од листот, оставајќи простор околу. Објаснете дека нема точно или грешно, добри или лоши „одговори“; секое цвеќе ќе биде уникатно. За да ги мотивирате луѓето, кажете им да не ставаат име на листот. Дајте им десет минути за овој дел од активноста.
4. Сега, замолете ги учесниците да размислат за условите кои мора да постојат за да цвета цвеќето, а тие да бидат комплетни човечки суштества. Замолете ги да нацртаат лисја околу цвеќето за да ги претстават овие услови и да ги запишат клучните зборови на лисјата. Дозволете десет минути за ова.
5. На крајот, замолете ги учесниците да ги залепат нивните цртежи на ѕидот за да направат изложба.

**Втор дел. Поврзување на човековите потреби со човековите права**
6. Дозволете им на учесниците да ги погледнат цвеќињата. Потоа кажете им да се поделат во мали групи од 3-4 и замолете ги да дискутираат на следните прашања:
• Дали постојат врски помеѓу човековите права и цвеќињата и листовите? Ако има, кои се врските?
• Дали човековите права се важни? Зошто?
• Што значат зборовите „човекови права“ за вас?
Сега побарајте од секоја група да даде повратна информација, а потоа преминете на резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

Започнете со краток преглед на активноста, а потоа преминете на резимирање на дискусиите во малите групи и откријте што научиле учесниците за човековите права:
• Дали уживавте во активноста? Зошто? Зошто не?
• Дали беше тешко да се одлучите за големината на ливчињата од цветот? Дали сите осум потреби се значајни за исполнет живот?
• Дали има и други потреби кои не се претставени на ливчињата од цветот и дали уште треба да се додадат?
• Дали некој напиша нешто во средината на цвеќето?
• Дали сте изненадени од некои сличности и разлики помеѓу различните цвеќиња на учесниците? Што ви кажува тоа за човековите права?
• Кои се последиците за поединецот ако има уништени ливчиња на цветот?
• Што е потребно за да се заштитат различните ливчиња на цветот? Што напишаа учесниците на лисјата?
• Дали има некаква поврзаност помеѓу напишаното на лисјата и идејата за човековите права?
• Што научивте за сопствениот идентитет како човек? Како е тоа поврзано со човековите права?
• Кои човекови права ни се најпотребни за ние да цветаме и растеме како комплетни суштества (каде живеете)?
• Дали некои човекови права се поважни од другите? За кого? Кога? Каде?
• Зошто е потребно да ги заштитуваме и да ги развиваме човековите права?
• Што можеме најдобро да направиме за да ги заштитиме човековите права?
• Дали има некакви потреби кои не се покриени со постоечките конвенции за човекови права?

## Совети за обучувачите

Нацртаното цвеќе подолу е само еден пример. Важно е да им се нагласи на учесниците дека секој од нив сам одлучува колку големи ќе бидат различните ливчиња на цветот. Боите, кои тие ќе ги изберат за различните делови, исто така, се личен избор.

Не треба да им обрнете внимание за средината на цвеќето; дозволете им сами да размислат дали ќе добијат идеја за нешто што е од суштинско значење во текот на активноста. Слично на тоа, нека размислуваат за повеќе ливчиња на цветот, на пример, културна сигурност, слобода на избор на сите аспекти во животот на поединецот, дистрибутивна правда, учество, идентитет и вероисповед или верба. Во секој случај, истакнете ја врската помеѓу потребата, последицата ако не се исполни потребата, корист ако се исполни потребата и како е заштитена од страна на легислативата и документите за човекови права.

На четвртиот чекор треба да им дадете на луѓето неколку совети. Треба да нагласите дека лисјата создаваат храна за цвеќето, користејќи ја сончевата светлина, водата и јаглеродниот диоксид, а потоа предложете дека некои од работите кои создаваат финансиска сигурност се работата, банкарскиот систем и синдикатите. Секако, можете да го додадете правото на работа, член 23 од Универзалната декларација за човекови права, но пожелно е учесниците сами да ја најдат врската со човековите права.

Важно е да се направи врска помеѓу човековите потреби и човековите права и да се покаже дека човековите права се основа за еден свет каде сите потреби на поединецот ќе бидат задоволени. Можеби ќе сакате да дискутирате со групата за Преамбулата од Универзалната декларација (види страница 464). Таа започнува со концептот на достоинство, еднаквост и неотуѓиви права за сите членови од човековата заедница, како основа за слобода, правда и мир во светот. Таа продолжува со опишување на највисоките аспирации на обичниот човек, како што се слобода на говор, убедување и слобода од страв.

## Варијации

За да се скрати оваа активност, можете да ги направите само чекорите од 1 до 4, а потоа да започнете општа дискусија за човековите права со целата група. Ова може да биде соодветно со младите учесници, за кои може да биде тешко да работат на концептуално ниво. Некои, можеби, нема да ја разберат идејата за цртањето на различни големини на цвеќето за да ги претставаат разликите во степенот на значајноста. Можеби ќе им биде апстрактно и правењето врски со човековите права.

Оваа активност можете да ја проширите замолувајќи ги луѓето да идентификуваат кои човекови права ги заштитуваат човековите потреби, како што е идентификувано за време на активноста. Употребете ја Универзалната декларација, на страница 463.

## Предлози за идни активности

Вие можеби ќе сакате да им креирате проект на учесниците за да дознаат како хронолошки се развивале човековите права и да истражувате што се „новонастанати права“.

Ако учесниците уживале да зборуваат за она што е потребно во нивните животи, тогаш можеби ќе сакаат да ги истражуваат нивните убедувања преку активноста „Верници“, на страница 109. По избор, учесниците можеби ќе уживаат во „Бинго на правата!“, на страница 266, која е еден активен начин да се истражува врската помеѓу секојдневниот живот и човековите права. Ако тие се заинтересирани за новонастанатите права, активноста „Прсти и палци“, на страница 177, изгледа вистинска за животната средина.

## Идеи за акција

Предложете им на учесниците да ја направат оваа активност со нивното семејство, пријатели и колеги и да започнат дискусија за човековите права.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**28 мај**
**Европски ден на соседите**

## Понатамошни информации

Идејата за задоволување на човековите потреби, искористена во оваа активност, е развиена од работата на Маслов, Грифин и Тајрел (Human Givens). Основните потреби се оние кои ни требаат за да го зачуваме телото живо; и сексуалните потреби се вклучени во оваа категорија. Личната сигурност да се има засолниште – дом, „покрив над главата“, како и чувството да се биде безбеден од крадци и банди, војна и терористички напади. Финансиската сигурност значи да се има пари за пристоен животен стандард, како и сигурносна мрежа доклку станете невработени. Здравјето значи добро здравје и достапна здравствена грижа, доколку имате несреќа или се разболите. Пријателството вклучува можности за вклучување во клубови, како и слободен избор на пријатели и партнер за интимна врска. Семејство значи не да сте присилно одделени од вашето семејство. Почит значи да сте почитувани и ценети од другите, заради тоа што сте и заради тоа што го правите. Исполнувањето на сопственииот потенцијал е наречено „само-актуелизација; тоа значи дека вие имате можност да бидете личноста која сакате да бидете, целосно да ги користите вашите способности и самоуверено да се чувствувате во поглед на себе и вашето место во светот.



# Насловна страница

*Најголемата закана за слободата е недостатокот на критицизам.*

Воле Сојинка

**Теми**

• Медиуми
• Глобализација
• Животна средина

**Ниво на сложеност**

Ниво 3

**Големина на групата**

10-24 (мали групи: 4-8)

**Време**

180 минути

**Преглед**

Ова е симулација на група новинари кои работат на подготовката на насловната страна од нивниот весник, кој е готов за печатење. Луѓето работат во мали групи, додека ги истражуваат прашањата за:

• предрасуди, стереотипи и објективност во медиумите;
• претставата и улогата на медиумите во третирањето на човековите права.

**Поврзани права**

• Право на слобода на мисла, мислење и изразување;
• Слобода од мешање во приватноста, семејството, домот и кореспонденцијата;
• Право на учество во културниот живот на заедницата.

**Цели**

• Да се прошири свесноста за медиумите и нивниот пристап до прашањата за човековите права;
• Да се развијат вештини за комуникација и работа по пат на соработка;
• Да се култивира чувството на одговорност и обврска за социјална промена.

**Материјали**

• Голема просторија со доволно простор за две или три мали работни групи и пленарно;
• 40-45 фотографии од весници или списанија;
• Хартија и пенкала за правење забелешки;
• Големи листови хартија (А3) или флип-чарт хартија и фломастери;
• Ножици и лепило за секоја мала група;
• Маси со, доволно голема, површина за работа на групите и поставување на нивните материјали.

**Подготовка**

• Одберете 40-45 слики од списанија или весници.
Забелешка: Потребни ви се три комплети од истите 40 слики, по еден комплет за секоја мала работна група. Затоа и треба да купите по три примероци од секој весник, од кој ќе одберете фотографии или, пак, треба да имате пристап до фотокопир.
• Поставете по еден комплет фотографии на секоја маса.

**Инструкции**

1. Претставете ја активноста. Објаснете дека ова е симулација на една вечер во канцеларија каде се подготвува весник и каде група новинари работат на насловната страница од нивниот

**Медиуми**

**Глобализација**

**Животна средина**

**Ниво 3**

**10 - 24 (мали групи 4-8)**

**180 минути**

весник. Иако станува збор за локални весници, тие имаат цел да ги информираат читателите за тековни глобални прашања, вклучувајќи ги и човековите права.
2. Покажете им пример за насловна страница од весник и нагласете ги карактеристиките и нацртот на една типична насловна страница.
3. Покажете им ги фотографиите. Замолете ги да се движат околу, без да зборуваат и без да коментираат. Објаснете дека тие се сликите со кои ќе треба да работат; тие можат да ги користат и да ги интерпретираат онака како што сакаат.
4. Сега, поделете ги учесниците во три работни групи од шест или осум луѓе. Секоја група треба да си замисли дека е уредничка група која работи на различен весник. Нивната задача е да дизајнираат и да уредат насловна страница на утрешното утринско издание.
5. Замолете ја секоја група да избере име за нивниот весник.
6. Сега, подгответе ги уредничките тимови за работа. Дајте им хартија и пенкала, лепило и ножици на секоја група – но, не и фотографиите.
7. Разгледајте ги инструкциите. Тие се за дизајнирање на насловната страница од нивниот весник.
8. Тие имаат еден час да изберат четири или пет нови стории кои сакаат да ги претстават. Тие треба да се фокусираат  на влијанието кое ќе го направи насловната страница. Наместо да се раскажуваат целосни стории, доволно е да се одбере слика и да се напише наслов, име на авторот и вовед. Тие не треба да го пишуваат целиот текст на статијата; тие единствено можат да ја назначат неговата позиција на страницата со засенчена рамка.
9. Предложете им да започнат со дискутирање за темите и прашањата кои сакаат да ги вклучат во нивните извештаи. Кажете им, дека по 10 минути, тие ќе ги добијат фотографиите од „одделот за печатење“.
10. Откако групите ќе работат 10 минути, поделете им ги комплетите со фотографии, по еден комплет за секоја група. Дајте им 50 минути да ја комплетираат нивната работа.
11. Кога тимовите ќе завршат, кажете им да ја изложат нивната работа за да можат сите да ја прочитаат. Потоа, продолжете до резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

Започнете со преглед на активноста и потоа преминете на дискусија за медиумите, прашањата за човековите права и обврски.

• Како групите ја организираа работата? Дали тие работеа заедно или се поделија на индивидуалци, парови или тројки кои работат на различни „приказни“? Како тие ги носеа одлуките за тоа како да работат и кои приказни да ги покријат? Дали имаше лидер или заедно носеа одлуки? Дали секој можеше да учествува и придонесува?

• Како луѓето ги одбраа темите и прашањата на кои работеа? Кое беше прво – прашањето или сликата? Дали прво го идентификуваа проблемот, па наоѓаа соодветна слика и го илустрираа или беа инспирирано од одредена слика така што креираа приказна за неа?

• Кои теми и прашања беа презентирани? Како се тие поврзани со човековите права? Дали имаше теми кои некои сакаа да ги искористат, но мораше да бидат отфрлени? Зошто беа отфрлени?

• Како различните насловни страници од различните весници се споредуваат? Дали се искористени исти теми или фотографии?

• Дали различните групи искористиле иста слика, но на различни начини?

• Како луѓето ги следат вестите? Во весници, на телевизија, радио или Интернет? Зошто, или зошто не, следат вести?

• Во оваа симулација дали тие се обидоа да имитираат традиционална насловна страница или креираа различен изглед? Кој е најефективниот начин да се улови вниманието на читателот?

• Каков вид на вести доминираат во медиумите во реалниот живот?

• Дали постои добра покриеност на човековите права во вестите?

• Колку често сториите се презентирани како стории за човекови права?

• Една од главните точки на дискусијата за медиумите е нивната „објективност“. Дали учесниците мислат дека е можно објективно презентирање на вестите? Дали е можно? Дали е пожелно?

• Кои човекови права или кршење на човековите права е опишано во различните стории?

• Дали тие се обидоа да ја поврзат причината и ефектот, северот и југот, развојот и животната средина, богатите и сиромашните, итн., во нивните извештаи? Како овие прашања се претставени во реалните медиуми?

• Какви претстави имаат учесниците за младите луѓе од другите делови на светот? Од „сиромашните“ земји? Од „богатите“ земји?

• Дали постојат значајни теми кои недостигаат во комплетот од слики?

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**3 мај**
**Светски ден на слободата на медиумите**

## Совети за обучувачите

Кога одбирате слики за оваа активност, бидете сигурни дека имате добра разновидност на слики и дека ги избегнувате стереотипите. Реалните вести, често, се полни со убиства, војни и други катастрофи и ретко содржат позитивни пораки. (Повеќе работи се случуваат во Африка – не се само војната и гладот!). Дозволете селектираните слики да им дадат можност на учесниците да одберат слики за „добри“ вести, како и за „лоши“ вести. Треба да има мноштво слики кои ќе претставуваат разновидност, почитувајќи ја возраста, полот, расата, културните групи, географската локација итн. Исто, имајте ги во предвид и интересите на младите луѓе и вклучете слики кои се поврзани со жешки вести за настани и луѓе. Листата подолу ќе ви даде неколку идеи.

Презентер на ТВ вести - жена
Свет
Екипа на камермани во
Третиот Свет
Чистач на чевли од
филипинска реклама
Деца фрлаат камења
Жени прават брана
Корист од невработеноста
Африкански рудар
Кокошарници
Зошто бебињата гладуваат кога
има доволно храна?
Пестициди
Реклама за ресторан за
хамбургери
Сечење на стебла во
прашумите
Сува земја
Деца играат во вода
Наводнување
Миење на кола

Запалена нафта
Акција на Greenpeace
Огромен индустриски чад
Реклама: Колички за коктели
полни со кафе
Реклама: Кока-кола
Продавач на плажата
Пазар во Третиот Свет
Осамена жена
Предградие во Брисел
Предградија во Третиот Свет
Преполна корпа за отпадоци
Сортирање на конзерви
Фрижидери на депонија
Црно момче со гитара
Нинтендо
Рок-ѕвезда
Улични деца
Меѓукултурна забава

Девојка од Мароко
Државна полиција
Графити
Анти-расистички концерт
Парламент
Дроги
Познати политичари, на пр.,
американскиот претседател
Мендела
Светските лидери се среќаваат
на COP15
Камп за бегалци
Бегалци во амбасадата
Ерик Кантона
Деца во центар за азил
Фудбалер
Акција на Amnesty International
Демонстрации на Филипините
Американски трупи во
Авганистан
Сомалиски пирати во акција
F16 со бомби

Герила
Двајца мртви војници
Фарми, не оружје
Натрупани вреќи со жито
Продавање производи во
Третиот Свет
Состанок на жените
Планирање на семејството
Превенција на СИДА
Гужва од луѓе
Јавен превоз
Суд за воени злосторства
Изложба на коли
Сообраќаен метеж
Акција на велосипедисти
Млад човек со микрофон
Лансирање на вселенски брод
Поплава на Пацифичкиот
остров

Кога ја претставувате активноста, нагласете ги карактеристиките и изгледот на една типична насловна страница: атрактивен наслов за да го привлече вниманието на читателот; име на авторот (на пример, „од нашиот дописник за животна средина, Мохамед Шмит”). Потоа, следи краток вовед за сторијата, со содржина на текстот. Дискутирајте како се користат сликите за поддршка на сторијата или за да го задржат вниманието на читателот. Нагласете што не покажуваат сликите! Зборувајте за тоа, како сликите му покажуваат, на оној кој ги гледа, што сакал да каже фотографот или уредникот. Исто така, нагласете го начинот на кој се пишуваат насловите. Може да биде инструктивно да се демонстрира користењето на весник, напишан на странски јазик; полесно е да се пропушти содржината и фокусот да се насочи врз влијанието.

Поттикнете ги групите да бидат креативни во нивните идеи и во начинот на кој ќе ги презентираат. Тие може да пишуваат, да сечат слики и да цртаат цртежи. Нивните весници

можат да бидат сериозни, хумористични или иронични. Во зависност од групата, ќе мора да одлучите колку од ова ќе им кажете или пак, ќе ги оставите сами да се снаоѓаат.

## Варијации

Еден алтернативен начин за презентирање на оваа активност е да се презентираат вести од радио или телевизиска програма. Ако одлучите да работите на телевизиски пренос, препорачливо е да ги прикажувате сликите од компјутер или проектор на екран  во темна соба за да се добие „чувство“ дека навистина гледаме телевизија. Друга алтернатива е да се креира веб-страница или блог.

## Предлози за идни активности

Дискутирајте ги аспектите на правата, селектирани од групите за нивните вести. На пример, како тие се решаваат во вашата земја?

Учесниците можат да контактираат со локален весник, радио или телевизиска станица и да разговараат со новинарите за тоа како тие работат и да ги дискутираат темите за објективноста и глобалниот начин како човековите права се презентираат во медиумите.

Ако групата е заинтересирана за сликите и за нивната употреба/злоупотреба во медиумите, тогаш тие, можеби, ќе уживаат во активностите, како што се, „Дел од сликата“ и „Наслови“, кои се опишани во „Повеќе начини за игри со слики“, на крајот од активноста „Играње со слики“, на страница 253. Ако групата ужива во активности кои вклучуваат брзо размислување, тие можат да ја направат „Само една минута“, на страница 205, која се однесува на врската помеѓу спортот и човековите права.

По избор, ако групата сака да се релаксира и да слуша музика, а во исто време и да учи за другите луѓе, култури, музика и јазик, тогаш погледнете ја „Knysna blue”, во образовниот пакет „Сите еднакви – сите различни“.

## Идеи за акција

Многу локални радио станици им даваат можност групите од заедницата да имаат свои радио емисии. Направете проект со групата за истражување и креирање на радио емисија за прашањата кои ги засегаат, на пример, под наслов „Мисли глобално, делувај локално“.

Погледнете на www.newtimes.dk за да видите еден пример како барателите на азил во Данска ги користат медиумите. Можеби ќе сакате да им помогнете на оние кои бараат азил (или на некоја друга малцинска група) во вашата земја или ќе направите нешто слично.

Искористете ги локалните медиуми (радија, весници) како и глобалните, вклучувајќи ги и социјалните мрежи, како што се Hi5, фејсбук, твитер и блогови за да ги испраќате вашите пораки.

## Понатамошни информации

Некои од прашањата, кои се јавуваат за време на активноста, вклучуваат:

**а) Медиуми**

1. Младите луѓе, како и возрасните, постојано се оптоваруваат со мноштво информации преку сите различни медиуми. Некои луѓе го сфаќаат ова, а некои не. Ние можеме да се запрашаме себеси: „Што правиме со овие информации?“ Дали тоа значи дека сме подобро информирани или не е неопходно?
2. Медиумите стануваат сé повеќе и повеќе комерцијализирани и поедноставувањето на пораката, стереотипите и сензационализмот добиваат алармантен развој. Дали станува тешко да се најдат добри вести?
3. Пронаоѓањето квалитетни вести е особено тешко во врска со вестите за прашањата за нееднаквоста, и онаму каде се засегнати земјите во развој. Не-западните вести често се гледаат само низ западните очи. Ова често резултира со негативни и тегобни вести. Едностраноста и

негативноста се норма. Дали се сложувате?
4. Подемот на користењето на Интернетот води до пад на новинарството. Нил Хенри, бивш дописник на „Вашингтон пост“, сега професор по новинарство на Универзитетот во Калифорнија, наведува: „Јас гледам свет, во кој потрагата по вистината, во служба на јавниот интерес, опаѓа како културна вредност во нашето општество, заради технолошкиот метеж; свет, каде професионалното новинарство, практикувано согласно широко-прифатените етички вредности, има одлика која се намалува во нашето ширења на вести и информациски системи, додека ние се префрлуваме на Мрежата да го искусиме последното „ново“ нешто. Во меѓувреме, не можам, а да не се плашам за иднината, со недостаток на способни новинари, во чии потраги за „вести“ не се појавуваат вести, туку последните бесмислени теми од подрумски блогери, лажни извештаи на вести од владини службеници, PR служби, кои се кријат под новинарството, а всушност рекламираат и сакаат само да продаваат, продаваат, продаваат.“
5. Блогерите и постовите на веб-страниците нé приближуваат до она што се случува сега во светот. Необработениот материјал е моќен; земете ја во предвид непосредноста и влијанието на блоговите, личните видеа и постови на социјалните мрежи од земјотреси, други катастрофи и воени зони.
6. Интернетот е наменет за луѓето од целиот свет да имаат пристап до вести и информации од извори во секоја земја. Тоа ја отежнува цензурата.
7. Дали објективноста е можна или посакувана? Дали е можно да го избегнеме сопствениот етноцентризам? Може ли балансот – раскажување на „двете“ страни од приказната – да биде форма на информативна пристрасност? На пример, и покрај доследното тврдење на Меѓувладиниот панел за климатските промени (IPCC) дека човековите активности имаат „видливо“ влијание на глобалната клима и дека глобалното затоплување е сериозен проблем, кој мора веднаш да се реши, „тој/таа рече“ дека извештајот овозможи зајакнување на ставовите на една мала група скептици кон глобалното затоплување.

**б) Прашања за човековите права**

Медиумите се очигледно важни за подигање на јавната свест за човековите права. Но, ние треба да сме свесни за тоа како овие прашања се презентирани како и за мотивите. Секој треба да биде критичен за она што ни е – не ни е – дадено нам и начинот на кој информациите и фактите се презентирани. На пример, во војна, борците можат да бидат опишани или како борци за слобода или како терористи, во различни весници и во зависност од различните политички гледни точки. Луѓето од другите култури можат да бидат претставени на необјективни начини. На пример, Ескимот може да биде претставен како егзотичен човек, кој се бори да го задржи традиционалниот начин на живот во игло, но кога истиот ќе се спомне во дискусија за ловењето китови, тогаш тој е опишан како „убиец“.

**в) Обврска**

Некои од сликите, искористени во симулацијата, претставуваат можности на луѓето, особено на младите луѓе, да се обврзат себеси на многу практични начини. Како наставници, младински работници, итн., ние сакаме да ги мотивираме младите луѓе да работат на креирање на подобар свет. Се прашуваме себеси кој е најдобриот начин за охрабрување на младите луѓе да се ангажираат и дали постоечките можности, всушност, се привлечни за младите луѓе. Ние можеме да добиеме некакви показатели за одговорите од слајдовите кои ќе ги одберат младите луѓе.

**Забелешка**
Оваа активност е развиена од „Фабрика за вести“, која оригинално беше дизајнирана во Холандија, од Роб Андриансен и тимот Greenwich за NCOS, Платформа на невладини организации за фламански развој. Подоцна беше преведена и адаптирана на англиски од Неле Хирс, за потребите на EFIL – Европската федерација за меѓукултурно учење.

Род

Дискриминација и нетолеранција

Граѓанство и учество

Ниво 2

Која било (мали групи 5-7)

60 минути

# Хероини и херои

*Таа е мојот херој! Кој е твојот?*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Род<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Граѓанство и учество |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | Која било (мали групи: 5-7) |
| **Време** | 60 минути |
| **Преглед** | Оваа активност вклучува индивидуална, работа во мали групи и работа со целата група, бура на идеи и дискусија за:<br>• Хероините и хероите како симболи на социјализацијата и културата;<br>• Тоа како родовите стереотипи имаат свои корени во историјата, културата и секојдневниот живот. |
| **Поврзани права** | • Право на еднаквост;<br>• Слобода од дискриминација;<br>• Слобода на мислење и изразување. |
| **Цели** | • Да се размисли зошто постојат различни перспективи за историските настани;<br>• Да се развијат вештини за критичка анализа;<br>• Да се негува љубопитноста, отвореноста и чувството за правда. |
| **Материјали** | • Хартија и пенкала (едно сино и едно црвено за секој учесник; по избор, но е пожелно);<br>• Флип-чарт хартија и фломастери. |

## Инструкции

1. Дајте им на луѓето пет минути да размислат на кои национални хероини и херои (историски или живи) особено им се восхитуваат.
2. Поделете им хартија и пенкала и замолете ги да нацртаат две колони. Во првата колона тие треба (употребувајќи го црвеното пенкало) да напишат имиња на три или четири хероини плус краток опис за тоа кои се тие и што направиле за нивната земја. Под него тие треба да напишат клучни зборови за да ги опишат карактеристиките кои ги асоцираат на хероините, воопшто.
3. Повторете го процесот (употребувајќи го синото пенкало) за три или четири херои. Напишете ја оваа информација во втората колона.
4. Сега замолете ги учесниците да се поделат во мали групи, од пет до седум луѓе за да ги споделат нивните избори за хероини и херои. Замолете ги групите да направат консензус за четири највредни хероини и четири највредни херои.
5. Потоа, пленарно, напишете ги имињата на хероините и хероите од секоја група, во две колони, на флип-чартот. Додајте ги и клучните зборови кои ги опишуваат карактеристиките.
6. Дискутирајте ја листата на карактеристики и корисга од хероините и хероите како примери и границата до која тие се родови стереотипи. Потоа преминете на резимирање.

## Резимирање и евалуација

Започнете со резимирање на активноста и што научиле луѓето за хероите и хероините и потоа продолжете со разговор за стереотипите и како тие влијаат врз нашите перцепции и акции.

• Кои типови на луѓе се хероини и херои? (Обични мажи и жени? Кралеви?) Што прават тие? (Се борат? Пишуваат поеми?) Како учесниците дознале за нив?
• Кои беа разликите и сличностите помеѓу двете листи со карактеристики?
• За кои вредности се залагаат хероините и хероите? Дали тоа се исти вредности или постојат некакви разлики?
• Што подразбираат луѓето под зборот „стереотип“? Колку се вистински стереотипите? Дали стереотипите се секогаш негативни?
• Дали вие, лично и луѓето во вашето општество, генерално, имате општи стереотипи и очекувања од мажите и жените?
• Дали учесниците се чувствуваат ограничено заради овие очекувања? Како?
• Дали листата на карактеристики, направена во оваа активност, рефлектира особини кои би можеле да се опишат како национални карактеристики?
• До која мерка социјалните и културните бариери се резултат на стереотипното размислување?
• На кои начини родовите стереотипи им ги негираат на луѓето нивните човекови права?
• Кои документи и членови за човекови права ги штитат луѓето од дискриминација врз основа на род?
• Стереотипните очекувања често делуваат како бариери, и кај мажите и кај жените, ограничувајќи го нивниот живот, избори и опции. Какви бариери, поврзани со родот, искусиле учесниците? Во домот, на училиште, во клубот или работното место?
• Што можат учесниците да направат во врска со овие бариери? Можат ли тие да ги идентификуваат стратегиите кои ќе ги оттргнат од културолошките норми и вредности во врска со машкоста и женственоста?

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**18 јули**
**Меѓународен ден на Нелсон Мандела**

**Пример од една украинска група за вториот чекор**

| Хероини | Херои |
|---|---|
| Принцезата Оља, првата христијанка во Киев Рус (старо име за Украина). | Принцот Владимир од Киев Рус (старо име за Украина) станал христијанин. |
| Млада жена, Роксалана, заробена од Турците. Живеела во харем. Ја искористила својата позиција да влијае врз политиката. | Хетман Мазепа – борец за независност. |
| Поетесата Лесја Украинка пишувала за украинскиот идентитет и еманципацијата на жените. | Поетот Шевченко – ја глорифицирал слободата. |
| • силни, итри, нежни, женствени, моќни, убави | • силни, моќни, храбри, одлучни, тврдоглави |

## Совети за обучувачите

Зборовите „хероина“ и „херој“ различно се перцепираат во различни општества. Бидете свесни за тоа и потрудете се внимателно да го објасните значењето; можеби ќе биде корисно да се потенцира дека хероините и хероите се примери.

Во петтата точка од инструкциите треба да го прифатите цел придонес од малите групи и сé да напишете на флип-чартот. Ако некој предлага термини, како што се „женски“ или „машки“, треба да ги прифатите во оваа фаза, а да се навратите кон нив во резимирањето, кога треба да го дискутирате значењето на овие зборови.

Во зависност од целната група и контекстот, може да им помогне на луѓето, кога прават врски со човековите права, да ги идентификуваат хероините и хероите за човекови права (бранители/активисти/луѓе, кои според нивното мислење, направиле некаква промена во нивната земја или светот). Потоа, можете да преминете на дискусија за развојот на човековите

права, влијанието на човековите права врз локалните, регионалните и меѓународните закони и дилеми.

Ова е добра активност за изведба во мултикултурна средина, бидејќи културолошкиот елемент станува повидлив. Измешајте ги групите и кажете им на учесниците дека хероините и хероите можат да бидат или од нивната сегашна земја или од земјата од која потекнуваат.

## Варијации

Кога работите со помлади групи ќе работите со различен тип на хероини и херои, на пример, ликови од стрипови и филмови, славни личности од поп музиката, филмот и спортот. Можете да ја започнете сесијата со читање на стрипови и бура на идеи за карактеристиките на ликовите. Друг начин, е да поставите постери од поп или спортстки ѕвезди и да ги замолите луѓето да нацртаат облачиња за зборување или да додадат цртежи. Ако прашањето „Кои се твоите хероини и херои?“ го оставите целосно отворено, можеби ќе најдете некакви интересни изненадувања кои ќе предизвикаат плодна дискусија. На пример, учесниците ќе ги именуваат нивните родители, Јури Гагарин, Хелоу Кити, Нелсон Мандела или Бетовен!

Замолете ги учесниците, самостојно, да одберат двајца луѓе на кои им се восхитуваат, без да им кажете дека треба да одберат една жена и еден маж. Во резимирањето замолете ги да пребројат дали има повеќе мажи од жени или повеќе жени од мажи на нивните листи. Прашајте ги дали ова има некакво значење.

## Предлози за идни активности

Ако групата сака да ги погледне хероините и хероите за човекови права, тогаш направете ја активноста „Борци за права“, на страница 171.

## Идеи за акција

Направете сопствена заложба за да бидете посвесни за стереотипите во вашиот секојдневен живот, особено ако тоа води кон предрасуди, и од страна на другите и (ненамерно) од вас.

Дознајте повеќе за жените кои дале придонес за вашата земја (светот, ако работите на меѓународен контекст), но не оние кои се добро познати. Организирајте изложба во вашето училиште или младински клуб. Можете да напишете статија за локален весник или да креирате кратко видео и да го постирате на Интернет за овие жени.

Организирајте прослава за да го одбележите Меѓународниот ден на жените.

Приклучете се на локални, национални и меѓународни кампањи за женски прашања, на пример, еднаква плата за еднаква работа, трговија со луѓе или еднаков пристап до образованието за децата ширум светот.

## Понатамошни информации

„Стереотип“ е едноставно, генерализирано, често несвесно и предвреме формирано мислење за луѓето или идеите кое може да води до предрасуди и дискриминација. Тоа е генерализација во која карактеристиките, кои ги поседува дел од групата ќе се пренесат врз групата, како целина. На пример, Италијаните сакаат опера, Русите сакаат балет, а луѓето, кои се црни, доаѓаат од Африка. Кога улогите им се доделуваат на жените или мажите или кога постојат очекувања за тоа како тие би требало да се однесуваат заради нивниот род, тие се нарекуваат „родови стереотипи“.

**Извор**
Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), Полот во развојната програма, Пакет за учење и информации, програма за род и проектни влезни точки, јануари 2001

Може да постои забуна за зборовите, полот и родот. Полот се однесува на биолошките разлики помеѓу мажите и жените, кои се универзални и не се менуваат. Родот се однесува на општествените атрибути, кои се учат или стекнуваат за време на социјализацијата, како член на одредена заедница.

Според тоа, родот се однесува на општествено дадените атрибути, улоги, активности, одговорности и потреби, поврзани со тоа што некој е маж или жена во одредено општество, во одредено време и како член на специфична заедница во тоа општество.

# Колку нам ни е потребно?

*Луѓето можат да постигнат заедничка цел без да одат по исти патеки.*

Амаду Ампате Ба

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Војна и тероризам<br>• Здравје<br>• Образование |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 3 |
| **Големина на групата** | Која било (мали групи: 5-6) |
| **Време** | 60 минути |
| **Преглед** | Оваа активност вклучува дискусија и донесување одлуки. Додека работат во мали групи, учесниците одлучуваат како да ги прераспределат парите од глобалниот воен буџет за да го пополнат недостатокот на финансиски средства за четири од Целите за одржлив развој. |
| **Поврзани права** | • Право на живот, слобода и лична сигурност;<br>• Право на развој;<br>• Право на соодветен животен стандард;<br>• Права на здравствена заштита и образование. |
| **Цели** | • Да се прошири знаењето за Целите за одржлив развој;<br>• Да се развијат вештини за решавање на проблеми и критичко мислење;<br>• Да се култивира солидарноста и волјата за изнаоѓање решенија за глобалните проблеми. |
| **Материјали** | • Пари од ***Компас*** така што ќе имате банкноти со следните апоени (по еден комплет за секоја мала група);<br>8 X 100 Ем евра<br>10 X 50 Ем евра<br>20 X 10 Ем евра<br>• Картички на кои се илустрирани Целите за одржлив развој 2, 3, 4 и 6 (по еден комплет за секоја мала група);<br>• Плик (по еден за секоја мала група);<br>• Флип-чарт хартија и пенкала во две различни бои;<br>• Постер од 17 Цели за одржлив развој |
| **Подготовка** | • Направете постер од 17 Цели за одржлив развој: искористете фотокопир за да ја зголемите табелата на Целите за одржлив развој, на страница 197.<br>• Фотокопирајте ги логоата од Целите за одржлив развој 2, 3, 4 и 6 и направете картички, со димензии 10 x 10 цм.<br>• Ставете ги комплетите со пари и картичките во пликови да бидат готови за делење. |

**Војна и тероризам**

**Здравје**

**Образование**

**Ниво 3**

**Која било (мали групи 5-6)**

**60 минути**

## Инструкции

1. Објаснете дека оваа активност се однесува за тоа како светот ќе најде пари за да реши некои од најголемите општествени и економски проблеми со кои се соочуваме денес.
2. Прашајте ги учесниците што знаат за Целите за одржлив развој (ЦОР). Колку од нив можат

да именуваат?
3. Покажете го постерот и, ако е потребно, кратко објаснете ги Целите за одржлив развој, како и обврската на Обединетите Нации кон нив.
4. Поделете ги учесниците во групи од 5-6 и наместете ја сцената: Економистите напорно работеа на начините за финансирање на Целите за одржлив развој, но сé уште постои недостаток на пари. Сега „вие“, една од работните групи при Обединетите Нации, имате задача да процените дали 1750 милијарди долари би биле доволни за да се покрие годишното дополнително финансирање (недостатокот на финансиски средства), кое е потребно за да се постигне цел 2 (да нема глад), цел 3 (добро здравје), цел 4 (квалитетно образование) и цел 6 (чиста вода и санитарни услови).
За да се стави бројката од 1.750 милијарди долари во некаква перспектива, кажете им на учесниците дека глобалниот бруто годишен производ во 2014 беше 77.000 милијарди долари, од кои во САД 17.500 милијарди долари, Германија 3.850 милијарди долари и Сомалија 5,7 милијарди долари.
5. Поделете ги пликовите со картичките со Целите за одржлив развој. Објаснете дека 1 Ем е еднаков на 1 милијарда американски долари.
6. Замолете ја групата да размисли што треба да се направи за да се исполнат четири од Целите за одржлив развој и да се процени колку тие сакаат да потрошат за да се осигураат дека целите ќе бидат исполнети. Тие треба да ставаат пари на секоја картичка со цел. Тие не треба да ги потрошат сите пари, бидејќи има уште 13 цели за кои ќе бидат потребни дополнителни финансиски средства.
7. Потоа, замолете ја секоја група да каже по колку пари издвоиле за секоја цел и да ги набројат сумите на флип-чарт. Не треба да има дискусија во оваа фаза; причините за изборот ќе бидат оставени за главната дискусија.
8. Сега, дајте ги проценките од Прекуморскиот институт за развој (ODI), пресметани за да се покрие недостатокот на финансиски средства на годишно ниво:
- Цел 2 (да нема глад) – 50 милијарди долари
- Цел 3 (добро здравје) – 40 милијарди долари
- Цел 4 (квалитетно образование) - 40 милијарди долари
- Цел 6 (чиста вода и санитарни услови) – 30 милијарди долари

Напишете ги на флип-чарт со пенкала со различна боја и замолете ги групите да ги распределат нивните банкноти и да пресметаат колку пари им останале.
9. Потоа, кажете ѝ на групата дека бројката од 1.750 милијарди долари не се спомнува тукутака! Тоа е, всушност, бројката за глобалното трошење за воени цели во 2014.

## Резимирање и евалуација

Започнете со резимирање како помина активноста и потоа зборувајте за она што го научија учесниците.

- Како работеше групата? Беше ли лесно да се согласат за приоритетите и проценките? Како ги решаваа разликите во мислењето?
- Дали има некакви коментари за бројките за барањето за дополнително финансирање за Целите за одржлив развој 2, 3, 4 и 6? Беше ли вкупниот износ од 1.750 милијарди долари, повеќе или помалку, од она што им беше потребно на луѓето?
- Дали мислите дека ние треба да го намалиме трошењето за воени цели и да ги искористиме парите за покривање на финансискиот недостаток за Целите за одржлив развој?
- Што е со дополнителното финансирање кое е потребно за останатите 13 цели? Ќе ги потрошите ли останатите 1.580 милијарди долари за нив?
- Сигурноста е многу значајна. Кои се главните закани со кои се соочува човековата сигурност денес, локално и глобално?
- Кој би бил најдобриот начин да се потрошат 1.776 милијарди долари за воени цели насекаде во светот?
- Кои човекови права се значајни за цел 16 – мир и правда и целите 2, 3, 4 и 6?
- Што може групата да направи за да ги промовира Целите за локален развој на локално и национално ниво?

КЛУЧЕН ДАТУМ

**20 декември**
**Меѓународен ден на човековата солидарност**

## Совети за обучувачите

Целите за одржлив развој беа претставени во 2015 и мора да се нагласи дека бројките за трошоците за покривање на финасискиот недостаток (дополнителни финансиски средства) се начелни (odi.org). Како забелешка, оваа активност беше развиена во 2016 и во тоа време немаше бројки за тоа колку би чинело да се остварат и останатите цели за одржлив развој.

Во четвртиот чекор од инструкциите, зедовме три земји за пример. САД беше наведена бидејќи има највисок бруто домашен производ на светско ниво, Германија бидејќи има највисок бруто домашен производ во Европа и Сомалија, бидејќи имаат најнизок домашен бруто производ на светско ниво и имаат долга историја на војни и насилство. Вежбата повеќе ќе поттикнува, доколку учесниците ги добијат Целите за одржлив развој за земјите кои им се значајни. Оваа информација можете да ја најдете на worldbank.org.

Не е прикладно да се очекува од учесниците да направат реалистични проценки за дополнителните финансиски средства со мало предзнаење. Охрабрете ги да го искористат знаењето што го имаат и да се обидат реално да погодуваат, онолку колку што е можно.

Бројките за трошоците и оние за глобален воен буџет се заокружени или намалени од практични причини, но тие се сé уште блиску до вистинскиот износ. На пример, воениот буџет за 2014 беше 1.776 милијарди долари, согласно Меѓународниот институт за мировно истражување од Стокхолм (sipri.org). Оние за покривање на финансискиот недостаток, дадени од odi.org, за целите 2, 3, 4 изнесуваат: 50,2, 37, 38 и 26,8 милијарди долари годишно.

Целта заради која групите ги распределуваат парите е да им се даде „физичка слика" и да се сфати поентата колку малку пари се потребни.

Во резимирањето можете да нагласите дека вкупниот дополнителен финансиски износ, потребен да се остварат развојните цели 2, 3, 4 и 6 е 175 милијарди долари; тоа е една десетина од годишниот глобален воен буџет.

Точките, кои треба да се нагласат во дискусијата, во врска со сигурноста вклучуваат:

- Застареното размислување за војување и одбрана не ги решава новите закани со кои се соочуваме денес, како што се ХИВ, ебола и зика, транснационален криминал, сајбер-тероризам, организиран криминал, тероризам и промена на климата;
- Има повеќе граѓански војни од порано. Силната национална одбрана не е сигурност.
- Извештајот за човековиот развој на ОН од 1994 заканите за човековата сигурност ги распределува во седум категории: политичка сигурност, економска сигурност, здравје, храна, околина, лична сигурност и сигурност на заедницата. На многу начини, исполнувањето на Целите за одржлив развој ќе нé направи многу посигурни;
- Дискриминацијата и кршењето на социјалните и економските права функционираат како темелни причини за конфликт, создавајќи длабоки неправди и групни идентитети, кои можат, под одредени околности, да мотивираат колективно насилство;
- Кршењето на граѓанските и политичките права често се предизвикувачи на конфликт. Негирањето на правото на учество во политика е поврзано со внатрешен конфликт;
- Злоупотребата на личните права на интегритет, особено во репресивни режими, води до конфликт;
- Целосните демократии искусуваат помалку конфликти отколку земјите без демократија и без традиција на почитување на човековите права;
- Надгледувањето со дронови, видео камери на јавни места, телефонско и Интернет прислушкување се прави во име на сигурноста. Колку е неопходно надгледувањето и кои права ги крши, а кои ги заштитува:

Поврзаноста помеѓу цел 16 и човековите права може да се најде во информациите во делот „Мир и насилство".

## Варијации

Вие би можеле да ја развиете активноста како играње на улоги во врска со преговарањето за буџетите за воени цели и за Целите за одржлив развој. Поделете ги луѓето во мали групи и дајте им улоги, како што се владини делегати, невладини организации кои работат на сиромаштија, ХИВ, образование, генерал од војската, гласноговорник од индустријата за оружје, претставник на работниците од фабрики за оружје, војници и другi групи од интерес. За секоја улога, треба да дадете упатства, на пример:

- Влади: Вашиот приоритет е да се подобри квалитетот на живот за вашите граѓани, но исто така, да се зачува и безбедноста на вашата земја.
- Невладини организации: Вашиот приоритет е драстично да се намалат воените трошоци и да се стави крај на долгот на најсиромашните земји.
- Претставник на воените индустрии: Вашиот приоритет е да не се загубат пазарите и парите, но вие сте подготвени да преговарате.
- Претставник од синдикатот на воените работници: Вашиот приоритет е да се живее подобро и во мир, но вие, исто така, се плашите да не ги загубите вашите работни места.

**Корисни информации**

Опуртунитетни трошоци и агенда за развојот ОН, Меѓународно биро за мир: www.IBP.org

Плаќање за напредок: како ќе бидат финансирани новите цели после 2015?: www.odi.org

Дали кршењето на човековите права предизвикува внатрешен конфликт? Oskar N.T. Thomas&James Ron во Човекови права квартално 29 (2007)

Финансирање за завршување на сиромаштијата до 2030, инфо-графикон од www.odi.org

Сигурност: Делот кој недостига во Милениумските развојни цели? www.odi.org

Забелешка:

Иконите од Милениумските развојни цели првично беа развиени од Кампањата за овие цели во Бразил

## Предлози за идни активности

Промовирајте дискусија за тоа што би ја зголемило глобалната сигурност; направете комплети од картички со 10 таргети од цел 16 и замолете ги групите да ги подредат во форма на дијамант. (Инструкции за подредување во форма на дијамант има на страница 69). Продолжете со прашување на луѓето колку ефективни би биле овие таргети во зголемувањето на глобалната сигурност, преку давање на причини. Со кои човекови права се поврзани овие таргети?

Замолете ги учесниците да ги споредат бруто националниот производ и индексот на човековиот развој во сопствената земја (или во Европа како целина) со некоја земја во развој (или Африка како целина), а потоа да ги истражуваат причините за нееднаквоста, гледано историски и во сегашноста. Дали богатите земји би требало да преземат поголема одговорност за недостатокот на развој во некои земји?

Активностите „Пристап до лекови“, на страница 91, „Дали може да влезам?“ за мигрантите, на страница 119 или „Трка за богатство и моќ“, на страница 269 можат да се искористат како надополнување и за продлабочување на знаењето на учесниците за последиците од сиромаштијата и недостатокот на развој.

### Идеи за акција

Како дел од училиштен или некаков друг настан, претворете ја активноста во квиз. Направете свој квиз или искористете некој од Интернет, на пример на www.boombox.com или 17goals.org/quiz. Како алтернатива, креирајте и логоа и листа на цели, како голем постер и замолете ги посетителите да да дадат коментар на нивните реакции.

Можете да им кажете на учесниците да дознаат кои планови ќе ги имплементира нивната земја во врска со Целите за одржлив развој. Ако сметате дека вашата влада не прави доволно, можете да се обратите до некој пратеник од парламентот. Дознајте што се случува и на европско ниво и напишете писмо до некој претставник од Европскиот парламент.

### Понатамошни информации

Целите за одржлив развој беа усвоени од Обединетите нации, во септември 2015. Тие продолжуваат онаму каде запреа Милениумските развојни цели, со цел да овозможат, како што кажува и името, одржлив развој за сите до 2030; свет без сиромаштија, без глад, квалитетно образование за сите, мир и правда – свет каде ќе се почитуваат човековите права и сите ќе уживаат во нив. Онаму каде што беа 8 Милениумски развојни цели, сега се 17 Цели за одржлив развој кои рефлектираат реалност во која прашањата за човековиот развој се сложени и се преплетуваат.

Една од многу важните разлики помеѓу Милениумските развојни цели и Целите за одржлив развој е разбирањето на улогата која ја играат несигурноста и насилството во попречувањето на развојот, а истовремено улогата на мирот и стабилноста во овозможувањето и промовирањето.

Цел 16 – Мир и правда има 10 таргети:

16.1 Значително намалување на сите форми на насилство и соодветните стапки на смртност насекаде;

16.2 Крај на злоупотребата, експлоатацијата, трговијата со луѓе и сите форми на насилство и измачување на деца;

16.3 Да се промовира владеење на правото на национално и меѓународно ниво и да се обезбеди еднаков пристап до правда за сите;

16.4 До 2030, значително да се намалат недозволените финасиски текови и трговија со оружје, зајакнување на обновувањето и враќањето на украдени имоти и борба против сите форми на организиран криминал;

16.5 Значително да се намали корупцијата и митото во сите нивни форми;

16.6 Да се развијат ефективни, одговорни и транспарентни институции на сите нивоа;

16.7 Да се осигура одговорно, инклузивно, партиципативно и репрезентативно донесување на одлуки на сите нивоа;

16.8 Да се прошири и да се зајакне учеството на земјите во развој во институциите на глобалното управување;

16.9 До 2030, да се обезбеди правен идентитет за сите, вклучувајќи и регистрација на родените;

- 16.10 Да се обезбеди јавен пристап до информации и заштита на основните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори.
- Да се адресираат посебните потреби на најмалку развиените земји.
- Да се адресираат посебните потреби на земјите во развој, кои не излегуваат на море и малите островски земји во развој

Сеопфатно занимавање со проблемите на земјите во развој преку национални и меѓународни мерки за долгот да биде одржлив во подолг временски период.

**Прилози**




**Цел 1 Сиромаштија** – Крај на сиромаштијата, во сите форми и насекаде
**Цел 2 Храна –** Крај на гладот, да се обезбеди сигурност на храна и подобрена исхрана и да се промовира одржливо земјоделство
**Цел 3 Здравје** – Да се обезбеди здрав живот и да се промовира благосостојба за сите на сите возрасти

**Цел 4 Образование** – да се обезбеди инклузивно и достапно образование и промовирање можности за доживотно образование за сите
**Цел 5 Жени** – Да се обезбеди родова рамноправност и зајакнување на сите жени и девојки
**Цел 6 Вода** – Да се обезбеди достапност и одржливо управување со водата и санитарните услови за сите
**Цел 7 Енергија –**Да се обезбеди пристап до прифатлива, сигурна, одржлива и модерна енергија за сите
**Цел 8 Економија –** Да се промовира рамномерен, инклузивен и одржлив економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите
**Цел 9 Инфраструктура –** Да се изгради отпорна инфраструктура, да се промовира инклузивна и одржлива индутријализација и да се негуваат иновациите
**Цел 10 Нееднаквост –** Да се намали нееднаквоста во и помеѓу земјите
**Цел 11 Живеалиште –** да се направат градовите и населбите инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи
**Цел 12 Потрошувачка –** Да се обезбеди одржлива потрошувачка и производство
**Цел 13 Клима –** Да се преземе итна акција за борба со климатските промени и нивното влијание
**Цел 14 Морски екосистеми –** Зачувување и одржлива корист на океаните, морињата и морските ресурси за одржлив развој
**Цел 15 Екосистеми –** Заштита, обновување и промовирање на одржливото користење на копнените екосистеми, одржливо управување со шумите, борба против дезертификација и спречување на повлекувањето на земјиштето и губење на биолошката разновидност
**Цел 16 Институции –** Да се промовира мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, да се обезбеди пристап до правда за сите и да се изградат ефективни, одговорни институции на сите нивоа
**Цел 17 Одржливост –** Зајакнување на средствата за спроведување и ревитализација на глобалното партнерство за одржлив развој

# Јас сакам да работам!

*Јас ги поседувам вештините!*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост<br>• Работа<br>• Дискриминација и нетолеранција |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 3 |
| **Големина на групата** | 20 |
| **Време** | 120 минути |
| **Преглед** | Оваа активност користи играње на улоги за да се истражуваат прашањата за правото на вработување на луѓе со попреченост. |
| **Поврзани права** | • Право на работа;<br>• Право да не се биде дискриминиран/а;<br>• Право на соодветен животен стандард. |
| **Цели** | • Да се сфатат потребите поврзани со попреченоста на работното место и во општеството;<br>• Да се вежбаат вештини за себе-застапување;<br>• Да се развие чувство на одговорност и свесност за човековото достоинство. |
| **Материјали** | • Копии од картичките со улоги;<br>• Пенкала и хартија за набљудувачите;<br>• Мала маса и 2 стола за актерите; столови за набљудувачите. |
| **Подготовка** | • Направете копии од картичките со улоги. |

**Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост**

**Работа**

**Дискриминација и нетолеранција**

**Ниво 3**

**20**

**120 минути**

## Инструкции

1. Прашајте ги учесниците што подразбираат под „право на работа“. Искористете ги информациите на крајот од активноста за да објасните што е покриено со меѓународниот закон за човекови права, без, сé уште, да го дискутирате аспектот на попреченоста.
2. Потоа, замолете ги учесниците да размислат за видовите бариери со кои се соочуваат луѓето со попреченост кога аплицираат за работа. Кратко објаснете го концептот на „разумно прилагодување“.
3. Објаснете им на учесниците дека ќе играат улоги од серија на интервјуа за работно место на канцелариски помошник во службата за корисници во една мала компанија. Секој од оние кои аплицираат има попреченост. Замолете пет доброволци да ги играат работодавачите, кои ќе интервјуираат и уште пет кои ќе бидат апликанти.
4. Поделете ги картичките со улоги. Дозволете му на секој, кој добил улога, да си одбере еден или двајца пријатели за да му помогнат да ја развие улогата. Дајте им 10-15 минути да се подготват.
5. Наместете ја масата и двата стола во средината на просторијата и замолете ги останатите да ги заземат своите места како набљудувачи. Замолете еден од набљудувачите да го мери времето.

6. Започнете го играњето улоги. Замолете го првиот работодавач да го повика првиот апликант. Интервјуто треба да биде кратко, не повеќе од 5 минути.
7. Поканете го и вториот работодавач да го заземе неговото место позади масата и да го интервјуира вториот апликант.
8. Кога ќе завршат сите интервјуа, замолете ги учесниците да излезат од улогите и да се придружат на набљудувачите за резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

Започнете со прашување на интервјуираните:

• Како се чувствувавте за време на симулацијата? Што ви се допадна, а што не?
• Колку добро се снајдовте со вашата улога? Што беше најтешкото нешто?

Потоа, прашајте ги оние кои интервјуираа:

• Како се чувствувавте за време на симулацијата? Што ви се допадна, а што не?
• Колку добро се снајдовте со вашата улога? Што беше најтешкото нешто?

Наредно, замолете ги набљудувачите за коментар:

• Можно ли е вакви ситуации да се случат во реалниот живот?
• Дали оние кои интервјуираа покажаа почит кон луѓето кои ги интервјуираа?

Потоа, отворете дискусија со сите:

• Што можете да кажете за правото на работа на луѓето со попреченост? Дали мислите дека тоа право им е загарантирано во праксата?
• Што мислите, кои се главните причини за високата стапка на невработеност помеѓу луѓето со попреченост? Дали е тоа праведно?
• Што мислите, кој е одговорен за да им се овозможи праведен третман на луѓето со попреченост? Што мислите за идејата на „разумно прилагодување“?
• Дали познавате некого кој искусил дискриминација – од каков бил вид – при аплицирањето за работа? Дали сте искусиле и вие нешто слично?
• Како можеме да работиме за да ги промениме дискриминаторските ставови во општеството?
• Кои човекови права се значајни кога се земаат во предвид можностите за вработување на луѓето со попреченост?

## Совети за обучувачите

Обидете се да се осигурате дека учесниците нема да ги преувеличат нивните улоги, но треба да се однесуваат онака како би се однесувал некој во слична, реална ситуација. Ова можеби е особено важно за работодавачите, кои ќе ја играат улогата на „лошиот“ работодавач.

За време на интервјуата, учесниците, кои не се вклучени во играњето улоги, тивко набљудуваат, запишуваат на каков начин се претставуваат улогите и некои особени тешкотии кои ги забележуваат и од страната на работодавачот и од апликантот.

Информирајте ги учесниците, кои ја играат улогата на интервјуираните, дека картичките со улоги вклучуваат и примери на „разумно прилагодување“ кое работодавачите треба да го направат за да овозможат праведен третман за луѓето со попреченост.

Можеби ќе сакате да дискутирате за можните насоки за акции кои луѓето со попреченост и младинските работници можат да ги преземат во обид да ги променат ставовите на работодавачите. Вие би можеле да дискутирате и за степенот до кој „вработувачите“, при играњето улоги, ги изразуваат типичните ставови кон попреченоста или кон луѓето со попреченост.

Кога ги дискутирате можните причини за високата стапка на невработеност на луѓето со попреченост, можете да дадете некој од следниве примери:

• Недостаток на знаење за потребите при попреченоста на работното место;
• Недостаток на знаење за тоа што луѓето со попреченост можат да работат;
• Работни места со низок квалитет за многу луѓе со попреченост;

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**7 октомври**
**Светски ден на пристојната работа**

• Најмување заради „погрешни“ причини (пр. Следење на законот/квотите, но подоцна неуспешно овозможување на прилагодувањата);
• Страв од нови технологии и адаптивни технологии;
• Тенденција за многу луѓе со попреченост да се обидат да го скријат овој факт.

Обидете се да ги нагласите и одговорноста на работодавачите и на луѓето со попреченост да знаат како да се само-застапуваат. Можеби ќе сакате да дискутирате зошто луѓето со попреченост често чувствуваат дека треба да ја кријат нивната попреченост во процесот на вработување? Дали учесниците знаат некакви примери? Како ова може да се спречи?

## Варијации

Можете да предложите учесниците претходно да напишат реклама за работа за играњето улоги, давајќи опис на работното место и профил на личноста.

## Предлози за идни активности

Во зависност од времето со кое располагате и од нивото на свесноста на учесниците во врска со попреченоста и проблемите со вработувањето луѓе со попреченост, можете да ја замолите групата да развие препораки:
• Како да се сменат ставовите на работодавачите;
• Водење на кампања за насочување на ставовите кон правата на вработување и подигање на свесноста за пропратните проблеми.
Дајте им на групите по 30 минути за дискусија и да напишат на флип-чарт, а потоа, по 5 минути за секоја група, за презентација на флип-чартот.

Ако групата ужива во играњето улоги и ако сака да ги истражува прашањата околу дискриминацијата на вработените мајки, тогаш тие, можеби, би сакале да ја изведат активноста „Работа и бебиња“, на страница 341.

Друга активност која ја следи темата за работа е „Состанокот на синдикатот“, на страница 318. Тоа е симулација на состанок помеѓу работодавачот и вработените, заедно со претставниците од нивниот синдикат, за да преговараат за платите и условите.
Работните услови за луѓето со попреченост се подобрија после силното лобирање кај политичарите. Воопшто не е важно за кои политичари гласате! Ако сакате да спроведете истражување за да дознаете какви се ставовите на луѓето за гласање при избори и граѓанско учество, искористете ја активноста „Да се гласа или да не се гласа?“, на страница 312.

## Идеи за акција

Обидете се да дознаете дали организациите или локалните компании имаат политика за лица со попреченост. Групата може да спроведе истражување за да види дали организациите се свесни за барањата кои се содржани во Конвенцијата за правата на лицата со попреченост при Обединтетите Нации и да ја откријат нивната реакција во врска со тоа.

## Понатамошни информации

**Факти и бројки за попреченоста од Европскиот форум за попреченост**

• Луѓето со попреченост претставуваат 65 милиони луѓе од Европската Унија.
• Луѓето со попреченост се два-три пати повеќе невработени отколку останатите луѓе.
• Само 16 % од оние кои се соочуваат со некакви рестрикции на работното место добиваат помош додека работат.
• Многу луѓе со попреченост се „обесхрабрени работници“, кои не се ни обидуваат да стапат во работен однос. Според тоа, тие се класифицираат како неактивни.
• Колку е потежок степенот на попреченост, толку е помала стапката на учество во работната сила. Само 20% од луѓето со потешка попреченост работат, споредено со 68% со оние без попреченост.
• Низ Европа, 38% од луѓето со попреченост, на возраст од 16-34, имаат приход од работа, споредено со 64% од луѓето без попреченост. Приходот на луѓето со попреченост е драматично понизок од оној на луѓето без попреченост.

Извор: www.edf-feph.org

## Понатамошни информации

Проценетата популација на државите-членки на Советот на Европа изнесува 800 милиони, што значи дека приближно мора да има 80 милиони луѓе со попреченост во нивните граници. Светската здравствена организација процени дека над една милијарда луѓе, околу 15% од светската популација, имаат некаква форма на попреченост во светот денес. Бројот се зголемува заради војните и деструктивноста, нездравите услови за живеење или недостатокот на знаење за болестите, причините за нив, превенцијата и лекувањето. Помеѓу луѓето со попреченост, меѓу кои жени, деца, повозрасни лица, жртви од измачување, бегалци и раселени лица, мигрантски работници, се особено ранливи. На пример, жени со попреченост се дискриминирани заради нивниот пол и заради нивната попреченост.

**Право на работа**
*Меѓународна конвенција за економски, социјални и културни права*

Член 6:

Државите – потписнички на оваа конвенција го признаваат правото на работа, кое го опфаќа правото што го има секое лице на можност за заработување преку слободно избрана или прифатена работа (...)

Член 7:

Државите – потписнички на оваа конвенција го признаваат правото што го има секое лице да се користи со праведни и поволни услови за работа (...)

*Европска социјална повелба (ЕСП)*
Прв дел

Секој треба да има можност да заработува преку слободно-избрана професија...
Сите работници имат право на праведни услови за работа.

*Конвенција за правата на лица со попреченост при Обединетите Нации.*
Овој документ беше отворен за потпишување во март 2007.

Член 27:

1. Државите – потписнички го признаваат правото на работа на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите; овде е вклучено правото на можност за заработка за живот преку слободен избор и прифаќање на работа на пазарот на трудот и работна средина која е отворена, која вклучува и е прифатлива за лицата со попреченост. Државите – потписнички го штитат и промовираат остварувањето на правото на работа, вклучувајќи ги и оние кои се здобиле со инвалидност во текот на вработувањето, преку преземање соодветни чекори, а особено преку законодавство...

**„Разумно прилагодување“**

Разумно прилагодување е секоја промена или прилагодување на работата, работната средина или начинот на кој работите вообичаено се прават за да му се дозволи на лицето со попреченост да аплицира за работа, да ги изведува работните функции или да ужива во еднаквиот пристап до бенефитот, кој е достапен и за останатите поединци на работното место.

На пример, еден слеп дактилограф не може да користи стандарден компјутер и тастатура. Концептот за разумно прилагодување е развиен за тоа лице да може да се справи со вакви пречки. Кога некој аспект на работното место ќе го стави лицето со попреченост во неповолна положба, споредено со луѓето без попреченост, работодавачот треба да преземе чекори да ја „изедначи“ работната средина. Според новата Конвенција за правата на лицата со попреченост, работодавачите ќе бидат обврзани да направат „разумно прилагодување“, а ако не го сторат тоа ќе се смета дека има случај на дискриминација.

За понатамошни информации за попреченоста и образованието за човекови права, погледнете на www.hrea.org

## Прилози

Картички со улоги:

**Апликант 1:**

Ти си личност која не слуша. Ти добро читаш од усни во услови на добра осветленост. Ти секогаш проверуваш дека точно си го разбрал/а она што било кажано, прашувајќи, на пример: „Дали јас добро разбрав дека...?“ За да работиш ефикасно во организацијата, тебе ќе ти треба индуктивна петелка во собата за состаноци (жица која помага да се пренесуваат звуците директно до слушното помагало), телефон со засилувач на гласот и аларм со светилка или текст телефон.

Размисли за тоа што ќе треба да го побараш  во интервјуто и како тоа ќе го направиш.

**Апликант 2:**

Ти си глува личност и користиш знаковен јазик. За интервјуто, треба да си придружуван/а од толкувач и ова значи дека ќе биде потребно дополнително време за интервјуто. На работното место ќе ти треба текст телефон (уред кој користи текст наместо глас за комуникација преку телефонски линии) и/или услуги за текстуален пренос (сервис оператор кој им дозволува на луѓето кои се глуви, кои имаат проблеми со слухот, кои се неми или кои се слепи и глуви, да ги испратат повиците до стандардните телефонски корисници преку тастатура или асистивен уред) кои ќе ти овозможат да комуницираш со клиентите.

Размисли за тоа што ќе треба да го побараш  во интервјуто и како тоа ќе го направиш.

Забелешка: Треба да замолиш еден од учесниците да биде твој толкувач.

**Апликант 3:**

Ти си слепа личност и треба да бидеш придружуван/а од асистент, чии патни трошоци (за интервјуто) мора да бидат платени од страна на работодавачот. На работното место ќе ти биде потребен компјутер со специјална тастатура и софтвер кој го „зборува“ текстот на екранот. За да можеш да се движиш наоколу, потребно ти е твоето куче водич. Ти знаеш дека работодавачите може да имаат отпор околу твоето вработување заради трошоците и достапноста на технолошката поддршка која ти е потребна.

Размисли за тоа што ќе треба да го побараш  во интервјуто и како тоа ќе го направиш.

Забелешка: Треба да замолиш еден од учесниците да те придружува.

**Апликант 4:**

Ти си личност која користи инвалидска количка. За тебе е потребно зградата да е пристапна, со паркинг во близина и за тебе ќе биде потребно сите врати, лифтови, тоалети, канцеларии и заеднички простории да бидат пристапни за движење со инвалидска количка. Ако има скали кои водат до некои од наведените, ќе биде потребно да се изградат рампи. Тебе ќе ти треба и модифициран работен простор со биро кое дозволува инвалидската количка да ја собере под него.

Размисли за тоа што ќе треба да го побараш  во интервјуто и како тоа ќе го направиш.

**Апликант 5:**

Ти си личност со дислексија и ти аплицираш за работа која ќе вклучува и читање и пишување писма. Ти имаш одлични квалификации за работата, вклучувајќи ја и способноста за читање и пишување, но за тебе тешко ќе биде да работиш во бучни или стресни ситуации и со кратки рокови. Бараш повеќе време за да го напишеш тестот за пишување писма, што се очекува да го завршиш како дел од процесот на аплицирање.

Размисли за тоа што ќе треба да го побараш  во интервјуто и како тоа ќе го направиш.

## Картички со улоги за работодавачи

**Работодавач 1:**

Ти ќе интервјуираш личност која не слуша. Ти ќе му/ѝ зборуваш со половина-отворена уста, често гледајќи настрана и седејќи на лошо осветлено место, така што твојата уста не може јасно да се види. Зборувај брзо и биди нетрпелив/а и безволен/а да одговараш на прашањата за појаснување, поставени од страна на апликантот. Кога тој/таа те замолува да повториш нешто, одговори со отпор, на еден претеран начин, давајќи му впечаток на апликантот дека е глупав, бидејќи не го разбрал кажаното првиот пат.

Размислувај за прашањата кои можеби би сакал/а да му/ ѝ ги поставиш на апликантот за време на интервјуто.

**Работодавач 2:**

Ти ќе интервјуираш некој кој е комплетно глув и ќе комуницираш со него со помош на толкувач. Во интервјуто, ти му ги кажуваш забелешките на толкувачот, не на апликантот. Ти се брзаш и не сакаш да губиш премногу време, чекајќи додека твојот говор се интерпретира или додека апликантот му ги кажува неговите/нејзините коментари на толкувачот. Ти често ја прекинуваш глуvата личност во овие моменти. Ти не можеш да разбереш како една глува личност ќе може да комуницира со клиентите и ти мислиш дека интерпретацијата на знаковниот јазик во интервјуто е губење на време. Ти, исто така, веруваш дека на глувата личност цело време ѝ е потребен толкувач на работното место – иако тој/таа го негира тоа – а ти не сакаш уште една личност во канцеларијата.

Размислувај за прашањата кои можеби би сакал/а да му/ ѝ ги поставиш на апликантот за време на интервјуто.

**Работодавач 3:**

Ти ќе интервјуираш слепа личност, а притоа сметаш дека некој/а кој е слеп/а не одговара за работното место. Сигурен/а си дека потребната технологија чини многу пари и секако тоа не може да ја компензира неспособоноста, доколку си слеп. Исто така, ти си загрижен/а дека и останатите од персоналот нема да можат да комуницираат со него/неа.

Размислувај за прашањата кои можеби би сакал/а да му/ ѝ ги поставиш на апликантот за време на интервјуто.

**Работодавач 4:**

Ти ќе интервјуираш личност во инвалидска количка. Тие ќе прашуваат дали има пристап за инвалидски колички, а твојата зграда не е воопшто погодна за инвалидски колички. Ти знаеш дека би било прескапо да се направат потребни прилагодувања, но ќе се обидеш да не го искористиш ова како причина, бидејќи знаеш дека е незаконски да се дискриминира кандидат заради тоа што е со попреченост. Ќе се обидеш да најдеш други оправдувања и причини, иако сметаш дека овој кандидат навистина одговара за работното место.

Размислувај за прашањата кои можеби би сакал/а да му/ ѝ ги поставиш на апликантот за време на интервјуто.

**Работодавач 5:**

Ти ќе интервјуираш личност со дислексија и ти си многу иритиран/а од нејзините дополнителни барања. На сите апликанти треба да им се даде тест за да се види нивната способност при пишувањето писма, а ти не си подготвен/а да прифатиш дека на овој апликант треба да му се даде подолго време за да ја заврши задачата. Ти мислиш дека ако тој/таа не е способен/а да напише писмо во одредено време и под исти услови како и сите други, тогаш не треба да ја добие ни работата.

Размислувај за прашањата кои можеби би сакал/а да му/ ѝ ги поставиш на апликантот за време на интервјуто.

# Само една минута

*Можеш ли да зборуваш само една минута – без двоумење- без повторување?*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Култура и спорт<br>• Глобализација<br>• Општи човекови права |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | Која било |
| **Време** | 40 минути |
| **Преглед** | Во оваа активност, луѓето мора да се брзи и инвентивни и да зборуваат една минута за односот помеѓу спортовите и човековите права. |
| **Поврзани права** | Сите |
| **Цели** | • Да се сфати дека човековите права се меѓусебно-поврзани и неделиви;<br>• Да се развие критичкото мислење;<br>• Да се култивира самоодовербата за да се изразуваат лични мислења. |
| **Материјали** | • Изјави, по една за секој учесник;<br>• Шешир;<br>• Часовник со секундарник или тајмер. |
| **Подготовка** | • Направете копија од листот подолу и исечете ги изјавите.<br>• Свиткајте ги хартиените ленти и ставете ги во шеширот. |

**Култура и спорт**

**Глобализација**

**Општи човекови права**

**Ниво 2**

**Која било**

**40 минути**

## Инструкции

1. Замолете ги луѓето да седнат во круг.
2. Подавајте го шеширот наоколу. Замолете го, секој кој е на ред, без да гледа, да извлече по едно ливче од шеширот.
3. Потоа, учесниците имаат 5 минути да подготват нон-стоп зборување во времетраење од една минута за изјавата напишана на ливчето. Правила се да нема двоумење и повторување.
4. Одете во круг и замолете го оној кој е на ред да го каже својот „говор“.
5. После секој „говор“, дозволете две-три минути за кратки коментари. Ако луѓето имаат многу за дискутирање, забележете го тоа и повторно вратете се на темата на крајот.
6. Откако на сите ќе им мине редот, повторно вратете се и завршете ги дискусиите и тоа треба да биде кратко.
7. Потоа преминете на резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

Започнете со резимирање како помина активноста и потоа продолжете да зборувате за прашањата кои произлегоа од активноста и конечно за поврзаноста со човековите права.

- Дали беше тешко нон-стоп да се зборува за темата во времетраење од една минута?
- Која тема беше најтешка за зборување и зошто?
- Која од изјавите беше најконтроверзна и зошто?

КЛУЧЕН ДАТУМ

7 април
Светски ден на здравјето

• За кој дел од информациите луѓето најмногу се изненадија?
• Кои човекови права беа опфатени во секоја од изјавите?
• Дали правото на спорт е човеково право? Ако е, како е тоа опфатено во различните документи за човекови права?
• Дали секој во вашата заедница има пристап до спортски активности по сопствен избор? Ако нема, зошто нема? Што може да се направи за да се поправи ова?

## Совети за обучувачите

Оваа активност делува на неколку различни нивоа и прашањата можат да се толкуваат на различни начини. Важно е да се работи на нивото на младите луѓе. Можеби ќе сакате да кажете нешто за да испровоцирате подлабоко размислување, но бидете свесни за опасноста од давање впечаток дека очекувате „одреден одговор“.

Ако мислите дека дадените изјави не се интересни за групата, составете други. Ако имате многу голема група, водете ја активноста во подгрупи.

Охрабрете ги учесниците кои имаат отпор да се обидат. Предложете им да се обидат да зборуваат половина минута или само дваесет секунди или кажете им, прво, кратко да се посоветуваат со некој пријател пред да почнат да зборуваат или понудете им подоцна да дојдат на ред. Како и да е, бидете подготвени дека некои луѓе нема да можете да ги убедите.

Добар начин за поттикнување е играњето на играта со асоцијации, опишана на страница 66. Подгответе картички со зборови, со зборовите од типот: „спорт“, „попреченост“ или „Олимписки игри“.

## Варијации

Во мала група, можете да направите уште две или повеќе кругови. Луѓето земаат по едно ливче во секој круг.

Друг начин да се игра е да се стават картичките во шеширот, како што е опишано во инструкциите. Замолете некого да извлече една изјава и да ја прочита. Тој/таа започнува да зборува за темата, но место да зборува една минута, тој/таа може да запре кога сака, а личноста која е до него/нејзе мора да продолжи, почнувајќи од последниот кажан збор, кој го употребил претходниот играч.

Оваа техника со влечење на изјави од шешир може да биде прилагодена и да се користи со која било тема која сакате да ја дискутирате.

## Предлози за идни активности

Ако луѓето сакаат да продолжат со темата за спортот и ако се чувствуваат енергизирано, обидете се со активноста „Спортови за сите“, на страница 282.

Ако некоја од другите теми предизвика одреден интерес, проверете во Листата на активности и најдете активност на таа тема.

Групата може да сака хумористичен пристап до човековите права и да игра со цртежите на Панчо во Поглавје 5. Погледнете ја активноста „Играње со слики“, на страница 253; или тие можат да кажуваат шеги, „Натпревар во евро-шеги“ од „Сите различни – сите еднакви“.

## Идеи за акција

Одлучете се за една тема и договорете ја наредната фаза во преземањето акција. Развивајте проект за да продолжите со работа на избраната тема. Поврзете со некоја локална организација која работи на ова поле. Искористете го проектот како можност за учење и помогнете им на луѓето да размислат за она што го стекнале во групните работни вештини и способности за дејствување.

**Забелешка**
Изјавите го поврзуваат спортот со секоја од 20-те теми во Компас. Ова покажува како човековите права се меѓусебно поврзани и неделиви.

## Понатамошни информации

http://www.athletesunitedforpeace.org

**Прилози**

**Лист со изјави**

**Спорт и општи човекови права**

Дали мислиш дека Емануел Адебајор е добар Амбасадор на добрата волја на UNAIDS?

**Спорт и општи човекови права**

Спортистите, на меѓународно ниво, мораат да договорат код на однесување. Оние, кои ќе го прекршат кодот, на пример, користејќи спортски настан за да креираат политичка изјава, се казнети. Дали е ова прекршување на правото на слободно изразување?

**Спорт и општи човекови права**

Полицијата има моќ да ги спречи фудбалските навивачи, во кои се сомнева дека прават проблеми, да не патуваат во други земји за натпреварите. Дали е ова легитимно прекршување на правото на слобода на движење и здружување?

**Спорт и општи човекови права**

Дали мислиш дека земјите треба да ја изберат земјата-домаќин на Олимписките игри согласно нејзината состојба со човековите права?

**Спорт и граѓанство и учество**

Многу луѓе се родени во една земја, но потоа имаат дом и стануваат граѓани на друга земја. Според тоа, тие продолжуваат да го поддржуваат националниот тим од нивната родна земја, наместо од другата земја која им понудила нов дом. Дали добриот граѓанин треба да го поддржува неговиот домашен национален тим?

**Спорт и култура**

Културата може да биде опишана како збир на споделени ставови, вредности, цели и практики кои ја карактеризираат една институција, организација или група. Дали „фудбалската култура“ е култура?

**Спорт и демократија**

Дали мислиш дека политичарите во твојата земја го користат спортот или спортските настани за да ги одвлечат и пренасочат луѓето и нивниот интерес во политичките и економските прашања?

**Спорт и дискриминација на луѓето со попреченост**

До кој степен Параолимписките игри ги кршат предрасудите против луѓето со попреченост?

**Спорт и дискриминација и нетолеранција**

Дали тестирањето на полот на спортистите е неопходно за да се овозможи праведно натпреварување или е голема повреда на човековото достоинство и право на приватност?

**Спорт и животна средина**

Терените за голф често се критикувани затоа што се штетни и за луѓето и за околината, бидејќи често се градат на земја која се користела за фарми и за шумарство од страна на локалното население. Исто, на тие терени им е потребно големо количество на вода, хербициди и пестициди за нивно одржување. Дали ова го прави голфот прашање на човековите права?

**Спорт и род**

Некои луѓе велат дека има само неколку жени меѓу врвните судии и спортски администратори заради дискриминацијата врз жените. Дали се согласуваш? Ако се согласуваш, што може да се направи во врска со тоа?

**Спорт и глобализација**

Патиките и другата спортска опрема се прават евтино и со експлоатиран труд во Источна Европа и на Далечниот Исток. Работниците сакаат да продолжат со работа и не повикуваат на бојкот. Што можеме ние, како потрошувачи, да направиме за да го избегнеме нашето учество во нивната експлоатација?

**Спортови и  медиуми**

Дали мислиш дека некоја одредена телевизиска компанија има право да откупи ексклузивна покриеност на еден спортски настан?

**Спорт и миграции**

Се вели дека еден од најлесните и најважните начини за интегрирање на доселениците е преку спорт и спортски активности. Дали се согласувате? Зошто? Зошто не?

**Спорт и сиромаштија**

Во многу земји, спортот, особено фудбалот, им нуди на поединци можност за „пасош надвор од сиромаштијата“. Според тоа, дали сиромашните земји треба да го насочат фокусот кон фудбалот?

**Спорт и вероисповед и убедување**

Многу спортски клубови играат за викенд. Дали е ова неправедна дискриминација против луѓето кои сакаат да ја практикуваат нивната религија во сабота или недела?

**Спорт и сеќавање**

Олимпискиот стадион во Берлин беше место за претставите на Хитлер,  за време на Олимписките Игри во 1936, искористен за пропагандни цели од страна на нацистите. Според тоа, за многу луѓе овој објект е симбол на фашизмот. Сега е реновиран, но сепак, некои луѓе сакаат да го демолираат, а други предлагаат да се дозволи бавно да се распадне како „Колосеумот во Рим“. Што мислиш, што би требало да му се случи на таква градба?

**Спорт и војна и тероризам**

„Сериозниот спорт нема никаква врска со праведната игра. Опкружен е со омраза, љубомора, фалење, непочитување на сите правила и садистичко задоволство во сведочењето на насилството. Со други зборови, тоа е војна минус пукање.“  - 1945, Џорџ Орвел. Дали се согласуваш?

**Спорт и работа**

Дали се согласуваш дека професионалните спортисти треба да ги имаат истите права и обврски како и сите други работници, вклучувајќи, на пример, работни часови, плаќање даноци и право да формираат синдикати?

**Спорт и здравје**

Што може да се направи на локално ниво во борбата против користењето дрога во спортовите?

**Спорт и мир и насилство**

До кој степен натпреварувачките спортови промовираат соработка и разбирање помеѓу луѓето, а до кој степен поттикнуваат национализам и ксенофобија?

**Спорт и сиромаштија**

Повеќето фудбалери од Европа добиваат високи плати за нивната работа. Може ли ова да биде оправдано и дали е праведно?

# Јазична бариера

*Можеш ли да одговориш на овие прашања? Дали твојата апликација за азил ќе биде прифатлива?*

**Ниво на сложеност**

Ниво 2

**Големина на групата**

Која било

**Време**

40 минути

**Теми**

• Миграции
• Војна и тероризам
• Дискриминација и нетолеранција

**Преглед**

Ова е симулација за тешкотиите со кои се соочуваат бегалците кога бараат азил. Темите ги вклучуваат:
• Фрустрациите и емоционалните фактори со кои се соочуваат бегалците;
• Надминувањето на јазичната бариера;
• Дискриминацијата за време на процедурата на аплицирање.

**Поврзани права**

• Право да се бара и да се ужива азил;
• Право да не се биде дискриминиран врз основа на етничка група или земја на потекло;
• Право на невиност додека не се докаже вината.

**Цели**

• Да се подигне свесноста за дискриминацијата од страна на граничната полиција и имиграциските власти;
• Да се развијат меѓукултурно комуникациски вештини;
• Да се развива емпатија за бегалците и барателите на азил.

**Материјали**

• Копии од прилогот „Барање за азил“, по една за секој учесник;
• Пенкала, по едно за секој учесник.

**Подготовка**

Наместете ја просторијата така што ќе можете да седите зад масата и да одглумите формалност на еден бирократски службеник.

## Инструкции

1. Дозволете им на учесниците да дојдат, но не поздравувајте никого, ниту пак да се нагласува нивното присуство. Не кажувајте ништо за она што ќе се случи.
2. Почекајте неколку минути после договорениот почеток и потоа поделете ги копиите од „Барањето за азил“ и пенкалата, по едно за секој учесник.
3. Кажете им дека имаат пет минути да ја пополнат апликацијата, но не кажувајте ништо друго. Игнорирајте ги сите прашања и протести. Ако треба да комуницирате, зборувајте на друг јазик (или измислете јазик) и користете гестови. Задржете ја целата комуникација на минимум. Запомнете дека проблемите на бегалците не се ваша грижа; ваша работа е само да ги поделите формуларите и повторно да ги соберете!
4. Грубо поздравете ги оние кои доцнат! (На пример, „Ти доцниш. Земи го формуларот и пополни го. Имаш само неколку минути да го сториш тоа.“)
5. Кога ќе поминат петте минути, соберете ги формуларите без да се насмевнете и без да

Миграција

Војна и тероризам

Дискриминација и нетолеранција

Ниво 2

Која било

60 минути

воспоставите личен контакт.
6. Повикајте некое име од пополнетите формулари и кажете му на тој учесник да пристапи напред. Погледнете во формата и измислете нешто во врска со пополнетото во формуларот, на пример, „Не си го одговорил/а осмото прашање“ или „Видов како одговори со „не“ на шестото прашање. Барањето се отфрла.“ Кажете му да си замине. Не влегувајте во никаква дискусија. Веднаш повикајте некој друг да пристапи напред.
7. Повторете го овој процес неколку пати. Не е потребно да се прегледуваат сите барања, туку само продолжете онолку долго колку што е потребно за учесниците да сфатат што се случува.
8. На крај, излезете од вашата улога и поканете ги учесниците да дискутираат што се случило.

## Резимирање и евалуација

Започнете со прашување на учесниците како тие се чувствуваа за време на активноста, а потоа преминете на дискусија за она што се случило, што научиле тие и поврзаноста со човековите права.

- Како се чувствуваа учесниците кога пополнуваа неразбирлив формулар?
- Колку реалистична беше симулацијата за искуството на еден барател на азил?
- Дали мислите дека во вашата земја барателите на азил праведно се третираат за време на нивното барањеза азил? Зошто? Зошто не?
- Кои би можеле да бидат последиците за некого чие барање за азил е одбиено?
- Дали учесниците некогаш биле во ситуација да не го зборуваат јазикот и се конфронтирале со некое службено лице, на пример, полицаец или контролор на билети? Како се чувствувале?
- Кои човекови права се опфатени во оваа активност?
- Кои можности ги имаат барателите на азил за да бараат заштита од кршење на нивните права?
- Колку баратели на азил има во вашата земја? Дали мислите дека вашата земја прибира доволен број бегалци?
- Кои права им се ускратени на барателите на азил во вашата земја?

## Совети за обучувачите

Ова е лесна активност за водење: главното нешто кое се бара од вас е да бидете „силни“ во вашата улога и мора да бидете сериозни, груби и бирократски. Состојбата на барателите на азил не е ваша грижа; вие сте тука само да си ја вршите вашата задача! Поентата е дека многу луѓе не сакаат бегалци во нивната земја. Имиграциските службеници имаат задача да ги скенираат бегалците и да дозволат влез само за оние кои имаат документи за идентификација и оние кои точно го имаат пополнето формуларот. Бегалците, често, слабо го познаваат јазикот на земјата во која доаѓаат и за нив е многу тешко пополнувањето на формуларот. Исто така, тие се во стресна и емоционална состојба. Особено тешко им е да сфатат што се случува, бидејќи нивните барања често се одбиваат и тие не ги разбираат причините.

„Барањето за азил“ е на креолски јазик. Креолските јазици се појавуваат како резултат на два народи, кои немаат заеднички јазик, а кои се обидуваат да комуницираат едни со други. Резултатот е мешавина. На пример, креолскиот јазик од Јамајка се одликува со долги англиски зборови со супериорен изговор на дијалектот на западно-африканската граматика. Постојат неколку креолски јазици, на пример, во Хаити и Доминиканската Република и на некои острови во Пацификот и Индискиот Океан, како што се Папуа Нова Гвинеја и Сејшелите. Причината, поради која креолскиот јазик е искористен во оваа вежба, е таа што релативно малку Европјани го знаат. Ако ви се случи да имате учесник кој зборува на креолски јазик, замолете го/ја да ја земе улогата на граничниот полицаец или имиграцискиот службеник.

## Предлози за идни активности

Ако сакате да ги погледнете аргументите за прифаќање или отфрлање на влезот на бегалците во земјата, погледнете ја активноста „Дали може да влезам?“, на страница 119.

Многу баратели на азил, доаѓајќи во Европа, имаат тешкотии да се интегрираат бидејќи имаат низок степен на образование од нивните родни земји. Ако сакате да дознаете

повеќе за нееднаквоста во достапното образование низ светот, можете да ја искористите активноста „Образование за сите?“, на страница 162.

## Идеи за акција

Дознајте повеќе за процедурите и што, всушност, се случува во вашата земја кога еден барател на азил ќе пристигне на граница. Каде и како тие ги пополнуваат првите формулари? Дали тие имаат право на преведувач уште на самиот почеток? Погледнете на Интернет, на официјалната веб-страница на владата, поканете еден имиграциски службеник и зборувајте за предизвиците на неговата работа и интервјуирајте ги барателите на азил за да дознаете кои се нивните ставови за ситуацијата, дали сметаат дека системот е праведен и со кои тешкотии се соочуваат, особено со процедурите при почетното пополнување на формуларите. Информациите би можеле да се искористат за кампањи за подигање на свесноста за бегалците или за повратни информации до имиграциските оддели или организации, како што се UNHCR и Amnesty International.

На децата, особено оние кои бараат азил без придружба на родител или возрасен, кој е близок член на семејството, им е потребна посебна заштита. Дознајте кои се процедурите за малолетници без придружба и погледнете дали има практични начини за да помогнете, на пример, давање помош при преведување на документи, испратени од властите или да станете старател (види подолу, во понатамошни информации).

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**21 февруари**
**Меѓународен ден на мајчиниот јазик**

## Понатамошни информации

**Бегалци**

Општото значење на зборот „бегалец“ е некој/а кој/а ја напушта неговата/нејзината земја, барајќи безбедност. Исто така, има прецизно, правно значење за некој, за кого е официјално признато, дека му е потребна заштита според Женевската конвенција од 1951. „Барател на азил“ е некој кој бара да биде законски признат бегалец. Формалните дефиниции на термините се дадени во речникот и повеќе објаснувања и информации можат да се најдат во делот за „Понатамошни информации“ од активноста „Дали може да влезам?“, на страница 119.

Следната информација е од Европскиот Совет за бегалци и прогонети (ECRE), www.ecre.org.

> Можностите на бегалецот да стекне заштита најмногу зависи од процедурите кои се користат во случаите кога се бара азил. Дури и најуверливото барање за меѓународна заштита може да пропадне, ако не е целосно и праведно земено во предвид. Граничните и имиграциските власти мора да ја сфатат обврската да примаат баратели на азил, додека правната помош и услугите при преведување мора да се достапни за секој барател на азил.
> На 1 декември 2005, Директивата за постапки при азил на ЕУ стапи на сила; таа се заснова на минимум стандарди за постапките во државите-членки за издавање и повлекување на бегалскиот статус. Таа се справува со прашања како што се пристап до постапките (вклучувајќи ги и граничните процедури), задржување, прегледување на барањата, лични интервјуа и правна помош. Според ставот на Европскиот Совет за бегалци и прогонети, кај Директивата „заостануваат стандарди кои придонесуваат до целосно и правично прегледување на барањата за азил ... прашањата вклучуваат ... санкционирање на граничните постапки кои отстапуваат од принципите и гаранциите на самата Директива“. Во 2009 година, Директивата беше дополнета за да овозможи подобра хармонизација на системот за азил во Европа.

Вие ќе најдете уште многу идеи за активности во врска со бегалците во едукативниот пакет на Британскиот црвен крст.
Одете на www.redcross.org,uk и побарајте ја активноста „Позитивни слики“.

**Деца кои бараат азил**

Комесарот за човекови права при Советот на Европа, 20 април 2010, напиша: „Ние имаме должност да ги заштитиме овие деца (малолетници без придружба). Клучно е дека тие имаат право на заштита. Првиот чекор не треба да е автоматска одлука за враќање назад на тие деца, туку брзо доделување на старател, кој ќе ги застапува интересите на детето. Ова е најдобрата заштита против секаква злоупотреба од трговците со луѓе, но и од можно запоставување од страна на властите во земјата.
http://commissioner.cws.coe.int

Оваа активност е адаптирана од Донахју,Д. и Флауерс,Н. The Uprooted, издавач Hunter House, 1995.

# Прилози

**Формулар за барање на азил**

| **Барање за азил** | |
|---|---|
| 1. Appellido | |
| 2. Primer nombre | |
| 3. Fecha de nacimiento | |
| 4. Pais, ciudad de residencia | |
| 5. Ou genyen fanmi ne etazini? | |
| 6. Kisa yo ye pou wou | |
| 7. Ki papye imagrasyon fanmi ou  yo genyen isit? | |
| 8. Eske ou ansent? | |
| 9. Eske ou gen avoka? | |
| 10. Ou jam al nahoken jyman | |

# Нека се чуе сечиј глас

*Да едуцираш е да веруваш во промени.*

Пауло Фреире

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Образование<br>• Граѓанство и учество<br>• Деца |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 3 |
| **Големина на групата** | 8-50 (мали групи 6-8) |
| **Време** | 120 минути |
| **Преглед** | Ова е вежба со дискусија во мали групи и пленарно за:<br>• Што е образование и како тоа ги задоволува или не ги задоволува потребите на човекот;<br>• Учеството во процесите на донесување одлуки. |
| **Поврзани права** | • Право на образование, вклучувајќи и право на образование за човекови права;<br>• Слобода на мислење и изразување;<br>• Право да се учествува во владата на својата земја. |
| **Цели** | • Да се размислува за образовниот систем и како тој излегува во пресрет на потребите на луѓето;<br>• Да се развијат вештини за соработка и учество во демократското донесување одлуки на училиште и на ниво на клуб;<br>• Да се промовира правда и инклузија. |
| **Материјали** | • 4 големи листови хартија или флип-чарт хартија и пенкала за малите групи од 4 луѓе;<br>• Дополнителна хартија, доволна за луѓето да прибележуваат, доколку сакаат. |
| **Подготовка** | Направете копии од прилогот, по еден за секоја мала група. |

**Образование**

**Граѓанство и учество**

**Деца**

**Ниво 3**

**8-50 (мали групи 6-8)**

**120 минути**

## Инструкции

Оваа активност е во два дела: прв дел (35 минути) е дискусија за тоа каков вид образование сакаат луѓето и вториот дел (60 минути) е дискусија за тоа како да се развиваат демократски системи така што младите луѓе ќе имаат можност го искажат своето мислење за образованието кое го добиваат.

**Прв дел.** Каков вид на образование имаме и какво би сакале да имаме? (35 минути)
1. Започнете со кратка општа дискусија за тоа што подразбираат луѓето под поимот „образование“. Нагласете дека образованието е повеќе од она што се случува во училиштата и факултетите. Издвојте ги разликите помеѓу формалното, информалното и неформалното образование. Учесниците треба да знаат дека стекнувањето образование е човеково право (член 26 од Универзалната декларација за човекови права).
2. Направете бура на идеи за сите позитивни и негативни аспекти на училишниот систем во вашата земја и прибележете ги клучните зборови на флип-чарт.

3. Кратко резимирајте ги клучните зборови и размислете зошто образовниот систем е таков каков што е со референца до некои од наброените точки, на пример, наставната програма, бројот на ученици во одделението/класот, училишните правила во врска со облеката и додатните активности од наставната програма.
4. Замолете ги учесниците да се поделат во мали групи од 4 до 5. Поделете го текстот од член 28 од Конвенцијата за правата на детето (КПД). Дајте им на групите 15 минути да ја оценат вредноста на нивното право на образование. На пример, основното образование - достапно и бесплатно за сите во вашето општество. Ако не е, кој е исклучен и зошто? Кои форми на дисциплина постојат и дали се почитува достоинството на индивидуата? Дали наставната програма го поттикнува развојот на личноста, талентите и способностите? Кој е фокусот, на пример, да се создадат добри граѓани или обучена работна сила? Дали е вклучено образованието за човекови права?
5. Вратете се пленарно и замолете ги учесниците да дадат повратна информација.

**Втор дел.** Развивање демократски системи така што луѓето ќе имаат можност го искажат своето мислење. (60 минути)
1. Прашајте ја групата кој ги носи одлуките за видот на образованието кое го добиваат.
2. Замолете ги луѓето да се вратат во нивните мали групи за да резимираат како се носат одлуките во нивното училиште. На пример, кој одлучува што ќе се предава или кои додатни активности ќе бидат организирани? Како училиштето или факултетот се управуваат? Како се донесуваат одлуки за буџетот и за трошењето? Како се развиваат и договараат политиките? Колку младите луѓе имаат право да го искажат сопственото мислење?
3. Кажете им дека не само што имаат право на образование, туку и согласно со член 12 од Конвенцијата за правата на детето „детето има право на изразување на своето мислење за сите прашања кои се однесуваат на детето и на неговото мислење се посветува должно внимание.
4. Замолете ја секоја група да размисли за позитивните и негативните аспекти да се има демократски-избрано тело, како што е ученичкиот совет, за да донесува одлуки за нивното образование на локално ниво.
5. Наредната фаза зависи од околностите во групата. Ако нема совет во вашето училиште, тогаш групите треба да донесат одлука каков совет тие би сакале, што би требало да биде негов домен и како да се да формира. Ако вашето училиште или факултет веќе имаат совет, тогаш нека резимираат како тој работи и да развијат планови за да работи подобро. Објаснете како да направат SWOT анализа и кажете им на групите дека имаат 30 минути да развијат акционен план и да го напишат на голем лист хартија или на флип-чарт хартија.
6. Вратете се пленарно и замолете ги групите да ги презентираат резултатите.

## Резимирање и евалуација

Многу точки ќе се спомнат на различни степени во претходните дискусии. Според тоа, дајте време за резимирање на активноста како целина, за да се рефлектираат општите точки на учење и да се планира што наредно да се прави.

- Дали луѓето уживаа во активноста? Дали беше корисно? Зошто? Зошто не?
- Зошто постоечките структури кои донесуваат одлуки се такви какви што се? Кои се историските преседани? Дали структурите ги исполниле нивните функции во минатото? Дали се тие соодветни и сега? Ако не се, зошто?
- Зошто структурите кои донесуваат одлуки и процедурите треба редовно да се резимираат?
- Како се споредувале акционите планови на различните групи?
- Колку чинат тие во услови на време, напор и пари?
- Колку беа тие реалистични? (Забелешка: добро е да се имаат големи визии, но во исто време, треба да направиш еден чекор кон целта!)
- „Детето има право на изразување на своето мислење за сите прашања кои се однесуваат на детето и на неговото мислење се посветува должно внимание.“ Дали е ова реалистично барање во врска со националната образовна наставна програма? Како би можеле младите луѓе да придонесат?
- До кој степен член 12 се почитува во училницата? Колку време би требало да се посветува за да може „да се искаже сопственото мислење“?

COMPASS

• Некои групи, на пример Ромите, често сметаат дека нивното право на образование е нарушено. Зошто е тоа така и како би можело пристапот да биде полесен?

• Како се предава образованието за човекови права во вашето училиште? Дали учите за човекови права и различни конвенции? Дали имате можност да бидете вклучени во проекти за промовирање на човековите права во вашето училиште и заедницата?

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**Една недела, вклучувајќи го и 15 октомври Европска недела на локалната демократија**

## Совети за обучувачите

Оваа активност е напишана со референца за училиштата и факултетите со напомена на „советите во училиштата или факултетите“. Ова не треба да одвраќа никого кој работи во неформални рамки; активноста е исто значајна за младите луѓе во младинските клубови и здруженија кои почесто имаат одбори отколку совети, како нивно управно тело. Само соодветно прилагодете ги условите кои го користите.

Запознајте ги членовите 12 и 28 од Конвенцијата за правата на детето (погледни на страница 468). Ако работите со млади возрасни, над 18 години, тогаш повикајте се на правото на образование во Декларацијата за човекови права при ОН (член 26).

Општи информации за образованието и човековите права има и во делот за „Образование“ на www.coe.int/compass. Белешки за разликите помеѓу формалното, неформалното и информалното образование можат да се најдат на страница 31. SWOT анализата е опишана и објаснета во „Преземање акции“, на страница 376.

### Зошто е потребен училиштен совет?

Училишниот/студентскиот совет има за цел да им даде глас на учениците/студентите во училишните прашања кои директно ги засегаат. Има многу добри причини за воспоставување на училишни совети и за овозможување на нивно ефективно работење. Истите аргументи се применуваат и кај одборите или комитетот за управување со младинските организации.

### Корист насочена кон ученикот

Учеството во училишниот совет го промовира образовниот или личниот развој на учениците, бидејќи:

• Советите промовираат учење за граѓанството, политичка ефикасност и демократски ставови;

• Советите промовираат општествена доверба и лични вредности;

• Учениците/студентите се зајакнуваат при предизвикувањето на авторитетите;

• Учениците/студентите учат како да донесуваат одлуки на еден праведен и одговорен начин.

• Учениците/студентите учат за реалноста на животот, на пример, како да се работи со ограничен буџет или со власти кои не реагираат.

### Прагматски придобивки

• Демократските стилови на управување подобро функционираат отколку автократските, бидејќи тие се поефективни и ги охрабруваат учениците да преземат одговорност;

• Советите поттикнуваат соработка, ја искористуваат енергијата и ја намалуваат оттуѓеноста;

• Советите можат да ја подобрат атмосферата во училиштето: на наставниците повеќе им се верува; се покажа дека правилата се на праведна основа;

• Кои и да се ограничувањата заради надворешните општествени и политички притисоци, советот е практичен начин, кој ќе им покаже на учениците/студентите добра верба во персоналот и посветеност кон одредени вредности.

## Предлози за идни активности

Групата и понатаму нека работи на идеите генерирани во оваа активност, користејќи ги советите од делот „Преземање акција“ – „Образование“ во Поглавје 5, на страница 447, со цел да се охрабри да го искажува своето мислење при донесувањето одлуки во нивното училиште, факултет или клуб.

Ако групата уживаше во размислувањето за видовите образование, тие можеби би уживале и во играта „Приказна за два града“, на страница 292, која покренува прашања за тоа во каков вид на град би сакале да живат. Ако учесниците би сакале да дознаат за општите ставови при гласањето, тогаш погледнете ја активноста „Да се гласа или да не се гласа“, на страница 312.

## Идеи за акција

Учесниците би можеле да размислат за поврзување и размена на информации со другите училишни совети во нивната област, на национални или меѓународно ниво.

## Понатамошни информации

Степенот до кој младите луѓе можат да учествуваат во процесите на донесување одлуки зависи од нивната возраст и прашањата за кои треба да се одлучува. Како корисен модел, разгледајте ја скалата на Roger Hart за учество на младите луѓе на www.freechild.org. Повеќе информации за скалата на учество има во делот „Граѓанство и учество“, во Поглавје 5, на www.coe.int/compass.
Можностите за директно вклучување во процесите на донесување на одлуки растат во многу земји, на пример, партиципативно буџетирање, процес во кој ефектите од вклученоста на луѓето директно се гледаат и во промената на политиката или приоритетните трошоци. Ова не е само вежба за консултација, туку олицетворение на директна, советодавна демократија: http://www.participatorybudgeting.org.uk. Еден пример е Udecide програмата за партиципативно буџетирање во Newcastle (Велика Британија), каде во мај 2008, младите луѓе имаа 20% глас при обезбедувањето средства за Детскиот фонд во износ од 2.250.000 фунти. Признавајќи дека децата и младите луѓе се експерти, проектот имаше цел да им даде можност на тие млади луѓе од градот, кои имаа корист од фондот, да го искажат своето мислење како беше извршено издвојувањето на средствата.

Организациското биро на европските училишни унии (OBESSU) е европска чадор организација на училишни организации. Таа работи со цел да:
• Ги претставува ставовите на учениците од Европа пред различни образовни институции и платформи;
• Го поддржува и подобрува квалитетот и пристапноста на образованието и образовната демократија во Европа;
• Да ги подобрува условите во средните училишта во Европа за промовирање на поголема солидарност, соработка и разбирање помеѓу учениците;
• Стави крај на дискриминацијата и неправдата, онаму каде што тие постојат, во образовните системи во земјите во Европа.

## Прилози

**Конвенција за правата на детето,** член 28:

Детето има право на образование. Државата треба да го прогласи основното образование за задолжително и бесплатно за сите и да го поттикнува развојот на различните форми во средното образование, правејќи ги да бидат достапни за секое дете. Училишната дисциплина треба да се спроведува на начин кој е во согласност со достоинството на детето. Образованието треба да биде насочено кон развој на личноста на детето, талентите и способностите, почитувањето на човековите права и основни слободи, одговорен живот во слободно општество, во духот на мирот, пријателството, разбирањето, толеранцијата и еднаквоста, развивањето почит за природната средина.

# Ајде да зборуваме за секс!

*Ајде да зборуваме за секс; ајде да зборуваме за тебе и за мене.*[1]

**Ниво на сложеност** Ниво 4

**Големина на групата** 10-15

**Време** 60 минути

**Теми**
• Род
• Дискриминација и нетолеранција
• Здравје

**Преглед** Оваа активност користи техника „аквариум“ за да се истражат ставовите за сексуалноста, вклучувајќи ја и хомофобијата.

**Поврзани права**
• Право на еднаквост;
• Слобода од дискриминација;
• Слобода за изразување и здружување.

**Цели**
• Да се прошири разбирањето на прашањата и правата поврзани со сексуалноста и сексуалниот идентитет;
• Да се развие самодоверба за да се изразува сопственото мислење за разновидноста на сексуалните склоности;
• Да се промовира толеранција и емпатија кон другите кои се различни.

**Материјали**
• 3 столови;
• 2 обучувачи (пожелно е);
• Простор за да се движат учесниците;
• Табла или флип-чарт и флоастери;
• Мали ленти од хартија и пенкала;
• Шешир.

**Подготовка**
• Бидете свесни дека за многу луѓе – особено млади луѓе, сексуалноста е многу лично и сензитивно прашање. Бидете подготвени да ја прилагодите или методологијата или темата - или двете!
• Идентификувајте неколку добро-познати луѓе кои јавно проговориле за нивната сексуалност, вклучувајќи хетеросексуалци и хомосекасуалци, бисексуалци и трансексуалци.

## Инструкции

1. Наместете ја сцената. Објаснете дека, иако повеќето луѓе сексуалноста ја гледаат како приватна работа, правото да не се биде дискриминиран според сексуалната ориентација е основно човеково право и е заштитено со легислативата на повеќето европски земји. Оваа активност е можност да се истражуваат ставовите за сексуалноста, а особено за хомосексуалноста и хетеросексизмот. Потоа, загрејте се со бура на идеи за познатите луѓе, кои гласно проговориле за нивната сексуалност.
2. Поделете ги ливчињата и пенкалата и замолете ги луѓето да напишат прашања во врска со хомосексуалноста или сексуалноста, воопшто, и да ги стават тие ливчиња во шеширот. Прашањата треба да бидат анонимни.
3. Објаснете дека оваа активност е за истражување на ставови за сексуалноста, а особено

Род
Дискриминација и нетолеранција
Здравје
Ниво 4
10-15
60 минути

[1] Насловот е адаптиран од хит-песната, од американското хип-хоп трио Saltn-Pepa (1991)

за хомосексуалноста. Секој слободно треба да го искаже мислењето, кое може да биде конвенционално или неконвенционално, контроверзно или кое ги оспоруваат нормите во нивното општество. Луѓето можат да презентираат гледни точки со кои тие се согласуваат или не се согласуваат без страв, потсмев или презир.

4. Наместете ги трите столови во полукруг пред групата. Овие се за тројцата говорници во „аквариумот“. Остатокот од групата се набљудувачи.

5. Објаснете дека ќе започнете, поканувајќи двајца волонтери, да се придружат во конверзацијата во „аквариумот“. Доколку во некоја точка, некој сака да се приклучи, може тоа да го стори, но бидејќи има простор за само три риби во топката во исто време, тогаш некој ќе мора да испадне. Некој кој сака да се придружи во конверзацијата, треба да дојде напред и нежно да го допре рамото на еден од „говорниците“. Овие двајца луѓе ги заменуваат местата и првиот „говорник“ станува набљудувач.

6. Секој е добредојден да истапи напред и да го искаже мислењето, кое не мора да е и сопствено мислење. На овој начин, гледните точки кои се контроверзни, „политички некоректни“ или незамисливи можат да се искажат, а темата да се дискутира од многу различни перспективи. Нагласете дека навредливите или болни коментари, кои се упатени кон поединци во групата, не се дозволени.

7. Замолете некој доброволец да одбере прашање од шеширот и да започне да дискутира за него. Дозволете дискусијата да тече сѐ додека луѓето не ја исцрпат темата и додека точките не почнат да се повторуваат.

8. Потоа замолете други тројца доброволци да започнат дискусија за друго прашање, според истите правила од претходно.

9. Дискутирајте онолку прашања колку што имате време. Кога конечно ќе преминете на резимирање и евалуација, направете кратка пауза и дозволете им на учесниците да излезат од „аквариумот“. Ова е особено важно, ако дискусијата почне да се вжештува и да станува контроверзна.

## Резимирање и евалуација

Започнете со кратко резимирање за тоа како се чувствуваат луѓето, и внатре и надвор од „аквариумот“. Потоа, преминете на различните погледи кои беа искажани и конечно, дискутирајте што научија луѓето од активноста:

• Дали некој беше шокиран или изненаден од некои искажани гледни точки? Кои? Зошто?

• Во вашата заедница, колку се луѓето отворени во врска со сексуалноста?

• Дали од младите мажи и жени се очекува да се прилагодат на одредена сексуална ориентација и улоги? Кои?

• Како (младите) луѓе, кои не ги исполнуваат овие очекувања, се перцепирани и третирани?

• Дали некои групи се повеќе отворени од други? Зошто?

• Од кои сили зависи како се развива нашата сексуалност?

• Од каде луѓето ги добиваат нивните вредности за сексуалноста?

• Дали ставовите на учесниците за сексуалноста се разликуваат од оние на нивните родители и баби и дедовци? Ако се разликуваат, на кои начини се разликуваат? Зошто?

• Дали постојат некакви закони во вашата земја кои забрануваат сексуални врски помеѓу возрасни луѓе? Ако забрануваат, во што се состои забраната? Зошто тие постојат? Дали мислите дека тие се разумни?

• Членот 16 од Универзалната декларација наведува: „Мажите и жените во полна возраст, без никакво ограничување според раса, националност или религија, имаат право на брак и да формираат семејство.“ Зошто „сексуалната ориентација“ не е вклучена во листата, заедно со „раса, националност или религија“? Дали треба да биде вклучена?

• Во некои земји, законите и општествениот притисок се појавуваат за да се судрат со човековите права на поединецот, како што се почит и достоинство, заљубување во личност по сопствен избор, слободно стапување во брак итн. Како можат да се решат ваквите конфликти?

## Совети за обучувачите

Бидете свесни за социјалниот контекст во кој работите и соодветно прилагодете ја активноста.

Целта на оваа активност е да им се дозволи на учесниците да размислуваат за сопствената сексуалност и за нормите во нивното општество, како и да се охрабрат да имаат самодоверба за да ги изразат нивните погледи, како и да бидат толерантни кон луѓето со различни ставови. Целта не е да се убедат луѓето со различни погледи на свет, ниту пак да се дојде до консензуална одлука.

Пред да ја водите активноста, препорачливо е да се подготвите себеси, читајќи ги информациите за „Род“, во Поглавје 5 на www.coe.int/compass. Размислете кои теми би можеле да се појават. Некои често поставувани прашања и теми вклучуваат:

- Што е хомосексуалност?
- Кои се разликите помеѓу хетеросексуалците, геј, лезбејки, бисексуалци и трансексуалци?
- Дали хомосексуалноста е болест?
- Како луѓето стануваат геј или лезбејки?
- Што е со ризикот од СИДА?
- Во некои земји хомосексуалноста е прифатена и геј луѓето можат да стапуваат во брак, а во други тоа е казниво со смрт.

Исто така, за вас, обучувачите, многу е важно да размислите за вашите сопствени вредности и верувања за она што е правилно, за вас, вашите семејства и за другите и да запомните дека овие вредности ќе се рефлектираат врз сé што ќе направите и кажете и сé што нема да направите или нема да кажете. Пресудно е да ги признаете вашите сопствени вредности и предрасуди и да го разберете потеклото на тие вредности, така што и учесниците ќе можат да развијат увид во потеклото на нивните вредности.

Целта на бурата на идеи со познати луѓе, кои јавно проговориле за нивната сексуалност, е да се охрабрат учесниците да бидат отворени дискутирајќи за сексуалноста. Исто, можност е да се појаснат термините, како што се геј и лезбејка, хомосексуалец, хетеросексуалец, бисексуалец и трансексуалец. (Погледнете ги информациите во Поглавје 5 на www.coe.int/compass).

Вашата улога во активноста е пресудна во поставувањето на општиот тон. Еден начин да се започне е со користење на двајцата обучувачи како говорници. Едниот од вас би можел да започне велејќи: „Дали слушна, Петар излезе дека е геј?“ Другиот може да одговори: „Не, никогаш не би помислил, во смисла, тој не изгледа како геј.“ На овој начин, вие навестувате дека конверзацијата е за некој заеднички пријател и според тоа е на „локално“ ниво и не е теоретска дебата. Исто така, тоа помага да се отвори дебата за тоа што знаат луѓето за хомосексуалноста и нивните ставови кон неа.

Се надеваме дека некој од набљудувачите брзо ќе ве замени, а со тоа ќе овозможи да им ја оставите дискусијата на учесниците. Според тоа, вие треба да продолжите со учество како опсервери, така што ќе ја задржите можноста уште еднаш да се обидете како говорникци. Ова ја остава отворена можноста за вас дискретно да ја манипулирате дискусијата или да отворите различни патишта на дебатата или тактично да отстраните некој учесник, кој не ги почитува правилата.

Ако сакате, можете да воведете правило дека некоја одредена гледна точка може само еднаш да биде покрената. Ова ќе спречи дискусијата да биде фокусирана само на неколку аспекти од темата и ќе помогне да се обесхрабри повторувањето на популарните предрасуди.

Ако е потребно да ѝ дадете идеи на групата за прашањата кои треба да се дискутираат, би можеле да го предложите следново:

- Дали возраста за сексуална согласност (за брак или секс) е различна за хомосексуалците?
- Дали треба да им се дозволи на геј и лезбејските парови да стапуваат во брак и да

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**17 мај**
**Меѓународен ден против хомофобија и трансфобија**

посвојуваат деца? Зошто/зошто не?

• Дали е вистина дека мажите кои имаат секс со мажи имаат повеќе шанси да добијат СИДА од жените кои имаат секс со мажи?

Ако групата е голема, нема да има време да се дискутираат сите прашања. Бидете свесни дека некои од луѓето може да се чувствуваат разочарано или фрустрирано, бидејќи нивното прашање нема да се отвори. Во обид да го надминете ова, вие можете, на крајот од сесијата, да ги залепите сите прашања на ѕидот. Ова ќе ги мотивира учесниците да ја продолжат дискусијата во некое нивно време.

## Варијации

Овој метод може да биде прилагоден за кој било вид на прашање, на пример, расизам, образование или промена на климата.

## Предлози за идни активности

Вам можеби ќе ве интересира да погледенете како сексуалноста, а особено хомосексуалноста, е претставена во медиумите. Соберете слики од весници, списанија и од Интернет и замолете ги луѓето да напишат наслови или говорно облаче; погледнете „Повеќе начини да се игра со слики“, на крајот од активноста „Играње со слики“, на страница 253.

Активноста „Наскоро ќе бидат застарени“, на страница 278 разгледува како ставовите, вклучувајќи ги и ставовите кон сексот, се менуваат со текот на времето.

## Преземање акции

Контактирајте со организација за лезбејки, геј, бисексуални и трансродови лица во вашата земја. Поканете еден од нивните претставници за да ја насочи групата и да дознаат кои прашања од рамноправноста и правата се најитни за нив во вашата земја.

## Понатамошни информации

Човековата сексуалност е интегрален дел од животот и една од нашите основни потреби. Нашата сексуалност влијае на нашата личност и бихејвиорални карактеристики – општествени, лични, емоционални, психолошки – кои се очигледни во нашите врски со другите. Нашата сексуалност  се формира од нашите сексуални и родови карактеристики и од други комплексни влијаниија и е предмет на доживотна динамичка промена.

### Сексуалната разновидност и човековите права

На прв поглед, овие две прашања може да изгледа дека не се поврзани. Може да се дискутира дека едното е поврзано со приватен и индивидуален избор, а другото со јавен домен на правни и политички структури, кои делуваат во врска со граѓанството. Скоро, последните историски, антрополошки и социолошки студии покажуваат како сексуалниот идентитет и начините на изразување на сексуалната желба се гледаат, и низ времето и низ културите, како потенцијално разорни при одржувањето на општествениот ред. Во некој контекст, истите или неодредени сексуални желби предизвикуваат напукнување на традиционалните или религиозни верувања, и кај другите тоа може да се смета како психичка болест.

Тука постои и општествена и верска хегемонија која константно делува при маргинализирањето на еднаквиот пристап до човековите права. Институционализирана претпоставка е дека хетеросексуалноста е „природен“, а според тоа и „нормален“ начин на изразување на сексуалната желба и со тоа е морално прифатлива, додека другите форми на сексуално изразување се „неприродни“ и морално неприфатливи.

**Забелешка:** Прилагодено од веб-страницата на Комисијата за човекови права на геј и лезбејки, www.iglhrc.org

# Ловење на китови

*Мислете како сакате, но – ловењето на китови е убиство и тоа не е во ред.*

Друштво за заштита на китовите и делфините

| | |
|---|---|
| **Ниво на сложеност** | Ниво 4 |
| **Големина на групата** | 14+ (мали групи од 5) |
| **Време** | 150 минути |
| **Теми** | • Култура и спорт<br>• Животна средина<br>• Глобализација |
| **Преглед** | Оваа активност вклучува работа во мали групи, играње улоги, дискусија и градење консензус за прашањата за:<br>• Одржливата корист од морските ресурси;<br>• Правата на домородните народи, слободно да го одредат нивниот економски, социјален и културен развој. |
| **Поврзани права** | • Право да се учествува во културниот живот на заедницата;<br>• Право на храна и пристап до природни ресурси;<br>• Право на живот, слобода и лична сигурност. |
| **Цели** | • Да се развие разбирање за очигледните конфликтни тврдења за правото на учество во културниот живот и заштита на животната средина;<br>• Да се развијат критичко мислење, вештини да се презентира аргумент и вештини за градење консензус;<br>• Да се развијат ставови за отвореност кон културните разлики. |
| **Материјали** | • Прилози;<br>• Пенкала и хартија за групите да прават белешки. |
| **Подготовка** | • Прочитајте ги сите прилози за да се запознаете со информациите за темата. Тогаш вие ќе можете да делувате како ресурсна личност, доколку е потребно.<br>• Направете копии од картичките со улоги. Секој учесник треба да има сопствена картичка со референтна улога. |

Култура и спорт
Животна средина
Глобализација
Ниво 4
14+ (мали групи од 5)
150 минути

## Инструкции

Оваа активност е поделена на два дела: првиот дел (30 минути) е вовед во активноста и во вклучените прашања за животната средина и културата, а вториот дел (90 минути) е симулација на состанок за обид да се најде заедничка основа помеѓу племето Маках (Makah) и лобистите против ловењето на китови.

**Прв дел.** Вовед во прашањата за животна средина и култура (30 минути)
1. Објаснете дека активноста е за правата за животна средина и културните права.Таа се насочува кон желбата на народот Маках, кои сакаат да продолжи ловењето на китови, и противењето од страна  на борците за заштита на животната средина и останатите.
2. Кажете им на групата за Маках и објаснете дека конфронтирањето трае многу години и дека

правните трошоци растат без да има долготраен резултат. Борците за заштита на животната средина користеле непромислени методи, ставајќи ги во опасност сопствените и животите на останатите другите луѓе, а некои припадници на Макаh се толку фрустрирани така што тие го прекршиле законот и илегално ловеле китови. Тоа е една незадоволителна ситуација за сите и изгледа, време е страните да се обидат да разгледаат што имаат заедничко и да најдат решение.
3. Воведете некои од прашањата, замолувајќи ги учесниците да го назначат нивниот одговор на следните прашања, преку стоење „високо или ниско". (Како да се користи оваа техника, видете на страница 357). Читајте ги следниве изјави една по друга:

- Обичаите на луѓето треба да се почитуваат сé додека не ги злоупотребуваат човековите права.
- Ние треба да го почитуваме правото на луѓето да имаат слобода во изборот на храна; да бидат вегани, вегетаријани или да јадат месо.
- Храната што ја јадеме би требало да се произведува со користење на методи кои не се штетни за животната средина.
- Сточарството не треба да вклучува сурови методи, како што се интензивно одгледување и сурови начини на колење.
- Културните традиции се многу значајни за луѓето и тие треба да се почитуваат.
- Китовите не треба да се ловат, дури ни за културни цели.

**Втор дел.** Симулација на состанок за обид да се излезе од ќорсокакот помеѓу племето Макаhи и противниците на ловењето на китови. (90 минути)
1. Потсетете ја групата дека жестоката борба, и буквално и правно, трае со години и дека сега е време за обид да се најде решение. Оваа активност е симулација на состанок, чиј домаќин е една замислена организација наречена Crest (култура, права, животна средина, одржливост и разговор). Crest е една независна организација која работи на приближување на перспективата на човековите права до прашањата за животната средина. Тие се посветени на промовирање на разбирање преку дијалог. Симулацијата е состанок, кој го води Crest, помеѓу четири групи:

а. Племето Макаh, кое сака да продолжи со ловење на китови

б. Високо-северна алијанса (High North Alliance), чадор организација, која ги претставува ловците на китови и фоки, која работи за иднината на крајбрежните култури и за одржливата корист од ресурсите на морските цицачи. Оваа алијанса ги поддржува Макаhи.

в. Sea Shepherd, организација која го истражува и документира кршењето на меѓународните закони, регулативи и договори кои ги заштитуваат морските видови. Тие се против барањето на Макаh.

г. Greenpeace, активисти за животна средина кои се против ловењето на китови.

2. Улогата на Crest е да ја води дискусијата, која ќе се фокусира на пет прашања:

- Зошто китовите се значајни?
- Дали сивите китови се загрозени видови?
- Зошто Макаh треба да се спречат во јадењето месо од кит?
- Дали ритуалот на ловење на китови од стана на Макаh може да се модифицира?
- Ако се постигне договор, каков вид на мониторинг ќе биде потребен за да се осигураме дека китовите ќе бидат заштитени?

3. Побарајте четворица доброволци да го претставуваат Crest, а остатокот од групата поделете го подеднакво, на четири мали групи. Поделете ги картичките со улоги. Групите имаа 30 минути да дискутираат за информациите и да размислат за нивните позиции и нивните аргументи за поддршка, во врска со оние пет прашања.
4. Кога групите се подготвени, доведете ги сите заедно, пленарно и повикајте ги луѓето кои го претставуваат Crest да го отворат состанокот. Состанокот би требало да трае 60 минути.
5. Crest го отвора состанокот со кратка изјава за човековите права и рамката за животната средина и нагласува дека целта на овој состанок е да се споделат информации и да се дискутираат прашањата, како што е формулирано преку петте прашања. Следи племето Макаh кое го наведува неговиот случај. Потоа темите се отворени за дискусија.
6. На крајот од дискусијата Crest треба да сумира. Дајте кратка пауза, а потоа преминете на резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

Започнете, замолувајќи ги групите, да размислат за дискусиите и дали беше можно да се постигне консензус за некое од прашањата; потоа преминете на разговор за општите прашања.

• Дали беше тешко да се играат различни улоги?

• Што беше најинтересното нешто што го научија?

• Што е она што ги прави аргументите најдобри? Да допираат до емоциите или да се рационални, логички аргументи?

• Колку тешко беше да се согледа другата страна на аргументот? Колку тешко беше да се прифати?

• Дали имаше заедничка основа за секое од петте прашања?

• Во вистинскиот живот, колку тешко е да се прифатат културните практики на другите луѓе, за кои учесниците сметаат дека се груби, несфатливи и неетички?

• До која точка културниот судир станува дискриминација?

• Колку е тешко да се биде отворен во врска со културните разлики?

• Дали глобализацијата неизбежно води кон губење на културата? Дали променетата култура е изгубена култура? Дали треба да гледаме на културната промена како позитивен процес во промената на светот?

• Кои човекови права се опфатени во оваа активност?

• Спротивставените правни барања обично се решаваат на суд. Дали е ова праведен начин за решавање на прашањата за човековите права?

• Што би требало да биде приоритетно, потрагата на луѓето по храна и живот или заштитата на животната средина и зачувувањето на видовите?

Завршете ја оваа сесија со уште еден круг на „високо или ниско“ за да видите дали луѓето ги поместиле нивните ставови во врска со прашањата за ловењето на китови. Повторете ги истите прашања, кои ги поставивте во првиот дел.

## Совети за обучувачите

Комплексноста на прашањата во оваа активност значи дека таа најдобро одговара за повозрасна група со добри вештини за дискутирање. Има многу информации кои треба да се усвојат, а текстот на картичките со улоги претпоставува одредено ниво на знаење за човековите права и терминологијата за животната средина. Вие можеби ќе предвидите оваа активност да се работи низ две сесии, давајќи им на групите време помеѓу за да ги прочитаат картичките со улоги и да размислат за прашањата.

Една важна цел од оваа активност е соочувањето на младите луѓе со ограничувањата на нивните културни перспективи и нивно оспособување повторно да размислат за нивните ставови кон одржливата корист на дивиот свет. Ловењето на китови е емотивно прашање за многу луѓе и прашање за кое често задржуваат цврсти ставови. Ова ја прави темата предизвикувачка, но и многу тешка за работа. Вие би можеле, на пример, да ги прашате учесниците како тие би реагирале ако им беше забрането да јадат специфична храна, значајна за нивната култура, живот и традиции. Втората цел е да се развијат вештини за градење консензус и затоа активноста е дизајнирана да биде состанок кој се води од страна на една замислена организација - Crest (култура, права, животна средина, одржливост и разговор). Пред да ја реализирате активноста, ви можеби ќе сакате да се потсетите на информациите за градење консензус, на страница 64.

Во вториот дел, чекор 1 од инструкциите можеби ќе сакате да елаборирате за некои прашања.

• Зошто китовите се важни? Земете ги во предвид економските, историските, спиритуалните и причините за животната средина!

• Дали сивите китови се загрозени видови? Дали постои научен доказ за тоа?

• Зошто Makah би требало да се запрат и да не јадат месо од кит? Размислете за тоа дека Евреите и муслиманите не јадат свинско месо од културни причини, но не ги запираат другите луѓе во јадењето свинско месо.

• Дали би можел ритуалот на Makah при ловење на китови да биде прилагоден? Имајте во предвид дека културните практики можат и прават промени: на пример, во одговор

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**9 август**
**Меѓународен ден на домородните народи**

на епидемијата на СИДА, во културите низ светот, зборувањето за сексот не е веќе табу, а ритуалите кои вклучуваат секс, како што се, прочистувањето на вдовиците, се пред предизвик и се менуваат.

• Ако се постигне договор, каков вид на мониторинг ќе биде потребен за да се осигураме дека китовите ќе бидат заштитени? Размислете за отворен пристап до информациите, кои можат да бидат арбитер за тоа дали во одредена година китовите биле во добра форма и како да се превенира мамењето.

### Домородни народи

Нема цврсти и брзи разлики, кои ќе ни овозможат јасно дефинирање на домородните народи. Воглавно, би можело да се каже дека тие се потомци на луѓе, кои првично ја зазеле земјата, пред да дојдат колонизаторите и пред да се означат границите на земјата. Тие се секогаш маргинализирани во нивните држави и тие често се племиња.
Декларацијата за правата на домородните народи од 2007 го признава нивното право на само-определување, нивното право слободно да го определуваат нивниот економски, социјален и културен развој и нивното право на достоинство и разновидност на нивните култури.

**High NorthAlliance:** www.highnorth.no

**The Sea Shepherd International:** www.seashepherd.com

**International Whaling Commission:** www.iwcoffice.org

**Makah Nation:** www.makah.com

**Greenpeace:** www.greenpeace.org

### Принципот на претпазливост

Принципот на претпазливост наведува дека: „кога една активност предизвикува опасност од повреда на човековото здравје или на животната средина, треба да се преземат мерки на претпазливост дури и кога односот помеѓу некоја причина и ефект не се научно воспоставени.“ Тоа вклучува преземање мерки во име на несигурноста; го префрлува товарот на докажување на оние кои креираат ризици; анализа на алтернативите на потенцијално-штетните активности; и партиципативни методи за донесување на одлуки.

### Одржливост

Во 1989, Светската комисија за животна средина и развој при ОН (WCED), исто така наречена Извештајот Brundtland, го дефинираше одржливиот развој како: „развој кој ги задоволува потребите на сегашноста без загрозување на способностите на идните генерации за задоволување на нивните потреби.“ „Одржлива корист“ е термин кој се применува само за обновливите извори; тоа значи користење на ресурсите по стапки кои се во рамките на нивниот капацитет за обновување. Постои глобално договорен принцип за одржлива корист на светските природни ресурси, заснован врз научни докази и објективни податоци.

## Варијации

Ако групата е мала, можете да работите со две групи, Маках и Високо-северната алијанса од една страна, а Greenpeace и Sea Shepherd на другата.

Можеби ќе сакате да ја водите активноста на две различни места за да им дозволите на групите да ги истражуваат фактите и да имаат повеќе време да размислуваат за нивните позиции. Еден алтернативен начин да се презентира оваа активност е панел дебата. Одберете една личност да ги претстави сите четири групи Маках, Високо-северната алијанса, Sea Shepherd и Greenpeace. Дозволете им да ги презентираат нивните случаи и потоа продолжете со прашања. На крајот, гласајте за секое од петте прашања. На овој начин, ги поттикнувате луѓето да размислуваат за човековите права, прашањата за културните и аспектите од животната средина, но ќе недостига елементот за градење консензус.

## Предлози за идни активности

Ако групата сака да ја истражува идејата за културните промени, преминете на активноста „Наскоро ќе бидат застарени“, на страница 278.

## Идеи за акција

Поддржете ги домородните народи, купувајќи нивни производи. Многу рачни изработки, кои се продаваат во продавници кои продаваат производи преку „праведна трговија“, се изработени од домородни народи. Наредниот пат, одете, погледнете и одберете подарок за некого.

## Понатамошни информации

„Ловењето на китови од страна на Маках и смртта на Левијатан: повторно откривање на традицијата и спорната автентичност во модерното време“ од Rob van Ginkel, Универзитет од Амстердам, достапно и на Интернет. Внесете го насловот во вашиот пребарувач.

За информации за правата на домородните народи, погледнете ја Меѓународната работна група за домородни прашања www.iwgia.org. За целосниот текст од Декларацијата за правата на домородните народи од 2007, погледнете на www.un.org.

Повеќе информации за правата на животните и за идејата, дека е потребна љубезност и почит за сите живи суштества, на линкот: www.uncaged.co.uk.

## Прилози

**Општи информации за обучувачот**

Маках (исто наречени и племе Маках) живеат во резерват, кој е сместен на највисокиот северно-западен ‘рт од Олимпискиот Полуостров во државата Вашингтон, САД. Сегашниот резерват изнесува околу 27.000 акри. Во јули 1999, племенските пописни податоци покажале дека племето Маках има 1.214 запишани членови, а само 1.079 членови тековно живеат во резерватот. Просечната стапка на невработеност во резерватот е околу 51%. Речиси 49% од домаќинствата во резерватот имаат приходи, кои се класифицирани на ниво на сиромаштија, а 59% од станбените единици се сметаат за субстандардни.

Со оглед на овој темен опис, традициите се многу силни и многу припадници на Маках, кои дипломирале на факултетите, се враќаат назад во резерватот да работат за племето Маках, локалната клиника и јавното училиште.
http://www.statemaster.com/encyclopedia/Makah

*Кратка историја на неодамнешни спорови*

- Октомври 1997: Согласноста од Меѓународната комисија за ловење на китови им дозволи на Маках четири сиви китови годишно.
- Мај 10, 1999: Се случи првиот лов на китови од страна на Маках, после повеќе од 70 години. Протестантите го прекинаа ловот, ставајќи ги нивните и животите на другите луѓе во опасност.
- Мај 17, 1999: Еден кит е фатен.
- Јуни 9, 2000: Апелациониот суд на САД за деветтиот округ, нареди дека ловот е запрен сé додека не се подготви нова проценка за животната средина.
- Јули 2001: Подготвена е новата проценка. Ловот е повторно дозволен.
- 2002: Меѓународната комисија за ловење на китови го одобри барањето на Маках да ја обнови квотата на китови за дополнителни пет години.
- Декември 2002: панел со три судии од Апелациониот суд на САД за деветтиот округ, го стави ловот на чекање на неодредено време сé додека не се подготви изјавата за целосното влијание врз животната средина.
- Февруари 2005: Племето Маках поднесе формално барање до Националната агенција за морски риболов за одрекување од законот за заштита на цицачите за да им се дозволи да ловат китови.
- Септември 2007: Некои членови на племето, фрустрирани од недостаток на напредок, илегално ловат китови.
- Мај 2008: Службата за рибарство објави нацрт на извештајот за влијанието на животната средина.
- Средина на 2009: Нема завршна изјава за влијанието врз животната средина или одлука според барањето за разрешување.

Извор: www.historylink.org

Повеќе информации за ловењето на китови и за народот Маках, можете да најдете на:
www.historylink.org
(барајте makah whaling)

## Картички со улоги

Вашата позиција со прашањето за ловењето на китови е неутрална. Вашата улога е да обезбедите информации за човековите права и легислативата за животната средина, да бидете медијатор помеѓу групите и да сумирате на крајот. Вашата работа како фасилитатори на состанокот е да овозможите дискусијата да биде фокусирана на задачата и да ги појасне заблудите и недоразбирањата. Помогнете им на групите да се оттргнат од нивните разлики и истражувајте што имаат тие заедничко, со цел да се постигне консензус за следниве прашања:

- Зошто китовите се значајни?
- Дали сивите китови се загрозени видови?
- Зошто Makah треба да се спречат во јадењето месо од кит?
- Дали ритуалот на ловење на китови од стана на Makah може да се модифицира?
- Ако се постигне договор, каков вид на мониторинг ќе биде потребен за да се осигураме дека китовите ќе бидат заштитени?

Започнете со добредојде на сите. Поставете ја рамката за дискусии. За две минути наместете ја сцената, сумирајќи ги аспектите на човековите права и правата на животната средина во врска со ова прашање,  и по желба, цитирајќи некој од деловите подолу. Повторете ја целта на состанокот: да се дискутираат прашањата и да се направи обид да се дојде до заедничко разбирање со цел да се најде трајно решение за тековниот конфликт.

Замолете ги членовите на племето Makah да ги објаснат нивните причини зошто сакаат да продолжат со ловот на китови пред да се отвори главната дискусија. После 50-минутна дискусија, накратко резимирајте и набројте ги точките кои произлегоа на овој состанок  и кои наредно треба да се појаснат.

**Некои информации за човековите права, културата и животната средина**

Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, во член 1 наведува дека:
1. Сите народи имаат право на самоопределување. Врз основа на ова право, тие слободно го определуваат својот политички статус и слободно го обезбедуваат својот економски, социјален и културен развој.
2. За да ги постигнат своите цели, сите народи можат слободно да располагаат со своите богатства и со своите природни извори, без штета по обврските што произлегуваат од меѓународната стопанска соработка, заснована врз принципот на заемниот интерес и меѓународното право. Еден народ, каков и да е, не може да биде лишен од своите сопствени средства за живот.

Член 15:
1. Државите - членки на овој пакт секому му го признаваат правото:
(а) Да учествува во културниот живот;
(б) Да се користи со достигањата на науката и со нивната примена.

Преамбулата од Виенската декларација од 1993 наведува дека: „Сите човекови права се универзални, неделиви и меѓусебно поврзани. Меѓународната заедница мора глобално да ги третира човековите права, на еден праведен и еднаков начин, на иста основа и со ист акцент...значењето на националните и регионалните особености и различните историски, културни и верски основи мора да се имаат во предвид.“

Во 1981, Меѓународната комисија за ловење на китови одлучи да дозволи Домородно ловење на китови за сопствени потреби (ASW). Ова е дефинирано како „ловење на китови со цел локална, домородна потрошувачка, кое ќе го изведуваат домородни луѓе кои живеат во цврста заедница, со семејни, општествени и културни врски поврзани со продолжувањето на традиционалната зависност од ловењето китови и користа од китовите.“

Конвенцијата за правото на морето при ОН наведува дека: „Еден од општите принципи е оптимумот на одржливо користење на обновливите морски ресурси.“

Во 1982, Меѓународната комисија за ловење на китови донесе мораториум за ловењето на загрозениот сив кит. Во 1994, популацијата се опорави, со проценети 21,000 единки, а исто така, беше тргнат и од листата на загрозени видови во САД.

**Картичка со улога – племето Маках**

Вашата улога е да го претставите случајот на Маках Индијанците, кои живеат на северо-западниот брег на Северна Америка. Ловењето на китови е значајна културна традиција за Маках и вие само сакате да убиете пет сиви китови секоја година.

Вие треба да го искористите вашето постоечко знаење за човековите права и прашањата за животната средина, заедно со следниве информации:

- Иако поминаа 70 години од последниот лов на китови, церемониите, ритуалите, песните и приказните се пренесуваат и се чуваат. Целата општествена структура беше изградена околу ловот.
- Денес, некои Маках Индијанци живеат од риболов на лососи и пацифички бакалари, кои се продаваат во локалните фабрики за преработка на риби, но стариот систем на споделување на уловеното сé уште постои помеѓу семејството и пријателите.
- Тоа беше индустриско ловење на китови, од страна на Европјаните и Американците, кој го намали бројот на китови. Сега бројот на китови е на историски високо ниво и китот е тргнат од листата на загрозени видови на САД.
- Нашите млади луѓе го вреднуваат поседувањето идентитет, врз основа на нивната култура и историја. Да се биде дел од културата, која има долга традиција, е привилегија која ја немаат многу млади луѓе во САД.
- Ние нема да ловиме сиви китови за комерцијални цели. Нашата цел е обредна и за храна/егзистенција.
- Ние побаравме 5 сиви китови, но тоа не значи дека сите ќе ги уловиме.
- Ние одиме на риболов со мали крајбрежни бродови, користејќи го традиционалниот рачен харпун. Ние размислуваме и за модифицирана верзија со бомба на врвот, како оние кои се користат при ловот на гренландскиот кит во Аљаска.
- Ние ќе бидеме активни учесници кои ќе овозможат сивиот кит никогаш да не се врати на листата на загрозени видови.

**Картичка со улога – Sea Shepherd и Друштво за заштита на китови и делфини**

The Sea Shepherd International е непрофитна, невладина организација, вклучена во истражување и документирање на кршењето на меѓународните закони, регулативи и договори за заштита на морските видови. Друштвото за заштита на китови и делфини (WDCS) е светски најактивна добротворна организација посветена на заштита на китовите, делфините и морските свињи.

Вие треба да го искористите вашето постоечко знаење за човековите права и прашањата за животната средина, заедно со следниве информации:

- “Мислете како сакате, но – ловењето на китови е убиство, а тоа не е во ред.“

– Китовите не се луѓе, но не се ни помалку од луѓето. Еден ум кој прифаќа убиство на китови се поклопува со умот на некој кој прифаќа геноцид на „инфериорни“ човечки суштества.

– Во подлабока смисла, китовите и некои други цицачи имаат права, ако не човекови права, тогаш најмалку „хуманистички права“.

- Вистинската причина за оваа иницијатива од Маках е бидејќи тие многу добро знаат дека месото од кит се движи по 80$ за килограм во Јапонија. Еден кит чини речиси еден милион долари.
- Ако му се дозволи на Маках да ловат китови, ќе има последици за илјадници китови, бидејќи Норвешка, Јапонија, Русија и Исланд на ова гледаат како на преседан.
- Ние одиме по тенко јаже обидувајќи се да го почитуваме историското право на луѓето да продолжат со долгогодишните традиционални начини, а во исто време да пронајдеме рамнотежа заштитувајќи ги интересите на китовите.
- Во 1995, се појавија критики за ловот на рускиот сив кит, кога беше пријавено дека месото од китот не се користело за храна од страна на домородното население, туку со него се храннеле лисици на фармите за лисици, кои се одгледувале за нивното крзно.
- Културите се менуваат. Ескимите од северната падина на Аљаска сега се економски многу различни од народот кој ловеше китови пред еден век. Експлоатацијата на нафта им донесе голема сума пари на локалното население. Исто така, ловот, со моторни санки и хеликоптери, излегува од рамката на дефиницијата за она што е домородно.
- Додека Меѓународната комисија за ловење на китови (IWC) продолжува со дебатата за емотивното прашање за продолжување со комерцијалното ловење на китови, стотици китови и нивните роднини, помалите делфини и морски свињи, умираат секоја година, речиси незабележано, во лов од домородно население.
- Во контекст на дивиот свет, принципот на претпазливост треба да се следи.

**Картичка со улога - The High North Alliance**

Високо-северната алијанса (The High North Alliance) е чадор организација која ги претставува ловците на китови и фоки од Канада, Гренланд, Фарските Острови, Исланд и Норвешка. Оваа организација е посветена во работата за иднината на крајбрежните култури и одржливата корист од ресурсите на морските цицачи.

Вие треба да го искористите вашето постоечко знаење за човековите права и прашањата за животната средина, заедно со следниве информации:

- Маках ловеле китови веќе 2.000 години пред да дојдат белите империјалисти и да ги преземат китовите и да ги уништат традициите и начинот на живот на племето Маках.
- Денес повторно има голем број на китови, но белците сакаат да го забранат користењето на овој ресурс и да ни ги негираат нашите права.
- Различните култури нема да можат да се согласат за тоа кои животни се посебни, а кои се добри како храна. Во северна Норвешка, луѓето имаат посебна врска со морските патки, додека пак во Данска, градниот кош на морската патка е деликатес. Според тоа, изјавата: „Китовите се различни!“, го поставува прашањето: „Различни за кого?“
- Ловењето на китови, како и ловењето на фоки, е дозволено, доколку се води од страна на домородни народи, ако не е комерцијално и е само за „традиционална корист“. Ова не е праведно, бидејќи:
  – Надворешни лица се оние кои дефинираат што е „традиционално“;
  – За да се поврзе ловењето на китови и ловењето на фоки со некомерцијален начин на производство значи да му се отфрли очигледното право на луѓето да ја определат нивната иднина;
  – Ниту една култура не е статична, но политиката на оние кои се против ловењето на китови е „de facto“ обид да се „замрзне’’ ситуацијата, да се претвори една развиена култура во статичен музејски објект;
  – Комерцијализмот, сам по себе, се смета за штетен од мнозинството членки на Меѓународната комисија за ловење на китови (тело кое го контролира ловењето на китови). Иронично е дека овој став се искажува од влади, кои обично, се силни застапници за слободна трговија.
- Тековниот мораториум или политиката - „рацете настрана од китовите“ тешко се брани со користење на логични аргументи. Постојат многу практики во земјоделството, риболовот и шумарството кои се јасно неодржливи, но не постои бланко-забрана во овие индустрии.

**Картичка со улога - Greenpeace**

Поддржувачите на Greenpeace низ целиот свет имаат кампањи за нивните визии за тоа како да се постигне поодржлив свет.

Вие треба да го искористите вашето постоечко знаење за човековите права и прашањата за животната средина, заедно со следниве информации:

- Луѓето од многу култури низ светот сметаат дека китовите се свети животни и дека секој вид е суверена нација, сама по себе, вредна за почит и заштита.
- Китовите носат радост на илјадници набљудувачи на китови.
- Greenpeace не поддржува никакво ловење на китови, но не се противи на вистинскиот опстанок на китовите сé додека не постои комерцијален елемент.
- Сивите китови мигрираат на огромни растојанија секоја година и тие само за кратко минуваат низ водите на Маках.
- Ако предлогот, да им се дозволат по 5 сиви китови, биде прифатен и ако едно племе започне да лови, тогаш и неколку други племиња во Канада и Аљаска ќе речат: „Па, ако тие можат да ги ловат, можеме и ние!“
- Екстремно тешко е тековно да се определува вистинскиот број на китови од различни популации на китови. Големината на повеќето популации е позната  не поточно од плус или минус 50%. Со оглед на тоа дека промените се случуваат многу бавно, невозможное  да се каже дали популацијата расте или се смалува во текот на неколку-годишните студии. Сепак, не постои сомнеж за намалувањето на бројот на китови, предизвикано од комерцијалното ловење на китови.

# Поврзување

*Демократијата не е нешто во кое веруваш ниту место каде ја прикачуваш шапката. Тоа е нешто што го правиш. Ти учествуваш. Ако престанеш да го правиш тоа, демократијата се урива.*

Еби Хофман

**Ниво на сложеност**

Ниво 4

**Големина на групата**

8-20

**Време**

120 минути

**Теми**

• Граѓанство и учество
• Демократија
• Општи човекови права

**Преглед**

Оваа активност вклучува преговори за правата и одговорностите на граѓаните, владата, невладините организации и медиумите во демократија.

**Поврзани права**

• Право на учество во владата и на слободни избори;
• Слобода за информирање и изразување;
• Секој има должности кон заедницата.

**Цели**

• Да се развие разбирање за поврзаноста помеѓу правата и одговорностите;
• Да се развијат дискусија и вештини за соработка;
• Да се промовира граѓанска одговорност.

**Материјали**

• Лист хартија А4 формат и молив за секоја група за правење белешки;
• 4 големи листови хартија (А3) или флип-чарт хартија (еден за секоја група за „лист за евиденција“);
• 3 фломастери – еден црвен, еден зелен и еден син – за секоја група;
• 4 клопчиња од конец или волница (различна боја за секоја група);
• Селотејп за секоја група;
• Ножици;
• Лист со правила на играта, по еден за група.

**Подготовка**

• Исечете 6 должини (1,5 м долги) од конец или волна од секое клопче. (Вкупно 24 нишки, од секоја боја, по една боја за секоја група).

## Инструкции

1. Објаснете дека целта на активноста е да се „нацрта“ мапа на врски помеѓу 4 „актери“ во едно (идеално) демократско општество.
2. Поделете ги учесниците во четири еднакви групи за да ги претставуваат четирите „актери“ во демократијата: влада, невладин сектор, медиуми и граѓани.
3. Дајте ѝ на секоја група лист хартија (А4) и молив за да прават белешки и замолете ги да потрошат десет минути за бура на идеи за улогата која ја игра нивниот „актер“ во демократското општество и кои главни функции ќе ги изведува. На крајот, тие треба да се договорат за пет најважни функции.
4. Наредно, тие ќе ги подготват нивните „листови за евиденција“. Поделете ѝ на секоја група

Граѓанство и учество

Демократија

Општи човекови права

Ниво 4

8 - 20

120 минути

голем лист хартија (А3 или флип-чарт хартија) и црвен фломастер и замолете ги, најгоре, да го напишат „актерот", кој го претставуваат", а под тоа нека ги запишат нивните пет најважни функции.
5. Доведете ги групите заедно да ги презентираат нивните „листови за евиденција". Групата нека ги сподели нивните реакции. Прашајте ги дали се согласуваат околу главните функции на овие четири „актери". Ако сакаат, групите можат да ги изменат нивните листи како резултат на повратната информација.
6. Сега, повторно поделете ги четирите групи и поделете ги зелените фломастери. Дајте им петнаесет минути за бура на идеи во врска со тоа што тие бараат едни од други, со цел да ги реализираат нивните функции. Пред да истече времето, замолете ги групите да дадат приоритет на две најважни барања, кои тие ги бараат едни од други и набројте ги под одделни наслови, користејќи го зелениот фломастер.
7. Поделете ги копиите од „Правила на играта", поминете ги заедно и бидете сигурни дека сите разбрале што треба да прават. Потоа, замолете ги групите да ги донесат нивните „листови за евиденција" во средината на просторијата и да ги постават во форма на квадрат, одделени на 1 метар (видете го дијаграмот). Замолете ги членовите на секоја група да се позиционираат близу нивниот „агол".
8. Поделете ѝ на секоја група 6 нишки волница, селотејп и син фломастер.
9. Сега започнуваат круговите на преговарање. Треба да им дозволите по 10 минути за секој круг. Потсетете ги учесниците дека целта е да се мапираат врските помеѓу различните „актери" и кога барањето е прифатено, еден дел од волницата треба да се залепи помеѓу двете хартии како симбол на прифаќање на одговорноста.
10. Преминете на резимирање и оценување додека учесниците сè уште седат околу мапата.

## Резимирање и евалуација

Замолете ги учесниците да ја погледнат мапата која ја креираа и да размислат за активноста:

- Дали беше тешко да се размислува за функциите на владата, невладините организации, медиумите и граѓаните, кои се изведуваат во демократијата?
- Дали имаше некакви несогласувања во групите заради кои некои барања требаше да се прифатат или да се отфрлат?
- Кои од барањата, направени во другите групи, тие не ги прифаќаат како одговорности? Зошто беше така? Дали мислите дека ваквите случаи би предизвикале некакви проблеми во реалноста?
- Дали имаше одговорности кои беа прифатени од секоја група, но кои не беа претходно признати? Како се чувствуваат поради тоа, сега?
- Дали активноста им покажа на луѓето нешто ново за демократското општество кое тие не го знаеле порано? Имаше ли некакви изненадувања?
- Кои права се опфатени во оваа активност?
- Членот 29, од Универзалната декларација за човекови права при ОН наведува: „Секој има обврски кон заедницата која единствено овозможува слободно и целосно развивање на неговата личност." Кои се најважните обврски кои ги имаш сега во твојот живот?
- Кои се улогите на различните актери во овозможувањето да не се кршат ничии права?
- Кои се улогите на различните актери во овозможувањето сите да имаат пристап до образованието за човекови права?

## Совети за обучувачите

Употребувајќи 4 различни бои на волница (секоја боја е асоцијација на еден „актер") ја прави мапата попривлечна и полесно е да се следат врските, на пример, сите барања на граѓаните можат да бидат жолти, а оние на медиумите – црни.

Во петтиот чекор од инструкциите, откако групите ќе ги состават нивните листи со функции, не трошете многу време на долги дискусии за прашањата како цела група. Вие ова треба да го искористите како обид за наредната мала групна работа која тие ќе ја работат. Групите можеби ќе сакаат да си прибележуваат функции од другите групи.

Ако групите се борат со договор околу функциите, обидете се да ги замолите да размислат за видот на работата која ја изведува нивниот „актер", дали и што би недостасувало, ако таа не постои! Можеби ќе сакате да кажете некои добри примери за да им помогнете на групите да започнат:

- Владата прави нацрт на законите, одлучува за генералната политика и води сметка буџетот е доволен за потребите на таа земја.
- Невладините организации лобираат за интересите на малцинствата, преземаат

прашања, кои владата (или опозицијата) неуспешно ги насочува и организирааат кампањи за промени во легислативата.

• Медиумите даваат извештај за политиката на владата, истражуваат прашања и обезбедуваат анализи и коментари.

• „Функциите“ на граѓаните вклучуваат сé што е значајно во едно демократско општество: идеите можат да се рангираат од застапување на парламентот, вклучување во активизам за човекови права, формирање организации за да се заштитат одредени групи, поставување прашања и вклучување во политичкиот живот, итн.

Кога тие ќе ја состават нивната листа на барања (чекор 5), кажете им да не бидат нереалистични во нивните барања за другите „актери“! Овие одговорности треба да се прифатливи, па така тие не треба да прават неправедни и неразумни барања.

Во чекор 9, преговорите не треба да се презентираат како „натпревар“, ниту да одземаат премногу време. Нагласете им на групите дека тие треба да *соработуваат* едни со други: целта е да се формира општество во кое сите „актери“ ќе работат заедно за доброто на сите. Според тоа, трансакциите треба да се релативно брзи: кажете им на групите да ги прифатат барањата, ако им изгледаат разумни, во спротивно нека ги одбијат, а за контроверзните ќе дискутираат во подоцнежна фаза.

Ако на групите им е потребна помош околу размислувањето за барањата и одговорностите, можете да искористите пример со медиуми и граѓани: на новинарите им е потребно да добијат информација за тоа каде се случуваат настаните, а граѓаните имаат одговорност да ги предупредат медиумите и да обезбедат изјави од сведоци.

КЛУЧЕН ДАТУМ

**15 септември**
Меѓународен ден на демократијата

## Варијации

Активноста може да биде повеќе или помалку комплицирана, користејќи различен број на „актери“ во едно општество. На пример, можеби ќе сакате да додадете „бизнис“, „малцинства“ или ”маргинализирани групи”. Според тоа, ова ќе го направи процесот на преговори покомплициран и вие можеби нема да сакате сите да користат различни категории на групи за да ги разменат барањата едни со други. Можете да направите измени со работи кои имаат директно значење во реалноста на младите луѓе – на пример, заменете ги „граѓани“ со „млади луѓе“, а „влада“ со „училиште“.

Активноста може да биде поедноставна со отстранување на една или повеќе групи. На пример, работејќи само со „граѓани“ и „влада“. Ова е препорачливо, доколку имате мала група.

Можеби ќе сакате да се обидете со активноста без употреба на „листови за евиденција“: за време на процесот на преговарање, некој од првата група треба да го држи крајот од парчето волница и да го понуди другиот крај на некој од втората група. Ако луѓето продолжат да ги држат нивните краеви, целото „општество“ ќе биде физички поврзано до крајот на процесот!

## Предлози за идни активности

Групата може да продолжи да додава на мапата, вклучувајќи различни групи во општеството (погледни под насловот „Варијации“). Тие можеби сакаат да ја префрлат мапата на друг лист хартија за поголема јасност. Размислете кои врски во вашето општество не се добро развиените и што може да се направи за да се надмине тоа.

Ако групата сака да размислува кон кој правец се движи општеството, а особено како сакаат тие да се развива, тогаш тие можеби би уживале во активноста „Нашите иднини“, на страница 246.

## Идеи за акција

Повторно направете ја активност, но овој пат како метод за анализа на тоа какви интерактивни меѓусебни врски имаат вашата локална влада, локалните медиуми, локалните невладини организации и граѓаните. Идентификувајте каде врските би можеле да бидат подобри и за тоа треба да им се сврти вниманието на „актерите“, или преку пишување на писма, блог или статија во локален медиум. Можете да направите практичен почеток за да ги подобрите врските помеѓу вашата организација, училиште, факултет или клуб со другите „актери“.

# Прилози

**Правила на играта**

1. Целта на вежбата е секој „актер“ да ги добие своите барања, прифатени од сите други „актери“.
2. Преговорите се прават помеѓу парови од „актери“ во три кругови:
   - Прв круг: граѓаните и невладините организации преговараат и медиумите и владата преговараат.
   - Втор круг: граѓаните и медиумите преговараат и невладините организации и владата преговараат.
   - Трет круг: граѓаните и владата преговараат и медиумите и невладините организации преговараат.
3. Во секој круг, паровите сами одлучуваат кој ќе почне и по ред започнуваат да си поставуваат барања едни со други.
4. Кога се прави барање, луѓето треба јасно и прецизно да го постават. Исто така, треба да објаснат што вклучува тоа и зошто се прави ова конкретно барање, кое е значајно за исполнување на нивните функции.
5. Кога се одлучува дали да се прифати или да не се прифати едно барање, луѓето треба да одлучат дали она што се бара е праведно и дали тие ќе можат тоа да го исполнат.
6. Ако барањето се прифати, тогаш паровите користат едно од нишките на „барателот“ и го лепат помеѓу двата „листа за евиденција“ како знак дека е постигнат договор. Групата која прифаќа треба да направи кратка белешка на нивниот „лист за евиденција“ со син фломастер за да ги потсети на нивните одговорности и за тоа што се согласиле да прават.
7. Ако втората група го отфрли барањето, парчето волница се става настрана.
8. Повторете ги преговорите, сé додека сите барања не се издискутираат.
9. Во секој круг, процесот се повторува сé додека има врски помеѓу сите четири „актери“.
10. На крајот од процесот, ќе има мапа која ќе ги претставува врските помеѓу различните актери во демократијата. Секој од актерите ќе има „лист за евиденција“ со листа на нивните функции со црвен фломастер, листа на барања од другите „актери“ со зелен фломастер и листа на акции за кои тие се согласиле да ги преземат со цел да ги исполнат барањата на другите „актери“, запишани со син фломастер. Барањата и акциите се претставени со волница во боја.



# Етикети за спомени

*Сé додека лавовите немаат свои историчари, приказните за ловот секогаш ќе ги глорифицираат ловците.*

Африканска поговорка

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Сеќавање<br>• Војна и тероризам<br>• Култура и спорт |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | 10-15 |
| **Време** | 120 минути |
| **Преглед** | Учесниците колективно креираат „облак со зборови“ за да ги претставаат нивните мисли и чувства, предизвикани од воените споменици. |
| **Поврзани права** | • Право на живот, слобода и сигурност на поединецот;<br>• Право да се учествува во културниот живот;<br>• Слобода на мислата и совест. |
| **Цели** | • Да се размислува за националните факти за војните од минатото и за улогата на воените споменици;<br>• Да се развијат креативност и вештини за независно размислување;<br>• Да се негува имагинацијата и сочувството. |
| **Материјали** | • Листови од флип-чарт хартија;<br>• Селотејп;<br>• Многу фломастери во боја;<br>• Фотографии од воени споменици (по избор);<br>• Примери за облак со зборови (по избор) |
| **Подготовка** | • Направете големо парче хартија (измерете приближно 1,5м x 1,5м) со лепење на неколку листови од флип-чарт хартија. Треба да е доволно големо за сите членови на групата да најдат место околу него. Нацртајте тенка линија на средината. |

**Сеќавање**

**Војна и тероризам**

**Култура и спорт**

**Ниво 2**

**10-15**

**120 минути**

## Инструкции

1. Бидете сигурни дека сите знаат што е „облак со зборови“ и објаснете дека групата ќе креира облак со зборови, кој не е електронски, за да ги илустрира асоцијациите и спомените евоцирани од јавните воени споменици.
2. Замолете ги луѓето индивидуално да размислуваат за некој национален споменик во близина, кој бил подигнат во сеќавање на војната, на пример, Втората Светска војна. Тие треба да се обидат да се потсетат како тоа изгледало и да ги идентификуваат чувствата, идеите и асоцијациите – и позитивни и негативни – кои им ги буди споменикот.
3. Повикајте ги сите да земат фломастер во боја и да најдат место околу хартијата. Работејќи, сé уште, индивидуално, тие треба да ги напишат нивните индивидуални „зборови“ на заедничкиот лист хартија, согласно со следните општи принципи:

    а. Зборовите се целосно индивидуални: како вие го перцепирате одредениот објект.

    б. Негативните асоцијации треба да се запишат на левата страна од централната линија; колку се понегативни, толку се повеќе кон левиот раб на хартијата.

в. Позитивните чувства треба да се запишат на десната страна од листот; колку се попозитивни, толку се повеќе кон десниот раб на хартијата.

г. Чувствата кои се силно предизвикани од споменикот треба да се запишат со поголем (посилен) текст, за разлика од чувствата кои се слабо предизвикани.

4. Кога учесниците ќе ги запишат нивните зборови, замолете ги да седнат и да го погледнат колективниот резултат. Прашајте:

а. Дали има некакви силни пораки или обрасци во „облакот“?

б. Дали тие беа изненадени од некои зборови?

в. Какви беа предизвиканите чувства: повеќе позитивни, отколку негативни или обратно?

г. Кои чувства имаат тенденција да бидат најсилно предизвикани?

д. Дали е овој начинот преку кој војната ќе биде запомнета од идните генерации? Што недостига или каде балансот треба да биде поправен?

5. Сега, повикајте ги учесниците повторно да земат фломастери. Овој пат тие не треба да мислат на актуелните, постоечките споменици, туку за еден имагинарен споменик, кој ќе испраќа, за секого од нив, најважни пораки за војната. Тие треба да го повторат процесот на пишување зборови, низ кој поминаа претходно, повторно индвидуално запишувајќи ги нивните зборови на истиот лист, каде што ги напишаа и нивните први пораки. Објаснете дека првиот облак со зборови сега е јавен простор и не може да биде избришан, така што новите зборови ќе се пишуваат одозгора врз првите.

6. Кога „облакот“ ќе биде готов, поканете ги учесниците да ја погледнат уште еднаш целосната слика, а потоа преминете на резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

Започнете, дискутирајќи за процесот на изработка на облак со зборови, а потоа преминете на прашањата поврзани со сеќавањето и човековите права:

• Колку контрола чувствувавте за време на изработката на формата на финалниот облак? Дали бевте фрустрирани дека пораките, кои вие ги промовиравте, не беа толку силни колку пораките на другите?

• Дали индивидуално работевте во случајот со вториот облак? Бевте ли во искушение да ги дискутирате идеите со другите луѓе или ги здруживте силите при пишувањето на зборовите?

• До кој степен имавте влијание од зборовите на другите или од оние кои веќе беа напишани на хартијата?

• Колку е различен првиот комплетиран облак и кои се главните пораки?

• Дали финалниот облак подобро ги презентира пораките кон идните генерации за Втората Светска војна отколку првиот? Зошто? Зошто не?

• Зошто воените споменици имаат тенденција да ја „слават“ војната? Дали мислите дека војната треба да се слави?

• Дали знаете дека дури и за време на војна, постојат одредени минимални стандарди утврдени во Женевската конвенција кои би требало да ги регулираат активностите на завојуваните страни? Дали можете да наведете некои од овие?

• Дали мислите дека е во ред војниците да го губат нивното право на живот за време на војна?

• Каква порака испраќаат официјалните споменици за другата страна, за „непријателот“? Како треба да ја разбереме таа порака денес?

• Колку ви беше лесно да замислите различен тип на споменик? Какви би биле овие споменици? Што мислите дека беше значајно, а што ви беше најтешко?

• Дали еден споменик навистина може да нé потсети за хоророт на војната? Дали мислите дека тие се обидуваат да го направат тоа?

• Што мислите? Како оние, кои живееле за време на војната или оние кои загинале, борејќи се, би сакале да се запомни тој период од историјата? Дали нивниот облак со зборови се разликува од вашите?

• Ако сте загубиле некој близок во војната, како би сакале таа личност да биде запаметена и што би сакале да им кажете на идните генерации за војната?

• Дали оваа активност го прошири вашето сфаќање за човековите права? Како?

КЛУЧЕН ДАТУМ

**8-9 мај**
Сеќавање и помирување за оние кои ги изгубија своите животи за време на Втората Светска војна

## Совети за обучувачите

Можеби сакате да си играте со бои. На пример, можете да предложите сите негативни асоцијации да се запишуваат со црна боја, а сите позитивни во друга боја; или можете да користите потемни и посветли нијанси движејќи се кон централната линија; или ако сакате вториот облак да биде одделен од првиот, можете да побарате сите зборови од првиот облак да бидат напишани во една боја, а сите додадени зборови, во петтиот чекор, во друга, различна боја.

Можете да користите фотографии од споменици, ако мислите дека тоа ќе помогне, но поефективно би било да ги замолите учесниците да ја завршат првата фаза на пишување, користејќи го нивното помнење; тоа навистина ќе тестира кои пораки се најтрајни!
Првото резимирање (на четвртата точка) нека биде кратко. Искористете го за да ги извлечете различните идеи, поврзани со начинот на кој е запомнато минатото и да го стимулирате креативното мислење за алтернативните типови на споменици. Ако луѓето чувствуваат дека првиот облак го претставува начинот на кој тие сакаат настаните да бидат запомнати, обидете се да искористите некои од идеите, дадени во информациите од темата „Сеќавање“, во Поглавје 5 на www.coe.int/compass.

За време на фазата на второто пишување на зборови дозволете им на луѓето слобода да го прилагодат или сменат постоечкиот облак како што сакаат и да ги дискутираат идеите едни со други – иако нивната работа треба да биде крајно индивидуална.

Треба да постои голем простор за додавање нови зборови во вториот круг. Можеби ќе имате чувство дека облакот ќе биде измешан, но тоа рефлектира што се случува кога ви се јавуваат асоцијации во реалниот живот – вие сте заглавени со она што другите луѓе претходно го кажале. Ставајќи нови зборови, над старите, може да помогне за пренесување на пораката дека перцепциите се многу културни и бидејќи секој размислува на различен начин, тешко е да се слушне сопствениот глас. Сепак, ако мислите дека е полесно за вашата група да ги анализирате нивните идеи и чувства, тогаш слободно направете два одделни облаци со зборови.

## Варијации

Место да пишуваат директно на хартијата, луѓето би можеле да ги пишуваат нивните зборови на етикети, кои лесно можат да бидат преместувани. Ова ќе овозможи да се прават промени за време на втората фаза. На пример, ставање слични етикети, една до друга, за поголема воочливост.

Можете да користите и други настани од историјата, ако тие се посоодветни од Втората Светска војна. На пример, Холокаустот, Првата Светска војна, граѓанска војна или регионална војна. Единственото важно нешто е дека овие настани треба да бидат одбележувани на некаков јавен начин.

Би било интересно за младите луѓе да ги споредат нивните перцепции за Војната со оние кои имаат преживеано војна. Можете да ја прекинете активноста после првиот облак со зборови и да им дозволите на учесниците да ги интервјуираат припадниците на постарата генерација за тоа како тие би сакале Војната да се запамети од страна на идните генерации и дали, според нивното мислење, постоечките воени споменици се доволни.

Можете да ја искористите идејата за правење облак со зборови (рачно или електронски) како наредна активност после која било активност од *Компас*, особено кога сакате да креирате некаков визуелен материјал за изложба.

Алтернативни клучни датуми се, на пример, 27 јануари, Меморијален ден на Холокаустот или 23 август, Меѓународен ден за сеќавање на трговијата со робови и нејзиното укинување.

## Предлози за идни активности

Направете истражување во вашата локална средина и пребројте колку улици се именувани според армиски команданти или познати битки и бројот на улици, кои името го добиле според луѓето кои се залагале за мир. Дознајте кој во општината одлучува како ќе се именуваат улиците и предложете некои луѓе, за кои сметате дека треба да бидат запаметени.

Ако младите луѓе се заинтересирани да видат како навистина изгледа нивниот облак со зборови, можете да замолите двајца доброволци да ги внесат зборовите во документ и да ги стават на екран, на линкот http://www.wordle.net/create. Потоа, можат и да го испечатат или да го зачуваат во јавната галерија, како запис на нивните мисли во врска со спомениците.

Можеби ќе сакате да ја погледнете активноста „Само една минута“, на страница 205, каде што ќе најдете предлог како да размислите за прашањата околу сеќавањето и Олимпискиот стадион на Хитлер во Берлин и што треба да се направи со таа градба.

Ако групата сака да размислува за нашите херои и хероини и за што се сеќаваме на нив и зошто ги почитуваме, можете да ја водите активноста „Хероини и херои“, на страница 190.

## Идеи за акција

Дури и ако ја водите активноста како една сесија, младите луѓе, сепак, ќе бидат охрабрени да зборуваат со луѓето од постарата генерација и ќе бидат подобро информирани.

Одржете некаков меморијален настан за да се присетите на некој херој, кој се залагал за мир. Тоа би можело да биде фестивал со музика и танц, изложба или „хепенинг“ каде што би граделе колективен споменик за сеќавање. Рекламирајте го настанот и замолете ги учесниците да дадат придонес со некој предмет кој за нив има симбол на сеќавање. Тоа може да биде било што, на пример бела булка (симбол на пацифизмот), фотографија од роднина, кој загинал во војна или нечии носени чевли, кога за прв пат пристигнале во вашата земја и побарале азил.

## Понатамошни информации

„Облакот со зборови“ или tag cloud or “word cloud” (или “weighted list” визуелниот дизајн) е визуелен опис на „тагови“ или клучни зборови. Вообичаено, зборовите се листаат по азбучен ред и значењето на тагот или зборот е покажано со големината на фонтот или бојата; според тоа облакот со зборови/tag cloud може да се смета за креативен графикон. На Интернет, каде што идејата беше развиена, таговите или зборовите обично се хипер-линкови кои водат до збирка на наслови кои се поврзани со тагот/зборот.

На наредната страна, има пример за тоа како таговите или зборовите би можеле да изгледаат.

## Прилози

### Инструкции

- Нацртајте тенка линија по средината од хартијата.
- Негативните асоцијации треба да се запишат на левата страна од централната линија; колку се понегативни, толку се повеќе кон левиот раб на хартијата.
- Позитивните чувства треба да се запишат на десната страна од листот; колку се попозитивни, толку се повеќе кон десниот раб на хартијата.
- Чувствата кои се силно предизвикани од споменикот треба да се запишат со поголем (посилен) текст, за разлика од чувствата кои се слабо предизвикани.

## Пример за лист со тагови/зборови

лутина
лош
уништување
оружје
загуба
злоба
деструкција
спомени
непријател
бездомници
плач
болка
умира
жртва
мизерија
жал
сираци
глад
смрт
тага
страв

пријатели
жртва
победа
гордост
патриот
татковина
силен
загуба
патриотизам
лидер
семејство
солидарност
помош
заштита

Медиуми

Мир и насилство

Образование

Ниво 3

4 - 30

90 Минути

# Мојот живот не е шоу!

*Стаповите и камењата можат да ги скршат моите коски, но и зборовите можат исто толку да ме повредат!*[1]

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Медиуми<br>• Мир и насилство<br>• Образование |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 3 |
| **Големина на групата** | 4-30 |
| **Време** | 90 минути |
| **Преглед** | Оваа активност има цел да ја развие свеста на луѓето за злоупотребата на информатичко-комуникациската технологија (ICT), а особено за сајбер-булингот. |
| **Поврзани права** | • Право на слобода на мисла, мислење и изразување;<br>• Слобода од мешање во приватност, семејство, дом и преписки;<br>• Слобода од нечовечки или деградирачки третман. |
| **Цели** | • Да сепрошири свесноста за злоупотебата на мобилните телефони и Интернетот;<br>• Да се развијат вештини за креативно мислење и изнаоѓање начини за борба против „сајбер булингот“;<br>• Да се негува сочувството и солидарноста. |
| **Материјали** | • Флип-чарт хартија и пенкала;<br>• Листа со изјави;<br>• Селотејп или конец за обележување на долга линија на подот. |
| **Подготовка** | Прочитајте ги советите за обучувачите и имајте поширок преглед за тоа што е сајбер-насилство, како се манифестира и начините за негово идентификување. Истражете за да имате основна идеја за законите против сајбер-насилството во вашата земја. |

## Инструкции

1. Започнете со кратка сесија со бура на идеи за врсничкото насилство (булинг). Замолете ги учесниците неколку минути да размислуваат заврсничкото насилство (булинг), што е тоа и како се манифестира. Потоа, соберете ги нивните одговори и напишете ги на флип-чарт.
2. Направете го истото на чист лист од флип-чарт хартија, овој пат размислувајќи за сајбер-насилството, што е тоа и во какви облици се појавува.
3. Обележете линија на подот со селотејп или конец, која ќе ја наречете „да-линија“. Замолете ги учесниците да се наредат во две прави редици, по една од двете страни на „да-линијата“.
4. Објаснете дека ќе прочитате некои изјави за сајбер-насилството и дека барате од нив да одговорат, но без да користат зборови. Ако одговорат „да“ на изјавата, тие треба да се поместат еден чекор странично кон „да-линијата“. Тие треба искрено да одговараат.
5. Прочитајте ја првата изјава. Дајте им време да размислат и да одговорат. Потоа, замолете ги

[1] **„Стаповите и камењата можат да ми ги скршат коските, но збровите никогаш нема да ме повредат.“** често се поврзува со робовите за време на ропството во САД Идејата беше дека доколку надзорникот само те опцуе или те нарекува со понижувачки имиња, тогаш тоа е подобро отколку да добиеш брутални удари со неговиот бич.

КЛУЧЕН ДАТУМ

**Вториот вторник во февруари**
Ден на побезбеден Интернет

да погледнат околу себе и да забележат колку луѓе има на „да линијата“.
7. На крајот, сите нека формираат круг и преминете на резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

Започнете со коментари за изјавите и искуствата на луѓето, а потоа продолжете со разговор што е заедничко за различните видови на врсничкото насилство (булинг) и како да се справиме со нив.

• Што знаевте за сајбер-насилството пред да учествувате во оваа активност?
• Дали сите изјави се доволно сериозни и дали упатуваат на сајбер-насилство? Зошто? Зошто не?
• Дали има други начини за сајбер-насилство, кои не се спомнаа?
• Колку често е сајбер-насилството во вашата заедница и во вашата земја?
• Кои човекови права ги крши сајбер-насилството?
• Зошто луѓето малтретираат? Зошто луѓето стануваат жртви?
• Зошто понекогаш се случува луѓето кои биле жртви да почнат да малтретираат други луѓе?
• Што може да се направи за да се запре сајбер-насилството? Од страна на жртвата? Од страна на другите?
• Што можете да направте за да се заштите себеси од сајбер-насилството?
• Кои човекови права се загрозуваат кога луѓето се малтретирани?
• Член 19 од Универзалната декларација за човекови права при ОН наведува: „Секој има право на слобода на мислење и изразување; ова го опфаќа правото да не биде вознемируван за своето мислење, како и правото да бара, прима и шири информации и идеи, со било кои средства и без оглед на границите.“ Дали треба да има граници за слободата на говорот? Ако треба, кои се последиците и кој одлучува за границите? Ако слободата на говор не е ограничена, кои се последиците?

## Совети за обучувачите

Врсничкото насилство (булинг) и сајбер-насилството се чувствителни теми и вие треба да сте подготвени за емотивни реакции од страна на учесниците кога тие ќе се потсетат на лошите искуства. Луѓето, кои се малтретирани, чувствуваат вина и срам; тие не се перцепираат себеси како жртви, а оние кои се насилници целосно не можат да сфатат зошто го прават тоа. Според тоа, пред да се справите со темата за сајбер-насилството, добро подгответе се и размислете дали сакате да повикате стручно лице од оваа област да ви помогне.

Примери за тоа како да се справите со насилството:

• Не одговарајте на заканувачки или навредливи пораки;
• Црна листа на елекронски адреси;
• Сменете ја вашата електронска адреса;
• Сменете го вашиот Интернет провајдер;
• Сменете го вашиот број на мобилниот телефон;
• Чувајте ги вознемирувачките пораки како доказ;
• Споделете го проблемот со некого на кому му верувате. Ако сте дете, мора, на некој начин, да вкучите и возрасен;
• Во одредени околности, вие можете да се соочите со насилникот. Договорете состанок со медијатор и обидете се да му помогнете на насилникот да ги разбере последиците од неговите дејства;
• Во некои случаи, препорачливо е да ја информирате локалната полиција или да се консултирате со адвокат.

Запомнете дека не е препорачливо вие да возвраќате, бидејќи насилник на насилник му враќа и ваквото однесување може да води кон граѓански парници или криминални обвинувања против вас.

Примери за дејства, кои луѓето можат да ги преземат, за да се заштитат од насилството:

• Ограничете ја вашата активност на Интернет – не бидете онлајн цело време;
• Никогаш не отворајте електронски пораки од извори кои не ги препознавате;

• Редовно менувајте ги лозинките;
• Не ставајте премногу лични податоци на вашиот профил.

Најважното нешто што треба да го научат учесниците од оваа активност е дека е неопходно гласно да се зборува и да се сподели проблемот секогаш кога тие ќе го искусат или ќе бидат сведоци.

Образованието е клучот за спречување на врсничкото насилство (булинг), на прво место и негово запирање, веднаш штом се појави. Механизмите се сложени, а причините се различни во секој случај, но и жртвата и насилникот треба да ги разберат општествените и психолошките сили кои делуваат со цел да бидат дел од решението. Луѓето кои стануваат жртви се срамежливи, чувствителни, анксиозни и несигурни, имаат ниска самодоверба и недостаток на социјални вештини.Физичките особини кои привлекуваат насилство се прекумерните килограми, нискиот раст, попреченоста или припадноста на друга раса, религиска или општествена група. Насилниците тоа го прават, бидејќи тоа е начин да се чувствуваат подобро самите, да се чувствуваат значајно и да ги контролираат другите луѓе. Ако другите го прават тоа, тие можеби мислат дека ќе бидат популарни или „кул“. Врсничкото насилство (булинг), исто, е начин за привлекување внимание, добивање на работи кои се посакувани или казнување луѓе кон кои постои љубомора.

## Варијации

Многу луѓе кои биле жртви на насилство подоцна и самите станале насилници, па затоа важно е луѓето да се наведат и да размислуваат за сопствената одговорност. После читањето на изјавите, направете уште еден круг со истите изјави, но овој пат од стојалиште на насилникот. Луѓето не се придвижуваат кон „да линијата“, туку стојат во нивните редици и размислуваат. На пример: „Дали некогаш сте отвориле нечие сандаче за електронска пошта без дозвола на корисникот?“ или „Дали некогаш сте искористиле нечиј мобилен телефон без дозвола на корисникот?“

Ако врсничкото насилство (булинг) е препознаен проблем, тогаш вие можеби би сакале да се позанимавате со темата на едно подлабоко ниво. Форум театарот е добар начин да се развие разбирање за причините на врсничкото насилство (булинг) и начините за справување со него. Замолете ги луѓето да се поделат во мали групи за да зборуваат за инциденти со врсничкото насилство (булинг) од реалниот живот. Тоа може да биде епизода која ја искусиле или некој, кого го познаваат, а искусил насилство. Секоја група треба да одбере еден пример на кој ќе работи. Учесниците треба да се обидат да ги замислат причините зошто насилникот малтретира, како, всушност, врсничкото насилство (булинг) се случило, што се случило потоа и кои биле последиците. Групите, потоа, треба да ја развијат нивната работа во кратка претстава за да им ја претстават на другите од групата. После изведбите, повторно изведете ја последната сцена „што се случило како последица“ и замолете ја „публиката“ да даде предлози за можните дејства кои жртвата би требало да ги преземе.

## Предлози за идни активности

Направете слоган за кампања против сајбер-насилството.

Креирајте антисајбер-политика за вашето училиште или клуб, или проверете ја политиката, доколку имате таква.

Можеби ќе сакате да истражувате и други аспекти на насилството преку активноста „Насилство во мојот живот“, на страница 323.

## Идеи за акција

Искористете ги идеите од втората варијација погоре и покажете им ја претставата на другите одделенија/класови, младински групи или родители.

Организирајте јавна дебата за прашањето во вашето училиште или клуб, бидејќи многу наставници и родители не се свесни што се случува.

Дознајте дали има локална информативна кампања за ризиците и злоупотребата на информатичко-комуникациската технологија и дознајте како вие можете да придонесете.

## Понатамошни информации

Сајбер-насилството е користење на електронска пошта, брзо разменување на пораки, соби за конверзација, пејџери, мобилни телефони или други форми на информатичката технологија за намерно вознемирување, заканување или заплашување на некого. Тоа може да вклучи дејства, како што се:

- Заканување;
- Испраќање провокативни напади или расни или етнички навреди;
- Нетрпеливост кон хомосексуалците;
- Обид да се инфицира со вирус компјутерот на жртвата;
- Натрупување на сандачето од електронската пошта со бесмислени пораки;
- Постирање или ширење на грешни информации со цел да се повреди личноста или нејзината репутација;
- Поканување некого на средба, а потоа повикување на други лица со цел да го напаѓаат или да се шегуваат со него/неа;
- Лажно претставување и кажување на работите како да ги кажала друга личност за кои тој/таа не верува или пак не се вистинити;
- Споделување слики од некоја личност, особено во непријатна ситуација, без негова/нејзина дозвола.
- Споделување електронска пошта без дозвола на оној/онаа кој/а ја напишал;
- Притисок врз другите за да исклучат некого/некоја од заедницата (или онлајн или офлајн);
- Зачестено испраќање на непристојни, злобни и навредливи пораки на некого/некоја.

Сајбер-насилството често го прават деца, но по никоја основа не е ограничено само на деца. Еден од најголемите предизвици во борбата против сајбер-насилството е тоа дека насилникот е анонимен, а тоа предизвикува тешкотија за тој/таа да се открие.

Постојат многу веб-страници на Интернет, во кои е опфатено сајбер-насилството. Искористете Интернет пребарувач да дознаете за локалните иницијативи. Општите информации можат да се најдат на следните веб-страници:
http://www.stopcyberbullying.org/
http://yp.direct.gov.uk/cyberbullying/
http://europa.eu/legislation_summaries

**Конвенција за компјутерски криминал на Совет на Европа**
Конвенцијата, која стапи на сила на 1 јули 2004, е првиот меѓународен договор за криминал преку Интернет и други компјутерски мрежи, која се бави посебно со повреда на авторски права, компјутерски измами, детска порнографија и нарушување на мрежната сигурност. Таа содржи и низа овластувања и процедури, како што е пребарувањето по компјутерските мрежи и фаќање на податоци. Погледнете на http://conventions.coe.int и побарајте го Договорот бр. 185.

## Изјави

- Дали некогаш некој го отворил вашето сандаче за електронска пошта без ваша дозвола?
- Дали некогаш некој прочитал некои од вашите СМС пораки без ваша дозвола?
- Дали некогаш некој ви испратил навредливи пораки, непристојни слики или видеа на вашиот телефон или електронска адреса?
- Дали некогаш некој испратил ваши информации/слики/ видеа на некој друг, без ваша дозвола?
- Дали некогаш некој постирал слики или информации за вас на некоја веб-страница или социјална мрежа без ваша дозвола?
- Дали некогаш некој манипулирал/трансформирал некои од вашите слики или видеа без ваша дозвола?
- Дали некогаш некому сте дале лозинка?
- Дали некогаш некој ве навредил во соба за интерактивна игра или при разговор на Интернет?
- Дали некогаш сте добиле вознемирувачки/непристојни телефонски повици?
- Дали некогаш некој направил несоодветни коментари на вашиот блог/социјални мрежи?
- Дали некогаш испратил лажни/непристојни информации/озборувања за вас преку електронска пошта или СМС?
- Дали познавате некого кој е жртва на сајбер-насилство?
- Дали знаете дека има специјални закони за овој вид насилство?
- Дали мислите дека треба да има ограничувања за она што можат луѓето да поставуваат на Интернет?
- Дали е правилно да се забранат мобилни телефони во училиштата?

COMPASS

Граѓанство и учество

Демократија

Култура и спорт

Ниво 3

12 - 30

120 минути

# На скалата

*Како граѓани, имаме обврска да интервенираме и да бидеме вклучени – тоа е граѓанин кој ги менува нештата..*

Жозе Сарамаго

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Граѓанство и учество<br>• Демократија<br>• Спорт и култура |
| **Големина на групата** | 12-30 |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 3 |
| **Време** | 120 минути |
| **Преглед** | Оваа активност вклучува играње на улоги и дискусија. Учесниците размислуваат за значењето на младинското учество и ги дискутираат начините за зголемување на сопственото учество во локалната заедница. |
| **Поврзани права** | • Право на учество во влада и на слободни избори;<br>• Право на учество во културниот живот;<br>• Слобода на мислење и информирање. |
| **Цели** | • Да се размислува за начините на кои младите луѓе можат да учествуваат и факторите кои можат да го попречат или олеснат нивното учество;<br>• Да се развијат вештини за соработка, организирање и преземање акција заедно со другите;<br>• Да се култивира чувството за одговорност за дејствата на поединците. |
| **Материјали** | • Прилог: „Скала на учество“ (погледнете ги и информациите за „Граѓанство и учество“, во Поглавје 5, на www.coe.int/compass)<br>• Големи листови хартија, фломастери и ножици;<br>• Мали самолепливи ливчиња кои ќе се лепат на ѕидот;<br>• Ѕид. |
| **Подготовка** | • Направете копии од прилогот, по еден за секоја мала група.<br>• Направете 6 знаци: пречки, контрола, нема контрола, фактори кои овозможуваат, контрола, нема контрола). |

## Инструкции

**Прв дел.** Што е скала на учество? (45 минути)
1. Прашајте ги учесниците што подразбираат под терминот „младинско учество“.
2. Поделете го дијаграмот за скалата на учество и објаснете дека ова е еден модел за размислување за различните начини на учество. Кратко дискутирајте ги различните нивоа.
3. Поделете ја групата на 8 мали групи. Доделете по едно на ниво на учество на секоја група и замолете ги да подготват кратка претстава од 2-3 минути за да го илустрираат даденото ниво.
4. Кога групите се подготвени, поканете ги да ги прикажат нивните претстави. Дозволете прашања или време за коментари помеѓу различните претстави, доколку учесниците сакаат.

**Втор дел.** Како ние учествуваме

5. Замолете ги учесниците индивидуално да работат 5 минути, обидувајќи се да најдат примери од нивниот живот за колку што можат повеќе од осумте нивоа. Кажете им да размислуваат за тоа што прават во сите аспекти од нивниот живот: дома, на училиште, во клубовите, на работа, со семејството и пријателите.

6. Потоа, поканете ги учесниците да ги споделат нивните примери во мали групи од 4-5 луѓе. Додека дискутираат за примерите, замолете ги учесниците да дадат идеи за пречките (работи кои ги спречуваат да се движат нагоре по скалата) и за факторите кои овозможуваат (работи кои им помагаат да се движат нагоре по скалата). Тие треба да ја напишат секоја идеја на различно самолепливо ливче.

7. Додека групите дискутираат, залепете ги подготвените наслови „пречки“ и „фактори кои овозможуваат“ на ѕидот, оддалечени 2 метра, еден од друг. Потоа донесете ја групата пленарно и замолете ги да ги залепат ливчињата на ѕидот, под насловите.

8. Прегледајте ги двете листи со учесниците. Побарајте појаснувања за некои нејасни изјави и обидете да ги решите несогласувањата помеѓу учесниците во врска со позиционирањето на изјавите.

9. Сега ставете ги и насловите „контрола“ и „нема контрола“ на ѕидот, под првите наслови и замолете ги учесниците да ја сортираат секоја листа во две под-листи согласно со тоа дали изјавите се за работите кои тие би можеле да ги контролираат или дали изјавите се однесуваат на надворешни фактори, кои се надвор од нивната контрола.

10. На крај, прегледајте ги позициите на ливчињата во четирите листи. Потоа, преминете на евалуација и евалуација.

## Резимирање и евалуација

• Дали активноста ви помогна појасно да размислувате за начините на учество во различни области од вашиот живот? Што ве изненади најмногу?

• Дали мислите дека младинското учество, општо, е високо или ниско – во вашето училиште, клуб и заедница? Кои се причините?

• Дали е важно дали младите луѓе активно учествуваат или не? Зошто?

• Дали ниското учество го сметаат како резултат, најчесто, на внатрешни (психолошки) фактори или, најчесто, како резултат на надворешни фактори?

• Како луѓето се чувствуваат кога можат да учествуваат во вистинска смисла – со други зборови – кога нивното учество не е само токенизам?

• Дали учесниците во групата би можеле да учествуваат на повисоко „скалило“ отколку што е во моментот? Ако можат, во кои области? Кои се причините за тоа и кои се причините против тоа?

• Дали учесниците во групата би можеле да учествуваат на пониски „скалило“ отколку што е во моментот? Ако е да, во кои области? Кои се причините за да го направат тоа, а кои се причините против?

• Колку луѓе чувствуваат дека можат да учествуваат повеќе од нивното сегашно учество? Ако е да, како и кога?

• Како е загарантирано правото да се учествува во донесувањето одлуки во документите за човекови права?

## Совети за обучувачите

Во вториот дел, поттикнете ги учесниците да се произнесат со, колку што е можно повеќе, различни начини на учество. За идеи, видете го делот „Граѓанство и учество“ на www.coe.int/compass).

Кога ја претставувате скалата на учество, разјаснете дека моделот не е наменет да сугерира дека да се биде на „највисокото“ ниво е секогаш најдоброто нешто. Во различни ситуации и во зависност од стручноста на луѓето, времето на располагање или нивото на интерес може да биде најсоодветно да се учествува, на пример, како консултант или претставник. Тука нема суштински ништо „погрешно“ да се биде консултиран (па дури и информиран) во одредени ситуации. Според тоа, најдолните три степени на манипулација, декорација и токенизам не се прифатливи и не може да се сметаат како „учество“, бидејќи вклучувањето и придонесот се

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**28 септември**
Ден на правото да се знае

минимални или непостоечки. Треба да ја нагласите оваа точка и да бидете сигурни дека никој не се двоуми за неа.

Кога групата се обидува да размислува за факторите кои овозможуваат и за пречките, помогнете им да стават, колку што е можно повеќе изјави под категоријата „контрола“. Можеби ќе сакате да дадете неколку примери или да ги потсетите дека „пречките“ можат да бидат психолошки, како и физички или структурални. Во дискусиите, охрабрете ги учесниците да најдат начини за работите кои се можни пречки, на пример, ако тие речат дека „авторитетите (наставниците или управен одбор во клубот или факултетот) не ни дозволуваат“, дознајте дали тие се обиделе да прашаат!

Ако тие речат: „Ние мислиме дека не можеме“, прашајте ги како тие можат да докажат дека би можеле!

Ако тие речат: „Тоа би ги направило моите родители/наставници/локалната власт лути“, погледнете дали тие можат да најдат други начини и да го поставаат прашањето, така што човекот или луѓето на кои се однесува различно би реагирале.

Можеби ќе сакате да ја искористите оваа активност како можност да проговорите за учеството на членовите на групата на часот или во клупските активности. Можете да ги истражувате начините, во кои вие или тие, ќе можат да водат поголемо вклучување и преземање иницијативи.

Дискутирајќи дали некои членови од групата претставуваат пречки за другите, спречувајќи ги да учествуваат на подлабоко ниво, може да биде начин да се разгледаат и прашањата за притисокот од врсниците и врсничкото насилство (булинг).

## Варијации

Можете да искористите играње на улоги во почетокот за да ги истражувате пречките и факторите кои овозможуваат отколку да ги слушате размислувањата на младите луѓе за случките во нивниот живот. После секоја претстава, употребете ја техниката „Форум театар“ (погледнете Поглавје 1, страница 70) и замолете ги учесниците да преземат чекор напред на различен начин. Ова ќе им дозволи да се соочат со пречките во ситуации слични на оние од нивните животи, кои ги спречуваат поактивно да учествуваат.

## Идеи за акција

Кажете ѝ на групата да напише листа на работи во нивната локална заедница кои тие би сакале да ги променат. Потоа, замолете ги да идентификуваат еден или два наслова од оваа листа за кои тие веруваат дека би можеле да имаат влијание и да истражуваат како нивниот глас би можел да се слушне или како би можеле да влијаат на промената на некој друг начин. Потоа, охрабрете ги овие идеи да ги реализираат!

## Понатамошни информации

Младинското учество е активно ангажирање на младите луѓе во нивните заедници и вклучува висок степен на учество во планирањето и донесувањето одлуки во секоја активност каде младите луѓе порано не биле вклучувани; тоа може да бидат, на пример, активности поврзани со спорт, училишта, клубови, здруженија и локалната заедница. Тоа укажува дека младите луѓе се вклучени во развивање на некои дејства кои ги исполнуваат нивните основни потреби и дека влијанието или последицата се прошируваат кон другите, надвор или зад младинските учесници.

Советот на Европа има прирачник за ревидираната Европска повелба за учество на младите луѓе во локалниот и регионалниот живот, наречен „Кажете го своето“ (“Have your say”). Ова е одличен извор за младинското учество и има посебен дел за активности.

www.coe.int/youth/haveyoursay

Во Европа постои консолидирана традиција на младинско учество и претставување.

На пример, обврската на Советот на Европа да се грижи за поголемото младинско учество може да биде демонстрирана преку неговите системи на ко-управување во младинскиот сектор. Советодавното тело за млади се состои од 30 претставници од меѓународни младински невладини организации и национални младински совети, кои заедно со младинските претставници од владите се во Европскиот управен одбор за млади, одлучуваат за приоритетите и програмите. Советодавното тело формулира и мислења и предлози за секое прашање кое се однесува на младите во рамките на Советот на Европа.

Советодавно тело за млади

Европскиот младински форум е независна, демократска платформа, управувана од млади, претставувајќи 100 Национални младински совети и меѓународни младински организации. Европскиот младински форум работи на зајакнување на младите луѓе активно да учествуваат во општеството за да ги подобрат нивните животи, преку претставување и застапување на нивните потреби и интереси и оние на нивните организации кон европските институции, Советот на Европа и Обединетите нации. Европскиот младински форум верува дека „културата на учество“ треба да се креира. Ова значи дека агендата на младинската политика треба да се развива рака под рака со зголеменото учество на младите луѓе во процесите на донесување на одлуки за прашањата кои се однесуваат на нив и кои ги засегаат нив.

Европски младински форум: www.youthforum.org

Во 1992, Роџер Харт развил модел за „Детско учество – од токенизам до граѓанство“

(УНИЦЕФ, Innocenti истражувачки центар, Фиренца

**Учество:**

Скалило 8: Заедничко донесување на одлуки
Скалило 7: Младите луѓе како предводници и иницијатори
Скалило 6: Заедничко донесување одлуки по иницијатива на возрасните
Скалило 5: Консултирани и информирани млади
Скалило 4: Назначени и информирани млади

**Неучество:**

Скалило 3: Токенизам – младите како пиони
Скалило 2: Младите како декорација
Скалило 1: Манипулација на младите



Деца

Животна средина

Здравје

Ниво 2

6+ (мали групи 3-4)

60 минути

# Нашите иднини

*Нашиот напредок не се цени по тоа дали ќе им дадеме уште повеќе на тие што имаат многу, туку дали ќе обезбедиме доволно за тие што имаат малку.*

Френклин Д. Рузвелт

**Теми**

• Деца
• Животна средина
• Здравје

**Ниво на сложеност**

Ниво 2

**Големина на групата**

6+ (мали групи 3-4)

**Време**

120 минути

**Преглед**

Во оваа активност, учесниците ги цртаат, ги разгледуваат и ги дискутираат нивните надежи и грижи за иднината на нивната генерација. Опфатено е следново:
• Прашања од животната средина кои ги погодуваат идните генерации;
• Како локалниот развој ги исполнува/не ги исполнува потребите на граѓаните;

• Силите кои го движат развојот.

**Поврзани права**

• Право на мислење и пристап до информации;
• Право да бидат слушнати сите прашања во врска со најдобриот интерес на детето;
• Право на пристоен животен стандард.

**Цели**

• Да се развие разбирање за животот во заедницата, права и одговорности;
• Да се вежбаат вештини за отворена дискусија, тимска работа и визионерство;
• Да се промовира љубопитноста и верувањето дека иднината е во рацете на секоја млада личност и значајно е она што тие го прават.

**Материјали**

• Хартија за скици;
• Големи листови хартија за крајниот дизајн;
• Бои, четки, моливи, пенкала и фломастери;
• Материјали за колаж, на пример, хартија во боја, списанија, гранчиња, ориз, грав, листови од дрво, школки, цевки за пиење;
• Ножици;
• Лепило и селотејп;
• Слики или фотографии од вашето соседство/град од пред дваесет години (по избор);
• Мапи од местото каде живеете, стари и нови (по избор)

## Инструкции

1. Запознајте ги учесниците со концептот на промените во текот на времето. Замолете ги учесниците да се потсетат на времето кога биле помлади, како тогаш изгледале нивните домови

и локалните улици и како се измениле. Дали некои од училишните простории или во центарот, каде се среќавате, се преуредени или дали има нов мебел? Дали има нови згради во соседството, на пример, шопинг центри, станбени зради, патишта, паркови или велосипедски патеки?
2. Прашајте ги луѓето зошто овие работи се промениле и кој одлучил за промените и како тоа треба да се направи. На пример, дали е подобро: одредена шема за домување која овозможува попотребни и пониски трошоци за домување за локалното население или луксузни апартмани или вили, изградени како инвестиција од страна на некоја финансиска компанија?
3. Кратко дискутирајте за еден или два примери: кој има корист од развојот и како? Што би направиле тие доколку би имале контрола?
4. Сега направете врски со одлуките, кои ги засегаат луѓето и човековите права. Дали луѓето мислат дека човековите права се корисна рамка за донесување одлуки? Дали човековите права ќе бидат помалку или повеќе за носителите на одлуки во иднина? Зошто?
5. Кажете ѝ на групата дека можноста е сега! Овој е моментот да ја искористат приликата и да започнат да размислуваат за – и да влијаат на – иднината.
6. Замолете ги луѓето да се поделат во групи од три до четири.
7. Поделете ја хартијата и пенкалата и замолете ги да направат скици за нивното идеално соседство/град во иднина. Тие имаат слобода за цртањето. Граница е нивната фантазија.
8. Кога секоја група ќе се согласи за нацрт-планот, тие треба да го префрлат на голем лист хартија и да го комплетираат со боја и материјали за колаж.
9. Кога ќе бидат готови, замолете ја секоја група да го презентира нивниот план, да кажат од каде добиле идеи и како ги развиваа. Дозволете време за кратки прашања и одговори после секоја презентација, но оставете ја главната дискусија за резимирањето.

## Резимирање и евалуација

Започнете со преглед за тоа како луѓето работеле заедно во нивните групи. Потоа, продолжете да зборувате дали плановите ги исполнуваат или не ги исполнуваат потребите на луѓето за здрава животна средина.

- Дали секој може да учествува и придонесува во работата? Како различните мали групи најдобро ги искористија индивидуалните таленти на членовите?
- Како е да се добие повратна информација за нивните планови?
- Како е да се испрати повратна информација за нивните планови?
- Дали се подготвени да направат компромис за некои нивни идеали, со цел да се изработи план кој ги задоволува потребите и аспирациите на сите од одделението/класот или групата?
- Дали плановите ја земаат во предвид заштитата на животната средина, на пример, потребата да се намалат емисиите на јаглеродниот диоксид, да се користам обновливи и одржливи извори и да се рециклира?
- Дали луѓето уживаат да бидат „архитекти на нивните иднини“? Дали тие веруваат дека овие идеали би можеле да се остварат? Зошто? Зошто не?
- Дали сметаат дека возрасните ќе бидат подготвени да дискутираат за нивните планови? Зошто? Зошто не?
- Кое беше најголемото изненадување во некои од овие планови?
- Кои би биле нивните права како граѓани на иднината?
- Кои би биле нивните должности како граѓани на иднината?
- Дали младите луѓе во вашето училиште (клуб или заедница) имаат право да го искажат мислењето за развојот кој директно ги засегнува или за општиот развој? Кои права треба да ги бараат за да им се овозможи правото на учество во процесот на донесување одлуки?
- Кои можности ги имаат младите луѓе да влијаат врз демократските процеси, кои ги формираат нивните животи и нивните иднини?
- Какви видови на локални погодности се потребни за да им се овозможат правата за здравствена заштита, одмор и слободно време и културен живот за сите?

## Совети за обучувачите

Насловот на оваа активност е „Нашите иднини“. Целта на употребата на множина е да се нагласи дека иднината не е однапред предодредена, туку е таква каква што ќе ја креираме.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**12 август**
Меѓународен ден на младите

Затоа, постојат повеќе можни иднини и предизвикот за младите луѓе е да изградат иднина која ќе одговара на нивните идеали и аспирации.

За да се направи концептот на промени повпечатлив, можете да покажете стари слики за тоа како изгледала околината пред десет или дваесет години. Исто така, можете да побарате од нив да размислуваат за глобални промени. На пример, тие би требало да размислуваат за фактот дека пред триесет години Интернетот беше научна фантастика, но за неколку години сите училишта и библиотеки во светот ќе бидат поврзани во мрежа на Интернет.

Ако учесниците не се сигурни како ќе изгледа нивниот град во иднина, можете да ја поттикнете нивната фантазија, поставувајќи им ги следниве прашања:

- Кој ќе живее овде? Луѓето кои се родени тука или новодојдени луѓе? На која возраст би биле? Дали ќе живеат во семејства?
- Како ќе изгледа нивниот секојдневен живот? Дали ќе има продавници за храна? Како ќе патуваат наоколу?
- Какви социјални услуги ќе им требаат (болници, заболекари итн.)?
- Како ќе изгледаат нивните училишта?
- Како ќе патуваат?
- Какви ќе бидат нивните куќи?
- Каков ќе биде нивниот општествен живот? Што ќе шрават во слободното време?
- Ќе имаат ли миленичиња?
- Што ќе работат луѓето?
- Кои нови технолошки достигнувања ќе постојат?
- Што ќе се случи со животната средина? Природната околина?

## Варијации

Наместо колажот, можете да креирате модели, употребувајќи некакви отпадни материјали, на пример, картонски кутии/пакети, ролни од тоалетна хартија, картон или може да користите коцки, на пример Лего.

Наместо да правите генерален план за тоа како да изгледа нивниот град, учесниците можат да одберат едно локално место, кое моментално не се употребува, а на кое може да се гради. Учесниците нека истражуваат кои потреби ги имаат различните сектори во заедницата и нека направат предлог проект кој можат да го достават и до локалниот совет. Опциите за тоа што да се предвиди може да вклучува шопинг центар, рекреативен центар, училиште, зграда, паркинг, отворен зелен простор, игралиште, спортски терен, градина со рози за повозрасни луѓе, градска фарма, засолниште за диви животни, забавен парк, место за туристи или куглана на трева. Ако сакате да го правите ова како акционен проект, ќе најдете информации за планирање и имплементирање на акциони проекти во Поглавје 3.

## Предлози за идни активности

Вие можеби ќе сакате да истражувате како вашата локална средина може да се прилагоди за идни предизвици во врска со количеството на нафта или климатските промени. Иницијативата за Транзициониот град ги вклучува локалните луѓе кои ги разгледуваат сите аспекти во нивната заедница (храна, енергија, транспорт, здравје, срце и душа, економија и приходи итн.) и изнаоѓање креативни начини за евентуално започнување на „Акционен план за енергетско снижување“ за во наредните 15-20 години. Иницијативите го вклучуваат следното: креирање на градски градини за одгледување на храна; размена на отпадот, кое бара да се поклопи отпадот од едната индустрија со отпадот од другата, која користи ист отпад; замена на стари предмети, наместо нивно фрлање и развивање на локални системи за размена. За повеќе информации и примери како луѓето го развиваат овој концепт насекаде во светот, погледнете на www.transitiontowns.org или внесете “Transition Towns” во вашиот пребарувач.

Друга идеја е да ги замолите учесниците да нацртаат персонализирана, необична, илустрирана и означена карта со голем размер, од местото каде што тие живеат, за да ги прикажат карактеристиките кои се значајни за нив. На пример, графити на ѕидот, конкретно дрво на патот

или една неофицијална патека кои ја користат за да го скратат патот низ градот. Забележувањето на постоењето на нештата е првиот чекор со кој се покажува дека тоа се вреднува; тоа е начин да се заштити од рушење во некоја идна „изградба“.
Погледнете на www.commonground.org.uk и нивниот проект Parish Maps.

Уште еден начин да се погледне и да се забележи локацијата и дистрибуцијата на ресурси, карактеристики, пејзажи и копно, кои се користат во една област, е алатка која е позната како “transect walk”, која ја користи Светска Банка во нејзините анализи за сиромаштијата и социјалното влијание. Обидете се едно попладне, ако сакате да стигнете до некое село! Побарајте “transect walk” на http://web.worldbank.org.

Дознајте повеќе за процесите на планирање за локален развој и како да се влијае врз нив. Вклучете се во донесувањето одлуки на училиште, клуб или здружение, посетувајќи ги состаноците на советот, па дури и кандидирајќи се на избори. Постојат и други активности кои можат да бидат корисни за да се истражуваат идните опции. На пример „Пат до земјата на рамноправноста“ го разгледува прашањето како да се постигне родова рамноправност.

Ако сакате друга активност која вклучува млади луѓе во демократското донесување одлуки – овој пат во врска со видот на образование кое тие го сакаат преку учество во училишните совети – погледнете ја активноста „Да се чуе сечиј глас“, на страница 213.

Додека ние сонуваме за нашите иднини, можеме да започнеме со градење на поправедно општество. Ако групата сака да го разгледа прашањето за врсничкото насилство (булинг) и да ги истражува начините за развивање емпатија и почит кон другите, тогаш тие можат да ја искористат активноста „Дали имаме алтернативи?“, на страница 144.

## Идеи за акција

Направете изложба од колажите и поканете локални советници, да дојдат и да ги слушнат вашите ставови.

Обезбедете копија од стратешки планови (годишни и долгорочни) за вашата заедница. Анализирајте ги во групата, а потоа консултирајте се со пријателите и семејството. Дајте повратна информација преку креирање блог, пишување за локален весник, организирање јавна средба за ова прашање или учество во јавно собрание, организирано од страна на власта.

Контактирајте ја локалната Агенда 21 или друга група за животна средина и вклучете се во работата за одржлива иднина.

Род

Дискриминација и нетолеранција

Образование

Ниво 2

4+

120 минути

# Пат до Земјата на рамноправноста

*Препреката е патот.*

Зен поговорка

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Род<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Образование |
| **Ниво на сложеност** | 2 |
| **Големина на групата** | 4+ |
| **Времетраење** | 120 минути |
| **Преглед** | Оваа активност вклучува работа во мали групи,имагинација и цртање за да се истражуваат прашања за родова еднаквост и дискриминација врз жените. |
| **Поврзани права** | • Слобода од дискриминација врз основа на поли род<br>• Право на брак и семејство<br>• Право на еднаквост пред законот |
| **Цели** | • Да се замисли светот во иднина каде еднаквоста е норма<br>• Да се развие комуникација, имагинација, креативност и вештини за соработка<br>• Да се промовира правда и почит |
| **Материјали** | • 2 големи листови хартија (А3 формат) или флипчарт хартија за секоја од малите групи<br>• Маркери во различни бои, доволно за сите мали групи<br>• Мапа (карта) по можност пешачка мапа или некој друг вид на мапа на која се обележани физички карактеристики, на пример, планини, долини, реки,шуми, села, мостови итн. |
| **Подготовка** | • Запознавање со мапата и нејзините симболи |

## Инструкции

**Прв дел**. Дефинирање на проблемите и пронаоѓање решенија со бура на идеи. 15 минути.

1. Замолете ги луѓето да се вклучат во мали групи од по три до пет лица. На секоја од групите дајте им еден лист хартија и маркери. На секоја од хартиите, кажете им да нацртаат по 3 колони, еднакви по ширина.
2. Потсетете ги луѓето дека во Земјата за рамноправноста постои целосна родова рамноправност. Побарајте од учесниците да измислат конкретни примери за тоа каква би била оваа земја. Едно лице од групата ги запишува овие работи во првата колона на листот.
3. Сега побарајте од групите да размислат за тоа каков е животот денес, да размислуваат за секоја од точките во колона 1 и да разговараат за тоа кои чекори треба да се преземат за да се стигне од денешната до идната Земја на рамноправност. Во втората колона, покрај секоја од точките,да се напишат чекорите.
4. Потоа, замолете ги луѓето да размислуваат за пречките со кои би можеле да се соочат на патот до Земјата на рамноправноста и како истите би ги надминале. Запишете ги овие во третата колона.

**Втор дел**. Цртање на мапата. 40 минути.

1. Набрзина разгледајте како изгледа мапата. Покажете ги начините на кои се нацртани контурите, засенчувањето за планините и реките и симболите кои се користат за шуми, мочуришта, згради, енергетски кабли, и така натаму.

2. Сега внесете ја идејата за други симболи. Прашајте ги учесниците дали знаат некакви народни приказни или други приказни кои користат метафора за личност која оди на пат за да ги претстави моралните идеали. Разговарајте за начинот како темната шума, на пример, може да се искористи како метафора за злото, или црвеното, румерно јаболко да се користи да го претстави искушението. Патникот може да покаже морална сила пливајќи преку река која брзо тече или понизност помагајќи му на вознемирено животно.

3. Дајте им втор лист хартија на секоја од групите. Побарајте од секоја група да направи нивна измислена мапа (од фантазијата) и да ги претставаат пределите од сегашноста и иднината со пат или патишта меѓу нив. Тие треба да измислат нивни симболи за географските места и за препреките, кои или ќе му отежнат или ќе му помогнат на патникот во неговиот/нејзиниот пат од сегашната до Земјата на рамноправноста.

4. Вратете ги сите во заедничка (пленарна) сесија и побарајте од учесниците да ги споделат нивните мапи.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

8 март
Меѓународен Ден на жените
3 ноември
Светски ден на мажите

## Резимирање и евалуација

Започнете со дискусија за начинот на кој работеа различните групи, како тие донесоа одлуки за тоа што да претставаат и за тоа како ја нацртаа мапата. Потоа продолжете за тоа како Земјата на рамноправноста би изгледала во реалноста и за препреките таа да се оствари.

- Дали на лицата им се допадна активноста? Зошто?
- Која беше најлесната, а која најтешката колона да се пополни? Зошто?
- Кои беа главните карактеристики на Земјата на рамноправноста?
- Што треба да се промени за да се изгради општество каде постои родова рамноправност?
- Во однос на правото да не се биде дискриминиран, дали политиките на позитивна дискриминација,како краткорочни мерки,може да се оправдаат за да се зајакне родовата рамноправност?
- Ако треба да ја рангирате вашата земја меѓу сите земји во светот за еднакви можности за мажите и жените, како би ја рангирале на скала од 1 до 10? 1 е многу нерамноправна, 10 е скоро идеална рамноправноста.
- Зошто е толку важно да се фокусираме на женските човекови права?
- Покрај жените, кои други групи се дискриминирани во вашето општество? Како се манифестира тоа? Кои човекови права се прекршени?
- Како обесправените групи можат да се зајакнат за да ги побараат нивните права?
- Каква е улогата на образованието во зајакнувањето?
- Каква е улогата на образованието за човекови права во зајакнувањето?

## Совети за обучувачите

Осигурајте се дека групите мислат за конкретни примери за тоа како би можело да биде животот во Земјата на рамноправноста. Обидете се да ги натерате групите да дадат свои примери, но ако ова е тешко, можете да сугерирате тие да размислуваат за бројот на жени во парламентот, бројот на жени на врвот на бизнисот, разликите во приходите, бројот на часови што мажите и жените ги работат во еден ден, како го поминуваат своето слободно време, како ги споделуваат домашните задолженија,бројот на работници со скратено работно време, за семејно насилство, малтретирање во училиште и на работа или како се прикажуваат мажите и жените во медиумите. Не ја пренагласувајте потребата за симболи бидејќи метафоричките идеи не се лесни за некои луѓе. Ако учесниците заглават размислувајќи како да ги нацртаат нивите идеи, може да ги извлечете сугерирајќи жена која користи мост на образованието за да помине преку река од предрасуди против жените кои сакаат да бидат адвокатки, или маж кој го наоѓа каменот

на задоволството преку работа како воспитувач, грижејќи се за многу мали деца. Секако ќе треба да размислите за примери на родови стереотипи кои ја одразуваат реалноста во вашето општество.

## Варијации

Групите може да направат модел на пределите користејќи „ѓубре“. Во овој случај, ќе биде потребно да имате добра колекција на мали кутии, кади, цевки, хартија , камења, јатки, конци и волница, спојувалки итн, а исто така лепило и картон за основа на моделите.

Методот на цртање на мапа од сегашноста кон иднината може да се прилагоди на прашања на кои што сакате учесниците најмногу да размислуваат слободно и имагинативно за изнаоѓање решенија.

## Предлози за следни активности

Поминувајќи време во размислување за родовата еднаквост сега и во иднина, групата можеби ќе сака да го користи методот од активноста „Временска рамка“ да „погледне наназад“ на познати жени; охрабрете ги да истражат како концептот и практиката за родова рамноправност се промениле низ историјата. Пребарајте на Интернет за „познати жени низ времето“.

Алтернативно, можеби ќе сакате да ги истражите прашањата во врска со дискриминацијата и правото на културен идентитет во контекст на одржлив развој во активноста „Ловење на китови“,на страница 221.

## Идеи за акција

Погледнете ги политиките на вашето училиште, клуб или работно место во врска со еднаквите родови можности и дискутирајте за тоа како политиките се имплементирани и дали се потребни или не некакви промени,или дали треба да бидат направени дополнителни напори за да ја доведат вашата институција до статус на Земја на рамноправноста.
Во пребарувачот внесете „аргументи за паритетна демократија“ за да најдете линк за многу практичното Европско женско лоби (European Women's Lobby (EWL)) лобирање и акциски сет. Можете исто така да дознаете повеќе за жените во политиката на www.iknowpolitics.org

## Понатамошни информации

Концептот зад оваа активност е оној на „Зајакнување“. Зајакнување е тешко да се преведе, а исто така понекогаш е тешко и да се објасни, дури и на англиски! Зајакнување е истовремено и средство и резултат на педагогијата кои некои луѓе ја нарекуваат „Ослободувачко“ образование. Една дефиниција за зајакнување според Oxfam е: Зајакнувањето вклучува предизвикување на формите на угнетување, што ги принудуваат милиони луѓе да играат улога во нивното општество под услови кои се нееднакви или на начини со кои се негираат нивните човекови права.

# Играње со слики

*Сликата кажува илјада зборови, а камерата не лаже - или лаже?*

| | |
|---|---|
| **Ниво на сложеност** | 1 |
| **Големина на групата** | било која |
| **Време** | 30 минути |
| **Теми** | • Човекови права општо |
| **Преглед** | Во оваа активност луѓето идентификуваат слики кои илустрираат Членови од Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) |
| **Поврзани права** | • Сите |
| | • Да се подигне свеста за важноста на човековите права во секојдневниот живот<br>• Да се развијат вештини за „визуелна писменост“, слушање и комуникацски вештини<br>• Да се промовира емпатијата и почитувањето на човековото достоинство |
| **Материјали** | • Збирка од 20-30 нумерирани фотографии<br>• Голема маса<br>•Лист хартија за на ѕид со наведените членови на УДЧП (препишани од скратената верзија на страница 600) |

Општи човекови права

Ниво 1

Која било

30 минути

## Инструкции

1. Поставете ги сликите на голема маса.
2. Кажете им на учесниците да работат поединечно.
3. Прочитајте еден од членовите од УДЧП и запишете го на таблата/флипчарт.
4. Замолете ги учесниците да ги разгледаат фотографиите и да ја изберат онаа, што според нивното мислење, најдобро го претставува членот.
5. Потоа побарајте од секоја личност по ред да каже која слика ја избрал и зошто.
6. Запиеште кои фотографии биле избрани; запишете ги броевите на таблата.
7. Направете уште четири или пет кругови, именувајќи различни членови од УДЧП (Изберете мешавина од граѓанските и политичките и социјалните и економските права.)

## Резимирање и евалуација

Започнете со разговор за активноста,а потоа продолжете да разговарате за тоа што учесниците научиле.

- Дали учесниците избрале различни слики во различните кругови, или сметале дека со една или две слики се кажува сè?
- Дали различни луѓе избрале исти слики во различни кругови, или дали луѓето имале многу различни идеи за тоа како се претставувани различните права? Што тоа ни кажува за тоа како секој од нас го гледа светот?
- Разгледајте ја листата на флипчартот. Кои фотографии беа најчесто избрани? Што беше посебно за овие слики? Зошто тие често биле избрани? Дали големината или бојата ја направило разлика, или пак она што беше на сликата беше значајно?
- Дали некоја слика била избрана да претсавува неколку различни права?
- Дали некој  не се согласуваше со нечија друга интерпретација на одредена слика?

Дали имаше некои слики кои ниеднаш не беа избрани?  Би можеле ли тие, и покрај тоа, да бидат интерпретирани за да претстават човеково право? Кое?

## Совети за обучувачите

Не постои ограничување за тоа колку пати некоја слика може да биде избрана. Една иста слика може да биде избрана неколку пати во еден круг, или може да биде избрана во различни кругови. Со други зборови, таа може да претставува еден член за неколку луѓе, или може да претставува различни членови за различни луѓе.

Погледнете го поглавјето 1 „Основни методи“, на страница 64 за повеќе информации околу правењето на вашата сопствена колекција на фотографии. Сликите за оваа активност треба да покажат широк спектар на аспекти на „животот на земјата“; тие треба да вклучуваат слики на поединци и групи, луѓе од различни возрасти, култури и способности. Треба да има слики во рурални и урбани средини, во индустријата и во земјоделието, и луѓе кои работат различни видови на работа и рекреативни активности. Не се обидувајте да ги ставите сликите по некаков редослед кога ги нумерирате. Целта на броевите е само да може сликите лесно да се идентификуваат.

Секогаш имајте на ум да проверите дали има авторски права на сликите и фотографиите кои сакате да ги користите. Ќе зависи од групата и од нивните општи вештини на „визуелна писменост“ колку ќе биде потребно да ги водите учесниците да ги анализираат сликите. Можеби ќе треба да размислите да ја започнете активноста со заедничка анализа на една или две слики. Прашањата претставени подолу, во делот „понатамошни информации“, може да се користат како водич.

## Варијации

Исто така можете да ги замолите учесниците да ја изберат онаа што најдобро го претставува општиот концепт на човековите права. Кога сите ќе изберат, замолете ги да ги споделат своите причини.
Можете да направите копии од карикатурите на „Панчо“ во Глава 5 и да ги замолите учесниците да кажат кои човекови права тие ги одразуваат.
Ако сакате да користите видео наместо слики, тогаш размислете да ја направите активноста „Да одглумиме“ , која користи драма за да го истражи концептот на човекови права, и натерајте ја групата да ги снима сцените и да ги постави на youtube.com.

## Предлози за следни активности

Позајмете камери, или најдете некои за еднократна употреба кога тие се на распродажба и наравете проект „Поглед на човековите права“во вашето место.

Активноста „Промени ги твоите очила“ на страница 130 ги поттикнува луѓето да го истражуваат и фотографираат нивното место од гледна точка на човековите права.
Сликите не доаѓаат само од фотографиите; тие исто така доаѓаат од ситуациите и настаните. Нека групата ја „види“ дискриминацијата преку активноста „Направи еден чекор напред“, на страница 287.

## Идеи за акција

Направете изложба на фотографии од проектот „Погледи на човековите права“. Алтернативно,развијте некои од идеите за постери од другите предлози подолу и искористете ги за изложба.

КЛУЧЕН ДАТУМ

25 октомври
Меѓународен ден на уметниците

# Повеќе начини за игри со слики

## *Дел од сликата*

**Материјали/подготовка**

• Најдете слики кои прикажуваат едноставна приказна. Исечете ги на два дела на таков начин што одделно двете слики го поттикнуваат гледачот да ја разбере ситуацијата на начин што е сосема различен од начинот на кој би ја разбрале ситуацијата ако ги гледаат двете слики заедно како целина.
• Ставете ги двата дела на сликата во плик. Ви треба по еден плик за учесник.

### Инструкции

1. Замолете ги учесниците да направат парови.
2. На секој пар дајте им по два пликови.
3. Кажете им на учесниците да се менуваат во отварање на пликот и да му дадат на својот партнер еден дел од сликата што е внатре. Партнерот нека каже што мисли дека се случува на сликата, кој е субјектот и што прави.
4. Потоа, првиот учесник треба да му го даде вториот дел од сликата и да го праша својот партнер за тоа што мисли дека се случува сега, кога ја имаат целата слика.
5. Започнете да разговарате за:
• Какви изненадувања имаше?
• Колку често луѓето го прифаќаат она што го гледаат и заборааат дека тоа можеби не е „целата приказна“?

### Совети за обувачите

Оваа активност исто така може да ја користите за „кршење на мразот“ .

### Наслови

**Материјали/подготовка**

• Колекција од од 5 нумерирани слики,
• 5 ленти од хартија и пенкало за секој учесник
• Селотејп или лепило
• 5 големи листови хартија (А3) или флипчарт хартија.

### Инструкции

1. Поставете ги сликите на маса и замолете ги учесниците, или поединечно или во парови, да напишат наслов за секоја од сликите, по еден наслов на секоја лента од хартијата.
2. Кога сите ќе завршат, дигнете ги сликите една по една и прашајте ги учесниците да ги прочитаат нивните наслови.
3. Залепете ја секоја од сликите во средината на голем лист хартија и замолете ги учесниците да ги залепат нивните наслови околу сликата за да направат „постер“.
4. Залепете ги постерите на ѕид
5. Започнете кратка проверка на различните слики и нивните наслови.

• Што го прави насловот добар?
• Ако сликата може да каже илјада зборови, зошто им се потребни наслови?

### Совети за обучувачите

Изберете слики кои ја одразуваат темата на која сакате да се фокусирате и, исто така, разгледајте го нивниот потенцијал за забавни и провокативни наслови.
Некои илустрации на Панчо во Глава 5 даваат добар материјал за оваа активност.

# Облачиња со текст

**Материјали/ подготовка**

• Слики, по една слика засекој пар  (Два или повеќе парови треба да добијат иста слика.)
• Хартија и пенкало, едно за двајца
• Лепило

## Инструкции

1. Замолете ги учесниците да направат парови. Поделете им ги сликите, листовите  хартија и пенкалата.
2. Поканете ги да анализираат. Кој? Што? Каде? Кога? и Како? на сликата.
3. Кажете им да ја залепат сликата на хартијата и да напишат облачиња со текст за ликовите во сликата.
4. Побарајте од паровите да ја споделат својата работа и да продолжатсо кратко резимирање:

• Колку беше тешко да ги анализирате сликите и да напишете  облачиња со текст ?
• За паровите кои имаа иста слика, како може да се спореди вашата анализата на сликата?
• Кои стереотипи ги пронајдоа учесниците на сликите и во облачињата со текст?

## Совети за обучувачите

Не мора да ја ограничите групата само на слики на луѓе. Зошто да не вклучите слики со животни? Ова може да биде особено плодно ако сакате да ги натерате луѓето да зборуваат за стереотипи. Може да започнете со укажување за тоа колку често животните се модел за стереотипи во цртаните и потоа  побарајте од групата  да побара примери на стереотипи во нивните слики и говорни облачиња.
Некои илустрации на Панчо во Глава 5 даваат добар материјал за оваа активност.

# Само надвор од рамката!

**Материјали / подготовка**

• Хартија и пенкала во боја и маркери
• Големи листови хартија, по еден за пар
• Материјали за колажи (опционално)
• Слики

## Инструкции

1. Поставете ги сликите за сите да може да ги видат.
2. Објаснете како фотографите и уредниците на слики ги сечат сликите за да го насочат вниманието на гледачот кон она што тие сакаат да видите.
3. Замолете ги учесниците да работат во парови и побарајте од нив да изберат конкретната слика на која би сакале да работат.  Кажете им да ја анализираат сликата и потоа да ја залепат на големиот лист хартија. Потоа треба да  нацртаат   она што тие мислат дека се случувало надвор од рамката на слика; така да тие треба да го вратат она што било  отсечено
4. Побарајте од луѓето да ја споделат нивната работа и да дискутираат за следново:

• Зошто фотографите и уредувачите на слики ги сечат сликите?
• Дали сечењето може да се смета како форма на цензура?

## Совети за обучувачите

Учесниците треба да бидат слободни да ги направат своите проширени слики реални или фантастични, колку што сакаат. Ако имате можност, можете да ја правите оваа активност користејќи дигитални слики на компјутерите.

# Електрична централа

*Оваа централа генерира креативна човечка енергија!*

**Теми**
• Мир и насилство
• Државјанство и учество
• Општи човекови права

**Ниво на сложеност** 3

**Големина на групите** 10+ ( мали групи )

**Времетраење** 90 минути

**Преглед** Учесниците со бура на идеи наведуваат чинови на насилство што се вообичаени во нивнит секојдневен живот, а потоа бараат креативни начини на справување сониви изнаоѓање решенија за проблемите.

**Поврзани прави**
• Правото на живот, слобода и лична слобода
• Слобода од дискриминација
• Слобода од мешање во приватноста, семејството, домот и кореспонденцијата

**Цели**
•Да се идентификуваат чиновите на насилство  и нивните причини  и да се истражат решенија
• Да се развие соработка и вештини за групна работна
• Да се култивира чувство за правда и одговорност кон другите

**Материјали**
• Долго цврсто  јаже, еднакво на ширината на просторијата што ќе претставува електричен кабел
•А4 листови со хартија во 2 различни бои, на пример црвена и зелена
• Маркери, по еден за мала група
• Реквизити: гласно ѕвонче или свирче, шлемови, бел мантил, сечило за кабли (вистинско или направено од картон)
• 2 котури на селотејп
• 2 простории  (опционално, но се преферира)
• Помошник кој ќе работи со ѕвончињата, светлата и другите специјални ефекти

**Подготовка** • Подгответе една соба да биде “електрична централа”. Расчистете го просторот  восредината. Оптегнете го јажето (кое го претставува електричниот кабел)  преку просторијата  во висина на рамената, акраевите зацврстете ги цврсто.

Мир и насилство

Граѓанство и учество

Општи човекови права

Ниво 3

10+ (мали групи 3-5)

90 минути

## Инструкции

1. Објаснете им на учесниците дека ќе работат во електроцентрала. Обичните електрични централи  произведуваат  електрична енергија од ураниум, јаглен, гас, ѓубре, био-горива, сонце, ветер или бранови. Но, оваа централа генерира енергија од постапките на насилство и затоа е потенцијално опасна и треба да биде затворена или преправена да работи на друго гориво. Вие (фацилитаторот) сте менаџер на електроцентралата, а учесниците се техничари.

**Дел 1. Бура на идеи за чинови на насилство**

2. Замолете ги учесниците да спроведат брза индивидуална сесија за бура на идеи за „насилството околу мене“. Појаснете  дека нема да ги разгледаат „големите проблеми“ како

што се тероризмот или геноцидот, туку оние чинови на насилство кои сите ние ги среќаваме во секојдневниот живот на училиште или во младинските клубови, на улица и во нашите домови.
3. Поделете ги учесниците во групи од 3 до 5 лица и дајте им три листа хартија (црвена) и по еден маркер за секоја мала група. Замолете ги учесниците да ги споделат проблемите од бурата на идеи, за кои групно се согласиле, дека тоа сеформи на насилство кои сенајважни за справување. Тие треба да ги запишат нив, по еден на едно парче хартија, користејќи
клучни зборови или кратки фрази.
4. Соберете ги сите листи и направете брза проверка за да видите дали има некои кои се повторуваат. Фрлете ги дупликатите.
5. Дајте им на учесниците пет минути пауза додека вие се подготвите за следниот дел. Обесете ги парчињата хартија на „електричниот кабел" на растојание од околу 0,5 м. Залепете ги на јажето за да останат каде што се ставени и за да не се лизнат.

**Дел 2. Во електроцентралата**
6. Кога сте подготвени и листовите со сите „форми на насилство" се залепени на јажето,кажете ѝ на групата дека сте добиле известување од извршниот директор за здравство и безбедност дека централата ќе биде затворена, доколку тие – „техничарите" - не најдат алтернативно гориво за централата.
7. Поканете ги „техничарите" во „централата". Поделете ги во 2 тима и дајте им доволно листови (зелена) хартија, маркери и котур селотејп на секој од нив.
8. Покажете им го електричниот кабелот и листовите што ги претставуваат чиновите на насилство.
9. Објаснете дека една од причините зошто централата е толку опасна е тоа што насилството генерира енергија во многу нерамномерен проток; има чести бранови. Кога тоа ќе се случи единствениот брз начин кој ќе спречи целото место да експлодира е да се пресече кабелот; што пак е исклучително опасна процедура и треба да се избегнува по секоја цена. Кога надоаѓа особено силен бран, трепкаат предупредувачките светла и ќе слушнат ѕвонење. Тогаш, тие ќе мора да дејствува брзо за да ја пренасочат енергијата која се зголемува. За да го направат тоа, тие треба да идентификуваат начини за трансформирање на чиновите на насилство во позитивни активности.
10. Објаснете како тоа функционира во пракса: Ќе чујат ѕвонење и ќе видат светла што трепкаат. Ќе посочите каде можеби ќе треба да го пресечете кабелот и да ги прочитате зборовите на двата листови кои висат на кабелот од двете страни на точката на сечење. Двата тимови тогаш имаат максимум 1 минута да разгледаат начини за справување со двете различни форми на насилство. Предлози ги запишуваат, секој предлог на посебен лист (зелена) хартија и брзаат да ги залепат на јажето што е можно побрзо на местото каде вие се спремате да го пресечете.
11. Сега стартувајте ја централата и нека работи минута или две. Дајте му знак на асистентот да започне да ѕвони со ѕвончето и да светка со сијалицата. Земете го сечилото и направете движење како дека ќе го пресечете кабелот на одредено место. Прочитајте ги гласно двете форми на насилствои натерајте ги тимовите да ја започнат спасувачката мисија.
12. По една минута, застанете со ѕвоното и трепкањето на светлата и тргнете го настрана ножот, исчекорете напреди прочитајте што е напишано на „листовите со решенија". Накратко разговарајте за предлозите со целата група. Кажете им на тимовите да ги изменат или да ги отфрлат сите лисја со решенија кои сметаат дека се нереални. Тргнете ги двете „форми на насилство" и изразете го вашето олеснување.
13. Повторете ги чекорите 11 и 12 се додека не се отстранат сите „форми за насилство" и не се заменат со „решенија".
14. Конечно, соберете ги од жицата сите „листови со решенија" и залепете ги на ѕидот покрај различните изрази на насилство.

## Резимирање и евалуација

Започнете го резимирањето со преглед на самата активност, а потоа продолжете да разговарате за секој израз на насилство и предложените решенија:
- Како се чувствувале луѓето за време на активноста? Дали тие уживаа во тоа? Зошто (не)?
- Дали сите се согласуваат за важноста на различните форми на насилство?
- Кои се причините за одредени идентификувани изрази на насилство?
- Дали предложените решенија и активности беа реални? На краток рок? На подолг рок?
- Со какви предизвици или отпор може да се соочат луѓето кога ќе се обидат да ги имплементираат овие решенија?

• Како младите можат најдобро да го спречат насилството и да ги одбранат мирните алтернативи?
• Кои човекови права се прекршени со насилството?

## Совети за обучувачите

Ќе биде потребно да дозволите околу 10 минути за дел 1, бурата на идеи, околу 60 минути за работа во електричната централа и 20 минути за резимирање и евалуација.
Ако треба да им помогнете на луѓето со првичната бура на идеи, можете да дадете примери на чинови на насилство против поединци, на пример, малтретирање, двање на прекари, сарказам, невкусни шеги, навредливи телефонски повици и текстуални пораки (СМС) и вандализам на личната сопственост. Можете исто така да сугерирате дела кои не се насочени кон одредена личност, како што е насилството кое го имаме во филмови или она што го слушаме во песните. Во чекор 11 тимовите треба да се стремат да изнајдат два или три предлози за начини за справување со секоја форма на насилство, но доволен е и еден. Решенијата треба да бидат реални.
Клучно за успехот е начинот на кој ја создавате работната атмосфера и генерирате чувство на итност за да го спречите сечењето на кабелот. Можете да преземете од Интернет звуци на машини кои работат и аларми кои ѕвонат. Како менаџер можете да носите бел мантил и да носите шлем; ако имате повеќе можности нека се облечат и техничарите исто така. Исто така, може да размислите да ја реализирате активноста во подрум каде има водоводните цевки. Очигледно одредено ниво на способност за глумење од вас ќе ја зголеми забавата, но не ви се потребни посебни вештини. Само обидете се да ја одржите активноста да се одвива и да ги одржите кратките дискусиите помеѓу секој круг. Подлабоката дебата треба да се чува за резимирањето.
Ако на луѓето им треба дополнително објаснување за тоа како да дојдат до идеи за решенија на проблемите, може да ги дадете следните примери. Решенијата за „булингот" би можело да биде реализирање работилници за подигнување на свеста во училиштата, за облиците на насилство или за обука на врснички медијатори. Решенија за „насилството на телевизија" можеби е да се дозволи насилните филмови да се емитуваат само навечер после 11 часот или да се организираат активности за децата, за тие да имаат алтернативи наместо гледање телевизија. Ако групата е мала, можете да работите со една група „техничари". Причината за работа со две екипи е тоа што двата тимови многу често доаѓаат со различни решенија за истиот проблем, што ги проширува опциите.
Исто така може да ја зголемите динамиката на активноста со додавање на елемент на натпревар. За да го направите ова, дајте им на секој од тимовите различна хартија по боја и видете кој од тимовите има повеќе решенија.

## Предлози за следни активности

Во „електричната централа" може да се појават дискриминацијата или родовите прашања. Дури и ако не се појават, може да бидете заинтересирани за истражување на прашања за идентитетот и за правото на рамноправност во достоинство и почит. Погледнете ја активноста „Кои сме јас?", на страница 338.

## Идеи за акција

Справете се со еден од проблемите идентификувани во оваа активност. На пример, ако булингот е избраното прашање, групата може да отиде понатаму со предлогот за организирање работилница во нивното училиште и да го стави тоа на дневен ред на следниот состанок на училиштето или на советот.

## Понатамошни информации

"Електрична централа" е произлезена од активноста развиена од Дариуш Грземни, Здружение за деца и млади (Шанса), Глогов, Полска.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

4 ноември
Европската конвенција за човекови права беше потпишана на овој ден во 1950 година

**Забелешка**

Оваа техника може да се прилагоди за употреба со било кое прашање кое вклучува идентификување на проблемии и изнаоѓање решенија.

Дискриминација и нетолеранција

Култура и спорт

Мир и насилство

Ниво 3

4-30 (мали групи 4-5)

120 минути

# Одговарајќи на расизмот

*Секој има одговорност да го следи и да се бори со расното вознемирување и расистичките инциденти!*

**Ниво на сложеност** 3

**Големина на групата** 4-30 (мали групи 4-5)

**Времетраење** 120 минути

**Теми**
- Дискриминација и нетолеранција
- Култура и спорт
- Мир и насилство

**Преглед**

Во оваа активност учесниците играат улоги во критичен инцидент за да истражуваат прашања за:
- Расизам, стереотипи и културни разлики
- Застапеност на некои форми на расизам и предрасуди, особено против Ромите
- Како да се справиме со расизмот во училиште или во друга образована организација.

**Поврзани права**
- Еднаквост во достоинството и правата
- Слобода од дискриминација
- Слобода на мисла, совест и религија

**Цели**
- Да се продлабочи разбирањето за културните разлики и институционалниот расизам
- Да се развијат вештини за демократско учество, комуникација и соработка
- Да се промовира одговорност, правда и солидарност

**Материјали**
- Големи листови хартија или флипчарт и маркери
- 4 волонтери за да играат улоги
- Картички за улоги
- Картичка за критичен инцидент
- Упатства за фасилитаторите
- Копии од политиката на училиштето и упатства за расни инциденти; доволно да се сподели една помеѓу двете групи
- Копии од материјалот „Некои практични точки за разгледување“ или запишете ги точките на голем лист хартија
- Хартија и пенкала

**Подготовка**
- Разгледајте го критичниот инцидент и ако е потребно, прилагодете го на вашата ситуација.
- Изберете четворица доброволци и побарајте од нив да подготват многу кратки улоги базирани на критичниот инцидент за да им го претстават на останатите од групата.
- Направете 5 копии од картичката за критичен инцидент (по една за секој што игра улога и една за фацилитаторот).
- Направете копија од упатствата за фацилитаторот.

## Инструкции

Оваа активност е во два дела: Дел 1 е преглед на она што го разбираме со поимот расизам; Дел2

включува изработка на политика за справување со расистички инциденти во вашето училиште, клуб или организација.

## Дел 1.Преглед:што подразбираме под поимот расизам?

1. Започнете ја активноста со бура на идеи за “расизам”.
2. Расистички инциденти и потенцијални интеркултурни недоразбирања се случуваат секој ден. Со бурата на идеи размислувајте кои видови на секојдневни инциденти и однесување, луѓето ги идентификуваат како расистички.
3. Побарајте четири волонтери да изиграат улоги. Дајте им ги картички за улога и копија од критичниот инцидент идајте им 15 минути за да се подготват.
4. Објаснете дека сите други се набљудувачи. Поделете им хартија и пенкала и објаснете им дека ќе гледаат три кратки сцени. Ќе има кратки паузи помеѓу за да може набљудувачите да ги запишат клучните зборови со кои го сумираат нивниот одговор.
5. Побарајте од волонтерите да ја изиграат улогата.
6. На крајот, спроведе краток разговор за коментарите:
а. Што напишале луѓето за време на првата пауза? Што ги наведе учесниците на нивните заклучоци?
б. Што напишале луѓето за време на втората пауза? Што ги навело на тие заклучоци?
в. Што луѓето сфатија на крајот? Кои претпоставки ги правеа?
7. Продолжете да разговарате за тоа што луѓето мислеа за наставниците, таткото на Ѓула и класниот раководител можеле - или требало - да направат за да се обезбеди правичен исход?

## Дел 2. Изработка на политика за справување со расистички инциденти

1. Објаснете дека целта на овој дел од активноста е да се развијат насоки за тоа како треба да се справиме со расистичките инциденти и да изготват нацрт политика за училиштето.
2. Спроведете кратка бура на идеи за различните групи луѓе во училиштето, на пример ученици, наставници, класен раководител, персонал за чистење, библиотекари, возачи на училишни автобуси, надзорен персонал, на пример, чувари на игралишта.
3. Потоа, побарајте од учесниците да се поделат во мали групи од по четири или пет лица да ги разгледаат должностите и одговорностите на различните членови на училиштето во врска со расистичките инциденти. Дајте им на групите 30 минути за нивна дискусии и за да подготват извештај со клучните точки на флипчарт.
4. Замолете ги учесниците да се вратат на заедничката група за да известат за нивната работа. Обучувачот треба да направи резиме на точките на флипчарт или на табла.
5. Побарајте од учесниците да ги разгледаат правилата или насоките кои веќе постојат во нивното училиште.Што треба да се ажурира?
6. Сега поттикнете ги учесниците да работат на развивање на политиката. Секоја мала група нека работи на еден аспект (чекор или мерка). На пример: ако е потребен генерален став на училиштето за расизмот и дискриминацијата, тогаш една група треба да биде задолжена да го напише. Групите треба исто така да дискутираат за начините на кои ќе ги презентираат своите резултати на пленарната седница, на пример, со користење не само на напишаното туку и слики, колажи и скулптури со телото, за подобро да ги пренесат нивните чувства.
7. На пленарната седница, замолете ги групите да ги соопштат нивните резултати и да дискутираат за тоа како да ги имплементираат нивните идеи.

## Резимирање и евалуација

Започнете со преглед на самата активност и за кои човекови права станува збор, а потоа продолжете да разговарате за тоа што научиле и што треба да направат понатаму.
• Колку е распространет расизмот во вашето училиште и воопшто во општеството?
• Дали знаете за некакви расистички инциденти кои се случиле во вашето училиште или во заедница?
• Дали некои групи се засегнати почесто од другите? Кои? Зошто? Дали пред дваесет или педесет години беа засегнати истите групи?
• Како се третираат Ромите во вашата земја и во други земји во Европа?
• Какви стереотипи имате за Ромите? Од каде/како доаѓаат овие стереотипи? Како може да се соочат со нив?

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

21 март
Меѓународен ден за елиминација на расна дискриминација (Ден на анти - расизам)
скриминација (Ден на анти-расизам)

• Кои човекови права се во прашање во критичниот инцидент?
• Дали се промениле идеите на учесниците за тоа што претставува расистички инцидент како резултат на учеството во актвноста? Како? Издвоите примери.
•Чија одговорност е да се осигура дека расистички инциденти нема да се случуваат во вашето училиште или организација?
• Да се има политика за справување со расистички инциденти е важно, но не е ли подобро таа воопшто да не е потребна? Што може и треба да се направи за да се посочат причините за расистичко однесување, како во училиште, така и во општеството.

## Совети за обучувачите

Бидете свесни за потекото на членовите на групата и прилагодете ја активноста соодветно. Луѓето ќе бидат повеќе ангажирани ако се занимаваат со прашања кои се реални за групата. Од друга страница, треба да бидете подготвени заемоциите што како резултат можат да се појават. Важно е да се обрне внимание на чувствата на оние учесници кои сметаат дека тие самите биле дискриминирани во училиштето.

Бурата на идеи е класичен начин да започнете некоја активност, но можете да ја направите работата подинамична и да бидете провокативен кажувајќи расистичка шега. Размислете да изберете некоја која е на сметка на група која не е застапена во вашиот клас или младинска група. Во секоја земја постои традиција на шеги за други државјани. Можете да ја започнете дискусијата со барање од групата да сподели една или две шеги. Потоа би можеле да продолжите да зборувате за границата помеѓу расистичките и нерасистичките шеги. На пример, дали шегите за Ромите или Евреите се националистички или расистички? Ова може да ве доведе до дефиниција на расистичка шега и расистички инцидент (види подолу во „понатамошни информации“).

Во делот 1 чекор 5, можеби ќе сакате да ја користите техниката Форум театар или техниката на Театар на слики, видете страница 70.

Во дел 1 чекор 6, може да откриете дека учесниците се многу емотивни. Ова може да се рефлектира во белешките што учесниците ги правата на крајот од секоја сцена и тоа може да го отежни процесот на навраќање. Може да биде подобро ако се држите на конкретното и се фокусирате на она што актерите треба да го направат.

Може да се случи да на крајот од дел 2 чекор 4 заклучоците не се доволно јасни за да може учесниците за да ги искористат за следниот чекор. Во овој случај, можеби ќе сакате да го користите материјалот „Некои практични точки за разгледување“ и да ги поттикнете групите да ги развијат првите четири чекори.

## Варијации

Активноста може да се приспособи за решавање на прашање како што е булингот. Ако темата е булинг, можеби ќе ви се допадне прво за да ја истражите активноста, „Дали имаме алтернативи?“, на страница 144, пред да се обидете да развивате анти-булинг политика.

## Предлози за следни активности

Редовно разгледувајте ја ситуацијата и политиката, на пример, еднаш или двапати годишно. Потребно е политиките да бидат разгледувани за да се осигураме дека тие навистина ги исполнуваат целите. Како што се менува општеството, така и политиките треба да се ажурираат за да се осигуриме дека тие и понатаму ги задоволуваат предизвиците од променетите услови.

Ако сакате да направите некоја кампања, тогаш активноста „Доста!“ на страница 155 ќе ви помогне да се развие активност.

Друга активност која се фокусира на предрасуди и дискриминација е „Мојот живот не е шоу!“, на страница 238. Се однесува на сајбер-булинг. Ако групата сака да ја разгледа дискриминацијата

против лицата со посебни потреби, може да ја разгледаат активноста „Спорт за сите“, на страница 282.

## Идеи за акција

Продолжете да работите на политиките во вашето училиште или организација и да обезбедите нивна имплементација. Групата, исто така, може да се поврзе со антирасистички проекти во други земји. Например со „Училишта без расизам“, програма која бара најмалку 60% од учениците и вработените да потпишат и имплементираат заедничка изјава против дискриминација
http://members.multimania.nl/astrada/szr/swr.html

## Понатамошни информации

## Дефиниција на расизмот

Расизмот, општо земено, се состои од однесување или зборување или практики кои им даваат предност или омаловажуваат луѓе поради нивната боја, култура или етничко потекло. Неговите посуптилни форми се исто толку штетни како и неговите отворени форми.
Институционалниот расизам може да се дефинира како колективен неуспех на една организација да обезбеди соодветна и професионална услуга за луѓето поради нивната боја, култура или етничко потекло. Тој може да се види или да се открие во процесите, ставовите и однесувањето кои доведуваат до дискриминација преку ненамерните предрасуди, незнаење, непромисленост и расистички стереотипи што ги обесхрабрува луѓето од етничките малцинства. Расистички инциденти и малтретирање може да се појават во секоја институција, без оглед на бројот на ученици од различно етничко потекловo него.

Расистички инцидент е секој инцидент што се перцепира дека е расистички од страна на жртвата или било кое друго лице. На пример:

**Физичко вознемирување**: се состои од повеќе очигледни примери на насилни напади или физички заплашување на деца и возрасни од малцинските групи, како и инциденти од „помало“ заплашување кои може да имаат кумулативен ефект.

**Вербално вознемирување**: употреба на навредливи зборови насочено кон оние од малцинските групи и секакво потсмевање на потеклото или културата на некоја личност (на пример, музика, облекување или исхрана) можеби се најочигледни примери. Но, може да има и други форми на вербална злоупотреба, кои се помалку очигледни, во кои се вклучени наставници, ученици или други возрасни лица, како правење забелешки „од прва“ со расистичка природа, кои предизвикуваат навреда.

**Несоработка и непочитување**: одбивање да соработуваат со или да покажат почит кон малцинството ученици, студенти, наставници, тренери, младински лидери и други од страница на луѓе во училишната/образовната заедницата може да создаде расистички инцидент ако постојат докази за расистичка мотивација или ако”жртвата” смета дека расизмот е мотив. Непочитувањето исто така може да биде ненамерно, на пример ако наставник или тренер покажува незнаење за културните практики на ученикот на начин кој ја прави жртвата да се чувствуваат непријатно или малтретирано.

**Други инциденти**: расистички шеги и употреба на расистички речник, носење на расистички обележја,беџови, маички итн., расистички графити, дистрибуција на расистичка литература или постери, постоење на расистички или фашистички организации во или околу училишната заедница, или стереотипи од страница на возрасните кои може да доведат до дискриминација.

Многу расистички инциденти  пак ќе бидат помалку очигледни. Таквите подмолни дејства што се случуваат се често најтешки за откривање и справување. Многу расистички инциденти кои вклучуваат ученици или студенти нема да се појават во присуство на наставници или

возрасни. Затоа е важно училиштата да развијат стратегии за да се осигура дека сите членови на училишната заедница се сензитивни и преземаат одговорност за, известување и справување со инциденти.

Дополнителни информации за расизмот, антисемитизмот, антициганизмоти ромафобијата може да се најдат во делот за дискриминација и нетолеранција од Поглавје 5 на www.coe.int/compass .

## Прилози

## Картички за улоги

**Картичка за улогата на директорот**

Вашата најголема загриженост е угледот на училиштето по однос на безбедноста и крадењето.

**Картичка за улогата на Наставник 1**

Сте забележале дека и други работи, а не само пари, исчезнуваат од училиштето. Забележавте дека минатата недела Ѓула дојде на училиште со мобилен телефон.

**Картичка за улогата на Наставник 2**

Вие сте класниот раководител на Ѓула. Го познавате многу добро и ви се допаѓа. Тој е љубезно и внимателно момче кое работи напорно, но тој нема пријатели.

**Картичка за улогата на таткото**

Ѓула е добро момче. Вие знаете колку образованието е важно и секогаш проверувате дали Ѓула ја завршил својата домашна задача, пред да му дозволите да оди надвор и да игра фудбал. Минатата недела беше неговиот роденден.

## Критичен инцидент

Сите сцени се одвиваат во канцеларијата на директорот

**Сцена 1: Директор, наставник 1 и наставник 2**

Директорот, наставникот 1 и наставникот 2 дискутираат за проблемот и нивните реакции на неодамнешната серија на поткраднување во училиште. Имало неколку инциденти: на пример, започнало со исчезнување на пенкало,а потоа исчезнаале и  неколку  други работи, но воглавно пари.
Постојат гласини за тоа кој би можел да биде, а најверојатно виновникот се чини дека е Ѓула, ромското момче.

Време: 3-5 минути

**Сцена 2: Директор, таткотона Ѓула и Наставник 1**

Директорот го притиска таткото на Ѓула да признае дека неговиот син краде. Таткото нагласува дека Ѓула не би правил такво нешто. Сепак, тој се извинува и понудува да ги надомести украдените пари.
Наставниците се чувствуваат непријатно за ситуацијата и ветуваат дека тоа ќе остане тајна. Ѓула може да остане во училиштето, но таткото треба да внимава на неговиот син.

Време: 3-5 минути

**Сцена 3: Директорот и Наставникот 2**

Директорот и Наставникот 1 разговараат за подобрената атмосфера во училиштето. Тие се задоволни што проблемот изгледа е решен.
Влегува Наставникот2:Тој/таа известува дека полицијата само што го уапсила ученикот што поткраднувал (не е Ѓула) покрај вратата на училиштето. Изгледа дека тој/таа признал/а дека ги украл/а сите пари.
Тие дискутраат за нивните реакции во врска со веста.

Време: 3-5 минути

## Насоки за обучувачите

Нека волонтерите ја изиграат својата улога. На паузите, помеѓу сцените, треба да упаднете со прашања и да побарате од набљудувачите да ги запишат клучните зборови кои го сумираат нивниот одговор во таа фаза од презентацијата.

**Прва пауза**: Прво прашање за набљудувачите: Ако вие бевте директорот, што би направиле?
**Втора пауза**: Второ прашање до набљудувачите: Дали мислите дека прашањето беше успешно решено?
**Трета пауза:** Трето прашање за набљудувачите: Што мислите сега?

**Некои практични точки за разгледување во врска со развивање на анти-расистичка политика.**
Во справување со расното вознемирување и расистичките инциденти, потребно е целосен пристап на училиштето (организацијата) за развојот на политика и нејзина имплементација. Важно е, пристапите кон расистичките инциденти да се совпаѓаат со општата училишна/организациска политика и практики. Прашањата треба да се сметаат како “посебни, но не одделни”. Некои практични точки за разгледување се:
• Во политиката треба да постои јасна изјава која кажува дека нема да се толерираат ниту расистички инциденти ниту расни малтретирање.
• Во политиката, училиштето треба да даде јасни насоки за процедурите кои треба да се следат кога се случува расистички инцидент.
• Целиот пристап на училиштето, вклучувајќи ги процедурите и договорените активности за справување со инциденти, мора да стигнат до сите членови на училишната заедница: управители, кадар (наставен и ненаставен), родители, ученици, студенти и посетители.
• Мора да биде убаво разбрано дека сите во училишната заедница имаат одговорност да ги следат и да се справат со расното малтретирање и расистичките инциденти.
• Треба да постои конзистентност на пристапот, така што сите вклучени ќе бидат свесни за тоа што се очекува од нив.
• Треба да се разбере дека одговорот на инцидентот треба да се направи во моментот кога инцидентот се случува или кога е пријавен.
• Сите дополнителни одговори на инцидентот треба да се направат во рамките на веќе договорен временски рок.

Извор: http://www.northants-ecl.gov.uk/apps/IPS/msc/rig/hme.asp

Општи човекови права

Ниво 1

8+

60 минути

# Бинго на правата!

*Што знаете за човековите права?*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Општи човекови права |
| **Ниво на сложеност** | 1 |
| **Големина на групата** | 8+ |
| **Времетраење** | 60 минути |
| **Преглед** | Ова е едноставен квиз и варијација на играта Бинго! во која луѓето го споделуваат своето знаење и искуства за човековите права. |
| **Поврзани права** | • Сите човекови права |
| **Цели** | • Да се запознаат со универзалните човекови права и нивната важност за секого и насекаде<br>• Да се развијат вештини за слушање и критичко размислување<br>• Да се поттикне почит кон другите луѓе и нивните мислења |
| **Материјали** | • Една копија од листот за квиз и молив за секого<br>• Флипчарт хартија и маркери |
| **Подготовка** | • Направете копија од листот за квиз на голем лист хартија или флипчарт хартија.<br>• Запознајте се со основните права наведени во УДЧП ( види страница 600) и Конвенцијата за правата на детето ( види на страница 605) |

## Инструкции

1. Разделете ги листовите за квиз и моливите
2. Објаснете дека луѓето треба да најдат партнер и да го прашаат едно од прашањата на листот. Клучните зборови на одговорот треба да се забележат во соодветното поле.
3.Паровите потоа се разделуваат и секој си наоѓа некој друг за партнер.
4. Целта на играта не е само да добиете одговор во секое поле, туку и да добиете различно лице да одговори на секое прашање.
5. Оној кој прв ќе добие одговор во секое поле, извикува „Бинго!“ Тој победува.
6. Преминете на дискусија. Прочитајте го прашањето во првиот квадрат и побарајте од луѓето да ги споделат одговорите што ги добиле. Запишете ги клучните зборови на флипчарт. Дозволете кратки коментари во оваа фаза.
7. Кога табелата е завршена, вратете се и дискутирајте подетално за одговорите во секое поле.

## Резимирање и евалуација

• Дали сите прашањасе поврзани со човековите права? Кои права?
• Кои прашања беа најтешки за да се одговорат? Зошто?
• Кои прашања беа најконтроверзни? Зошто правата се контроверзни?
• Како луѓето знаат за човековите права и кршењето на човековите права? Дали им веруваат на изворите на информација

## Совети за обучувачите

Слободно може да промените било кое од прашањата за да ја прилагодите активноста на интересите и нивото на вашата група.
Кога ги забележувате одговорите на луѓето на секое прашање, запишете ги само клучните зборови. Поентата на табелата е да помогнете со дискусијата подоцна. После секој круг, задржете се на кратко на сите прашања за појаснување или на разликите во толкувањето. Истакнете ги сите точки/работи што бараат подлабока дискусија и договорете се да се навратите на нив на крајот.

Многу е веројатно дека луѓето ќе дадат примери за кои можеби и вие не знаете за тоа што тие се нејасни или затоа што се лични. Ова не би требало да е важно. Од никој не може да се очекува да знае сè! Можете да ги прашате луѓето како знаат за одредена информација и да дискутираат за нејзината автентичност и веродостојност. Всушност, тоа е добра можност, како принцип, да се охрабрат луѓето да размислуваат критички за информациите.

Некои од одговорите ќе бидат контроверзни. На пример, некој може да каже дека абортусот е негирање на правото на живот. Некои луѓе во групата може многу силно да се држат до овој став; други пак може исто толку силно да не се согласуваат. Првата поента за учење е дека е важно да се обидеме да ја разбереме некоја работа од сите аспекти: обидете се да утврдите зошто луѓето се држат до погледот што го имаат. Каква и да е разликата во мислењето или толкувањето на правата, луѓето секогаш треба да ги третираат со почит оние чие мислењесе разликува од нивното. Тие може да не се согласуваат со нивната гледна точка, но треба да го почитуваат лицето.

Втората поента за учењето е дека треба да знаеме за човековите права, бидејќи тие се важни за сите нас, тие секогаш се развиваат и сечие мислење е важно за да му даде значење на правата. Тие не се дефинитивни и решени еднаш за сите и за тоа како тие треба да се толкуваат и применуваат; тие треба постојано да се преиспитуваат и развиваат. Затоа, одговорноста е на секој да биде дел од процесот на промовирање и заштита на човековите права.

## Предлози за следни активности

Земете еден или два од одговорите што предизвикаа контроверзи и дискутирајте за вистинските дилеми кои што постојат при обидот да се развие култура на почитување на човековите права.

Друг начин за истражување на човековите права е преку слики. Дознајте како луѓето ги гледаат човековите права со активноста „Моќта на цвеќето“, на страница 181. Активноста може да води кон многу дискусии, на пример, за стереотипите, за тоа како ги градиме нашите слики за светот и за дискриминација.

Можеби ќе сакате да одите понатаму и да ги разгледате начините на кои во медиумите се известува за настаните и како на аспектите за човекови права може да им се даде поголем профил. Пробајте го „Правењето на вести„ во Сите различни - сите еднакви.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

**8 мај**
Светски ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина

## Прилози

## Лист за квиз

| | | |
|---|---|---|
| Името на документ кој ги прокламира човековите права | Посебно право кое сите деца во светот треба да го имаат | Песна / филм / книга за човековите права |
| Право кое им е ускратено на некои луѓе во твојата земја | Човеково право што ви е ускратено вам лично | Организација која се бори за човековите права |
| Обврска што ја имаме во врска со нашите човекови права | Пример за дискриминација | Право кое понекогаш им е ускратено на жените |
| Некој кој се бори за човекови права | Прекршување на правото на живот | Пример за тоа како нечие право на приватност може да биде повредено |
| Човеково право кое често им е негирано на младите луѓе | Група или заедница чија слобода од дискриминација честопати е повредена во вашата земја | Пример за повреда на правото за безбедна средина во вашата заедница |

# Трка за богатство и моќ

*Некои луѓе се борат за своите соништа, некои се борат за богатство и моќ!*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Сиромаштија<br>• Глобализација<br>• Здравје |
| **Ниво на сложеност** | 3 |
| **Големина на групата** | 8 - 25 |
| **Времетраење** | 90 минути |
| **Преглед** | Оваа активност ја симулира борбата за богатство и моќ, нееднаквост и неправедноста на сиромаштијата |
| **Поврзани права** | • Еднаквост во достоинството и правата<br>• Право на соодветен животен стандард<br>• Право на здравје, храна и засолниште |
| **Цели** | • Да се развие разбирање за неправдите кои произлегуваат од нееднаквата распределба на богатството и моќта<br>• Да се развијат вештини за критичко размислување<br>• Да се промовира почит за човековото достоинство и чувство на правда |
| **Материјали** | • 120 монети<br>• 3 до 4 пара чорапи<br>• 2 големи лисја хартија и маркери<br>• Хартија и пенкала<br>• Отворен простор |
| **Подготовка** | • Прочитајте ги упатствата за да имате увид за целата активност. Имајте на ум дека симулацијата е поделена во три делови: дел 1,Брканица(10 минути); дел 2, Донации(10 минути); и дел 3, Создавање економска праведност (40 минути).Дискусијата следи на крајот.<br>• Земете 20 монети и оставете ги на страница,<br>• Изберете три лица за да ја преземете улогата на мигранти,<br>• Направете табела да го запишувате богатството на играчите (види илустрација),<br>• Подгответе табела со наслов „Почитувани донатори“, |

Сиромаштија

Глобализација

Здравје

Ниво 3

8 - 25

90 минути

## Инструкции

Објаснете дека ова е игра на симулација. Учесниците ќе го дистрибуираат светското богатство имоќ помеѓу себе.

**Дел 1: Брканица (10 минути)**

Објаснете дека целта на играта е да добиете колку што може повеќе монети.Постои само едно правило: ниту еден учесник, никогаш не смее да допре друг член од групата. (За ова може да предвидите казна, на пример, плаќање на 1 монета).

1. Замолете ги сите, освен оние што играат „мигранти“ да седат на подот во голем круг (за да имаат доволно простор за играње).
2. Земете ги дваесетте монети тргнати на страница и сите поделете ги помеѓу

четири или пет учесници.
4. На други четворица учесници дајте им по еден пар чорапи. Кажете им дека мора да ги стават на рацете и да ги држат во текот на целата игра. Одложете ги сите дискусии за причините за делење на монетите и чорапите сè до резимирањето.
5. Расфрлете 100 монети (парички) рамномерно во средината на кругот.
6. На зборот „Сега!" учесниците собираат што е можно повеќе монети. Ова веројатно нема да трае подолго од 2 минути!
7. Откако ќе се земат сите монети, замолете ги учесниците да го пријават своето богатство на останатите од групата. На табелата за богатство, запишете го името на секој учесник и бројот на монети што ги имаат.
8. Потсетете ја групата дека овие монети го претставуваат нивното богатство и моќ во светот. Износот што го поседуваат ќе влијае на нивниот капацитет да си ги задоволат нивните потреби (на пример, за храна, домување, облека, здравствена заштита и основно образование) и нивните желби (на пример, повисоко образование, автомобили, компјутери, играчки, телевизија, одмор и други луксузни предмети). Импликациите се како што следува:
• шест или повеќе монети - луѓето ќе можат да ги исполнат сите нивни основни "потреби" и повеќето од нивните "желби"
• три до пет монети - луѓето ќе можат да ги задоволат своите основни потреби
• две или помалку монети - луѓето ќе имаат потешкотии да преживеат поради болест, недоволна исхранетост, несоодветно засолниште и недостаток на образование за да добијат работа.

**Дел 2: Донации (10 минути)**

1. Кажете им на учесниците дека, доколку сакаат, можат да им даваат пари на други лица. Сепак, тое не се бара од нив да го направат. Кажете им дека оние кои што споделуваат ќе бидат почестени како донатори и нивните имиња ќе бидат напишани на листата на „Почитувани донатори".
2. Дозволете им на учесниците 3-4 минути да ги редистрибуираат монетите ако сакаат.
3. Потоа побарајте ги имињата на оние кои дале монети и износот што секој од нив го донирал. Напишете ги на табелата на „Почитувани донатори".
4. Прашајте дали некој ја променил категоријата како резултат на давање или примање монети и запишете ги овие промени на табелата со стрелки.

**Дел 3: Креирање економска праведност (40 минути)**

1.Поделете ги играчите во три групи според бројот на монети што ги имаат (најголемо богатство, средно богатство и мало богатство)
2. Ставете еден од „мигрантите" во секоја од трите групи. Забележете ги нивните реакции што се ставени во една група наместо друга, но зачувајте било каква дискусија за нивното сместување до резимирањето на крајот.
3. Поделете им пенкала и хартија. Дајте им на секоја група задача да направи план за праведна дистрибуција на монетите (светското богатство), со цел да се намали јазот помеѓу различни категории на богатство и моќ. Планот за акција на секоја група треба да:
- Објасни што треба да се направи (ако нешто треба)
- Опише што планира групата да направи и зошто, и
- Да покажете зошто нивниот план е праведен.
4. Дајте им на групите десет минути за да ги осмислат своите планови. Објаснете дека не е неопходно да се оди премногу длабоко во изработката на планот, туку само да се истакнат некои можни активности кои треба да се направат за решавање на проблемот со сиромаштијата.
5. Побарајте од секоја група да назначи портпарол за да го објасни планоти да одговори на прашањата на другите. Напишете ги предложените планови на голем лист хартија.
6. Сега објавуваме дека ќе се одржи гласање за да се одлучи кој план ќе се усвои. Дистрибуцијата на гласовите ќе бидат како што следува:

- секој учесник од групата со „Големо богатство и моќ“- пет гласови
- секој учесник од групата со „Средно богатства и моќ“ - два гласа
- секој учесник во групата со „Мало богатство и моќ“ - половина глас

7. Кажете им на учесниците да гласаат. Запишете ги гласовите за секој план на големиот лист хартија. Објавете кој план треба да се спроведе.
8. Извршете го овој план, прераспределете го богатството ако е потребно.

## Резимирање и евалуација

Започнете со кратки повратни информации за самата активност и за тоа како им се допадна на луѓето. Потоа продолжете да разговарате за тоа што се случи, што луѓето научиле и за односот што активноста ја има со човековите права.

Подгответе ги следните прашања за да ја продолжите дискусијата.
• Како учесниците се почувствуваа за начинот на стекнување и дистрибуција на монетите? Дали беа правично третирани?
• Зошто оние што дале пари го направиле тоа? За да ѝм се оддаде почит? Затоа што се чувствуваа виновни? Нешто друго?
• Како се чувствуваа учесниците кои добија парички во делот 2? Благодарни? Патронизирани?
• Што е пак со учесниците со чорапи? Кои луѓе ги претставуваат? Во кои групи завршија?
• Што е со трите учесници, „мигрантите“, доделени на групите? Дали тие чувствуваа дека се правично третирани? Дали тоа што им се случи е слично на она што им се случува на луѓе ширум светот? На кои луѓе? Дали е само случајност каде завршуваме?
• Какви разликите имаше во препорачаните планови за правична дистрибуција? Дали плановите го одразуваат богатството на групата што го правеше предлогот?
• Зошто на некои луѓе им беше дадено да имаат повеќе гласови од другите? Дали е ова правично претставување на оние со поголема или помала моќ во светот?
• Дали човековите права се прекршени во ситуации каде има вакви разлики во богатството и моќта? Ако е така, кои права?
• Кои се тие што „имаат“ и тие што „немаат“ во светот, во вашата земја и во вашата заедница? Како дојдоа да бидат на овие позиции?
• Дали треба тие што „имаат“да се загрижени за состојбата на оние што „немаат“? Од кои причини? Безбедносни, економски, морални/верски или политички причини? Зошто тие што „ имаат“ би им давале пари или ресурси на оние кои „немаат“? Дали е ова начин да се решат проблемите со сиромаштијата?
• Што би можеле да направат оние кои „немаат“ за да ја подобрат својата ситуација? Кои се некои од акциите што оние кои „немаат“ ги презеле низ светот и во нашата земја за да се справат со нееднаквостите на богатството и моќта?
• Дали мислите дека треба да има прераспределба на богатството и моќта насекаде низ светот? Зошто да или зошто не? Ако да, како би предложиле да се направи обид да го остварите тоа? Кои принципи ќе ги водат вашите предлози за промени?
• Може ли да се користи дискурсот за човековите права за да се поддржи новата прераспределба на богатството?

## Совети за обучувачите

Целта на оваа активност е да ги направи луѓето свесни за нееднаквата распределба на богатството и моќта во светот, сепак постои опасност дека таа може да ги потврди постојните нееднаквости. Заради тоа вие треба да бидете свесни за социјалниот и економскиот состав на групата и да ја развиете дискусијата соодветно.
Нагласете дека, како и во реалниот живот, ако подарат дел од своите монети, тие ќе изгубат дел од нивното богатство и привилегиите што богатството ги носи.
Обидете се да ги внесете учесниците во духот на играта, за да се вклучат и навистина да “се однесуваат“ како дека монетите се нивно богатство. Можете да им кажете дека ќе им биде дозволено да ги чуваат монетите и после активноста или за време на паузата за кафе/чај, дека ќе можат да „купат“ пијалаци и/или бисквити со парите. Ако е премногу топло да користите чорапи, користете други средства за да се нагласи дека некои играчи имаат повеќе богатство и

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

17 октомври
Меѓународен ден за искоренување на сиромаштијата

**Табела на богатство**

| Големо богатство и моќ 6 или повеќе монети | Средно богатство и моќ (3 до 5 монети) | Мало богатство и моќ (2 или помалку) |
|---|---|---|
| | | |

моќ од другите. На пример, некои учесници може да се држат назад и да им се дозволи да се приклучат по 15 до 30 секунди. Во дел 3, „создавање економска праведност“ може да создадете чувства на привилегираност и обесправеност со давање, на пример:
• оние со големи богатства: маси, столици, чаши вода, бисквити, и така натаму
• оние со средно богатство: неколку столици
• оние со мало богатство: ништо, освен можеби круг на подот во кој луѓето треба да седнат.
Прашањата во резимирањето и евалуацијата се комплексни и може да бараат длабоки и многу долги дискусии. Ако времето е кратко или групата е голема, можеби ќе сакате да ги поделите прашања за во помалите групи. Овие мали групи треба да бидат „мешани“, односно да вклучуваат луѓе од секоја категорија на богатство. Осигурајте се дека дека различните групи ќе имаат можност за фидбек на пленарната седница, за да секој има можност да слушне и да рефлектира за сите прашања.

## Варијации

Работниот дел од активноста, исто така, може да се прилагоди за да се покренат прашања за попреченоста. Некои играчи може да имаат една рака врзана зад грб: ако тие се десничари треба да ги користат нивните леви раце или обратно. На некои може да им се врзат очите, други може да лежат на подот, други може ќе треба да седат на столици, така што тие треба да се наведнуваат до подот, некои можеби ќе треба да седат со скрстени нозе и не може да се движат, други може да се движат и така натаму.

## Предлози за следни активности

Постојат многу различни начини на разбирање на концептот на „богатство“, на пример колкав е бројот на сиромашни во општеството, стапките на морталитет и Индексот на човековиот развој.Организирајте дискусија за тоа што значи „богатство“ за членовите на вашата група? Можете да поканите некој од невладина организација за да даде придонес.

Можете да дискутирате за проблемите дополнително или да побарате од учесниците да напишат извештај. Предложени теми се:
• Како богатството и моќта влијаат на способноста на човекот да ужива во човековите права и човечкото достоинство?
• Дали постојат одговорности поврзани со поседувањето на богатство и моќта?

Групата можеби ќе сака да продолжи со темата за богатството и нејзината дистрибуција со активноста „Колку нам ни е потребно“?, на страница 193.

## Идеи за акција

Направете контакт со организација која работи со обесправените во вашата заедница за да ги утврди локалните потреби. Потоа продолжете и планирајте проект за да се обидете да помогнете. Понекогаш едноставниот факт на „проширување на зборот“за некое прашање е добар чекор напред за правење промени. Така, можете да сугерирате луѓето да ги поттикнат прашањата за распределба на богатството со нивните родители и пријатели.

## Понатамошни информации

Локалните системи за размена и трговија (ЛСРТ) се трговски мрежи, обично локални, кои користат нивни сопствени внатрешни валути. Тие се ко-оперативни и контролирани од корисниците, па така луѓето со поголемЛСРТудел од другите не се помоќни ине можат да потрошат повеќе отколку што е нивниот дел од ресурсите. Тоа е докажан начин за стимулирање на локалната економија, особено во неразвиените градови. Внесете „Локални системи за размена и трговија“(Local Exchange Trading Systems) во пребарувач или одете на http://www.gmlets.u-net.com/.

Статистики за различни начини за мерење на богатството и сиромаштијата може да се најдат во делот Сиромаштијаво Поглавје 5.

**Купување на производи по фер-цени е моќен начин за поддршка на производителите во земјите во развој. Фер-цените им помагаатна работниците и земјоделците да заработатза пристоен живот и да обезбедатподобар живот за себе.**
http://www.fairtrade.net/
http://www.europe-an-fairtrade-association.org

# Видете ја способноста!

*Видете ја способноста - не неспособноста!*

**Теми**

• Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост
• Дискриминација и нетоleranција
• Деца

**Ниво на сложеност**

2

**Големина на групата**

6 - 36

**Времетраење**

120 минути

**Преглед**

Практична активност за поттикнување на емпатијата кон луѓето со попреченост. Некои од прашањата на кои се однесуваат се:
• Пречките со кои се соочуваат лица со попреченост во интегрирањето во општеството
• Перцепциите за правата на лицата со попреченост како основни човекови права

**Поврзани права**

• Право да не бидат дискриминирани
• Еднаквост во достоинството и правата
• Право на социјална сигурност

**Цели**

• Да се подигне свеста за некои од секојдневните проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост
• Да се развијат вештини за да се одговори на потребите на лицата со попреченост
• Да се промовира емпатија и солидарност

**Материјали**

**За воведот:**
• Лист хартија и пенкало за секој учесник
**За дел 2, по пар:**
• Пластична кеса во која има лист од зелка или зелена салата, молив, креда, лист (од било кое дрво), обоен лист хартија и шише или конзерва од кој било газиран пијалок
• Една лента за покривање на очите
• Лист хартија и пенкало
**За дел 3, по пар:**
• 1 картичка за улоги
• Еден лист хартија и пенкало
**За дел 4:**
• Инвалидски колички, една меѓу осум лица
• Простор за да се постават пречки. (Подобро е во втората просторија, но не е апсолутно неопходно). Пристап до отворен простор би било уште една опција)
• Пречки, на пример, маси и столици, дрвени штици , купови од стари весници итн.
• Еден голем лист хартија или табла и маркери
• Часовник или штоперица

**Подготовка**

• Направете карти за улоги. Или изберете една од ситуациите предложени во оваа активност или развијте своја.
• Ако е можно, имајте втора соба каде што може да се подготвите претходно за трката со препреки, или уште подобро - одете на отворено каде ќе можнете да направите препреки на терен со

**Попреченост и неспособност**

**Дискриминација и нетоleranција**

**Деца**

**Ниво 2**

**6 - 36**

**120 минути**

повеќе предизвици.
• Ако поставувате во затворен простор, тогаш користете маси и столици да направите тесни премини и дрвени штици или пак стари весници на подот како замена на вистински тежок терен.

## Инструкции

Оваа активност е организирана во четири дела: дел 1- вовед, дел 2- прошетка со врзани очи, дел 3-потпишување и дел 4- трка со инвалидска количка.

**Дел 1. Вовед (10 минути)**
1. Објаснете дека активноста се фокусира на три посебни пречки: слепило, глувонемост и парализа.
2. Поканете ги учесниците да размислат неколку минути за тоа како би сакале - и како не би сакале - да бидат третирани ако би биле со попреченост. Нека запишат неколку клучни зборови.
3. Сега замолете ги учесниците да запишат од што најмногу би се плашеле, ако се со попреченост.
4. Кога ова е направено, побарајте од учесниците да ги превртат своите листови и да се подготват да „влезат во реалноста“.

**Дел 2. Одење со врзани очи**
1. Замолете ги луѓето да направат парови. Дајте им ги лентите за покривање на очи. Едно лице од секој пар треба да биде инвалидното лице, а другото е неговиот водич. Одговорноста на водичот е да обезбеди безбедност на неговиот партнер за цело време. Смеат да одговорат само на едноставни прашања поврани со безбедноста и тоа само со одговори „да“ или „не“.
2. Побарајте ги водичите да ги поведат своите партнери на 5-минутна прошетка наоколу, вклучително и нагоре или надолу по скали или надвор, ако е можно.
3. По враќањето во собата, водичите ги водат своите партнери на нивните столчиња. Но, има изненадување на столот! Торба! Што има во неа?
4. Слепите играчи треба да ја идентификуваат содржината. Работата на водичите е да ги запишат нивните претпоставки.
5. Потоа „слепите“ нека ги тргнат лентите од очите и нека ги погледнат предметите. Поканете ги партнерите да ги споделат нивните искуства и изненадувања накратко меѓу себе.
6. Дајте им на луѓето неколку минути да излезат од улогите, а потоа да започнат со дел 3.

**Дел 3. Потпишување**
1. Кажете им на паровите дека треба да се разменуваат; оние кои биле водичите сега се со попреченост, овој пат тие се неми (не можат да зборуваат), а партнерите се помагачи без попреченост.
2. Дајте им по една од картичките за ситуации на секој играч со посебни потреби. Тие не смеат да им ги покажуваат картичките на нивните партнери. Дајте им лист хартија и пенкало на помошниците.
3. Објаснете дека немите играчи треба да им го пренесат проблемот на нивниот помошник. Тие не смеат да зборуваат, пишуваат или цртаат. Помошниците мора да запишат што разбирале и во врска со што била пораката.
4. Кога „немиот“ играч ја искомуницирал најдобро што може, тој/таа треба да му ја покаже картичката со улогата на неговиот/нејзиониот помошник. Поканете ги паровите накратко да ги споделат намерите, проблемите и фрустрациите што ги имале.

**Дел 4. Трка со пречки за инвалидски колички**
1. Покажете им ја патеката со пречки на учесниците. Објаснете дека победник е оној кој најбрзо ќе го помине кругот. Има казни за удирањето во пречки по патот.
2. На голем лист хартија, запишете ги резултатите.
3. Кога сите кои сакаа да учествуваат ќе поминат на ред, направете кратка пауза и потоа продолжете со резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

Работете на пленарна сесија. Започнете со разговор за деловите 2, 3 и 4 од активноста, а потоа продолжете со размислувањата за она што лицата знаеле на почетокот и за тоа што го научиле како резултат на нивните искуства.

1. Започнете со прошетката со врзани очи: Прашајте ги двете страни – и оние кои беа со врзани очи и оние што им помагале да ги споделат своите реакции:
• Како се чувствувале во текот на вежбата?
• Што беше најтешко? Што беше смешно? Што беше страшно?
• Колку беше тешко да верувате и да бидете лице од доверба?
2. Потоа продолжете за да го разгледате дел 2, со знаците:
• Како се чувствувал секој од нив за време на вежбата?
• Што беше најтешко? Што беше смешно? Што беше страшно?
• Дали е фрустрирачко да се корсистат знаци и да не се биде разбран?
• Дали е фрустрирачки или непријатно да не се разбере?
3. Следно, разговарајте за трката со пречка за инвалидски колички:
• Како се чувствуваа луѓето доколку не се толку мобилни?
• Што беше најтешко? Што беше смешно? Што беше страшно?
4. Сега разгледајте ги стравовите и очекувањата што луѓето ги изразија на почетокот на вежбата. Побарајте од луѓето да ги погледнат клучните зборови што ги запишале.
• Дали некои од нивните стравови се потврдиле за време на активноста?
• Како лицата се обиделе да им помогнат на своите партнери?
• Како била примена помошта?
• Колку е лесно да се процени колкава помош да се даде?
5. Што ги плаши луѓето ако се со попреченост? На што ги засновале своите стравови? Дали луѓето некогаш се плашеле да не станат со попреченост како резултат на несреќа или болест?
6. Што беше најизненадувачкото нешто што луѓето го научиле преку активноста?
7. Дали луѓето познаваат некој што е слеп, или нем или е врзан за инвалидска количка? Како изгледа нивниот социјален живот? Како другите луѓе реагираат на нив?
8. Погледнете ја околината во зградите и на улиците во близина, колку е „пријателска за хендикепираните“.
9. Што може и треба да се направи за да се обезбеди еднаквост и достоинство на лицата кои се со попреченост?
10. Дали правата на лицата со попреченост, се исто така дел од човековите права? Кои права од Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) се особено релевантни?
11. Што може да направи вашето училиште, здружение или локална младинска група за промовирање на еднаквоста и достоинството на луѓето со попреченост?

## Совети за обучувачите

Не ја правете патеката со препреки за дел 4 многу долга. За 2-3 минути е доволно, особено ако имате само две или три инвалидски колички, бидејќи луѓето ќе мора да чекаат да им дојде редот и ќе им се здосади. Доколку ви се потребни инвалидски колички, може да се обидете да ги позајмите од локалната болница или од организација која обезбедува привремена поддршка. Како алтернатива, ќе мора да импровизирате и да им направите на учесниците да имаат физичка попреченост. На пример, со тоа што ќе ги натерате луѓето да носат огромни гумени чизмина погрешни нозе!

Како ќе ја водите активност ќе зависи многу од групата. Направете сите да сфатат дека ќе поминат низ различни „симулации на реалноста“, за време на кои ќе имаат можност да експериментираат со своите чувства и реакции во врска со тоа како е да се биде со попреченост. Објаснете им дека целта не е да му се потсмевате некому, или да му предизвикате непотребен стрес или срам. Работите треба да ги глумат „природно“, а не да претеруваат. Уверете ги луѓето дека во одредени моменти ќе се чувствуваат чудно и несигурно, но ништо шететно или опасно нема да им се случи.

Ако немате време да ги правите сите „симулации на реалноста“, тогаш направете една или две. Искуството да се биде со врзани очи, помеѓу искуствата презентирани во оваа активност,

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

3 декември
Меѓународен ден на лицата со попреченост

е можеби најпредизвикувачко и најмногу погодува. Затоа, ако треба да изберете еден дел, се препорачува да го изберете овој. Учесниците нека ги сменат улогите, за да и двата имаат искуство на попреченост. Запомнете, во ваков случај да направите нов сет на предмети за идентификација.

Оваа активност е сериозна, но треба да очекувате многу смешни ситуации. Нека ги има. Слободно интервенирајте или коментирајте само ако луѓето прават нешто небезбедно или коментираат потсмевајќи им се на луѓето со попреченост. Може да посакате да го решите ова во евалуацијата и резимирањето со прашања како што се: Кога луѓето се исмеваат со оние со попреченост? Кој го прави тоа и зошто? Кога е во ред да се направи шега за попреченоста на луѓето? Како некој да ја процени границата помеѓу добар хумор и навреда?

## Варијации

Можете да симулирате многу други видови на попреченост, на пример помалку видливи, како што се проблеми со учењето или потешкотии со јазикот, во зависност од тоа што им е поблиско на вашата група. Една можност е да се симулираат ситуации на попреченост поради возраста; ова може да придонесе за подигање на свеста на младите кон постарите луѓе и недостатокот на услови за достоинствен живот.

## Предлози за следни активности

Ако работите со деца, можеби ќе сакате да го погледнете членот 23 од КДП, кој наведува дека децата со попреченост имаат право на посебна грижа, образование и обука кои ќе им помогнат да уживаатво целосен и пристоен живот. Можете да побарате од групите да дознаат за луѓе во нивната социјална средина (вклучувајќи и семејство) кои страдаат од некој вид на попреченост. Тие би можеле понатаму да истражат до какви услуги и права имаат пристап тие луѓе. Дали има деца со попреченост во младинската група или здружение или во училиштето? Дали може да прават исто како и сите други?Ако не, зошто не?

Ако групата ужива во играње на улоги, можеби ќе сакаат да ја користат активноста „Јас сакам да работам“, и да ги истражуваат проблемите во врска со бариерите со кои се соочуваат лицата со попреченост при добивањето работа.

Ако групата сака да разбере како да одговори на „секојдневните“ проблеми на дискриминација од друг вид - дискриминација врз основа на раса, може да ја направат активноста „Одговарајќи на расизмот“ на страница 260.

## Идеи за акција

Групата може ќе сака да идентификува ранлива група и да одлучи што може/треба да направи за да ја поддржи. Консултирајте го делот од прирачникот за „Преземање акција“ за насоки и идеи. Важно да се работи заедно со организации кои работат со лица со попреченост и да започнат од потребите на лицата со посебни потреби, кои што се дефинирани и идентификувани од страница на лицата со попреченост.

## Понатамошни информации

Нивото на грижа и заштитата на правата на лицата со попреченост во голема мерка варира од земја до земја, наводно од економски причини, но во реалноста од причини кои веројатно имаат повеќе врска со сериозноста со која се земаат еднаквоста и социјалната солидарност отколку со било што друго. Ситуацијата варира од земја до земја. На пример, помагала за слух може или може нема да бидат платени од социјалното осигурување. Може да има или да нема посебни одредби за дополнителна телекомуникациска опрема за глувите луѓе и ако некој има потреба од електрична инвалидска количка, тогаш понекогаш заедницата или државата плаќа за неа.

Информации во врска со дискриминацијата на лицата со попреченост може да се најдат во информациите во контекст во Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост.

## Прилози

**Карти на улоги**

**Ситуација 1.**

Без зборови, обидете се да му објасните на вашиот пријател дека сте биле жртва на насилство. Група на млади деликвенти ве нападнале во паркот, ви ја украле чантата и ве претепале. Прашајте каде е полициската станица.

Вие не можете да зборувате, да пишувате зборови или да цртате на хартија.

**Ситуација 2.**

Вие сте во кафетерија; можеби на училиште или можеби во кафетерија во еден од Европските младински центри. Објаснете му на готвачот дека не можете да јадете шпагети Болоњезе, бидејќи сте веган: не само што не јадете месо, туку сте вегетаријанец кој не јаде било какви млечни производи (т.е. млеко, јајца или сирење).

Вие не можете да зборувате, да пишувате зборови или да цртате на хартија.

**Забелешка**
Оваа активност е предложена од д-р Моника Мадаи, Претседател на Организацијата Заедничка судбина (Közös Sors, унгарска НВО која работи на промовирање на социјална интеграција на лица со попречености лица кои не се со попреченост). Таа е исто така интернационален младински тренер и засегнато лице, со попреченост од раѓање.

Религија и верување

Глобализација

Образование

Ниво 2

Која било (мали групи 5-6)

90 минути

# Наскоро ќе бидат застарени

*Нешто што мислиме дека е невозможно сега, не е невозможно во друга деценија.*
Констанс Бејкер Мотли[1]

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Религија и вера<br>• Глобализација<br>• Образование |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групите** | било која (мали групи: 5-6) |
| **Времетраење** | 90 минути |
| **Преглед** | Во оваа активност луѓето разговараат за тоа како се развиваат верувања, како се засилуваат и како и зошто тие се менуваат со текот на времето. |
| **Поврзани права** | • Слобода на мисла, совест и религија<br>• Слобода на мислење и изразување<br>• Право да учествуваат слободно во културниот живот на заедницата |
| **Цели** | • Да се развие разбирање за социјалната конструкција на верувањата<br>• Да се развијат вештини за критичко размислување и дискусија<br>• Да се култивираат ставови на отвореност и истражување |
| **Материјали** | • Картички со изјави, по еден сет за секоја група<br>• Голем лист хартија и пенкала за секоја група |
| **Подготовка** | • Копирајте го листот од прилогот, додајте повеќе изјави или избришете ако е потребно и исечете ги изјавите. Направете по еден сет на картички за (секоја) мала група |

## Инструкции

1. Објаснете дека оваа активност е за тоа како верувањата се менуваат со текот на времето. Најнапред учесниците дискутираат за верувањата што ги имаа минатите генерации, но кои сега се застарени, а потоа тие ќе разговараат за тие верувањата што ги имаат тие, а кои нивните деца и внуци ќе ги сметаат за застарени.
2. Бура на идеи за тоа што луѓето разбираат под зборот „верување“.
3. Сега побарајте од учесниците да направат мали групи од по 5-6.
4. Секоја група треба да избере некој што ќе направи сумарни забелешки на голем лист хартија и кој ќе даде повратна информација на пленарната седница.
5. Замолете ги групите да ги разгледаат изјавите и да изберат 5 кои се промениле од времето на нивните баби и дедовци и на кои тие би сакале да работат.
6. Земете ги избраните картички една по една и разговарајте за верувањата што ги имале нивните баби и дедовци во врска со изјавата. Од каде дошле тие верувања? Како биле засилени? Гледајќи station наназад, дали тие биле мудри верувања? Зошто/зошто не?
7. Потоа обидете се да замислите каков би можел да биде животот во времето на вашите деца или внуци и разговарајте за тоа во што тие ќе веруваат. На кој начин нивните верувања во врска со избраните изјави ќе бидат различни од вашите? Зошто тие ќе бидат различни?

[1] Констанца Бејкер Мотли, која рече: „Она што мислиме дека е невозможно сега, не е невозможно во друга деценија“, беше во 1966 година, првата Црна жена во САД што стана федерален судија.

1 Констанс Бејкер Мотли,која рече: "Нешто штомислиме дека е невозможно сега,не е невозможно во другадеценија” беше прва Црна Жена во САД која стана федерален судија во 1966 година,

8. Доведете ги групите во пленарна сесија и замолете секоја група да извести накратко за нивните заклучоци.

## Резимирање и евалуација

Започнете со краток преглед на активноста, а потоа продолжете да разговарате за предизвиците на живеење во глобализиран свет каде што верувањата и вредностите се менуваат.
• Дали имало големи несогласувања внатре во групите?
• Каква е споредбата од повратните информации од различните групи?
• Од каде ги добиваме нашите верувања? Дали има некои општи работи што треба да се кажат за тоа како било во минатото и како ќе биде поинаку во иднина?
• Зошто се менуваат верувањата?
• Дали има апсолутни верувања? Ако има, кои видови на верувања и зошто? Ако нема, зошто верувањата не се апсолутни?
• Кои се предностите да се има заеднички верувања?
• Како нашите верувања нè ограничуваат?
• Што ќе ве натера да ги промените вашите верувања?
• Колку е лесно да се променат верувањата? Кои видови на верувања се потешки, а кои се полесни да се променат? Зошто?
• Како луѓето можат да се заштитат од пропаганда и лажни тврдења, на пр.спинови од страница на политичарите, сомнежи од климатските скептици или трикови од лажни организации за да ги добијат вашите пари?
• Дадете примери на ограничувања на правото на слобода на мислење и изразување. Кој треба да одлучи какви треба да бидат овие ограничувања?
• Можете ли да наведете примери за кршење на слободата на мислата, совеста и религијата во вашата заедница, државата, Европа и во светот пошироко?

## Совети за обучувачите

Иако учесниците работат во мали групи, некои поединци може да се чувствуваат срамежливи за да ги искажат нивните мислења во врска со некои од проблемите. Еден начин да се избегне ова е во малите групи нека бидат пријатели или оние кои се чувствуваат удобно да работат заедно едни со други. Друг начин е прво на луѓето да им се дадат помалку „загрозувачки“ теми, а потоа, како што расте довербата, да се презентираат поконтроверзни.

Процесот на градење свет во кој човековите права се почитуваат како норма значи предизвикување на верувањата на повеќето луѓе на еден или друг начин. Така, поентата на оваа активност е даги охрабрат учесниците да разберат дека верувањата на луѓето се социјални конструкции и производи на општеството и времето во кое живеат. Се надеваме дека на крајот од активноста учесниците ќе бидат повеќе свесни за тоа зошто верувањата се длабоко вкоренети и тешко се гледаат објективно. Исто така, ќе сфатат дека е потребно образование, презентација на јасни, фактички докази и вештини  на добро критичко размислувањеза промена на верувањата кои се или штетни или едноставно -застарени.

Зборот „верување“ често се користи во однос на религијата, како на пример кога луѓето зборуваат за нивното „верување во Бога“. Сепак, треба да се осигурате дека на учесниците им е јасно значењето на зборот. Верувањето е претпоставена вистина. Така, сè е верување. Ние создаваме верувања за да го зацврстиме нашето разбирање за светот околу себе и така, откако ќе формираме верување, ќе се трудиме да се држиме до тоа верување. Има цело богатство на информации за тоа што се верувањата, како се формираат и како функционираатна http://changingminds.org.

## Варијации

Внесете некои од овие идеи во целата група користејќи ја техниката на вежбата „Изјава“ опишана на страница 63. Во оваа варијанта учесниците не е потребно да кажат нешто; тие може да ги слушаат гледиштата на другите луѓе и да им помогне да ги разберат работите подобро.

КЛУЧЕН ДАТУМ

5 октомври
Светски ден на наставниците

„Спин"е начин на презентирање информации или ситуација на посебен начин, особено на таков што те прави тебе или твоите идеи да изгледа добри

(од Оксфордски речник)

## Предлози за следни активности

Во зависност од тоа како се развиле дискусиите, можете да продолжите да ги истражувате верувањата за личните односи во активностите „Ајде да зборуваме за секс!“ или „Верници“. Можеби ќе сакате да продолжите со решавање на правото на слобода на религијата и верувањето со активноста „Џамија во Слипивил“, која го истражува спорот околу изградбата на нова џамија во традиционално христијанска област преку симулација на состанок на градскиот совет.

## Идеи за акција

Заедно со вашите пријатели или соученици, изберете колективно верување кое може да е предрасуда или да дискриминира луѓе во вашето место, на пример, верувања за хомосексуалноста, употребата на контрацепција, абортусот, надворешните односи или улогите на девојчињата/момчињата. Поканете некоја НВО или друга организација да дојде да зборува за оваа тема и ќе разберете повеќе за проблемот. Потоа одлучете каква акција сакате да ја преземете.

Вие исто така може да креирате и да продуцирате претстава за избраното прашање која ќе ја играте во вашата локална заедница. Запомнете дека е полесно да соберете публика да дојде и да гледа доколку тајмингот на изведбата се совпаѓа со еден од меѓународните или европските комеморативни денови.
Ако се чувствувате комотно да го направите тоа, прилагодете ја оваа вежба да ја направите за време на неформално дружења со вашите пријатели, семејството и колеги. Прашајте ги за нивните мислења/верувања за одредени прашања. Сепак, бидете внимателни, бидејќи некои луѓе може да бидат многу чувствителни за одредени прашања.

## Понатамошни информации

Верувањето е уверување дека сугестијата, изјавата или идејата се вистински. Луѓето може да кажат дека тие веруваат дека нешто е вистина од различни причини: затоа што го виделе/посведочиле за тоа или заради лично искуство, затоа што постојат добри докази за да веруваат или затоа што тие имаат верба.

Вербата е верувањево сигурностана вистината или веродостојноста на личност, идеја или нешто. Тое е верувањето дека нешто е вистина, бидејќи некој авторитет така вели. Вербата може да има многу специфично значење во некои верски контексти.

Разбирањето за тоа како се развиваат верувањата е важен чекор во промовирањето на културата на човековите права. Проучувајќи го формирањето на верувањата и односот помеѓу верувањата и дејствувањето, психолозите откриле дека верувањата се формираат на различни начини.
• Имаме тенденција да ги интернализираме верувањата на луѓето околу нас за време на детството. Алберт Ајнштајн е често цитиранкога рекол дека здравиот разум е збир на предрасуди стекнати до осумнаесет-годишна возраст. Политичките верувања најмногу зависат од политичките уверувања, најчесто од заедницата во која живееме. Повеќето поединци веруваат во религијата на која што биле учени во детството.
• Луѓето можат да прифатат верувања на харизматичен лидер, дури и ако тие верувања се спротивни на сите нивни претходни верувања и предизвикуваат акции кои очигледно не се во нивен личен интерес. Во такви случаи, рационалните поединци се обидуваат да ја усогласат својата непосредна реалност соверувањето и контрадикциите, состојба позната како когнитивна дисонанца.
• Повторувањето ги формира верувањата, како и асоцијациите на верувањата со, на пример, слики од секс, љубов и другите силни позитивни емоции. Ова е основно верување на рекламната индустријата.
• Физичките трауми, особено на главата, можат радикално да ги променат верувањата на едно лице.
Дури и образовани луѓе, свесни за процесот со кој се формираат верувањата, силно се држат за своите верувања и дејствуваат врз тие верувања дури и против сопствениот личен интерес.

- На прославите за Светскиот ден на наставниците 2010 година, Прабхакара Шишила од Меморијалниот колеџ Сулија Нехру, рече: „наставниците треба да го вградат квалитетот на рационалното размислување кај учениците“. Дали се согласувате?

## Прилози

| | | | |
|---|---|---|---|
| Верувањето дека земјата е рамна | Верување дека смрната казната е оправдана | Верување дека сексот пред брак е грев | Верувањето дека луѓето можат да се ослободат од сексуално преслива болест преку нејзино предавање во сексуален однос со девица |
| Верување дека е чест да се умре за вашиот цар, земја или религија | Верувања дека пушењето не е навистина толку лошо за твоето здравје | Верувања за употребата на дрога и алкохол. | Верувањето дека расите може да се разликуваат преку бојата на кожата, типот на лице,обликот на черепот,профилот, големина, текстурата и бојата на косата |
| Верувања за воспитување и дисциплинирање на деца | Верувања дека различните раси ги одразуваат разликите во моралниот карактер и интелигенција | Верувања дека менталната болест е срамна | Верувања за машки и женски улоги во семејството |
| Верувања во врска со јадење месо | Верување во почит кон полицијата и другите органи | Верување дека Цунами и торнада се Божја казна за гревовите на човештвото | Верувања во врска со абортус и сурогат родителството |
| Верувања за контрацепција и користење на контрацепција | Верувања за третманот на криминалците: затвор наспроти рехабилитација | Верувања во врска со порнографијата и проституција | Верувања во врска со истополови бракови |
| Верувања во врска со помагање самоубиство на терминално болни пациенти | Верувања дека розово е за женски, а сино за машки бебиња | Верувања во врска со машките и женските способности да прават иста работа | Верувања дека девојките и момчињата треба да имаат различни игри |
| Верувања за врски надвор од бракот | Верувања во врска со тетоважи и пирсинг | Верувања во врска со имање на деца надвор од брак | Верувања во врска со богохулење |
| Верувања за немање на религија | Верувања за одење топлес/да се биде натуралист | Верувања во врска со мастурбација/сексуалност | Верувања во врска со развод/ верувања во врска со еднородитество |

Попреченост и дизабилизам

Култура и спорт

Здравје

Ниво 2

Која било (мали групи 6-8)

120 миниту

# Спорт за сите

*Дали некогаш сте се обиделе да играте кошарка во инвалидска количка?*

**Теми**
• Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост
• Култура и спорт
• Здравје

**Ниво на сложеност** 2

**Големина на групата** Било која (мали групи: 6 -8)

**Времетраење** 120 минути

**Преглед** Ова е високо-енергизирачка активност. Учесниците ја користат нивната имагинација и креативност за дизајнирање нови игри.

**Поврзани права**
• Право на уживање во физичкото и менталното здравје
• Еднаквост во достоинството и правата
• Право на одмор и рекреација

**Цели**
• Да се подигне свеста за социјалната и политичката исклученост од спортски активности
• Да се развијат групни и кооперативни вештини и креативност
• Да се поттикне почитување и вклучување, особено за лицата со попреченост

**Материјали**
• Отворен простор
• Шапка
• Картички за улоги
• Завои (еластични завои се најдобри)
• Парче дрво или сличен материјал (за да се врзе под нечија нога, прибл. 30cm x 12cm x 10 cm).Ќе ви биде потребно по еден сет на опрема за секоја мала група.
Предлозите вклучуваат:
• големи кофи или канти за отпадоци
• клопче од дебел конец / јаже
• топки
• весници
• парчиња креда за да се обележат границите
• ножици и ленти за конструирање на опрема

**Подготовка**
• Одлучете кои попречености сакате да ги претставите во активноста и подгответе ги картичките за улоги; соберете ги заедно лентите за врзување на очи, „тапи“ за уши, завои и се друго потребно
• Подгответе сетови карти за улоги и ставете ги во комплетите подготвени за секоја група.
• Соберете го остатокот од опремата така што ќе имате еден комплет за секоја мала група.

## Инструкции

1. Кажете им на учесниците за Светскиот ден на предизвиците и објаснете им дека задачата е да измислат нова игра во духот на Спорт за сите. Единствениот критериум е дека играта мора да биде таква што вклучува некоја форма на физичка активност која го забрзува отчукувањата

на срцето за 15 минути во континуитет
2. Побарајте од луѓето да формираат мали групи.
3. Подадете им ја шапката, во која се ставени картичките со улоги, на секоја група по ред и побарајте од секој учесник да избере една картичка. На оние луѓе кои имаат картичка за попреченост, дајте им неколку минути за да се подготват за улогата, на пример да си ги врзат очите или да си ја врзат рака зад грб.
4. Објаснете дека секоја група има триесет минути за да осмисли игра во духот на „Спорт за сите“, што е игра во која секој може да учествува. Тие можат да користат дел или целата опрема што ја имаат. На секоја група е да одлучи за целите на новата игра и правилата. Секој во групата мора да учествува во планирањето и донесувањето одлуки.
5. Групите нека ги играат игрите на другите групи.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

26 мај

Светски ден на предизвиците

## Резимирање и евалуација

Започнете со преглед на тоа како луѓето во различните групи комуницираа едни со други и дали уживале во активноста. Потоа продолжете да разговарате за самите игри и за инклузијата и дизабилизмот.

• Како се одвиваше дизајнирањето на играта? Кои фактори ги зедовте предвид? Дали беше важно тоа што во групата имаше лица со попреченост?
• Како работеше групата? Демократски или дали еден или двајца луѓе ги донесуваа одлуките?
• Луѓето кои беа со попреченост: Дали ви беше тешко да ја играте вашата улога? Дали мислите дека успеавте да играте реално? Дали сте задоволни од вашиот придонес кон конечниот резултат?
• Лицата без попреченост: Кои размислувања требаше да ги земете предвид за да ги надминете бариерите кои можеа да го попречат целосното и ефективно учество на лицата со попреченост?
• Кои видови компромиси требаше да ги направите кога ги осмислувавте игрите, за да може навистина да кажете дека ова е „Спорт за сите“?
• Што мислите, како е да се биде млад човек со попреченост во вашата земја? Кои би биле тешкотиите со кои би се соочите?
• Дали мислите дека правата на лицата со попреченост се целосно почитувани? Ако не – кои права мислите дека се најмалку почитувани, и што мислите кои се главните причини за тоа?
• Во реалноста, како одредени групи се исклучени од спортот? Дали исклучувањето е прекршување на нивните човекови права?

## Совети за обучувачите

Обидете се да се осигурате дека групите се „мешани“, на пример, дека постојат природно високи и ниски луѓе, со очила и  без наочари,  мешани според пол, возраст, атлетски способности итн. Улогите треба да се поделат така што нема да има повеќе од две лица со посебни потреби во една група. Тие може да бидат со исти пречки  во секоја група или со различни. Ако секоја група има лица со слични пречки, тогаш потоа учесниците ќе може да споредат како се соочиле со сличните предизвици. Ако различните групи имаат лица со различна попреченост, тогаш може да биде интересно и  да се види дали групите дизајнирале игри кои би можеле да ги вклучат сите попречености или само оние кои се претставени во нивната посебна група.

Во зависност од групата, можеби ќе треба да ја започнете сесијата со брза бура на идеи во врска со карактеристиките на игрите воопшто. На пример, игрите треба да имаат јасни цели или цели и правила. Можеби ќе треба да поставите ограничувања, на пример, дека играта мора да биде одиграна на одредена локација или да не трае подолго од 20 минутиво целост.
Ако групите не успеат да ја завршат задачата, или ако не се задоволни со резултатот, посочете дека ова се одразува на она што се случува во реалноста и не треба да се сфати дека активноста (или групата) не успеала. Во резимирањето треба да разговарате за работите кои не довеле до постигнување на резултатот или дека некои луѓе не биле задоволни од резултатот.

Во резимирањето луѓето може да речат дека исклучувањето и дискриминацијата реално не се големи проблеми затоа што луѓето имаат тенденција да избираат спорт во кој тие се природно

добри. На пример, високи луѓе може да играат кошарка и помалку енергичните типови може да играат билијард или шах. Сепак, постои проблем, доколку само оние млади луѓе кои имаат дарба, го добиваат целото внимание и можности да играат во натпревари, додека оние кои сакаат да играат за забава добиваат помалку. Некои спортови исклучуваат врз основа на богатство, бидејќи, на пример, им е потребна скапа опрема или обучувачи.

## Варијации

Ако сакате да ја користите оваа активност првенствено за да ги унапредите вештините за групна работа, може да побарате од една група да осмислат кооперативна игра, а од другата група - натпреварувачка. Во резимирањето може да се спореди колку пријатна била секоја од игрите.

Можете да ја користите активноста за да се фокусирате на еднаквост, правда и улогата на човековите права како „правила на играта“. Во овој случај, можеби ќе сакате да го исклучите елементот „попреченост“ и да се фокусирате на тоа како луѓето работеа заедно да ги креираат своите игри и да го оставите за во дискусијата прашањето дали сите, вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби или други групи, може да учествуваат.

Добри правила, како што се човековите права, постојат за да се осигура дека играта е фер ограничувајќи ја употребата на моќ од страна на некои играчи над другите. Правилата мора да се применуваат за сите играчи на ист начин како што се универзалните човекови права. Многу правила ги пропишуваат правата заедно со должностите. На пример, фудбалерот има право да ја удри топката, но не и играчот. Постојат казни во случај на злоупотреба на правилата.

Процесот на донесување одлуки за промена на правилата може да се спореди со тоа како се менуваат законите во „реалниот живот“. Дали тие се менуваат со уредба, од законодавното тело или од луѓето преку референдуми или консултации со НВО и други?
Во резимирањето можете да дискутирате:
• Во кои игри учесниците ужива најмногу? Што ја прави играта „добра игра“?
• Колку е важно да се има јасна цел и фер правила со цел сите да почувствуваат дека можат да учествуваат?
• Членовите во УДЧП може да се сметаат како правила за живеење во плуралистичкиот свет. Но, дали се тие добри правила? На пример, дали се универзално прифатливи за сите играчи (за секого низ цел свет)? Дали има доволно правила или премногу? Дали правилата се фер? Дали сите играчи (сите земји) играат според правилата?

## Предлози за следни активности

Ако групата е заинтересирана за истражување на други прашања за еднаквоста, можеби ќе сака да ја направи активноста „Пат до земјатана рамноправноста“, на страница 250, во која се разгледуваат прашањата за родова рамноправност. Симулациската активност „Трка за богатство и моќ“, на страница 269, ги разгледува нееднаквостите што се должат на богатството. Активноста, исто така, поттикнува прашања кои се во врска со еднаквоста на можностите, кои би можеле да се поврзат повторно со условите со кои се соочуваат лицата со посебни потреби.

## Идеи за акција

Организирајте кооперативен „Спортски ден“. Поканете ги младите луѓе од други клубови за да ја играат вашата нова игри. Групата ќе мора да одлучи како да го направи настанот што е можно поинклузивен.
Стапете во контакт со TAFISA и направете ги вашите игри да бидат придонес кон Светскиот ден на предизвиците.
Остварете контакт со локални организации кои ги поддржуваат лицата со посебни потреби во вашата околина и најдете како можете да се вклучите и да помогнете.
Направете анкета во вашето училиште, клуб или место за состаноци и дадете предлози за

едноставни подобрувања кои ќе го направат местото повеќе пријателско за луѓето со посебни потреби.

## Понатамошни информации

TAFISA е водечка меѓународна организација Спорт за сите, со над 200 членови од повеќе од 130 земји на сите континенти. Организира практични програми и настани во тесна соработка со, на пример, МОК, СЗО, ИЦСПСП и УНЕСКО.

Светскиот ден на предизвици СДП (WCD) е организиран од TAFISA. СДП е пријателски меѓународен натпревар во Спорт за сите и физичка активност каде што заедници од целиот свет се натпреваруваат едни против други. Секој може да учествува. Светскиот ден на предизвиците е достапен за мали заедници, од само неколку илјади луѓе, па до најголемите градови во светот. Целта е да се промовира физичката активност и Спорт за сите, не само во натпреварувачки спортови или само за луѓе кои се веќе активни и во форма, туку  и во однос на сите форми на активност и за сите луѓе од секоја возраст, според нивото на способност. Единствениот критериум е дека игрите мора да вклучуваат некоја форма на физичка активност која ја зголемува срцевата акција на учесниците за 15 минути во континуитет. www.tafisa.net

http://www.tafisa.net

**Младински олимписки игри**: Визијата на Олимписките игри за млади МОИ (YOG) е да ги инспирира младите луѓе од целиот свет да учествуваат во спорт и да го прифатат и да живеат според олимписките вредности.

http://www.olympic.org

**Параолимпијада**: Меѓународниот параолимписки комитет МПК (IPC) е посветен да им овозможи на параолимписките атлетичари да постигнат спортска извонредност и да развијат спортски можности за сите лица со попреченост од почетно до елитно нивоа. Покрај тоа, МПК има за цел да ги промовира Параолимписките вредности, кои вклучуваат храброст, истрајност, инспирација и еднаквост.

www.paralympic.org/IPC

Можеби ќе ви биде корисно - за вас и за учесниците - да ги земете предвид следните разлики помеѓу Глуви, глуви и наглуви лица:

**Глуви**: културен, јазичен и политички идентитет стекнат од многу глуви лица. Поединци кои се членови на Заедницата на Глуви ги прифатиле единствените културни норми, вредности и традиции на таа група. Нејзините членови обично го користат знаковниот јазик како нивен прв јазик.

**глуви**: термин кој се користи да опише неможност да се слушне нормален говор и обични звуци; медицински опис на губење на слухот.

**Наглувост:** се однесува на лица со различен степен на губење на слухот кои комуницираат првенствено со говорниот јазик, дополнето со читање од усни. Наглувото лице може да користи слушни помагала и/или кохлеарни импланти и може да го надополни слушањето со помошни слушни апарати. Тој/таа може да биде медицински глув/а но, со технички помагала, со интегрирано воспитување и образование, функционираат како наглуви.

Дефинициите и информациите за попречености човековите права може да се најдат во Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост, во Поглавје 5 на www.coe.int/compass.

# Прилози

**Карти на улоги**

**Вие сте глуво лице.**
Земете неколку „тапи“ за уши. Можете да зборувате (но не слушате).
Обидете се да ја претставите вашата улога реално, без претерување или прибегнување кон стереотипи.

**Вие сте некој кој е наглув**
Земете памук за да го ставите во ушите. Обидете се да ја претставите вашата улога реално, без претерување или прибегнување кон стереотипи.

**Вие користите инвалидска количка**
Седнете во количкатата и научете како да ја управувате. Обидете се да ја претставите вашата улога реално, без претерување или прибегнување кон стереотипи.

**Вие сте лице со една рака.**
Со завој врзете ја едната рака назад на грбот. Обидете се да ја претставите вашата улога реално, без претерување или прибегнување кон стереотипи.

**Вие сте лице без раце**
Со завој врзете ги двете раце назад на грбот. Обидете се да ја претставите вашата улога реално, без претерување или прибегнување кон стереотипи.

**Вие сте лице кое накривува**
Со завој врзете дрвен блок на едното стапало за да имате чувство дека едната нога ви е подолга од другата. Обидете се да ја претставите вашата улога реално, без претерување или прибегнување кон стереотипи.

**Вие сте лице со една нога**
Со завој врзете го едното стапало горе зад бутот како да сте ја изгубиле ногата под коленото.Земете штеки.Обидете се да ја претставите вашата улога реално, без претерување или прибегнување кон стереотипи.

**Вие сте лице со потешкотии во учењето**
Нервозни сте и немате самодоверба, работите треба да ви се објаснат многу внимателно. Обидете се да ја претставите вашата улога реално, без претерување или прибегнување кон стереотипи.

**Вие сте слепо лице**
Ставете лента на очите. Обидете се да ја претставите вашата улога реално, без претерување или прибегнување кон стереотипи.

**Вие сте глуво и немо лице**
Земете „тапи“ за уши. Нити може да слушате нити да зборувате, може да комуницирате со знаковен јазик и со пишување и цртање. Обидете се да ја претставите вашата улога реално, без претерување или прибегнување кон стереотипи.

**Вие сте способно лице без попречености**
Обидете се да ја претставите вашата улога реално, без претерување или прибегнување кон стереотипи.

# Направи еден чекор напред

*Се излегува од правата на другите и мојата бесконечна должност да ги почитувам.*

Емануел Левинас

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Дискриминација и нетолеранција<br>• Сиромаштија<br>• Општи човекови права |
| **Ниво на сложеност** | 2 |
| **Големина на групата** | 10-30 |
| **Времетраење** | 60 минути |
| **Преглед** | Ние сме сите еднакви, но некои се повеќе еднакви од другите. Во оваа активност учесниците избираат улоги и се движат напред во зависност од нивните шанси и можности во животот. |
| **Поврзани права** | • Право на еднаквост во достоинството и правата<br>• Право на образование<br>• Правото на животен стандард соодветен за добро здравје и благосостојба |
| **Цели** | • Да се подигне свеста за нееднаквоста на можностите<br>• Да се развие имагинација и критичко размислување<br>• Да се поттикне емпатија со други, кои се помалку среќни |
| **Материјали** | • Картички за улоги<br>• Отворен простор (ходник, голема просторија или простор на отворено)<br>• Лента или CD плеер и нежна/релаксирачка музика<br>• Шапка |
| **Подготовка** | • Внимателно прочитајте ги упатствата. Прегледајте ја листата на „ситуации и настани“ и прилагодете ги на групата со која работите.<br>• Направете картички на улоги, по една на учесник. Копирајте го (прилагодениот) лист, рачно или на фотокопир; исечете ги лентите, превиткајте ги и ставете ги во шапка. |

## Инструкции

1. Направете мирна атмосфера со нежна музика во позаднина. Алтернативно, побарајте од учесниците да бидат тивки.
2. Замолете ги учесниците да извлечат картичка со улоги од шапката. Кажете им да ја чуваат за себе ида не ја покажуваат на никој друг.
3. Поканете ги да седнат (по можност на под) и внимателно да ја прочитаат нивната картичка со улога.
4. Сега побарајте од нив да почнат да влегуваат во улогата. За да им помогнете, прочитајте некои од следните прашања, паузирајќи после секое од нив, за да им дадете време да размислат и да направат слика за себеи за своите животи:
   • Какво беше вашето детство? Во каква куќа живеевте? Кои видови на игри ги игравте?

Дискриминација и нетолеранција

Сиромаштија

Општи човекови права

Ниво 2

10 - 30

60 минути

Каква работа работеа вашите родители?
• Каков е вашиот секојдневен живот сега? Каде се дружите? Што правите наутро, попладне, во вечерните часови?
• Каков животен стил имате? Каде живеете? Колку пари заработувате секој месец? Што правите во слободното време? Што правите за време на одморите?
• Што ве возбудува и од што се плашите?

5. Сега побарајте од луѓето да останат апсолутно тивки додека се наредат едни покрај други (како на пример на стартната линија)
6. Кажете им на учесниците дека ќе прочитате листа на ситуации или настани. Секој пат кога на изјавата може да одговорат со „да“, треба да направат чекор напред. Во спротивно,треба да останат таму каде што се и да не се поместуваат.
7. Прочитајте ги ситуациите една по една. Паузирајте помеѓу секоја изјава за да им дадете на луѓето време да исчекорат напред и да разгледаат наоколу за да ги забележат своите позиции во однос на другите.
8. На крај поканите ги сите да ги забележат своите финални позиции. Потоа дајте им неколку минути да излезат од улогата пред резимирањето на пленарната сесија.

## Резимирање и евалуација

Започнете прашувајќи ги учесниците за тоа што се случило и како тие се чувствуваат во врска со активноста, апотоа продолжете да зборувате за проблемите што се покренаа и што научиле.
• Како луѓето се почувствуваа исчекорувајќи напред - или не?
• За оние кои често чекореа напред, во кој момент почнаа да забележуваат дека другите не се движат толку брзо како нив?
• Дали некој почувствува дека имаше моменти кога нивните основни човекови права беа игнорирани?
• Дали луѓето можат да ги погодат улогата на другите? (Во овој дел од дискусија лицата може и да ги откриваат своите улоги)
• Колку лесно или тешко беше да се играат различните улоги? Како си ја замислувале личноста која ја играле?
• Дали вежбата е огледало на општеството на некој начин? Како?
• Кои човекови права се доведени во прашање за секоја од улогите? Може ли некој да каже дека нивните човекови права не се почитуваат или дека немале пристап до нив?
• Кои први чекори би можеле да се преземат за решавање на нееднаквостите во општеството?

## Совети за обучувачите

Ако оваа активност ја правите на отворено, осигурајте се дека учесниците може да ве слушаат, особено а која работите со голема група! Можеби ќе треба да ги користите вашите помошници за да ги пренесат изјавите.

На почеток, во фазата на замислување, можно е некои од учесниците да кажат дека тие малку знаат за животот на личноста за која ја имаат улогата. Кажете им, дека тоа нема големо значење и дека треба да ја користат нивната имагинација и да го направат тоа најдобро што можат.

Моќта на оваа активност лежи вовлијанието кое го има гледањетона тоа како се зголемува растојанието меѓу учесниците, особено на крајот кога треба да има големо растојание помеѓу оние кои често чекореа напред и оние кои не го правеа тоа. За да се зголеми влијанието, важно е да ги прилагодите улогите, за тие да ја одразат реалноста на сопствениот живот на учесниците. Како што го правите тоа, бидете сигурни дека ги прилагодувате улогите така што само минимум луѓе можат да чекорат напред (т.е.да одговорат со „да“). Ова исто така важи и ако имате голема група и треба да изготвите повеќе улоги.

За време на резимирањето и евалуацијата, важно е да се истражи како учесниците знаеле за ликот чија улога требаше да ја играат. Дали тоа било преку лично искуство или преку други извори на информации (вести, книги и шеги?) Дали се сигурни дека информациите и сликите што ги имаат за ликовите се сигурни? На овој начин можете да направите вовед за тоа како функционираат стереотипите и предрасудите.

Забелешка
Оваа активност беше научена од Елс ван Мурик (Нешто друго)и другите.

КЛУЧЕН ДАТУМ

15 јуни
Светски ден на храната

Оваа активност е особено релевантна за поврзување на различните генерации на права (граѓански/политички и социјални/економски/културни права) и пристапот до нив. Проблемите на сиромаштијата и социјалната исклученост не се само проблем на формалните права - иако последново постои и за бегалците и барателите на азил. Проблемот многу често е прашање на ефективен пристап до тие права.

## Варијации

Оваа прва варијација додава уште една димензија на симболиката на нееднаквоста. Ви треба многу долг тенок конец или хартиена лента која лесно ќе се скине. Кога учесниците ќе бидат наредени на почеток, одете по должината на линијата и одмотувајте ја лентата како што одите. Како што поминувате покрај секоја лице, лицето ја зема лентата, така што секој завршува „поврзан" со лентата и заедно со другите. Кога доаѓа моментот да се направи чекор напред, некои учесници ќе се соочат со дилемата дали да се движат и да ја скинат лентата или не. Исто така може да се случи да тие што остануваат назад ги обвинуваат другите за кинењето на лентата. Затоа може да биде потребно да ги потсети луѓето на правилото дека „секој пат кога на изјавата ќе може да одговорат „да", треба да направат чекор напред. Инаку, ќе треба да останат таму каде што се и да не се движат. "

Втора варијација: Стартувајте го првиот круг како што е опишано, а потоа играјте го вториот круг кој го има потенцијалот да ги открие понекогаш потценетите компетенции. Учесниците ги задржуваат истите улоги. Во вториот круг, прочитајте ги изјавите што претходно сте ги подготвиле кои се фокусираат на силата што може да ја имаат обесправените луѓе, токму поради нивната ситуација. На пример:
• Вие зборувате повеќе од два јазици и ги користите секој ден.
• Сте надминале лична физичка или ментална попреченост, која ви даде самодоверба и внатрешна сила за да се носите со невработеноста.
• Вие страдате од терминална болест и ја знаете подобро од другите вредноста на животот.
• Бевте израснати во далечено село и имате длабоко разбирање за еколошката криза со која се соочува светот како резултат на климатските промени.
• Знаете како да живеете со мал буџет и каде да ги најдете најповолните работи.

Можете да го прилагодите овој метод за да ги нагласите нееднаквостите во многу други области, например за пристап до вода, учество во политички или социјален живот или родови прашања. Ако се фокусирате на друго прашање, тогаш ќе мора да припремите различни улоги и изјави. Кога го правите тоа, бидатете свесни за потенцијално чувствителните улоги и изјави.

Еден начин да се донесат повеќе идеи на маса и да се продлабочи разбирањето на учесниците е прво да се работи во мали групи, а потоа групите да ги споделат своите идеи на пленарна сесија. Да се има асистенти  е речиси неопходно ако го правите ова. Обидете се со овој метод правејќи го вториот дел одрезимирањето – после откривањето на секоја улога - во помали групи. Побарајте од луѓето да истражуваат кој во нивното општество има помалку, а кој има повеќе шанси или можности, и кои први чекори можат и треба да се преземат за решавање на нееднаквостите. Алтернативно, побарајте од луѓето да земат еден од ликовите и прашајте што може да се направи, односно какви обврски и одговорности тие самите, заедницата и владата имаат кон оваа личност.

## Предлози за следни активности

Во зависност од социјалниот контекст каде што работите, можеби во групата ќе сакате да поканите да зборуваат претставници од групи кои се застапници на одредени културни или социјални малцинства. Дознајте од нив за кои прашања тие се борат во моментов и како вие и младите луѓе можат да помогнат. Таков состанок лице-в-лице исто така ќе биде можност да се посочат или разгледаат некои од предрасудите или стереотипи кои се појавиле во текот на дискусијата.

Ако групата сака да дознае повеќе за прашањата поврзани со нееднаквостите во обезбедувањето

на образование ширум светот и мерките што се преземаат за решавање на проблемите, може ќе сакате да ја разгледаат активноста „Образование за сите“, на страница 162.

Групата може да сака да посвети повеќе време на стереотипните слики што ги имаат за луѓето претставени во „Направи чекор напред“. Можете да ја користите активноста „Карта на Европската железница“ од едукативниот пакет „Сите различни -Сите еднакви“ за да прашате со кои луѓе би сакале најмногу да патувате заедно со воз, а со кои луѓе најмалку би сакале да патувате.

## Идеи за акција

Земете ги идеите од идните активности (погоре). Преку нив, размислувајте како вие и младите луѓе можете да им помогнете на групите и организациите кои работат со културни или социјални малцинства и да ги претворите идеите во пракса.

## Прилози

### Карти за улоги

| | |
|---|---|
| Вие сте невработена самохрана мајка | Вие сте претседател на партиско-политичка младинска организација (чија „мајка“ партија сега е на власт). |
| Вие сте ќерка на локален менаџерот на банка. Студирате на економски факултет. | Вие сте син на кинески имигрант кој води успешен бизнис за брза храна. |
| Вие сте арапски муслиманка која живее со своите родители кои се религиозно посветени луѓе. | Вие сте ќерка на американскиот амбасадор во земја каде што сега живеете. |
| Вие сте војник во армијата, во задолжителна воена обврска. | Вие сте сопственик на успешна фирма за увоз и извоз. |
| Вие сте млад човек со попреченост кој може да се движи само во инвалидска количка. | Вие сте пензиониран работник од фабрика за производство на чевли. |
| Вие сте 17-годишна Ромска (Циганска) девојка која никогаш не завршила основно училиште | Вие сте девојка на млад уметник кој е зависник од хероин. |
| Вие сте ХИВ-позитивна, средовечна проститутка. | Вие сте 22-годишна лезбејка. |
| Вие сте невработен факултетски образован кој чека прва можност за работа. | Вие сте модел од африканско потекло. |
| Вие сте 24-годишен бегалец од Авганистан | Вие сте бездомник, млад човек на 27 години. |
| Вие сте илегален имигрант од Мали. | Вие сте 19-годишен син на земјоделец во оддалечено село во планините. |

## Ситуации и настани

Прочитајте ги следните ситуации гласно. Откако ќе ја прочитате секоја ситуација, дајте им време на учесниците за да исчекорат напред, а исто така и за да видат колку далеку се придвижиле во однос на другите.

- Никогаш не сте се соочиле со сериозна финансиска потешкотија.
- Имате пристоен дом со телефон и телевизија.
- Имате чувство дека вашиот јазик, религија и култура се почитуваат во општеството во кое живеете.
- Имате чувство дека вашето мислење за социјалните и политичките прашања е важно и дека вашите ставови се слушаат, исто така.
- Други луѓе ве консултираат за различни прашања.
- Вие не се плашите дека полицијата ќе ве запре.
- Знаете каде да се обратите за совет и помош ако ви треба.
- Никогаш не сте се почувствувале дискриминирани поради вашето потекло.
- Вие имате соодветна социјална и здравствена заштита за вашите потреби.
- Можете да одите на одмор еднаш годишно.
- Можете да ги поканите пријателите на вечера дома.
- Имате интересен живот и позитивни сте во врска со вашата иднина.
- Чувствувате дека можете да учите и да ја следите професијата која е ваш избор.
- Вие не се плашите дека ќе бидете малтретирани или нападнати на улица, или во медиумите.
- Вие можете да гласате на национални и локални избори.
- Можете да ги славите најважните религиозни празници со вашите роднини и блиски пријатели.
- Можете да учествувате на меѓународен семинар во странство.
- Можете да одите во кино или во театар барем еднаш неделно.
- Вие не се плашите за иднината на вашите деца.
- Можете да купите нова облека барем еднаш на секои три месеци.
- Може да се заљубите во личност по ваш избор.
- Вие чувствувате дека вашата компетентност е ценета и почитувана во општеството каде што живеете.
- Можете да го користите Интернетот и да имате корист од него.
- Вие не се плашите од последиците од климатските промени.
- Слободно можете да користите било која интернет страница без страв од цензура.

Граѓанство и партиципација

Животна средина

Работа

Ниво 4

4-10

90 минути

# Приказна за два града

*Цивилизацијата е метод на живеење и став на еднакво почитување на сите луѓе.*

Корасон Аквино

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Државјанство и учество<br>• Животна средина<br>• Работа |
| **Ниво на сложеност** | 4 |
| **Големина на групата** | 4-10 |
| **Времетраење** | 90 минути |
| **Преглед** | Ова е друштвена игра (на табла) во која играчите гласаат за таков град во каков што сакаат да живеат и погодностите што сакаат да ги уживаат. Наведените теми вклучуваат:<br>• Социјална солидарност<br>• Импликациите од плаќање даноци<br>• Вредноста на локалната демократија |
| **Поврзани права** | • Право на социјално осигурување<br>• Право на сопственост<br>• Право на соодветен животен стандард |
| **Цели** | • Да се разбере важноста на социјалната благосостојба за животот на заедницата<br>• Да развие вештини за комуникација и тимска работа<br>• Да се промовираат вредностите на солидарност и одговорност кон заедницата |
| **Материјали** | • 1 примерок од играта (картонската табла)<br>• А3 големина на картичка или хартија (опционално, но се препорачува)<br>• 1 зар (коцка)<br>• Спајалици во две бои (на пример, црвена и сина).Еднаков број од секоја боја. Во доволен број, по една за секој играч.<br>• Ножици<br>• Гума за лепење или “Blu-tack”<br>• 4 комплети на картичките за замена<br>• 2 пликови<br>• Пари (по 6.000 Еми за играч)<br>• 2 примероци од работниот лист на Градскиот Банкар<br>• 1 примерок од работниот лист на Банкарот на играта<br>• Хартија и пенкала<br>• Штоперица<br>• Проектор и да се прикажат правила (опционално) |
| **Подготовка** | • Прочитајте ги инструкциите за да се запознаете со играта,картичките за замена и правилата.<br>• Земете два листови картички за замена и исесечете ги. За да не се извалкаат, секој сет ставете го во посебен плик, јасно означен со А или Б ! (Останатите 2 примероци од листовите ќе се користат за референца на состаноците на градскиот совет)<br>• Залепете ја фотокопијата на играта на картон или тврда хартија да биде цврста и издржлива. |

КЛУЧЕН ДАТУМ

1 октомври
Светски ден на домувањето

• Изберете три лица за да ги преземат посебните улоги на банкарите. На секој град му е потребен банкар, а исто така потребен е и еден Банкар на играта. На секој од двата Градски банкари дајте им по една копија од работните листови, а на Градскиот Банкар дајте му го неговиот работен лист. Банкарите нека си направат етикети за да може лесно да бидат идентификувани за време на играта.
• Поделете го остатокот од групата подеднакво, во две групи. На едната група дајте им црвени спајалици, а на другата група сини спајалици.
• Кажете му на секој играч да направи картичка за себе запишувајќи го своето имена едно мало парче хартија кое ќе го стави со спајалица во соодветната боја за групата.
• Испечатете ги парите! Копирајте ги парите од страница 360 и исечете ги во банкноти. Ќе ви требаат по 6.000 Еми за секој играч/граѓанин.

## Инструкции

1. Објаснете дека оваа активност е друштвена игра (на картонска табла) и покажете им ја картонска табла. Покажете ја патеката што го претставува градот А, а потоа и патеката што го претставува градот Б.  Посочете ги местата каде се вкрстуваат двете патеки и површините каде што ги подигаат своите плати, ги плаќаат даноците и добиваат „шанса“, што значи шанса да се преселат и да си играат во другиот град.
2. Објаснете како се игра (погледнете го материјалот подолу). Бидете сигурни дека сите ги разбираат правилата.
Одлучете кога играта ќе заврши.
3. Нека банкарите си направат едноставни идентификациски знаци за да може играчите да знаат кому да ги му ги платат даноците!
4. Играјте ја играта! Кога ќе завршите, преминете на резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

Започнете со разговор за тоа како протече самата игра, а потоа продолжете да разговарате за она што луѓето го научиле.
1. Дали учесниците уживаа во играта? Што им се допадна, а што не им се допадна?
2. На почетокот, дали луѓето сметале дека не е фер што некои играчи морале да платат повеќе даноци отколку другите? Дали и по некое време од играњето сеуште го чувствуваа истото?
3. Како поминаа состаноците на Градскиот совет? Како беа донесени одлуките? Демократски?
4. Како се чувствувале луѓето што не се согласуваа со одлуките на градскиот совет?
5. Кој се пресели од еден во друг град? Зошто го сториле тоа?
6. Дали некој на состанокот на советот даде пари од сопствениот џеб за да придонесе за социјалната благосостојба на заедницата? Зошто го сториле тоа?
7. На почетокот на играта, социјалните услови во градовите А и Б беа исти. Како завршиле? Имаше ли разлика? Кои беа тие?
8. Во кој град вие би сакале да живеете? Зошто?
9. Дали вреди да се плаќаат повисоки даноци за да има подобар живот за сите во заедницата? Или повеќе би сакале да ја задржите целата плата и да си купите работи што ви требаат и што ги сакате?
10. Каква беше ситуацијата во однос на двата града на крајот на играта? Дали тие беа во „Градот на еднаквоста“ („Equaltown“) со дух на заедништво на жителите кои се подготвени да платат за социјални добра или во „Јас градот“ („Egotown“), каде што жителите имаат индивидуалистичка етика и не сакаат да плаќаат даноци за социјални добра?
11. На скала од 1 до 10 (1 е екстремно „Јас градот“ и 10 е екстремно „Градот на еднаквоста“), како би го оцениле сопственото општество?
12. Погледнете го секое поле од таблата. Кои човекови права се прекршени?
13. Дали во вашата земја постојат заедници или групи чии права за соодветен животен стандард за нивно здравје и благосостојба се прекршени? (член 25 од УДЧП) Кои и зошто?

http://www.gmlets.u-net.com/

## Совети за обучувачите

Играта е прилично лесна за секој кој знае да игра друштвени игри, но внимавајте добро да ги објасните правилата на играта и како да се игра. Може да им помогне на играчите ако ги напишете правилата на „флипчарт“ или ако употребите слајд на проектор или им дадете копии од правилата на играта.

Играта најдобро функционира со максимум 10 луѓе кои играат како граѓани, а на почетокот на играта, во секој град треба да има еднаков број граѓани. Ако имате на пример 16 учесници, можете да ги натерате банкарите да работат во парови. Ако работите со поголема група, најдобро е да изиграте две игри. Во овој случај, не заборавајте да ги размножите сите материјали дупло, и осигурајте се да имате асистент кој ќе биде одговорен за втората игра! Добар совет: пред да ја пробате играта со вашата група, изграјте ја со пријатели и соседи! Така потоа ќе се почувствувате посигурни во давањето на инструкции, а играта да се одвива лесно.

## Предлози за следни активности

Во активноста „Пат до земјата на рамноправноста“, на страница 250, можете дополнително да ги истражите факторите кои го помагаат и го попречуваат развојот на поправедно општество. „Нашите иднини“, на страница 246, е друга активност која им помага на луѓето да ги истражуваат проблемите околу силите кои овозможуваат промените да се случат и ги охрабрува младите луѓе да веруваат дека тие можат да ја градат иднината што би сакале да ја видат.

**Забелешка**

Луѓето одговорни за собирање на даноци и управување со фондовите на градовите се нарекувани „банкари“. Во реалноста банкарот не ги извршува овие функции. Терминот се користи затоа што зборот е користен во многу популарни друштвени игри, на пример, Монопол. Ако чувствувате дека терминот „банкар“ не е најсоодветен, наместо него одберете друг, на пример, „Финансиски администратор“.

## Идеи за акција

Добијте копија од локалниот план за развој за местото каде живеете и разговарајте за него во групата.Испитајте ги прашањата кои ве засегаат, на пример, кои ќе бидат потребите на младите луѓе во вашето место и да видете дали/како тие се исполнети во планот. Или пак може да бидете загрижени за пристапноста на лицата со попреченост, или за безбедноста на улиците и планови за подобрување на безбедноста во велосипедизмот. Дајте им го вашиот фидбек на властите преку учество на јавни состаноци или привлечете други од местото и вклучете ги преку создавање на блог, пишување во весник или организирање јавен состанок или настан за подигање на свеста.

Групата може да дознае повеќе за „партиципативно буџетирање“ и да биде инспирирана од иницијативи што биле преземени од страница на заедниците низ целиот свет. Тие исто така може да дознаат повеќе за Градови во транзицијаи да се здружат со други за да започнат локална иницијатива за да направат одржливи прилагодувања за климатските промени и потребата за намалување на емисиите на $CO_2$.

## Понатамошни информации

„Партиципативно буџетирање“ е процес на демократско учество кој директно ги вклучува луѓето локално во донесување одлуки за приоритетите за трошење на јавниот буџет, на пример за локални еколошки проекти, објекти во заедницата, мерки за безбедност на патиштата или

**Европски кодекс за социјална сигурност**

Европскиот кодекс на социјална сигурност на Советот на Европа стапи во сила во 1968 година. Заклучно со март 2010 година тој беше ратификуван од 21 земја-членка. Обезбедува широк спектар на социјална заштита, вклучувајќи и гаранции за:

- Медицинска нега, која опфаќа грижа од општ лекар, специјалистичка нега и итна медицинска помош
- Надоknада за невработеност
- Надокнада за старост
- Надокнада за попреченост.

локални иницијативи против криминал. Ставете „Партиципативно буџетирање“ во вашиот пребарувач за да најдете корисни линкови.

## Прилози

**Број на играчи**
Помеѓу 7 и 13. Три лица ги добиваат улогите на банкарите. На почетокот на играта треба да има еднаков број на играчи во секој град.

**Цел на играта**
Победникот е играч кој има најмногу пари на крајот од натпреварот.

**Како се игра**
1. Побарајте од тројца луѓе да ги преземат улогите на банкарите: еден Банкар за градот А, еден Банкар за градот Б и еден Банкар за играта.
2. Половина од играчите имаат црвени ознаки, а половина имаат сини ознаки.
3. На почетокот, играчите се поделени во две еднакви групи. Секоја група има еднаков број на „црвени“ и „сини“ играчи. Едната групата ќе патува по патеката во градот А, другата група ќе патува по патеката во градот Б.
4. Сите играчи почнуваат од полето „почеток и плата“.
5. Во текот на играта играчот може само да го промени градот ако тој/таа застане на полето „шанса за промена“
6. Секој играч започнува со плата според нивната боја:
• Сините играчи: 500
• Црвените играчи: 100
7. Фрлете го зарот за да се одлучи кој ќе започне. Започнува највисокиот број, а потоа секој играч по ред, обратно од стрелките на часовникот.
8. Како им доаѓа редот, секој играч го фрла зарот и соодветно на добиениот број, се движи напред по полињата по должината на патеката на сопствениот град. Кога некој играч ќе застане на полето, тој ја чита наредбата гласно, и прави она што кажува инструкцијата.
9. Забелешка: Играч кој има инструкција да се движи наназад, застанува кога ќе стигне до полето кое е цел. Тие не ги почитуваат инструкциите на ова второ поле.
10. Доколку треба да се плати, а играчот нема доволно пари за да плати, останува на плоштадот и станува просјак.
11. Два или повеќе играчи може да бидат на истото поле во исто време.

**Специјални полиња**

**Даночен придонес**
Секој пат кога некој играч го поминува полето „плаќање данок“, тој/таа мора да плати данок. (Играчите плаќаат додека поминуваат преку полето, дури иако не застануваат на него). Износот на данокот што треба да се плати зависи од платата на играчот и од градот.
Град А 40% ако плата е 500 или повеќе
10% ако платата е 100 или помалку
Град Б 10% без оглед на платата
Забелешка: Невработеното лице без надомест за невработеност не плаќа данок. Невработеното лице кое добива придонес плаќа 10% од придонесот за невработеност, без оглед на градот. Данокот му се плаќа на Градскиот банкар на соодветниот град. (Играчите во град А на банкарот на градот А , а играчите од градот Б на Банкарот на градот Б).

**Плата**
Секој пат кога некој играч го поминува полето „почеток и плата“ (не морате да застанете на полето, само да го поминете), тој/таа ја добива соодветната плата од Банкарот на градот. Ако играчот е невработен, и ако во градот има систем за социјално осигурување, тој добива надоместок за невработеност од Градскиот банкар.

**Шанса за промени**
Секој играч кој ќе стапне на полето „шанса за промена“ може да избере дали ќе го смени градот или не (да го промени градот А во градот Б, или градот Б во градот А). За да ја направи промената, играчот треба само да ја објави својата одлука на останатиот дел од играчитеи на банкарите. Кога ќе им дојде следниот ред, тие се движат по патеката на другиот град.
Играчот кој го сменува градот продолжува да ја прима истата плата како и порано, но плаќа даноци според даночната шема на новиот град.

**Средби на Градскиот совет**
Сите играчи од градот присуствуваат на состаноците на градскиот совет. Средбата е можност да се направат промени (ако ги има) на политика на градот.
Средбата може да се одржи на секое 5-то плаќање на данок. Градските банкари водат евиденција за тоа колку луѓе во нивниот град го имаат поминато полето за плаќање данок. Кога секој петти човек го поминува полето, тој/таа повикува на состанок.
Играчите во градот можат да одлучат дали сакаат да одржат состанок или не.
Играта запира за време на состанокот на градскиот совет и играчите од другиот град треба да чекаат додека не заврши состанокот, пред играта да продолжи. Играчите имаат 5 минути да одлучуваат за потребите на градот и за било какви промени во политиката. Опциите за политиките се дадени на картичките за замена и граѓаните можат да се повикаат на копијата од листот со замена на картички за да знаат кои политики се „на дневен ред“ (тоа се, опциите што можат да ги изберат).
За да се промени политика, играчите треба да ја купат картичката за замена со парите од даноците на градот. Цената е наведена на секоја картичка. Градскиот совет може да направи само промени што може да си ги дозволи. Градскиот банкар му го плаќа наведениот износ на Банкарот на играта. Граѓаните можат да одлучат да променат колку што сакаат политики, но, мора да бидат во можност да си ги дозволат.
Градскиот совет што е во финансиски проблеми може да одлучи да „продаде назад“ една или повеќе картички за замена на Банкарот на играта. Цената на „откуп“ е 50% од оригиналната цена.
Богатите поединци можат, ако сакаат, да придонесат во градските фондови со цел да се купат картички за замена.
Банкарот користи мала количина на „Blu-tack“ за да ја залепи картичката за замена на таблата за играње над договореното поле.

**Картички за замена**
Постојат 17 заменски картички кои ги претставуваат политиките што градскиот совет може да ги усвои на состанокот на советот. Картичките за замена се купуваат од Банкарот на играта по цена која е напишана на картичката. Откако ќе се купи, Градскиот банкар ќе ја/ги залепи картичката(ите) на таблата, над постоечкото поле, како што одлучиле граѓаните. Секое поле може да биде „заменето“. Ако, во моментот на замена, на тоа поле има играч, тој/таа не го следи новото упатство. Новата политика влегува во сила само кога следен играч се доаѓа на тоа поле.
На состанокот на Градскиот совет граѓаните/играчите одлучуваат за градската политика и можат да купат една или повеќе картички за замена. За сите картичките мора да се плати.

**Питачи**
Играч кој нема пари да ги плати даноците или другите плаќања останува на полето каде што дошол и станува „питач“. Меѓутоа, ако има дом за бездомници во градот, питачите можат да изберат да спијат таму, ако тие сакаат, наместо на полето каде што дошле. Преселувањето не го ослободува питачот од неговите/нејзините долгови.
Тој/таа може да моли за пари од секој играч кој доаѓа на полето каде што стои. Зависи од секој играч дали ќе му даде

пари на питачот  или не. Кога „питачот“ има доволно пари за да ги плати своите давачки, чека да му дојде редот, ги плаќа даноците го фрла зарот, и продолжува понатаму.
„Питачите“ го фрлаат зарот секогаш кога ќе им дојде редот. Тоа е шанса што ја имаат.

Фрли 6 – ка     Наоѓате 50 Еми во корпата за ѓубре.
Фрли 5 – ка     Соберете 20 празни шишиња од пиво и добијте 50 Еми за нивното оставање - ако градот има центар за рециклирање!
Фрли 4 – ка     Следната личност која те поминува ти дава 10 Еми
Фрли 3 –ка     Ладно ви е и немате енергија, го преспивате следниот круг.
Фрли 2 – ка     Спиете во паркот наоѓате 10 Еми под клупата. Ако градот го реновирал паркот, наоѓате 20 Еми.
Фрли 1 – ца     Ограбен сте . Следната донација што ќе  ја добиете, дајте му ја на Градскиот банкар

Добивките на питачите ги плаќа Градскиот банкар од градот во кој живее питачот.

**Кога завршува играта?**
Играчите одлучуваат како да ја завршат играта пред да започнат. Тие можат да изберат една од следниве опции:
• кога првиот играч завршува 20 круга
• по договорено време, на пример, 45 минути.
Забелешка: играта автоматски завршува ако еден град банкротира
Победник е лицето со најмногу пари на крајот на играта.

## Картички за замена

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реновирање на парк, со базен за пливање и детско игралиште.<br>Цена: 200 Еми | Исчистете го паркот.<br>Цена: 100 Еми | Патиштата се сега добри. Целосно реконструирани. Одете 3 полиња.<br>Цена: 400Еми | Патишта се во ред, дупките се санирани. Добри се само до следниот состанок на Советот на градот.<br>Цена: 200 Еми. | Ја губите работата! Фондот за невработеност ви плаќа 30% од вашата плата. Градот мора да има резерва од 1000 Еми. |
| Се разболевте. Државната болница е е целосно субвенционирана. Платете само 10 Еми. Цена: 600 | Се разболевте. Државната болница е е делумно субвенционирана. Платете 30Еми за третман.<br>Цена: 400 Еми. | Бесплатен пристап до плажа! Само уживајте! Цена за субвенционирање на пристапот: 100 Еми. | Транспортните проблеми олеснети со велосипедска патека.<br>Цена на велосипедската патека: 150 Еми. | |
| Отворени се нови театар и кино.<br>Цена: 400 Еми. | Вашиот татко е пензионер, но нема пензија. Воспоставете пензиска шема.<br>Цена: 400 Еми. | Сакате да читате и сега има библиотека! Имате екстра фрлање.<br>Цена на библиотеката: 200Еми. | Нема повеќе улични деца. Изграден е дом за деца без родители. Цена на домот за деца без родители: 200Еми. | Системот за рециклирање го намалува ѓубрето. Одете напред 3 полиња.<br>Цена на системот за рециклирање: 150 ЕМС. |
| Имате правен проблем. Добивате адвокат кој е финансиран од државата<br>Одете 2 полиња напред. Цена: 200 Еми. | Нема веќе бездомници кои немаат место за спиење.<br>Се отвори засолниште ( шелтер)<br>Цена: 200 Еми. | | | |

„Парите“ за играта може да се најдат на страница 354

**Листа на задачи на Градските банкари**

Ниту еден град не започнува со пари. Сите приходи ќе доаѓаат од даноците што се плаќаат кога играчите ќе го поминат полето за плаќање данок.
1. Градските банкари го користат листот со линии за да водат евиденција за тоа колку играчи го поминуваат полето за „плаќање данок“ и свикуваат состанок на градскиот совет после поминувањето на секој петти играч.
2. Градските банкари собираат даноци од секој играч во нивниот град, откога играчот го поминува квадратот за плаќање данок.

Забелешка: Играчите кои го промениле градот ги плати новите даноци.

Даночната шема е како што следува:
Град А 40% за плата од 500 или повеќе
10% за плата од 100 или помалку
Град Б 10% без оглед на платата
Невработените граѓани кои не добиваат надомест не плаќаат данок
Невработените граѓани кои добиваат надомест плаќаат 10% од нивниот надомест.

3. Други задачи на Градските банкари:
- се грижат за парите на градот
- му плаќаат на Банкарот на играта за купување на картичките за замена
- ги залепуваат картичките за замена над полињата за кои се согласиле граѓаните на состанокот на советот
- го администрираат фондот за невработеност како и кога градот ќе одлучи да го основа
- исплаќаат надомест за невработеност на играчите кои имаат право да го добијат доколку градот се согласи да основа систем на социјално осигурување. Во времето на поставување на системот, во банката мора да има најмалку 1.000 Еми

- надгледувајте ги питачите во вашиот град и осигурајте коректна игра кога имаат шанса да го фрлаат зарот:

Фрли 6 – ка Тие наоѓаат 50 Еми во корпа за ѓубре
Фрли 5 – ка Тие собираат 20 празни шишиња за пиво и добиваат 50 Еми за депозитите - ако градот има центар за рециклирање!
Фрли 4 – ка Следната личност која ги поминува, им дава 10 Еми
Фрли 3 – ка Тие се пијанат и го преспиваат нивниот следен круг
Фрли 2 – ка Тие спијат во паркот и наоѓаат 10 Еми под клупата. Ако градот го реновирал паркот,тие наоѓаат 20 Еми.
Фрли 1 – ца Тие се ограбени и ја предаваат следната донација - или било кои пари кои може да ги најдат со следното фрлање.

Забелешка: вие му ги давате парите ако имале шанса да ги најдат во паркот или во корпата за ѓубре, а вие ги земате парите од нив ако се ограбени.

**Евиденција за плаќање на данок**

Секој пат кога некој играч во вашиот град ќе го помине полето „данок на плаќање“, соберете го данокот и штиклирајте едно поле во првиот круг. Кога 5 играчи ќе бидат штиклирани, свикајте го првиот состанок на градскиот совет. Кога играта ќе продолжи, започнете да ги штиклирате сегментите од вториот круги така натаму.

**1 состанок** **2 состанок** **3 состанок** **4 состанок** **5 состанок** **6 состанок**



**Карта за улогата на Банкарот на играта**
На почетокот на играта Банкарот на играта ги има сите пари. Тој/таа треба да:
1. Осигура играта да  тече непречено
• да ја започне играта
• да обезбеди да се почитуваат правилата
• време на сите состаноци на градскиот совет. Тие треба да траат најмногу 5 минути и
• да ја запре играта по договореното време за игра или кога првиот играч го комплетира договорениот број на кругови,во зависност од тоа колку биле договорени.

2. Води евиденција.
• на почетокот на играта го пишува името бојата и градот на секој играч
• евидентира колку пати секој играч поминува „почеток и плата“

3. Исплаќа плата на секој играч на почетокот на играта, и секој последователен пат кога го поминува полето „почетокот иплата“. Платите се исплаќаат според боите на играчите, без разлика во кој град се наоѓаат:
• Сини играчи: 500 Еми
• Црвени играчи: 100  Еми

4. Ги собира сите исплати за замена на картички од Градските банкари.

Лист со линии
Запишете ги имињата на играчите со црвено или сино пенкало во зависност од нивната боја. Се препорачува да го користите методот на пет цртки во листот со линии.Секој од првите четири круга се бележи со цртка ////, а петтиот круг тие се прецртуваат. Шестиот круг започнувате со уште еден сет од пет. На овој начин можете лесно да ги сумирате круговите. Така бројка од дванаесет ќе изгледа вака:



| **Играчи од градот А на почеток на играта** | |
|---|---|
| **Име на играчот** | **Број поминати пати преку „старт“ (до 20 пати)** |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

| **Играчи од градот Б на почеток на играта** | |
|---|---|
| **Име на играчот** | **Број поминати пати преку „старт“ (до 20 пати)** |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

# ПРИКАЗНА ЗА ДВА ГРАДА

# ТАБЛА ЗА ИГРАЊЕ

ГРАД Б —>

ГРАД А —>

Патиштата се полни со дупки. Патувањата траат предолго пропуштате еден круг

Улични деца ве ограбија. Платете 10 Еми.

Празно поле

Се разболевте. Нема болница. Вратете се 3 полиња назад

Добивте на лотарија! Добивте 50 Еми

Паркот е нечист и потребно му е реновирање Пропуштате едне круг за да помогнете во чистењето

Нема што да правите навечер. Досадно ви е. Одете назад 3 полиња.

Вашиот татко се пензионира без пензија.Платете 20Еми да му помогнете

Нема што да правите навечер. Досадно ви е. Одете назад 3 полиња.

Старт + плата

Улични деца ве ограбија. Платете 10 Еми.

Празно поле

Патиштата се полни со дупки. Патувањата траат предолго пропуштате еден круг

Шанса за промена!

Се разболевте . Нема болница. Вратете се 3 полиња назад.

Празно поле

Празно поле

Празно поле

Убав ден да се оди на плажа.Платете 10Еми за влез на плажа

Ја изгубивте работата! Жалам!

Имате проблем со законот . Изнајмувате приватен адвокат Платете 50Еми

Немате ништо за читање Платете 10 за книга

Ја изгубивте работата ! Жалам !а

Убав ден да се оди на плажа. Платете 10Еми за влез на плажа

Немате ништо за читање Платете 10 за книга

Вратени на работа! Иста плата.

Празно поле

Добивте на лотарија! Добивте 50 Еми

**Приручник за обука за човекови права на млади**

Вратени на работа! Иста плата.

Комунално. то во штрајк. Пропушате еднен круг да го однесете ѓубрето во контејнер

Шанса за промена!

Пијан бездомник ве вознемирува. Пропуштате едне круг да се соземете

Паркот е нечист и потребно му е реновирање Пропуштате едне круг за да помогнете во чистењето

Автобускиот превоз не работи, Земете такси. Платете 10 Еми

Плаќање данок

Празно поле

Наставниците штрајкуваат за подобри плати. Пропуштате 1 круг за да се грижите за вашите деца.

Вашиот татко се пензионира без пензија.Платете 20 Еми да му помогнете

Автобускиот превоз не равоти, Земете такси . Платете 10 Емс

Пијан бездомник ве вознемирува. Пропуштате едне круг да се соземете

Празно поле

Комуналното во штрајк . Пропутате еднен круг да го однесете ѓубрето во контејнер

Имате проблем со законот . Изнајмувате приватен адвокат Платете 50Емс

Наставниците штрајкуваат за подобри платаи. Пропуштате 1 круг за да се грижите за вашите деца.

**Состанок на Градскиот совет**

Секое 5-то плаќање данок е придонес

Војна и тероризам

Мир и насилство

Глобализација

Ниво 2

Која било (мали групи 4-5)

90 минути

# Тероризам

*Тероризмот никогаш не може да се прифати.*
*Ние мора да се бориме заедно, со методи кои не го компромитираат нашето почитување на владеење на правото и човековите права, или пак се користат како изговор за другите да прават исто.*

Ана Линд

**Теми**
• Војна и тероризам
• Мир и насилство
• Глобализација

**Ниво на сложеност** 2

**Големина на групата** Било која (мали групи: 4-5)

**Времетраење** 90 минути

**Преглед** Користејќи студии на случај, учесниците дискутираат што е тоа што го прави некој акт -терористички и формулирање на дефиниција за тероризам.

**Поврзани права**
• Право на живот, слобода и безбедност на личноста
• Слобода од тортура и деградирачки третман
• Право на мир

**Цели**
• Да се продлабочи разбирањето на причините за тероризмот и како да се бориме против него
• Да развијат вештини за анализа на информации и критички да размислуваат
• Да се поттикне рефлективен став и независно размислување

**Материјали**
• Картички на случаи
• Материјал „Поенти за разгледување"
• Лист хартија А4 и молив за секоја мала група
• Флипчарт и маркери

**Подготовка**
• Фотокопирајте и исечете ги Картичките на случаи. Ќе ви биде потребен по еден сет за секоја група.
• Направете копија од листот „Поенти за разгледување", по една за секоја група.

## Инструкции

Прашајте ја групата што подразбираат под зборот „тероризам". Со бура на идеи дајте неколку идеи и видете дали некој може да даде работна дефиниција. Запишете ги сите предлози на флипчартот.

1. Кажете им на учесниците дека иако постојат бројни меѓународни договори против тероризмот ниту еден од нив всушност не го дефинира терминот „тероризам"! Една од причините за ова може да биде тоа што земјите-членки на Обединетите нации честопати имаат различни толкувања на тековните конфликти и различни интереси за да класификуваат одредени дејства како „терористички" или не.
2. Предложете дека она што можеби е потребно за да се создаде дефиниција е група на земји кои не се членки, како што е вашата група учесници! Објаснете дека активноста треба да помогне, за тие да дојдат до нивна дефиниција на тероризмот до завршување на сесијата.
3. Поделете ги учесниците во групи од по 4-5 лица и на секоја мала група дајте им по

еден сет од картички со случаи и лист хартија. Замолете ги да разговараат за секоја изјава по ред и да одлучат дали истата треба да ја сметаат за чин на тероризам или не, давајќи нивни причини за тоа.

4. По околу 20 минути, доведете ги групите заедно и соберете ги резултатите. Обидете се да ги забележите главните причини кои биле дадени за некои случаи да не бидат вклучени како случаи на тероризам.
5. Накратко разговарајте за разликите меѓу групите, давајќи им на секоја страна можност да ја објасни својата одлука. Прашајте ги учесниците кои од случаите им биле најтешки да ги оценат.
6. Замолете ги учесниците да се вратат во групите за да ги формулираат сопствените дефиниции за тероризам, во согласност со одлуките што ги донесоа претходно, или врз основа на некои размислувања наведени во дискусиите.
7. По 10-15 минути, замолете ги групите да ги презентираат нивните предлози. Потоа преминете кон резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

• Дали беше потешко или полесно отколку што замислувавте, да го дефинирате „тероризмот“? Зошто?
• Дали сметате дека случаите биле реални: дали некој „препозна“ некој од случаите како да се однесуваат на вистински настани? На кои настани? Дали тоа влијаеше на вашето мислење?
• Зошто мислите дека им е толку тешко за земјите-членки на Обединетите нации да постигнат договор за дефиниција?
• На кои начини - доколку ги има - терористичките дејствија се различни од воените? Дали мислите дека едните се повеќе оправдани од другите?
• Дали мислите дека треба да постојат одредени основни правила кои се однесуваат на сите страни (вклучително и државите) во „војната против тероризмот“? Дали има работи што на ниту една страна не треба да му бидат дозволени да ги прави? Што?
• Дали мислите дека дејствијата во некои од случаите може некогаш да бидат оправдани? Зошто да или зошто не?
• Кои човекови права мислите дека се релевантни за случаите за кои разговаравте?
• Дали некој од случаите може да се оправда од “гледна точка на човековите права”?
• Зошто луѓето стануваат терористи? Зошто луѓето прават злосторства кои имаат за цел да предизвикаат болка или страв кај другите?
• Дали е можно да се каже какви типови на луѓе стануваат терористи? Можете ли да замислите некогаш да имате толку силно чувство за нешто, за да размислувате да му го одземете животот на некој?
• Дали може некогаш да биде оправдано да им се одземат животи на цивили? На терорист? Или животот на било кој?

## Совети за обучувачите

Ова прашање е очигледно многу чувствително и контроверзно, и како ќе одлучите да му пристапите во голема мера зависи од специфичните карактеристики на вашиот регион или вашата група. Чувствувајте се слободни да ги изоставите сите картичките што можеби се несоодветни, а истото очигледно се однесува и за прашањата во резимирањето. Но, исто така можеби ќе сакате да вклучите други случаи кои се повеќе релевантни за секојдневието и реалноста на вашата група.

Ако сакате активноста да биде плодна, учесниците ќе треба да имаат чувство дека можат да го изразат своето вистинско мислење без да бидат цензурирани, или од вас или од други членови на групата. Можеби ова ќе треба да го кажете на почеток и од секого да добиете потврда и согласност за доверливост. Кажете им дека целта на активноста е да се работи на тешки прашања каде што нашите емоции може да бидат во конфликт со онај одговор кој луѓето чувствуваат дека е „правилен“

Ако сакате неколку факти и бројки за да го стимулирате интересот на учесниците на почетокот на активноста, можете да најдете интересни статистички податоци за тероризмот на www.nationmaster.com.
Во точка 6, каде што групите се обидуваат да изнајдат сопствени дефиниции за тероризмот, би

можело да биде од корист да се обезбедат некои укажувања во врска со претходните случаи, со цел да се разјаснат некои од основните заклучоци. На учесниците може да им се даде материјалот „Поенти за разгледување“ пред да работат на нивните дефиниции, или пак, можете да ги користите прашањата на крајот за да ги тестирате различните дефиниции.
Кога разговарате за димензиите на човековите права на тероризмот, бидете сигурни учесниците да бидат свесни за следниве прашања:

а) Правото на живот е сопственост на сите, како што е загарантирано во член 3 од УДЧП, Член 2 од Европската конвенција за човекови права, како и во други меѓународни документи.

б) Дури и во време на војна - кога правилата за ангажирање се водени од меѓународното хуманитарно право (МХП) - не се дозволени намерни напади врз цивилни цели. МХП поставува одредени основни правила кои мора да се почитуваат од секоја од страните во вооружениот конфликт. (Погледнете ги дополнителните информации подолу)

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

21 Мај
Светски ден против тероризмот

## Предлози за следни активности

Поттикнете ја групата да дознае повеќе за случаите во примерите, или да размислува за други случаи на тероризам во минатото и како тие напади завршиле.

Ако групата сака да ги разгледа причините зошто луѓето се вклучуваат во насилни дела, тогаш погледнете ја активноста „Фрлање камења“ на страна 305. Ако сакате да истражите други прашања за насилството, можеби ќе сакате да ја користите активноста „Насилство во мојот живот“ на страна 323.

## Понатамошни информации

**Релевантни статии во меѓународните човекови права и меѓународното хуманитарно право:**

**Закон за човекови права: Правото на живот**

Универзална декларација за човекови права: „Секој има право на живот, слобода и безбедност на личноста“. (Член 3)

Европска конвенција за човекови права: „Правото на живот на секое лице ќе биде заштитено со закон (...)“ (Член 2)

**Меѓународно хуманитарно право: Принципот на разликување**
Меѓународното хуманитарно право (МХП) е тело на меѓународното право кое се применува во периоди на вооружен конфликт. МХП се однесува на сите страни во вооружениот конфликт, без разлика дали едната страна дејствува во самоодбрана или не. Тоа, исто така се однесува на меѓународни конфликти и на не-меѓународни конфликти, и се применува подеднакво на вооружените групи кои се борат против државата, но и на самата држава.

Еден од најважните принципи на МХП е „Принципот на разликување“, во кој се вели дека завојуваните страни мора да прават разлика помеѓу цивилите и борците и помеѓу цивилните објекти и воените цели.
Протокол I кон Женевските конвенции: „Цивилното население како такво, како и поединечните цивили, нема да бидат предмет на напад. Дејства или закани на насилство, чија примарна цел е ширење на терор меѓу цивилното население, се забранети“. (Член 51.2)

**Меѓународно хуманитарно право: Забрана за акти на тероризам**
Четврта Женевска конвенција: „Колективните казни како и сите мерки на заплашување или на тероризам се забранети“ (член 33) Протоколите 1 и 2 кон Женевските конвенции:

Цивилното население како такво, како и поединечните цивили, нема да биде предмет на напад. Дејства или закани на насилство, чија примарна цел е ширење на терор меѓу цивилното население, се забранети. (Член 51.2, Протокол 1 и Член 13.2, Протокол 2)

Други статии од МХП забрануваат земање на заложници и напади врз места за богослужба.

За информации за работата на Советот на Европа за тероризам, вклучувајќи ги и нејзините упатства за борбата против тероризмот и почитувањето на човековите права, погледнете ги информациите за војна и тероризам во Глава 5 на www.coe.int/compass.

## Прилози

**Картички на случаи**

| | |
|---|---|
| Случај 1: Една група води вооружена кампања за да се ослободи од тоталитарна влада. Тие ставиле бомба во Министерството за одбрана, која експлодира, при што загинаа 12 лица. | Случај 2: Поединец цели на самохрани мајки законувајќи им се преку писма за нивните бебиња. Нема случаи на пријавено насилство, но жените се премногу исплашени да ги извадат децата надвор од дома. |
| Случај 3: Во војна меѓу две земји, едната фрла нуклеарна бомба на другата, при што загинуваат околу 100.000 цивили. | Случај 4: Писмо – бомба е испратено до директорот на голема козметичка компанија, која сериозно го повредува. Анонимниот бомбаш ја обвини компанијата за искористување на животни. |
| Случај 5: Група води подолга кампања против воени инсталации, вклучувајќи редовна употреба на експлозиви. Голем број од припадниците на вооружените сили се убиени. | Случај 6: Во кампања за добивање независност, членови на етничко малцинство редовно бомбардираат јавни места. Тие претходно предупредуваат за да можат луѓето да ги евакуираат зградите, но убиени се цивили. |
| Случај 7: Земја поседува хемиско оружје и вели дека е подготвена да го употреби доколку се чувствува загрозена од било која друга земја. | Случај 8: Група криминалци држат банка, земаат вработени како заложници, а подоцна заложниците ги убиваат за да ги покријат своите траги. |
| Случај 9: Националистичките групи патролираат и контролираат поголеми градови и редовно ги тепаат или заплашуваат луѓето од други етнички групи. | Случај 10: Тоталитарната држава го контролира своето население преку страв: секој кој зборува против неа е уапсен; луѓето редовно се апсат, се измачуваат, па дури и се егзекутираат. |
| Случај 11: Група организирани криминалци извлекуваат пари од локални бизнисмени. Оние кои одбиваат да ги почитуваат, ги гледаат своите имоти изгорени, а понекогаш ги убиваат и нив. | Случај 12: Во тек на војна против бунтовници, окупаторската армија ги напаѓа селата со дронови (беспилотни летала).Пријавени се неколку цивилни жртви, некаде се убиени цели семејства. |
| Случај 13: Работниците од земјата А секој ден мора да преминат во земја Б. Пограничните чувари на Б секогаш ги малтретираат граѓаните на А,темелно проверувајќи им ги документите за лична идентификација, а често им ги претресуваат и телата. Тие често произволно ги притвораат луѓето од А. | Случај 14: За време на една децениска граѓанска војна, една 19-годишна жена наишла на група од 10 бунтовници. Прво ја силувал лидерот, а потоа им заповедал на своите луѓе да го направат истото. |
| Случај 15: Во градот има меѓународна конференција. Полицијата има овластување да уапси секого и да го задржи без обвинение 12 часа. Тие ги предупредуваат луѓето да не демонстрираат. | Случај 16: „Треба да работите повеќе, гробовите не се полни“, повикува гласот од радиото во Руанда. |

## Поенти за разгледување

Поенти што треба да се разгледаат за време на вашите дискусии:
- Дали терористичката акција секогаш има за цел да предизвика страв (терор) меѓу населението?
- Дали некој акт ги тера луѓето да се плашат од тероризам?
- Дали држава (влада) може да се вклучи во тероризам или тероризмот секогаш е акт против формалните институции во земјата?
- Дали тероризмот секогаш има за цел да предизвика цивилни жртви или може да биде насочен против воени цели или против имот?
- Дали акт на тероризам може некогаш да биде оправдан?

Војна и тероризам

Мир и насилство

Деца

Ниво 2

12 – 20 (мали групи 6-7)

90 минути

# Фрлање камења

*Кога се расправаш со камен, јајцето секогаш е криво.*

Африканска поговорка

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Војна и тероризам<br>• Мир и насилство<br>• Деца |
| **Ниво на сложеност** | 2 |
| **Големина на групата** | 12 - 20 (мали групи: 6-7) |
| **Времетраење** | 90 минути |
| **Преглед** | Оваа активност ја користи играта на улоги за да ги разгледа причините зошто луѓето се вклучуваат во насилни дела. |
| **Поврзани права** | • Право на живот, слобода и лична безбедност<br>• Право на признавање како лице пред законот<br>• Право на еднаква заштита на законот |
| **Цели** | • Да се развие разбирање за тоа што ги предизвикува луѓето да бидат насилни и последиците од нивното насилство<br>• Да развијат вештини за одговор на насилството на ненасилен начин<br>• Да се промовира чувство на сочувство, правда и одговорност |
| **Материјали** | • Копии од прилозите, по една за секоја мала група<br>• Камења (опционално) |
| **Подготовка** | • Фотокопирајте го материјалот, по една копија за секоја мала група. Доволно место за да може групите да вежбаат, а потоа да ги претстават малите игри на улоги пред остатокот од групата. |

## Инструкции

1. Замолете ги учесниците да се сетат на инцидент кога се почувствувале лути или фрустрирани и кога почувствувале желба да направат нешто деструктивно. Дозволете неколку минути тишина за да може луѓето ментално да се вратат во состојбата во која биле.
2. Побарајте неколку волонтери да ги споделат со другите членови на групата нивните инциденти, опишувајќи накратко што се случило и нивните емоции во тоа време.
3. Сега најавете ја играта на улоги со тоа што ќе поставите некој како да е подготвен да фрла камен. Вашата поза треба да изразува некој во екстремен гнев или фрустрација и во дејство на намерно фрлање камен. Задржете ја позицијата неколку секунди.
4. Поделете ги учесниците во мали групи од 6-7. Кажете им дека имаат 30 минути за да се подготват за кратка игра која го прикажува инцидентот и која завршува во чин на спремност на фрлање камен.
5. Поделете им ги копиите од прашањата за разгледување и објаснете им дека тие треба да им помогнат во планирањето на нивната игра.
6. По 30 минути вратете ги малите групи повторно заедно и поканете ги да ја прикажат нивнта игра на улоги на остатокот од групата. По секое прикажување, оставете неколку минути за публиката да реагира на она што го видела и да поставува прашања.
7. Потоа продолжете со резимирање и евалуацијата.

## Резимирање и евалуација.

• Дали сметате дека различните игри на улоги имаат смисла? Дали ви помогнаа да разберете што би можело да го испровоцира некој за да фрли камен?
• Дали имаше чувства или емоции кои биле заеднички за различните игри на улоги и кои биле централни за да доведат до желба да се биде насилен?
• Зошто мислите дека луѓето понекогаш чувствуваат потреба за оштетување или повредување на некој или нешто? Дали чинот на предизвикување штета или повреда всушност помага да се реши нештото, што и да било, што го предизвикало? Зошто? Зошто не?
• Дали активноста ви помогна подобро да ги разберете вашите сопствени акти на насилство или оние на другите околу вас? Како?
• Дали постојат акти на насилство кои воопшто не можете да ги разберете? Можете ли да разберете што ги тера луѓето да се борат во војни или да разнесат згради или други луѓе?
• Како ги разбирате терористичките закани со кои се соочуваат некои земји?
• Дали постои разлика помеѓу разбирањето што предизвикало акт на насилство и го оправдало тоа? Дали е важно да се обидеме да разбереме што лежи зад насилните акти? Зошто? Зошто не?
• Кој е најдобриот начин да се одговори на насилните акти? Кои се предностите и недостатоците да се одговори со повеќе насилство, или да се одговари на миролубив начин?
• Кои права на човекот се во прашање во секоја од игрите на улоги?

## Совети за обучувачот

Ако групата не се познава добро, може да одлучите да ја испуштите првата рефлективна задача. Алтернативно, можете да го направите првиот дел од индивидуалната рефлексија, но оставете им слобода на учесниците да ги споделат своите чувства во рамките на малите групи, ако сакаат да го сторат тоа.

Играњето на улоги може да им даде можност на учесниците да кажат вистински фрустрации. Така може да видите дека треба да им дозволите повеќе време за да можат да ги истражат нив без да се брзаат.

Дозволете неколку минути помеѓу секоја игра на улоги за да може секоја група да се почувствува ценета и да поттикне прашања специфични за нивната презентација, но не дозволувајте во оваа фаза дискусијата да трае предолго. Најдобро е прво да ги изгледате сите игри на улоги, а потоа да преминете на дискусија на општите прашања покренати од сите нив.

Во резимирањето, може ќе ви биде корисно директно да го покренете прашањето за терористичко насилство, или можеби младите лица сами ќе го покренат. Обидете се да дозволите слободно да започне дискусија за можните мотиви за терористички акти без да ги осудувате. Ќе биде корисно да се разделат можните психолошки причини за таквите дела од нивните можни последици; можеби ќе сакате да користите дрво на проблеми и да го направите ова како активност со групата (видете подолу).

Важно е да се обидете да се постигне рамнотежа помеѓу, од една страна, поврзувајќи ги со оние кои ги извршуваат  актите на насилство како поединци и човечки суштества, а од друга страна да се идентификуваат актите на насилство како неприфатливи, особено кога последиците од нив предизвикуваат страдање на други. И двете вакви позиции се во согласност со идејата за човекови права - и двете се неопходни со цел да се изнајдат решенија за излез од кругот на насилство и меѓусебна недоверба.

## Варијации

Сликата на фрлање камења во очите на многу луѓе е поврзана со слики од палестинските окупирани територии и медиумските извештаи за млади Палестинци, вклучително и многу млади деца, кои фрлаат камења врз израелските војници. Можеби ќе сакате да ја играте оваа улога како сценарио, или како посебна или како идна активност, за да се размислува како војната ги повредува човековите права на децата.

## Предлози за следни активности

Земете како пример вистински насилство од вашата заедница, и обидете се да му дадете приказна која води до него. Можете да го претставте ова како временска рамка, при што секој настан води кон друг. Замолете ја групата да се обиде да ги идентификува точките во временската рамка кога насилството би можело да биде спречено или конфликтот би можел да де-ескалира.

Можеби ќе сакате понатаму да ја следите темата на тероризмот во активноста „Чахал против Велика Британија“ на страна 124.

Фрлањето камења понекогаш е поврзано со обичајот на каменување. Односот меѓу верските и културните обичаи и човековите права е секогаш интересен и често контроверзен. Ако групата сака да истражува како се менуваат обичаите и верувањата, погледнете ја активноста „Наскоро ќе бидат застарени“ на страна 278.

Алтернативно, можете да ја користите активноста „Мојот живот не е шоу“ на страна 238 за да го истражите насилството извршено од сајбер-насилници.

## Идеи за акција

Изберете од примерите на акти на насилство во рамките на вашата заедница кои беа идентификувани во активноста и дознајте кои организации работат на решавање на проблемите и помагање на оние кои се вклучени во нив, и сторители и жртви. Дознајте што може да направи групата за да ги запре различните акти на насилство.

Во 2008 година ООН процениле дека во светот имало повеќе од 250.000 деца-војници. Дознајте повеќе за овие деца, кои се принудени да извршуваат насилни дела и придружите се на една од многуте кампањи за запирање на употребата на малолетници како војници. Можете исто така да дознаете за работата на организациите кои ги рехабилитираат поранешните деца-војници. Напишете „деца војници“ во вашиот пребарувач или започнете со www.warchild.org , human rights watch, www.hrw.org или www.redhandday.org.

## Понатамошни информации

Дрвото на проблеми е корисна визуелна алатка за анализа на проблемите. Тоа е комбинација на бура на идеи и ментално мапирање. Стеблото на дрвото го претставува проблемот. Луѓето започнуваат со идентификување на причините на проблемот, претставени преку корените, а потоа продолжуваат да ги идентификуваат последиците што се претставени со гранките. Проблемите и последиците може да бидат, на пример, поради социјалните, економските и политичките фактори. Тие, исто така, може да се должат на ставовите и однесувањето на луѓето.За повеќе информации одете на www.thechangeagency.org и побарајте „анализа на дрвото на проблеми“.

**Прилози**

Прашања за разгледување

Треба да се обидете да размислите за следниве прашања додека ја планирате вашата улога:
- Која е оваа личност и на што или на кого го фрла каменот?
- Која е врската помеѓу лицето што фрла и предметот или лицето на кое го фрлаат каменот?
- Дали има некој со нив или се сами?
- Ако има други присутни, како се вклучени во овој инцидент, ако воопшто се вклучени?
- Што сака лицето да постигне со фрлање на каменот?
- Кои се настаните што довеле до фрлање на камен: дали е импулсивен гест, или е планирано?
- Дали имало еден посебен настан кој ја поттикнало одлуката да се фрли каменот?
- Какви чувства минуваат низ умот на човекот додека тој или таа се подготвува да го фрли каменот?
- Какви чувства или фрустрации поминале низ неговиот или нејзиниот ум во периодот што довеле до ова дело?



**КЛУЧЕН ДАТУМ**

12 февруари
Ден на црвената рака

Организации кои ја поддржуваат
Глобална кампања на црвената рака ги вклучуваат Human Rights Watch, Амнести Интернејшнел (Amnesty International), младински Црвен крст на Германија, (Youth Red Cross German), Terre des homes и

Меѓународен план ( Plan International). www.redhandday.org.

**Забелешка**
Активноста е базирана на идејата Игра со оган, Фиона Макбет и Ник Фајн,

New Society Publishers, 1995

Општи човекови права

Сеќавање

Религија и верување

Ниво 3

Која било

60+ минути

# Временски рамки

*Историјата учи сè, вклучувајќи ја и иднината.*

Ламартин

**Теми**
- Општи човекови права
- Сеќавање
- Религија и верување

**Ниво на сложеност** 3

**Големина на групата** Било која

**Времетраење** 60+ минути

**Преглед** Учесниците прават колективна временска рамка на настани кои го обележуваат развој на концептот на права од 2000 година пр.н.е. до сегашноста и претпоставуваат за во иднината. Методот исто така може да се користи за истражување на историјата на која било група на луѓе.

**Поврзани права**
- Право на образование, вклучувајќи образование за човекови права
- Право на живот, слобода и лична безбедност
- Слобода на религија и верување

**Цели**
- Да развијат знаења за развојот на човековите права низ историјата
- Да се развијат комуникациски вештини и критичко размислување
- Да се поттикне љубопитност за човековите права и посветеност да се бранат

**Материјали**
- Хартиено лепило во широка ролна
- 10-12 метри долг ѕид
- Блокчиња со стикери во 3 различни бои
- Флипчарт и маркери во различни бои

**Подготовка**
- Прочитајте ги страните 395-400 во Поглавје 4 за да добиете преглед на историјата на развојот на човековите права.
- Обележете долга линија на ѕидот со хартиена лепило. Треба да биде на висина на очите. На околу 50 см од левата рака, напишете „2000 п.н.е.“ и на 50 см од десната рака напишете „2010“(или тековната година, која и да е). Одбележете ги 1000 пр.н.е. 0 и 1000.н.е.
- Подгответе 4 „стикери“ означени со: „Цивилизациите во Египет и Кина“, „Расцут на Асирските, Вавилонските и Минојските цивилизации“, „Римјаните беа најголема сила“ и „Кралства во Западна Европа и Византиската империја на исток“.

## Инструкции

1. Запознајте ги учесниците со временската рамка. Објаснете дека пред околу 4000 години (2000 п.н.е.) процветале првите цивилизации во Египет и Кина. Околу 1000 пр.н.е. цветале асирската, вавилонската и минојската цивилизација. Околу 0 година, Римјаните биле најголема сила, а во 1000 г. од н.е. во Западна Европа имало многу царства, а Византиската империја владеела со голем дел од истокот. Означете го денешниот датум.

2. Објаснете ѝ на групата дека нивна задача е да ја пополнат оваа временска рамка со настани кои се однесуваат на човековите права. На пример, датумот на раѓање или на смрт на луѓето кои донеле закони или кои проповедале или се бореле за правда, датуми на настани кои го смениле размислувањето на луѓето за правата и поттикнуваа одговори, како и изработка на закони или конвенции кои ги штитат човековите права.
3. Разделете ги стикерите од секоја боја на секој учесник. Објаснете дека различните бои претставуваат различни категории. На пример, сината за важни настани поврзани со човековите права, жолтите за важни личности или институции и зелените за важни документи и закони. Запишете го ова упатство на флипчартот како понатамошен потсететник.
4. Објаснете дека настаните може да бидат локални, регионални, национални или меѓународни. Учесниците треба да започнат со работа поединечно, обидувајќи се да се сетат на една личност, на еден настан и на еден закон или некоја конвенција. Тие треба да го напишат датумот и името на настанот или лицето на стикерот со соодветна боја и потоа да го стават на временската рамка.
5. Целта е секое лице да стави по 3 стикери, а групата како целина да има колку што е можно повеќе различни настани. Доколку некој види дека одреден настан е веќе поставен тој ќе мора да се обиде да смисли друг. Ако некој навистина заглави, може да се консултира со пријатели или на Интернет.
6. Охрабрете ги учесниците да бидат инспирирани од настани што другите ги постирале. Ако некој сака да постави повеќе од три настани, слободно може да го направи тоа.
7. Кога работата почнува да се забавува, замолете ги учесниците да се соберат и да ги разгледаат постовите. Побарајте од членовите на групата да ги објаснат или да ги елаборираат нивните избори на настани.
8. Објаснете дека ќе ја завршите активноста за денес и ќе побарате од сите да се вратат на следната сесија и тогаш да додадат други работи. Прегледајте и резимирајте целосно, после наредната сесија.

## Резимирање и евалуација

• Дали беше лесно да се најдат информации за временската рамка? Кои беа добри, извори?
• Која од информациите ви беше најинтересна, изненадувачка или шокантна? Зошто?
• Кои беа главните сили во позаднината на развојот на човековите права низ историјата?
• Дали е важно да се знае за историјата на човековите права? Зошто?
• Кои нови права ќе ни бидат потребни во иднина?

## Совети за обучувачите

Ако има некој во групата што е специјалист по историја, дајте му/ѝ задача за проверка на календарот.Бидете свесни дека има повеќе од 40 различни календари кои се користат во светот, вклучувајќи кинески, исламски, хинду, хебрејски, персиски и будистички календари. Затоа, датумите може да бидат збунувачки; на пример, 2010 година во христијанскиот календар, е 1431година во исламскиот календар. Затоа, внимавајте на можната конфузија околу датумите и искористите ја конфузијата за да ја извлечете меѓукултурната димензија.

## Варијации

Подгответе етикети со датумите и настаните дадени подолу и искористите ги за квиз. Прочитајте го името на лицето, настанот или законот и прашате ги учесниците дали можат да ги погодат датумите. Потоа ставете ги етикетите на временската линија. Нека овие маркантни датуми бидат инспирација за групата. Замолете ги учесниците да најдат цитати од познати личности, примери на музика, уметност и литератураи спортски настани кои ги промовираа човековите права; додадете ги на временската рамка.
Оваа вежба, исто така, може да се користи на отворено (за време на семинар, во училница ...), временската рамка може се комплетира во секое време.
Методот е многу добар начин да се започне дискусија за сеќавањето и историјата на еден народ. За да ги соберете потребните информации, пребарајте на Интернет. На пример, ставете „временска рамка на Ромите“, „временска рамка на Ерменија“ или „временска рамка на „Саами Лапланд’’ на било кој пребарувач.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

23 август
Меѓународен ден за сеќавање
на Трговијата со робови и нејзиното укинување

## Предлози за следни активности

Користете еден од датумите што ги имате на календарот како повод за да се дружите со другите групи и да одржите настан за промовирање на човековите права.

Ако групата би сакала да дознае повеќе за некои современи херои за човекови права, тогаш би можеле да ја направат активноста „Борци за права“ на страница 171.

Ако групата е заинтересирана за тоа како идеите се менуваат и се развиваат со тек на времето, можеби ќе сакаат да ја направат активноста „Наскоро ќе бидат застарени“ на страница 278.

## Идеи за акција

Илустрирајте ја временската рамка со фотографии или цртежи и постирајте ја на настан; или поставете ја временска рамка на настан на отворено и поканете ја јавноста да учествува.

## Понатамошни информации

Делумно резиме на некои од настаните кои генерално се поврзани со историјата на човековите права:

1760 пр.н.е. во Вавилон царот Хамураби го подготви „Кодексот на Хамураби“. (Напишан на голем камен, кодот ветува „да владее правото во царството ... и да се промовира доброто на луѓето“.)

1440 пр.н.е. (приближно) Тората од Мојсеј (Божјиот закон кој му беше откриен на Мојсеј) му ги дава на Израелските племиња десетте заповеди, вклучувајќи и детални казни за постапување спротивно од наредбата, „Не убивај“.

528 пр.н.е. - 486 пр.н.е. во Индија, Буда проповедал морал, почит за животот, ненасилство и правилно однесување.

26 - 33 год. од н.е. Исус Христос проповедал морал, толеранција, правда, простување и љубов.

613-632 н.е. Пророкот Мухамед учи за принципите на еднаквост, правда и сочувство откриени во Куранот.

930 Алтинг е основана во Исланд, најстарата парламентарна институција во светот.

1215 Во Англија е потпишана Магна Карта. (Ова е документ кој ја ограничува моќта на кралот и им дава право на слободните луѓе да бидат судени од луѓе еднакви на себе).

1789 Француска декларација за правата на човекот и на граѓаните. (Националното собрание ја усвојува декларацијата со која се гарантира правото на слобода, еднаквост, сопственост, безбедност и отпор спрема угнетувањето.)

1791 Соединетите Американски Држави: Предлог за правата (првите десет амандмани од Уставот на САД) (Конгресот на САД го одобри Закон за правата,(Bill of rights) изменувајќи го Уставот на САД со вклучување на правата на судење со порота, слобода на изразување, говор, верување и собирање.)

1807 година донесени се британскиот и американскиот Закон против ропството.

1859 Битката на Солферино, која го инспирираше Анри Динан да го основа Меѓународниот комитет на Црвениот крст и доведе до првите Женевски конвенции (за Меѓународно хуманитарно право)

1863 Создавање на Меѓународниот комитет на Црвениот крст

1864 Усвоена е Женевската конвенција.

1899 Потпишана е Првата Хашка конвенција. Заедно со Женевските конвенции се создаде основа за Меѓународно хуманитарно право.

1893 Нов Зеланд им дава право на жените да гласаат. (Прва земја во светот која го прави тоа)

1945 Крај на Втората светска војна

1945 Создадени се Обединетите нации (ООН). („Да ја реафирмира вербата во човековите права, во достоинство и во вредноста на човековата личност ... “)

1948 Универзалната декларација за човекови права е усвоена од страна на ООН.

1950 Европската конвенција за човекови права е усвоена од Советот на Европа.

1961 Создадена е Амнести Интернејшнел како резултат на кампањата за ослободување на двајца португалски студенти затворени на седум години заради здравица за слобода

1965 Меѓународна конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација. (Стапи во сила во 1969 година)

1966 Меѓународен пакт за граѓански и политички права и Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права. (Стапи на сила во 1976 година)

1969 Американска конвенција за човекови права за Америка, во сила од 1978 година

1976 Востание во Соуето, пресвртна точка во ослободителната борба во Ј. Африка

1979 Конвенција за елиминација на дискриминацијата врз жените (CEDAW) (Стапи во сила во 1981 година)

1981 Африканската повелба за човекови и народни права. (Усвоена од Организацијата за Африканско единство, сега Африканската унија)

1984 Конвенцијата против тортура (стапила во сила во 1987 година)

1989 Конвенцијата за правата на детето (стапи на сила во 1990 година. Ова е најшироко ратификуван договор за човекови права; само САД и Сомалија не ја ратификуваа.)

1990 Каирската декларацијата за човекови права во исламот (CDHRI)

1992 Конференција на Обединетите нации за животна средина и развој; Декларација од Рио

1990 Меѓународна конвенција за заштита на правата на сите работници- мигранти и членови на нивните семејства (ICRMW) (стапи на сила во 2003 година)

2007 Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (Конвенцијата доби најголем број на потписници во историјата на Конвенцијата на ОН на денот на нејзиното усвојување, и влезе во сила во мај 2008 година).
http://www.gwu.edu/~erpapers/humanrights/timeline/http://www.hreoc.gov.au/info_for_students/es-sentials/timeline/index.html

Демократија

Граѓанство и учество

Општи човекови права

Ниво 4

Која било

270 минути

# Да се гласа или да не се гласа?

*Гласањето е граѓанска света тајна (светост).*

Теодор Хесбург

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Демократија<br>• Државјанство и учество<br>• Основни човекови права |
| **Ниво на сложеност** | 4 |
| **Големина на групата** | Било која |
| **Време** | 270 минути |
| **Преглед** | Оваа активност вклучува анкета на луѓе од заедницата за да истражуваат прашања во врска со гласање на избори и граѓанско учество. |
| **Поврзани права** | • Право да се учествува во владеење и во слободни избори<br>• Слобода на мислење и изразување<br>• Право на мирно собирање и здружување |
| **Цели** | • Да ги ценат причините за користење на сопствениот глас на избори<br>• Да се развијат вештини за критички да се разберат и анализираат информациите<br>• Да се вреднува личниот придонес на секој граѓанин во демократијата |
| **Материјали** | • Анкетни листови 1 и 2, по еден комплет по пар<br>• Копии од табела 1, белешки за тоа како да се спроведе анкетирањето, една за еден пар<br>• Пенкала или моливи за секого<br>• Големи листови хартија (А3) или флипчарт хартија и маркери<br>• Самолеплива лента |
| **Подготовка** | • Копираајте ја табела 2, примерок од анкетен лист, на голем лист хартија како помош за давање инструкции.<br>• На флипчарт хартија, направете копии од анкетните листови 1 и 2 за запишување на резултатите.<br>• Планирајте го распоредот за активноста. Ќе бидат потребни 60 минути за дел 1 (запознавање со анкетата), минимум 120 минути за дел 2 (испитување) и 90 минути за дел 3 (анализа на резултатите и резимирање и евалуација). |

## Инструкции

### Дел 1: Воведување во истражувањето

1. Објаснете дека главната цел на оваа прва сесија е групата да се подготви да излезе во заедницата и да ги анкетира луѓето за причините за гласање или не гласање.
2. Замолете ги учесниците да се изјаснат дали планираат да гласаат на (првите) наредни национални или локални избори, или не, ако имаат можност да го направат тоа? Нека се изјаснат со дигање на рака, а потоа поделете ја групата според оние кои имаат намера да гласаат (А) и оние кои немаат намера да гласаат (Б). „Не знае“ може да се распределат по случаен избор

на било која група, со цел да се балансира колку што е можно повеќе.
3. Побарајте од секоја група да состават листа на причини зошто имаат, или немаат намера да гласаат, и истите да ги запишат на големиот лист хартија. Дајте им околу 15 минути за да ги подготват нивните листи.
4. Доведете ги групите заедно и побарајте еден претставник од А и Б да „поминат“ низ листите. Дозволете време за кратка дискусија на крајот, и додадете некои дополнителни предлози за листите.
5. Разделете ги копиите од анкетните листови 1 и 2. Погледнете во големата копија што ја направивте. Бидете сигурни дека луѓето сфаќаат дека листот 1 е за запишување на одговорите на оние кои нема да гласаат (не –гласачи), а листот 2 е за запишување на одговорите на оние кои ќе гласаат (гласачи). Нагласете дека листите се слични, освен за прашањето 2, што е различно на двете листи. Поминете низ прашањата, за да бидете сигурни дека секој ги разбира.
6. Сега објаснете го методот на запишување на одговорите. Покажете ѝ на групата пример и објаснете ѝм како да го користат методот на „5-цртички“ за забележување во табелата.
7. Разделете ги копиите од белешките за тоа како да се спроведе интервју, по една копија за секој пар. Поминете преку нив и разговарајте за:
• Како да бидат сигурни дека испитаниците се избираат по случаен избор
• Колку луѓе ќе бидат прашани? (Колку повеќе толку подобро!)
• Кога и каде ќе се спроведе анкетата
• Кога ќе заврши анкетирањето
• Времето кога треба да се вратат назад и да се дискутираат резултатите.

**Дел 2: Истражувањето**
1. Осигурајте се дека на сите ѝм е јасно за нивните задачи, а потоа започнете со правење на анкетата.

2. Договорете го времето за враќање.

**Дел 3: Анализа на резултатите**
Групите се состануваат за да ги соберат, анализираат и дискутираат резултатите. За ова треба да се дозволат 60 минути.
1. Побарајте од паровите да ги додадат своите вкупни вредности во секој квадрат и нив да ги напишат на двете големи листи. На овој начин, информациите од секоја група се организирани и вкупните вредности за целата група може да се пресметаат. Исто така, треба да ги евидентираат „причините“ што испитаниците ги имаат дадено. Ако истата причина била дадена неколку пати, избројте и забележете колку често, повторно користејќи го методот на „5-цртички“
2. Кога сите информации се организирани, замолете ги луѓето да ги пресметаат следниве статистики:
• Вкупниот број на испитаници
• Процентот на гласачи во вкупниот примерок и процентот на не-гласачи во вкупен примерок
• Односот на испитаници на мажи и жени
• Процентот на луѓе кои биле прашани во секоја возрасна група
• Возрасна група со најмал број гласачи
• Возрасната група со најголем број на гласачи
• Најчесто дадени причини за не-гласање
• Најчесто дадени причини за гласање
• Дали повеќе луѓе дале причини (било какви) поврзани со луѓе или партии.
3. Сега продолжете да разговарате за тоа дали луѓето уживале правејќи ја анкетата, нивните искуства и што тие научиле.

## Резимирање и евалуација

Во општата дискусија за резултатите можеби ќе сакате да допрете до повеќе различни прашања, на пример:
• Какви беа чувствата на групите при спроведувањето на анкетата? Дали луѓето воглавно беа подготвени да одговораат на прашањата од анкетата?
• Дали е тешко да се направи анкета? Дали уживаа во тоа?

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

18 март
Први парламентарни избори со универзално право на глас во Европа - во Финска во 1917 година

• Дали групата успеа да добие „репрезентативен“ примерок од населението како целина? Кои беа тешкотиите?
• Кои се проблемите во извлекувањето на заклучоци од резултатите на групите? Како тие може да се избегнат?
• Дали имаше статистички податоци кои особено ја изненадија групата?
• Дали резултатите од истражувањето на било кој начин беа неочекувани?
• Дали одговорите дадени од луѓето имаат тенденција да кореспондираат со чувствата во вашата група? Дали мислите дека вашата група е „претставник“ на населението како целина?
• Дали би направиле нешто поинаку ако повторно го спроведете анкетирањето? Дали биле направени некакви грешки?
• Дали резултатите од вашето истражување даваат реална слика на моделите на гласање во вашата заедница? Зошто? Зошто не?
• Дали може да се потпрете на заклучоците? Или треба да ги прифатите резултатите како несигурни (привремени)?
• Статистиките често се презентирани како факти за поддршка на аргументите. Колку луѓето треба да бидат претпазливи со статистиката?
• Која е сега перцепцијата во групата за потребата да го користи гласањето, или пак спротивно? Дали се сменило мислењето на некој (во било која насока!)? Ако е така, кои беа најубедливи аргументи?
• Дали имаме човеково право да гласаме? Како демократијата се гарантира во документите за човекови права?

## Совети за обучувачите

Дел 1, планирањето на истражувањето има за цел да се постават основите за вистинското анкетирање во дел 2. На самиот почеток на проектот, можеби ќе сакате експлицитно да кажете дека целта на активноста е да им даде на младите луѓе чувство за нивната сопствена вредност во придонесот кон демократскиот процес. Препорачливо е да се истакне овој аспект, наместо да се зборува за “убедување” да го користат нивниот глас. Објаснете дека сакате секој член на групата да ја донесе својата одлука на крајот од сесиите, но за да го стори тоа, за нив ќе биде важно да ги ценат многуте различни причини за гласањето кои постојат.

Обидете се да дискутирате за тоа дали луѓето гласале или не (точка 4) колку што е можно „пообјективно“, отколку да се охрабруваат „гласачите“ да ги променат „не-гласачите“. Не се задржувајте премногу долго на оваа дискусија; таа е наменета да се постави сцената за истражувањето.

**Пример за пополнување на листот**
**Анкетен лист 1: Не гласачи**
**Прашање 1. Во која возрасна група сте вие? (по избор )**

| | Под 25 | 25 – 40 | 40 – 60 | Над 60 | Не би сакал/а да кажам |
|---|---|---|---|---|---|
| мажи | 𝍸 𝍸 \|\| | 𝍸 𝍸 \|\| | 𝍸 𝍸 \|\| | 𝍸 \|\| | 𝍸 𝍸 \|\| |
| жени | 𝍸 \|\| | \|\| | 𝍸 \|\| | \|\| | \|\| |

**Прашање 2. Која беше вашата главна причина да не гласате на последните избори?**

| А. Мислев дека тоа нема да влијае на резултатот | Б. Не сакав да гласам за никој | В. Не се согласував со ниту една од предложените политики | Г. Не сакав да се вознемирувам | Д. Друга причина (дадете детали): |
|---|---|---|---|---|
| 𝍸 𝍸 \|\| | 𝍸 \|\| | 𝍸 𝍸<br>𝍸 𝍸 \|\| | 𝍸 | - Не бев тука во тоа време<br>- Не ѝм верувам на политичарите<br>- Некој ме замоли да не гласам |

Кога дискутирате како да спроведете интервју (точка 7), ќе треба да се земат предвид тешкотиите со кои групата може да се соочи во спроведувањето на ваква анкета. Во некои заедници, луѓето може да бидат вознемирени и тешки заради тоа што на улица се испрашувани од луѓе кои не ги познаваат. Во ваков случај, може да биде подобро членовите на групата да ги прашуваат нивните пријатели и познаници.

Исклучително е важно да процените колку информации групата може да обработи во анализата. Не собирајте многу податоци за луѓето да не заглават во пресметките. Ако групата е поголема, тогаш секој пар треба да интервјуира помалку луѓе, отколку ако имате мала група.

## Предлози за следни активности

Погледнете ги информациите во материјалот за Демократија во Глава 5 на www.coe.int/compass, а исто така дознајте во која година жените во вашата земја за првпат добија право на глас. Исто така, може да откриете кои групи во вашето општество денес, немаат право на глас (на пример - деца, имигранти или затвореници). Разговарајте за причините за ова и дали сметате дека е фер.
Можете исто така да организирате дебата со други групи или училишта за тоа дали возраста на која младите луѓе можат да гласаат треба да се промени.
Во едно демократско општество, има многу можности за луѓето да преземат акција за прашања кои ги засегаат нив. Активноста „Електрична централа“, на страна 257 им дава можност на учесниците да размислат за начините за промовирање на општествените промени.

## Идеи за акција

Организирајте прослава на денот кога жените добија право на глас во вашата земја.
Ако пронајдовте групи во вашето општество без право на глас и сте почувствувале дека ова не е праведно, напишете писмо до вашите пратеници во кое се изразува загриженоста на вашата група. Обидете се да добиете и други потписи.

## Понатамошни информации

Можеби сте заинтересирани да дознаете за Точкократија (Dotmocracy) како алатка за промовирање на учество преку гласање. Точкократија, еднаква можност и процес на партиципативно донесување на одлуки, е воспоставен метод на олеснување за собирање и приоретизирање на идеи меѓу голем број луѓе. Учесниците запишуваат идеи и ставаат точки под секоја идеја за да покажат кои од идеите ги преферираат. Конечниот резултат е визуелно, еден вид на графичко претставување на заедничките преференции на групата. http://www.dotmocracy.org/

## Прилози

**Белешки за тоа како да се спроведе анкетирањето**

**Наоѓање испитаници**
Пристапете им на потенцијалните испитаници по случаен избор: со други зборови, не треба да „избирате“ луѓе кои треба да бидат вклучени или исклучени од истражувањето, бидејќи тие се млади, стари, убави или женски, и така натаму. Обидете се да избегнувате пристрасност.
Прашајте го лицето кое сакате да го анкетирате дали ќе му пречи да одговори на неколку прашања од анкета.
Објаснете му кои сте, кажете му дека одговорите ќе бидат анонимни и дека резултатите од истражувањето нема да бидат јавно објавени; тие ќе се користат само во оваа група.

**Снимање на интервјуто**
Доколку лицето на кое му се пријде се согласи да учествува во анкетата, тогаш прашајте дали го искористиле своето право на глас во последните избори. Ако одговорот е „не“, тогаш пополнете го листот 1, Листот за „не-гласачи“. Ако одговорот е „да“ тогаш пополнете го листот 2, „Листот за гласачи“.
**Прашање 1**: Учесниците треба да ја кажат својата возраст само ако сакаат и ако тоа не ѝм смета. Во спротивно, треба да се стави штикла во последната колона.
**Прашање 2**: Покажете ѝм ги на испитаниците опциите и замолете ги да изберат една од нив. Ако имаат поинаква причина, запишете го тоа во колоната Д. Забелешка: Разликата помеѓу Б и В е дека Б е причина која вклучува одредена личност, а В е причина која вклучува партија.
Ознаките треба да бидат јасни, за подоцна да може да се избројат. На еден лист треба да се запишат колку што е можно повеќе луѓе.За секое лице и за секое прашање треба да се стави само по една белешка.

**Анкетен лист 1: не-гласачи**

**Прашање 1. Во која возрасна група сте вие? (по избор)**

| | Под 25 | 25 – 40 | 40 – 60 | Над 60 | Не би сакал/а да кажам |
|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | | | | | |
| Жени | | | | | |

**Прашање 2. Која беше вашата главна причина да не гласате на последните избори?**

А. Мислев дека тоа нема да влијае на резултатот
Б. Не сакав да гласам за никого
В. Не се согласував со ниту една од предложените политики
Г. Не сакав да се вознемирувам
Д. Друга причина (дадете детали):

| A | B | C | D | E |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

**Анкетен лист 2: гласачи**

**Прашање 1. Во која возрасна група сте вие? (по избор)**

| | Под 25 | 25 – 40 | 40 – 60 | Над 60 | Не би сакал/а да кажам |
|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | | | | | |
| Жени | | | | | |

**Прашање 2. Која беше вашата главна причина да гласате на последните избори?**

А. Чувствував дека тоа е моја демократска обврска
Б. Сакав да гласам за [лице]
В. Сакав да гласам за [партија]
Г. Не сакав [друга личност / партија] да победи
Д. Друга причина (дадете детали):

| A | B | C | D | E |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Работа

Демократија

Граѓанство и учество

Ниво 3

10 - 15

120 минути

# Состанокот на синдикатот

*Фер работен ден заслужува фер дневница !*

**Теми**
• Работа
• Демократија
• Државјанство и учество

**Ниво на сложеност** 3

**Големина на групата** 10 – 15

**Време** 120 минути

**Преглед**
Ова е симулација на средба помеѓу работодавец и вработени заедно со претставници од нивниот синдикат (С) да преговараат за платите и условите. Прашањата кои се разгледуваат се:
• Улогата на синдикатите
• Колективно преговарање на работното место
• Работнички права

**Поврзани права**
• Право на работа
• Правото на правични услови за работа
• Право на формирање и приклучување во синдикати, право на штрајк

**Цели**
• Да се прошири разбирањето за работата и улогата на синдикатите во граѓанското општество
• Да се развијат вештини за донесување одлуки со консензус
• Да се промовира учество, одговорност и солидарност

**Материјали**
• Копии од материјалот 1, „Ситуацијата„ по една на учесник
• Копии од материјалот 2, „Краток поимник на некои работни термини“,по една на учесник
• Етикети заради идентификација (не е задолжително)
• Хартија, маркери и пенкала во боја (опционално)
• Две простории (подобро е, но е опционално)

**Подготовка**
• Прочитајте ја целата активноста, вклучувајќи ги и прилозите за да можете да бидете добро подготвени да дејствувате како ресурс на секој од играчите за време на активноста.
• Подгответе ја просторијата. Ставете пет столици во круг. Овие столици се за претставниците на различните партии и лицето кое ќе претседава со состанокот. Зад нив, поставете други столици за останатите учесници.

## Инструкции

1. Претставете ја активноста. Објаснете дека тоа е симулација на состанок помеѓу работодавачи, од едната страна и вработените и претставници на синдикатот, од друга страна. Целта е да се направи договор за платите и условите на работниците користејќи колективно договарање.
2. Како загревање, замолете ја групата да одлучи за името и бизнисот на компанијата што сакаат да ја постават на сцената. Тоа може да биде вистинска или измислена компанија која произведува вистински или измислени производи. Исто така нека им дадат име на синдикатот.
3. Сега разделете ги учесниците во две групи во соодност 2:1. Помалата група се

работодавачите, а поголемата група се вработените и нивните претставници од синдикатот.

4. Разделете копии од материјалот 1, „Ситуацијата" и материјалот 2, „Краток поимник на некои работни термини". Дајте им десет минути за да ги прочитате документите, а потоа проверете дали сите ги разбраа информациите.
5. Објаснете накратко како ќе се одвива симулацијата: Работодавачите свикуваат собири еден од нив претседава со состанокот. Тие први ќе го стават својот предлог на маса. Потоа РС и претставниците на вработените ќе го поднесат својот предлог. Потоа сите страни ќе преговараат и ќе се обидат да постигнат договор.
6. Побарајте од учесниците да се согласат со процедурите за состанокот, на пример, кога преговорите се во тек, треба да има временско ограничување за тоа колку долго некој може да зборува - можеби најмногу 2 минути? Вкупното време за состанокот? Процедурите на земање кратки паузи за да можат претставниците да ги консултираат своите бази ( изборни единици) итн. Кој друг може да зборува, или дали само претставниците ќе можат да заборуваат?
7. Сега побарајте од луѓето да влезат во нивните две групи за да се подготват (30 минути). Работодавците треба да изберат двајца претставници и некој кој ќе претседава со состанокот. Работниците/РС треба да изберат двајца претставници. Двете групи потоа треба да :
   • Елаборираат нов предлог кој ќе биде презентиран на состанокот.
   • Одлучат кои преговарачки овластувања треба да ги имаат претставниците.
   • Која е нивната долна линија, тоа е она што е најлошо сценарио и најнизок прифатлив договор?
8. Кога групите се подготвени, поканете ги претставниците да седнат на петте столчиња во кругот внатре, а другите да седнат зад нив. Поканете го претседавачот да го отвори состанокот.
9. Кога состанокот е завршен, направете кратка пауза за луѓето да излезат од улогите, а потоа преминете на Резимирање и евалуација.

## Резимирање и евалуација

Започнете со краток осврт за тоа дали луѓето уживаа во активноста, а потоа продолжете да разговарате за она што се случи и за она што го научиле:

• Како двете групи работеа заедно за да одлучат за првичните предлози? Дали беше лесно или беше тешко?
• Кога ги развиваат своите првични предлози, дали групите ги земаа предвид своите сопствени интереси или оние на компанијата како целина?
• Дали групите развиле тактики за преговорите?
• Како протече состанокот? Дали секој што сакал да зборува, добил шанса да го стори тоа?
• Дали страните можеа да постигнат заеднички прифатлив договор?
• Правото на припадност кон синдикат е признато човеково право. Колку е важно тоа право? Кои би биле последиците ако се нема тоа право?
• Колку луѓе знаат за синдикатите, што се, и што прават тие?
• Колку се силни синдикати во вашата земја? Што е со работодавците, дали тие имаат организации на работодавачи?
• Дали некој од учесниците припаѓа на синдикат? Зошто? Кои се предностите и недостатоци?

## Совети за обучувачите

Пред да започнете со оваа активност треба да ја земете предвид атмосферата, мислењето и ставовите воопшто кон синдикатите во вашата земја. На пример, во пост-комунистичките општества, може да има отпор кон оваа активност поради наследството од времето кога синдикатите се гледаа како „Училишта за комунизам". Во вакви околности можеби ќе сакате да започнете со истражување на сликите и стереотипите кои луѓето ги имаат за синдикатите. Исто така може да ги замолите учесниците да контактираат со локалните синдикати за информација и да направат други истражувања за работничките проблеми во нивната земја. Вие би можеле да ја истакнете релевантноста и важноста на синдикатите во заштитата на правата на работниците, независно од политичкиот систем со кој тие биле идентификувани.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

1 мај
Меѓународен
Денот на трудот

Во зависност од групата, можеби ќе треба да дадете повеќе насоки за процесот на договарање. Можеби ќе сакате на учесниците да им дадете неколку совети за тоа што да имаат предвид кога ги развиваат нивните ставови и предлози, на пример:

• Дали би било прифатливо за вработените да се откажат од зголемувањето на платите со цел да ги задржат сите работници?
• Која категорија работници треба да се отпушти, ако се прават отпуштања?
• Дали предлогот е реален? Дали компанијата може да го издржи економскиот товар?

На состанокот и преговорите нека се случи тоа што треба да се случи! Ако, за време на дискусиите, вработените и синдикатот размислуваат да го поддржат нивниот предлог со штрајк, може да ги снабдите со хартија и пенкала за да нараваt плакати за штрајкот. Ако работодавачите сакаат да ги затворат работниците надвор, односно да организираат заклучување,(затварање на фабриката) осигурајте се дека имате уште една просторија во која ќе одат работниците!
Повеќето земји во Европа имаат закони кои го регулираат колективното договарање. Можеби ќе сакате да најдете такви закони и да копирате некои од важните членови за да им помогнете на учесниците да ја развијат оваа активност во нејзиниот целосен потенцијал.

## Варијации

Друг пример за ситуација во која се вклучени преговори за права може да биде состанок во училиште за решавање на спор со „проблематичните“ ученици. Средбата може да биде помеѓу ученикот и неговите или нејзините родители од една страна, и директорот и телото на родители - наставници од друга страна.

## Предлози за следни активности

Поканете член на некој синдикат да дојде и да одржи говор. Ќе ги најдете телефонските броеви на синдикатите во локалниот телефонски именик. Генерално, синдикатите се спремни да се приближат кон младите луѓе и тоа може да биде добра можност за вас!
Ако групата ужива да разговара за идеи тогаш може и да уживаат во активноста „Каде стоиш ти?“ во која луѓето треба да ги бранат своите мислења за голем број прашања за човековите права.

## Идеи за акција

Информирајте се за правата на работниците во вашата земја. Ако имате работа со полно работно време или ако работите за џепарлак, работа со скратено работно време, студентска работа или летна работа, информирајте се за вашите права, на пример за тоа да ви се плаќа повеќе во текот на ноќна работа и за време на викенди, да се биде пријавен заради данок, осигурување, со соодветна опрема, и така натаму; Дознајте ги исто така и прописите за здравје и безбедност.
Развијте проект заедно со некој локален синдикат за промовирање на синдикализмот меѓу млади луѓе.

## Понатамошни информации

Меѓународната Конфедерација на синдикати ИСК(International Trades Union ConfederationI TUC-CSI) претставува 176 милиони работници во 151 земја и територии и има 301 национални филијали. Таа прави годишен преглед на повредите против синдикалните права со детални извештаи за статусот на ограничувањата, на пример, приклучување кон синдикатите, право на штрајк, колективно преговарање и заштита на вработените во земјите низ светот, вклучувајќи и многу од Европа. Видете www.ituc-csi.org.
На 23 март 2010 година, ИСК започна кампања за поврзување на работата на глобалните синдикати за регрутирање и организирање на млади луѓе. Новата Младинска кампања користи спектар од различни алатки, вклучувајќи видео, социјално вмрежување, постери и веб-страници, како и посебен водич за кампања.
Повеќе информации за членството на младите и синдикатите, има во Глава 5 во прегледот на информаци и во делот Работа на www.coe.int/compass

**Забелешка**

Оваа активност беше развиена во соработка со ГМО Синдикална организација во Обединетото Кралство, Европскиот синдикален колеџ (ETUCO) и Здружението за Европска обука на работници за влијанието на новата технологија (AFETT)

## Прилози

### Прилог 1. Ситуацијата

Сцената е состанок на компанијата, меѓу работодавачите, вработените и синдикатот (С), кои се во ќор-сокак во обид да се постигне договор за барање за плата.

Фабриката работи 24 часа на ден, 365 дена во годината. Таа има вкупна работна сила од илјада души, од производство до управување. Сите работници се членови на синдикатот.

Во моментов компанијата се соочува со финансиски и економски тешкотии, но во суштина не се соочува со банкрот. Профитите остануваат високи, но тие се намалија минатата година, бидејќи секторот како целина се соочува со криза. Во текот на изминатите три години платите се намалија за 3% во реални услови и бројот на вработените се намали за 10%.

Работниците бараат зголемување на платите во согласност со порастот во другите сектори на индустријата.

Менаџментот посочи дека намалувањето на персоналот ќе биде неопходно за да се исплати зголемување на платите. Нивниот предлог е:
• 4% пораст на платите, вообичните стапки на пораст на плати во текот на 12 месеци за договори на поединци (инфлацијата во моментов е 2% на годишно ниво).
• Плати врз основа на работени часови на годишно ниво, наместо на ниво на дневни или неделни часови и укинување на прекувремена работа
• Намалување на персоналот (10% од вработените - претежно од оние со скратено работно време, на времени позиции и стажирање – согласно правилото „последни дојдени, први отпуштени“) и доброволен технолошки вишок.

Предлогот на раководството беше одбиен од страна на Генералното собрание на работниците кои беа загрижени бидејќи со предлозите би било уште полошо (во моментот 40% од вработените добиваат значаен дел од нивната плата од прекувремено работење ). Синдикатот и вработените направија контра-предлог до раководството:
• Зголемување на платите од 9% во текот на две години
• Прекувремената и бонусите да останат
• Да се задржи сегашниот број на вработените и секој вработен кој е принуден на технолошки вишок да биде преквалификуван на трошок на компанијата.
• Ако барањата не се исполнети, ќе се преземат мерки за штрајк.

Контра-предлогот беше одбиен од раководството, кој тврдеше дека предлогот на Синдикатот и на вработените не би ги решиле проблемите со кои се соочува компанијата.

Преговорите се одвиваат веќе два месеци.
Политиката на компанијата е дека кога не може да се постигне договор во рок од два месеца, треба да се свика посебен состаноки да бидат повикани сите заинтересирани страни. Тоа е овој состанок кој е основа на симулацијата. Двете страни се задолжени да дојдат со нов предлог кој е реална основа за да се дојде до заемно задоволителен договор. Околу преговарачката маса треба да има вкупно пет луѓе: двајца претставници од раководството, еден претседател на состанокот (назначен од работодавачите) и двајца претставници на Синдикатот. Бидејќи ова е специјален генерален состанок, сите вработени се добредојдени да присуствуваат.

**Прилог 2. Краток поимник на некои работни термини**

| | |
|---|---|
| Колективно договарање: | Ова е процес на преговарање во кој претставниците на работодавачите и вработените заеднички се обидуваат да се согласат и да ги решат прашањата, како што се плати и услови за работа. |
| Заклучување: | Заклучувањето е едно од најрадикалните средства на работодавецот на внесување на сила. Работодавецот одбива да им дозволи на вработените да влезат на нивните работни место, тој/таа буквално ги заклучува од надвор во обид да ги принуди да ги прифатат барања на раководството. |
| Технолошки вишок:: | Работниците се технолошки вишок: кога ќе бидат отпуштени, бидејќи работодавецот ќе одлучи да го затвори бизнисот. Вработените можат да имаат право на исплата на технолошки вишок како компензација. |
| Отпремнина | Ако постојан вработен е неправедно отпуштен или е отпуштен врз основа на преструктуирање на компанијата тогаш тој/таа има право да добие надомест, кој се нарекува отпремнина. Вредноста на отпремнината често е врз основа на платата што вработениот ја добивал, на пример, една неделна плата за секоја година на работа. |
| Штрајк: | Правото на штрајк е основно, социјално, човеково право кој се смета за неопходен елемент за успешно колективно договарање и како алатка за ублажување на суштинската нееднаквост во односот на работодавачот - работник. Штрајкот е одбивање да се работи, или опструкција на работата од страна на вработените. Работниците не можат да одат на штрајк кога ќе им се посака! Треба да бидат исполнети одредени услови, кои обично се утврдени во закон и се разликуваат од земја до земја. |
| Синдикат: | Синдикатот е здружение кое постои за да ги заштитат интересите на работниците, вклучувајќи ги платите и условите за работа. Синдикатот генерално ги застапува работниците во преговорите со работодавачот. Во многу земји Синдикатите се организирани во конфедерации. |

# Насилство во мојот живот

*Следете ги трите - R: Respect for self, Respect for others and Responsibility for all your actions (Самопочит, Почитување на другите и Одговорност за сите ваши акции).*

Далај-Лама

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Мир и насилство<br>• Војна и тероризам<br>• Здравје |
| **Ниво на сложеност** | 3 |
| **Големина на групата** | Било која |
| **Времетраење** | 90 минути |
| **Преглед** | Ова е активност во која луѓето ги истражуваат нивните искуства на меѓусебно насилство |
| **Поврзани права** | • Право на живот, слобода и лична безбедност<br>• Слобода на мисла, совест и религија<br>• Слобода од тортура и деградирачки третман |
| **Цели** | • Да се развие знаење и разбирање како е да се биде објект на насилство и за причината за насилство<br>• Да се охрабри развој на вештини за справување со насилство на позитивен начин<br>• Да се развијат вредностите на толеранција и одговорност. |

Мир и насилство

Војна и тероризам

Здравје

Ниво 3

Која било

90 минути

## Инструкции

1. Објаснете дека ова е можност за учесниците да ги споделат мислите и чувствата за личните искуства на меѓусебно насилство, и кога луѓето биле насилни кон нив и кога тие биле насилни кон други.
2. Бидете сигурни дека сите ги познаваат и ги разбираат правилата за партиципативна група работа: дека сите треба да се третираат со почит, дека она што е кажано од било кој се чува во доверба и дека никој не треба да се чувствува под притисок да каже било што, што ќе го направи да се чувствува непријатно.
3. Спроведете кратка сесија на бура на идеи за зборот „насилство“, барајќи учесниците да дадат примери на секојдневно насилство, на пример, вербална злоупотреба, навреди, сарказам, скокање во ред, туркање пред некој, тепање на дете или удирање/да се биде удрен, заплашување од страна на банди, провална кражба, ситни кражби или џепарење, вандализам и така натаму.
4. Побарајте од сите да одделат пет минути и да размислат за лични инциденти кога:
а. некој постапувал насилно кон нив
б. кога тие постапувале насилно кон некој друг
в. кога виделе дека некој друг е насилен, но не интервенирале.
5. Побарајте од волонтерите да ги кажат своите искуства како примери за групата која ќе ги разгледа заедно. Нека кажат што се случило и како се чувствуваат во врска со тоа. Обидете се да добиете по два примери за секоја од категориите а, б и в.
6. Направете кратки белешки за инцидентите на флипчартот.

## Резимирање и евалуација

Започнете со кратка дискусија за активноста како целина и дали таа беше тешка или не,и зошто.

Потоа продолжете да ги анализирате причините и ефектите на различните инциденти.
• Зошто настанала насилната состојба?
• Зошто се однесувавте така како што се однесувавте?
• Како би се однесувале другите членови на групата во слични околности?
• Како можеше да се однесувате поинаку? Дали остатокот од групата има некакви предлози?
• Што можел некој да направи за да спречи инцидентот да се случи?
• Во случај на в) зошто не интервенирале?
• Дали имаше некои општи причини за инцидентите или сите биле посебни?
• Колку инциденти биле резултат на недоразбирања, колку резултат на огорченост, инает или љубомора и колку резултат на разлики во културата и обичаите, мислење или верување?
• Што луѓето подразбираат под зборот „толеранција“? Како би ја дефинирале?
• Дали треба да бидеме толерантни на сè што другите луѓе прават или велат?
• Зошто толеранцијата е клучна вредност за унапредување на човековите права?

## Совети за обучувачите

Нагласете дека целта на оваа активност е да развијат вештини за справување со насилството, преку препознавање на причините, признавање на чувствата и емоциите и развивање вештини за да дејствуваат одлучно со цел да се контролира ситуацијата. Фокусот е да се најдат ненасилни средства за реагирање на насилни ситуации, а не на помагање на поединците да ја надминат траума. Ако некој страда како резултат на насилство, кажете им дека се добредојдени да разговараат со вас приватно потоа, кога ќе им помогнете да најдат професионален советник. Бидете подготвени за изненадувања и за поддршка на секој кој ја смета оваа активност за тешка или вознемирувачка. Вие не можете да ја знаете приказната на сите, ниту што се случува или што се случило во нивните семејства. Можеби некои учесници имаат лоши искуства од насилство, на пример злоупотреба на деца, семејно насилство, психолошко или емоционално малтретирање, сајбер-малтретирање, сексуална злоупотреба, расизам, малтретирање во училиште или на работа, дивеење на патиштата, самоповредување, обид за самоубиство, злосторства од омраза, тероризам, геноцид, војна, воени злосторства и насилен криминал.
Кажете им на луѓето да се сетат на Членот 1од Универзалната декларација за човекови права: „Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата. Тие се опремени со разум и совест и еден кон друг треба да делуваат во духот на братство“. Ако очекуваме другите да го почитуваат овој член, тогаш треба да го почитуваме и ние.
Ако имате повеќе од десет лица во групата, можете да ги поделите во мали групи за да ги споделат нивните приказни.

## Варијации

Ова може да биде добра драмска активност. Побарајте од две, три или четири лица да развијат кратка игра на улоги. Остатокот од групата набљудува. Потоа можете да ја прекинете играта на улоги во интервали и да побарате од присутните да коментираат или да дадат предлози за тоа како треба да продолжи играта на улоги. Алтернативно, членовите на публиката можат директно да интервенираат за да ги преземат улогите од актерите и да развиваат алтернативни исходи.
Наместо Форум театар, можете исто така да направите „Сликовен театар“ (видете на страница 71). Тоа е многу ефикасен метод кога сакате луѓето да размислуваат за насилството. Прашајте едно лице – скулптор- да создаде колективна слика со користење на неколку од другите учесници и скулптурирајќи ги нивите тела да направи пано или сцена која покажува насилна ситуација. Кога скулпторот ќе заврши, остатокот од групата може да коментира и да поставува прашања. Следниот чекор треба да биде, веќе претставеното, да се трансформира во позитивна, ненасилна слика на ситуацијата.

## Предлози за следни активности

Можеби ќе сакате да разговарате за контрадикцијата во Декларацијата на ОН за принципите на толеранција, која покренува прашања за ограничувањата за толеранција. „Толеранцијата е во согласност со почитувањето на човековите права; практиката на толеранција не значи

толерирање на социјалната неправда или напуштање или слабеење на своите убедувања. Тоа значи дека некој е слободен да се придржува до сопствените убедувања и прифаќа дека другите се придржуваат кон нивните “. Замолете ја групата да размисли дека, ако „практиката на толеранција не значи толерирање на социјалната неправда“, тогаш како може некој во исто време „да прифати другите да се придржуваат до своите [убедувања]“, особено ако тие убедувања се расистички или фанатични?
Пронајдете организации кои обезбедуваат поддршка на жртвите на насилство, на пример, телефонски линии за помош или мрежи за поддршка на жртвите. Пронајдете други организации кои промовираат разбирање и толеранција во заедницата.
Ако сакате да продолжите да работите во рамките на темата за мирот и насилството, би можеле да ги погледнете активностите „Домашни работи“, на страница 148, која го разгледува насилство во семејството, „Мојот живот не е шоу!“, на страница 238 за сајбер-малтретирање, и „Дали имаме алтернативи“, на страница 144, која го истражува малтретирањето.

КЛУЧЕН ДАТУМ

2 октомври
Меѓународен ден на ненасилство

## Идеи за акција

Стапете во контакт со организација која работи на промоција на мирот и ненасилството во заедницата и да дознаете како можете да и помогнете како волонтери.

## Понатамошни информации

Светската здравствена организација (СЗО) во својот прв светски извештај за Насилство и здравје (2002) го дефинира насилство како „намерна употреба на физичка сила или моќ, запретена или актуелна, против себеси, друго лице или против група или заедница, која или резултира или има висока веројатност да резултира со повреди, смрт, психолошка повреда, успорен развој или одземање“.

**Декларација на принципите на ОН**

Член 1 - Значење на толеранција
1.1 Толеранција е почит, прифаќање и ценење на богатата разновидност на културите во нашиот свет, нашите форми на изразување и начините да се биде човек. Поттикната е од знаењето, отвореноста, комуникацијата и слободата на мислата, совеста и верувањето. Толеранцијата е хармонија во различноста.
Таа не е само морална должност, туку е и политичко и законско барање. Толеранцијата, доблест која што го овозможува мирот, придонесува за замена на културата на војна со културата на мир.
1.2 Толеранцијата не е концесија, патронизирање супериорност или уживање. Толеранцијата е, пред сè, активен став поттикнат од признавање на универзалните човекови права и фундаментални слободите на другите. Во никој случај не може да се искористи за да се оправдаат прекршувањата на овие основни вредности. Толеранцијата треба да се практикува од поединци, групи и држави.
1.3 Толеранцијата е одговорност која ги поддржува човековите права, плурализмот (вклучувајќи го и културниот плурализам), демократијата и владеењето на правото. Тоа вклучува отфрлање на догматизмот и апсолутизмот и ги потврдува стандардите утврдени во меѓународните инструменти за човекови права.
1.4 Во согласност со почитувањето на човековите права, практикувањето на толеранција не значи толерирање на социјалната неправда или напуштање или ослабување на пресудите. Тоа значи дека секој е слободен да се придржува до сопствените убедувања и прифаќа дека другите се придржуваат до нивните. Тоа значи прифаќање на фактот дека човечките суштества, природно се разликуваат во нивниот изглед, ситуација, говор, однесување и вредности, имаат право да живеат во мир и да бидат какви што се. Тоа исто така значи дека гледиштата не некој не треба да им се наметнуваат на другите.
Меѓународниот ден на ненасилството на Обединетите нации (ООН) е глобално почитување кое промовира ненасилство преку едукација и јавна свест. Се одржува секоја година на 2-ри октомври за да се совпадне со роденденот на познатиот индиски лидер Махатма Ганди.

Животна средина

Глобализација

Здравје

Ниво 2

10+

30 минути

# Мрежа на животот

*Повлечете едно нешто во природата, и ќе видите дека тоа е поврзано со остатокот од светот!*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Животна средина<br>• Глобализација<br>• Здравје |
| **Ниво на сложеност** | 2 |
| **Големина на групата** | 10+ |
| **Времетраење** | 30 минути |
| **Преглед** | Во оваа активност, учесниците ги „откриваат“ врските во глобалната мрежа на исхрана.<br>Тие истражуваат:<br>• Меѓузависност на живите и неживите работи<br>• Неизбежното влијание на сите човечки активности врз животната средина и последиците |
| **Поврзани права** | • Право на живот, слобода и лична безбедност<br>• Право на слободно располагање со нивното (човековото) природно богатство и ресурси<br>• Слобода на верување и религија |
| **Цели** | • Да научат за меѓузависноста на живите и неживите работи<br>• Да развијат вештини да работат кооперативно и критички да размислуваат<br>• Да се поттикне почитување на суштинската вредност на животот |
| **Материјали** | • Клопче од тенка жица или цврста волна |

## Инструкции

Оваа активност е поделена на 3 дела: дел 1 - градење мрежа на живот; дел 2 – нејзино уништување; дел 3 –бура на идеи за активнсти за заштита на животната средина.

**Дел 1**

1. Замолете ги учесниците да застанат во круг.
2. Објаснете дека треба да изградат модел на мрежата на животот.
3. Вие започнете. Држете го клопчето во раката и кажете едно зелено растение , на пример, зелка.
4. Држете го крајот на конецот и фрлете го клопчето на некој од спротива во кругот. Тој го фаќа! Сега има права линија од конец меѓу вас двата.
5. Оваа личност треба да именува животно кое јаде зелка, на пример, гасеница. Таа, го држи конецот и го фрла клопчето преку кругот на трето лице.
6. Третото лице треба да размислува за животно што се храни со гасениците, на пример птица, или ако знае некој, може да каже вид на птица, како што се дрозд. Потоа ја фрла топката на четврто лице.
7. Продолжете со играта, така што топката од конец ќе помине напред и назад низ кругот се додека не се направи вкрстена мрежа што ја претставува „мрежата на животот“.

**Дел 2**

8. Сега прашајте го секој учесник по ред да даде конкретен пример за тоа што ја уништува оваа мрежа на животот, (на пример, автопати кои се градат над обработливо земјиште, прекумерен

риболов или горење на фосилни горива). Откога ќе кажат, го пуштаат конецот.
9. Откога сите ќе кажат, замолете ги учесниците да го разгледаат купот на исплеткани конци што бескорисно лежат на подот . Кажете им дека ова ќе биде нашиот свет ако не правиме ништо, но дека не мора да биде вака; постојат едноставни работи што сите можеме да ги направиме за да спасиме нешто од сегашната ситуација.

**Дел 3**

10. Поканете ги учесниците по ред да ветат дека ќе преземат едноставна, практична акција за спасување на светот. На пример, за да заштедите електрична енергија со исклучување на компјутерот, наместо оставање на стенд-бај, помалку јадење месо или помалку летање.
11. Како што секој ќе каже ветување, подига конец по случаен избор од подот.
12. На крајот, погледнете за кратко во новата мрежа и посочете дека не е истата мрежа како таа претходно; премногу е доцна за тоа; вистинското закрепнување е невозможно, бидејќи истребувањата се неповратни.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

10 октомври
Светски ден против смртната казна

## Резимирање и евалуација

Започнете со прашањето како учесниците се чувствуваа првен кога ја гледаа мрежата уништена и потоа создавајќи нова. Потоа продолжете да зборувате за проблемите и за тоа што треба да се направи за да се заштити околината.

• Што чувствувавте кога го гледавте постепеното уништување на мрежата?
• Дали е лесно да се именуваат животни и растенија во различни мрежи за исхрана? Колку е добро знаењето на луѓето за историјата на природата?
• Дали ви е важно ако, на пример, поларните мечки исчезнат за 10 години?
• Како се чувствувавте додека го гледавте формирањето на новата мрежа? Дали е лесно да се размислува за лични активности кои го намалуваат нашето влијание врз животната средина?
• Колку се ефикасни индивидуалните активности?
• Чија е одговорноста за заштитата на животната средина? ООН, владите, невладините организации, поединците?
• Балансот на природата е многу сложен и не е лесно да се предвиди што ќе бидат глобалните последици од некоја конкретна акција. Како тогаш може да се донесат одлуки како да ги користиме ресурсите на Земјата?
• Како треба да се донесат одлуки за тоа како да се користат ресурсите? На пример, дали да се сечат шумите, за да може земјиштето да се користи за одгледување на култури? Луѓето кои го добиваат нивниот живот од шумата ќе страдаат на сметка на оние кои прават профит од земјоделството. Се доведува во прашање принципот на правичност.
• Член 1 од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права вели дека „сите народи можат, за свои цели, слободно да располагаат со своето природно богатство и ресурси". Дали ова значи дека луѓето имаат право да ја оштетат околината?
• Ние се потпираме на нашата околина за да ни обезбеди храна за јадење и чист воздух за да дишеме. Без здрава животна средина не можевме да живееме. Тоа е услов за живот. Затоа, ние имаме огромна должност да ја почитуваме околината која ги ограничува нашите права да ја користиме (на ист начин на кој имаме должност да ги почитуваме правата и слободите на другите, што ги ограничуваат нашите сопствени права како поединци)?
• Дали ни се потребни нови човекови права за да не заштитат од последиците од климатските промени?

## Совети за обучувачите

Оваа активност најдобро функционира со 10-15 луѓе. Ако има многу учесници, направете ја активноста во неколку групи.
Секој синџир на исхрана треба да ги илустрира вистинските или можните односи: на пример, трева – овци- луѓе; или планктони - китови; или планктон - скуши- свињи (свињите често се хранат со рибино брашно) -луѓе - тигри! Запомнете дека кога животното умира, бактериите го распаѓаат неговото тело и ослободените минерали се земаат од други зелени растенија. Така циклусот на живот започнува одново. Милијарди и милијарди такви циклуси меѓусебно се поврзуваат за да ја направат мрежата на животот.
Обидете се да ги натерате учесниците да смислат колку што е можно повеќе различни

синџири на исхрана. Размислете на примери во шумски предел, шума, планина, висорамнина, мочуриште, езерце, речни и морски живеалишта. Можеби ќе треба да интервенирате така што ќе кажете нешто како „сега минералите се мијат од морето и се користат од морските фитопланктони (растителни планктони)“. Или, на пример, да се преместите од морски екосистем на копнен, можеби ќе треба да кажете „сега галебот што јадеше ракови покрај брегот летна во внатрешноста за да пребарува над нивите каде и умре“. Ако некој играч не може да смисли следен линк, сугерирајте дека можат да побараат предлози од другите во групата.

Во вториот дел, првите неколку пати кога учесниците ќе го пуштат конецот нема да се направи голема разлика бидејќи начинот на кој нишките се вкрстуваат едни со други ќе ја држат мрежата заедно, повеќе или помалку. Сепак, како што повеќе луѓе го отпуштаат, ќе останете со куп на бескорисни конци што лежат на подот окружени со луѓе кои беспомошно стојат.

Во делот 3 во резимирањето, ќе мора да бидете подготвени за некои контроверзни одговорина прашањето „што ја оштетува мрежата?“ Некои луѓе, на пример, вегетаријанци, може да речат дека луѓето што јадат месо ја оштетуваат мрежата. Треба да го прифатите гледиштето и да ги прашате другите играчи за нивното мислење. Сепак, внимавајте да не влезете во голема дебата во оваа фаза; најпрвин завршете ја играта, а вратете се на крајот при резимирањето и дискусијата.

Обидете се да не бидете заглавени во дискусијата, туку држете се до целта на активноста, која е, ефектот на човековата активност врз животната средина.

Може да најдете добри примери за успешни приказни на www.ecotipingpoints.org. Исто така би требало, да побарате локални извори на информации. На пример, во Португалија, здружението Quercus (www.quercus.pt) редовно ја користи јавната телевизија за да дава информации за прашањата поврзани со животната средина и совети за тоа како да го намалиме нашето влијание врз животната средина - како да живееме на „поеколошки“ начин.

Можеби ќе сакате да ги прочитате информации за Животната средина во Поглавје 5 на www.coe.int/compass пред да поставите прашања за односот помеѓу човековите права и животната средина.

Ова е добра активност која може да се направи на часот по наука.

## Варијации

Во вториот дел, кога ќе побарате од учесниците да дадат конкретни примери за тоа што му наштетува на оваа мрежа на живот, земете пар ножици и за секој пример засечете низ мрежата . Постепено мрежата се уништува и на крај, она што е пред вашите нозе е куп на бескорисни конци. Уништената мрежа е многу моќна слика и глобалната ситуација е навистина депресивна, но важно е луѓето да не се чувствуваат беспомошни во пресрет на задачата која е пред нив. Затоа, од суштинско значење е да оставите време во кое ќе следи барем една кратка активност на бура на идеи или дискусија за напредокот што во моментов се прави за заштита на животната средина.

## Предлози за следни активности

Направете бура на идеи за успешни локални и глобални еколошки приказни. Не е сè безнадежно! Има многу активни луѓе низ целиот свет кои работат на тоа да обезбедат одржлива околина за добробит на идните генерации. „Справување со климатските промени, заедници кои прават подобрување“, продуцирани од Акт на Меѓународна алијанса, е одличен извор за ова.

Оваа активност може да се користи како стартер за дебата за човековите права и животната средина. На пример, дали би било добра идеја ако би постоело човеково право на животната средина, како што има други човекови права? Дали животната средина има вредност преку и над нејзината инструментална вредност? Дали има смисла да се даваат права на животните? (Видете повеќе на www.coe.int/compass)

act-intl.org/goodpractice/TCC.pdf

Развивањето на одржливото користење на ресурсите бара политичка волја, време, напор и пари. Размислете колку многу повеќе би можеле да направат сите земји по пат на еколошко образование, научно-истражувачки и практични шеми за заштита на животната средина, доколку не потрошиле толку многу на оружје и војска. Ако групата би сакала понатаму да ги истражува овие прашања, би можеле да ја направи активноста „Колку нам ни е потребно“, на страница 193.

Климатските промени влијаат врз сите живи суштества насекаде. Тешките последици, на пример, од поплавите, претварањето во пустини и порастот на морското ниво значи дека многу луѓе не можат да преживеат во нивните сегашни места на живеење и се принудени да се движат. Ако сте заинтересирани да истражувате некои од прашањата што се однесуваат на климатските бегалци, можете да ја направите активноста „Три работи“, на страница 82.

## Идеи за акција

Вклучете се во локални еколошки проекти. Има многу невладини организации кои би можеле да ги контактирате:

• Млади и животна средина Европа (Youth and Environment Europe-YEE). YEE е чадор организација со над четириесет регионални и национални самоуправни младински организации кои се вклучени во истражување и заштита на природата и животната средина низ цела Европа. www.tigweb.org

• Мрежа за климатска акција Европа (Climate Action Network Europe - CAN-E). CAN-E е препозната како водечка мрежа во Европа која работи на климатските и енергетските прашања. Со над 127 членови во 25 европски земјите, CAN-E се обединува да работи за спречување на опасните климатски промени и промовирање одржлива енергија и политика за животна средина во Европа.

• Пријатели на Земјата www.foei.org

• WWF мрежата работи со влади, бизниси и заедници низ целиот свет, за луѓето и природата да напредуваат рамномерно врз природните ресурси на планетата. www.wwf.org

Намалете го личниот јаглероден отпечаток. На www.cutco2.org можете да најдете многу практични совети. Исто така, можете да пронајдете инспирација на Фејсбук од групата Young People Finding Solutions (Млади луѓе наоѓаат решенија) за да го намалат нивниот јаглероден отпечаток.

## Понатамошни информации

Во природата сè е поврзано со сè друго. Сите живи нешта и неживите работи се поврзани преку циклуси, на пример, јаглеродниот циклус и циклусот на водата. Синџирите на исхрана се дел од овие циклуси. Синџирот на исхрана започнува кога зеленото растение ја користи светлосната енергија од сонцето, минералите од почвата и водата за да ја нарави сопствената храна за да има енергија да живее и да расте. Кога зеленото растение, на пример, зелката, се изеде, минералите и енергијата складирани во листовите се пренесуваат и се користат, на пример, од страна на гасеницата да живее и да расте. Како што секое животно е изедено од некое друго, енергијата и минералите се пренесуваат преку синџирот на исхрана. Кога животното од врвот на синџирот на исхрана умира, неговото тело се распаѓа, бидејќи е „изедено“ од бактериите. Минералите кои биле во телото се (пре)земаат од зелени растенија и започнува нов синџир на исхрана.

Мир и насилство

Глобализација

Медиуми

Ниво 2

Која било

60 минути

# Кога ќе дојде утре

*Ако ги судиш другите како што овој систем те осуди тебе, нема да бидеш подобар од тие кои те осудија на смрт.*

Двајт Аданандус

**Теми**
- Мир и насилство
- Глобализација
- Медиуми

**Ниво на сложеност** Ниво 2

**Големина на групата** Било која

**Времетраење** 60 минути

**Преглед**
Оваа активност користи информативни листови и дискусии за да ги истражи проблемите во врска со:
- Заштита на општеството од криминалци
- Човековите права на криминалците
- Смртната казна

**Поврзани права**
- Право на живот
- Слобода од тортура и деградирачки третман
- Правото на еднаквост во достоинството

**Цели**
- Да ги испита предрасудите за криминалците и размислувањата за некои од импликациите од смртната казна
- Да се развијат вештини за слушање и критичко размислување за информациите
- Да се промовира чувство на човечко достоинство и правда.

**Материјали**
- По една копија за учесник од материјалот „Кога ќе дојде утре“
- Лист хартија и молив за секој член на групата.
- Флипчарт или големи листови хартија и пенкала за сумирање поени направени на пленарната седница

## Инструкции

**Чекор 1.**

Прочитајте го делот 1 од „Кога ќе дојде утре“ на глас во групата. Кога ќе завршите, дајте им на луѓето околу 5 минути да се потсетат на сите главни точки и да ги запишат со сопствени зборови. Потоа замолете ги да ги разменат листови хартија со својот сосед, да ги прочитаат забелешките од другиот и да дадат повратни информации.

1. Поканете некои волонтери да ги прочитаат своите белешки, потоа разговарајте за разликите помеѓу верзиите: дали некои луѓе запомнаа повеќе детали од другите? Дали некои луѓе измислиле детали кои не биле споменати во оригиналната приказна?
2. Прашајте ги луѓето за нивната реакција на приказната: кој мислат дека е нараторот? Што се случило?

**Чекор 2.**

3. Прочитајте го исечокот од весникот и дел 2 од раскажувањето на Нанон.
4. Сега овозможи им на паровите 10-15 минути да разговараат за новите информации со нивните партнери. Дајте им примероци од „Кога ќе дојде утре“ во случај да сакаат да се вратат назад на поентите во текстот.

5. Потоа замолете ги да размислат за следните две прашања:
• Дали тие го променија своето мислење, било за Двајт или за Нанон кога научија дека тие беа осудени на смртна казна? Како? Зошто?
• Што мислат дека Двајт мислел велејќи: „Ако ги судиш другите како што овој систем те осуди тебе, нема да бидеш подобар од тие кои те осудија на смрт.“ Дали се согласуваат со него?
6. Отворете го проблемот на општа дискусија, од различните парови побарајте повратни информации за овие прашања

## Резимирање и евалуација

Оваа активност може да се искористи за да поттикне повеќе важни и интересни прашања кои можат да бидат предмет на понатамошни активности или дискусии. Сепак, препорачливо е при резимирањето да се држите доста внимателно на темите кои групите веќе ги препозна, отколку да се отвараат целосно нови теми (видете подолу, во *Совети за обучувачите).*
• Дали оваа активност ве научи на нешто за себе? Дали таа ве натера повторно да размислите за некои од вашите претходни мислења или верувања?
• Што мислите дека активноста имаше за цел да илустрира? Дали успеа во оваа цел, иако не, зошто не?
• Што активноста има да ви каже за правото на живот, ако ништо повеќе? Дали во неа имаше и некои други прашања за правата кои беа покренати во дискусијата?
Забележете ги овие прашања на голем лист хартија или флипчарт хартија за да ви користат за во иднина.

## Совети за обучувачите

Во првата дискусија (по читањето на дел 1) важно е на луѓето да не им се даваат никакви навестувања за ситуација на двата мажи: обидете се да ги извлечете впечатоците на луѓето за ликовите, но без да сугерирате дека имате некоја посебна причина за тоа. Целта е луѓето да ја испитаат човечката страна на двајцата, без да знаат ништо за нивната ситуација или минато.
Поентата на менување на белешките на крајот на чекор 1 е да им се даде идеја за различните начини на кои луѓето можат да перципираат или запомнат ист дел од информацијата.Треба да се нагласи дека ова не треба да се гледа како „тест“, за луѓето да не се чувствуваат усрамени од нивните белешки; туку како начин за прикажување на различни гледишта. Обидете се да побарате коментари од луѓе чија белешки радикално се разликуваа од оние на нивните соседи. Прашајте зошто е тоа така - зошто, на пример, некои луѓе се сеќаваа на одредени делови од информациите кои пак биле пропуштени од други.
Самата активност, најверојатно, ќе поттикне премногу проблеми за само една сесија, така што вие треба да се обидете да ја одржите дискусијата според предложените прашања, наместо да им дозволите на луѓето да бидат заведени во дебатирање - на пример – за самата смртна казна. Обидете се да ја задржите дискусијата фокусирани на двете клучни прашања на:
1. Степенот до кој ние, државата, сите, сме склони да ги „судиме“ луѓето врз основа на нешто (во што ние веруваме) дека тие направиле. Ова веројатно е она што Двајт го има на ум кога зборува за не „судење“ на другите, како што државата му пресуди нему (и на Нанон). Државата ефективно ги отпишала како човечки суштества на основа на нешто (што таа верува) тие го направиле во минатото.
2. Дури и таканаречените „тврдокорни криминалци“ поседуваат и ги задржуваат своите инхерентни човечки карактеристики - не само „грижливост и сочувството“, за кои зборува Двајт, туку и „фрустрацијата и депресијата“ што Нанон ги опишува како резултат на затворањето.
Кога разговарате за прашањето „право на живот“, обидете се да ги држите коментари подалеку од практичните аргументи за или против смртната казна. Водете ја дискусијата околу прашањата за тоа дали овие двајца луѓе може да се рече дека се уште **имаат** право на живот - и ако не, како некој може да го изгуби тоа право. Дали некој, на пример, има овластување да го отстрани тоа право од други граѓани, дури и ако тие сториле кривично дело?



**КЛУЧЕН ДАТУМ**

10 октомври
Светски ден против смртната казна

11 песни кои го потресоа светот
„Адаптирано од Songlines World Музичко списание, март 2009 г.
**Ослободен Нелсон Мандела** – ЦериДамерс и Специјалниот АКА
**Од малите нешта големи работи растат** - Кев Кармади и Пол Кели
**Стани, исправи се** - Боб Марли
Gracias a la Vida -Мерцедес Соса
**Ал Атлал** - Оум Калтум
**Бико** - Питер Габриел
**Диди** - Калед
**Замисли** - Џон Ленон
**Зомби** - Фета Кути
Nkosi Sikelel ‘iAfrika - Методистичка химна, компонирана од Енох Сонтонга во 1897 година
**Џелем Џелем** - химна на Ромите , компонирана од Жарко Јовановиќ на традиционална Ромска мелодија.

## Предлози за следни активности

Песните отсекогаш биле моќна алатка во борбата на луѓето за права. Групата можеби ќе сака да слушате некои песни за слобода и правда или да напише своја.
Можеби ќе сакате да прикажете филм поврзан со ова прашање. Нашите предлози се:
• Мртвиот човек чекори ( Dead ManWalking) од Тим Робинс 1995. Тоа е американски филм кој ја раскажува приказната за Сестра Хелен, која се спријателува со затвореник со смртна казна.
• Декалог V: „Не убивај“ - од Кшиштоф Кисловски 1988 година. Главниот лик е млад човек на 20 г. чиј чин на убиство е ужасен, но исто таков е и варварскиот начин на кој државата го убива. Драмата открива дека сите животи мора да се почитуваат и дека никој не заслужува да биде убиен.
• Филмот, Во бездна (2011) од Вернер Херцог. Разговорите помеѓу затвореникот со смртна казна Мајкл Пери и оние засегнати од неговото злосторство служат како истражување за тоа зошто луѓето - и државата – убиваат.
Можеби ќе сакате да читате или да ја изведете (цела или извадоци од) претставата Ослободените од Џесика Бланк и Ерик Јенсен (theexonerated.com). Претставата се одвива меѓу монолози во прво лице и сцени поставени во судница и затвор за да ги раскаже приказните на шест храбри луѓе кон кои Американскиот кривичен правосуден систем ужасно згрешил, како и за тоа како тие истрајаа да преживеат.
Продолжете со проблемите покренати на крајот на активноста. Организирајте формална дебата или користете ја методата, „Избори“, на страна 168. Темите можат да вклучуваат:
• Прашања на казнувањето: која е целта од затворањето на криминалците и/или од нивното егзекутирње? Дали е тоа првенствено да се заштити општеството, да се промени однесувањето на криминалците или е одмазда/казна?
• Смртната казна: кои се аргументите за и против смртната казна?
• Безбедноста на нацијата наспроти безбедноста на поединецот: кои се границите на начинот на кој владата може да ги третира нејзините најлоши криминалци или терористи? На пример - дали мачење на индивидуата е оправдана ако е во прашање безбедноста на нацијата?
Може да развиете проект за смртната казна во врска со правата на детето. Во неколку земји деца се осудуваат на смрт и може да бидат егзекутирани. За да најдете повеќе информации напишете „деца осудени на смрт“ („Death Row Kids“) во вашиот пребарувач и на видео на youtube.com.

**Забелешка:**

Целосното дело (Кога ќе дојде утре) може да се најде на CCADP (Канадска коалиција против смртната казна) веб-страна
http://www.ccadp.org

## Идеи за акција

Посетете ја веб-страната на Канадската коалиција против смртната казна и прочитајте повеќе од пишувањето на затворениците (http://ccadp.proboards.com). Потоа напишете му на некој што е со смртна казна (веб-страницата на ccadp) содржи информации за тоа како да станете пријател преку допишување или да контактирате со вашата локална асоцијација на Амнести Интернејшенал (Amnesty International).

## Понатамошни информации

Советот на Европа го направи укинувањето на смртната казна да биде предуслов за членство. На територијата на земјите-членки на организацијата не е извршено убивање од 1997 година. Прва година во која никој не беше убиен низ цела Европа беше 2009 година; сепак во март2010 Белорусија погуби две лица.
Информации за тоа кои земји ги ратификувале меѓународните договори за укинување на смртната казна можете да најдете на веб-страницата на Amnesty International, www.amnesty.org. Според извештајот на Amnesty International, Смртни казни и егзекуции 2014, се знае дека најмалку 2,466 лица во 55 земји се осудени на смрт во 2014 година. Ова претставува пораст од 28% во споредба со 2013 година, кога во 57 земји беа регистрирани 1.925 смртни казни. Ова зголемување во голема мера се должи на големиот пораст на смртните казни во Египет (од 109 во 2013 година на 509 во 2014 година) и Нигерија (од 141 во 2013 година на 659 во 2014 година), двете земји во кои судовите, во некои случаи, наметнаа масовни казни. Се верува дека на крајот од 2014 година со смртна казна биле најмалку 19.094 луѓе во светот.

*Егзекуциите намалени, но не за малолетни престапници* од Хјуман рајтс воч (1 април 2015

година), наведуваат дека во 2013 година се забележува зголемување на бројот на смртните казни за злосторства извршени од страна на деца.

Иран, речиси сигурно, е светски лидер во егзекуција на малолетни престапници, усмртувајќи 14 во 2014 година и дури 77 во последните 10 години. Иран, исто така, продолжи да воведува нови смртни казни за деца престапници минатата година. Вкупно, најмалку 160 малолетни престапници во државата чекаат извршување на смртна казна.

За детален извештај за случајот на Нанон и за грешките направени при неговото судење, видете http://murderpedia.org/male.W/w/williams-nanon.htm.

На други места, минатата година беа изречени смртни казни за деца престапници во Египет и Шри Ланка. И други останаа со смртна казна во Малдиви, Нигерија, Пакистан, Саудиска Арабија и Јемен. Во 2013 година, во Саудиска Арабија беа егзекутирани 3 малолетни престапници, а и други веројатно извршени во Иран и Јемен.

Во март 2014 година Пакистан го уби Мухамед Афзал, кој имал 16 години кога бил осуден на смрт, а судовите ја одобриле смртната казна на Шафкат Хусеин, кој се смета дека бил 14 или 15 години, кога бил осуден, во 2004 година.
Извештајот на Амнести „Децата и смртната казна: Егзекуции ширум светот од 1990 година", објавен во 2002 година, открива дека САД се на врвот на листата во однос на бројот на егзекутирани млади мажи кои биле под 18 години кога ги извршиле своите злосторства; САД егзекутираа 18; Пакистан егзекутира едно кое било само 13 кога го извршило престапот.
Human Rights Watch наведува: Само за Иран, Судан, Кина и Пакистан се знае дека екзекутирале малолетни престапници од 2004 година. Судан извршил две такви егзекуции во 2005 година, додека Кина егзекутираала еден малолетен престапник во 2004 година, а Пакистан егзекутираал еден малолетен престапник во 2006 година. За споредба, познато е дека Иран егзекутираал најмалку три малолетни престапници во 2004, осум во 2005 година и четири во 2006 година. Во вкупен број, само Кина направила повеќе егзекуции од Иран. По глава на жител пак, Иран егзекутира повеќе луѓе годишно од која било друга земја.(www.hrw.org јуни 2007)

## Прилози

**Кога ќе дојде утре од Нанон Вилијамс**

**Дел 1**

Тоа беше еден ден по смртта на Двајт Адананд кога навистина погледнав на животот сосема поинаку од она што тој беше, или да кажам, кој посакував да биде. Ова беше на почетокот на зимата, и како што лежев уште размислувајќи за пријателот кој секогаш носеше насмевка кога денови изгледаа толку непотребни, почувствував мачење. Како што нежно се поместив, подигајќи го весникот од под вратата, весникот ја раскажа неговата приказна. Читајќи за тоа и знаејќи дека никогаш повеќе нема да го видам, повторно чувствував како некој да ми забодуваше игли во моето срце, повторно и повторно. Понекогаш нишајќи тој ќе дојдеше во дворот викајќи: „Како е е младичу?" А јас ќе погледнев околу мене, зјапајќи назад, и велам: „Човеку, кој го викаш младо момче", и ние двајцата ќе почнаме да се смееме, бидејќи јас бев најмладиот во нашиот блок. И кога мислам на тие моменти сега, длабоко се растажувам, бидејќи никогаш нема да се радувам дека повторно ќе бидам во дворот во близина со Двајт кој ќе ги исправи браздите од лутина кои го издлабуваат моето лице.

Како што поминуваа годините, моите методи на поминување на времето се сменија, но сакам да мислам дека овие нови методи се надевам ќе ме направат да станам подобар човек еден ден, како што стана Двајт. За време на моите моменти на слабост, секогаш се прашував што би направил Двајт.

„Запомни", ми рече: „Системот може да те има само ако му дозволиш. Смири се со твојот Бог, кој и да е тој и **започни да живееш најдобро што можеш и цени го тоа**. **Тогаш, тој ќе продолжеше, Младичу, знам** зошто си тука, но знам дека не припаѓаш тука".

**Дел 2**

„....... Всушност, никој не припаѓа тука, не на смртна казна. Има силувачи, киднапери, разбојници, измачувачи на деца и садисти на кои ни малку не им е гајле за тебе. Меѓутоа, исто така, има грижливи и сочувствителни луѓе кои ги направеле истите тие работи, но најдоа начин да се променат и сакам секогаш да го запамтиш тоа", ми рече неколку недели пред да биде убиен. „Запомни го ова ако ништо друго. Ако ги судиш другите како што овој систем те осуди тебе, тоа нема да те направи подобар од тие што те осудијана смрт!" И како што тие зборови ми ѕвонат во ушите сега, се прашувам зошто ми требаше толку долго за да разберам што мислеше тој. Се разбира, јас слушнав што кажа и тоа имаше смисла, но имање смисла и целосно разбирање на значењето на тие зборови беше нешто сосема друго. Претпоставувам дека тогаш бев младичот, како тој ме викаше, но вистината боли кога конечно ќе одвоиш време да ја видиш.
Знам дека затворањето е целосно психолошко оружје на тортура што прави фрустрација се додека не се вгнезди депресијата, но некако духот и желбата да се продолжи остануваат кај неколкумина. Двајт, го имаше тој дух, без оглед на тоа што го направи и што го стави на смртна казна и со тој дух ги промени животите на другите кои гниеја како живи трупови во гробиштата на системот. „Знам дека не е лесно Младичу", би рекол тој. „Но, никој не кажа дека животот е лесен. Земи го секој ден со вредноста што ја има и се додека можеш да видиш светло на крајот од патот, тоа нека ти биде силата што ќе те води", беа последните зборови што ми ги кажа низ солзи, додека го кажуваше неговото последно збогум . Јас не се осмелувам да објаснам што значи тоа за мене, како што претпоставувам дека ми го кажа тоа за да можам да најдам своја сила што ме одржува низ годините што поминаа и веројатно низ годините што доаѓаат. Никогаш не ги напуштив моите принципи или нештата што најмногу ги ценам во животот - како моето семејство, така што повеќе од веројатно е дека љубовта и еден ден влегувањето во небесните порти, навистина е она што утре ќе дојде ".
Нанон Вилијамс беше осуден на смртна казна од страна на државата Тексас во 1992 година, кога беше 17 години, обвинет за капитално убиство. Тој го негира обвинението и помина 13 години како осуден на смрт пред да му ја преиначат казната на доживотен затвор во 2005 година со пресудата од Ропер В. Симмонс од Врховниот суд на САД, кој ја забранува егзекуцијата на малолетниците. Во 2010 г. Федералниот суд наредил Нанон да биде ослободен од затвор поради лажните докази што му биле презентирани на поротата и несоодветноста на неговата изјава за одбрана на неговото судење во 1992 година.

Извор: Канадската коалиција против смртната казна (Canadian Coalition against the Death Penalty)

**Исечок од весникот**

Хантсвил - 2 октомври 1997 година. Осудениот виновник беше егзекутиран во средата вечер за убиство со огнено оружје пред девет години на бизнисмен од Сан Антонио кој се обидел да го спречи да избега од банката. Аданандус, 41, беше осуден на смрт за убиство на Вернон Ханан, кој беше застрелан во градите на 28 јануари 1988 година, додека се бореше со Аданандус во фоајето на банката на северниот дел на Сан Антонио.

# Каде стоиш ти?

*Дали е навистина поважно да имате дом, храна и основни работи отколку да можете да кажете што ви се допаѓа?*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Општи човекови права<br>• Државјанство и учество<br>• Сиромаштија |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | Било која |
| **Времетраење** | 50 минути |
| **Преглед** | • Во оваа активност со дискусија луѓето буквално застануваат зад своите мислења. |
| **Поврзани права** | • Сите |
| **Цели** | • Да се разберат разликите меѓу граѓанските и политичките права,и социјалните и економските права<br>• Да се користат и развиваат вештини за дискусија и аргументација<br>• Да се поттикне почит и отвореност |
| **Материјали** | • Една копија од листот со изјавите<br>• Големи листови хартија или флипчарт хартија, пенкала<br>• Конец или креда (опционално)<br>• Копии од поедноставената УДЧП на страница 600 (опционално)<br>• Простор за луѓето да се движат |
| **Подготовка** | • Подгответе 2 постери - една реченица: „Се согласувам“, а другата реченица, „Не се согласувам“ - и залепете ги на подот на спротивните краеви на просторијата, така што луѓето можат да формираат права линија меѓу нив.(Можеби ќе сакате меѓу нив да нацртате линија со креда или да користите конец)<br>• Информирајте се за тоа зошто луѓето зборуваат за „генерации на права“ и двете категории на граѓански и политички, и социјални и економски права. (Видете ги советите за обучувачите подолу и Глава 4) |

Општи човекови права

Граѓанство и учество

Сиромаштија

Ниво 2

Која било

50 минути

## Инструкции

1. Започнете со многу краток вовед за разликите меѓу граѓанските и политичките права, и социјалните и економските права.
2. Користете 5 минути во бура на идеи на различните права кои ќе потпаднат под секоја категорија. Напишете ги правата на флипчартот под насловите, граѓански и политички права и социјалните и економски права.
3. Објаснете дека сега ќе прочитате низа изјави со кои луѓето можат да се согласуваат во поголема или помала мера.
4. Истакнете ги двете екстремни позиции - постерите во кои се наведува „Се согласувам“ и „Не се согласувам“. Објаснете дека луѓето може да заземат некоја точка долж (замислената) линија, но дека треба да се обидат да се позиционираат, колку што е можно, до луѓето чии погледи речиси се совпаѓаат со нивниот. Дозволена е кратка дискусија додека луѓето ги наоѓаат своите места!

5. Прочитајте ги изјавите по ред .
6. Стимулирајте размислување и дискусија. Прашајте ги оние на крајните точки да објаснат зошто ги зазеле овие екстремни позиции. Прашајте некој блиску до центарот дали нивната позиција укажува на недостаток на силно мислење или недостаток на знаење.
7. Дозволете им на луѓето да ја преместуваат позицијата додека ги слушаат коментарите на другите.
8. Кога ги поминавте изјавите, вратете ја групата повторно заедно за резимирање.

## Резимирање и евалуација

Започнете со разгледување на самата активност, а потоа продолжете да разговарате за тоа што луѓето научиле.
• Дали имало некакви прашања за кои луѓето сметале дека е невозможно да се одговорат - или поради тоа што било тешко да се донесе одлука, или поради тоа што прашањето било лошо формулирано?
• Зошто луѓето ја менува позицијата за време на дискусиите?
• Дали луѓето беа изненадени од степенот на несогласување за прашањата?
• Дали е важно ако не се согласуваме за човековите права?
• Дали мислите дека постојат „правилни" и „погрешни" одговори на различните изјави, или е тоа само прашање на лично мислење?
• Можно ли е некогаш сите да постигнат договор за човековите права?
• Дали постои фундаментална разлика помеѓу (првите) две „генерации" на човековите права: граѓански и политички права и социјални и економски права? Дали е можно да се каже кое од овие е поважно?
• Дали ни требаат повеќе права? Дали може да има трета генерација на права?

## Совети за обучувачите

Можеби ќе сакате побрзо да го започнете делот од активноста со позиционирање, без да дадете многу време за дискусија помеѓу различните точки, а потоа да одберете две или три изјави и подетално да ги разговарате со целата група. Но, вреди да се запре активноста на одредени места со цел да им се даде на луѓето можност да размислуваат и за некои од поентите и за нивната позиција во однос на другите.

Оваа активност ги опфаќа сите човекови права, но особено социјалните и економските права; на пример, правата на работа и слободно време, на здравствена заштита и на основен животен стандард.

Изјавите дадени подолу се дизајнирани да опфатат некои од дебатите што постојат во врска со разликата меѓу граѓанските и политичките права, од една страна, и социјалните и економските права од друга страна. Нема потреба на почетокот од активноста да се оди многу детално, бидејќи многу поенти ќе се појават во текот на дискусијата.

Сепак, две работи можеби вреди да се извлечат преку воведување. Прво, едноставната дистинкција дека граѓанските и политичките права се оние морални барања што му ги поставуваме на владите во врска со граѓанските и политичките прашања, како што е правото на правично судење, за гласање, за изразување на нечие мислење, итн; а социјални и економски права се оние барања кои се поврзани со социјалните и економските прашања - како што се бездомништво, несоодветна здравствена заштита, сиромаштија итн.

Втората поента е дека некои луѓе повлекоа фундаментална разлика помеѓу различните видови на права. Социјалните и економските права, се сметаат од многумина дека се помалку важни и/или потешки да се гарантираат отколку граѓанските и политичките права.

Во текот на бурата на идеи, можеби ќе сакате да им дадете на учесниците копии од

поедноставената УДЧП од страна 600, за да ги поттикне нивните сеќавања; алтернативно, можете сами да прочитате на глас некои од членовите, и да ги замолете учесниците да ги стават во точната категорија. Членовите 16 и 22-29 генерално се сметаат дека се однесуваат на социјално-економските права.

## Варијации

Направете други изјави, или замолете ги членовите на групата да направат свои.

## Предлози за следни активности

Организирајте формална дебата за едно од прашањата, барајќи од луѓето однапред да ги подготват своите аргументи, а потоа гласајте на крајот од дебатата. Можете да поканите да присуствуваат други млади луѓе или членови од јавноста.

Знаењето за човековите права е важно, но исто така важно е да се биде активен граѓанин доколку правата треба да се заштитат. Можеби ќе сакате да ја пробате активноста, „Избори“, на страница 168. Таа го разгледува прашањето за убедување на другите кон вашето мислење.

Кога зборувате за човековите права, важно е да бидете свесни за зборовите кои ги користите и влијанието што тие го имаат. На пример, треба да размислите дали да кажете „геј“ или „хомосексуалец“,или дали да се користи терминот „лица со посебни потреби“, „хендикепирани лица“ или „лица со попреченост“. Групата може да разговара за прашањата на обичниот говор и политичката коректност преку активноста „Светла иднина“ во образовниот пакет „Сите различни - Сите еднакви“.

## Идеи за акција

Стапете во контакт со локална организација која работи на човекови права или социјална помош и најдете како можете да придонесете.

## Понатамошни информации

Поглавје 4 од прирачникот содржи основни информации за различните генерации на права, вклучувајќи и вовед во „третата генерација“ права.

**КЛУЧЕН ДАТУМ**

5 декември
Меѓународен ден на волонтери за економски и социјален развој

## Прилози

**Лист со изјави**

- Поважно е да имаш дом, храна и основни потреби отколку да можеш да кажеш што сакаш.
- Луѓето имаат должност да работат, но не и право.
- Најосновна одговорност на секоја влада е да осигура дека сите граѓани имаат доволно за јадење.
- Правото на „одмор и слободно време“ е луксуз што можат да си го дозволат само богатите луѓе.
- Не е работа на владата да осигура луѓето да не гладуваат – туку на народот!
- Начинот на кој одлучуваме да ги третираме нашите работници не е работа на меѓународната заедница.
- Сиромашните земји треба да се концентрираат на обезбедување на основен стандард на живеење за сите пред да се грижат за граѓанските и политичките права на нивните граѓани.
- Екстремната економска нееднаквост е прекршување на основните права.
- Социјалните и економските права го изразуваа идеалот за иднината, но светот не е подготвен да ги гарантира денес.
- Ако не може да се гарантираат правата, нема смисла да ги има.
- Некои права се поважни од другите.
- Некои луѓе, се разбира, имаат повеќе права од другите.
- Некои луѓе се без покрив над главата, бидејќи така сакаат да бидат.
- Богатите луѓе се посреќни од сиромашните луѓе.
- Невозможно е целосно да се искорени сиромаштијата.
- Ние не сме родени со права; ние ги добиваме.

Род

Дискриминација
и нетолеранција

Религија
и верување

Ниво 2

8+

25 минути

# Кои сме јас?

*Јас сум сите врски што ги градам со другите.*

Алберт Жакард

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Пол<br>• Дискриминација и нетолеранција<br>• Религија и верување |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | 8+ |
| **Времетраење** | 25 минути |
| **Преглед** | • Оваа активност вклучува buzz групи, бура на идеи групна дискусија за истражување на прашања за идентитетот, |
| **Поврзани права** | • Еднаквост во достоинството и правата<br>• Слобода од дискриминација<br>• Право на живот, слобода и лична безбедност |
| **Цели** | • Да се зголеми разбирањето на концептот на идентитетот и да се прошири свеста за себе<br>• Да се развијат комуникациски вештини<br>• Да се промовира солидарност и почит |
| **Материјали** | • Пенкала во баја и маркери, ако е можно различна боја за секој учесник<br>• Доволно хартија, по еден лист за секого<br>• Флипчарт хартија и маркери |

## Инструкции

1. За да се загреете, замолете ги луѓето да направат парови за да формираат buzz групи. Замолете ги да се преправаат дека не се познаваат и да се претставаат меѓусебно.
2. Сега побарајте од луѓето да размислат што е интересно или важно да се знае за некој друг кога за првпат ќе се сретнете и размислувајте за општите категории на информации. На пример, име, возраст, пол, националност, семејна улога, религија, возраст, род, етничка припадност, работа/студија, вкус во музиката, хоби, спорт, општо што му се допаѓа и не му се допаѓа и друго.
3. Сега објаснете дека учесниците ќе откријат колку секој од нив има заедничко со другите во групата. Разделете ја хартијата и пенкалата и објаснете дека првиот чекор е секој од нив да нацрта презентација на нивниот идентитет. Треба да мислат за себе како ѕвезди; аспекти на нивниот идентитет зрачат од нив во нивното општество. Прашајте ги луѓето да размислат за осум до десет најважни аспекти на нивниот идентитет и да ја нацртаат својата лична ѕвезда.
4. Кажете им на луѓето да одат наоколу и да ги споредат нивните ѕвезди. Кога ќе најдат некој друг со кого делат зраци или зрак, треба да го напишат името на таа личност во близина на зракот. (На пример, ако Јан и Парвез имаат зрак „рапер“, тие треба да го запишат името на другиот на тој зрак). Дозволете 15 минути за ова.
5. Сега вратете се заедно и побарајте од луѓето да разговараат за тоа како беше и тоа секој од нив индивидуално. Може да прашате:
   • Кои заеднички аспекти на идентитетот ги имаат луѓето, а кои се уникатни?
   • Колку слични и колку различни се луѓето во групата? Дали луѓето имаат повеќе заедничко едни со други отколку што имаат разлики?

6. Конечно, направете групна бура на идеи во врска со аспектите на идентитетот што луѓето ги избираат и оние со кои тие се родени. Напишете ги во две колони на флипчарт.

### Резимирање и евалуација

Сега продолжете да разговарате за она што луѓето го откриле за себе и едни за други и импликациите за човековите права.
• Што научиле луѓето за себе? Дали беше тешко да се одлучите кои беа десетте најзначајни аспекти на нивниот идентитет?
• Дали луѓето беа изненадени од резултатите од споредувањето на ѕвездите? Дали имаа повеќе или помалку заеднички работи отколку што очекуваа?
• Како луѓето се чувствуваа во врска со разновидноста во групата? Дали чувствуваа дека тоа ја направи групата да биде поинтересна, или тоа ја направи групата потешка за да се биде или да се работи заедно?
• Дали имало аспекти од идентитетот на другите луѓе за кои учесниците се чувствувале силно решени да реагира и да кажат: „Јас не сум“? На пример, не сум фудбалски навивач, не сум фан на техномузика, не сум љубител на кучиња, не сум хомосексуалец или не сум христијанин.
• Како се развива идентитетот? Кои аспекти се социјални конструкции, а кои се наследени и фиксни?
• Особено, во однос на родовите прашања, кои аспекти се социјални конструкции а кои се наследени и фиксни?
• Дали учесниците напишале „жена“ или „маж“? Што луѓето подразбираат под зборовите „жена“ и „маж“? Дали асоцијациите се исти за двата пола и за сите мажи и за сите жени?
• Колку за луѓето се суди според нивниот индивидуален идентитет и колку според групата на која тие ѝ припаѓаат?
• До кој степен луѓето имаат слобода да го изберат својот идентитет? Кои се импликациите за себе и за нивното општество, а особено за човековите права на еднаквост и почит?

## Совети за обучувачите

Името на оваа активност не е погрешно! Има намера да ги збуни учесниците. Ако сакате во позаднина да свири некаква музика додека ја играте оваа игра, можете да ја користите песната на Френк Запа: “You are what you is“ („Вие сте она што си“).

За време на загревањето можеби ќе сакате да им дадете на учесниците совет да размислат за правилните стихови. Можете да се дадете себе како пример или да користите имагинарна личност како во примерот.

Целта да му се даде пенкало со различна боја на секој учесник е да им се даде на луѓето идеја дека секој е единствен и дека групата е составена од виножито од идентитети. Ако имате голема група и ако двајца или повеќе луѓе треба да делат исто пенкало по боја, замолете ги да користат различни стилови на пишување.
Ако сакате, можете да ја направите активност пософистицирана со тоа што ќе им сугерирате на луѓето да ги нацртаат нивните лични ѕвезди со подолги или пократки зраци или зраци според тоа колку јавен или приватен е некој аспект од нивниот идентитет. Подолгите зраци стигнуваат подалеку во општеството, па зарди тоа се повеќе јавни.
Некои од следниве точки би можеле да се појават во финалната бура на идеи (во чекор 6):
• Аспекти на идентитетот кои можам да ги изберам: име, пријател, работа, членство во политичка партија, омилена музика, стил на облека, фудбалски тим кој го поддржувате, каде живеете,
• Аспекти на идентитетот со кој јас сум роден: пол, возраст, висина, боја на очите,
• Ќе има некои аспекти на идентитетот кои може да предизвика контроверзи, на пример, националност, род и сексуалност, религија, припадност на малцинство.

Дискусијата за тоа како се развива идентитетот и кои аспекти на идентитетот се социјални конструкции, а кои се наследени и фиксни, исто така, ќе биде контроверзна, особено онаа што се однесува на религија и род. Вреди од учесниците да се побара да го разгледаат сопствениот

КЛУЧЕН ДАТУМ

10 октомври
Светски ден на менталното здравје

процес на растење и како одредени аспекти на нивниот идентитет се менувале со текот на годините, можеби дури и тие аспекти од нивниот идентитет за кој мислеле дека се фиксни.

Можеби ќе сакате да извлечете некои заклучоци од дискусиите, на пример, дека сите сме човечки суштества кои имаме права кои не можат да нѝ бидат подарени или одземени независно од расата, бојата, имотот, раѓање или друг статус.

## Варијации

Во точка 3 од инструкциите, замолете ги учесниците, во центарот на нивната ѕвезда, да нацртаат автопортрет или да залепат  фотографија од себе како дете.

Ако имињата од ѕвездите се изоставени, тогаш учесниците може да се обидат да погодат која ѕвезда на кого припаѓа.

## Понатамошни информации

Едукативниот пакет на Советот на Европа „Сите различни– сите еднакви “ содржи богатство на информации и повеќе активности кои се занимаваат со прашања за идентитетот.

## Предлози за следни актвности

Правете ја оваа вежба со вашите пријатели, колегите и семејството.

Оваа активност може да послужи како почеток за многу други дискусии, на пример, прашања за универзалноста на човековите права, дискриминацијата и ксенофобијата, детските права и државјанство.

Ако групата сака да ги разгледува понатаму прашањата за идентитетот и родовите прашања, може да ужива во активноста, „Хероини и херои“, на страница 190.

Ако сакате да се движите од разгледување на идентитетот до правата на поединецот, до еднаквост во достоинството и до човековите права воопшто, тогаш имаме еден предлог- може да се игра играта „Нацртај го зборот“, на страница 160.

Ако групата е мултикултурна и сакате да ја поттикнете љубопитноста на учесниците за нивните различни култури, тогаш добра следна активност е „Мојата приказна“ од едукативниот пакет „Сите различни – сите еднакви“.



# Работа и бебиња

*Дали сакате работа? Тогаш не планирајте да имате деца!*

| | |
|---|---|
| **Теми** | • Работа<br>• Пол<br>• Дискриминација и нетолеранција |
| **Ниво на сложеност** | Ниво 2 |
| **Големина на групата** | 10 - 25 (мали групи: 5) |
| **Времетраење** | 90 минути |
| **Преглед** | Ова е активност со играње на улоги која се занимава со прашања за<br>• Репродуктивни права на работното место<br>• Дискриминација на жените на работното место |
| **Поврзани права** | • Право на работа која се посакува и приклучување во синдикат<br>• Право на брак и семејство<br>• Слобода од дискриминација |
| **Цели** | • Да се развие знаење за женските репродуктивни права<br>• Да се развијат вештини за критичко размислување и дискусија<br>• Да се поттикне отвореност на умот и чувство на правда и социјална одговорност |
| **Материјали** | • Голем лист хартија, флипчарт хартија или табла, маркер<br>• Простор за работа со мала групи и играње на улоги<br>• Реквизити за играње улоги, маса и столчиња, пенкало и хартија |
| **Подготовка** | • Копија од сценариото ставете на таблата или на големо парче хартија или на флипчарт хартија. |

**Работа**

**Род**

**Дискриминација и нетолеранција**

**Ниво 2**

**10 - 25 ( мали групи 5)**

**90 минути**

## Инструкции

1. Објаснете дека активноста вклучува играње на улоги во врска со прашањата на репродуктивните права на жените на работното место. Направете кратка бура на идеи за репродуктивните права на жените за да се осигурате дека сите учесници го разбираат поимот.
2. Поделете ги учесниците во мали групи (максимум пет лица по група).
3. Прочитајте ја картичката со ситуација.
4. На учесниците, во нивните мали групи, дајте им дваесет минути за да одлучат за крајот на приказната и истиот да го развијат во улоги. Играњето на улоги треба да започне со средбата помеѓу Марија и г-дин Владсток и не треба да трае повеќе од пет минути.
5. Поканете ги сите мали групи да ја претставаат својата игра. Чувајте ги коментарите за во резимирањето.

## Резимирање и евалуација

Започнете со круг на повратни информации од секоја од малите групи за тоа како тие ги развиле нивните улоги како и коментарите од другите. Потоа продолжете да зборувате за импликациите

и што треба да се направи за дискриминацијата од овој вид.
• Дали некој беше изненаден од ситуацијата? Дали тоа се случува во вашата земја?
• Како групите одлучиле што треба да биде исходот?
• Дали завршетоците беа реални? Кои беа добри работи - и помалку добрите – за начините на кои Марија се справуваше со ситуацијата? Колку е тешко да се биде настојчив во такви ситуации наместо да се биде агресивен или покорен?
• Кои права ги имаат жените на работното место во вашата земја кога ќе забременат?
• Зошто компанијата би сакала да ѝ наметне на Марија таков услов? Дали е фер? Зошто не е ?
• Дали било повредено некое човеково право? Ако е така, кои од нив?
• Ако Марија беше маж, дали ќе се случеше истото? Зошто? Зошто да не?
• На кој начин мажите се разликуваат од жените во начинот на кој тие го перципираат ова прашање?
• Што треба да се стори за да се промовираат и заштитат женските репродуктивни права?

## Совети за обучувачите

Размислете дали да имате родова избалансираност во малите групи. Искуството покажува дека да се има групи од ист пол често доведува до повеќе провокативни завршетоци и побогата дискусија.

Учесниците можеби не се запознаени со терминот „репродуктивни права“ и можеби ќе треба да им помогнете со некои идеи за да добијат поширока слика.
Репродуктивните права го вклучуваат право на:
• Пријатна и исполнета сексуална врска без страв од инфекција и болест.
• Избор дали да се има деца или не.
• Грижлив сервис за планирање на семејството, поддржани од безбедна и со чувствителна услуга за абортус кој ја третира жената со достоинство и почит, и обезбедува приватност.
• Сексуално образование

Имајте на ум дека во резимирањето, прашањето во врска со прекршувањето на човековите права на Марија може да поттикнат контроверзни прашања за абортусот и за правото на жените да изберат наспроти правото на живот на фетусот. Ова е многу важно прашање. Тоа е особено важно за ОЧП (образованието за човековите права), затоа што бара од учесниците да бидат со отворени погледи, да ги стават настрана стереотипите и претходно заснованите мислења и да ги употребат нивните вештини за критичко размислување. Тоа е многу добра илустрација на инхерентната сложеност на човековите права. Ако прашањето се појави, можеби ќе сакате да размислите да го земете на разгледување во друга прилика како дискусија само за тоа право.

## Варијации

Користете ја техниката Форум Театар (видете на страница 70). Наместо да ги делите учесниците во мали групи, можете да почнете со двајца доброволци да ја играат Марија и г-дин Владсток, а со останатите од групата како набљудувачи. Потоа на места можете да ја прекинете презентацијата и да ги прашате набљудувачите да коментараат и да кажат што треба да се случи следно. Алтернативно, набљудувачите едноставно може да ги разменуваат местата со актерите за да развијат друг поглед и да го променат текот на играта на улоги.

Зошто да не додадете други ликови во ситуацијата? Можете да го вклучите сопругот на Марија, кој може да биде претставник на синдикатот, а играта на улога и може да оди подалеку од средбата со Одделот за човечки ресурси.

Слободно можете да ги прилагодите имињата на ликовите за да ги претставуваат вообичаените имиња во вашата земја.

Некои луѓе сметаат дека е тешко да се играат улоги, па наместо тоа можеби ќе сакате да го користите раскажувањето. Поделете ги учесниците во мали групи, дајте им примерок од приказната и побарајте од нив да разговараат и да напишат сопствен крај. Потоа, на пленарната сесија нека има фидбек и споредување на различните завршетоци.

## Предлози за следни активности

Ако сексуалното образование е дел од вашата наставна програма, прашајте го наставникот дали е можно тоа да ја вклучи активноста „Работа и бебиња“ во лекција. Алтернативно, активноста може да се направи во општествените предмети или во лекција од историја или како пропратна активност со настан кој го одбележува Денот на жената (8 март) или Меѓународниот ден на семејството (15 мај).

Групата може да направи некои истражувања за репродуктивните права во вашата земја. После тоа, може да направат интервјуа со жени и работодавачи за да дознаат како законот се спроведува во пракса.

Групата, исто така, може да го разгледа сексуалното образование кое се учи во нивната земја. Дали тоа ги покрива сите аспекти на репродуктивните права?

Ако сакате да истражите други видови на дискриминација на работното место, можеби ќе сакате да ја направите активноста, „Различни плати“, на страница 139.

## Идеи за акција

Поттикнете ги прашањата за репродуктивните права во вашето училиште или во советот на здружението.
Истражете кои локални невладини организации работат на женските репродуктивни права и учествувајте во нивните дебати и кампањи.

## Понатамошни информации

**Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените**

Покрај прашањата за граѓанските права, Конвенцијата, исто така, посветува големо внимание на највиталните грижи на жените, имено нивните репродуктивни права. Преамбулата го поставува тонот наведувајќи дека „улогата на жените во создавањето не треба да биде основа за дискриминација“.
Врската помеѓу дискриминацијата и женската репродуктивна улога е повторливо прашање на загриженост во Конвенцијата. На пример, членот 5 се залага за „правилно разбирање на мајчинството како општествена функција“, барајќи целосно споделена одговорност за одгледување на децата од страна на двата пола. Според тоа, одредбите за заштита на мајчинството и грижа за децата се наведуваат како суштински права и се вградени во сите области од Конвенцијата, без разлика дали се работи за вработување, семејно право, здравствена заштита или образование. Обврската на општеството се протега во понудување на социјални услуги, особено објекти за грижа на децата кои им овозможуваат на поединците да ги комбинираат семејните обврски со работата и учество во јавниот живот. Се препорачуваат посебни мерки за заштита на мајчинството и истите „нема да се сметаат за дискриминаторски“. (Член 4) Конвенцијата, исто така, го афирмира правото на жените за репродуктивен избор. Имено, тоа е единствениот договор за човекови права кој го споменува планирањето на семејството. Се наведува дека страните се должни да вклучуваат совети за планирање на семејството во образовниот процес (член 10.h) и да развијат семејни кодекси кои ги гарантираат женските права „да одлучуваат слободно и одговорно за бројот и растојанието од едно до друго дете и да имаат пристап до информации, образование и средства за да им овозможи да ги остварат овие права“ (член 16.е).

## Прилози

**Сценарио**

Марија е невработена речиси една година и бара работа. Пред десет дена отиде на интервју за нејзината работа од соништата - тоа беше токму она што таа го бараше! Сè помина добро и ѝ беше понудена позицијата. Компанијата побара од неа да оствари средба со г-дин Владсток, кадровски службеник, со цел да го потпише нејзиниот договор. За време на интервјуто, таа веќе имаше разговарано за нејзините задачи и други прашања поврзани со работата. Само што Марија ќе го потпишуваше договорот, г-дин Владсток рече дека услов за работата е потпишување на изјава дека нема да има бебе во следните две години.

КЛУЧЕН ДАТУМ

15 мај
Меѓународен ден на семејствата

www.un.org/womenwatch

# Календар на човековите права

Следниот календар е обид да се соберат во листа датумите на кои луѓето ширум светот ги одбележуваат човековите права; испочитувани се борци за права, има сеќавања на злоупотреби на човековите права, се слават надежи и радоста. Клучните датуми се прибавени од официјалните Меѓународни денови на ОН, Светските денови признати од невладини организации, годишнини на историски настани и родендени на некои истакнати активисти за човекови права. Таа не треба да се земе како целосна или дефинитивна листа, туку како почетна точка, а вие се охрабрувате да додадете ваши значајни датуми.

Календарот може да се копира и да се направи како постер за да се обеси на ѕид за да стимулира почетен интерес за прашања поврзани со човековите права, особено што дава добар показател за нивниот опсег и различност. Поканете луѓе да коментираат: Дали сите настани што се одбележуваат значат нешто за нив? Кои локални и националните клучни датуми тие би сакале да ги додадат?

Секоја активност во Поглавје 2 е доделена за клучен датум. Целта е календарот да може да се користи како алатка за развој на годишна програма за образование за човековите права. Почетокот на секоја недела или месец може да биде за „соодветна тематска" активност. На пример, на 3 мај, Светскиот Ден на слобода на печатот, можете да ја направите активноста „Насловна страница", или на 25 ноември, Меѓународниот ден за елиминирање на насилството врз жените, можете да ја направите активноста „Домашни работи". Алтернативно, групата можеби ќе сака да „преземе акција" со вклучување во настани или активности организирани од други организации на тие датуми, на пример со група за заштита на животната средина да го прославува Денот на планетата Земја на 22 април.

Ако сакате некои првични идеи за преземање акција, тогаш погледнете го „А-Ш за активности" во образованиот пакет „Сите различни - сите еднакви". За насоки и упатства за преземање на ефективна акција прочитајте го Поглавјето 3, „Преземање акција" во овој прирачник.

Како што разбирањето на човековите права се развива секоја година, така треба и овој календар. Предизвик за вас - корисниците на овој прирачник - е да пронајдете нови начини за славење на човековите права во секој ден од годината.

| Датум | Комеморација Сеќавање | Информации за датумот | Активности |
|---|---|---|---|
| 27 јануари | Меморијален ден на Холокаустот | 27 јануари ја одбележува годишнината од ослободувањето на Аушвиц-Биркенау, најголемиот нацистички логор на смртта. Во 2005 година, генералното собрание на Обединетите нации го назначи овој ден како Меѓународно ден за сеќавање на Холокаустот (IHRD), во чест на жртвите од нацистичката ера. | Етикети за спомени |
| Вториот вторник во февруари | Ден за побезбеден Интернет | Денот за побезбеден Интернет е организиран од страна на Insafe за да се промовира побезбедно и поодговорно користење на онлајн технологија и мобилни телефони, особено меѓу децата и младите | Мојот живот не е шоу! |
| 12 февруари | Ден на Црвената рака | Организации кои ја поддржуваат кампањата „Глобална црвена рака" за да го спречат користењето на деца-војници се: Хјуман рајтс воч, Амнести интернешнал, Младински Црвен крст Германија, Тере де Хомес и План Интернешнл | Фрлање камења |
| 21 февруари | Меѓународен ден на мајчиниот јазик | Од 1999 година УНЕСКО го промовираше овој ден за да поттикне широка и меѓународна заложба за промовирање на повеќејазичноста и јазичната разновидност, вклучувајќи го и зачувувањето на загрозените јазици. | Јазична бариера |
| 8 март | Меѓународен ден на жената | Меѓународниот ден на жената (8-ми март) е светски ден кој ги слави економските, политичките и општествените достигнувања на жените од минатото, сегашноста и иднина. Првиот МДЖ беше во 1911 година. ОН започна да го прославува Меѓународниот ден на жената во 1975 година. | Пат до земјата на рамноправноста |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 март | Светски ден против сајбер цензура | Светскиот ден против сајбер цензурата започна да се одбележува на 12 март 2009 година на барање на Репортери без граници и Амнести интернешенел. | |
| 18 март | Први парламентарни избори со универзално право на глас во Европа | Ова беше во Финска во 1917 година. | Да се гласа или да не се гласа? |
| 21 март | Светски ден на поезијата | Објавен од УНЕСКО во 1999 година. Целта на денот е да се промовира читање, пишување, објавување и поучување на поезијата. | |
| 21 март | Меѓународен ден за елиминација на расната дискриминација | На овој ден, во 1960 година, полицијата отвори оган и уби 69 луѓе на мирна демоснтрација во Шарпвил, Јужна Африка, против Апартхејдот „помине закони"". Прогласувајќи го Денот во 1966 година, Генералното собрание ја повика меѓународната заедница да ги засили своите напори да ги елиминира сите форми на расна дискриминација | Одговарајќи на расизмот |
| 22 март | Светски ден на водата | Првично формално предложен во Агенда 21 во 1992 година на Конференцијата на Обединетите нации за животна средина и развој (UNCED) во Рио де Жанеиро, Бразил. Одбележувањето започна во 1993 година и има за цел промовирање на свеста за степенот до кој развојот на водните ресурси придонесува за економската продуктивност и социјална благосостојба. | |
| 23 март | Светски ден на метеорологијата | Светската метеоролошка организација (СМО). Нејзината работа на прогнозирање на времето е важна во обезбедувањето безбедност на храната, водните ресурси и транспорт. | |
| 24 март | Светски ден на туберкулоза | На овој ден во 1882 година, д-р Роберт Кох го претстави своето откритие на ТБ бацил на група лекари во Берлин. Тој беше прогласен за официјален ден во 1992 година од страна на СЗО | |
| Вториот вторник во април | Европски ден на еднакви плати | Прогласен од BPW Европа (Бизнис и професионални жени). | Различни плати |
| 7 април | Светски ден на здравјето | Првпат прогласен во 1950 година од страна на Светската здравствена организација (СЗО) да ја подигне свеста за непотребно страдање и за напорите кои се потребни од сите за да се обезбеди живот и добро здравје. | Само една минута |
| 8 април | Светски ден на Ромите | Денот беше официјално прогласен во 1990 година за да ја слави ромската култура и да се подигне свеста за проблемите со кои се соочува Ромскиот народ. | Доста! |
| 23 април | Светски ден на книгата и авторските права | Со прославата на овој ден, УНЕСКО се обидува да го промовира читањето и објавување и заштита на интелектуалната сопственост преку авторските права. Денот за првпат беше прославен во 1995 година. Исто така познат како Светски ден на книгата. | |
| 28 април | Светски ден за здравјето и безбедноста при работа | Прогласен од Меѓународната организација на трудот (МОТ). | |
| 1 мај | Меѓународен Ден на работниците трудот | Исто така е познат како "Првомајски ден ". Тоа е прослава на Меѓународно движење на трудот. | Состанокот на синдикатот |
| Втора сабота во мај | Светски ден за праведна трговија. | Прогласен од Светската трговска организација за праведна трговија. | Внимавајте, ве набљудуваме |
| 3 мај | Светски ден на слобода на печатот | Прогласен од УНЕСКО во 1993 година за промовирање на слободата на медиумите во светот и да се препознае дека слободен, плуралистички и независен печат е суштинска компонента на секое демократско општество. | Насловна страница |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 мај | Денот на Европа (Совет на Европа) | Годишна прослава на мирот и единството во Европа. Постојат две посебни ознаки на Денот на Европа: 5 мај за Советот на Европа и 9 мај за Европската унија. | Сите еднакви - сите различни |
| 8 мај | Светски ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина | Светскиот ден на Црвениот крст се сеќава и ги признава напорите на Националниот Црвен крст и Црвена полумесечина ширум светот. | Бинго на правата! |
| 8-9 мај | Сеќавање и помирување за оние кои ги изгубиле своите животи во текот на Втората светска војна | Прогласен во 2004 година од страна на Генералното собрание на Обединетите нации да им оддаде признание за сите оние кои ги загубија животите во Втората светска војна. | Етикети за спомени |
| 15 мај | Меѓународен ден на семејствата | Прогласен во 1993 година од страна на Генералното собрание на Обединетите нации за да се зголеми свеста за семејни прашања | Работа и бебиња |
| 15 мај | Меѓународен ден на свесен отпор | Прогласен од страна на Меѓународниот отпор против војни да промовира ненасилна акција против причините за војна и да ги поддржува и поврзува луѓето низ светот кои одбиваат да учествуваат во војна или во подготовка на војна. | |
| 17 мај | Интернационален Ден против хомофобија и трансфобија | UNAID заедничка програма на Обединетите нации за ХИВ / СИДА. Координиран од Комитетот „IDAHO" во Париз. | Ајде да зборуваме за секс! |
| 17 мај | Светски ден на информатичкото општество | Прогласен од ОН во 2005 година за да се подигне глобалната свест за општествените промени предизвикани од Интернетот и новите технологии. Исто така има за цел да помогне во намалувањето на дигиталниот јаз. | Влијание на Интернетот |
| 21 мај | Светски ден за борба против тероризмот | Светскиот ден за борба против тероризмот е да се спротивстави на сите форми на тероризам и насилство. Тој беше иницирран во Индија бидејќи „илјадници млади се заведени секоја година во прегратките на терористички кампови и организации". | Тероризам |
| 21 мај | Светски ден за културна разновидност за дијалог и развој | Прогласена во 2002 година од ОН за заштита на културната разновидност како средство за постигнување на просперитет, одржлив развој и глобален мирољубив соживот. | Нашите иднини |
| 22 мај | Меѓународен ден на биолошката разновидност | Прогласен во 2000 година од Генералното собрание на ОН за промоција на прашања поврзани со биодиверзитетот. Денот претходно се обележуваше на 29 декември. | |
| 26 мај | Светски Ден на предизвикот | Организиран секоја година од страна на TAFISA (Асоцијацијата за меѓународен спорт за сите). Заедниците од целиот свет се натпреваруваат да мотивираат колку што е можно повеќе луѓе да бидат физички активни. | Спорт за сите |
| 28 мај | Европски ден на соседите | Спонзорирано од Советот на Европа. Целта е градовите и организациите за социјално домување да ги зајакнат локалните заедници со поттикнување забави во соседството и други слични настани. | Моќ на цвеќето |
| 29 мај | Меѓународен ден на Мировниците на Обединетите нации | Назначен во 2002 година од страна на ОН за да им оддаде почит на сите мажи и жени кои служеле во мировните операции на ОН за нивното високо ниво на професионализам, посветеност и храброст, и да го почитува сеќавањето на оние кои ги загубија своите животи заради мирот | |
| 31 мај | Светски ден без тутун | Започна во 1987 година од страна на СЗО за да се поттикне 24-часовен период на апстиненција од сите форми на тутун за да се привлече глобалното внимание за широката употреба на тутунот и здравствените ризици. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 јуни | Меѓународен Ден на невини деца жртви на агресија | Одбележуван уште од 1982 година за да ги признае и да ги потсети луѓето за страдањата на многу деца жртви на физички, ментални и емоционални злоупотреби и на потребата да се заштитат правата на децата. | Дали имаме алтернативи? |
| 5 јуни | Светски ден на животната средина | Востановен во 1972 година од страна на Генералното собрание на ОН за продлабочување на јавната свест за потребата за зачувување и подобрување на животната средина. | Прсти и палци |
| 12 јуни | Светски ден против детскиот труд | Меѓународната организација на трудот го започна првиот Светски ден против детскиот труд во 2002. | Приказната на Ашик |
| 17 јуни | Светски ден за борба против претварањето во пустини и суша | Прогласен во 1995 година од ОН за промовирање на свеста за потребата од меѓународна соработка за борба против претварањето во пустини и ефектите од суша, вклучувајќи и имплементација на Конвенцијата за борба против опустинувањето | |
| 20 јуни | Светски ден на бегалците | Прогласен во 2000 година од страна на Генералното собрание за одбележување на 50-годишнината од Конвенцијата од 1951 година во врска со статусот на бегалците. | Дали може да влезам? |
| 23 јуни | Ден на Обединети нации за јавен сервис | Назначен од ОН за да се потенцира придонесот на јавниот сервис во процесот на развој. | |
| 26 јуни | Меѓународен ден против Злоупотреба на дрога и недозволена трговија | Генералното собрание во 1987 година одлучи да го одбележи овој ден за зајакнување на дејствувањето и соработката за постигнување на целта на меѓународно општество без злоупотреба на дрога. | |
| 26 јуни | Меѓународен ден на Обединети нации за поддршка на жртвите на тортура | Прогласен во 1997 година од ОН, денот има за цел искоренување на тортурата и ефективното функционирање на Конвенцијата против тортура од 1984 година и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Денот  за прв пат беше одбележан на 26 јуни 1987 година. | Чахал против Велика Британија |
| Прва сабота во Јули | Меѓународен ден на соработка | Прогласен во 1992 година од страна на Генералното собрание на ОН. Датумот ја означува стогодишнината на Меѓународната асоцијација за соработка, признавајќи дека соработките  се неопходен фактор во развојот | |
| 11 јули | Ден на светското население | Прогласен во 1989 година од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) да го фокусира вниманието на итноста и важноста на проблемите на населението. | |
| 18 јули | Меѓународен ден на Нелсон Мандела | Во 2009 година, Обединетите нации го прогласија 18 јули „Меѓународен ден на Нелсон Мандела“, во знак на признание на поранешниот јужноафрикански претседател за придонесот на културата на мирот и слободата. | Хероини и херои |
| 2 август | Ден на сеќавање на геноцидот врз Роми и Синти | Датумот означува ликвидација на таканаречениот „Цигански семеен камп“ кога нацистите убиле речиси три илјади мажи, жени и деца во гасните комори во Биркенау во ноќта на 2/3 август 1944 година. | |
| 6 август | Ден на Хирошима | Овој ден е во сеќавање на жртвите од првото атомско бомбардирање во Хирошима, Јапонија во 1945 година. | |
| 9 август | Меѓународен ден од домородните луѓе | Прогласен во 1994 година од страна на Генералното собрание за промовирање и заштита на права на домородната популација во светот. | Ловење на китови |
| 12 август | Меѓународен ден на младите | Назначен во 1999 година од страна на ОН за да привлече внимание кон младинските прашања ширум светот. | Нашите иднини |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 23 август | Меѓународен ден за сеќавање на трговијата со робје и негово укинување | Денот назначен од УНЕСКО во сеќавање на трансатлантската трговија со робови.<br>Го одбележува востанието на 23 август 1791 година, кога робови од Санто Доминго во Карибите започнаа востание, што на крај доведе до Револуцијата на Хаити и ја промовираше причината за човековите права. | Временски рамка |
| 23 август | Европски ден во сеќавање на жртвите на Сталинизамот и Нацизмот | Прогласен од Европскиот парламент во 2008 година. | |
| 8 септември | Меѓународен Ден на писменоста | Прогласен од УНЕСКО, за прв пат беше прославен во 1966 година. Целта му е да се потенцира важноста на писменоста на поединците, заедниците и општествата. | Образование за сите? |
| 15 септември | Меѓународен ден на демократијата | Прогласен во 2007 година од ОН. | Поврзување |
| 19 септември | Ден на правото на глас | Денот во 1893 година кога Нов Зеланд им дал на жените право на глас, прва земја во светот што го спроведе универзалното право на глас | Избори |
| 21 септември | Меѓународен ден на мирот | Прогласен во 1981 година од страна на Генералното собрание на ОН да се почитува како ден на глобален прекин на огнот и ненасилство, покана за сите народи и луѓе да го чествуваат прекинот на непријателството во текот на денот. | Џамија во Слипивил |
| 28 септември | Ден на правото да се знае | Востановена преку пристап до информации се залага од целиот свет.<br>За прв пат беше прославен во 2003 година за да се подигне свеста за правото на секој поединец за пристап до информации кои ги поседува владата. | На скалата |
| Прв понеделник во октомври | Светска ден на живеалиштата (градови без сиромашни квартови) | Ден признат од Обединетите нации. Прв пат се слави во 1986 година. Целта на денот е да се размислува за состојбата на нашите големи и помали градови за основното човеково право на соодветно засолниште. | Приказна за два града |
| Втора среда во октомври | Меѓународен ден за намалување на природните катастрофи | Назначен во 2002 година од страна на ООН за промовирање на глобална култура на намалување на природните катастрофи, вклучувајќи превенција, ублажување и подготвеност. | Мрежа на животот |
| 1 октомври | Меѓународен ден на постарите лица | 1990 Генералното собрание на ОН го воспостави овој ден за да ја подигне свеста за прашања кои ги засегаат старите лица и да се ценат придонесите што постарите луѓе ги прават за општеството | |
| 1 октомври | Меѓународен ден на музиката | Инициран во 1975 година од страна на Меѓународниот музички совет за промовирање на музиката помеѓу сите делови на општеството. | |
| 2 октомври | Меѓународен ден на ненасилство | Меѓународниот ден на ненасилството на ОН промовира ненасилство преку едукација и јавна свест. Тоа се совпаѓа со роденденот на индискиот лидер Махатма Ганди. | Насилство во мојот живот |
| 5 октомври | Светски ден на наставниците | Воспоставен во 1994 година од страна на УНЕСКО за мобилизирање на поддршка за наставниците и за да осигураат дека наставниците ќе ги исполнат потребите на идните генерации. | Наскоро ќе бидат застарени |
| 7 октомври | Светски ден за пристојна работа | Започнат во 2008 година од страна на Меѓународната конфедерација на синдикати, ова е ден кога синдикатите во светот се залагаат за пристојна работа. | Јас сакам да работам |
| Втор четврток во октомври | Светскиот ден на видот | Светската здравствена организација: ден на свесност за фокусирање на глобалното внимание на слепило, оштетување на видот и рехабилитација на лицата со оштетен вид. | Промени ги твоите очила |
| 10 октомври | Светски ден против Смртна казна | Организиран од 2002 година од страна на Светската коалиција против смртната казна | Кога ќе дојде утре |
| 10 октомври | Светски Ден на менталното здравје | Прв пат прославен во 1992 година на иницијатива на Светската федерација за денот на менталното здравје. | Кои сме јас? |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Неделата што го вклучува 15 октомври | Европска локална недела на демократијата | Промовиран од Советот на Европа. Целта е да се поттикне познавањето на локалната демократија и да се промовира идејата за демократско учество на локално ниво. | Да се чуе сечиј глас |
| 16 октомври | Светски ден на храната | Прогласен во 1979 година од страна на Обединетите нации за зголемување на јавната свест за светскиот проблем со храната и зајакнување на солидарноста во борбата против глад, неухранетост и сиромаштија | Направи еден чекор напред |
| 17 октомври | Меѓународен ден за искоренување на сиромаштијата | Објавен во 1992 година од страна на Генералното собрание за промовирање на свеста за потребата да се искоренат сиромаштијата и безнадежноста во сите земји, особено во земјите во развој. | Трка за богатство и моќ |
| 24 октомври | Ден на Обединетите нации | Прогласен во 1947 година како годишнина од Повелбата на ООН. Денот „ќе биде посветен на тоа да ги запознае народите на светот со целите и постигнувањата на Обединетите нации и да ја добијат нивната поддршка за нејзината работа“. | |
| 24-30 октомври | Недела на разоружувањето | Во 1978 година ОН прогласија Недела за разоружувањето за да ја нагласат опасноста од трката за вооружување, пропагира потреба за нејзино прекинување и јакнење на јавното разбирање на итните задачи на разоружување. | |
| 25 октомври | Меѓународен ден на уметниците | Меѓународниот ден на уметниците е движење покренато од луѓето. 25 октомври беше роденден на Пикасо. | Играње со слики |
| 3 ноември | Светски ден на мажите | Меѓународниот ден на мажите започна во 1999 година во Тринидад и Тобаго. Тој е поддржана од ОН. Има за цел да се фокусира на здравјето на мажите и момчињата, подобрување на родовите односи, промовирање на родова еднаквост и истакнување на позитивни модели на машки улоги. | Пат до Земјата на рамноправноста |
| 4 ноември | Европска Конвенција за човекови права | Европската конвенција за човекови права беше потпишана на овој ден во 1950 година | Електрична централа |
| 6 ноември | Меѓународен ден за спречување експлоатација на животната средина во војна и вооружен конфликт | Овој ден беше прогласен од страна на ОН во 2001 година за промовирање на заштитата на нашето заедничко окружување во време на вооружен конфликт, кога екосистемите и природните ресурси се уништени уште долго после периодот на конфликтот, протегајќи се надвор од националните територии и сегашната генерација | |
| 9 ноември | Меѓународен ден против фашизмот и антисемитизмот (Kristallnacht) | На овој ден во 1938 година, нацистите започнаа погрома против Евреите. Еврејските продавници (ноќ на искршени стакла). Денот е признат од Советот на Европа. | |
| 9 ноември | 1989 Падна Берлинскиот ѕид | Овој ден го симболизира почетокот на распаѓањето на бариерите помеѓу Западна и Источна Европа. | |
| 11 ноември | Меѓународен ден на науката и мирот | Востановен од УНЕСКО во 2001 година за зајакнување на јавната свест за улогатана науката за мирни и одржливи општества; ја промовира националната и меѓународната солидарност за заедничка споделена наука меѓу земјите. | |
| 16 ноември | Меѓународен ден за толеранција | Прогласен од УНЕСКО во 1995 година за да генерира јавна свест за опасностите на нетолеранција | Верници |
| 18 ноември | Ден против трговија со луѓе | Воспоставен во 2007 година по препорака на Европскиот парламент; тоа е можност за подигање на свеста за потребата за подобра политика насочена кон спречување и борба против трговијата со луѓе. | |
| 20 ноември | Меѓународен ден на децата | Објавен од страна на ОН во 1954 година да се почитува како ден на светско братство и разбирање меѓу децата, и на активности кои ја промовираат благосостојба на децата во светот. | Детски права |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21 ноември | Светска ден на телевизијата | Прогласен од ОН во 1996 година за поттикнување на глобалната размена на телевизиските програми фокусирани на прашања како што се мир, безбедност, економски и социјален развој и подобрување на културната размени. | Игри со слики |
| 25 ноември | Меѓународен ден за елиминација на насилството против жените | Женските активисти го одбележаа 25-ти ноември како ден против насилството од 1981 година. Во 1999 година беше прогласен за Ден на ОН за подигнување на јавната свест и „да се каже Не на насилство врз жените“. | Домашни работи |
| 29 ноември | Меѓународен ден на солидарност со Палестинските луѓе | Побаран во 1977 година од страна на ОН да покажат солидарност преку организирање на изложби за Палестински права или други културни настани | |
| 1 декември | Светски ден за борба против СИДА-та | Објавен од ОН (СЗО) во 1988 година, како загриженост за пандемиските размери на синдромот на стекната имунодефициенција (СИДА). | Пристап до лекови |
| 2 декември | Меѓународен ден за укинување на ропство | Потсетува  на датумот во 1949 година на усвојување на Конвенцијата на ОН за забрана на трговија со лица и експлоатација на други. | |
| 3 декември | Меѓународен ден на лицата со попреченост | Објавен во 1992 година од страна на ОН за подигнување на свеста и донесување мерки да се подобри состојбата на лицата со попреченост и да им се обезбедат еднакви можности. | Видете ја способноста! |
| 5 декември | Меѓународен ден на волонтери за економски и социјален развој | Објавен во 1985 година од страна на ОН за да се зголеми свеста за придонесите направени од волонтерските услуги, а со тоа да се стимулираат луѓето во сите сфери на животот да ги нудат своите услуги како волонтери, и дома и во странство. | Каде стоиш  ти? |
| 9 декември | Меѓународен ден на борба против корупцијата | Објавено во 2003 година од страна на ОН за подигнување на свеста за корупцијата, да престанат да ја прифаќаат корупцијата како неизбежен факт на животот и да го идентификуваат како еден од главните пречки за развој. | |
| 10 декември | Ден на човековите права | Сите држави и заинтересирани организации беа поканети од Генералното собрание на ОН во 1950 година да го чествуваат овој ден за да ја одбележат годишнината од усвојувањето на Универзалната декларација за човекови права од Собранието во 1948 година. | Нацртајте го зборот-игра, Да одглумиме, Борци за права |
| 18 декември | Меѓународен денот на мигрантите | Објавено во 2002 година од страна на ОН за да се обезбеди почитување на човековите права и основните слободи на сите мигранти. | 3 работи |
| 20 декември | Меѓународен ден на човековата солидарност | Иницијатива во борбата против сиромаштијата од страна на ООН во 2005 година за прослава на нашето единство во разновидноста и промовирање на солидарност за постигнување на Милениумски развојни цели | Колку нам ни е потребно ? |

# Игри за загревање

*Почетокот е половина од секоја работа.*

Грчка поговорка

Општи човекови права

Ниво 2

15 минути

**Теми** • Општо човекови права

**Ниво на сложеност** Ниво 2

**Времетраење** 15 минути

**Преглед** Стартерите опишани подолу не само што помагаат да се создаде позитивна групна атмосфера ами исто така имаат функција да ги претстават идеите за човековите права на забавен начин

**Поврзани права** • Сите

**Цели**
• Да се разбуди љубопитноста за идеите за човековите права
• Да се развие соработка
• Да се поттикне креативноста, да енергизира и мотивира

# Компас е повеќе од книга.

Ова е невербална вежба и забавен начин да се претстави Компас на нова публика.

## Инструкции

1. Ставете копија од Компас на подот и замолете ги учесниците да застанат околу него во круг.
2. Објаснете дека ова е активност со мимика и дека учесниците мора со мимика да претстават дејство користејќи го Компас на било кој начин –само не како да е книга! Остатокот од групата треба да погоди што претставува книгата.
3. Демонстрирајте со подигање на книгата и велејќи: „Ова не е книга ... што е ова?“ Потоа преправајте се дека јадете сендвич. Кога некој ќе погоди „сендвич“, ставете ја книгата назад на подот и вратете се на вашето место во кругот.
4. Нека учесниците со мимика претстават нешто еден по еден. Нека се инспирираат едни со други со идеи и нека истапат напред кога се подготвени.

## Совети за обучувачите

Овој метод исто така може да се користи кога започнува оценувањето на активностите и методите за време на курсот за обука.

# Седни на стол!

Оваа активност ја поттикнува самодовербата да се изрази мислење во текот на претставувањето со различни прашања од човековите права.

**Материјали**
• Простор
• Столици, по една за учесник плус една екстра
• Подготвени изјави

## Инструкции

1. Замолете ги сите да седнат на стол во круг. Треба да има еден дополнителен, празен стол.
2. Прочитајте ја првата изјава и кажете им на оние кои се согласуваат со изјавата брзо да ги променат местата и да седнат на друг стол. Оние кои не се согласуваат треба да останат каде што седат. Секој кој не може да одлучи треба да стане, да се сврти еднаш и повторно да седне.

## Совети за обучувачите

Овој мразокршач е забавен и добар сам по себе. Вие би можеле да ја прекинете активноста прашувајќи каква врска имаат изјавите со човековите права; сепак, ова е мразокршач,па не започнувајте некакви дискусии.

Како алтернатива, сепак, методот може да се користи за да се воведе детална дискусија. Во овој случај треба да се фокусирате на вашите цели и да се осигурате дека изјавите што ги користите ќе ги постигнат тие цели. Можете да прашате за различните реакции на учесниците на изјавите и од каде тие различни верувања доаѓаат.

Друга опција, ако работите на одредена тема, е да ги замолите учесниците да напишат свои изјави на парчиња хартија; а тие потоа можат да се стават во шапка или кутија и да се прочитаат.

Можете да изберете изјави од следната листа или листата нека ве инспирира да направите сопствени изјави:

- Да се има лоша репутација е полошо за девојчињата отколку за момчињата.
- Прифатливо е младите жени да не ги отстрануваат влакната од телото.
- Погрешно е што продавниците продаваат гаќи „танга“ за деца.
- Прифатливо е младите жени и младите мажи да бидат добри пријатели.
- Жените се подобри во готвење од мажите.
- Хомосексуалците и лезбејките треба да имаат право да стапат во брак.
- Ако мојот пријател ми кажа дека бил/а хомосексуалец, сепак ќе бидам пријател со него/неа.
- Само слаби девојки можат да бидат убави.
- Убавината доаѓа однатре.
- Веќе во детството, девојките се подобри при шиење, а момчињата се подобри во механика.
- Понекогаш за силувањето е виновно девојчето/жената.
- Мажествено е да имаш мускули.
- Мажите се добри во покажување на нивните чувства.
- Имигрантите секогаш работат напорно затоа што така треба да биде.
- Балетот не е прифатливо занимање за мажи.
- Природно е мажите да ја преземат контролата и да водат.
- Машки претседател/премиер е подобар од женски.
- Мажот не треба да заработува помалку пари од неговата сопруга.
- Да им кажете на вашите пријатели дека се плашите од нешто, открива слабост.
- Да зборувате за чувствата не е машка работа.
- Љубовта избледува со текот на времето.
- За секс е потребна љубов.
- Ставовите на возрасните за сексот се старомодни.
- Можете да најдете добар совет за сексот во порнографски списанија.
- Можете да најдете добри совети за сексот во тинејџерските списанија.
- Сите луѓе имаат еднаква вредност.

# “Јас сум добар/а во ….”

Оваа активност има за цел да ја промовира самодовербата додека демонстрира разновидност и солидарност во групата.

### Инструкции

1. Замолете ги сите да застанат во многу широк круг.
2. Поканете некој (било кој) да направи чекор во кругот и да каже нешто добро.
3. Сега кажете им на  остатокот од групата да направат чекор напред, да го повторат името на учесникот и да кажат во што е тој/таа добар/а.
4. Сега покани некој друг да го направи истото и да направи уште еден чекор напред.

### Совети за обучувачите

Направете го почетниот круг колку што е можно поголем, така  што да постои простор за секој нареден круг затоа што кругот постепено се намалува. На крајот, учесниците ќе стојат многу блиску еден до друг.

# Мирниот Мартин и веселата Весна

Користете ја оваа активност со луѓе кои се среќаваат за прв пат. Покрај што се запознава со нивните имињата, таа промовира солидарност и почит.

### Инструкции

1. Замолете ги сите да застанат во круг.
2. Поканете едно лице (било кое) да го каже своето име (на пример,Мартин).
3. Замолете го остатокот од групата да размисли за позитивни придавки кои почнуваат со истата буква, а тоа е М.
4. Побарајте од Мартин да избере еден од предлозите.
5. Сега поканете го лицето кое стои десно од  Мартин да рече: „Здраво мирен Мартине. Моето име е ... (на пример, Весна)“.
6. Замолете ја групата да најде придавка за Весна (на пример, весела).
7. Сега прашајте го следното лице да каже: „Здраво мирен Мартине и весела Весна, моето име е ...“
8. Продолжете во кругот додека не се претстават сите.

### Совети за обучувачите

Важно е да се запамети дека фокусот е на позитивните придавки кои почнуваат со истата буква како името на личноста, а не на наоѓање на придавки кои всушност ги опишуваат лицата.
На секој учесник останува да си избере своја придавка од оние кои ги предложиле другите учесници.
Како обучувач, треба да бидете подготвени да предложите позитивни придавки за кое било од имињата, во случај никој друг да нема идеја.
Забавна варијанта е секоја личност да избере активност кога ќе го каже своето име. На пример, Мартин  би можел да се погали по главата. Тогаш групата ќе мора да се сеќава на секое име, акција и придавка.

# Јазли

Оваа активност вклучува соработка и симболизира заедничка работа за изнаоѓање решенија за проблемите.

## Инструкции

1. Побарајте од учесниците да направат мали групи од по 6-8.
2. Кажете им на сите да стојат рамо до рамо во круг, со рацете испружени нанапред пред нив.
3. Тие сега треба да се посегнат и да ги фатат рацете на другите. Условите се дека: а) две лица не може да ги држат двете раце еден со друг и б) никој не треба да ја држи раката на некој кој е веднаш до него. (Резултатот е нешто што изгледа голем јазол од раце!)
4. Сега кажете им на учесниците да го расплеткаат јазолот без да ги пуштат рацете.

## Совети за обучувачите

Учесниците ќе треба да се искачат над и под своите раце. Потребно е малку трпеливост, но изненадувачкиот резултат ќе биде еден или два големи круга.

Оваа активност функционира добро како забавен начин за енергизирање. Ако сакате да направите поента, тогаш можете да ги прашате групите како се чувствувале кога првпат го направиле јазолот: Дали изгледало како луда или безнадежна задача да го отплеткаат јазолот? Кога ја завршија задачата, дали беа изненадени од таквиот резултат? Може да продолжите и да кажете дека треба да се сетат на зборовите на Махатма Ганди, „разликата помеѓу она што ние го правиме и она што сме способни да го правиме би било доволно за да ги решиме повеќето од светските проблеми“.

# Точки надолу

Оваа енергизирачка активност промовира соработка и вештини за донесување одлуки во групи. Таа вклучува близок физички контакт.

## Инструкции

1. Објаснете им на групата дека во оваа игра има девет „точки “ од телото со кои може да го допрат подот: 2 стапала, 2 раце, 2 лакти, 2 колена и 1 чело.
2. Кажете им на учесниците да се рашират во средината на собата. Кажете број помеѓу 1 и 9 и кажете дека секој играч мора да го допре подот со толкав број на точки. Повторете го ова уште два пати.
3. Кажете им на учесниците да најдат партнер. Кажете број помеѓу 2 и 18. Паровите мора да работат заедно за да ги ставаат точниот број на точки на подот. Повторете го ова уште два пати.
4. Повторете го со учесниците уште неколку пати во групи од 4, потоа 8, па дури 16 или сè додека сите работат заедно.

## Совети за обучувачите

Можете да им дозволите на луѓето да разговараат или ако сакате, да им дозволите да комуницираат само со знаковен јазик.
Кога четворица ќе играат заедно, најнизок број може да биде два, ако двајца застанат секој на по една нога додека ги носат другите двајца! Кога четири луѓе играат, најнискиот број е веројатно четири. (Најголем број ќе биде 4 x 9 = 36). Во секој круг највисокиот кажан број не може да биде поголем од 9 помножен со бројот на луѓе во групата!
Учесници нека работат брзо. Во поголеми групи има тенденција да потрае предолго заради тоа што треба да размислат кој треба со што да го доре подот. Најзабавно е со група од 8 обидувајќи се да допрат 6 или 8 (точки).

COMPASS

# Азбука на подот

Оваа енергизирачка активноста има добар ефект како активност за „добредојде“. Учесниците започнуваат да ги учат имињата еден на друг и од каде доаѓаат, без премногу зборување.
Исто така е добар стартер за дискусија за разновидноста и почитувањето на различноста.

## Подготовка

• Напишете ја секоја буква од азбуката на посебен лист хартија, А4 формат.

## Инструкции

1. Распредете ги буквите на подот без ред и побарајте од учесниците да формираат круг околу нив.
2. Објаснете дека ќе поставите некои прашања, на пример: Како се викате? Потоа, колку што можат побрзо , учесниците мора да ја најдат првата буква од нивното име и да го стапнат листот со прстите (од нозете ). На пример, Лора стои на буквата Л, Рада стои на буквата Р и така натаму.
3. Кога секој ја нашол својата буква, направете круг, буква по буква и побарајте од лицата брзо го кажат своето име.
4. Повторете го со други прашања.

## Совети за обучувачите

Распоредете ги буквите на широко, така да има многу простор околу секоја, бидејќи е многу веројатно дека повеќе од едно лице ќе треба да застане (стапне) на одредена буква. Всушност, забавата доаѓа ако повеќе од 3 луѓе се обидуваат да застанат на една буква, бидејќи тогаш треба да се држат едни со други.

Распространувањето на буквите по случаен избор значи дека учесниците си помагаат едни со други да ги пронајдат буквите.
Ако групата е интернационална, внимавајте околу изборот на азбука и бидете сигурни дека сите букви се лесни за разбирање и читање. Всушност, ако има еквивалентни букви од различни азбуки напишани на исто парче хартија, тоа ја подига љубопитноста.

Во зависност од големината на групата можете да направите повеќе или помалку кругови. Не дозволувајте одолговлекување.
Некои предлози за прашања вклучуваат:
• Како се викаш?
• Во која земја живеш?
• Во која држава сте родени?
• Која е вашата омилена храна/пијалок?
• Која е вашата омилена боја?
• Која е вашата омилена книга/вид на музика?
• Кое е вашето мото во животот?

## Понатамошни информации

Повеќе стартери ќе најдете на овие веб-страници:

• http://wilderdom.com/games/Icebreakers.html
• http://www1.umn.edu/humanrts/edumat/hreduseries/hrhandbook/activities/11.htm
• http://www.amnesty.ca/youth/youth_action_toolkit/icebreakers.php
• http://www.corrymeela.org/sitepage/icebreakers.aspx
• http://www.nationalserviceresources.org/taxonomy/term/183

Општи човекови права

Ниво 1

Која било

10 минути

# Активности за разгледување

*Ништо не е губење време ако мудро го користите искуството.*

Аугуст Роден

**Ниво на сложеност** 1

**Големина на групата** Било која

**Преглед**

Разгледувањето е суштински дел од циклусот на искуствено учење, кој е основа на пристапот користен во овој прирачник за образование за човековите права. Следниве активности се лесни и забавни начини да им помогнат на луѓето да научат од своите искуства.

Тие можат да се користат после правење на една активност од *Компас*, но тие не треба да го заменат деталното резимирање и евалуација.Тие се најкорисни на крајот на денот од обуката или на подолг период на обука за учесниците да размислат генерално за тоа што и како тие учат, и кога обучувачите сакаат да добијат некои брзи повратни информации.

**Поврзани права**

• Право, образование за човекови права
• Право на образование
• Право на учество

**Цели**

• Да се развие знаењето и разбирањето за прашања за човековите права преку искуство
• Да се развие критичко размислување
• Да ја негува навиката да се размислува за искуството како извор на учење
• Да се поддржи евалуацијата во процесот на учење

# Крај на играта

**Време**: 10 минути

## Инструкции

1. Накратко разговарајте за тоа што се случило на сесијата
2. Кажете им на учесниците да седнат во круг.
3. Изберете една од изјавите и замолете го секое лице по ред за да ја заврши изјавата. Коментари или дискусии не се дозволени.
4. Направете дополнителни кругови ако имате време или ако сакате да добиете дополнителни повратни информации.

## Совети за обучувачите

Примери на изјави:

• Најдоброто нешто во врска со активноста беше ..., а најлошото беше ....
• Најинтересно нешто беше ..., а најдосадното беше ....
• Она што најмногу ме навредува е ..., а она што најмногу го ценам е ....
• Најсмешната работа беше ..., а најсериозна работа беше ....
• Јас би сакал повеќе од ..., а помалку од ....

• Јас научив ... и сакам да научам повеќе за ....
• Сега сакам да ... и се надевам ....
• Јас разбрав ..., и ми треба ....
• Најмногу ме изненади ...
• Она што најмногу ми се допадна да го правам беше ... а она што најмалку ми се допадна да го правам беше ...
• Се чувствував најсигурно да правам ... а се чувствував најмалку сигурно да правам ....

Доколку има време, можете да добиете подлабоки повратни информации со тоа што ќе побарате од учесниците да ги кажат своите причини. На пример, „Најдоброто нешто беше ... бидејќи .... Најлошото нешто беше ... затоа што ....“

# Високо и ниско

Ова е многу брзо и корисно ако немате многу време !

**Време**: 2 минути

## Подготовка

• Размислете да поставите 3 или 4 прашања. На пример, Дали уживавте во активноста? Дали научивте нешто ново? Дали ќе можете да го користите тоа што го научивте во вашиот секојдневен живот?

## Инструкции

1. Објаснете дека ќе поставувате неколку прашања за тоа колку луѓето уживаа во сесијата и за тоа што научиле. Тие ќе ги даваат своите одговори невербално со користење на нивните тела. Ако сакаат да одговорат „да“, треба да ги кренат рацете над главата, а можеби дури и стојат на прсти ако нивниот одговор е многу позитивен. Луѓето кои силно не се согласуваат треба да клекнат долу или дури и да легнат долу на подот. Луѓето треба да си најдат свои меѓу-позиции за да го покажат нивното ниво на одговор.
2. Прочитајте го првото прашање и дајте им на луѓето една минута да заземат позиција.
3. Погледнете наоколу и направете (визуелна) ментална забелешка за одговорите на луѓето, но не барајте и не дозволувајте коментари.
4. Потоа, замолете ги учесниците да се релаксираат и прочитајте го следното прашање.

# Точки на гледање

Овој метод е брз и им дава можност на учесниците да дадат коментар, доколку сакаат.

**Време**: 20 минути

## Подготовка

• Размислете за 3 или 4 прашања што треба да ги поставите. На пример, Дали уживате во активноста? Дали научивте нешто ново? Дали ќе можете да го користите тоа што сте го научиле во вашиот секојдневен живот?
• Направи 4 знаци на А4 хартија: „Да“, „Не“, „Не знам“ и „Сакам да кажам нешто“. Нив залепете ги на четирите ѕидови во просторијата.

### Инструкции

1. Покажете ги знаците на четирите ѕидови и објаснете дека тие претставуваат четири различни точки на гледање. Објаснете дека само оние луѓе кои стојат покрај  ѕидот „Сакам да кажам нешто“ може да зборуваат.
2. Објаснете дека ќе прочитате едно прашање и дека учесниците треба да застанат покрај  ѕидот што го претставува нивниот одговор. Луѓето можат да  ја променат позицијата за време на вежбата.
3. Поставете го првото прашање за активноста.
4. Дајте им време да се позиционираат; потоа поканете ги оние кои сакаат нешто да кажат да искоментараат.

# Временска прогноза

Ова го користи времето како метафора за чувствата.

**Време**: 30 минути

### Материјали

• Хартија и моливи по избор

### Инструкции

1. Накратко објаснете дека тие ќе го користат времето како метафора за нивните чувства.
2. Дајте им на учесниците 5-10 минути да размислат за денот/обуката/проектот/работата во која се вклучени и да се запрашаат: дали досега, уживам во ова? Што добивам од ова? Дали ќе биде корисно?
3. Потоа прашајте ги еден по еден да опишат како се чувствуваат користејќи термини од временска прогноза.

### Совети за обучувачите

Дајте неколку примери кога ја објаснувате идејата за метафората. На пример, „Мојот ден започна со малку магла. Потоа, во доцните утрински часови имаше обилни дождови. Имаше неколку слаби врнежи попладне, но кон крајот на попладнето огреа сонце.“ Ова значи, започнав со малку колебање, или не бев многу сигурен, а потоа работите станаа  навистина тешки. Попладен работите се подобрија и сега на крајот се чувствувате како да сте научиле многу.

### Варијации

Учесниците може да го нацртаат својот временски извештај наместо да го кажат.

Можете да ја користите оваа основна идеја за да го прегледате вашиот проект како да правите коментар на натпревар за фудбал или хокеј на мраз, или за било кој друг настан по желба на учесниците.

# Погоди ги насловите

Учесниците работат во мали групи за да направат модел  на насловната страна на (весник) таблоид.

**Време**: 60 минути

### Подготовка

• Ќе ви треба лист хартија со големина А3 и неколку фломастери за секоја мала група .

### Инструкции

1. Кажете им на учесниците да направат мали групи од три-четврица. Тие ќе ја направат насловната страна на таблоидот: големи наслови, а не долги статии!
2. Кажете им да разговараат за она што го правеле и што го произлегло од проектот или активноста, и да размислуваат за најдобрите и најлошите работи .
3. Секоја мала група треба да се согласи за 5 или 6 „приказни“. Тие треба да напишат наслов за секоја приказна заедно со неколку реченици за да дадат краток преглед на приказната. Не треба да ја напишат целата приказна. „Фотографијата“ е по избор, но е добра идеја.
4. Прикажете ги страниците.
5. Презентација и дискусија се по избор

# Ранец

Ова е добра вежба за да се користи на крај од тренингот-средбата. Сликите секогаш кажуваат повеќе отколку што можат зборовите.

**Време**: 40 минути

### Материјали

• Хартија и пенкала во боја.

### Инструкции

1. Замолете ги учесниците да размислат за она што го научиле за време на сесијата/средбата, и да се нацртаат себеси како заминуваат и носат голем ранец, во кој на пример има, предмети, идеи и надежи што ги носат со нив.
2. Треба да размислат за сè што научиле и што сакаат да го задржат. Тие работи може да вклучуваат предмети како што се книги или слики, чувства, луѓе, идеи, нови начини на гледање на светот, сила што ја добија од надминување на тешкотијата и вредности.
3. Тие исто така можат да ги покажат работите што сакаат да ги остават зад себе во корпата за отпадоци. Тоа може да се работи како лоши навики, стари идеи, тешки моменти и лоша храна – било што!
4. Охрабрете ги учесниците дека не мора да бидат одлични уметници. Едноставни цртежи, зборови и симболи се совршено прифатливи.


500
500
500Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
500
500
500Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
500
500
500Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
100
100
100Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
100
100
100Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
100
100
100Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
100
100
100Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
100
100
100Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
100
100
100Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
50
50
50Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
50
50
50Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
50
50
50Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
50
50
50Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
50
50
50Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
50
50
50Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
50
50
50Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
10
10
10Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
10
10
10Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
10
10
10Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
10
10
10Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
10
10
10Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
10
10
10Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
10
10
10Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
10
10
10Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
10
10
10Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
10
10
10Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe
10
10
10Ems
COMPASS
Manual for human rights education
Council of Europe

# Поглавје 3

# Преземање акција за човекови права

# Содржина на ова поглавје

**За ова поглаваје....363**

**3.1. ОЧП и активизам .... 364**

Што е активизам? .... 364

Што значи „преземање акција“? ....365

Кога групата може да преземе акција?....367

**3.2. Едноставни активности за човековите права ....368**

Јавни акции....368

Младите луѓе едуцираат ....369

Направете го тоа сами ....370

Промена на политиката или однесувањето на државните претставници ....371

Поврзете се со други групи или движења ....373

Собирање податоци ....374

**3.3. Развивање на план за акција ....376**

Пред да започнете ....376

Знајте се себеси- SWOT анализа ....376

Правење на избор....377

Познавање на проблемот ....378

Дрво на проблемот ....378

Пример на Дрво на проблем ....379

Познавање на решението....379

Планирање на вашата акција ....380

На кој проблем сакате да работите?....381

Која е вашата целна публика? ....381

Кои промени се надевате да ги видите? ....381

Како се очекува да дојде до промена? ....381

Кои средства ќе ги користите за да влијаете на вашата публика? ....382

Организирање ....382

Креирање табела на задачи ....383

Резимирање и евалуација ....384

# За ова поглавје

Забележавте дека секоја активност во Поглавје 2 има дел наречен „Идеи за акција“. Зошто? Затоа што мислиме дека ОЧП (образованието за човекови права) што останува во училницата или младинските центари е нецелосно. Преземањето акција е суштински дел од ОЧП - делумно поради тоа што е начин на кој темата на човековите права станува „реална“ за младите и делумно затоа што образованието за човекови права треба да биде образование за промени. ОЧП е наменето да доведе до акција.

Потсетете се од Поглавје 1 дека ОЧП треба да биде образование ***за*** човековите права, ***низ*** човековите права и ***поради*** човековите права. Затоа преземањето акција ***за*** човекови права не е додаток, туку тој е суштински дел од образовниот процес: преземање акција значи дејствување надвор од традиционалната образовна арена, правење нешто за да ги направат човековите права реалност - за подобар свет за човекови права.

Ова поглавје ве запознава со практичниот аспект на ОЧП. Тоа може да се види како точка на транзиција помеѓу активностите во клубот или училницата од Поглавје 2 и „попрофесионалниот“ активизам кој е опишан во Поглавје 4. Тоа е начин да им се олесни на младите луѓе да играат поактивна улога во заштитата и промовирањето на човековите права, додека сеуште првенствено се фокусирани на образовните цели.

- Во Делот 1, гледаме што се подразбира под активизам, што подразбираме со преземање акција и врската со ОЧП.
- Во Делот 2, предлагаме серија на едноставни методи и идеи за акција, кои можете да ги користите со група на млади луѓе. Повеќето од предлозите за акција во Поглавје 2 ги користат овие методи.
- Во Дел 3, нудиме алатки за планирање за групата да може подлабоко да се ангажира во проблемот преку развивање на подолгорочна стратегија и за градење на нивните посебни интереси и вештини.

Секој од деловите е самостоен, иако разбирањето на Делот 3 може да биде помогнато ако се разгледани Деловите 1 и 2.

Зборови и мисли за грижлива активност кои не се практикуваат се како убави разнобојни цвеќиња, но без мирис.
Тич Нат Хан (Thich Nhat Hanh)

## Бесплатниот универзитет

**Бесплатниот универзитет**

Во пролетта 2008 година, учениците од Литванија и други активни младински групи организираа серија протести против предложените реформи со кои би се ставило крај на бесплатното високо образование. Незадоволните студенти учествуваа во различни активности и го окупираа централниот плоштад на Универзитетот во Вилнус. Иако тие не успеаја да ги сопрат реформите, акциите ги обединија и ги убедија за потребата дека треба да се осигура дека оние што сакаат да се образоваат не треба да бидат исклучени поради недостаток на средства. Затоа одлучија да создадат алтернативен простор, ослободен од традиционалните универзитетски дисциплини и отворен за сите. Слободниот универзитет (ЛУНИ) стана центар за учење за секој што сака да учи или да подучува, место ослободено од расизам, сексизам, дискриминација и место каде знаењето не се смета за сопственост на „експерти“, туку нешто што треба да биде споделено со сите.

За повеќе информации, во вашиот пребарувач внесете “Free University Luni”

# 3.1 ОЧП и активизам

## Што е активизам?

Зборот „активизам“ е стар околу 100 години, барем за денешната употреба и произлегува од глаголот да се делува. Активист е некој кој е активен во кампања за промена, обично на политички или социјални прашања. Активизам е она што го прават активистите, односно методите што ги користат за да донесат промени.

Активизмот, кога се применува на човековите права, значи одбрана на човековите права кога и да се загрозени или повредени, и на кое било ниво. Оттука, активизмот за човекови права е реагирање на неправда, на навредлив третман, на насилство или на дискриминација и се обидува тоа да го исправи. Станува збор за подготвеност да помага и да демонстрира солидарност со борбата на другите луѓе, борба за да се осигура дека тие се третираат со почит и достоинство, и помага да се олесни движењето кон похумани, порамноправни, општества кои ги почитуваат правата. Ефективните активисти поседуваат упорност, креативност,посветеност и честопати храброст, но пред сè, верување во човечките суштества и во човековите права. Тие веруваат дека светот во кој на човечките суштества им се почитуваат човекови права е можност, и тие тоа да сакаат да се оствари.

**Мировни протестанти и правото на протест**

Двајца активисти за мир организираа јавното читање на имиња пред вратата на „Даунинг стрит“, каде што живее британскиот премиер. Едната, Маја Еванс (23),го читаше името на секој убиен британски војник, додека нејзиниот пријател продолжуваше со долга листа на Ирачани за кои се знаеше дека ги загубија своите животи, како резултат на војната во Ирак. Маја беше уапсена за активноста бидејќи претходно не ја известила полицијата за протестот. Настанот доби национално покривање во медиумите и предизвика дебата за слободата на говорот и правото на протест. Како резултат на ова, но и на многу други слични акции, владата се согласи да го преиспита законот за забрана за протест во центарот на Лондон без претходна согласност од полицијата.

„Не сакав да бидам уапсена, но што се однесува до мене, јас не мислев дека правам нешто грешно со тоа што стојам таму на врнежливо утро во вторник со колега, читајќи имиња на луѓе кои починале во војна. Не мислам дека тоа е кривично дело и не мислам дека требаше да бидам уапсена за тоа“. Маја Еванс

? **Прашање**: *Дали активистите толку многу се разликуваат од „нормалните“ човечки суштества? Кои квалитети на активистите може да ги идентификувате во себе?*

Активизмот несомнено бара и зависи од посветеноста на каузата или идеалот, и нормално постојана и долгорочна посветеност. На пример:

- Активистите за заштита на животната средина извојуваа една битка да се запре изградба на енергетска постројка на јаглен и веднаш започнуваат со друга кампања за запирање на продолжување на аеродромска писта.
- Мировните активисти водат 30-годишна борба за да се донесе меѓународна конвенција за забрана за нагазни мини.
- Локалните активисти кои се борат против затворање на болницата или спортската сала им пристапуваат на прашањето од секој агол, отворајќи друг пат кога едниот не успеал.

*Да се види што е правилно, а тоа да не се направи е недостаток на храброст.*
*Конфучие*

Иако веруваме дека секое човечко суштество е „мини-активист“, кој е вклучен во борбата за различни каузи во текот на неговиот/нејзиниот живот, во овој прирачник имаме тенденција да не се однесува на активизмот, туку на „преземање акција“. Активистите - во нивната потрадиционална смисла- исто така, „преземаат акција“, но тоа го прават постојано, користејќи многу различни методи, и тие веројатно не запираат додека нивните акции не повлијаат врз проблемот кој се обидуваат да го решат. Младите луѓе со кои работите, поверојатно е дека ќе преземаат и излегуваат од акција, понекогаш приклучувајќи им се на други активисти, а

понекогаш делувајќи сами за прашање кое тие сметаат дека  е важно.

**?** *Може ли да се сетите на „каузи“за кои што ст есе заложиле и бореле да се одбранат?Дали мислите на образованието како  на „кауза“?*

## Што е „преземање акција“?

Кога зборуваме за група што презема акција, ние мислиме на нешто повеќе од „формална“ активност - како оние во Поглавје 2 - и нешто што веројатно вклучува заедница поширока отколку самата група. Преземањето акција, како дел од ОЧП, е креирана да доведе до резултат кој е вреден не само од гледна точка на образованието, туку и повеќе од тоа. На пример:

• Посета на локално засолниште за бездомници или центар за азил, може да помогне да паднат бариерите  или предрасудите и да бидат извор на утеха за оние што се посетуваат.

• Писмо од млади луѓе до весниците, кои ги подгреваат расистичките или нетолерантните ставови, може да ги предупреди медиумите за ставовите на младите луѓе, и може да ги поттикне новинарите да се соочаат со сопствените предрасуди.

• Изложба на фотографии во локалната заедница, која го покажува влијанието на загадувањето врз околината, може да им ги отвори очите на другите а може и да помогне да започне движење за да се реши проблемот.

Секоја од овие акции има цел и има влијание надвор од групата, но секоја е исто така зајакнувачка и ангажирачка за самите млади луѓе. Практичната акција може да донесе лекција за живот: таа може да им даде значење на човековите права и да ги претвори во нешто позитивно. Гледајќи дека од вашето дејствување другите може да имаат корист –а и вие - е моќна лекција, мотивирачка сила и охрабрување дека работите можат да се променат ако се вклучиме во нивно менување.

**?** *Ако сте работеле со група која била вклучена во акција, што биле клучните резултати, во смисла на влијание и во смисла на учење?*

Бидете самите промената која би сакале да ја видите во светот.

*Ганди*

Театарот е форма на знаење; тој треба и исто така може да биде средство за трансформирање на општеството. Театарот може да ни помогне да ја градиме нашата иднина, наместо само да ја чекаме.

*Аугусто Боал*

### ОЧП, преземање акција и активизам: кои се разликите

• Активностите за учење во Поглавје 2 се насочени главно навнатре, кон групата: целта е образование на поединечните учесници.

• Преземањето акција во надворешниот свет е од образовна вредност за групата, но исто така има  и надворешен фокус, кон вистински проблем во светот.

• За активистите - и професионални и „со скратено работно време“ - единствената вистинска цел е проблемот и надворешниот свет. Активистите ќе продолжат да работати да водат кампања се додека не се постигне нивната цел.

## „Децата кои растат“ (Putos qui a ta cria)

Група млади луѓе што живееја во предградието на Лисабон, сите со африканско потекло, користеа музика за да се справат со чувството дека се исклучени од општеството и да ги едуцираат другите за почитувањето на културната разновидност. Како што групата објаснува на нивната веб-страна, втората генерација емигранти често се чувствуваат „исклучени од општеството во земјата во која се родени и живеат и се исклучени од општеството од земјите каде што биле родени и живееле нивните родители. Еден од начините на изразување на оваа дилема и фрустрациите што ги носи, отсекогаш била музиката“.

Така младите уметници одлучија да користат рап и друга музика како форма на социјално образование која што може да мотивира млади луѓе и да промовира социјална кохезија. Тие користеа ритам и поезија за да ја пренесат својата порака и да дадат поддршка на други рапери за да ги охрабрат да ја користат музиката како алатка за социјална трансформација. По неколку курсеви за обука и со поддршка на Програмата за млади од Европската Унија, групата Putos que a ta cria сними две CD-иња и ДВД, учествуваа на различни јавни настани, организираа младински фестивал за човечки ресурси и мотивираа другите рапери. „Хипхопот е забавен, но исто така е интервенција.“
http://www.myspace.com/putosquiatacria

## „Целта” во ОЧП и во активизмот



# Кога може групата да преземе акција?

Краткиот одговор е „во секое време“. Акциите на заедницата опишани во дел 2 од ова поглавје најчесто може да се користат или пред или по активностите за учење во клубот или училницата. Предноста на одвивањето на акцијата по активноста е тоа што групата би требало да има подлабоко разбирање за проблемите и можеби ќе можат да бидат покреативни за тоа што може да биде најефективната форма за акција. Предноста на водењето на акцијата првен е дека групата тогаш може да биде повеќе ангажирана во активноста, самата согледувајќи ја важноста на проблемот за кој станува збор.

Едукаторите кои редовно работат на ОЧП честопати ќе се префрлат од еден на друг модел, во зависност од конкретната тема, степенот на интерес или свесност на групата, и можеби сопствениот однос со дадена група. Се обидовме да поврземе многу од активностите предложени во ова поглавје со конкретни активности во Поглавје 2. Тие се наведени на маргината, а во многу од нив на крајот од активностите стои „Идеи за акција“. Речиси сите може да се направат или како вовед, пред активноста, или потоа, како начин да се даде практична смисла на прашањата кои се веќе истражени.

Граѓански активизам е нешто што ве охрабрува секојдневно да правите мали дела.Понекогаш разбирате дека промената на овој свет станува твојата смисла на животот. Понекогаш мислите дека можете да направите многу подавајќи им рака на оние на кои им е потребна. Вие станувате слободни и го гледате светот со нови очи.

*Иван Кондратенко, уредник на рускиот студентски весник „Переход“*

# 3.2. Едноставни акции за човековите права

**?** *Ако видите неправда или не верувате дека политиката не е праведна, што правите во врска со тоа? Како им кажувате на другите што чувствувате?*

„Да се иземете себеси“ од некој конфликт помеѓу моќните и немоќните, значи да се придружите на моќните, а не да бидете неутрални.

*Паоло Фреире*

Во овој дел се разгледуваат некои од пристапите што можат да ги користите за да го внесете ОЧП во заедницата. Предлозите не се радикални, и најверојатно вие веќе користите многу од нив во вашата тековна работа: дизајнирање банери, дебатирање, организирање културни настани, средби со различни организации, пишување писма и сл. Ваквите навидум едноставни методи се всушност истите оние што ги користат професионалните активисти и тие се ефективни!

Листата подолу едвај го допира бројот на работи што можете да ги направите со групата.
Таа има за цел да поттикне идеи, а не да понуди рецепти за акција. Бидете креативни и побарајте од учесниците мислење за тоа што мислат дека би било најкорисно или најинтересно да се направи и што би одговарало на вештините на оние кои ќе ја спроведуваат.

## Јавни акции

Јавните акции, како уличен театар, протестен марш, петиции, или „кампување“ на јавен простор, имаат многу различни цели, но следниве се веројатно најважните:

- Подигнување на свеста за некое прашање
- Привлекување на другите за каузата
- Добивање на внимание од медиумите
- Да им се покаже на политичарите или на оние од власта дека луѓето гледаат!

Ако размислувате за јавна акција, имајте ја на ум важноста да направите нешто што ќе привлече внимание: натерајте ги луѓето да се смеат или да застанат и да се загледаат; можеби дури и ќе сакате да пробате да ги шокирате. Треба да ги натерате луѓето да зборуваат!

### Критична маса

Во многу европски градови, обично во последниот петок секој месец, десетици, а често и стотици велосипедисти се собираат за да ги вратат улиците од автомобилите. Чинот е спонтан: нема организатори на настанот и нема планирана рута. Масата на велосипедисти се возат заедно низ улиците за да го забави сообраќајот, да се направи поента за загадувањето или опасностите од возење на велосипед на патишта исполнети со автомобили, или едноставно да се потврди моќта на луѓето да го забават нормалниот градски живот и да ја слави радоста од заедничката цел и споделените идеали. Мотивите на луѓето се различни и многу од возачите ќе имаат свои транспаренти или прават кампања со што се обидуваат да го привлечат вниманието на јавноста.
Она што започна од неколку велосипедисти што возеа, стана масовен настан, и месечна традиција во многу градови.

За повеќе информации видете www.critical-mass.info

## *Предлози за групата:*

• Напишете песна или музика, или ваша сопствена драма и однесете ја на улица.
• Направете банер и демонстрирајте пред локална компанија за да протестирате за загадување, релоцирање на работни места, работнички права, или за било што може да биде релевантно.
• Направете постери или летоци за вашиот проблем, и поделете ги или ставете ги на јавни места.
• Поставете страница на Фејсбук за да разговарате за вашиот проблем; потоа користете и други форми на социјално вмрежување за да привлечете следбеници.

**?** *Луѓето често велат дека демонстрациите се губење време, но каква порака се испраќа ако никој не демонстрира?*

### Гласот на „99%“

Движењето „Окупирај“ се прошири на речиси 1.000 градови во повеќе од 80 земји во 2011 година. Делумно инспирирано од „Арапската пролет“, каде што демонстрантите одбиваа да се разотидат додека нивните барања не се исполнат, активисти, младите луѓе и многу други поставија шатори и мали самоодржливи заедници, „окупирајќи ги“ отворените простори во градските центри низ светот. Користејќи го слоганот „Ние сме 99%“ тие имаа за цел да нагласат дека многу мал број на луѓе поседуваат огромно богатство, кое предизвикува изобличување на демократијата и неправедноста од огромното намалување (кратење) на услугите кои влијаат на мнозинството.

## Младите луѓе едуцираат

Јавните акции, како што се оние во претходниот дел, всушност не се однесуваат на образование; тие се повеќе за доставување на брза и некомплицирана порака, подигнување на свеста и засејување на семе. Младите можат да бидат одлични обучувачи и често се поефективни во регрутирањето на други кон каузата или менувањето на ставовите, особено кога публиката е нивна сопствена група на врсници. Објаснувајќи го проблемот на другите им помога на младите луѓе во две работи - да ги разјаснат сопствените позиции и да стекнат поголема доверба.

### Проектот Powerpod - http://www.edinburgh-powerpod.org

Edinburgh Woodcraft Folk доби грант да набави приколка со соларни панели и турбини на ветер, како практична едукативна алатка за користа на одржливата енергија, наменета за публика од млади луѓе во Лотијан, Шкотска. Приколката, позната како Powerpod, (моќна кабина) била изградена од страна на студенти на локалниот универзитет за да се демонстрира соларната електрична и соларна топлинска енергија, како и производство од ветер како алтернатива.
Првата група на Woodcraft Folk едукаторите- соученици отпатува во Центарот за алтернативна технологија, каде што ја усвоија научната суштина (заднина) и техничките аспекти на Powerpod -от. По враќањето, тие подготвија работилници за да им се обратат на децата и младите од нивна возраст. Ова доведе до планиран распоред на работилници кој беше доставен до други Woodcraft групи во областа. Работилниците предизвикаа огромен интерес и во областите за формално и неформално образование.
Извор http://www.scotland.gov.uk/Topics/SustainableDevelopment/EWFenergytrailer

**Линкови до активности:**

Многу од активностите подигнуваат глобални прашања кои можат да бидат предмет на кампања за подигнување на свеста, на пр. „**Приказната на Ашик**“(детски труд), „**Ајде да зборуваме за секс!**“ (род / хомофобија), „**Одговарајќи на расизмот**“ (раса, дискриминација)

**Авторитетот на оние кои учат ( учителите) често е пречка за оние кои сакаат да научат.**
***Цицерон***

**Линкови до активности:**

Користете ја **„Нашите иднини“** да ги поттикнете луѓето да размислуваат за локалното место и како се користи просторот.

Користете ја **„На скалата“** да се изнајдат начини на кои младите би можеле подиректно да учествуваат во локална заедница.

Користете ја **„Трка по богатство и моќ“** да ги истражите идеите за праведност и чувствата на оние кои се исклучени од општеството.

## Предлози за групата:

• Организирајте јавна дебата за проблемот од интерес, на пример, намалување на трошоците за образование, дали криминалците заслужуваат човекови права, или дали воените програми треба да се намалат за да се намали сиромаштијата. Поканете да дојдат заедно и јавни функционери и пријатели.
• Направете свое видео или организирајте театарска продукција за тема од човековите права.
• Напиши статија за локален (или национален) весник или прашајте ја локалната радио/телевизиска станица за интервју. Може ли да најдете фотографија со која ќе го направите да биде поатрактивно?
• Размислете за прашање за кое групата има добро разбирање, и поставете програма за врсничка едукација со други групи или ученици од локалното училиште. Можете ли да им зборувате за човековите права на група млади луѓе, или да водите активност од Поглавје 2?

### Проект „Жива библиотека“

Група во Вроцлав, Полска, организираше „Жива библиотека“, каде што книгите се претставени од луѓе од различни културни, социјални или други групи и можат да бидат„позајмени“ на 30-минутен разговор. Групите беа оние кои имаат тенденција да бидат исклучени од општеството и кои често се соочуваат со прекршување на нивните човекови права, на пример, хомосексуалците, Ромите, инвалидите, верските малцинства итн. Во текот на 2 дена 600 луѓе ја посетиле, а повеќе од 100 позајмиле „книга“. Настанот беше пренесен и беше известено од страна на државни и приватни телевизиски и радио мрежи и печатени медиуми.
Идејата за „Жива библиотека“ е да ги урне предрасудите, со тоа што ќе им дозволи на јавноста која може да има претходно создадена идеја за поединци од одредени заедници, да се сретнат, да разговараат и да слушаат. Следните коментари беа направени од страна на „читателите“ по разговорот со „книгите“:
„Тоа ми помогна да донесувам одлуки за мојот живот“.
„Морав да знам многу работи; разговорите со некои луѓе навистина ги скршија моите стереотипи.“
Повеќе информации за методологијата на „Живата библиотека“ на www.coe.int/compass.

## Направете го тоа сами

Постојат неколку начини на кои вашата група може директно да направи промена, без да мора да поминат преку политичарите, или јавноста или други посредници. Ова може да биде најголемата награда за сите акции, бидејќи резултатот е веднаш видлив и групата може да види дека тоа е дело на нивната акција која овозможила промена.

**Герила театарот се користи за да опише спонтани,изненадувачки перформанси во неверојатен јавен простор за доверлива публиката . Обично овие изведби се со цел да привлечат вниманиена политичко/социјално прашање преку сатира, протест и карневалски техники.**
***Википедија***

Многу младински групи, на пример, се активни да понудат директна помош на ранливите лица чии права не се почитуваат. Таквите луѓе често треба да бидат помогнати од државата, бидејќи државата, на крајот на краиштата, е одговорна да осигура дека правата не се повредени. Меѓутоа, општеството често мора да преземе чекори за да понуди непосредна помош кога државата затаила и не ги исполнила своите обврски.

Младите луѓе можат да помогнат да се пополни оваа празнина - често само со тоа што ќе се присутни наоколу, среќавајќи се редовно со оние кои се соочуваат со тешкотии, слушајќи ги нивните проблеми или обезбедувајќи им друштво или разговор. Тоа е секогаш искуство кое ги збогатува двете страни. Посетувајќи ги ранливите и забележувајќи ги неуспесите на државата, може да ги стави во посилна позиција за лобирање кај оние кои се одговорни, или да ги пренесат неуспесите на светлина на јавноста преку контактирање на медиумите.

**?** *Размислете за одредена група: кои прашања од човековите права можат да помогнете да се решат со посета на млади луѓе?*

## *Други предлози за групата:*

• Преземете одговорност за напуштен дел од локалната заедница: засадете цвеќиња или зеленчук и направете го просторот за луѓето да сакаат да бидат таму.
• Понудете им ги вашите градинарски услуги или други вештини на луѓето во заедницата. Може ли вашата група да стана центар на учење како што е „Слободниот универзитет“ опишан на почетокот на ова поглавје?
• Побарајте наоколу стара слика и алатки за декорирање: разубавете го младинскиот центар, или центарот на локалната заедница, или пак нечија куќа!
• Направете некакви печени работи и однесете го во засолниште за бездомници или на сосед кој живее сам. Или разделете ги заедно со летоци како начин да привлечете внимание кон вашата кауза.

**Линкови до активности:**
Користете ја **„Нашите иднини“** да ги поттикнете луѓето да размислуваат за локалното место и како се користи просторот.

Користете ја **„На скалата“** да се изнајдат начини на кои младите би можеле подиректно да учествуваат во локална заедница.

Користете ја **„Трка по богатство и моќ“** да ги истражите идеите за праведност и чувствата на оние кои се исклучени од општеството.

### Сеење семе

Во многу земји низ светот постојат иницијативи за враќање на напуштениот јавен простор и создавање градини. Ова понекогаш е познато како „герилско градинарство“, од шпанскиот збор герила, што значи „мала војна“. 1-ви мај е прогласен за Меѓународен ден на герилското градинарство на сончогледи од групата наречена „бриселски фармери“. Во 2010 година, околу 5.000 луѓе од целиот свет учествуваа на настанот, сеејќи семе од сончоглед во нивните локални места.

## Промена на политиката или однесувањето на државни претставници

Знаејќи дека државата, или претставниците на државата се задолжни да да го осигураат почитувањето на човековите права, честопати, промени во политиката или во законот или во регулативата се крајна цел на кампањата за човекови права.

Ова може да изгледа премногу „сериозна“ област за млади луѓе, или област каде што е мала веројатноста дека ќе направат промена. Сепак, промената на политиката доаѓа – дали на национално, меѓународно или локално ниво - како резултат на голем број притисоци, често едни по други, од различни извори. Младите луѓе кои започнуваат со човековите права можат да бидат исто толку способни да придонесат во овој процес како и искусните активисти. Тие можеби имаат поголема веројатноста за успех на локално ниво, или на ниво на институции, бидејќи мрежите се помали и пристапот до оние на власт е пореална. Сепак, не исклучувајте да работите на национално па дури и на меѓународно ниво, ако тоа е она што групата решила да го прави.

**Светот е опасно место, не заради оние што прават зло, туку заради оние кои гледаат и не прават ништо.**

***Алберт Ајнштајн***

Понекогаш најдобриот начин да се направи притисок врз претставниците на државата е преку соработка, обидувајќи се да ги запознаете претставниците со вашите аргументи. Понекогаш тоа е преку протест или притисок. Генерално, политиките се менуваат како резултат на влијанија кои доаѓаат од повеќе насоки,влијанија за соработка или за конфронтирање.

**?** *Дали младите луѓе со кои работите знаат кои се нивните политички претставници - на локално, национално и европско ниво?*

### Реформите во образованието одложени како резултат на студентските протестите

Постои силна историја на студентски протести во многу земји и често се смета дека активностите на студентите имале директно влијание врз политиката,или дека биле поттик на други групи кои се чувствуваат способни да го изразат своето незадоволство од политичките одлуки. Во 2008 година, францускста влада предложи серија промени во наставниот план, вклучително и значително намалување на работни места во наставничката професија и намалување на наставните часови. Студентите излегоа на улици, во градови низ целата земја и владата беше принудена да ги одложи реформите.

**Линкови до активности:**

Користи ја **„Колку нам ни е потребно?“** за да ги разгледате целите за одржлив развој- и обврската на владата за да ги исполни.

Користете ја **„Чахал против Обединетото Кралство“** за да играте улоги во судски случај на Европски суд. Учесниците можат да ги разгледаат одлуките против нивната земја и да видат како тие влијаеле врз националната политика.

Користете ја **„Состанокот на синдикатот“** за да се практикуваат преговарачки вештини и да се видат односите работодавач-вработен.

## Предлози за групата:

• Контактирајте со локалните личности одговорни за одредена одлука; контактирајте со опозициските политичари или други кои имаат влијание врз политиката. Побарајте состанок или организирајте јавна расправа и поканете ги сите да присуствуваат.

• Изгответе петиција и соберете што е можно повеќе потписи. Поканете ги медиумите да бидат присутни кога ќе ја доставите до индивидуата која се надевате дека ќе влијаете.

• Дознајте за законските обврски што владата ги има за почитување на човековите права и кои договори ги има потпишано. Можеби ќе сакате да контактирате со адвокат или НВО активни на терен и да побарате совет. Потоа напишете писмо до вашиот пратеник или локален политичар, прашувајќи што прават тие за да осигураат дека овие обврски се исполнети. Кажете им на медиумите!

• Погледни ги другите механизми -или национални или меѓународни –кои можете да ги користите за да се жалите за вашиот проблем или да побарате да биде разгледан од официјално тело.

### Надгледување на полицијата

„LegalTeam“ е група млади правни консултанти, активисти и експерти кои работат во Русија. Тие се специјализирани за обезбедување правна помош и за одбрана на правата на луѓето кои учествуваат во јавни собири или демонстрации, од кои многумина се соочуваат со притисок од полицијата како резултат на нивното учество. Слични иницијативи постојат во многу земји.

Групата во Русија првично беше создадена за следење и спречување на злоупотреби на човековите права околу самитот на Г-8 во Санкт Петербург во 2006 година. Потоа се разви во колектив кој ги едуцира активистите за законот во врска со протест и за тоа како да поднесат обвиненија против властите кои можеби ги злоупотребиле нивните овластувања. Групата работи семинари и има изготвено низа информативни материјали. Нивната страница LiveJournal стана виртуелно место за состанок за дискусија и консултации и делува како алатка за координирање на активностите.
(http://community.livejournal.com/legal_team).

# Поврзете се со други групи или движења

Иако е корисно за младите да иницираат нивни акции, исто така може да биде корисно да преземат акција како дел од поголемо движење, или да се стекнат со искуство работејќи со други организации.

Постојат бројни организации, како „професионални“ невладини организации, така и спонтани движења, кои се занимаваат со човековите права и многу од нив ќе бидат среќни да ги вклучат младите луѓе и ќе им биде особено драго да ја имаат нивната поддршка. Запомнете дека една организација не секогаш може да ја нарекува нејзината работа како „работа на човековите права“; сепак, организацијата која работи на бездомништво, детска сиромаштија, семејно насилство, расизам и дискриминација или многу други прашања, се разбира дека работи на човекови права, без разлика дали истото експлицитно го наведува или не.

Младите можат да учествуваат во кампањи организирани од вакви организации или за да имаат поголемо учество можеби ќе се понудат да им помогнат во планирање и организација на настан. Граѓанските организации без соодветно финансирање секогаш ќе бидат задоволни од дополнителните раце на волонтери, и генерално ќе обезбедат поголема можност за волонтерите сами да ја преземат иницијативата. Поголеми НВО можеби ќе можат да понудат практично искуство за возврат на доброволна работна помош. На овој начин, на младите им се дава можност да работат со професионални активисти на терен и да стекнат корисно работно искуство, како и да добијат увид во работата во третиот сектор.

**Ако некој има среќа, една фантазијата може целосно да трансформира милион реалности.**
*Маја Ангелу*

? *Дали знаете за локалните организации кои работат на прашања поврзани со човековите права? Дали постојат одредени прашања кои не се решаваат ефективно?*

**„Храна, не бомби“**

Храна не бомби е движење за мир на локално ниво кое започна во САД и сега постои во многу земји низ светот. Мали групи на волонтери, вооружени со информации за храна и бомби, нудат бесплатни вегетаријански оброци не само за бездомниците, туку и за некој друг, без ограничување. Тие го прават тоа не само за да им помогнат на оние кои не се во состојба да се прехранат, туку и да привлечат внимание кон фактот дека доколку се пренасочуваат воените трошоции, се стави крај на фрлање на храната, може да се елиминира гладот во светот. Движењето нема официјална организација, туку ги охрабрува луѓето да воспостават „локални поглавја“ во нивните градови и да започнат да ги хранат другите како политички гест. Поглавјето:„ Храна, не бомби“ постои насекаде низ САД и исто така во многу градови низ Европа. За повеќе информации. видете на http://www.foodnotbombs.net/

„Мислам дека „Храна, не бомби“ трае бидејќи има компонента во која се гледаат резултатите и дека луѓето се менуваат кога ќе видат дека можат да соберат храна и имаат директно влијание врз животот на луѓето преку споделување на оброци и намирници. Друг аспект кој ја промовира неговата долговечност може да се најде во нашиот принцип да нема лидери и да ги поттикнува секоја група да се стреми да донесува одлуки користејќи консензус. Волонтерите не чувствуваат дека им е наредено да прават нешто или чувствуваат дека некој во канцеларијата добива плата додека тие ја работат работата. Тие преземаат лична одговорност „Храна, не бомби“да се случи“. Кит Мекенри, основач на „Храна, не бомби “

# Предлози:

• Дознајте кои локални организации работат на прашања кои ја интересираат групата: организирајте состанок со претставници, и групата да размисли како би можела да се вклучи.
• Погледнете ги кампањите што ги организирале поголеми добро-познати организации за човекови права, како што се Лекари без граници, Амнести Интернешенел, Спаси ги

децата, Меѓународната федерација на лигата за човекови права лига (FIDH) или Гринпис, и разговарајте со групата на кои прашања или кампањи би сакала да работи.

• Погледнете го делот за Планирање и твојата акција, во ова поглавје,и видете дали групата би сакала да формира сопствена организација за да работи на одредено прашање.Тие можеби ќе сакаат да контактираат со други младински групи или да поканат пријатели што ќе внесат нови вештини и идеи, и со тоа да го зголемат бројот. Така всушност, започнуваат организациите за човекови права!

### Меѓународното младинско движење за човекови права

Меѓународното младинско движење за човекови права (МДЧП) (YHRM) е меѓународна мрежа на млади луѓе и организации првенствено од Централна и Јужна Америка и Источна Европа. Младите работат заедно за да ги заштитат и промовираат идеите и принципите на човековите права, да ги поддржуваат меѓусебните активностите и да формираат нова генерација на бранители на човекови права. YHRM започна во 1998 година како иницијатива на мала група млади луѓе. Денес обединува повеќе од1000 луѓе од 37 земји. Повеќе информации се достапни на www.yhrm.org

## Собирање на податоци

### Млади луѓе и учество –„Што ви е потребно?“

Во мал град во Полска, локална младинска асоцијација беше загрижена за ниското ниво на учество меѓу младите луѓе. Тие знаеја дека локалните власти имале малку идеја за потребите и профилот на младите луѓе во градот, па затоа решија да соберат информации за да создадат поцелосна слика. Тие користеа голем број различни алатки и методи, на пример- социјални мрежи, текстуални пораки, интервјуа на улиците и разговор со нивните пријатели, колеги и семејства. Потоа групата организираше јавна изложба со резултатите од анкетите. Со помош на експерт, тие изготвија официјален документ во кој ги прикажаа резултатите и го испратија до локалниот градоначалник. Ова беше првпат гласовите на младите луѓе да бидат слушнати во градот.

Истражувањата и мониторингот се важни алатки за секој активист, и тоа со цел да се обезбеди слика за потребите и прашањата кои ја засегаат групата за да преземе акција , како и алатка за лобирање или средство за информирање на јавноста. Разбирањето на различните аспекти на прашањето е од суштинско значење за да можат да се планираат ефективни акции. Или, како во примерот погоре, информацијата сама по себе може да биде корисен начин да се влијае врз оние на власт.

Како можат групите да се вклучат во собирањето информации, како што е наведено погоре и да бидат сигурни дека информациите ќе бидат корисни не само за нив, туку исто така за решавањето на одредено прашање? Со други зборови, како собирањето на информации може да биде почетокот на акција, но и образовна активност?

- Осигурајќи дека информациите се свежи, или шокантни, или не се многу добро познати - на пример, бројот на млади во вашиот роден град кои спијат на улица, нивната возраст, како се нашле на улица, и што велат за нивните потреби.
- Размислувајќи за тоа кој треба да ги знае информациите и што сакате тие да направат со нив. Дали ќе ги искористите за да убедите локален политичар, или ќе се обидете да направите притисок користејќи го јавното мислење, или меѓународните организации?
- Размислувајќи за тоа како информациите се презентираат: со изложба, како што беше организирано од полската група, дали може да биде поатрактивна за пошироката јавност наместо низа на статистички податоци!
- Со истовремено информирање на медиумите за резултатите од вашето истражување, дури и ако тие не се директна цел. Тие ќе осигураат дека прашањето едноставно не е „исчезнато“.

**Линкови до активности:** Пробајте ја активноста **„Да се гласа или да не се гласа?“** за да им дадат на младите луѓе искуство во спроведување на анкетирање.

Користете ја **„Мрежа на животот“** за да истражите прашања во врска со животната средина и загадувањето; потоа најдете онлајн „јаглеродороден калкулатор“и помогнете им на учесниците да ја изработат нивната емисија на јаглеродороден двооксид.

Околу 82 млади луѓе учествуваа во набљудувањето на изборите. Потоа објавија извештај за нивните наоди, кој беше дистрибуирани меѓу засегнати страни.

## Младите ги мониторираат изборите

Парламентарните избори во Ерменија им дадоа можност на младите луѓе од таа земја како и од други земји да учествуваат на изборен мониторинг. Пред сè, беше подготвен Прирачник за младиот монитор, кој ги содржеше сите информации кои можеби ќе им бидат потребни за да ги следат на изборите. Прирачникот ги опфати правните прашања, концептот и потребата за избори, политичките партии во Ерменија и задачите на мониторинг мисијата.

Ова може да се види на интернет на веб-страницата на Федерацијата на младински клубови во Ерменија: www.youthclubs.am.

# 3.3 Развивање план за акција

**Човековите права низ историјата**

Една група ученици во Плиуса, Русија, сакаше да дознае повеќе за времето на Сталин и како било да се живее под таков режим. Тие решија да ги прашаат луѓето кои всушност живееја во тие години , па се сретнале неколкупати за да одлучат како треба да одат за да им се приближат на луѓето, да спроведат интервјуа, а потоа да ги соберат, обединат и јавно да ги презентираат информациите.

Тие спроведоа над 70 интервјуа со роднини, соседи, наставници од училиштата и други кои сакаа да разменат размисли за заедничката историја. Децата потоа организираа изложба во неколку села во регионот Псков, со фотографии и фрагменти од различни интервјуа. Испитаниците беа среќни што беа предмет на ваков интерес и што можеа да зборуваат за времиња кои биле тешки, но за нив претставуваа развојни години. Понекогаш наративите биле болни и вознемирувачки и за постарата генерација и за помладите. Сепак, сите страни дојдоа со подлабоко разбирање и емпатија еден за друг, и подлабоко разбирање на настаните, мотивациите, влијанието врз личниот живот, и човечките искуства од такви тешки времиња.
Интервјуата можат да се видат на http://wiki.antarchia.org/tiki-index.php.

**Ако викнете „Напред“ мора бездруго да направите план за да биде јасно во која насока се оди. Не гледате ли дека, ако не го направите тоа, го извикувате зборот на двата, калуѓер и револуционер, тие ќе одат во потполно спротивни насоки?**
***Антон Чехов***

Во принцип, секоја акција и секако добар активизам, бара планирање. Сесијата за планирање во групата ќе ви помогне да се фокусирате токму на она што го сакате и можете да го направите дали и кој е најдобар начин за постигнување на вашите цели. За поамбициозни цели, ова е веројатно препорачлив прв потег, бидејќи акцијата која не ги постигнува посакуваните резултатите или која наидува на неочекувани проблеми може да биде обесхрабрувачка. Првото нешто што ќе го правите, треба да го направите ефективно.

Овој дел ќе ве поведе низ еден начин на структурирање на вашиот план и исто така ќе ви помогне групата да се фокусира на она што е најефективен начин за постигнување на целите кои си ги поставиле. Методите се корисни за еднократни акции, како што се оние дискутирани во претходниот дел, и тие исто така можат да се користат да се размислува за подолготрајна кампања која може да вклучи голем број различни акции насочени кон една цел.

## Пред да започнете ...

### Запознајте се самите- SWOT анализа

**?** *Дали знаете кои вештини ги имаат учесниците во групата? Дали ги знаете нивните посебни интереси?*

**Способен е тој кој смета дека е способен.**
***Буда***

Секоја група има скриени таленти и секој поединечен член на групата има работи кои му се допаѓаат и кои не му се допаѓаат, одредени вештини и/или работи што тој или таа може да ги изврши само со голем напор. Со цел да бидете сигурни дека групата ги извлекува најдобрите способности од поединечните членовите, корисно е да организирате сесија за да го разгледате ова.
СВОТ анализата е ефикасен начин за тоа. Таквата анализа, исто така, се осврнува на околности надвор од групата што би можеле да влијаат врз она што сте во можност да го направите.

Акронимот SWOT значи:
• Силни страни ( Strengths) : она во што групата е добра да го прави
• Слабости (Weaknesses) : работите што групата не е толку добра да ги прави
• Можности ( Opportunities) : можности надвор од групата што би можеле да се искористат во корист на акцијата
• Закани (Threats) : работи надвор од групата што би можеле да и попречат во тоа што акцијата има за цел да го направи.

Да се спроведе анализата, е потребно доста време; се препорачува најмалку еден час. Поделете ја групата во четири помали работни групи и распределете ги меѓу нив задачите за цртање силни страни, слабости, можности и закани. Потоа повторно обединете ја групата, видете дали луѓето се согласуваат со анализите на своите колеги. Пречистета ја и додадете ги во соодветните различните делови.
Дијаграмот подолу е пример за завршена анализа и може да биде корисен во поттикнување на групата со идеи. Сепак, не дозволувајте стриктно да се држат до него! Имајте предвид дека секоја група е уникатна и ќе има други предности (и слабости) кои тие треба да ги идентификуваат за себе.

### Пример за завршена SWOT анализа

| Кои се силните страни на нашата група? | Кои се слабостите на нашата група? |
|---|---|
| • Голема е!<br>• Имаме доволно време - и сакаме да направиме нешто<br>• Таткото на Миша е политичар<br>• Имаме место за состаноци во центарот на градот<br>• Габриела е добра за јавно говорење<br>• Бојка има компјутер | • Премногу лидери!<br>• Немаме пари<br>• Многу малку момчиња<br>• Никогаш досега не сме направиле нешто вакво - и нервозни сме<br>• Некои од нас живеат далеку од центарот на градот<br>• Не секогаш работиме добро како група |
| **Кои можности постојат надвор од групата?** | **Кои надворешни закани постојат за нашите активности?** |
| • Доаѓаат избори<br>• Постојат некои грантови за проекти со бегалци<br>• Европскиот суд само што донел пресуда против земјава за третман на затворениците<br>• Имаме нова градска сала која би била добра за театарски настан | • Економската ситуација е несигурна<br>• Некои од нас имаат испити<br>• Советот се заканува да ги забрани јавните средби<br>• Има многу лошо чувство за бегалците кои ги преземаат локалните работни места<br>• Премногу е ладно да се направи нешто надвор<br>• Нашите родители не сакаат да правиме нешто ризично |

## Правење избор

Како групата избира на кој проблем да работи? Во повеќето случаи, луѓето во групата ќе имаат проблеми за кои сметаат дека се важни и сакаат на нив да работат. Тие можат да бидат предизвикани од реални настани, како што се земјотресот во Хаити или глад во Судан, или фактот дека локалното семејство е исфрлено од нивниот дом. Главната тешкотија може да биде да се дојде до заеднички договор за тоа кој проблем да се избере и кој е најдобар начин да се пристапи кон тоа.

**Започнете со она што е исправно, а не со она што е прифатливо.**
***Франц Кафка***

Ќе треба да ги задржите сите членови на групата зад секоја одлука, па не ја брзајте дискусија за проблемот: дајте им доволно време за изнесување на преференциите и разговарајте за сите предности ако се избере еден, а не на друг. Потсете ги дека може да има можности за решавање на други проблеми во друго време. Потсете ги исто така и на тоа дека е најважно групата да остане да работи заедно во текот на активноста, па ако едно лице е силно против одреден избор, можеби не вреди да се продолжи. Обидете се да постигнете консензус во групата, наместо да одите со одлука од мнозинството.

? *Како да бидете сигурни дека несогласувањата во групата се корисни, а не деструктивни?*

## Познавање на проблемот

## „Дрво на проблемот“

**Дрвата и камењата ќе ве научат на тоа што никогаш не може да научите од учителите.**

*Св. Бернар од Клерво (c.1100)*

Корисна алатка за разбирање на проблемот на кој ќе работите е „дрвото на проблеми“. Ова е метод за расчленување на проблемот, гледајќи на причините и последиците, и ставање на истите во контекст на други проблеми во општеството. Алатката може да биде корисна како за да обезбеди подобро разбирање во групата, така и да помогне да се пристапи кон решение на повеќе стратешки начин.

Пример од „дрво на проблемот“ може да се види на следната страница, каде е земен проблемот на уличните деца како почетна точка. Ова е постапката што групата би ја користела за да се подготви за својот проблем:

• Започнете со запишување на проблемот што сакате да го решите во средината на голем лист хартија.
• Под него напишете ги сите фактори кои придонесуваат за проблемот и поврзете ги за да ги формираат корените на вашиот оригинален проблем.
• Земете го секој корен посебно, и размислете за неговите причини, претставувајќи ги факторите кои придонесле за проблемот.
• Продолжете да се занимавате со секој корен, се додека не се исцрпат потполно: дрвото може има подлабоки корени отколку што сте мислеле.
• Исто така, можеби сакате да ги проширите „гранките“ на дрвото на ист начин: овие ќе бидат последиците од вашиот оригинален проблем. Може да сфатите дека она со што започнавте како основна грижа е всушност коренот или гранката на различно дрво.
• Кога ќе завршите, погледнете го вашето дрво. Треба ли да се справите со задачата која првично сте ја поставиле или пак најпрвен да се справите со еден од факторите кои придонесуваат за него? Дали дрвото ви помогна да изнајдете начини како да се справите со овој проблем?




## Познавање на решението

Важно е да знаете што би сакале да биде резултатот на вашата акција! Што ќе се смета за успех? Групата нека размисли за она што се обидуваат да го постигнат и како ќе мерат дали биле успешни или не. Може да сметаат дека би можело да им биде корисно да се вратат на дрвото на проблеми и да го искористат за да ги идентификуваат конкретнитерешенија. Во принцип, работејќи на корените ќе доведе до решенијата нагоре по дрвото, на пример, ако имало повеќе социјални станови, или ако изнајмувањата биле нониски, на многу повеќе млади луѓе ќе можеше да им се обезбеди покрив над главите.

Запомнете дека за комплициран проблем, честопати е тешко да се направат промени во политиката, и ретко следи само од една акција. Групата треба да биде реална за тоа на што може да се надева: потсетете ги дека дури и „мал" резултат може да биде непроценлив придонес во решавањето на поголем проблем. Ефективни кампањи се речиси секогаш изградени од токму такви „мали" акции, и нешто што вашата група го постигнала може подоцна да биде надоградено или продолжено од други активисти загрижени за проблемот.

**Единственото нешто што ме мачеше е дека чекавме премногу долго да го направиме овај протест.**
*Роза Паркс*

Може да биде корисно за групата да размислува за некои општи причини за преземање акција. Ова може да им помогне да ги одберат оние кои се најрелевантни за нивниот проблем, и да се идентификуваат одреден број на специфични цели за кои сметаат дека е реалистично да се постигнат.

*? Помислете на акција на протест за која неодамна сте биле сведоци или сте слушнале: што мислите дека организаторите се обидуваа да постигнат? Дали беа успешни?Зошто да или зошто не?*

## Планирање на вашата акција

Сега, вашата група се реши за проблемот и има идеја за тоа што би можела да се обиде да направи. Време е да се реши за механизмот што ќе го користат за да ја постигнат својата цел.

Дијаграмот,даден подолу, може да се користи како чекор по чекор пристап кон донесување на таа одлука и кон обезбедување дека она што тие се обидуваат да го направат, навистина ќе може да го постигнат со користење на методот што решиле да го користат. Дијаграмот преку 5 чекори ќе ве донесе кон одлука за најсоодветната форма на дејствување и илустрира како процесот се применува за 5 хипотетички примери.

Секој чекор е подетално објаснет во следниот дел.

### Дијаграм за планирање на вашата акција

**А. На кој проблем сакате да работите?**

1. Хемиска компанија ја загади локалната река
2. Смртта во полициски притвореник, барател на азил
3. Расизмот против емигрантите во нашата локална заедница
4. Експлоатација на деца-работници од страна на мултинационални компании
5. Нивоа на употреба на дрога кај младите луѓе

**Б. Која е вашата целна публика?**

1. Луѓето во градот и директорите на компанијата
2. Организации за човекови права
3. Жителите на нашата заедница
4. Јавното мислење
5. Локална училишна администрација

**В. Кои промени се надевате да ги видите?**

1. Компанијата да ја исчисти
2. Тие ќе го покренат случајот и ќе работат на официјална истрага
3. Некои луѓе да го променат мислењето
4. Поголема свесност за ова прашање
5. Образованието против дрогата да биде внесено во училишната програма

**Г. Како се очекува промената да се случи?**

1. Ќе се засрамат од јавното мислење
2. Ќе видат дека доказите се силни и ништо не се направило
3. Ќе се состанат со членови од заедниците и ќе ја видат нивната хуманост
4. Ние ќе им дадеме информации
5. Директорот ќе сфати дека ова е важно прашање и ќе види дека можеме да помогнеме

**Д. Кои средства ќе ги користите за да влијаете на вашата публика?**

1. Демонстрација на главната улица за да се соберат потписи за да му се предадат на директорите на компанијата
2. Ќе контактираме со националните и локалните организации за човечки права и ќе им обезбедиме информации за случајот
3. Ќе организираме „Жива библиотека“ со претставници од овие заедници
4. Ќе одржиме изложба во младинскиот центар и ќе ја објавиме во градот
5. Ќе одржиме сесии во училиштето и младинскиот центар за употреба на дрога

## *На кој проблем сакате да работите ?*

Овој чекор е едноставен: тоа ќе биде резултат на дрвото на проблемот кој групата го има направено. Ако не ја спроведовте активноста на дрвото на проблемот, обидете се групата да го формулира проблемот кој сакате да го решите колку што е можно попрецизно.

## *Која е вашата целна публика?*

Освен ако не се надевате дека веднаш ќе го решите проблемот, целната публика за вашата акција не може да биде лицето или луѓето кои можат да направат конечна промена која вие ја барате. Вашата акција веројатно дека ќе биде не повеќе од еден чекор кон правење на промената; на пример, можеби ќе се обидувате да ја известите јавноста за некое прашање со цел да извршите притисок врз владата. Или можеби ќе се обидувате да поставите локална група такашто групата да може да работи на прашањето за кое сте загрижени.

Вашата целна публика во полето Б ќе биде групата на луѓе кон која ја насочувате вашита акција. Може да се состои од повеќе од една група луѓе; на пример, во првиот случај во дијаграмот, луѓето во градот и директорите на компанијата и двете се целната публика за акцијата. Акцијата зависи од луѓето во градот кои ќе ја потпишат петицијата која потоа се доставува до директорите на компанијата, со надеж дека тоа ќе влијае на нив, и ќе бидат принудени да ја исчистат реката.

## Кои промени се надевате да ги видите?

Ова прашање повторно се однесува на вашата акција, но не мора да се однесувате на крајната промена кон која се стремите. Малку е веројатно, на пример, дека акцијата од вашата група ќе може да стави крај на експлоатацијата на детските работници од страна на мултинационалните компании! Сепак, вие можеби ќе можете да генерирате интерес за проблемот, што ќе ги охрабри другите да преземат акција на различни начини, а тоа, пак, може да биде доволно за да се промени политиката на компанијата или владините регулативи што важат за тие компании.

Во ова поле треба да размислите за тоа што треба да се постигне со акцијата, и како ќе знаете дали сте успеале или не. Обидете се да ја поттикнете групата да биде колку што е можно поконкретна, да размислите што би значело дека акцијата оди добро или лошо. Користете ги инструкциите во претходниот дел: „Знајте го решението".

## Како се очекува да се случи промената?

Ова прашање сè уште не е за механизмот кој групата одлучува да го користи, туку за тоа како акцијата би требало да функционира и честопати се однесува на психологијата на менување на мислењето на луѓето или со неа луѓето да сфатат дека треба да направат нешто поинаку. Тоа е многу важно прашање кое често се заборава, а игнорирајќи го може да влијае на вашата акција.

Да претпоставиме, на пример, дека една група е загрижена поради зголемувањето на популарноста на националистичките или про-фашистичките организации и сака да го реши тоа прашање. Тие можеби рамислуваат да стават информативни летоци под вратите на луѓето кои живеат во област каде што поддршката за овие организации е голема. Меѓутоа, ако не препознаат зошто луѓето се свртуваат кон националистички организации, летоците може да имаат и спротивен ефект од тоа за што биле наменети. Групата ќе треба да размислува за тоа како може леток да промени нечие мислење како и кои пораки можат да делуваат моќно врз групата на која се наменети. Тие ќе треба да бидат свесни за некои од причините и загриженоста што лежат зад растечката поддршка за националистичките организации.

**Симболични јавни дејствува како форми на протест**
- Прикажувања на знамиња и симболични бои
- Носење симболи
- Молитва и обожување
- Испорака на симболични предмети
- Оневозможување на протест
- Уништување на сопствен имот
- Симболични светла
- Изложување на портрети
- Слики како протест
- Нови знаци и имиња
- Симболични звуци
- Симболични рекламации
- Недолични гестови

*Земено од 198 Методи на Ненасилна акција:* *http://www.peacemagazine.org/198.htm*

Ова поле е навистина „поле за проверка“, за да се размислува за тоа што треба да се случи за да се направи „резултатот“ неизбежно да следи од сегашната ситуација.

### Учениците против расизмот: помош на училишната администрација

Во рурално училиште во Португалија, нови ученици од Романија и Украина почнаа да бидат предмет на расистички коментари и дејства од другите во училиштето.
Наставниците и училишниот одбор не знаеја како да реагираат, бидејќи ова беше сосема нов проблем во регионот.

Голем број ученици, загрижени од она што се случува, се обратија до младинскиот работник во локалниот центар за помош и совети. Заедно креираа кампања во училиштето, која траеше една недела, наречена „Различен од надвор, ист однатре“ (Differente por fora, Igual por dentro). Беше користен секој момент од детските ден –во тек на оброци, часови, слободно време - и беа организирани различни активности за решавање на проблемот. Театарскиот клуб користеше форум театар, рачно изаботени плакати и беа дадени беџови, во центарот за одмор беа организирани уметнички активности, беа прикажани филмови и во кафетеријата беа сервирани колачи од различни земји. Неделата имаше таков успех што училиштето реши да организира сличен настан секоја година.

## Кои средства ќе ги користите за да влијаете на вашата публика?

Ова е тоа кон што води дијаграмот! Изборите за тоа што точно треба да се направи од страна на групата, ќе бидат ограничени движејќи се низ претходни чекори. Групата сега треба да биде во можност да изготви листа на можни дејства што ќе помогнат да се дојде до транзицијата идентификувана во претходното поле. Поттикнете ги да размислуваат креативно, погледнете ги некои од предлозите во Делот 2 од ова поглавје - и во студиите на случај - и потсетете ги на специфичните карактеристики на нивната група. Обидете се повторно да постигнете консензус околу конечниот избор.

### „Нови тактики во човековите права“

Нови тактики е разновидна група на меѓународни организации, советници и практичари кои постојат за промовирање на тактички иновации и стратешко размислување во рамките на меѓународната заедница за човекови права. Од 1999 година, проектот „Нови тактики во човековите права“ создаде уникатни ресурси, организирани околу потенцијалните решенија, наместо околу специфични проблеми, географски региони или целни групи. Ресурсите им овозможуваат на активистите да ги идентификуваат уникатните елементи на нивната ситуација и да бараат пристапи кои успеале на друго место, што може да биде применливо. Ресурсот им помага на активистите да комбинираат различните тактики во комплексни стратегии.

Многу од ресурсите може да се најдат, на различни јазици, на нивната веб-страна www.newtactics.org.

## Организирање

Постои една завршна фаза пред да ги однесете идеите на групата на улица. Пред практичната работа да може да започне, многу е препорачливо групата да подготви акционен план и да реши за организациските прашања. Иако ова можеби не е од суштинско значење за едноставна акција, тоа е корисна навика за групата, со што ќе се осигура дека задачите се поделени подеднакво, согласно вештините и преференциите. Исто така ќе осигура дека ништо не е заборавено!
Тие ќе треба да решат:
• Кои задачи треба да се извршат?
• Кој ќе преземе различни задачи?
• Кога тие ќе се извршат?

COMPASS

## Креирање табела на задачи

Табелата подолу илустрира замислена акција каде задачите се поставени според три прашања. Направете го тоа со групата, користејќи ги следните точки како водич:

1. Осигурајте се дека сѐ е напишано за да може да се провери како се одвива планираното. Ќе ви требаат два големи листови хартија и фломастер.
2. Осигурајте се дека на секој му е јасно за прашањето што се дискутира. Изберете една личност за да запишува и напишете наслов на врвот на хартијата. Со бура на идеи направете листа на сите работи што треба да се прават и да напишете ги на една од хартиите, така што секој може да види.
3. Размислете во текот на денот со групата, замислете што ќе се случи, и повторно проверете дали сте размислиле добро за сите потребни работи.
4. Сега разгледајте ја листата и решете дали работите треба да се направат Сега, Наскоро или Подоцна: ставете ги ознаките - С, Н или П за секоја работа.
5. Искористете го вториот лист хартија како „лист за одлуки“. На левата страна наведете ги сите задачи што треба да се извршат; потоа во следнава колона запишете кој ќе ја направи секоја од нив. Конечно, во третата колона забележете ги роковите за кои работата треба да биде завршена.
6. Распоредете ги задачите меѓу вас: не оставајте сѐ на еден или двајца луѓе. Размислете што ќе се случи ако тие се болни или преоптоварени со друга работа!

### Пример за табела на задачи

Настан: Улична акција за малцински права

| **Задача** | **Кој го прави** | **Кога** |
|---|---|---|
| Дизајнирање на летоци за делење | Сали и Џон | Состанок на 19 и 17 |
| Организирање на издавањето | Румен и Бен | После 20 септ. |
| Правење банери / плакати | Сите | Неделата од 24 септ. |
| Купување на материјали за банери и др. | Шила, Карен, Иван | Неделата од 17 |
| Да се заинтересираат други луѓе | Шила, Мока, Таниа | Неделата од 17 |
| Контактирање на локалниот совет | Дамиан, Су | Кога датумот е потврден |
| Известување на полицијата | Дамиан, Су | |
| Обидете се да присуствува локална влијателна фигура | Тим, Хана | |
| Информирање на малцинските групи | Луси, Санчита | |
| Нацрт на говорите | Натали, Бен, Сели | |
| Организирање на освежување | Петра, Пол | |
| Расчистување потоа | Натали, Бен, Румен, Санчита | |

# Резимирање и евалуација

Како и со секоја активност на ОЧП – а всушност и секоја акција, - од витално значење е да помине извесно време откако акцијата е завршена со цел во групата да се резимира и да се процени што било добро, и што можеше да биде подобро. Групата веројатно ја завршила акцијата со многу емоции, или негативни или позитивни. Важно е да им се даде шанса да разговараат за нив и да ги споделат со групата. Исто така, тоа ќе помогне во планирањето на понатамошни активности.

Следните прашања може да бидат корисни како рамка за спроведување на резимирањето.

• Кои се вашите чувства ден по акцијата? (Ова може да се направи за кратко како една тура со сите во групата)
• Што чувствувавте дека помина добро?
• Дали нешто беше потешко отколку што си мислевте дека ќе биде?
• Дали имало нешто неочекувано?
• Дали мислите дека има некои лекции што би можеле да ги научиме за следниот пат?
• Дали го постигнавме она што го направивме?
• Дали постигнавме нешто друго што можеби не беше предвидено?
• Дали се чувствувате задоволни со себе, и дали би сакале повторно да пробате нешто слично на ова?
• Што ќе правиме сега?!

## Фудбалски чизми во Африка

Емил беше ученик од 7-мо одделение во училиштето во Фредериксберг во Соро, Данска, а Анаклаито беше гостин учител во училиштето од Јужна Африка. За време на дискусијата со класот за домот и училишниот живот, Анаклаито коментирал колку можности и сопственост иимаат децата и младите луѓето во Данска. Тој рече дека дома, во Јужна Африка, неговите ученици немале соодветно фудбалско игралиште, а камоли фудбалски патики. Ова им даде на учениците идеја да направат колекција од користени фудбалски патики и да ги испратат во училиштето на Анаклаито. Го прашаа што мисли за идејата; одговорот беше позитивен, па учениците поставија постери во своето и во соседните училишта, барајќи донации. Локалниот фудбалски клуб слушнал затоа и донирал неколку пара од нивното шкафче со изгубени работи.

Одеднаш, Емил и неговите пријатели имале голем куп од 100 пара патики, кои на нивно разочарување, да се испратат до Јоханесбург ќе чинеело 500 дански пари (67 евра)! Затоа мораа да почнат да размислуваат што да прават понатаму. Најпрвин тие ги разгледаа патиките за да видат дали сите тие навистина вредат да се испратат.Останале 75 пара. Потоа, морале да ги најдат парите за поштарина, па класот напишал писма до неколку хуманитарни агенции и локалниот совет, добиле публицитет во локалниот весник и на радио за да побараат спонзорство. По неколку разочарувања претседателот на локалната туристичка асоцијација,кој организирал патување во Јужна Африка, контактирал со весникот и се понудил да помогне. Така, конечно, по шестмесечни напори, Емил успеал да го однесе пакетотдо пошта и да ги испрати патиките до Јоханесбург.

Извор:The Global Guest Teachet , AFS Interkultur, Denmark

# Поглавје 4

# Разбирање на човековите права

# Содржина на ова поглавје

ВОВЕД.....387
4.1. ШТО СЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА? .....388

Клучни вредности.....389
Карактеристики на човековите права.....389
Историски преглед.....390
Човекови права ширум светот.....393
Како можеме да ги искористиме нашите права? .....395
Дилеми за човековите права .....396

4.2. ЕВОЛУЦИЈА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА .....401

Ветувања, ветувања ... .....401
Кои се нашите права? .....401
Напредокот на науката .....405

4.3. ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА .....407

Домашни човекови права .....407
Човековите права се признаваат со договори .....407
Клучни меѓународни документи ..... 408
Унапредување на човековите права ..... 416
Дали е тоа доволно? .....422

4.4. АКТИВИЗАМ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И УЛОГАТА НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ .....424

Што се невладини организации? .....424
Видови на невладини организации за човекови права .....425
Како тие влијаат на процесот? .....425
Примери за успешен активизам .....427

4.5. ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА .....430

4.6. ЗАГАТКИ ..... .....433

# Вовед

Не постои образование за човекови права без човекови права. Разбирањето за тоа што се човековите права е меѓу најважните компетенции за секој едукатор за човековите права. Човековите права можат да се разберат и да се објаснат на многу едноставни или сложени начини; тие можат да се пренесат во апстрактни и појмовни форми или да се направат многу реални преку практични примери; тие можат да се гледаат од глобална перспектива или со многу локален поглед. Сепак, од суштинско значење е секој кој ќе влезе во едукација на човековите правада се чувствува способно да ги воведе човековите права и да одговори на прашања во врска со нив. Иако основната работа на фацилитаторите е да ги вклучат младите луѓе во учењето на човековите права, дел од тоа исто така вклучува и обезбедување на точни информации, демистификација на сложеноста на човековите права и решавањето на многу од нивните дилеми. Ова не може сепак, да се направи на сметка на клучните концепти и вредности на основните човекови права: универзалност, неделивост и неотуѓивост. Фацилитаторот на образованието за човекови права е, исто така, „амбасадор" и застапник за човекови права. Неуспехот да се обрати или да одговорат на клучните прашања во врска со човековите права ќе резултира со неуспех на образованието за човековите права. Како и со многу други прашања поврзани со човековите права, никој не очекува фацилитаторите да имаат одговори на сите прашања. Сепак, фер е да може да се очекува дека фацилитаторите знаат каде да ги најдат одговорите како и да ги поканат учесниците да ги најдат своите сопствени одговори, исто така.

Заблудите за потеклото на човековите права, особено нивната наводна „западна" природа, нивната универзалност и нивната примена и извршување може лесно да ја претвори добронамерната образовна дејност за човекови права во искуство што ги потврдува сомневањата и заблудите, наместо да ги разјасне. Учењето за човековите права во образованието за човековите права е суштинско и димензија за која не може да се преговара; без тоа, ништо од останатото нема смисла.

Во ова поглавје им обезбедуваме на корисниците на Компас повеќе информации за човековите права, кои се тие, како се развиле и како тие можат да бидат заштитени и промовирани. Тука, очигледно, не се сите информации за концептите и системите за човекови права што може да ги споделите. Како и со другите делови на Компас сепак, им дава на своите корисници важни појдовни точки и основни информации. До фацилитаторите е да побараат дополнителни информации во зависност од природата на нивната програма и потребите на учениците. Исто така, ова поглавје не треба да се разбере како „Што секој треба да знае за човековите права". Наместо тоа, допира до разни важни аспекти на човековите права. Индивидуалните ученици и фацилитатори можеби ќе треба да знаат повеќе (или помалку), особено во однос на начините на кои човековите права се развиени и заштитени во нивните земји.

Ова поглавје завршува со делот на прашања, одговори и загатки за човековите права, кои се едни од најчестите прашања и сомнежи за човековите права.

Како (несовршена) креација на (несовршени) човечки суштества, човековите права постојано се соочуваат со предизвици, развој и подобрување. Ние сметаме на корисниците на Компас да придонесат за нивно ажурирање, особено во однос на развојот што ќе се случува по објавувањето на Компас.

**Човековите права се она што не може да се одземе од вас.**
*Рене Касин*

**Човековите права треба да бидат разбрани од секого , не само од специјалистите.**

**Човековите права постојано се оспоруваат , развиваат и усовршуваат.**

# 4.1 Што се човековите права?

Човековите права се како оклоп: тие те заштитуваат; тие се како правила, бидејќи тие ви кажуваат како можете да се однесувате; и тие се како судии, бидејќи можете да поднесете жалба по нив.Тие се апстрактни - како емоциите; и како емоциите, тие му припаѓаат на сите и постојат без разлика што се случува.
Тие се како природата бидејќи можат да бидат повредени; и како духот, бидејќи тие не можат да се уништат. Како и времето, тие со сите се однесуваат на ист начин - богати и сиромашни, старии, млади, бели и црни, високи и ниски. Тие ни нудат почит, и тие обврзуваат ние да ги третираме другите со почит. Како и за добрината, вистината и правдата, ние понекогаш може да не се согласуваме околу нивната дефиниција, но ги препознаваме кога ќе ги видиме повредени.

? *Како ги дефинирате човековите права? Како објаснувате што се тие?*

**Кога нешто ќе наречеме човеково право, мислиме дека тој има валидно барање од општеството да го заштити во поседување на тоа право, или со сила на законот, или според образование и мислење.**
*Џон Стјуарт Мил*

Правото е тврдење дека сме во право со тоа што го правиме. Имам право на намирниците во мојата кошничка ако имам платено за нив. Граѓаните имаат право да изберат претседател, ако уставот на нивната земја тоа го гарантира, а детето има право да се однеси во зоолошката градина, ако неговите родители ветиле дека ќе го однесат. Ова се сите нешта што луѓето можат да имаат право да ги очекуваат, поради ветувањата или гаранциите што биле дадени од другата страна.
Меѓутоа, човековите права се супер тврдења со една разлика.Тие не зависат од ветувањата или гаранциите од друга страна. Правото на живот на некој не зависи од некој друг кој ветува дека нема да го убие или да ја убие: нивниот живот можеби зависи, но нивното право на живот не. Нивното право на живот зависи само од едно: дека тие се луѓе.

Прифаќањето на човековите права значи прифаќање дека секој има право да ги изрази овие тврдења: ги имам овие права, без разлика што велите или правите бидејќи сум човечко суштество, исто како вие. Човековите права се својствени за сите човечки суштества како вродени права. Зошто на тоа тврдење не му треба да има одредено однесување кое ќе го поддржи? Зошто ние не треба да бараме човечките суштества да ги заслужат своите права?
Барањето за човековите права во крајна линија е морално барање и се темели на морални вредности. Она што моето право на живот навистина значи е дека никој не треба да ми го одземе животот; би било грешно тоа да се направи. Кога е поставено тврдењето на овај начин, него не му треба поддршка. Секој читател најверојатно се согласува со тоа, бидејќи сите ние препознаваме, во нашите сопствени случаи, дека постојат одредени аспекти од нашиот живот, нашето битие, кои треба да бидат неприкосновени и дека никој друг не треба да биде во можност да ги прекрши, бидејќи тие се од суштинско значење за нашето битие, кои сме и што сме; тие се од суштинско значење за нашето човештво и нашето достоинство. Без човекови права не можеме да го постигнеме нашиот целосен потенцијал. Човековите права едноставно го прошируваат ова разбирање на индивидуално ниво на секое човечко суштество на планетата. Ако јас можам да ги направам овие тврдења, тогаш исто така можат и сите други.

**Секој пат кога умира правдата,тоа е како таа никогаш да не постоела.**
*Хозе Сарамаго*

? *Зошто е грешно да се прекрши нечие право на живот? Зошто е грешно да им се одземе животот? Дали се ова исти прашања?*

# Клучни вредности

Две од  клучните вредности кои лежат во срјта на идејата за човекови права се **човечкото достоинство и еднаквоста**. Човековите права можат да се разберат како дефинирање на тие основни стандарди кои се неопходни за достоинствен живот; и нивната универзалност е изведена од фактот дека во овој поглед, барем, сите луѓе се еднакви. Ние не треба, и не можеме да правиме разлика помеѓу нив.

Овие две верувања, или вредности, се навистина сè што е потребно за да се прифати идејата за човековите права, и овие верувања се тешко деливи. Затоа човековите права добиваат поддршка од секоја култура во светот, секоја цивилизирана влада и секоја голема религија. Се признава речиси универзално дека државната власт не може да биде неограничена или произволна; треба да се ограничи барем до степен до кој сите поединци  во нејзината јурисдикција можат да живеат со одредени минимални барања за човечко достоинство.

**Гледам на смртната казна како дивјачка и неморална институција која ги поткопува моралните и правните основи на едно општество. Убеден сум... дека дивјаштвото создава само дивјаштво.**

*Андреј Сахаров*

Многу други вредности можат да се извлечат од овие две основни вредности и да помагнат попрецизно да се дефинира како во пракса треба да ко-егзистираат луѓето и општествата. На пример:

**Слобода:** бидејќи човечката волја е важен дел од човечкото достоинство. Да се присили да се направи нешто против наша волја ќе го понижи човечкиот дух.

**Почитување на другите:** бидејќи недостатокот на почит кон некој  друг не успева да  ја цени нивната индивидуалност и суштинско достоинство.

**Не-дискриминација:** бидејќи еднаквоста во човечкото достоинство значи дека не треба да ги просудуваме човековите права и можности врз основа на нивните карактеристики.

**Толеранција:** бидејќи нетолеранцијата укажува на недостаток на почит кон различното; и еднаквост не значи униформност.

**Правда:** бидејќи луѓето еднакви во својата човечност заслужуваат фер третман

**Одговорност:** бидејќи почитувањето на правата на другите подразбира одговорност за нечии активности и  внесување на напори за остварување на правата на еден и на сите.

# Карактеристики на човековите права

Филозофите можат да продолжат да се расправаат за природата на човековите права, но меѓународната заедница ја започна својата неверојатна заложба за човековите права со усвојувањето на Универзалната декларација за човекови права во 1948 година.

Оттогаш, меѓународната заедница има воспоставено моќни концепти на УДЧП во бројни меѓународни, регионални и домашни правни инструменти. УДЧП не беше наменета да биде правно обврзувачка, но воспоставување на нејзините норми во многу последователни обврзувачки договори (инаку познати како „конвенции“ или „договори“) денес ги прават несомнени правните стојалишта на нејзините норми. Според овие принципи:

**Исто како што болката не е прифатлива за вас, така е и со другите. Знаејќи го овој принцип на еднаквост, третирајте ги другите со почит и сочувство.**

*Suman Suttam*

### Човековите права се неотуѓиви.

Ова значи дека не можете да ги изгубите, бидејќи тие се поврзани со самиот факт на човековото постоење, тие се својствени за сите човечки суштества. Во одредени околности некои - иако не сите - можат да бидат суспендирани или ограничени. На пример, ако некој прогласен за виновен за кривично дело, неговата или нејзината  слобода може да биде одземена; или за време на национална вонредна состојба, владата може јавно да објави, а потоа да одземе некои права, на пример, со воведување на полициски час ја ограничува слободата на движење.

### Човековите права се неделиви, меѓусебно зависни и меѓусебно поврзани

Ова значи дека различни човекови права се меѓусебно поврзани и не можат да се гледат изолирано едни од други. Уживањето на едно право зависи од уживањето на многу други права и ниту едно право не е поважно од останатите.

**Човековите права се универзални**

Што значи дека тие се применуваат подеднакво за сите луѓе насекаде во светот, и намаат временско ограничување. Секој поединец има право да ужива во неговите или нејзините човекови права без разлика на „раса“ или етничка припадност, боја, пол, сексуална ориентација, попреченост, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, раѓање или друг статус.

Треба да се напомене дека универзалноста на човековите права во никој случај не е закана на богатата разновидност на поединци или на различни култури. Универзалноста не е синоним за униформност. Различноста бара свет во кој сите се еднакви, и подеднакво заслужуваат почит. Човековите права служат како минимални стандарди кои се однесуваат на сите човечки суштества; секоја држава и општество се слободни да ги дефинираат и применуваат стандардите повисоко и поспецифично. На пример, во областа на економските, социјалните и културните права ја наоѓаме обврската да преземеме чекори за постепено да се постигнува целосна реализација на овие права, но не постои одредена позиција за зголемување на даноците за да се овозможи тоа. Секоја земја и општество треба да донесат такви политики во согласност со сопствените прилики.

**Државниот суверенитет подразбира одговорност, а примарната одговорност за заштита на нејзините луѓе лежи во самата држава.**
*Извештај на Интернационалата комисија за интервенција и државен суверенитет, 2001*

# Историски преглед

Идејата дека луѓето имаат вродени права има свои корени во многу култури и традиции. Можеме да видиме од бројни примери на почитувани лидери и влијателни кодекси на однесување дека вредностите отелотворени во човековите права не се ниту „западно творештво“ ниту изум на 20 век. Тие се одговор на универзалните човекови потреби и потрагата по правда. Сите човечки општества имаа идеали и системи за обезбедување правда, или во нивните усни или писмени традиции, иако не ги преживеале сите овие традиции.

# Античка историја

• Кодексот на Хамураби во Вавилонија (Ирак, околу 2000 година п.н.е.) беше првиот пишан правен код, основан од вавилонскиот цар. Се вети да „владее правда во царството, да ги уништи злите и насилни, да ги спречи силните да ги угнетуваат слабите, ... да ја просветли земјата и да го промовира доброто на луѓето“.
• Фараонот од древниот Египет (околу 2000 година п.н.е.), наводно, им дал инструкции на подредените дека „Кога петиторот ќе пристигне од Горен или Долен Египет, ...бидете сигурни дека сè е направено според законот, дека обичајот е почитуван и дека е почитувано правото на секој човек.“
• Повелбата на Кир (Иран, 539 пр.н.е.) била изготвена од кралот на Персија за луѓето од неговото кралство и ги признава правата на слобода, безбедност, религиска толеранција, слобода на движење, слобода од ропство и некои социјални и економски права.
• Учењата на Конфучие (околу 500 п.н.е.) го содржат концептот на рен или сочувство и сакање на другите како централна тема. Конфучие рекол : „Она што не го посакуваш за себе, не го прави на другите“. Д-р Пенг-Чун Чанг, кинески експерт за конфучионизмот, кој играше активна улога во изготвувањето на УДЧП, веруваше дека конфучионизмот ги постави темелите на идеите за човекови права.
• Имамот Али Ибн Ал Хусеин го напишал Посланието за правата на почетокот на 8 век од н.е. Колку што е познато, ова писмо е првиот документ што ги поставува главните права како што биле перципирани во тоа време и првиот обид кој не му приоѓа на концептот на права во неговата негативна димензија. Посланието, методолошки ги навело 50 од овие права. Тие се, духовно, закотвени со раните исламски заповеди.
• Повелбата на Манде (Charte du Mande) или Повелбата на Курукан Фуга (Charte de Kurukan Fuga) (околу 1236 од н.е),врз основа на кодификацијата на усните традиции од Западна Африка, ги поддржуваат принципите како децентрализација, зачувување на животната средина,

човекови права и културна разновидност.
• Африканскиот поглед на светот „убунту" ја доловува суштината за тоа што значи да се биде човек. Убунту ја нагласува почитта кон сите членови на заедницата, гостопримството и великодушноста. Идејата на е сумирана во ова: „Едно лице е лице преку другите луѓе". Оваа идеја има длабоки импликации за човековите права. Ако ние сме хумани преку другите, тогаш и дехуманизирањето на другите нè дехуманизира нас - оттука и потребата да се промовираат правата на другите, да се даде и да се добе прошка и да се почитуваат човековите права на другите.

**?** *Кои личности (политички, литературни и религиозни) во историјата на вашата земја се залагале или се бореле за вредностите на човековите права?*

## 13-ти до 18-ти век

Еволуцијата на идејата за универзални човекови права потекнува од темелите на поимите за достоинство и почит во цивилизациите ширум светот низ вековите. Сепак, идејата требаше да се зацврсти во закон, и требаа многу генерации за да се развие. Ние често ја извлекуваме оваа решеност за озаконување на поимот на правото од одредени историски искуства. Овие секако не се исцрпни. Како што нашето знаење за историјата на другите култури расте, без сомнение ќе го откриеме историскиот импулс за озаконување на правата и во другите култури.
• Во 1215, англиските благородници и членовите на свештенството го натерале кралот на Англија да се согласи да се придржува кон законот со изготвување на Голема повелба за слободите (MagnaCarta). Магна карта главно ги заштитувала правата на привилегираните (благородници) и според тоа не е за човековите права како такви. Таа стана широко цитиран документ во одбрана на слободите, бидејќи таа претставува ограничување на моќта на кралот и признавањето на слободите и правата на другите луѓе.
• Во 1689 година, Англискиот парламент усвоил закон со кој се декларира дека повеќе нема да го толерира кралското мешање во неговите работи. Овој закон, познат како Закон на правата (Bill of Rights), му забрани на монархот да го суспендира законот без согласност на Парламентот, одреди слободни избори за избор на пратеници на Парламентот и прогласи дека слободата на говорот во Парламентот нема да се доведува во прашање во судовите или на друго место.
• Хуиг де Грот (1583-1645) се смета дека го има измислено меѓународниот закон. Неговата книга „За законите на војната и мирот'' предлага систем на општи принципи базирани на „природен закон", за кој верувал дека треба да ги поврзе сите нации, без оглед на локалните закони или обичаи. Во текот на 17 и 18 век во Европа, голем број филозофи го развиле понатаму концептот на „природни права".
• Џон Лок (1689) ја разви теоријата дека секое човечко суштество има одредени права кои произлегуваат од неговата природа, а не од ниваната влада или нејзините закони. Легитимитетот на владата, всушност, се темели на почитувањето дека ги обезбеди овие природни права. Идејата дека овие природни права треба да им овозможат на луѓето право на одредени правни заштити, стана широко прифатена и почна да се рефлектира во уставите на некои земји. Човековите права ја преформулираа оваа идеја и исто така го потврдија истото за односот помеѓу владите и граѓаните.
• Во 1776 година, повеќето британски колонии во Северна Америка ја прогласија својата независност од Британската империја во Декларацијата за независност на САД. Ова во голема мера се темели на теориите на „природното право" на Лок и Монтескје. Врз основа на верувањето дека поседувањето моќ на владата и заштитата на слободата беа суштината, Декларацијата служеше за унапредување на идеите како што се: неотуѓиви права; заштита на индивидуалните права; слобода на говор, печат, петиција и собирање; приватност; соодветен судски процес; еднаквост пред законот и слобода на религијата.
• Во 1789 година, францускиот народ ја собори својата монархија и ја основа првата Француска Република. Француската декларација за правата на човекот и граѓанинот произлезе

**„Човекот е човек преку другите луѓе."**
*Дезмонд Туту*

**Во секоја фаза од историјата, гласот на протестите против угнетувањето биле слушнати; во секоја период , визиите на човечкото ослободување,исто така биле засенети . Како што се движевме кон модерните времиња, овие гласови и визии беа преведени во програми на социјална акција, и со време вградени во уставите на државите.**
*Мишелин Р. Ишеј (Micheline R. Ishay)*

**Слободата е моќта што ја имаме над самите себе.**
*Хуиг де Грот*

**Закон на правата е она на што луѓето имаат право наспроти секоја влада на земјата, општо или посебно, и она што ниту една влада не треба да го одбие ".**
*Томас Џеферсон, 1787*

од револуцијата и беше напишана од претставници на свештенството, благородништвото и обичните луѓе, кои ја напишаа за да ги отелотворат мислите на просветителските личности како Волтер, Монтескје, Енциклопедистите и Русо. Декларацијата го нападна политичкиот и правниот систем на монархијата и ги дефинира природните права на човекот како „слобода, имот, безбедност и право да се спротивстави на угнетувањето". Тоа го замени системот на аристократски привилегии, ко јпостоел за време на монархијата, со принципот на еднаквост пред законот. На нејзините термини за еднаквоста (егалитаризам) и теоретскиот концепт за еднакви права, сепак му требаше време за да се преведе во реалноста. Општеството беше длабоко нееднакво и имплементацијата траеше со генерации.

## Рани меѓународни договори: ропство и работа

Во 19-тиот и 20-тиот век, голем број прашања за човекови права дојдоа до израз и почнаа да се решаваат на меѓународно ниво, почнувајќи од прашањата како - ропството, слугувањето, бруталните услови за работа и детскиот труд. Отприлика во ова време беа усвоени првите меѓународни договори во врска со човековите права. Иако нудеа корисни заштити, основата на таквите договори беа меѓусебни заложби меѓу државите. Ова е во спротивност со современите договори за човекови права, каде обврските се должат директно на носителите на поединечни права.

• Ропството станало незаконско во Англија и Франција во деветнаесеттиот век. На Бриселска конференција од 1890 година, потпишан е Законот против ропството, кој подоцна беше ратификуван од осумнаесет држави. Ова ја објави намерата да се стави крај на трговијата на африкански робови.

• Меѓутоа, ова не одговори на принудната работа и постоечките брутални услови за работа. Дури и Меѓународната конвенција за ропство од 1926 година, која има за цел да го укине ропството во сите негови форми, не влијаеше на вообичаената практика на присилна работа сè додека длабоко не се навлезе во 1940-тите.

**Целта на секое политичко здружување е зачувување на природните и непропишани права на човекот. Овие правата се слобода, имот,безбедност и отпор против угнетување.**
*Декларација за правата на човекот и граѓанинот, 1789. Франција*

• Создавањето на Меѓународната организација на трудот (МОТ) (International Labour Organization (ILO) во 1919 година го изрази верувањето дека универзален и траен мир може да се постигне само ако се заснова на социјална правда. МОТ има развиено систем на меѓународни стандарди за труд за почитување на пристојна и продуктивна работа, слобода, еднаквост, безбедност и достоинство.

• Една од областите на работа за МОТ е нејзината акција за борба против детскиот труд, особено во најлошите форми. Таа се стреми кон бројни активности во оваа област до ден-денес, вклучувајќи ја и промоцијата на меѓународните договори за детски труд, како што е Конвенцијата на МОТ № 182 за најлошите форми на детски труд и Конвенција на МОТ бр. 138 за минималната возраст за вработување.

• Во периодот меѓу 1899 и 1977 година беа усвоени голем број на големи договори во областа на меѓународното хуманитарно право, што означуваше ново поле за рана соработка меѓу нациите. Меѓународното хуманитарно право го регулира однесувањето во вооружен конфликт. Се разбира, човековите права можат да се применуваат заедно со меѓународното хуманитарно право во многу области, на пример, во однос на третманот на затворениците. Меѓутоа, меѓународното хуманитарно право е поспецијализирано и подетално за многу други проблеми во време на конфликт, на пример во однос на дозволената употреба на оружје и воени тактики.

**Човечките суштества ... по природа сите се слободни, еднакви и независни,никој не може да биде ... подложен на политичката моќ на друг, без негова согласност.**
*Џон Лок*

*? Зошто сметате дека се појави потребата за меѓународни договори, наместо едноставно поединечно секоја земји да изготват свои стандарди?*

## 20 век

Идејата за заштита на правата на човекот со закон против злоупотребата на власта на владите почна да добива сè поширoко прифаќање во 20 век, особено со доаѓањето на Лигата на народите и Меѓународната организација на трудот и на нивната работа на правата на малцинствата, на трудот и други прашања. Важноста на кодифицирање на овие права во писмена форма

**Подобро да си слободен и гладен отколку да си дебел роб.**
*Езоп*

веќе беше признато од државите, и на овој начин, документите опишани погоре станаа рани претходници на многу од денешните договори за човекови права. Сепак, настаните од Втората светска војна навистина ги промовираа човековите права на меѓународната сцена. Ужасните злосторства извршени во оваа војна - вклучувајќи го и холокаустот и масовните воени злосторства –предизвика неоходна потреба за појава на друго тело на меѓународното право и, пред сè, создавање на човековите права како што ги знаеме денес.
Повелбата на Обединетите нации, потпишана на 26 јуни 1945 година, наведува дека основната цел на Обединетите нации е „да се спасат следните генерации од злото на војната“ и „да ја реафирмираат вербата во основните човекови права, во достоинството и вредноста на човечката личност и во рамноправноста на  правата на мажите и жените“.

Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) беше изготвена од Комисијата за човекови права на ООН, еден од органите на Обединетите нации и беше усвоена од страна на Генералното собрание на 10 декември 1948 година. УДЧП несомнено важна и продолжува да служи како најважен глобален инструмент за човекови права. Иако не е поставена како правно обврзувачка, УДЧП служи како инспирација за бројните заложби за човекови права, без разлика дали на национално, регионално или меѓународно ниво. Оттогаш, исто така низа на клучни инструмени за заштита на неговите принципи беа подготвени и прифатени од страна на меѓународната заедница. Повеќе информациите за некои од овие меѓународни договори можат да се најдат подолу во ова поглавје.

## Човековите права ширум светот

По усвојувањето на Универзалната декларација за човекови права, неколку региони од светот имаат воспоставено сопствени системи за заштита на човековите права, што постојат заедно со онаа на ООН. Денес постојат регионални институции за човекови права во Европа, Америка и Африка. Некои чекори, исто така, се во тек во арапскиот свет и регионот АСЕАН (Асоцијација на народи од Југоисточна Азија) кон институционализирање на регионалните стандарди за човекови права. Сепак, повеќето земји во овој дел од светот, исто така, ги ратификуваа главните спогодби и конвенции на ООН - на тој начин означувајќи ја нивната согласност со општите принципи и доброволно да се обврзат со меѓународното право за човекови права.

**Војните ќе продолжат да се водат толку долго сè додека човештвото не забележи дека човековата природа е идентична, без разлика на кое место од земјата се наоѓаме.**
*Пјер Дако*

Во Европа, стандардите и механизмите за човекови права се поддржани од страна на Советот на Европа, чуварот на човекови права на континентот. Неговата улога, особено преку Европската конвенција и Европскиот суд за човекови права, ќе биде дополнително објаснето подолу.

Покрај Советот на Европа, Европската Унија и Организацијата за безбедноста и соработката во Европа (ОБСЕ), играат важна улога, исто така.

Заложбата на Европската Унија за заштита на човековите права доби поддршка со усвојувањето на Лисабонскиот договор, кој стапи на сила на 1 декември 2009 година, давајќи целосен правен ефект на Повелбата за фундаментални права на Европската Унија. Содржејќи граѓански, политички, социјални и економски права, Повелбата бара од двете - и земјите-членки и самата Европска Унија да ги поддржат овие права. Судот на правдата на Европската  Унија ќе отфрли закон на ЕУ што е во спротивност со Повелбата ќе ја разгледа усогласеноста со ЕУ законите на земјите-членки, иако за секојдневното спроведувањето ќе  одлучуваат домашните судови. Повелбата ги истакнува правата според шест „наслови“ или поглавја: достоинство, слобода, еднаквост, солидарност, граѓанските права и правда. Насловот „достоинство“ го гарантира правото на живот и забранува тортура, ропство и смртна казна; „слобода“ ги вклучува правата на приватност, брак, мисла, изразување, здружување, образование, работа, имот и азил; „еднаквост“ ги опфаќа правата на децата и постарите лица; „солидарност“ ги штити социјалните и работните права, правото на фер услови за работа, заштита од неоправдано отпуштање и пристап до здравствена заштита; „граѓанските права“ го вклучуваат правото на глас и слободно движење, а „правдата“ ги покрива правата како што е

правото на ефикасен лек, правично судење и презумпција на невиност.

Агенцијата за фундаментални права (АФП) е експертско тело кое собира докази за состојбата со фундаменталните права во Европската Унија и обезбедува совети и информации за тоа како да се подобри ситуацијата. Не игра улога на мониторинг, туку соработува со релевантните институции во советувањето за подобро уживање на основните права.

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) обединува 57 држави од Европа, Централна Азија и Северна Америка. Иако не е конкретно посветена на заштитата на човековите права, темелниот пристап кон безбедноста овозможува да се насочи на широк спектар прашања, вклучувајќи ги и човековите права, националните малцинства, демократизацијата, полициските стратегии, борбата против тероризмот и економските и еколошките активности. Активностите на ОБСЕ во обласа на човековите права се спроведуваат преку Канцеларијата за демократски институции и човекови права со седиште во Варшава, ОДИХР е активна низ целиот регион на ОБСЕ во областите на набљудување на избори, демократски развој, човекови права, толеранција и недискриминација и владеење на правото. Нејзините активности се насочени кон младите вклучуваат едукација за човекови права, борба против антисемитизмот и исламофобијата.

Во Интер-Американскиот регион стандардите и механизмите за човекови права произлегуваат од Американската декларација за правата и должностите на човекот од 1948 година и Американската конвенција за човекови права од 1969 година. Усвоени се и посебни инструменти за бегалци, спречување и казнување на тортура, укинување на смртнат аказна, исчезнувања, насилство врз жените, животна средина и други работи.

Европската Унија

Африканската Повелба за човекови и народни права стапи во сила во октомври 1986 година и до 2007 година таа беше ратификувана од 54 држави. Повелбата е интересна поради голем број на разлики во нагласувањето помеѓу договорите што се усвоени во други делови од светот:
• За разлика од европските или американските конвенции, Африканската повелба ги опфаќа социјалните, економските и културните права, како и граѓанските и политичките права во истиот договор.
• Африканската повелба ги надминува индивидуалните права, а исто така обезбедува колективни права на народите.

• Повелбата, исто така, препознава дека поединците имаат должности, како и права, и наведува специфични должности кои поединецот ги има кон неговото или нејзиното семејство, општеството, државата и меѓународната заедница.

**?** *Зошто мислите дека се наведени должностите во Повелбата за човекови права?Дали мислите дека тие треба да бидат наведени во сите документи за човекови права?*

Регионалната Арапска комисија за човекови права е во функција од 1968 година, но само со многу селективни и ограничени овластувања во врска со промоцијата на човековите права. Ревидираната Арапската повелба за човекови права беше усвоена од Арапската Лига на држави во 2004 и стапи на сила во 2008 .

Овој документ ги вклучува социјално-економските права, како и граѓанско- политичките права и исто така, се повикува на „заедничката цивилизација" што ја делат арапските држави. Стапувањето во сила на Повелбата и нејзините механизми за мониторинг - Комитетот

на Арапската комисија за човекови права и Арапската подкомисија за човекови права - беа поздравени како знаци на надеж за унапредување на човековите права во регионот. Сепак, тие исто така, се најдоа под тешки критики, на пример, поради недостиг на забрана за сурово казнување, за гарантирање на економски и социјални права само за државјаните, за правење на некои права во зависност од исламскиот Шеријат, за дозвола да се наметнување на смртната казна врз деца ако националниот закон го предвидува ова, а исто така и за дозволување на ограничувањата на слободата на мислата, совеста и религијата ако тоа е предвидено со закон.

Меѓувладината комисија за човекови права (AICHR) беше формирана во 2009 година, како консултативно тело на Здружението на нации од Југоисточна Азија (АСЕАН). Оваа комисија за човекови права постои за да ги промовира и заштитува човековите права и да воспоставува регионална соработка во полето на човековите права во десетте држави-членки на АСЕАН. Описот на работата на оваа комисија е обврзаност за почитување на меѓународните принципи за човекови права, вклучително и универзалност, неделивост, меѓузависност и меѓусебна поврзаност на сите човекови праваи основни слободи, како и непристрасност, објективност, неселективност, недискриминација и избегнување на двојни стандарди и политизација

**ОБСЕ**
**http://www.osce.org/odihr**

**Организација на Американски држави**

## Како можеме да ги искористиме нашите права?

Човековите права постојат за сите нас. Па, како можеме да ги користиме? Јасно е дека самото нивно постоење не е доволно за да се стави крај на кршењата на човековите права, бидејќи сите ние знеме дека тие се кршат секој ден, во секој дел од светот. Значи, дали навистина тие можат да направат разлика? Како можеме да ги искористиме?

**Африканска Унија**

**?** *Дали знаете што да направите ако вашите човекови права се прекршени?*

## Препознавање на вашите права

Во следниот дел ги разгледуваме различните видови на права кои се заштитени со меѓународни закони. Ако знаеме кои области на човековото постоење се релевантни за законот за човекови права и сме свесни за обврските на владите од овој закон, тогаш можеме да почнеме да применуваме притисок на различни начини. Овој дел илустрира дека речиси секоја област на неправда е релевантна за човековите права: од ниската скала за сиромаштија, преку еколошка штета, здравје, услови за работа, политичка репресија, права на глас, генетски инженеринг, малцински прашања, конфликт, геноцид ... и пошироко. И бројот на проблеми се зголемува дури и денес.

**Секој има обврски кон заедницата во која само така е можен слободен и целосен развој на неговата личност.**
*Универзална декларација за човекови права.*

Некои од прашањата што се однесуваат на примената на законодавството за човекови права се адресирани директно во делот „Прашања и одговори“. Тие даваат кратки одговори на некои од прашања кои често се поставуваат за човековите права. Ако сте загрижени за да дознаете како одредено прашање - на пример, правото на здравје, образование или фер работни услови - може да биде подобро заштитено, ќе ви биде корисно да го разгледате контекстот на информации релевантни за ова прашање на www.coe.int/compass.

**Арапска повелба за човекови права**

**Здружение на нации од Југоисточна Азија (АСЕАН)**

## Користење правни механизми

Ќе ги разгледаме правните механизми кои постојат за заштита на различни области на интересите на луѓето. Во Европа - но и во Африка и Америка, постои суд кој се занимава со поплаки за прекршувања - Европскиот суд за човекови права. Дури и таму каде што жалбите не спаѓаат под јурисдикција на Европскиот суд, ние ќе го направиме тоа за да видиме дека постојат други механизми за да ги држат држави одговорни за нивните постапкии ги принудуваат ги да ги исполнат своите обврски според законот за човекови права. Постоењето на законот помага, дури и ако не постојат секогаш законски средства за спроведување на усогласеност од страна на државите.

## Лобирање, кампања и активизам

Една важна улога во вршењето на притисок врз државите играат здруженијата, невладините организации, добротворните организации и други групи на граѓански иницијативи. Ова ја формира содржината на делот за активизам и улогата на невладините организации. Улогата на ваквите здруженија е особено релевантна за просечниот маж и жена на улица, и не само затоа што ваквите здруженија честопати земаат поединечни случаи, туку  и затоа што тие обезбедуваат средство за обичниот човек да се вклучи во заштитата на човековите права на другите. Впрочем, ваквите здруженија се составени од обични луѓе! Ќе погледнеме како тие дејствуваат за да ги подобрат човековите права и исто така ќе погледнеме некои примери за успешна акција.

**Вредностите се невидливи како ветрот. Од трепкањето на лисјата  знаете дека има  ветер. Така ги сфаќате и вредностите преку активностите на луѓето.**
*Ева Анксл (Éva Ancsel)*

**?** *Дали некогаш сте биле вклучени во кампања или активизам за човекови права?*

## Вклучете се

Поглавје 3, Преземање акција, ги донесува  овие видови на акции до секојдневно ниво и нуди голем број примери за акција во која би можеле да се вклучите. Младинските групи имаат огромен потенцијал да извршат притисок врз државите или меѓународните тела и да осигураат дека случаите на кршење на човековите права се спречени или станале видливи за очите на јавноста. Примерите во овој дел треба да ви обезбедат конкретни мерки што би можеле да се  преземат од вашата или другите групи и исто така да дадат поголем увид во начинот на кој работат невладините организации на секојдневно ниво.

## Дилеми за човековите права

Остварувањето на правата значи соочување со голем број пречки. Прво, некои влади, политички партии или кандидати, социјални и економски актери и актери на граѓанското општество го користат јазикот на човековите права без посветеност на целите на човековите права. На моменти ова може да се должи на  штурото разбирање на она на што повикуваат стандардите за човекови права. Понатаму, ова се должи на намерна злоупотреба, на желбата грешно да се претставаат себеси како почитувачи на човековите права со цел да изгледаат добро во очите на светот. Второ, владите, политичките партии или кандидатите или актерите на граѓанското општество можат да го критикуваат прекршувањето на човековите правата од страна на другите, но самите тие не ги почитуваат стандардите за човековите права. Ова често е критикувано како двоен стандард. Трето, може да има случаи кога  човековите права се ограничени во име на заштита на правата на другите. Ова, се разбира, би можело да биде легитимно. Човековите права не се безгранични, и спроведувањето на вашите права не треба да им наштети за уживањето на правата на другите. Сепак, ние треба да бидеме будни, за да „заштитата на човековите права на другите“ не е само празен изговор за наметнување

ограничувања. Активно граѓанско општество и независно судство е важно во следењето на ваквите случаи.Четврто, постојат случаи кога заштитата на правата на една група луѓе може, само по себе, да вклучува ограничување на правата на другите. Ова треба да се разликува од претходниот случај на ограничување на правата. Не е секогаш лесно да се проценат таквите случаи.

## Конфликти на правата

Сепак, правата исто така можат да се спротивставаат. „Конфликти на права" се однесува на судири кои можат да се појават меѓу различните човекови права или помеѓу истите човекови права за различни лица. Еден пример може да биде кога има двајца пациенти кои имаат потреба од ново срце со цел да преживеат; сепак, постои само едно достапно срце за трансплантација. Во овој случај, правото на еден пациент на живот е во конфликт со истото човечко право на друг пациент. Друг пример се јавува во случај на еутаназија, кога правото на живот на некој може да биде во судир со неговото/нејзиното право да умре или на правото да биде ослободен од деградирачки третман. На овој начин, различни човекови права се во конфликт кај едно лице. Трет случај се однесува на ситуации кога различните човекови права на различни луѓе се во конфликт. Еден пример за ова е отсликан во случајот кој е доведен до Комитетот на ОН за елиминација за расна дискриминација, во еврејската заедница во Осло et.al. против Норвешка. Во 2000 година, групата позната како „Деца во чизми" (Bootboys) маршираше во чест на нацистичкиот водач Рудолф Хес. Учесниците носеле „полу-воени" униформи и лидерот на маршот г-дин Тери Сјоли имал антисемитски говор по што толпата го повторувала и правела нацистичкиот поздрав и извикувала: „Зиг Хајл". Судирот во овој случај беше помеѓу правото на г-дин Сјолина слобода на изразување и правото на еврејската заедница да не биде дискриминирана. Комитетот на ОН сметаше дека изјавите на г-дин Сјоли содржат идеи на расна супериорност и омраза, и затоа овој вид на исклучително навредлив говор не е заштитен со правото на слобода на изразување.

**Во остварувањето на нивните права и слободи, секој ќе биде предмет на ограничување само до таа мера која е утврдени со закон само поради обезбедување на должно признавање и почитување на правата и слободите на другите и на исполнување на праведни барања на моралот, јавниот ред и општа благосостојба во демократско општество.**

*УДЧП, член 29 (2)*

## Културни традиции

Традиционалните културни практики ги одразуваат вредностите и верувањата што ги имаат членовите на една заедница за периоди кои често опфаќаат генерации. Секоја социјална групација во светот има специфични традиционални културни практики и верувања, од кои некои се корисни за сите членови, додека други се штетни за одредена група, како што се жените. Овие штетни традиционални практики вклучуваат следно: осакатување на женски гениталии (ЖГО); принудно хранење на жени; рано мажење; различните табуа или практики кои ги спречуваат жените да ја контролираат сопствена плодност; табуа за исхрана и традиционални практики на раѓање; преферирањето на синови и со тоа импликации за статусот на девојчето; женски инфантицид; рана бременост; и цена за купување (цена на мираз). И покрај нивната штетна природа и со тоа нивно кршење на меѓународните закони за човекови права, таквите практики постојат, и се доведуваат во прашање и добиваат аура на моралност во очите на оние што ги практикуваат.
Канцеларија на високиот комесар за човекови права на Обединетите нации
Низа практики кои негативно влијаат врз здравјето на жените и децата, и ги кршат меѓународните стандарди за човекови права, често се нарекуваат „штетни традиционални практики". Ова не значи дека сите традиционални практики се штетни и ги прекршуваат човековите правата, но кога ќе го направат тоа, треба да можеме да ги разгледаме и да се справиме со нив.

Договорените бракови се вообичаена практика во многу култури, каде што младите жени - а исто така и мажи - се очекуваат и се должни да се омажат за некој кој е избран од нивното

семејство, често на многу млада возраст (забележете дека договорениот брак не е ист како присилен брак). Треба ли да се забрани таквата практика со цел да се заштитат децата и правата на младите? Или тоа би било непочитување на културната традиција?

Други примери можат да се најдат во континуираната практика на осакатување на женските гениталии во многу земји. Илјадници луѓе страдаат од последиците од ваквите практики и повеќето луѓе сигурно ќе ги сметаат за сериозно кршење на правата.
Дали осакатувањето на женските гениталии треба да се смета за културна специфичност која треба да се „толерира" или кршење на човековото право на телесен интегритет и здравје?

Заштитата на сите човекови права за сите одредува одбивање на штетните традиционални практики. На никој не може да им се одречат нивните човекови права и достоинство поради традиција и култура, не само затоа што традициите и културите не се напишани во камен: тие се менуваат и се развиваат; она што најчесто било точно пред дваесет години нема никаква смисла за денешната генерација. Штетните традиционални практики се исто така потсетник за тоа дека промовирањето на човековите права се потпира на образовни програми и напори. Многу штетните традиционални практики не можат да се надминат само со репресија и осуда: со цел да бидат ефективни тие бараат образование и ангажирање на сите засегнати страни. Дури и ако државите како потписнички на меѓународните договори за човекови права ја имаат крајната одговорност,честопати самите ативностите на поединците, поддржани од семејствата и заедниците, ги одржуваат овие практики. Промената на истите не може да се наложи „одозгора", туку бара редовна едукативна работа со засегнатите семејства и заедници, тоа е единствен начин кој преку промовирање на човековите права може да се усогласи со она што може да биде перципирано како специфични културни права и практики.

**?** *Дали културните практики треба да ја надминат универзалноста на човековите права?*

**Станува сè појасно дека женското генитално осакатување, злосторства на чест, присилни бракови и другите практики нема да бидат искоренети додека жените не се сметаат за целосни и еднакви учесници во оптшетствениот, економскиот, културниот и политичкитот животот на нивните заедници.**
*Халима Ембарек Варзази*

## Во име на добра причина

Меѓународната заедница понекогаш ги користи санкциите за да ги казни режимите за кои се смета дека систематски ги прекршуваат човековите права. Санкциите можат да ја забранат трговијата со земјата насилник, со цел да изврши притисок врз владата за да ги смени нејзините акции. Овие активности понекогаш се решаваат унилатерално од страна на една држава, а друг пат тие се усвоени од страна на Советот за безбедност на ООН. Некои земји биле целосно изолирана од страна на меѓународната заедница: Јужна Африка беше изолирана со години поради својот одвратен систем на апартхејд, а со децении беа наметнати санкции врз Ирак, Северна Кореја, Иран и други. Нема сомнение дека ефектите од таквите санкции можат да се почувствуваат од нормалните луѓе, но тие особено се чувствуваат од најранливите делови на општеството. Дали се ова прифатливи средства на меѓународната заедница да стави крај на кршењата на човековите права од страна на одредени држави?

**Штетни традиционални практики**

Во својот извештај „Одговорност за заштита" Меѓународната комисија за интервенција и државен суверенитет повика на претпазливост и за акцентирање на превенцијата наместо реакција. Меѓутоа, кога меѓународната заедница треба да прибегне на „исклучителна и вонредна мерка" на „воена интервенција со цел за заштита на луѓето", тие инсистираат на прагот на големи загуби на живот или етничко чистење. Дури и тогаш, тие ги изјавуваат следниве „Предупредувачки принципи":
• Вистинска цел: Примарната цел на интервенцијата, без оглед на другите мотиви што ги имаат државите кои интервенираат, мора да биде да се запре или да се спречи човечкото страдање. Вистинската цел е подобро обезбедена со мултилатерални операции, јасно поддржани со мислењето на регионот и засегнатите жртви.
• Последно средство: Воена интервенција може да се оправда само кога сите не-воени опција за превенција или мирно решавање на кризата се искористени, со разумна основа на

верување дека послабите мерки нема да имаат успех.
• Пропорционални средства: Скалата, времетраењето и интензитетот на планираната воена интервенцијата треба да биде минимално потребна за да се обезбеди дефинираната цел за заштита на човекот.
• Разумни изгледи: мора да постојат разумни шанси за успех во запирање или спречување на страдањето кое ја оправдало интервенцијата, при што последиците од дејствувањето најверојатно нема да бидат полоши од последиците од неактивноста.

Со цел на ретроспективно разбирање, како мислите дека овие мерки на претпазливост се однесуваат, на пример, на одговорот на меѓународната заедница на масакрот во Сребреница во 1995 година, на бомбардирањето на НАТО во Косово во 1999 година или на интервенцијата во Авганистан во 2001 година? Можат ли овие активностите да се оправдаат во смисла на нивните крајни резултати иако предизвикаат голем број жртви?

**Додека важноста на националните и регионалните специфичности и различното историско, културно и религиозно потекло мора да се имаат на ум, должност на државите е, без оглед на нејзините политички, економски и културни системи, да ги промовира и да ги заштити сите човекови права и основни слободи.**
*Виенската декларација(1993)*

? *Дали одбраната на човековите права може да се искористи за да се оправда воена кампања?*

Во април 2001 година, резолуција на Комисијата на Обединетите нации за човекови права ја отфрли идејата дека борбата против тероризмот може некогаш да го оправда жртвувањето на заштитата на човековите права. Резолуцијата 2001/24 ги осуди вооружените напади поврзани со конфликтот во Република Чеченија на Руската Федерација и прекршувањето на хуманитарното право извршено од чеченските борци, како и одредени методи што ги користеле руските федерални сили во Чеченија. Таа ја повика Руската Федерација да формира независна државна истражна комисија, во согласност со признати меѓународни стандарди, за да ги испитаат повредите.

## Човекови права: Постојано се менуваат, постојано се развиваат

Прашањата покренати во претходниот дел, немаат сите прецизни одговори: тие остануваат предмет на жестока дебата, дури и денес. Таквите дебати, до одреден степен, се важни. Тие се индикација и на плуралистичкиот пристап кој е фундаментален на поимот човекови права и на фактот дека човековите права не се наука, не се фиксна „идеологија“, туку се област која се развива со морална и правна мисла. Не треба секогаш да очекуваме црни и бели одговори. Овие прашања се сложени и можат само да бидат соодветно избалансирани од случај до случај.

Сепак, тоа не значи дека нема одговори и нема области на согласност. Има многу, и тие се зголемуваат речиси секојдневно. Прашањето за ропството е она кое се дебатираше, и каде толеранцијата повеќе не се смета за прифатлива: правото на слобода од ропство сега е универзално прифатено како основно човеково право. Осакатувањето на женските гениталии, иако е брането во името на културата од страна на некои, е широко осудено како кршење на човековите права. И смртната казна е слично прашање - барем во Европа, каде што членовите на Советот на Европа или ја укинаа смртната казна или најавија мораториум на егзекуции. Всушност, укинување од смртната казна денес е предуслов за членство во Советот на Европа. Според Амнести Интернешнл, повеќе од две третини од земјите во светот ја укина смртната казна во закон или во пракса. Додека 58 земји ја задржа смртната казна во 2009 година, повеќето од нив не ја искористија.

**Правдата е право на послабите.**
*Џозеф Џуберт*

Затоа треба да бидеме сигурни дека многу од овие прашања исто така ќе дојдат до нивно решавање. Во меѓувреме, ние можеме да помогнеме во дебатата и да направиме сопствени пресуди за повеќе контроверзни прашања со упатување на двете основни вредности: еднаквост и човеково достоинство. Ако некоја акција го третира било кој поединец со недостаток на човеково достоинство, тогаш го крши духот на човековите права.

**Каде што населението трпи сериозна штета, како резултат на внатрешна војна, бунт, репресија или неуспех на државата, и државата што е во прашање не сака или не може да го запре или спречи тоа, принципот на неинтервенирање ја повикува меѓународната одговорност за да заштити.**
*Извештај на Интернационалата комисија за интервенција и државен суверенитет, 2001 година*

# 4.2 Еволуцијата на човековите права

„Сите права се универзални, неделиви и меѓузависни и меѓусебно поврзани“.
*Виенска декларација, 1993 година*

## Ветувања, ветувања ...

Нашите лидери направија огромен број ветувања за човековите права во наше име! Ако се исполнеа сите гаранции на кои се потпишале, нашиот живот би бил мирен, безбеден, здрав и удобен; нашите правни системи би биле фер и на сите би им понудиле иста заштита; и нашите политички процеси би биле транспарентни и демократски и би им служеле на интересите на луѓето.
Па тогаш што се прави погрешно? Едно од малите нешта што тргнува наопаку е тоа што политичарите се како сите нас и честопати ако можат да го направат тоа, одат по покусиот пат! Значи, ние треба да знаеме точно какви ветувања се направени во наше име и да се осигураме дека се држат до нив .

**?** *Дали секогаш го правите она што сте го кажале дека ќе го направите? Дури и ако никој не ве потсетува?*

## Кои се нашите права?

Знаеме дека имаме право да ги почитуваме сите човекови права. УДЧП, на ЕКЧП и други договори покриваат широк спектар на различни права, па затоа ќе ги разгледаме нив по редот по кој тие биле развиени и биле признати на регионално ниво или од страна на меѓународната заедница. Најстариот начин на класификација на овие права е во „прва, втора и трета генерација“ права, па ние ќе го следиме тоа засега но, како што ќе видиме, таквата класификација има ограничена употреба и понекогаш може да биде грешна. Овие категории, сепак, не се прецизни. Тие едноставно се еден начин - меѓу многуте - за класификација на различните права. Повеќето права спаѓаат во повеќе од една категорија. Правото на изразување на своето мислење, на пример, е и граѓанско и политичко право. Тоа е од суштинско значење за учество во политичкиот живот, како и на фундаментално на нашата лична слобода.

**Да се биде затворен, не е проблем. Проблемот е да се избегне предавање.**
*Назим Хикмет*

### *Граѓански и политички права (прва генерација права)*

Овие права почнаа да се појавуваат како теорија во текот на седумнаесеттиот и осумнаесеттиот век и главно се базираа врз политички интерес. Започнало да се препознава дека имало одредени работи што сите моќни владетели не би можеле да ги прават и дека луѓето треба да имаат некое влијание врз политиките што ги засегаат. Двете централни идеи беа оние на лична слобода и на заштита на поединецот против прекршувањата од страна на државата.

Граѓанските и политичките права денес се детално утврдени во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (ICCPR) и во Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (ЕКЧП), и тие вклучуваат права како што е право да учествуваат во влада и забрана за тортура. Овие права традиционално се сметаат од

многу - барем на „западот“ - како најважни човекови права. Во следниот дел ќе видиме дека ова е грешно гледиште.

**Човековите права се подложни на политичка злоупотреба**

За време на Студената војна, земјите од Советскиот блок беа сериозно критикувани за нивното непочитување на граѓанските и политичките права. Овие земји за возврат одговориле со критикување на западните демократии, за игнорирање на клучните социјални и економски права, кои ќе ги разгледаме следно. Имаше барем елемент на вистината во двете критики. Тоа исто така, илустрира како човековите права се подложни на политичка злоупотреба.

„Државите и меѓународната заедница како целина продолжуваат, премногу често, да ги толерираат прекршувањата на економските, социјалните и културните права кои, ако се случат во врска со граѓанските и политичките права, ќе предизвикаат изрази на ужас и бес и ќе доведат до заеднички повици за итна корективна акција “.
*Изјава на Виенската конференција од страна на Комитетот на ОН за економски, социјални и културни права, 1993*

## *Социјални, економски и културни права (втора генерација на права)*

Овие права се однесуваат на тоа како луѓето живеат и работат заедно и на основните потреби за живот. Тие се засноваат на идеите за еднаквост и загарантиран пристап до основните општествении економски добра, услуги и можности. Тие се повеќе станаа предмет на меѓународно признавање со ефектите од раната индустријализација и порастот на работничката класа. Овие доведоа до нови барања и нови идеи за значењето на достоинствен живот. Луѓето сфатија дека човековото достоинство бара повеќе отколку недостаток на мешање од државата како што е предложено од страна на граѓанските и политичките права. Социјалните, економските и културните права се наведени во Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (ICESCR), а исто така и во Европската социјална повелба на Советот на Европа.

**Прво доаѓа барањето, а потоа поуката.**
*Бертолд Брехт*

• Социјалните права се оние кои се неопходни за целосно учество во животот на општество. Тие вклучуваат барем право на образование и право да се најде и да се одржи семејството, но исто така и многу права кои често се сметаат за „граѓански“ права:на пример, правата за рекреација, здравствена заштита, приватност и слобода од дискриминација.
• Економските права вообичаено се смета дека вклучуваат право на работа, до соодветен стандард на живеење, домување и право на пензија ако сте стари или лице со посебни потреби. Економските права го одразуваат фактот дека одредено минимално ниво на материјална сигурност е неопходно за човековото достоинство, а исто така и фактот дека, на пример, недостатокот на релевантно вработување или домување може да биде психолошки понижувачки.
• Културните права се однесуваат на културниот „начин на живот“ на заедницата и често им е дадено помалку внимание од многу други видови на права. Тие вклучуваат право слободно да учествуваат во културниот живот на заедницата и, можеби, исто така и на право на образование. Меѓутоа, многу други права, кои не се официјално класифицирани како „културни“, ќе бидат од суштинско значење за малцинските заедници во рамките на општеството кои ќе ја зачуваат нивната посебна култура: на пример, правото на недискриминација и еднаква заштита со законот.

**Социјалните, економските и културните права се засноваат на идеите на еднаквост и гарантиран пристап до основните социјални и економски стоки, услугии можности**

## *Права на солидарност (права од трета генерација)*

Списокот на меѓународно признати човекови права не остана постојан. Иако ниту едно од правата наведени во УДЧП не е сериозно доведено под знак прашање во над 60 години од неговото постоење, нови договори и документи ги појаснија и понатаму ги развивија некои од основните концепти што беа утврдени во тој оригинален документ.

Овие додатоци се резултат на голем број фактори: тие делумно доаѓаат како одговор на

променливите идеи за човековото достоинство, а делумно како резултат на појавува на нови закани и можности. Во случај на нова специфична категорија на права што беше предложена како права од трета генерација, тие беа последица на подлабоко разбирање на различните видови на пречки кои можеби стојат на патот на остварување на правата од првата и втората генерација.

Идејата во основата на третата генерација права е онаа на солидарност; и правата кои ги вклучуваат колективните права на општеството или на народите, како што е правото на одржлив развој, мир или здрава животна средина. Во голем дел од светот, условите како што се екстремна сиромаштија, војна, еколошки и природни катастрофи, значеше дека таму има многу ограничен напредок во однос на човековите права. Од таа причина, многу луѓе сметаа дека признавањето на новата категорија на човекови права е неопходно:овие права ќе обезбедат соодветни услови за општествата, особено во државите во развој, да може да ги обезбедат првата и на втората генерација права кои веќе биле признати.

**правото на развој, право на мир, право на здрава животна средина, на хуманитарна помош ...**

Специфичните права кои најчесто се вклучени во категоријата од третата генерација на правата се права за развој, за мир, за здрава животна средина, да учествува во користење на заедничкото наследство на човештвото, комуникацијата и хуманитарна помош.

Меѓутоа, имаше одредена дебата во врска со оваа категорија на права. Некои од експертите се противат на идејата за овие права, бидејќи тие се „колективни права", во смисла дека се поседуваат од страна на заедниците, па дури и цели држави. Тие тврдат дека човековите права може да ги поседуваат само поединци. Аргументот не е само вербален, бидејќи некои луѓе стравуваат дека таквата промена во терминологијата може да обезбеди „оправдување" за одредени репресивни режими да ги негираат (индивидуалните) човекови права во име на овие колективни човекови права; на пример, сериозно скратување на граѓанските права со цел да се обезбеди „економски развој".

Постои уште една загриженост која понекогаш се изразува: бидејќи не е државата туку меѓународната заедница таа која треба да ги заштити правата од третата генерација, одговорноста е невозможно да се гарантира. Кој или што, би требало да биде одговорен за да се осигура дека има мир на Кавказ или на Блискиот Исток, или дека Амазонската прашума не е уништена и дека се преземени соодветни мерки против климатските промени?

Сепак, како и да одлучиме да ги наречеме, постои општа согласност дека овие области бараат понатамошно истражување и понатамошно внимание од меѓународната заедница. Некои колективни права веќе се признати, особено во рамките на Африканската повелба за правата на човекот и народите и Декларацијата за правата на домородните народи. Самата УДЧП го вклучува правото на самоопределување, а човековото право на развој беше кодифицирано во Декларацијата на Генералното собрание на ОН од 1986 година.

Правото на развој е неотуѓиво човеково право врз основа на кое секоја човековата личност и сите народи имаат право да учествуваат во, да придонесуваат и уживаат во економски социјален, културен и политичкиот развој, во кој сите човекови права и основни слободи можат целосно да се реализираат (Декларација на ОН за правото на развој).

## *Дали некои права се поважни од други?*

Социјалните и економските права имаа потешкотии да бидат прифатени на исто ниво со граѓанските и политичките права, од причини кои се и идеолошки и политички. Иако може на обичниот граѓанин да му чини очигледно дека такви работи како минимален стандард за живот, домување и разумни услови за вработување се од суштинско значење за човековото достоинството, политичарите не биле секогаш подготвени да го признаат тоа. Една причина несомнено е дека обезбедувањето основни социјални и економски права за сите во светот ќе бара масовна редистрибуција на ресурсите. Политичарите се свесни дека тоа не е тип на политика која носи освојување на гласовите.

Затоа, таквите политичари сугерираат дека втората генерација на права се разликува од правата генерација на граѓански и политички права. Првото тврдење често е дека социјалните и економските права не се ниту реални ниту може да се реализираат, барем на краток рок, и според тоа ние треба да се движиме кон нив само постепено. Ова е пристапот што беше усвоен во МПЕСКП (Меѓународен пакт за економски социјални и културни права): владите само треба да покажат дека преземаат мерки кон исполнување на овие цели во некоја точка во иднина. Сепак, тврдењето секако е отворено за оспорување и се чини дека повеќе се заснова на политички аспекти одошто на нешто друго. Многу независни студии покажуваат дека има доволно ресурси во светот, и доволно експертиза, за да се осигура дека основните потреби на сите би можеле да бидат задоволени доколку се направи заеднички напор.

**Различните видови на права се многу поблиску поврзани меѓусебно отколку што укажуваат нивните етикети.**

Второ тврдење е дека постои фундаментална теоретска разлика помеѓу првата и втората генерација на права: дека првиот вид на права бара од владите само се воздржуваат од одредени активности (ова се т.н. „негативни" права); додека вториот тип бараат позитивна интервенција од владите (ова се „позитивни" права). Аргументот наведува дека не е реално да се очекува од владите да преземат позитивни чекори, на пример да обезбедат храна за секого, и затоа тие не се обврзани да го прават тоа. Без никаква обврска од никого, не може да има право со некаква смисла и значење на тој збор. Сепак, постојат две основни недоразбирања во овој начин на размислување.

Прво, граѓанските и политичките права во никој случај не се чисто негативни. Со цел, на пример, владата да гарантира слобода од тортура, таа не е доволно само од владините претставници да се воздржат од мачење луѓе! Вистинската  слобода во оваа област често бара систем на проверки и контроли кои треба да се воспостават: полициски системи, правни механизми, слобода на информации и пристап до местата на притвор – и уште многу повеќе. Истото важи и за обезбедување на правото на глас и за сите други граѓански и политички права. Со други зборови, овие права бараат позитивна акција од страна на владата во прилог на воздржување од негативно дејство.

Второ, социјалните и економските права, исто како и граѓанските и политичките права,  бараат владите да се воздржуваат од одредени активности: на пример, да даваат големи даночни олеснувања на компаниите или  поттикнување на развојот на региони кои веќе поседуваат релативна предност, или наметнување  на трговски тарифи со кои се казнуваат земјите во развој - и така натаму.

**?** *Какви позитивни активности треба владата да одобри за да може да се обезбедат вистински слободни и фер избори?*

Всушност, различните видови на права се меѓусебно многу поблиску поврзани отколку  што укажуваат нивните наслови (етикети). Економските права се спојуваат со политичките права; граѓанските права често не може да се разликуваат од социјалните права. Етикетите можат да бидат корисни за да се направи поширока слика, но тие исто така можат  да бидат многу грешни. Многу права можат да припаднат во било која категорија и правата од една категорија, за нивното остварување,  може да зависат од исполнувањето на правата во друга категорија.

Затоа е соодветно да се потсетиме на разбирањето кое е запишано во Виенската декларација од 1993 година и Програмата за акција, која  во став 5 препознава дека:
Сите човекови права се универзални, неделиви и меѓузависни и меѓусебно поврзани.Меѓународната заедница мора да ги третира човековите права на глобално ниво на фер и рамноправен начин, на иста основа, и со ист акцент.

## *Другите објаснувања за „основни“ и „други“ права*

„Генерацискиот пристап“ не е единствениот напор во разликувањето на правата во светло на развивање на правата. Некои права можат да се дерогираат за време на вонредна состојба; други не можат. Некои права се признаваат како „jus cogens“ или норми кои се прифатени од меѓународната заедница на држави како норма од која не е дозволено отстапување: примерите вклучуваат забрани против геноцид, ропство и систематска расна дискриминација. Некои права се „апсолутни“ и не можат да бидат предмет на отстапување или ограничување во нивната манифестација, на пример забраната за мачење. Обврските за „минимално јадро“ се идентификувани во врска со одредени економски и социјални права, на пример обезбедувањето на суштинска примарна здравствена заштита, базични засолништа и образование. Други може да сугерираат дека колективните права се суштински, со тоа што тие воспоставуваат рамка за заштита во која потоа можат да се реализираат индивидуалните права. Не постои јасен консензус или единствена теорија за ова, и повеќето набљудувачи би ја зајакнале важноста на нагласување на универзалноста, неделивоста и меѓузависноста на правата.

**Двете, и правото на самоопределување и правото на развој се ... во исто време и индивидуални и колективни права.**

*Чиди Анселм Одинкал*

Меѓутоа, без оглед на прашањето за развивање, науката понекогаш предизвикува потреба за примена на нормите за човекови права на нови предизвици, а овие ќе бидат дискутирани подолу.

## Напредокот на науката

Друга област каде што се признаваат новите права е во здравството и медицината. Нови научни откритија отвориле неколку прашања во врска со етиката и човековите права, особено во областа на генетскиот инженеринг, и во врска со трансплантацијата на органи и ткива. Прашања за самата природа на животот мораше да се решат како резултат на техничките достигнувања во секое од овие полиња.

Советот на Европа одговори на некои од овие предизвици со нов меѓународен договор: Конвенцијата за заштита на човековите права и достоинството на човековото битие во однос на примената на биологијата и медицината, од 1997 година („Конвенција од Овиедо“). Оваа конвенција е потпишана од 30 земји-членки на Советот на Европа и ратификувана од десет. Ги поставува насоките за некои од проблематичните прашања покренати во претходниот дел.

Резиме на најрелевантните статии:

• Забранета е каква било форма на дискриминација врз лице врз основа на нивното генетско наследство.
• Прогностички генетски тестови можат да се изведуваат само за здравствени цели, а не, на пример, со цел да се утврдат физичките карактеристики што детето ќе ги развие покасно во текот на животот .
• Интервенција која има за цел да го модифицира човечкиот геном може да се преземе само за превентивни, дијагностички или терапевтски цели.
• Не е дозволено размножување (репродукција) со помош на медицински помагала, кога тоа се прави за да се одреди полот на идното дете.
• Отстранување на органи или ткива од жив човек поради трансплантација може да се врши исклучиво за терапевтска корист на примачот.

**Секој има право [...] да учествува во научниот напредок и нејзините придобивки.**

*Член 27, УДЧП*

Генетскиот инженеринг е метод на промена на наследените карактеристики на организмот на предодреден начин со менување на неговиот генетски материјал. Напредок во оваа област доведе до интензивна дебата за голем број различни етички прашања и прашања за човекови права; на пример, дали треба да се дозволи промена на герминативните клетки кога тоа ќе резултира со трајна генетска промена за целиот организам и за следните генерации; или дали репродукција на клониран организам од ген на поединец треба да биде дозволено ако се работи за човечки суштества штом тоа е дозволено за глувци и овци.

**Советот на Европа Конвенција од Овиедо**

### ? *Треба ли да постојат граници за тоа што научниците можат да истражуваат?*

Напредокот на биомедицинската технологија, исто така, доведе до можност за трансплантација на возрасни и фетални органи или ткива од едно тело во друго. Како генетски инженеринг, ова нуди огромен потенцијал за подобрување на квалитетот на живот на некои луѓе, па дури и за спасување на животот - но разгледајте некои од проблематичните прашања што се покренуваат од овие предности:

- Ако животот може да се спаси или подобри со употреба на орган од мртво тело, дали секогаш треба да се прави обид за тоа? Или мртвите тела, исто така, заслужуваат почит?
- Како може да се осигураме дека секој што има потреба да добие трансплантација има еднакви шанси доколку има ограничено снабдување со органи?
- Дали треба да постојат закони за зачувување на органи и ткива?
- Дали постои пристап на права за генетски модифицираната храна и добиточна храна (ГМО)? Ако има, што е тоа?

**Секоја интервенција која се обидува да создаде човечко суштество генетски идентично на друго човечко суштество, без разлика дали на живо или мртво, е забрането.**
*Дополнителен протокол на Конвенција за заштита на човековите права и достоинство на човечкото битие, Париз 1998 година*

# 4.3 Правна заштита на човековите права

Ние веќе знаеме дека човековите права се неотуѓиви права што ги поседува секое човеково суштетсво, но како можеме да пристапиме до овие права? Каде може да најдеме докази дека овие права официјално се признати од државите? И како се спроведуваат овие права?

## Домашни човекови права

Очигледно е дека заштитата и разбирањето на човековите права во најголем дел се потпираат на развојот и механизмите на национално ниво. Законите, политиките, процедурите и механизмите што се воспоставени на национално ниво се клучни за уживање на човековите права во секоја земја. Затоа од клучно значење е човековите права да се дел од националните уставни и правни системи, правните професионалци да се обучени за примена на стандардите за човекови права и кршењето на човековите права да се осудува и санкционира. Националните стандарди имаат повеќе директно влијание и националните процедури се попристапни од оние на регионално и меѓународно ниво. Како што забележа Елинор Рузвелт:

**Заштитата на човековите права најмногу се потпира на механизми на национално ниво**

> Каде, на крајот на краиштата, започнуваат универзалните човекови права? На мали места, близу до домот -толку блиску и толку мали што не можат да се видат на која било карта на светот. Сепак тие се светот на индивидуата: соседството во кое живее; училиштето или колеџот што го посетува; фабриката, фармата или канцеларијата каде што работи. Тоа се местата каде што секој маж, жена и дете бара еднаква правда, еднакви можности, еднакви достоинство без дискриминација. Доколку овие права немаат значење таму, тие имаат малечко значење било каде на друго место.(2)

Затоа, должноста на државата да ги почитува, промовира, заштитува и исполнува правата е основно, а подружницата на регионалните или меѓународните трибунали, стапуваат во игра главно, каде што државата намерно или постојано ги крши правата. Сите знаеме примери за тоа како прибегнувањето кон регионални и меѓународни механизми стана неопходно како потврда дека повредите се случуваат на национално ниво. Регионалната и меѓународната грижа или помош можат да бидат поттикнувачи за обезбедување на правата внатре во земјата, но тоа е направено само кога сите домашни начини се искористени и исцрпени. Поради оваа причина, остатокот од овој дел го посветуваме токму на ова сценарио. Кон што се прибегнува кога домашниот систем не успал да обезбеди соодветна заштита за уживањето на човековите права?

**?** *Зошто мислите дека дури и држави со многу лош извештај за човековите права се подготвени да потпишат меѓународни договори за човекови права?*

## Човековите права се признаваат со договори

На меѓународно ниво, државите се здружија за да изготват одредени договори на темата на човековите права. Овие договори воспоставуваат објективни стандарди на однесување за државите, наметнувајќи им одредени должности кон поединците. Тие можат да биде од два вида: правно обврзувачки или необврзувачки.

Обврзувачкиот документ, честопати наречен Договор, Конвенција или Пакт преставува доброволна обврска на државите да ги спроведуваат човековите права на национално ниво. Државите индивидуално прифаќаат да бидат обврзани со овие стандарди преку ратификација или пристапување (едноставното потпишување на документот не го прави обврзувачки, иако тоа претставува подготвеност да го олесни тоа). Државите можат да направат резервации или декларации во согласност со Виенската конвенција за правото од 1969 година, која ги ослободува од одредени одредби во документот, со цел провлекување осигурување што е можно од повеќе потписници. На крајот на краиштата, подобро е да се има држава која ветува дека ќе се придржува кон некои одредби за човековите права отколку на никои! Меѓутоа, овој механизам понекогаш може да биде злоупотребен и да се користи како изговор за негирање на основните човекови права, дозволувајќи им на државата да „избега“ од меѓународната контрола во одредени области.

Секоја душа е заложник на своите сопствени акции.
*Коран*

Меѓутоа, човековите права, исто така, преминале врз обврзувачкиот закон на национално ниво. Меѓународните норми за човекови права ги инспирираа државите да ги вклучат таквите стандарди во националните устави и други закони. Тие исто така можат да обезбедат можности за надомест на штета за кршењето на човековите права на национално ниво.

Спротивно на тоа, необврзувачкиот инструмент во основа е само декларација или политички договор од страна на државите за тоа дека сите обиди ќе бидат направени за да се исполнат пропишани права но, без законска обврска да го сторат тоа. Ова вообичаено во пракса значи, дека нема официјални (или правни) механизми за имплементација, иако може да постојат силни политички заложби да ги имаат.

? *Која е вредноста во тоа да се има само „ветување“ дека ќе се придржуваат кон стандардите за човековите права,кога ова не е поткрепено со законски механизми? Дали е подобро од ништо?*

Одржани се состаноци на Генералното собрание на Обединетите нации или конференции на ООН за конкретни прашања честопати резултираат со декларација на Обединетите нации или необврзувачки документ често наречен како „мек закон“. Сите држави, едноставно со тоа што се членки на Обединетите нации или учествувајќи на конференцијата, се смета дека се согласуваат со дадената изјава. Признавањето на човековите права исто така треба, на национално ниво, да биде резултат на договор меѓу државата и нејзиниот народ. Кога човековите права се признати на национално ниво, тие првенствено стануваат политичка обврска на државата кон своите луѓе.

## Клучни меѓународни документи

Законот не го менува срцето, но ги ограничува бездушните.
*Мартин Лутер Кинг*

Важноста на човековите права сè повеќе се признава преку поголем број на инструменти кои нудат таква заштита. Ова треба да се гледа како победа не само на активистите за човекови права, туку на луѓето воопшто. Последица на таквиот успех е развојот на големо и сложено тело на текстови за човекови права (инструменти) и процедури за спроведување.

Инструментите за човекови права се класифицирани во три главни категории: географскиот опсег (регионален или универзален), категоријата права што се предвидени и каде што се релевантни, специфичната категорија на лица или групи на кои им е дадена заштита.

Само на ниво на ООН, постојат повеќе од сто документи поврзани со човековите права, и ако ги додадеме и оние на различните регионални нивоа, бројот уште повеќе се зголемува. Ние тука, не можеме да ги разгледаме сите овие инструменти, па овој дел ќе се занимава само со оние кои се најрелевантни за целите на образованието за човекови права во *Компас:*

• документи кои се широко прифатени и ја поставиле основата на развојот на други инструменти за човекови права, особено Меѓународниот закон за права. (За поспецифични инструменти, како што е Конвенцијата за бегалци, Конвенцијата за геноцид и инструментите кои се однесуваат на меѓународното хуманитарно право, ве молиме да ги погледнете тематските делови од Поглавје 5 на www.coe.int/compass.)
• документи поврзани со специфични прашања или корисници, кои се истражени во овој прирачник
• главните европски документи.

# Инструменти на Обединетите нации

Најважниот глобален инструмент за човекови права е Универзалната декларација на човековите права, усвоена во 1948 година од страна на Генералното собрание на ООН. Таа е толку широко прифатена што нејзиниот почетен необврзувачки карактер е сменет, а голем дел од неа сега често се наведува како правно обврзувачка врз основа на обичајното меѓународно право. Таа е инструментот за човековите права кој е камен-темелник, од кој десетици други меѓународни и регионални инструменти и стотици домашни устави и други закони, имаат црпено инспирација.

УДЧП се состои од предговор и 30 членови кои ги уредуваат човековите права и основните слободи на кои имаат право сите мажи и жени насекаде во светот, без никаква разлика (без дискриминација). Таа ги опфаќа двете - и граѓанските и политичките права како и социјалните, економските и културните права:

• Право на еднаквост
• Слобода од дискриминација
• Право на живот, слобода, лична безбедност
• Слобода од ропство
• Слобода од тортура и деградирачки третман
• Право на признавање како лице пред законот
• Правото на еднаквост пред законот
• Право на правен лек од страна на надлежен трибунал
• Слобода од произволно апсење и егзил
• Право на фер јавен распит
• Право да се сметате за невин додека не се докаже вина
• Слобода од мешање во приватноста, семејството, домот и кореспонденцијата
• Право на слободно движење во и надвор од земјата
• Право на азил во други земји поради прогон
• Право на државјанство и слобода на менување
• Право на брак и семејство
• Право на сопственост
• Слобода на верување и религија
• Слобода на мислење и информации
• Право на мирно собирање и здружување
• Право на учество во владата и на слободни избори
• Право на социјално осигурување
• Право на пожелна работа и придружување кон синдикатите
• Право на одмор и слободно време
• Право на соодветен стандард за живот
• Право на образование
• Право на учество во културниот живот на заедницата
• Право на социјален поредок што го артикулира УДЧП

Универзалната декларација на човековите права е најважна од сите инструменти за човекови права.

Декларацијата, исто така, содржи силна препорака за должностите на заедницата и граѓанството како суштинско значење за слободен и целосен развој и за почитување на правата и слободите на другите. Слично на тоа, правата во декларацијата не можат да бидат повикани од луѓе или од држави поради кршење на човековите права.

**Меѓународниот пакт за граѓански и политички права**(МПГПП)(ICCPR) и **Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права**(МПЕСКП) (ICESCR), двата стапија на сила во 1976 година и се главните законски обврзувачки инструменти за примена насекаде во светот. Двата Пакта беа изготвени со цел да се прошират правата наведени во УДЧП, и да им дадат правна сила (во рамките на договорот). Заедно со УДЧП и неговите факултативни протоколи, тие го формираат Меѓународниот пакт на правата. Секој од нив, како што кажуваат нивните имиња, обезбедува поинаква категорија на права, иако тие исто така, ја делат загриженоста на пример, во однос на недискриминацијата. Двата инструменти се широко ратификувани, МПГПП има 166 ратификации, а МПЕСКП има 160 ратификации, до ноември 2010 година.

Покрај Меѓународниот закон за правата, ООН усвои уште седумдоговори кои се однесуваат на одредени права или корисници. Постои мобилизација за идејата за одредени права или корисници - на пр. детски права - и покрај примената на сите човекови права за децата и младите, се гледа дека децата не уживаат еднаков пристап до овие општи права и им се потребни конкретни дополнителни заштити.

**Конвенцијата за правата на детето (1989)** признава дека децата имаат човекови права и дека на луѓето на возраст под 18 години им е потребна посебна заштита со цел да се осигура дека нивниот целосен развој, нивниот опстанок и нивниот најдобар интерес се почитувани.

Меѓународен закон за права

**Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расната дискриминација (1965)** ја забранува и осудува расната дискриминација и бара од државите-членки да преземат чекори истата да заврши со сите соодветни средства, без разлика дали тие се спроведуваат од јавните власти или други .

**Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против Жените** (КЕДПЖ) (CEDAW, 1979) се фокусира на дискриминација која е често системски и рутински при што страдаат жените преку „дистинкција, исклучување или ограничување направено врз основа на полот која има ефект или цел да го наруши или поништи признавањето, уживањето или остварувањето од страна на жените [...] за човекови права и основни слободи во политичка, економска, социјална, културна, граѓанска или било кој друга област“. (Член 1) Државите се обврзуваат да ја осудат таквата дискриминација и да преземат итни чекори да се обезбеди еднаквост.

**Конвенцијата против тортура и други форми на суров, нечовечки или деградирачки третман (1984**) ја дефинира тортурата како „силна болка или страдање, без разлика дали физичко или ментално“ (член 1.1), што намерно е нанесено за да се добијат информации, како казна или принуда или врз основа на дискриминација. Овој договор бара од страна на државите да преземат ефикасни мерки за спречување тортура во рамките на нивната јурисдикција и забрана за враќање на луѓето во нивната матична земја, ако има причина да се верува дека таму ќе бидат мачени.

**Конвенција за заштита на правата на работниците мигранти и членови на нивните семејства** (1990) се однесува на лице кое „треба да биде ангажирано, е ангажирано или било ангажирано во платена активност во држава во која тој или таа не е државјанин“ (член 2.1), и на членовите на неговото/нејзиното семејство. Исто така, покрај опишувањето на општите човекови права од кои овие луѓе треба да имаат корист, договорот појаснува дека без разлика дали е документиран и во редовна и правна позиција или не, овие лица не треба да претрпуваат дискриминација во однос на уживањето на правата како што се слободата и безбедноста, заштитата од насилство или лишувањето од слобода.

**Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (2006)** означува револуционерна промена не само во дефинирање на лицата со посебни потреби, туку и во нивното признавање

како еднакви субјекти со целосни и еднакви човекови права и фундаментални слободи. Договорот ја појаснува примената на правата на таквите луѓе и ги обврзува државите како страни да прават разумни приспособувања за лицата со попреченост со цел да им дозволат ефикасно да ги остваруваат своите права, на пример, со цел да се обезбеди нивен пристап до услугите и културениот живот.

**Конвенцијата за принудени исчезнувања (2006**) се осврнува на феноменот што е глобален проблем. Договорот го забранува „апсењето, притворот, киднапирањето или која било друга форма на лишување од слобода" (член 2), без разлика дали од државни агенти или други кои дејствуваат со согласност на државата, по кое следи одбивање на признавањето за лишување од слобода или прикривање на судбината или престојот на исчезнатото лице. Нејзината цел е да се стави крај на овој циничен чекор и обид да се нанесат сериозни повреди на човековите права, а да се извлечат од тоа.

## Заштита на специфични групи на ниво на ООН и на европско ниво

Како и признавањето на основните права на поединците, некои инструменти за човекови права ги признаваат правата на одредени групи. Овие специјални заштити постојат поради претходни случаи на дискриминација против групите и поради нерамноправната и ранлива позиција која некои групи ја заземаат во општеството. Посебната заштита не обезбедува нови човекови права како такви, туку се обидува да осигура дека човековите права на УДЧП се ефективно достапни за секого. Затоа е грешно да се преправаме дека луѓето од малцинствата имаат повеќе права отколку луѓето од мнозинството; ако постојат посебни права за малцинствата, тоа е едноставно да им се гарантираат еднакви можности во пристапот до граѓански, политички, социјални, економски или културни права.
Примери за групи кои добиле посебна заштита се:

## Малцинства

Малцинствата комплетно не се дефинирани со меѓународните инструменти за човекови права, но најчесто во такви инструменти тие се опишани како оние со национални или етнички, верски или јазични карактеристики кои се разликуваат од мнозинското население и кои тие особености сакаат да ги задржат. Овие се заштитени:

• на ниво на ООН со член 27 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права како и со Декларацијата за правата на лицата припадници на националните или етничките, верските и јазичните малцинства усвоена во 1992 година

• на европско ниво со обврзувачки инструмент - Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства (РКЗНМ), која создаде тело за надзор од независни експерти: Советодавен комитет на РКЗНМ. Други сектори од Советот на Европа имаат активности кои се релевантни за заштита на малцинствата: Европската повелба за регионални или малцински јазици, Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРН) и Комесарот за човекови права, меѓу другото, се значајни за ова.

• со заземање на посебно место во Организацијата за безбедност и соработка во Европа

## Важни договори за човековите права на Обединетите нации

| Договор | Надгледуван од | Факултативни протоколи |
|---|---|---|
| **Меѓународна конвенција за елиминација на расна дискриминација (1965)** | Комитет за елиминација на расната дискриминација | |
| **Меѓународен пакт за граѓански и политички права (1966)** | Комитет за човекови права | Прв факултативен протокол за основање на механизам за индивидуални жалби Втор факултативен протокол со цел за укинување на смртната казна. |
| Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (1966) | Комитет за економски, социјални и културни права | Факултативен протокол за признавање на надлежност на Комитетот за комуникација од поединци или групи (2008) |
| Конвенција за правата на детето (1989) | Комисија за правата на детето | Факултативен протокол за вклучување на деца во вооружени конфликти (2000). Факултативен протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија (2000). Факултативниот протокол кој им дозволува на децата директно да поднесуваат жалби до Комитетот (2011) |
| **Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против жените (1979)** | Комитет за елиминација на дискриминацијата против жените | Факултативен протокол за правото на поединечни жалби |
| **Конвенција против тортура и други форми на суров, нечовечки или деградирачки третман (1984)** | Комитет против тортура | Факултативен протокол за воспоставување систем на редовни посети од независни меѓународни и национални тела - под надзор на Поткомитетот за превенција (2002) |
| Конвенција за заштита на правата на работниците-мигранти и на членовите на нивните семејства (1990) | Комитет за заштита на правата на работници-мигранти и членови на нивните семејства | |
| Конвенција за правата на лицата со попреченост (2006) | Комитет за правата на лицата со попреченост | Факултативен протокол за овозможување на комуникации на поединци и групи да поднесат петиција до Комитетот. |
| **Конвенција за принудени исчезнувања (2006)** | Комитет за принудени исчезнувања | |

(ОБСЕ) од страна на Високиот комесар за национални малцинства и со релевантни документи на ОБСЕ

## Деца

Нивната главна заштита е дадена на ниво на ООН со Конвенцијата за правата на детето (КПД) од 1989 година, најмногу ратификуваната конвенција (не е ратификувана само од страна на САД). Четирите основни принципи на Конвенцијата се: недискриминација; посветеност на почитување на најдобриот интерес на детето; правото на живот, опстанок и развој; и почитување на ставовите на детето.

На африканско ниво, Африканската повелба за правата и благосостојбата на детето обезбедува основни детски права, земајќи ги предвид уникатните фактори на состојбата на континентот. Таа стапи на сила во 1999 година. Пактот за правата на детето во Исламот беше усвоена од Организацијата на исламската конференција во 2005 година. Комисијата за унапредување и заштита на правата на жените и децата на АСЕАН беше инаугурирана во април 2010 година.

Конвенција на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба стапи на сила на 1 јули 2010 година. Оваа конвенција е прв инструмент за утврдување на различните форми на сексуална злоупотреба на деца како криминални дела вклучувајќи и такви злоупотреби извршени во домот или семејството.

Државите го штитат постоењето и националниот или етнички, културен, верски и јазичен идентитет на малцинствата во рамки на нивните територии и ги поттикнуваат условите за промовирање на тој идентитет.

*Декларација на ОН за правата на малцинствата*

# Бегалци

Правата на бегалците се специјално загарантирани со Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година и Високиот комесар на Обединетите нации за бегалци (УНХЦР). Единствен регионален систем со посебен инструмент за заштита на бегалците е Африка со усвојувањето на Конвенцијата за управување на специфичните аспекти за проблемите на бегалците во Африка, во 1969 година, додека во Европа - ЕКЧП, исто така, нуди одредена заштита.

# Жените

Со цел да се промовира еднаквоста меѓу половите во целиот свет, правата на жените се посебно заштитени со Конвенцијата на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација против жените (КЕДПЖ), 1979.

Дете значи секој човек на возраст помала од осумнаесет години освен ако според законот применлив за детето, полнолетноста е постигната порано.

*Конвенција на ОН за правата на детето*

Во Советот на Европа, 2009 година беше усвоена Декларацијата: Да се направи родовата еднаквост да биде реалност. По 20 години од усвојувањето на оваа декларација се одбележа една друга - Декларација за еднаквост на жените и мажите. Целта на Декларацијата од 2009 е да се премости јазот меѓу еднаквоста на половите, всушност, како и во законот. Ги повикува земјите-членки да ги отстранат структурните причини за нерамнотежа на моќта помеѓу жените и мажите, да се обезбеди економска независност и зајакнување на жените, да се адресира потребата за елиминирање на воспоставените стереотипи, да се искорени прекршувањето на достоинството и човековите права на жените преку ефективна акција за спречување и борба против родово-базирано насилство и интеграција на перспективата за родова еднаквост во управувањето.

# Други

Групите како што се лицата со посебни потреби, исто така, добиваат посебна заштита поради нивната ранлива позиција, што може да ги направи повеќе склони кон злоупотреба. Ова е воспоставено во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, која ќе биде дискутирано понатаму во Поглавје 5 на www.coe.int/compass.

И други групи исто така, на пример домородните народи, добиле посебна заштита на меѓународно ниво со Декларацијата на Обединетите нации од 2007 година за правата на домородните народи, иако таа сè уште не е правно обврзувачки инструмент.

**?** *Дали постојат други групи во вашето општество кои имаат потреба од посебна заштита?*

# Регионални инструменти

Како што можеме да видиме погоре, меѓународните и регионалните инструменти генерално ги поддржуваат истите минимални стандарди, но тие може да се разликуваат во нивниот фокус или во подигање на регионално фокусирани проблеми. На пример, грижата за внатрешно раселените лица беше распространета во африканскиот регион пред проблемот да се појави како прашањето за загриженост на ООН; слично, механизмот за посета на притвор во обид да се спречи тортура, за првпат беше воспоставен на европско ниво пред да биде дозволен Факултативниот протокол за истиот механизам според Конвенцијата на ОН против тортура. Овие примери покажуваат како регионалните и меѓународните норми и механизми можат да го подобрат промовирањето и заштитата на човековите права.

Практичната предност на постоење на регионални норми и системи за заштитата на човековите права е дека тие се со поголема веројатност да бидат направени во поблиску до основите на географските, историските, политичките, културните и социјални афинитети. Тие се поблиску до „дома“ и се со поголема веројатност да уживаат поголема поддршка. Тие се исто така повеќе

достапни за креаторите на политиката, политичарите и жртвите. Затоа можеме да ги видиме како втор „фронт“ за почитување на човековите права, првиот е домашен, вториот регионален и третиот меѓународен.

Четири од петте светски региони имаат воспоставено системи за човекови права за заштита на човековите права. Целта на регионалните инструменти е да ги артикулира стандардите и механизмите за човекови права на регионално ниво, без да ја намали универзалноста на човековите права. Со развојот на регионалните системи, дали поради економски поттик, или повеќе од историски или политички причини, тие исто така ја почувствуваа потребата да ги артикулираат регионалните заложби за човекови права, често со зајакнување на механизмите и гаранциите на системот на ООН. Навистина имало многу примери каде што регионалните стандарди ги надминуваат меѓународно договорените стандарди, еден пример е африканскиот пионерското систем за признавање на потребата од заштита не само на бегалците, ами исто така и за внатрешно раселените лица.

Во Америка, постои Организација на американски држави, а главниот обврзувачки документ е Американската конвенција за човекови права од 1969 година.

Во Африка ја наоѓаме Африканската повелба за човекови и народни права, усвоена во 1986 во рамките на Африканската Унија (порано позната како Организација на африканско единство).

На азискиот континент, до сега не е развиен вистински систем и единствениот регионалниот инструмент за човекови права е необврзувачката повелба на народите од граѓанското општество од 1998 година- Азиската декларација за човекови права.

## Европски инструменти

Европа има добро воспоставен систем за заштита на човековите права во рамките на Советот на Европа, во кој камен-темелник е Европската конвенција за човекови права заедно со Европски суд за човекови права со седиште во Стразбур.

**?** *Зошто мислите дека различни региони сметаат дека е неопходно да воспостават сопствени системи за човекови права?*

Советот на Европа, со своите 47 земји членки, игра клучна улога во промовирањето на човековите права во Европа. Неговиот главен инструмент за човекови права е Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (исто така познат како Европската конвенција за човекови права - ЕКЧП). Таа е прифатена од сите земји-членки во Советот на Европа, бидејќи тоа е услов за членство. Таа беше усвоена во 1950 година и стапи во сила три години подоцна. Обезбедува граѓански и политички права и неговата главна сила е машинеријата за негово спроведување, Европскиот суд за човекови права. На овој суд и на неговата јурисдикција ѝ се восхитуваат низ целиот свет и често е споменувана од ООН и од уставните судовите на бројни земји и од други регионални системи.

Исто како и на ниво на ООН, социјалните и економските права во Европа се обезбедени во и со посебен документ. Европската социјална повелба (ревидирана) е обврзувачки документи ги опфаќа правата за заштита на стандардот на живеење на луѓето во Европа. Повелбата е потпишана од 45 земји-членки, а до 2010 година таа беше ратификувана од 30 од нив.

Регионалните стандарди за човекови права често ги надминуваат меѓународно договорените стандарди на ОН и ги зголемуваат

Во прилог на овие два главни инструменти, акцијата на Советот на Европа во областа на човековите права вклучува и други посебни инструменти и конвенции кои ги дополнуваат гаранциите и одредбите на ЕКЧП упатувајќи на конкретни ситуации или ранливи групи. Конвенционалните системи за следење се дополнети со други независни тела како што се Европската комисија против расизам и нетолеранција и Комесарот за човекови права.

Севкупно, работата на Советот на Европа за човекови права треба да биде во можност да ги земе предвид социјалниот, научниот и технолошкиот развој и можните нови предизвици кои тие претставуваат за човековите права.

## Развој на човекови права

Инструментите за човекови права се евиденција за нашите најнови размислувања за она што човечкото достоинството бара. Таквите инструменти најверојатно секогаш ќе бидат еден чекор поназад, поради тоа што тие се справуваат со предизвиците што веќе се признати, наместо со оние кои остануваат толку институционализирани и вградени во нашите општества, кои сè уште не успеваме да ги признаеме како права и повреди на правата.

Во Советот на Европа, стандардното поставување на работата на организацијата се стреми да предлага нови законски стандарди до Комитетот на министри, за да одговорат на социјалните мерки за справување со проблемите кои се појавуваат во земјите-членки во врска со прашањата што се во нивна надлежност. Овие мерки можат да вклучуваат предлагање нови правни стандарди или приспособување на постојните. На тој начин се развиваат процедурите на Европскиот суд за човекови права и така останува ефективен , на тој начин одредбите за укинување се смртна казна беа усвоени и така нови инструменти засновани на конвенцијата, како Конвенција за акција против трговијата со луѓе, усвоена во 2005 година,се појавија.

Во оваа смисла, инструментите за човекови права ќе продолжат да се ревидираат и унапредуваат засекогаш. Нашето разбирање, судската пракса и - најмногу од сè– нашата заложба продолжува да притиска, влече и да ги проширува човековите права постојано. Фактот дека одредбите од конвенциите и договорите за човекови права понекогаш се сметаат дека се пониско од она што понекогаш го очекувавме, не треба да биде причина да се сомневаме во тоа дека човековите правата претставуваат надеж за човештвото. Законот за човекови права често ќе остане зад тоа што застапниците на човековите права би очекувале, но исто така останува нивната најсигурна поддршка.

## Борба против расизмот и нетолеранцијата

Сите инструменти за човекови права содржат гаранции за недискриминација и еднаквост, без разлика дали се стандарди на ООН, Советот на Европа, ЕУ или ОБСЕ. На ниво на ООН, Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација стапи во сила во 1969 година и се следи од експертско тело, Комитетот за елиминирање на расната дискриминација. Комитетот добива и разгледува државни извештаи во врска со усогласеноста со договорот, има процедура за рано предупредување со цел за спречување на состојби поттикнати од нетолеранција што можат да ескалираат во конфликт и сериозни прекршувања на Конвенцијата и постапка за примање поединечни жалби каде што засегнатата држава има дозволи за ова. Расната директива на Европската Унија, пак, се однесува на вработувањето и на обезбедувањето на стоки и услуги од страна на државни и приватни актери.

Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата (ЕКРН) е механизамна Советот на Европа. Основана во 1993 година, задачата на ЕКРН е да се бори против расизмот, ксенофобијата, антисемитизмот и нетолеранцијата на ниво на Европа како целина и од перспектива на заштитата на човековите права. Акцијата на ЕКРН ги опфаќа сите неопходни мерки за борба против насилството, дискриминацијата и предрасудите со кои се соочуваат лица или групи на лица, особено врз основа на раса, боја, јазик, религија, националност и национално или етничко потекло.

Членовите на ЕКРН се назначени од страна на нивните влади врз основа на нивните темелни знаења од областа на борбата против нетолеранцијата. Тие се номинирани со нивните лични капацитети и дејствуваат како независни членови. Главната програма на активности на ЕКРН опфаќа:

• пристап од земја до земја кој се состои од спроведување на детални анализи на состојбата во секоја од земјите-членки, со цел да развијат специфични, конкретни предлози, проследени со

нивно следење
• работат на општи теми (собирање и разнена на примери за добри практики за конкретни теми за да ги илустрираат препораките на ЕКРН, и донесување општи политички препораки)
• активности во врска со заедницата, вклучително и подигнување на свеста и информативни сесии во земјите-членки, координација со националните и локалните невладини организации, комуницирање на анти-расистичка порака и креирање  на едукативен материјал.




## Унапредување на човековите права

Како можеме да се осигураме дека овие механизми за заштита функционираат? Кој или што ги присилува државите да ги извршуваат своите обврски?

На национално ниво, ова го спроведуваат судовите - кога инструментите за човекови права се ратификувани или вградени во националниот закон - но, исто така, во зависност од земјата, канцелариите на народниот правобранител, комисиите за човекови права, советите за човекови права,парламентарните комисии и така натаму.

Главните меѓународни супервизиски тела се комисии или комитети и судови, при што сите се составени од независни членови - експерти или судии – и ниту еден од нив не претставува една држава. Главните механизми кои ги користат овие тела се:
• Жалби (поднесени од поединци, групи или држави)
• Судски случаи
• Постапки за известување.

Бидејќи не сите инструменти за човекови права или регионалните системи ги користат истите постапки за спроведување на човековите права, неколку примери ќе помогнат да се разјасни.

## Жалби

Жалби против државата се доставуваат пред комисија или комитет во она што обично се нарекува квази-судска постапка. Тогаш супервизиското тело донесува одлука и се очекува државите да се усогласат со неа, иако не постојат правни извршни постапки за спроведување. Често државата треба да даде дополнителна декларација или ратификација на факултативен протокол за да се означи нејзиното прифаќање на системот за жалби. Комитетот за човекови права (или „Комитет на МПГПП (Меѓународниот пакт за граѓанскии политички права ICCPR") и Комитетот за елиминација на расна дискриминација (во рамките на системот на Обединетите нации) и Меѓу- американската комисија за човекови права (во рамките на Организацијата на Американските држави) се примерина тела кои се занимаваат со такви жалби.

*Кои санкции би можеле да постојат ако основаме Меѓународен суд за човекови права?*

## ? Судски случаи

Досега постојат три постојани регионални судови кои постојат како надзорни тела специјално за имплементација на човековите права: Европскиот суд за човекови права права, Интер-американскиот суд за човекови права и Африканскиот суд за правда и човекови права и права на народите (ACIHR). Интер-американскиот суд за човекови права беше формиран од страна на Организацијата на американски држави во 1979 година за да ја толкува и спроведува Американска конвенција за човекови права. Африканскиот суд е најновиот од регионалните судови, кои започна во јануари 2004 година. Тој ги решава случаите во согласност со Африканската повелба за човекови и народни права во врска со државните членки на Африканската Унија. Со седиште во Аруша, Танзанија, судиите на судот беа избрани во 2006, и својата прва пресуда судот ја донесе во декември 2009 година, изјавувајќи дека нема надлежност да го разгледува случајот Југогомбаје против Сенегал.

### Протокол 12 од Европската конвенција за човекови права

Дополнителен протокол кон ЕКЧП беше усвоен во 2000 година и влезе во сила во 2005 година; ова беше протокол 12. Од почетокот на 2011 година е потпишан од 19 држави и ратификуван од 18. Неговиот главен фокус е забраната за дискриминација.

ЕКЧП веќе го гарантира правото да не се биде дискриминиран (член 14), но ова се смета дека е несоодветно во споредба со оние одредби на други меѓународни инструменти, како што се УДЧП и МПГПП. Главната причина е што членот 14, за разлика од другите, не содржи независна забрана за дискриминација; односно забранува дискриминација само во однос на „уживањето на правата и слободите" утврдени во Конвенцијата. Кога овој протокол стапи на сила, забраната за дискриминација доби „независен живот" од другите одредби на ЕКЧП.

Судот утврдил повреда на оваа одредба за првпат во 2009 година во Сејдиќ и Финци против Босна и Херцеговина (ГК, бр. 27996/06 и 34836/06,22 декември 2009)

По ратификацијата на Римскиот статут од 60 земји, првиот постојан меѓународен криминален суд стапи во сила во 2002 година за да се проверат случаи поврзани со воени злосторства, злосторства против човештвото и геноцид. Овој Меѓународен кривичен суд (МКС) ги испитува поединците обвинети за злосторства против човештвото, геноцид и воени злосторства, но само ако национални судови не се подготвени или не можат да ги истражат или да ги гонат овие кривични дела. До денес МКС има истражени пет ситуации во Северна Уганда, Демократска Република Конго, Централна Африканска Република, Судан (Дарфур) и Кенија. Неговата пионерска судска практика помогна во унапредување на разбирањето на човековите права, на пример во врска со поттикнувањето на геноцид и правото на слободни и фер избори.

Меѓународниот суд на правдата (МСП) е главниот судски орган на ОН. Тој има двојна улога: да се спогоди во согласност со меѓународното право за правните спорови што ги доставуваат државите и да дава советодавни мислења за правни прашања. Само држави можат да покренат судски случај против друга држава и вообичаено се работи за случаи на договори меѓу државите. Овие договори може да се однесуваат на основните односи меѓу државите, (на пример комерцијални или територијални) или да се однесуваат на прашања поврзани со човековите права. МСП не дозволува поединци да покренат случај за човекови права или други барања до него. Тој, сепак, придонесе за унапредување на човековите права со толкување и развивање на правилата за човекови права и принципи во случаи кои државите или меѓународните тела ги покренале до него. Се осврна на правата како што се самоопределување, недискриминација, слобода на движење, забраната на мачење, и така натаму.

Често има конфузија околу улогите на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), Европскиот суд на правдата (ЕСП) и Меѓународниот суд на правдата (МСП). Всушност, трите тела се многу различни во однос на нивната географска јурисдикција и видот на случаи кои ги испитуваат.

ЕСП е тело на Европската Унија. Ова е суд чија главна задача е да се осигура дека Правото на заедницата не се толкува и применува поинаку во секоја држава членка. Се заснова врз Правото на заедницата, а не на правото за човекови права; но понекогаш Законот на заедницата може да вклучи прашања за човековите права.

Европски суд за човекови права Права

Интер-американски суд за човекови права

Африкански суд за човекови и народни права

Меѓународниот суд на правдата (МСП) е главен судски орган на Обединетите нациите и неговата улога беше дискутирана погоре.

## Европскиот суд за човекови права

Европскиот суд за човекови права во Стразбур е познат по повеќе причини, но пред сè, поради тоа што му дава живот и значење на текстот на ЕКЧП. Една од неговите главни предности е системот на задолжителна надлежност, што значи дека веднаш штом државата ќе ја ратификува или пристапи кон ЕКЧП, таа автоматски се става под надлежност на Европскиот суд. Може да се поведе случај на човекови права против државата како страна од моментот на ратификација.

Друга причина за нејзиниот успех е силата на пресудата на Судот. Државите треба да почитуваат конечната пресуда. Нивната согласност е надгледувана од Комитетот на министри на Советот на Европа.

Меѓународен кривичен суд

Во секој случај изнесен пред Европскиот суд, постапката вклучува можност и за пријателска спогодба заснована на медијација меѓу страните.Судот успеа да ја развие со текот на времето. Кога првично беше формиран во 1959 година, тој беше само суд со скратено работно време кој работеше заедно со Европската комисија за човекови права. Со зголемувањето на случаите, неопходен беше постојан суд, а таквиот беше формиран во ноември 1998 година. Ова зголемување на бројот на случаи е јасен доказ за успехот на Судот, но овој обем на работа исто така го загрозува квалитетот и ефективноста на системот. Луѓето знаат дека Судот е таму и можат да влезат кога ќе се почувствуваат дека нивните права се прекршени; сепак, авторитетот и ефективноста од ЕКЧП на национално ниво треба да се обезбеди, во согласност со „принципот на супсидијарност“, која предвидува дека државите имаат примарна одговорност да ги спречат прекршувањата на човековите права и да ги отстранат кога тие ќе се појават.

Меѓународниот суд на правдата

## Некои значајни случаи на Европскиот суд за човекови права

• **Соеринг против Обединетото Кралство** (јуни 1989): Ова беше случај на човек кој требаше да биде екстрадиран во САД за да се соочи со обвиненија за убиство, каде што кривичното дело е казниво со смртна казна. Судот сметал дека ако да го испрати назад во САД би биле против забраната за тортура, нечовечко или друго понижувачко однесување и третман или казна (член 3, ЕКЧП). Една последица на оваа одлука беше дека заштита на поединец во рамките на една земја-членка на Советот на Европа отиде преку европските граници. Овој принцип веќе е следен во други случаи, како што е Јабари против Турција (јули 2000), и ги заштити барателите на азил да бидат вратени во земја каде што ќе бидат загрозени нивните животи.

• **Тајрер против Обединетото Кралство** (март 1978): Во овој случај, Судот сметал дека телесна казна како казна за малолетни престапници била против ЕКЧП, бидејќи го прекршила правото да не се измачува или да има понижувачко и нечовечно постапување или казнување, како што е загарантирано со член 3. Во зборовите на Судот: „неговата казна –каде тој бил третиран како предмет во власт на авторитетите - претставува напад токму врз она што е една од главните цели на членот 3 (чл.3) да го заштити, имено достоинството и физичкиот интегритет на лицето". Овој случај е добар пример за живата природа на ЕКЧП, каде што Судот држи чекор со променливите вредности на нашето општество.

• **Кокинакис против Грција (**април 1993): Ова беше интересен случај, кој се занимаваше со конфликт меѓу правата на различни луѓе. Тоа беше врз основа на прашањето на прозелитизација (обид за промени религиско убедување) и дали поучувањето на религијата (гарантирано со член 9 од ЕКЧП) го нарушува правото на друга личност за слобода на вероисповед. Судот смета дека е неопходно да се направи јасна разлика меѓу учење, проповедање или дискутирање со неморални и измамнички средства за да се убеди лицето да ја смени својата религија (како што се нудење материјални или социјални предности, користење насилство или перење на мозоци).

Имаше 1.625 пресуди доставено од страна на Судот во 2009 година,што значи повеќе од 4 на ден (вклучувајќи ги и викендите и празниците!).

• **DH против Република Чешка** (ноември 2007): Ова беше случај на 18 ромски деца, со оглед на фактот дека ромските ученици се одделени во специјални училишта за деца со пречки во учењето, без оглед на нивната способност. Ова значи дека тие, исто така, ќе имаат мали шанси за подоцнежен пристап до високото образование или можности за работа. Во својата пресуда, Судот за прв пат утврди повреда на членот 14 (забрана за дискриминација) во однос на „модел" на расна дискриминација во одредена сфера на јавниот живот, во овој случај јавните училишта. Судот пресуди дека овој системски модел на расна сегрегација при школувањето ја прекршил заштитата од недискриминација во ЕКЧП (член 14).Исто така, истакна дека општа политика или мерка, обликувана во неутрални термини , може и понатаму да дискриминира одредена група и да резултира со индиректна дискриминација против нив. Случајот беше прв кој предизвикал системска расна сегрегација во образованието.

**?** *Дали знаете некои важни случаи во Европскиот суд за човекови права против вашата земја?*

# Извештаи и проценки

Мнозинството инструменти за човекови права бараат од државите да доставуваат периодични извештаи.Тие се составени од државите според упатствата на надзорниот орган. Целта на таквото известување и последователно разгледување со соодветното тело за мониторинг е искрена размена за предизвиците со кои се соочуваат во напорите за остварување на засегнатите права. Извештаите јавно се разгледуваат во она што се нарекува „државен дијалог". Државните извештаи се разгледуваат заедно со „извештаите во сенка" од некоја НВО, засновани врз

## Постапки пред Европскиот суд за човекови права




Извор:
www.echr.coe.int

основа на нивните сопствени извори и анализи, кои се однесуваат на документот на таа држава. По дијалогот помеѓу државните претставници и независните експертски членовина телото за следење, тоа тело дава свои забелешки во врска со усогласеноста на државата со стандардите потврдени во обврзувачкиот инструмент што се разгледува. Овие набљудувања се однесуваат и на позитивните и за критичните аспекти во врска со документот на државата. МПГПП,МПЕСКП и Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (КЕДПЖ) се примери на инструменти за кои се бара поднесување на такви периодични извештаи.

Како и во постапката на државен дијалог, телата за мониторинг може исто така да бидат овластени да спроведуваат „in situ“ или посети на терен за да ја набљудуваат состојбата со човековите права од прва рака. Повеќето вакви посети бараат експлицитна дозвола од државата врз основа на случај до случај. Сепак, се прават напори за да се овозможи отворена покана, на пример со држави кои јавно издаваат отворени покани за посети од било која служба на ОН со Специјален мандат.

Исто така беа развиени посилни процедури за голем број на инструменти за да овозможат наметнати посети, во обид не само да се одговори, туку исто така, да се спречи, кршење на човековите права.

Европската Конвенција за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (1987) нуди еден ваков пример. Таа е базирана врз основа на систем на посети од страна на членовите на Европскиот Комитет за спречување тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КПТ) на местата на притвор, на пример затвори и места на притвор за млади, полициски станици, армиски бараки и психијатриски болници. Членовите на КПТ набљудуваат како притворените се третираат и доколку е потребно, препорачуваат подобрувања со цел да се усогласат со правото да не бидат мачени или да се нечовечки третирани. Овој механизам оттогаш инспирираше развојот на сличен механизам на ОН. Периодично делегации на КПТ ги посетуваат државите кои се дел од Конвенцијата, но, доколку е потребно, можат да организираат дополнителни ad hoc посети. Почнувајќи од 9 август 2012 година, КПТ спроведе

323 посети и објави 272 извештаи.
Важна функција на работата на КПТ беше забележана во случајот на штрајк со глад во турските затвори во 2000-2001 година. Кога турската влада подготвуваше промени во затворскиот систем, голем број затвореници употребија штрајк со глад во знак на протест против некои од реформите. Нивните демонстрации станаа насилни. КПТ стана активно вклучен во преговорите со владата и штрајкувачите со глад, истражувајќи ги настаните околу штрајковите со глад и гледајќи како нацрт-законите можат да го реформираат турски затворски систем. Од 1999 година, КПТ ја посетува Турција секоја година, освен 2008 година. Неодамнешните КПТ посети ги вклучуваат оние во Србија, Албанија и Грција.

## Комесар за човекови права на Советот на Европа

Канцеларијата на Комесарот за човекови права на Советот на Европа беше формирана во1999. Целта на оваа независна институција е и да се промовира концептот на човековите права и да обезбедат ефективно почитување и целосно уживање на овие права во земјите членки на Советот на Европа. Комесарот се избира од Парламентарното собрание со необновлив мандат од шест години.

Комесарот е вонсудска институција чие дејство треба да се смета за комплементарно со другите институции на Советот на Европа кои се активни во промоција на човековите права. Комесарот ги извршува своите одговорности со целосна независност и непристрасност, истовремено почитувајќи ја компетентноста на разни надзорни тела формирани според Европската конвенција за човекови права или според други инструменти за човекови права на Советот на Европа.

Комесарот за човекови права е овластен да:
• го поттикнува ефективното почитување на човековите права, и да им помогне на земјите-членки во имплементација на стандардите за човекови права на Советот на Европа
• промовира едукација и свесност за човековите права во земјите членки на Советот на Европа
• ги идентификува можните недостатоци во законот и практиката во врска со човековите права
• ги олесни активностите на институциите на народниот правобранител и на другите структури за човекови права, и
• обезбеди совети и информации во врска со заштитата на човековите права низ целиот регион.

Комесарот може да се занимава ( ex officio) по службена должност со било кое прашање од негова надлежност. Иако не може да покрене индивидуални жалби, Комесарот може да постапува по било кои релевантни информации кои се во врска со општите аспекти на заштитата на човековите права, содржани во инструментите на Советот на Европа.

Таквите информации и барања за да се справат со нив, кон Комесарот може да се насочат од страна на владите, националните парламенти, националните омбудсмани или слични институции, како и поединци и организации. Тематска работа на Комесарот вклучуваше издавање на извештаи, препораки, мислења и ставови за човековите права на барателите на азил, емигранти и Роми.

Комесарот за човекови права на Советот на Европа не треба да се меша со Комесарот за човекови права на Обединетите нации.

Многу НВО лобираа за создавање на позиција Висок комесар за човекови права на ООН и одлуката за неговото создавање беше потврдена на Светската конференција за човекови права на ООН во Виена во 1993 година, кога му препорача на Генералното собранието да го разгледа прашањето за формирање таков Висок комесар за промовирање и заштита на сите човекови права како приоритетна задача. Ова беше направено во истата година.

Во Европа КПТ го спречува лошото постапување со лицата лишени од нивната слобода

Високиот комесар за човекови права на Обединетите нации се назначува од страна на Генералниот секретар на ООН и одобрен од Генералното собрание како „личност со висок морал“ со експертиза за човековите права, како официјален претставник на ОН со главна одговорност за активностите на ОН за човекови права: неговата улога вклучува унапредување, заштита и ефективно уживање на сите права, ангажирање и дијалог со владите за обезбедување на човековите права и зајакнување на меѓународната соработка и координација на ОН за унапредување и заштита на сите човекови права. Како главен официјален претставник на ОН за човекови права, активностите на Високиот комесар вклучуваат управување на Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права (КВКЧПОН- OHCHR) и неговите регионални канцеларии и канцелариите во земјите. ОХЦХР ја поддржува работата на широк спектар на активности на ОН за човекови права и работи за унапредување и заштита на човековите права и спроведување на универзалните норми за човекови права, вклучувајќи ја и Светската програма за образование за човекови права

Извештаите на КПТ обично се јавни: http://www.cpt.coe.int

## Дали е тоа доволно?

Многу луѓе би рекле дека лошиот извештај за човековите права во светот е резултат на недостатокот на соодветни механизми за спроведување. Често се остава на поединечните држави да решат дали ги спроведуваат препораките. Во многу случаи, дали правото на поединец или група ќе се гарантира, всушност зависи од притисокот на меѓународната заедница и во голема мера, од работата на невладините организации. Ова е помалку од задоволителна состојба, бидејќи може да се чека долго пред кршењето на човековите права да се покрене од страна на ООН или Советот на Европа.

Може ли нешто да се направи за да се промени ова? Прво, од суштинско значење е да се осигура дека државите ги гарантираат човековите права на национално ниво и дека развиваат соодветен механизам за отстранување на какво било прекршување. Во исто време, мора да се стави притисок врз државите да се посветат на оние механизми кои имаат процедури за спроведување.

www.coe.int/commissioner

Висок комесар
на Обединети нации за
човекови права

# 4.4. Активизам за човекови права и улогата на невладините организации

„Секој има право, поединечно или во заедница со други, да промовира и да се залага за заштита и остварување на човековите права и основните слободи на национално и на меѓународно ниво.“
*Член 1, Декларацијата на ОН за бранителите на човекови права*

## Што се НВО?

Стани, исправи се, застани за твоите права!
*Боб Марли*

Терминот невладини или непрофитни нормално се користи за покривање на опсег на организации кои го сочинуваат граѓанското општество. Таквите организации се карактеризираат, општо со тоа што целта на нивното постоење е нешто друго од финансиска добивка. Сепак, ова остава огромен број на причини за постоење и широки разлики на работа и активности. НВО се движат од мали групи за притисок на пример, специфични загрижености за животната средина или конкретни прекршувања на човековите права, преку образовни добротворни организации, жени бегалци, културни здруженија, верски организации, правните фондации, програми за хуманитарна помош - и листата може да продолжи – сè до огромните меѓународни организации со стотици па дури и илјадници филијали или членови во различни делови на светот.

Во овој дел, ќе погледнеме накратко за значајната улога која овие организации ја имале и продолжуваат да ја имаат во заштитата на човековите права во целиот свет. На речиси секое ниво на различните обиди да се зачува достоинството на поединечните граѓани кога тие се загрозени од моќта на државата, невладините организации играат клучна улога во:

- борбата против индивидуални кршења на човековите права, или директно или преку поддршка на одредени „тест случаи“, преку надлежните судови
- нудат директна помош на оние чии права се повредени
- лобирање за промени на национално, регионално или меѓународно право
- помага да се развие суштината на тие закони
- промовирање на знаење за и почитување на човековите права меѓу населението.

Придонесот на НВОи е важно не само во однос на резултатите кои ги постигнале, а со тоа и за оптимизмот што луѓето може да го чувствуваат во врска со одбраната на човековите права во светот, но исто така и поради тоа што НВОи, во многу директна смисла, се алатки кои се достапни да се употребат од страна на поединци и групи од целиот свет. Тие се управувани и координирани - како што многу организации се - од приватни лица, но тие, исто така, голем дел од нивната сила ја црпат од другите членови на заедницата нудејќи им доброволна поддршка за нивната кауза. Овој факт им дава големо значење на оние поединци кои би сакале да придонесат за подобрување на човековите права во светот.

# Видови на НВО за човекови права

На Светската конференцијана ОН за човекови права од 1993 - позната како Виенската конференција - присуствуваа 841 невладина организација од целиот свет и сите се опишаа себеси дека работат на мисијата на човековите права. Иако бројката, сама по себе, е импресивна, ова всушност претставува само мал дел од вкупниот број на НВО за човекови права кои се активни во светот.

Повеќето самонаречени „организации за човекови права“ имаат тенденција да бидат вклучени во заштита на граѓанските и политичките права. Најпознатите од тие организации, барем на меѓународната сцена, ги вклучуваат Амнести Интернешнал, Хјуман рајтс воч, Меѓународната федерација за човекови права, Прво човекови права и Интерајтс (Interights - Меѓународно правен центар за човекови права). Но, како што видовме, граѓанските и политичките права, се само една категорија од многуте различни човековите права кои се признати од страна на меѓународната заедница, а нови права продолжуваат да се појаваат дури и денес. Кога тоа ќе се земе предвид и ќе се разгледаат невладини организации активни во борбата против сиромаштијата, насилство, расизамот, здравствени проблеми, бездомништво и загриженоста за животната средина, да споменеме само неколку, вистинскиот број на невладини организации вклучени во заштита на човековите права, во една или друга форма, брзо се менува во стотици илјади низ целиот свет.

? *Дали знаете некоја НВО која се бори за човекови права во вашата земја?*

# Како тие влијаат на процесот?

НВО може да се обидат да се вклучат во заштита на човековите права во различни фази или нивоа, па стратегиите кои ги користат ќе се разликуваат во зависност од природата на нивните цели - нивната специфичност или севкупност; нивната долгорочна или краткорочна природа; нивните локални, национални, регионални или меѓународни опсези, и така натаму.

Бог ни дава раце, но Тој не нѝ гради мостови.
*Арапска поговорка*

**а. Директна помош**

Особено е често за НВО кои работат на социјалните и економските права да понудат некоја форма на директна услуга на оние кои биле жртви на кршење на човековите права. Таквите услуги можат да вклучуваат форми на хуманитарна помош, заштита или обука за да се развијат нови вештини. Алтернативно, каде што правото е заштитено со закон; тие може да вклучуваат правно застапување или совети за тоа како да ги презентираат побарувањата.

Во многу случаи, сепак, директната помош на жртвата од повредата или бранителот на човекови права, или не е возможно, или не е најдобриот начин на употреба на ресурсите на организацијата. Во вакви случаи, и тоа веројатно е во најголемиот број на случаи, невладините организации треба да гледаат долгорочно и да измислат други начини, или на отстранување на повредата, или за спречување на слични појави да се случуваат во иднина.

**б. Собирање на точни информации**

Ако постои темелна стратегија која лежи во основата на различните форми на активизам на НВО, тоа е можеби идејата на обидување да „покажат“ на сторителите на неправда. Владите многу често се во можност да ги намалат своите обврски во рамките на меѓународните договори, или други стандарди за права кои ги потпишале, бидејќи влијанието на нивните политики, едноставно не им се познати на поширокота јавност. Собирањето на таквите информации и користејќи ги за промовирање на транспарентност во документите на владите за човековите права е од суштинско значење за одржување на нивниот збор (одоворност) и често се користи од страна на невладините организации. Тие се обидуваат да направат притисок врз

луѓе или влади со идентификување на прашање кое се однесува на чувството на неправда кон луѓето, а потоа истото го изнесуваат на виделина. Двата најдобри примери на организации кои имаат репутација за нивниот правилен мониторинг и известување се Амнести Интернешнал и Меѓународниот комитет на Црвениот крст. И двете овие организации имаат авторитет, не само кај пошироката јавност, туку и на ниво на ООН, каде што нивните извештаи се земаат предвид како дел од официјалниот процес за следење на владите кои се согласиле да бидат обврзани со одредбите на меѓународните договори.

**в. Кампањи и лобирање**

Меѓународни актери често се вклучуваат во кампањи и застапување со цел да се донесе промена на политиката. Повторно, постојат бројни форми, и една невладина организација ќе се обиде да усвои најсоодветна, со оглед на целите што ги има на ум, природата на нејзината „цел“, и секако, своите расположливите ресурси. Некои општи практики се наведени подолу.

• Кампања на пишување на писмо е метод кој се користи со голем ефект од Амнести Интернешенел и други невладини организации. Луѓе и организации бомбардираат владини претставници со писма од илјадници своите членови од целиот свет.

• Улични акции или демонстрации, со нивно медиумското покривање кое тие нормално го привлекуваат, може да се користи кога организациите сакаат да ја пријават поддршката на јавноста или да се обелодени нешто за очите на јавноста со цел да се „повика и усрами“владата.

• Медиумите често ќе играт важна улога во практиките на лобирање, а социјалните медиуми и Интернетот сега имаат се позначајна улога.

• Извештаите во сенка се доставуваат до органите на ООН за набљудување на човековите права да се даде перспектива на НВО на реалната ситуација во однос на уживањето на човековите права во одредена земја.

Може да биде забавно да им се пишува за луѓето кои водат авторитарни или репресивни режими, да се има диктаторот како некој за допишување, и да биде комплетна непријатност за него испраќањето на овие писма.
*Стинг*

Во прилог на демонстрации за поддршка или незадоволство на јавноста, невладините организации исто така можат да се вклучат во приватни состаноци или брифинзи со официјални претставници. Понекогаш само заканата нешто да се обелодени пред очите на јавноста може да биде доволно да ја смени политиката или практика; како и во приказната подолу. Додека ова се користеше за мобилизирање едно време, со ленти, постери и факсови, сега се мобилизира преку e-mail кампањи и петиции, интернет сајтови, блогови и електронски социјални мрежи.

Во принцип, колку поголема поддршка од јавноста или од други влијателни актери (на пример, владите на другите земји), толку поверојатно е дека кампањата ќе ги постигне своите цели. Дури и ако тие не секогаш ја користат оваа поддршка директно, невладините организации можат да се осигураат дека нивната порака е слушната едноставно преку покажување дека масовно народно движење би можело да биде мобилизирано против владата или многуте влади.

? *Дали имало некои големи кампањи во вашата земја? Што беше исходот?*

**г. Образование за човековите права и свесност**

Голем број невладини организации за човекови права, исто така вклучуваат, барем како дел од нивните активности, некој вид на јавна свест или образовна работа. Сфаќајќи дека суштината на нивните поддршка лежи во пошироката јавност, невладините организации често ќе се обидат да им дадат поголемо познавање за прашањата за човековите права на јавноста. Поголемо познавање на овие прашања и на методите за нивна одбрана веројатно ќе предизвика поголема почит и тоа за возврат, ќе ја зголеми веројатноста да бидат во можност да мобилизираат поддршка за конкретните случаи на прекршување на човековите права. Тоа е таа поддршка, или потенцијална поддршка, која лежи во основата на успехот на заедницата на невладините организации за подобрување на опкружувањето на човекови права.

**Центар за правата на домување и иселување (ЦПДИ-COHRE)**

Оваа организација за човекови права е основана во 1994 година со цел да работи за заштита на правата на домување и за спречување на присилно иселување ширум светот. ЦПДИ го користи меѓународниот закон за човекови права разбирајќи го значењето на „домувањето“ како повеќе од само покрив над главата. COHRE нагласува дека „приближно половина од светското население моментно нема пристап до соодветно домување кое им е гарантирано според меѓународното право за човекови права“. Во обезбедувањето на заштита на правата на соодветно домување, COHRE и неговите партнери ширум светот обезбедуваат анализа, застапување, јавно образование, обука и судски постапки во врска со:

- присилно иселување
- безбедност на мандатот
- пристап до земјиште
- вода и санитација
- жени и права за домување
- судски постапки и правно застапување
- повраток и враќање
- влијанието на мега настаните врз правата на домување.

Предизвикот на образованието за човекови правае да се фокусира по прашањата на учество, достапност и вклученост

*Форум за живеење; Учење со дејствување за човекови права, 2009 година*

Во неодамнешната важна  одлука од ноември 2010 година, во COHRE против Италија, Советот на Европскиот комитет за социјални права (надгледувајќи ја Ревидираната европска социјална повелба) откри дека Италија ги прекршила правата на својата ромска популација поради уништувањето на ромски кампови и иселување и протерување на  Роми од Италија. Овие масовни протерувања на не-италијанските Роми кои се државјани на други земји на ЕУ драматично се зголемија по 2008 година. Прекршувања беа пронајдени во врска со: дискриминација и кршење на правата на Роми за соодветно домување; социјална, правна и економска заштита; заштита против сиромаштијата и социјалната исклученост; и правото на ромските семејства-мигранти на заштита и помош. Италијанските политики и практики, кои ги оставаат жителите Роми да живеат сегрегирани и  во многу несоодветни услови за домување, исто така беа критикувани.

**Загриженост за животната средина во Швајцарија**

Помеѓу 1961 и 1976 година, неколку големи хемиски гиганти исфрлија повеќе од 114.000 тонина токсичен индустриски хемиски отпад во поранешната глинена јама на Бонфол во Швајцарија. И покрај тоа што денес би било незаконски да се исфрла отпадот,  во 1961 година, кога депонијата беше започната, законот не ги забрануваше таквите депонии. Токсичниот отпад остана на местото и продолжи да ги контаминира околните заедници и животната средина со мешавина на органски и неоргански загадувачи.

Видете ја  веб-страницата на COHRE:http://www.cohre.or

На 14 мај 2000 година околу 100 активисти на Гринпис ја окупираа  хемиската депонија Бонфол, во близина на Базел, Швајцарија, барајќи од хемиските компании кои  го фрлија  токсичен отпад на локацијата да презема целосна одговорност за  негово чистење. Активистите изјавиле дека ќе ја окупираат локацијата додека хемиските компании не се посветат самите да го исчистат на начин кој нема да претставува понатамошен ризик за човековото здравје или за животната средина.

Окупацијата на депонијата ја принуди хемиската индустрија да се сретне со претставници  од заедницата и со Гринпис и како резултат на тоа, хемиската индустрија конечно потпиша договор да направи студијата за расчистување до февруари 2001 година и да започнат со процесот на

**Член 31 - Право на домување**

Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на домување, страните се обврзуваат да ги преземат мерките наменети за:
1. да се промовира пристап до домување на соодветен стандард
2. да се спречи и намали бездомништвото со цел на постепено отстранување
3. да ја направи цената на домувањето достапна за оние без соодветни ресурси.
Европска социјална повелба (ревидирана), 1996 година

**Токсичното наследство од хемиската индустрија не треба да стане товар на идните генерации.**
*Стефан Вебер, Гринпис кампања*

расчистување во 2001 година. Индустријата, исто така, се согласи да ги вклучи локалните заедници и еколошките организации целосно во расчистувањето и да ги информираат локалните заедници за загадувањето на подземните води и водата за пиењето кое било резултат од депонијата.
На 7-ми јули 2001 година Гринпис ја заврши својата окупација на хемиската депонија.

## Борба против дискриминацијата - Европскиот центар за правата на Ромите ЕЦПР (ERRC)

ЕЦПР работи за да се осигура дека прашањата за човекови права со кои се соочуваат ромските заедници се цврсто на политичката агенда во Европа и пошироко. Прецизното истражување на ЕЦПР обезбеди тековни детални информации за состојбата со човековите права на Ромите, особено насилството со кое се соочуваат, структурни форми на дискриминација против нив и негирање на пристапот до економски и социјални права на Ромите. ЕЦПР се обидува да придонесе за состојбата со човековите права на ромските заедници преку подигање на свеста, развој на политики и стратешки судски постапки. Кампањите го покажаа насилството и говорот на омраза против Ромите, сегрегација во школувањето, присилно иселување и принудната стерилизација против нив.

Види ја веб-страницата на Гринпис: www.greenpeace.org

Преку својата работа за едукација за човекови права, ЕЦПР првенствено има за цел да ги поттикне ромските активисти да се борат за нивната еднаквост. Ова се прави преку практиканти, истражувачки стипендии, работилници и објавување на прирачници како што се„ Знаење на вашите права и борење за нив“: „Водич за ромски активисти“

**Дијамантските војни**

Погледнете ја веб-страницата на ЕЦПР: http://www.errc.org

Глобален сведок (Global Witness) е НВО која прави кампањи против конфликти поврзани со природните ресурси и корупцијата и злоупотребите на животната средина и човековите права што произлегуваат од тоа. Таа работи за да ја открие бруталноста што води до тоа  и да ги изведи сторителите пред лицето на правдата.

Една од нејзините кампањи се однесуваше на крвавите дијаманти или „конфликт дијаманти“ – тоа се, скапоцени  камења кои потекнуваат од области контролирани од сили или фракции што се спротивставени на легитимни и меѓународно признати влади, и се користат за финансирање на воена акција против тие влади, или против одлуките на Советот за безбедност на ООН. Доказите откриени од страна на „ Глобален сведок“ потврдија дека таквите ресурси се користат за финансирање на конфликти во Африка што доведоа до смрт и раселување на милиони луѓе. Дијаманти исто така биле користени од страна на терористички групи како што е Ал-Каида за финансирање на нивните активностии со цел на перење пари. Тие соработуваа со други невладини организации и лобираа се додека не се појави глобална кампања способна да преземе глобална индустрија. Во мај 2000 година главните земји со трговци и производители на дијаманти, претставници на индустријата за дијаманти и невладините организации, вклучувајќи го и„ Глобалниот сведок“, се сретнаа во Кимберли, ЈужнаАфрика и воспоставија

„ЕЦПР истражувањето во Бугарија, Унгарија, Чешка, Словачка и Романија во почетокот на 2010 година со полицијата, невладините организации и експерти за борба против трговијата со луѓе откри дека Ромите се смета дека претставуваат 50-80% од жртвите [трговија со луѓе] во Бугарија, 40-80% во Унгарија, 70% во Словачка и до70% во делови на Чешка. "
Информативен лист за правата на Ромите, ЕЦПР

меѓународна шема за сертификација на дијаманти, во 2003 година, позната како „Процес на Кимберли". Според шемата, сите дијаманти тргувани од земјите-членки се сертифицирани така што купувачите можат да бидат сигурни дека се без конфликт. „Глобален сведок" е официјален набљудувач на оваа шема и продолжува со кампања за зајакнување и ефективна имплементација на нејзините правила за да се осигури дека дијамантите никогаш повеќе нема да бидат гориво за конфликт и, наместо тоа, да може да станат позитивна сила за развој.

Види го нивниот веб-сајт: http://www.globalwitness.org

„Глобал сведок" беше ко-номиниран за Нобеловата награда за мир за 2003 година за својата работа во борба против конфликтните дијаманти.

## Рампи за инвалидски колички во Тузла

Во 1996 година, НВО за инвалидност во Тузла, Босна и Херцеговина, одлучи да води кампања„ сообраќајна свест". Лотос, организацијата, имаше за цел да ја подигне свеста за лицата со посебни потреби луѓето и сообраќајните прашања, и идентификуваа неколку конкретни цели, вклучително и посебни паркинг простори за хендикепирани лица, подобар пристап до јавен превоз и достапни тротоари и патишта. Тие одржаа настани во текот на една недела, непосредно пред да започне предизборната кампања. На крајот, јавната свест беше зголемена и сите тротоари во Тузла повторно беа изградени со рампи!

Јас сум целосно уверен велејќи дека Тузла е најмногу достапен град за корисници на инвалидски колички во цела Босна и Херцеговина.

*Учесник во кампањата, Тузла*

# 4.5 Прашања и одговориза човековите права

## ? *Што се човекови права?*

Човековите права се морални права кои секој поединец во светот ги поседува едноставно врз основа на фактот дека тој или таа е човечко суштество. Во барањето на нашите човекови права, ние правиме морално барање, обично до нашата сопствена влада, дека не може да го направи тоа, затоа што тоа е прекршување на мојата морална сфера и моето лично достоинство. Никој - ниту поединец, ниту влада - никогаш не може да ни ги одземе нашите човекови права.

## ? *Од каде доаѓаат?*

Тие доаѓаат од фактот дека ние не сме само физички суштества, туку и морални и духовни човечки суштества. Човековите права се потребни за да се заштити и зачува човечноста на секој поединец, да се осигура дека секој поединец може да живее достоинствен и живот што е достоен на човечко суштество.

## ? *Зошто секој „треба“ да ги почитува?*

Во основа, затоа што секој е човечко суштество и според тоа морално битие. Мнозинството од луѓе, ако се покаже дека го прекршуваат личното достоинство на некој друг, ќе се обидат да се воздржат. Во принцип, луѓето не сакаат да повредуваат други луѓе. Сепак, во прилог на моралните санкции на сопствената совест или на другите, сега во повеќето земји во светот постои законодавство, кое ги обврзува владите да ги почитуваат основните човекови права на нивните граѓани, дури и кога тие можеби не сакаат да го направат тоа.

## ? *Кој има човекови права?*

Апсолутно сите. Криминалците, шефовите на држави, децата, мажите, жените, Африканците, Американците, Европејците, бегалците, лицата без државјанство, невработените, банкари-те, оние кои се обвинети дека вршат терористички дејства, добротворни работници, наставни-ци,танчери, астронаути ...

## ? *Дури и криминалци и шефови на држави?*

Апсолутно сите. Криминалците и шефовите на држави се луѓе исто така. Моќта на човековите права лежи во самиот факт дека тие ги третираат сите како еднакви во однос на поседувањето човековото достоинство. Некои луѓе можат да ги прекршат правата на другите или можат да претставуваат закана за општеството и затоа може да има потреба нивните права да бидат ограничени на некој начин со цел да се заштитат другите, но само во рамките на одредени граници. Овие граници се дефинирани како минимални кои се неопходни за животот со човечкото достоинство.

## ? *Зошто некои групи бараат посебни човекови права? Дали тоа значи дек атие имаат повеќе права од другите?*

Не, некои групи, како што се Ромите во Европа или Далитите и воспоставените касти во Индија,трпат таква долгорочна дискриминација во нашите општества што им се потребни посебни мерки за да им се овозможи пристап до општите стандарди за човекови права на еднаква основа со други. Години на институционализирана дискриминација и стереотипи, и

целосна омраза и препреки, и само најавувајќи општо применливи права за нив, и очекувајќи дека ова е доволно за да се обезбеди еднаквост, би било фарса.

### ? *Зошто зборуваме за човековите права, а не за човечките одговорности?*

Иако некои мислители и невладини организации наведоа силни аргументи за потребата за човечки одговорности, па дури и кодекси или декларација за нивно артикулирање, заедницата за човекови права генерално е воздржана во врска со оваа дебата. Причината е дека многу влади го прават „доделувањето“ на човековите права зависно од одредени „должности“ наметнати од државата или владетелот, на тој начин правејќи ја целата идеја за вродени права бесмислена. Сепак, се подразбира дека треба да се однесуваме одговорно како поединци и групи да ги почитуваме правата на другите, а не да ги злоупотребуваме човековите права и да ги унапредуваме правата на другите, како и сопствените . Всушност, член 29 одУДЧП препознава дека „1. Секој има обврски кон заедницата во која е можен ослободен и целосен развој на неговата личност. 2. При остварувањето на неговите права и слободи, сите ќе бидат предмет на толкави ограничувања кои што се утврдени со закон само единствено поради обезбедување на должно признавање и почитување на правата и слободите на другите и исполнувањето на правичните барања на моралот, јавниот реди општата благосостојба во едно демократско општество“.

### ? *Кој се грижи за човековите права?*

Сите ние треба да се грижиме. Постои закон и на национално и на меѓународно ниво што наметнува ограничувања за тоа што владите можат да им направат на своите граѓани, но, ако никој не посочи дека нивните дејства ги кршат меѓународните норми, владите можат да продолжат да ги прекршуваат без да бидат казнети. Како поединци, не треба само да ги почитуваме правата на другите во нашиот секојдневен живот, но и да ги надгледуваме нашите влади но и другите. Системите за заштита постојат за сите нас, доколку ги користиме.

### ? *Како можам да ги бранам ( заштитам) моите права?*

Обидете се да посочите дека сте биле повредени; барајте ги вашите права. Нека другото лице знае дека вие знаете дека тие немаат право да ве третираат на овој начин. Посочете ги релевантните членови од УДЧП, од ЕСЧП или од други меѓународни документи. Ако постои легислатива во вашата земја, укажете и на тоа. Кажете им на другите за тоа: кажете им на весниците, напишете им на вашиот парламентарен претставник и шеф на државата, информирајте ги сите невладини организации кои се занимаваат со активизам за човекови права. Прашајте за нивни совети. Зборувајте со адвокат, ако имате можност. Бидете сигурни дека вашата влада знае какви акции вие преземате. Направете ги да сфатат дека нема да се откажете. Покажете им ја поддршката кој можете да ја добиете. Во краен случај, и ако сè друго не успеа, можеби ќе сакате да се прибегне кон судовите.

### ? *Како да одам во Европскиот суд за човекови права?*

Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи содржи постапка за индивидуални жалби. Сепак, постојат силни барања за допуштеност пред случајотот да се разгледа На пример, потребно за да се осигури дека вашата жалба е веќе подигната во националните судови во вашата земја (до највисокиот суд!), пред да може да поднесете случај до Европскиот суд. Ако сакате да се обидете, а вие верувате дека ги задоволувате условите за допуштеност, тогаш може да поднесете жалба. Сепак, ви препорачуваме да побарате правен совет или совет на невладини организации кои работат на терен, со цел да бидете сигурни дека вашето барање има реално шанса за успех. Бидете свесни дека тоа може да биде долг и комплициран процес пред конечна пресуда да биде донесена!

## ? *Од кого можам да ги побарам моите права?*

Речиси сите основни човекови права кои се наведени во меѓународните документи се барања кон вашата влада или државните служби. Човековите права ги штитат вашите интереси од државата, така што треба да ги барате од државата или од нивните претставници. Ако сметате дека вашите права се прекршени од, на пример, вашиот работодавец или вашиот сосед, не можете директно да прибегнете кон меѓународното законодавство за човекови права освен ако не постои нешто што владата на земјата требаше да има направено за да ги спречи работодавците или соседите да се однесуваат на овој начин.

## ? *Дали некој има должност да ги заштити моите права?*

Да. Правото е безначајно без соодветна одговорност или должност од некоја друга страна. Секој поединец има морална должност да не го нарушува вашето лично достоинство, но вашата влада, при потпишувањето на меѓународните договори, нема само морална должност туку и законска обврска.

## ? *Дали човековите права се проблем само во недемократските земји?*

Не постои земја во светот која има целосно чисто досие за човековите права, дури и денес. Во некои земји може да има почести прекршувања отколку во другите или тие можат да имаат влијание на поголем дел од населението, но секоја повреда е проблем што не требаше да се случи и кој треба да се реши. Едно лице чии права се нарушени во една од воспоставените демократии е тешко веројатно да се утеши од фактот дека, воопшто, неговата земја има „подобро“ досие за човековите права од другите земји во светот!

## ? *Дали направивме некаков напредок во намалување на кршењето на човековите права?*

Голем напредок - дури и ако понекогаш изгледа дека е само капка во океанот. Размислете за укинување на ропството, гласањето на жените, земјите кои ја укинаа смртта казната, ослободување на затворениците на совеста како резултат на меѓународниот притисок, колапсот на режимот на апартхејд во Јужна Африка, случаите кои се судени пред Европскиот суд и законите кои требаше да се променат како резултат на тоа. Размислете за фактот дека постепената промена во меѓународната култура значи дека дури и најавторитарните режими сега треба да ги земат предвид човековите права со цел да бидат прифатени на меѓународната сцена. Имаше многу позитивни резултати, особено во текот на изминатите 50 години, но останува уште многу да се направи.

# 4.6 Загатки

### ? *Како можеме да кажеме дека човековите права се универзални, кога постојат луѓе низ целиот свет, кои страдаат поради кршење на нивните права?*

Овие луѓе се уште имаат свои права. Фактот дека тие се третираат на таков начин ги кршат не само моралните норми, туку и меѓународно признатите норми. Нивните претставниците на државата се виновни според меѓународното право, а некои земји се навистина „казнети" од страна на меѓународната заедница, во форма на санкции или дури и со воени средства. Сепак, ваквите процеси често се произволни, во зависност од интересите на другите нациите, а не од степенот на прекршување. Со доаѓањето на Меѓународниот кривичен суд се пристапи на некој начин кон решавање на овој јаз. Како прв постојан меѓународен кривичен суд заснован на договор–воспоставен врз Римскиот статут - овој суд е овластен да дава помош за ставање крај на неказнивоста на оние што извршиле најтешките кривични дела кои ја засегаат меѓународната заедница: геноцид, злосторства против човештвото и воени злосторства.

### ? *Која е користа од УДЧП ако не е законски применлива?*

Дури и ако сеуште нема меѓународен суд пред кој владите може да се судат според членовите во УДЧП, овој документ имаше огромно историско значење и продолжува дури и денес да работи како репер спрема кој се судат владите на меѓународно ниво. Владите денес знаат дека ако намерно ги прекршуваат правата наведени во документот, тие се соочуваат со можност за осуда од страна на други влади, па дури и со некои форми на санкции. Процесот не е секогаш целосно објективен(!), но тој сигурно е почеток. УДЧП, исто така, ја формираше основата за речиси сите меѓународни договори кои беа подготвени и кои се (во поголем или помал степен) извршни.

### ? *Каква корист од „човековите права" имам јас, кога мојата влада ги крши правата на обичните луѓе на дневна основа и не е загрижена за неодобрувањето од страна на меѓународната заедница?*

Повторно - тие се почеток; тие се подобри отколку ако нема ништо и тие, во соодветни околности и со вистински пристап, ќе можат да влијаат на владата да промени некои, ако не и сите, своите практики. Ова понекогаш може да изгледа како многу далечна надеж, кога прекршувањата од страна на владата се особено тешки или особено чести, но историјата постојано и одново покажува дека е можно. Исто така, можностите денес се веројатно подобри отколку што биле досега. Промовирањето на промени може да биде бавен процес, но фактот дека поединците ги имаат овие права и дека тие се повеќе се препознаваат во целиот свет - и поради тоа барем им задаваат грижа на владите - ни дава моќно оружје и вреден почеток.

### ? *Ако ги почитувам човековите права на другите, дали тоа значи да им дозволам да прават што сакаат?*

Не, доколку нивната желба подразбира кршење на вашите или било чии права. Но, можеби ќе треба да бидете внимателни да не барате премногу и преку сопствените права: може да го сметате нечие однесување како вознемирувачко или погрешно, но тоа не мора нужно да биде прекршување на вашите права. Затоа, ако сакате другите да ви дозволат да се однесуваат како што сакате, можеби ќе треба да изградите повеќе толерантен однос кон однесувањето на другите!

### ? *Може ли да правам што сакам, вклучително и да користам*

*насилството врз некого, за да ги одбранам моите права?*

Во принцип, не. Но, ако тоа е вистински случај на самоодбрана, тогаш легитимна употреба на сила, соодветно на заканата против вас, може да биде допуштена. Таа не е дозволено како „одмазда“ за неправедноста што сте ја претрпеле, но само за да се заштитите од дополнителна штета. Измачувањето ( тортурата) никогаш не е дозволена.

## ? *Зошто треба да ги почитувам правата на другите ако другите не ги почитуваат моите права?*

Делумно затоа што ако не ги почитувате правата на другите, може да наидете на проблеми; делумно затоа што другите ја заслужуваат вашата почит, едноставно затоа што се луѓе; и делумно затоа што можете да станете пример за другите што ќе направи поверојатно и тие да ве почитуваат вас. На крај, сепак, веројатно се сведува на вас и на тоа каква личност сакате да бидете или во каков свет сакате да живеете. Затоа можеш да размислиш за што тоа би рекле за тебе, ако требаше да се однесуваш на начин што не им се допаѓа на другите. Или размислете за тоа каков би бил светот, ако секој ги прекршува правата на сите други на начин „мило за драго“.

## ? *Зошто оние што ги прекршуваат правата на другите на најнечовечки начин да се сметаат за субјекти на „човечки“ права?*

Ова можеби е најтешкиот, но исто така и најсуштински дел од теоријата на човековите права за да се прифати. Понекогаш може да се чини дека на некои поединци толку му недостасуваат човечки особини што само слепата вера може да не направи да ги видиме како луѓе. Важните поенти можеби се следниве:

• Прво, и покрај очигледната нечовечност на некои луѓе, секој поединец поседува нешто човечно. Прекршителите ги сакаат своите мајки, нивните деца, нивните сопрузи и жени - или некој друг. Прекршителите чувствуваат болка, отфрлање, очај и љубомора; тие имаа желба да бидат почитувани, ценети, поддржани, сакани и разбрани. Сите тие, секој од нив, поседува некои, ако не и повеќето, од овие исклучиво човечки емоции. Тоа ги прави човечки и го заслужуваат наше почитување.

• Второ, ние самите не си правиме добро со желба да ги повредиме негативците на ист начин како што тие ги повределе другите: таквите чувства нè прават помалку достојни за почит.

• Трето, дури и ако, случајно, негативецот некогаш се појавил со „човечка“ форма но без било какви човечки карактеристики (а досега никогаш не се случило), кој меѓу нас би можел да каже со апсолутна сигурност дека тој или таа Не е Човек? По кои критериуми? Врз основа можби на тоа дека не се способни да сакаат или да бидат сакани? Но, што ако се воспостави дека сме згрешиле во тоа верување?

Третата точка нè потсетува дека треба да ги земеме предвид ризиците за човештвото како целина во поставување на некои луѓе да им судат другите, каде што последиците од таа пресуди се ужасни и неповратни. Дали навистина сакаме свет каде се прават такви пресудии каде што некои луѓе едноставно се означени дека не поседуваат човечки права и оттука дека не – се – луѓе? Без апсолутна универзалност на сите човекови права, тоа е типот на светот што би го имаме.

# Референци

"Европа, млади, Човекови права, Извештај од неделата на човековите права", од Јаел Охана (ред.), Европски младински центар, Будимпешта, 2000.
Гарсон Валдес, Е., "Збунетост во врска со моралната важност на културната разноликост" ", CLAVESна Разон Практика, бр.74, Мадрид,Julio / Agosto, 1997.
Човекови права, основен прирачник за персоналот на ОН, Канцеларија на Високата комисија за човекови права, Обединети нации, Женева. 2001 година
Достапно на http://www.ohchr.org/Documents/Publications/HRhandbooken.pdf
Левин, Л., Човекови права, Прашања и Одговори, УНЕСКО, Париз, 1996
Доннели, Џек, Универзални човекови права во теорија и пракса, Корнел Универзитет Прес, 1989.
Фримен, Мајкл, Човекови права: Клучни концепти, Полити Прес, Лондон, 2002.
Ishay, Micheline R. ed., Читач за човекови права, Routledge, London, 1997.
Ришмави, М., Арапската повелба за човекови права и Лигата на арапски држави: ажурирање, преглед на законот за човекови права,10.1, стр. 169-178
Симониди, Јануш ед., Човекови права: нови димензии и предизвици, Прирачник за човекови права, Унеско / ДартмутИздаваштво, Париз, 1998.
Робертсон А. и Меррилс Ј, Човекови права во светот, Манчестер Универзитет Прес, 1996. Веб-страница на Советот на Европа набиоетика: www.legal.coe.int/bioethics
http://www.udhr.org/history/biographies/bioer.htm, за цитат на Елинор Рузвелт.
Хански, Р., Сукси, М. (ед.), Вовед во меѓународната заштита на човековите права: учебник, Åbo AkademiУниверзитетски институт за човекови права, 1999.
Информативен лист број 2 (Откр. 1), Меѓународниот нацрт за човекови права, Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права,
www.unhchr.ch/html/menu6/2/fs2.htm.
Висок комесар на Обединетите нации за човекови права, www.unhchr.ch.
Краток водич за Европската конвенција за човекови права, издаваштво на Советот на Европа.
Европски суд за човекови права, www.echr.coe.int.
Комитетот за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување, www.cpt.coe.int.
Веб-страницата на Советот на Европа за родова рамноправност, www.coe.int/t/dghl/standardsetting/equality/default_en.asp
Европската социјална повелба, www. coe.int/T/DGHL/Monitoring/SocialCharter.
Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, www. coe.int/t/dghl/monitoring/minorities.
Веб-страницата на Европската комисија против расизам и нетолеранција, www. coe.int/t/dghl/monitoring/ecri.
Канцеларијата на Високиот комесар на ОН за човекови права, www.ohchr.org.
Комесарот за човекови права на Советот на Европа, www. coe.int/t/commissioner
Рисе Т., Ропп С., Сиккинк К., Моќта на човековите права, Кембриџ Универзитет Прес, 1999.
Форсајт, Д., Човековите права во меѓународните односи, Кембриџ Универзитетски печат, 2000. www.speaktruth.org
Хиџаб, Надја, Човекови права и човечки развој: учење од оние што се однесуваат, ХДПО позадина, 2000.

1 Специјален известувач на ООН за традиционалните практики кои влијаат на здравјето на жените и на девојчињата.
2 http://www.udhr.org/history/biographies/bioer.htm

# Поглавје 5
# Информации во контекст на глобалните теми за човековите права

# Содржини во оваа глава

**Вовед во ревидираното Поглавје 5**


**Деца**....441
**Граѓанство и учество** ....442
**Култура и спорт** ....443
**Демократија** ....444
**Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост** ....445
**Дискриминација и нетолеранција** ....446
**Образование** ....447
**Животна средина** ....448
**Род** ....449
**Глобализација** ....450
**Здравје** ....451
**Медиуми** ....452
**Миграции** ....453
**Мир и насилство** ....454
**Сиромаштија** .... 455
**Вероисповед и убедување** .... 456
**Сеќавање** ....457
**Војна и тероризам** ....458
**Работа** .... 459

# Вовед во ревидираното Поглавје 5

Поглавјето 5 од изданието од 2012 содржеше над 150 страници на основни информации поврзани со деветнаесетте глобални теми за човекови права кои беа идентификувани како особено релевантни за младите луѓе. Информациите имаа за цел да обезбедат општ преглед на секоја тема со доволно основни информации за да ги постават активностите во политички, економски социјален и во контекст на човековите права. Идејата беше дека информациите треба да бидат доволни за обучувачите да се чувствуваат сигурни да започнат некоја активност, а да не бидат многу детални за да оптоваруваат.

Ова издание на Компас е испечатено без оригиналното Поглавје 5. Ова не е затоа што обучувачите можат без познавање на информациите за околностите - тие секако се најзначајни и многу важни – туку затоа што информациите треба да задржат чекор со тековните настани, промени во политиката и размислувања за човековите права.

Како што се случуваат настаните, така, со текот на времето, се менува загриженоста за човековите права. Во минатото, ропството беше толерирано, а смртната казна се бранеше, но сега, тие се сметаат за кршење на индивидуалните човекови права. Тековните дилеми за човековите права вклучуваат, на пример, конфликти на правата во слободата на изразување и одредени културни практики кои негативно влијаат врз здравјето на жените и децата. Сите прашања треба постојано да се дебатираат и разгледуваат за да го продлабочат нашето разбирање на човековите права додека се движиме кон универзална култура за човековите права.

Најдобар начин да се задржат информациите од околностите релевантни, е да се стават на Интернет каде што лесно може да се ажурираат. Претходно, пристапот до Интернет не беше толку широко достапен, па некои корисници на Компас ќе ги пропуштеа. Сега секој има полесен пристап и логично дејство е информациите од околностите случувањата да се стават онлајн на www.coe.int/comass

Одбраната на човековите права е одговорност на секого и се повикуваат корисниците на Компас да обезбедат повратни информации, за Компас во целина, а особено Поглавје 5 да остане важна алатка. Образец за повратни информации на www.coe.int/compass

**Темите и информациите од околностите случувањата**

Ова издание на Компас е организирано на околу деветнаесет глобални теми за човекови права кои беа идентификувани како теми од особен интерес за младите луѓе. Конечната листа на теми беше составена преку процес на дискусија и повратни информации помеѓу Советот на Европа, Комисија за управување со Компас, авторите на прирачникот и мрежа од активисти за човекови права. Компас е дизајниран како прирачник за образование за човекови права што може да се користи од секого, без оглед на нивното претходно знаење. Ова вклучуваше пишување на информации кои ќе ги задоволат потребите за темите на човековите права на луѓе на кои овие теми им се нови; информациите треба да бидат едноставни, но не и површни, фокусирани и доволни. На тој начин преку долг процес беа подготвени разгледани и финализирани различни статии, за да се осигура дека информациите се точни, релевантни и избалансирани. Резултатот беше Поглавје 5, каде што секоја од деветнаесет глобални теми за човекови права беше претставена и содржи:

- Дефиниции и клучни концепти
- Прашања, инструменти и институции за човекови права
- Прашањата особено значајни за младите луѓе
- Прашања до читателот да го помогне размислувањето за дилемите и проблемите
- Улогата и работата на Советот на Европа
- Референци, корисни организации, врски и информации за понатамошно читање

Целосното оригинално Поглавје 5 е достапно на Интернет на www.coe.int/compass.
Ова што следува е краток преглед на некои од информациите што ќе ги најдете онлајн. Се

надеваме дека овие „тестери“ ќе ги охрабрат читателите да одат на www.coe.int/compass како дел од нивната подготовка пред да започнат било какви активности. Важно е корисниците да имаат на ум дека содржините од Поглавје 5 онлајн не треба да се земаат како конечни текстови. Тие се обид да го претстават разбирањето на проблемите во времето на пишување.

**Одржување на информациите од околностите ажурирани**

Ние се потпираме на нашите корисници да ни помогнат да ги одржиме информациите од околностите ажурирани и релевантни и ги поздравуваме вашите коментари и придонеси. Ве покануваме да не контактирате на www.coe.int/compass каде ќе најдете образец за повратни информации. Ви благодараме!

COMPASS

# Деца




Законот за човекови права го дефинира детето како секое човечко суштество на возраст под 18-години. Во 2005 година УНИЦЕФ направи проценка на вкупниот број на деца во светот на 2,2 милијарди од кои околу 200 милиони во Европа.

Децата се смета дека имаат посебна потреба од грижа и помош, и поради тоа тие имаат „сопствен" договор за човекови права. Конвенцијата за правата на детето (КПД) беше усвоена од страна на Обединетите нации во 1989 година. Основата на целата Конвенција се четири водечки принципи: недискриминација, најдобар интерес на детето, право на живот, опстанок и развој и почитување на ставовите на детето.

Онлајн Поглавје 5 содржи информации за прашања како што се улични деца, трговија со луѓе, телесно казнување, злоупотреба и малтретирање на Интернет, слики на сексуална злоупотреба и сексуално насилство и Народен правобранител за деца.



**Поврзани активности:**

Да одглумиме
Приказната на Ашик
Детски права
Дали имаме алтернативи
Образование за сите?
Моќ на цвеќето
Да се чуе сечиј глас
Нашите иднини
Видете ја способноста!
Фрлање камена

# Граѓанство и учество

**Поврзани активности:**

Џамија во Слипивил
Да одглумиме
Внимавајте, ве набљудуваме
Образование за сите?
Избори
Борци за права
Хероини и херои
Да се чуе сечиј глас
Поврзување
На скалата
Електрична централа
Приказна за два града
Да се гласа или да  не се гласа
Состанокот на синдикатот
Каде стоиш ти ?




## Што е државјанство?

Традициите и пристапите кон државјанството варираат во текот на историјата и низ светот во зависност од различните земји, истории, општества, култури и идеологии, што резултира со многу различно разбирање на концептот на државјанство. Денес концептот најчесто се разгледува во правниот однос помеѓу поединецот и државата; тој на националноста. Член 15 од УДЧП го признава правото на националност, правото да се менува својата националност и правото да не се биде лишен од националност.

Учеството во културниот и политичкиот живот е признато во голем број меѓународни договори за човекови права. Лошото здравје, ниското ниво на образование, ограничувањата на слободата на изразување, сиромаштијата и сл., сето влијание на нашата способност да учествуваме во процесите и структурите кои влијаат врз нас и нашите права. Исто така, без учество не можеме да изградиме општество засновано на човекови права.

Во Поглавје 5 онлајн, ќе најдете информации за правата и реалноста за младите луѓе; за можностите за различни групи на млади луѓе да го остварат своето државјанство и за спектарот од манипулација до заедничко донесување одлуки кои може да одат под наслов на „учество“.

Советот на Европа има многу силна младинска политика и е многу активен во вклучувањето на младите луѓе во својата работа.

# Култура и спорт




Културните права за прв пат беа заштитени и загарантирани во УДЧП, член 27: Секој има право слободно да учествува во културниот живот на заедницата, да ужива во уметноста и да го споделува научниот напредок и неговите придобивки. Од друга страна, ниедна декларација или конвенција за човекови права не содржи конкретно споменување на спортот. Но, спортот е универзален елемент во сите култури, поврзан со многу и различни човекови права и спорт популарен кај младите луѓе, поради што го вклучивме како глобална тема за човекови права во Компас. На пример, спортот е важен аспект на правото за здравје и има многу кршења на човековите права кои се однесуваат на спортот што го поткопуваат достоинството и почитта, на пример, земање droги за подобрување на перформансите, „професионални повреди/прекршоци“, расизам и фудбал, да споменеме само неколку од оние кои се опишани во Поглавјето 5 онлајн.

Исто така, ќе најдете информации за спортски играчи како модели на идентификација, Параолимписки игри и дискусија за прашањето „дали сите културни практики треба да се почитуваат?

**Поврзани активности**:

Верници
Само една минута
Ловење на китови
Етикети за спомени
На скалата
Одговарајќи на расизмот
Спорт за сите

**Поврзани активности:**

Чахал против Велика Британија
Избори
Поврзување
На скалата
Да се гласа или да не се гласа?
Состанокот на синдикатот

# Демократија




Демократијата е тежок термин за дефинирање, но наједноставно може да се смета како „моќ на луѓето“. Врската помеѓу човековите права и демократијата е длабока, и оди во двете насоки: секој е на некој начин зависен од другиот и нецелосен без другиот. Правата на слобода на мисла, совест и религија (УДЧП, член 18), слобода на изразување (УДЧП, Член 19) и слобода на мирно собирање и здружување (УДЧП, член 20) се суштински поврзани со идејата за демократија. Меѓутоа и прекршувањето на други права исто така ќе влијае на степенот до кој луѓето можат да учествуваат во владеењето. Сиромаштија, лошо здравје или немањето на дом може да отежне нечие учество. Учеството во демократијата е важно прашање за младите луѓе, цитираме: „Ако со 16 години се смета за доволно зрел за да се ожени и да се вработи, дали тој или таа не можат да гласаат?“

Во Поглавјето 5 онлајн, ќе најдете информации за сите овие точки и исто така информации за развојот на демократијата, различните модели кои постојат во современиот свет и различните проблеми со демократијата.

# Попреченост и дискриминација на луѓето со попреченост




Не постои универзално прифатена дефиниција за попреченост. Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост (2006) наведува дека „попреченоста е концепт што се развива" и дека „попреченоста  резултира од интеракцијата помеѓу лицата со попреченост и ставовите и бариерите на средината кои го попречуваат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите".

Дискриминацијата на луѓето со попреченост (disablism) која е дефиниран како дискриминирачко, угнетувачко, навредливо однесување произлегува од верувањето дека лицата со попреченост се инфериорни во однос на другите.

Попреченоста е прашање за човековите права кога, на пример, еднаквоста во пристап до работа, култура или семеен живот се негирани или ограничени. Еугеника програми како што се оние практикувани од Нацистите со кои биле убиени 200.000 лица со посебни потреби го кршат правото на живот. А што е со процедурите на пренатален скрининг и правото на жената да избере да направи абортус? Ова се контроверзни прашања кои се презентирани во Поглавје 5 онлајн.

Во Поглавје 5 го поставуваме прашањето: Кој е попречен? и даваме информации за медицинските и социјалните модели на попреченост. Исто така ќе најдете информации за движењето за попреченост и за главните текови  на инвалидност, кои имаат важни последици особено за младите луѓе  и младите возрасни во врска, на пример, со образование, пристап до објекти (вклучувајќи ги и младинските организации) и работа.

**Поврзани активности:**

Промени  ги твоите очила
Јас сакам да работам
Видете ја способноста!
Спорт за сите

# Дискриминација и нетолеранција

**Поврзани активности:**

Џамија во Слипивил
Пристап до лекови
Сите еднакви - сите различни
Верници
Дали може да влезам?
Внимавајте, ве набљудуваме
Различни плати
Доста!
Хероини и херои
Јас сакам да работам!
Јазична бариера
Ајде да зборуваме за секс!
Пат до земјата на рамноправноста
Одговарајќи на расизмот
Видете ја способноста
Направи еден чекор напред
Кои сме јас?
Работа и бебиња




Дискриминацијата и нетолеранцијата се двете најчести форми на однесување што доведуваат до кршење на човековите права. Дискриминацијата се јавува кога луѓето се третираат понеповолно од другите во слична ситуација само затоа што припаѓаат или се смета дека припаѓаат на одредена група или категорија. Нетолеранцијата е недостаток на почит кон практики или верувања, поинакви од нашите сопствени.

Принципите на еднаквост и недискриминација се утврдени во членовите 1 и 2 од УДЧП и во член 14 од ЕКЧП. Дискриминацијата има директни последици за оние луѓе и групи дискриминирани и тоа поради нивната возраст, попреченост, етничка припадност, потекло, политички верувања, раса, религија, пол или род, сексуална ориентација, јазик, култура и многу повеќе. Понекогаш ние дискриминираме позитивно (афирмативна акција) со цел да се компензира нееднаквоста, на пример создавање на повеќе пари во засегнати рурални подрачја со цел да им се помогне на младите луѓе за зголемување на можностите за вработување и обезбедување образование. Го поставуваме прашањето: Може ли дискриминацијата некогаш да се оправда?

Во Поглавје 5 онлајн има дискусија во врска со ова прашање и други прашања, вклучително и механизмите кои ја одржуваат структурната нееднаквост во демократиите преку „тиранијата на мнозинството“. Исто така ќе најдете детални информации за стереотипите и предрасудите и различните видови на дискриминација наведени погоре, плус и за антисемитизмот, ромафобијата и расизмот насочен кон Ромите.

# Образование




**Поврзани активности**:

Детски права
Образование за сите?
Колку нам ни е потребно?
Да се чуе сечиј глас
Мојот живот не е шоу!
Пат до земјата на рамноправноста
Наскоро ќе бидат застарени

Образованието е процес со кој општеството ги пренесува своите акумулирани знаења, вештини и вредности од една генерација до друга. Тоа само по себе истовремено е и засебно право и незаменливо средство за реализација на други човекови права. Поради неговата важност, две од Милениумските развојни цели на ОН се поврзани со образованието. Цел 2: да се осигура дека до 2015 година децата насекаде, момчињата и девојчињата, ќе завршат целосен курс на основно образование и Цел 3: да ја промовираат родовата рамноправност и да ги зајакнат жените преку елиминирање на родовата нерамнотежа во образованието. Сепак, и покрај таквите цели, во 2011 година околу 57 милиони деца ширум светот сè уште не одат на училиште, 69 милиони адолесценти немаат основни вештини стекнати преку нижо и средно образование, а родовата нерамнотежа останува се уште присутна во многу земји.

Пристапот до образование е нешто што ги засега сите млади луѓе и кое сите силно го поддржуваат. Тие, исто така, се во единствена позиција да преземат акција и затоа треба да бидат добро информирани за нивните права и да го разберат политичкиот и социјалниот контекст на нивниот образовен системи. Информациите од Поглавје 5 онлајн се добро место за почеток. Ние го опишуваме концептот на 4-те А (availability, accessibility, acceptability and adaptability) за образованието: достапност, пристапност, прифатливост и приспособливост и предизвиците во спроведувањето на четирите столба на УНЕСКО: учење да се живее заедно, учење за да се знае, учење за да се направи и учење за да се биде.

# Животна средина

**Поврзани активности:**

3 работи
Внимавајте, ве набљудуваме
Прсти и палци
Насловна страница
Ловење на китови
Нашите иднини
Приказна за два града
Мрежа на животот




„Човекот треба да има основно право на слобода, еднаквост и соодветни услови за живот во квалитетна средина што дозволува живот на достоинство и благосостојба". Овој цитат е од Стокхолмската декларација од 1972 година на Конференцијата на ООН за човековата животна средина и може да се смета како појдовна точка на заштитата на животната средина преку пристап заснован на правата. Луѓето сфаќаат дека што и да правиме – ископување, навлегување, градење, земјоделие, загадување - нашите постапки имаат последиците и на локално и на глобално ниво, сега и во иднина. Така нашата загриженост во врска со животната средина не може да се оддели од загриженоста за човештвото и заснованоста на принципите на праведност, права и одговорност.

Младите генерално се многу загрижени за состојбата на животната средина; затоа што, тоа е нивната иднина. Многу често нивните непосредни грижи се поврзани со локалните прашања, но климатските промената се главниот проблем што го чувствуваат луѓето насекаде - но некои повеќе од други; тоа е прашање на праведност, како што е порастот на населението.

Во Поглавје 5 онлајн можете да прочитате за овие проблеми на младите луѓе и примери за повреди, на пример, на правото на живот како резултат на раните смртни случаи предизвикани од разни форми  на загадување на воздухот и недостаток на пристап до безбедно и адекватно снабдување со вода. Прекршување на правата да се има посакувана работа, право за храна и учество во културниот живот може да следат од начинот на кој  ние ја користиме земјата во земјоделство, рударство, други индустрии, транспортни системи и градови.

Можете исто така да прочитате за злосторството на екоцид, што значи било какво уништување на природното опкружување во големи размери кое може да се препознае како Меѓународен криминал против мирот заедно со геноцидот, злосторството против човештвото и кое треба да се изведе пред Меѓународниот кривичен суд.

COMPASS

# Род




**Поврзани активности:**

Различни плати
Домашни работи
Хероини и херои
Ајде да зборуваме за секс!
Пат до земјата на рамноправноста
Кои сме јас?
Работа и бебиња

Родот влијае на сите, на сложени, суптилни и отворени начини. Нашата сексуалност и родов идентитет се составен дел од човековата природа. Термините пол, род, родов идентитет и сексуалност имаат различни значења, но често се мешаат. Во Поглавје 5 онлајн, ќе ги најдете објаснети овие и други поврзани термини.

Родовата еднаквост е основно човеково право и сите меѓународни договори за човекови права се применуваат подеднакво за мажите и жените. На сите луѓе можат да им бидат прекршени нивните човекови права врз основа на нивниот родов идентитет или сексуалната ориентација, но жените се особено ранливи на ова. Некои од клучните прашања се однесуваат на учеството (во образованието, вработувањето и донесувањето одлуки во политичката и јавната сфера), родово заснованото насилство (на пример, семејно насилство, ФГМ, трговија со луѓе, полова селективност на абортус), вооружени конфликти (околу 90% од жртвите се цивили, главно жени и деца) и сиромаштија (над 70% од сиромашните во светот се жени), како и сексуални и репродуктивни права (присилни бракови и избор за користење на контрола на раѓање). Поради нивната особена ранливост  Конвенцијата за елиминација на дискриминацијата врз жените (КЕДВЖ) беше усвоена во 1979 година.

Исто така, честопати се прекршуваат правата на ЛГБТ луѓето и ООН станува сè погласна поддршка на ЛГБТ човековите права. Меѓутоа, ООН сé уште не ги препознава принципите на Јогикарта развиени на состанокот на Меѓународната комисија на правници и други експерти за човекови права во 2006 година.

# Глобализација

**Поврзани активности:**

Пристап до лекови
Сите еднакви - сите различни
Приказната на Ашик
Внимавајте, ве набљудуваме
Дали имаме алтернативи?
Домашни работи
Насловна страница
Колку нам ни е потребно?
Само една минута
Ловење на китови
Трка за богатство и моќ
Наскоро ќе бидат застарени
Тероризам
Мрежа на животот
Кога ќе дојде утре




Дури и ако повеќето од нас имаат чувство за тоа што е глобализацијата, концептот е сложен и неговите врски со човековите права се повеќекратни. Глобализацијата, наводно, е одговорна за кршењето на човековите права од една страна, но од друга страна, таа им овозможува на движењата за човекови права да се спротивстават на нејзините ексцеси и негативни ефекти преку глобализирана медиумска мрежа. Во Поглавје 5 онлајн може да прочитате за економските ефекти од глобализацијата и за глобалните меѓународни економски и трговски институции, како и за културните и социјалните влијанија и за движењата за промовирање на „глобализација со човечко лице“.

Тоа е одговор на негативните ефекти од глобализацијата што доведоа до унапредување на неколку области на човековите права. На пример, разјаснувањето на правото на развој и изготвувањето на Десетте принципи на Глобалниот договор на ООН, стратешка политичка иницијатива за бизнисите.

Глобализацијата и флуктуациите на економскиот, социјалниот, културниот и политичкиот поредок се одразуваат непропорционално на движење на младите луѓе кон зрелоста. Од друга страна, за многу млади глобализацијата значи повеќе можности за патување, работа и студирање и искусување на различни начини на живот и култури. Советот на Европа игра важна улога во олеснувањето на настаните кои ги зближуваат младите луѓе од разновидни младинските организации.

COMPASS

# Здравје




**Поврзани активности:**

Пристап до лекови
Колку нам ни е потребно?
Ајде да зборуваме за секс!
Нашите иднини
Трка за богатство и моќ
Спорт за сите
Насилство во мојот живот
Мрежа на животот

Правото на здравје е препознаено во бројни меѓународни и регионални инструменти за човекови права, вклучувајќи го УДЧП (член 25) и Европската социјална повелба. Правото на здравје не треба да се разбере како право да се биде здрав: невозможно е да се обезбеди заштита од сите можни причини за лошото здравје на човекот. Тоа е право за секого, без дискриминација, да се имаат здравствени услуги што се достапни, пристапни, прифатливи и со добар квалитет, како и соодветни услови за живеење кои се неопходни за да се остане здрав онолку колку што е можно.

И покрај добрите намери, постојат драматични нееднаквости и на локално и на глобално ниво, а примери се дадени во Поглавје 5 онлајн. Во поглавјето се вклучени и информации за младите луѓе и здравјето и здравите начини на живот. Растењето во услови на сиромаштија, лоша исхрана, недостаток на физичката активност и/или зависностите можат да имаат доживотни последици за здравјето. Млади луѓе кои почнуваат да работат многу рано, се соочуваат со ризици по здравјето на работното место и се со поголема веројатност да се повредат на работа и до 50% повеќе отколку постарите луѓе.

Другите теми во Поглавје 5 онлајн вклучуваат, дрога, сексуално и репродуктивно здравје, ментално здравје и сиромаштијата и пристап до лекови.

# Медиуми

**Поврзани активности:**

Внимавајте, ве набљудуваме
Борци за права
Насловна страница
Мојот живот не е шоу!
Кога ќе дојде утре




Медиумите, печатот, телевизијата, радиото, филмовите, ЦД-ата, ДВД-ата, светската мрежа и Интернетот ни обезбедуваат современи информации супер брзо, кои што можат да послужат за зголемување на свесноста, учество и глобалниот активизам за човековите права, но за нив е исто така својствено што содржат опасност со тоа што можат да поттикнат омраза, стереотипи и дезинформации.

Човековото право кое е најтесно поврзано со медиумите е правото на слобода на мислење и изразување. Во Поглавје 5 онлајн можете да прочитате за правата на слободата на изразување и заканите за него, на пример, од страна на владините механизми за контрола на медиумите, насилството против новинарите, комерцијални притисоци и пристап до информациските и комуникациските технологии. Европскиот суд за човекови права помина долг пат кон обезбедување на рамка за степенот до кој слободата на изразување може да биде ограничена во согласност со Член 10 (2) од УДЧП.

Во Поглавје 5 онлајн можете исто така да прочитате за тоа како може слободата на изразување да дојде во конфликт со други човекови права, на пример, правото на приватност, семеен живот и забрана за дискриминација. Исто така, постојат информации за консумерството, насилството, вредностите, стереотипите и самопочитувањето особено во однос на младите, кои како група секојдневно поминуваат многу часови користејќи ги медиумите.

COMPASS

# Миграции




Во денешниот глобализиран свет, луѓето постојано се во движење, некои за одмор, за да бараат работа или можности за учење, други да избегаат од војна и дискриминација. Сепак, разликата помеѓу т.н. доброволни и принудени мигранти во пракса, не е јасна. Моделите на миграцијата исто така не се нејасни: дали знаете дека повеќе од 12 милиони Руси живеат надвор од својата татковина, а 12 милиони родени во странство мигирале во Руската Федерација?

Во Поглавје 5 онлајн можете да прочитате дефиниции и описи на разни видови мигранти вклучувајќи ги и привремените трудови мигранти (гости-работници), високо квалификувани деловни мигранти, неправилни мигранти (без документи и без дозвола), принудени мигранти, членови на семејството и вратени мигранти, како и внатрешно раселени лица, бегалци и баратели на азил.

Исто така, има информации за политиката за миграција на ИОМ (Мегународната организација за миграција) и ЕУ и за работата на Советот на Европа, вклучувајќи го и рамковниот документ за младинска политика - Агенда 2020.

Младите луѓе кои учествуваат во програмите како Еразмус Мунди се сметаат за придонес кон културната разноликост. Од друга страна, се проценува дека има околу 12 милиони млади луѓе во Европа кои се сметаат за емигранти, бидејќи нивните родители биле емигранти иако тие самите се родени и израснати во тие општества. Како резултат на тоа, оваа „втора генерација“ емигранти страдаат од дискриминација и расизам и кршење на нивните човекови права. Младите бегалци, баратели на азил и раселени лица, исто така, се особено обесправени. “

**Поврзани активности:**

3 работи
Сите еднакви-сите различни
Дали може да влезам?
Јазична бариера
Чахал против Велика Британија
Промени ги твоите очила
Дали имаме алтернативи?
Домашни работи
Прсти и палци
Јазична бариера
Електрична централа

# Мир и насилство

**Поврзани активности:**

Прсти и палци
Етикети за спомени
Мојот живот не е шоу!
Одговарајќи на расизмот
Тероризам
Фрлање камења
Насилство во мојот живот
Кога ќе дојде утре




Во Поглавје 5 онлајн, презентираме проширено разбирање за насилството кое вклучува не само директно „бихејвиорално“ насилство, туку и структурно насилство и културно насилство. Слично на тоа, нудиме поширок концепт на мирот, што значи не само отсуство на насилни конфликти, туку исто така и присуство на правда и еднаквост, почитување на правата и Земјата. Мирот е суштински елемент за остварувањето на сите човекови права. Тој е исто така производ на човековите права и се повеќе самиот тој е препознаен како човеково право, како новонастанато право или дел од таканаречените солидарни права.

Човековата безбедност е концепт кој е тесно поврзан со мирот и насилството. Се однесува на заштитата на поединците од директна закана од физичко насилство и од индиректните закани кои резултираат од сиромаштија и други форми на социјални, економски и политички нееднаквости, како и природни катастрофи и болести.

Во Поглавје 5 онлајн, го презентираме аргументот дека понекогаш насилните акти се потребни со цел да се заштитат човековите права на други луѓе и ја дискутираат потребата од заштитните мерки потребни за ефективни и фер системи на кривична правда.

Младинскиот сектор на Советот на Европа има повеќе од 40 години искуство во работењето на интеркултурно учење, трансформација на конфликти и образование за човекови права. На пример, годишниот Младинскиот камп за млади им овозможува на младите луѓе, понекогаш за прв пат, да разговараат лице в лице со оние од „другата страна“.

# Сиромаштија






**Поврзани активности:**

Промени ги твоите очила
Трка за богатство и моќ
Направи еден чекор напред
Каде стоиш ти?

Живееме во свет каде што еден милијардер за една година заработува колку едногодишно производство на цели земји. Во Поглавје 5 онлајн можете да прочитате за различните начини за дефинирање и мерење на сиромаштијата. Апсолутната сиромаштија е недостатокот на доволно ресурси за да се обезбедат основни животни потреби на пример, безбедна вода за пиење, храна и санитарија. Во Европа сиромаштијата е генерално разбрана како релативна сиромаштија, каде едно лице или домаќинство се смета за сиромашно кога нивниот приход е полош од оној кој се смета за соодветен или социјално прифатлив во општеството во кое тие живеат.

Човековите права се од особена важност во однос на намалување на сиромаштијата. На пример, прекршување на правата за здравје, образование, пристојна работа, соодветна храна, соодветно домување, личната безбедност и еднаков пристап до правдата значи дека многу луѓе се принудени да живеат во сиромаштија. Особено младите луѓе кои растат во сиромаштија се со поголема веројатност да бидат во лошо здравје, да имаат тешкотии во учењето и однесувањето, рано да забременат, да имаат пониски вештини ... итн. итн. листата продолжува! Според „Еуростат", повеќе од 20% од младите луѓе на возраст под 24 години во 2010 година во ЕУ, живееле во сиромаштија.

Декларацијата за правото на развој на ООН од 1986 година е важен документ бидејќи нуди пристап базиран на права за развој и искоренување на сиромаштијата. Ова беше проследено во 2000 година од страна на Милениумските развојни цели на Обединетите нации (МРЦ) од кои првата беше за искоренување на екстремната сиромаштија и глад. За жал, има уште многу работи што треба да се направат.

# Вероисповед и убедување

**Поврзани активности:**

Џамија во Слипивил
Верници
Доста!
Моќ на цвеќето
Наскоро ќе бидат застарени
Временски рамки
Кои сме јас?




Во наједноставна смисла, религијата го опишува „односот на човечките суштества кон она што го сметаат за свето, просветено, духовно или божествено“. Верувањето е поширок поим: состојбата на умот кога размислуваме дека нешто е точно, иако не сме 100% сигурни или способни да го докажеме тоа. Верувањата можат да бидат религиозни, филозофски или идеолошки. Религиите и другите системи на верување во нашата средина имаат влијание врз нашиот идентитет, без разлика дали се сметаме себеси религиозни или духовни, или не.

Правото на слобода на мисла, совест и религија е загарантирано во УДЧП и многу други инструменти за човекови права. Како и со сите други човекови права, оваа слобода не е „адут“ и посилна над другите слободи и понекогаш се наоѓа во тензија со другите човекови права, како на пример слободата на мислење и изразување и слобода од дискриминација врз основа на пол или сексуална ориентација.

Во текот на историјата многу верски карактеристики се вградени во локалната култура и се рефлектираат во литературата, уметноста, музиката итн. Влијанието на религиите може да стане уште посилно кога народите прифаќаат државна религија. Често религијата и религиозните аргументи се мешаат со политичките, економските или социјалните размислувања.

Во Поглавје 5 онлајн има многу примери на дискусии во рамки на заедницата за човекови права, на пример, за традиционалните церемонии кои вклучуваат деца, закони во врска со бракот и разводот, осакатување на женските гениталии, исклучување на некои права кај некои кои не се привrзаници на некоја помоќна верска група. Фактот што овие практики се вградени во културата и традицијата не го олеснува нивното надминување.

Нетолеранцијата и дискриминацијата против муслиманите, христијаните и Евреите се третираат подлабоко како во работата на Советот на Европа, особено онаа со младите луѓе. Постојат примери на случаи поврзани со пресуди во Европскиот суд за човекови права за млади луѓе кои се однесуваат на религијата и верувањето и образованието и воената служба.

# Сеќавање




**Поврзани активности:**

Доста!
Етикети за спомени
Временски рамки

Грубото повредувањата на човековите права, како што се Холокаустот, трговијата со робови, геноцидите и етничкото чистење, не можат лесно да бидат заборавени или простени од оние што биле засегнати. Сеќавањето, кога правилно се прави, може да им даде на оние кои биле вклучени некакво чувство на завршување, а младите луѓе кои не биле директно засегнати, можат да научат до што може да доведат човечкото дејствување или недејствување, нетолеранцијата, расизам и религиозната нетрпеливост. Сеќавањето треба да биде предупредувачки сигнал за општеството, тоа треба да ни помогне да учиме од минатото за да не ги повторуваме грешките во иднина.

Нема човеково право за чинот на сеќавање, но настаните за кои се сеќаваме се секогаш оние каде што човековите права на поединци или групи биле целосно игнорирани. Во Поглавје 5 онлајн, набројуваме некои од настаните кои не се секогаш запаметени, но заслужуваат да бидат, и ги опишуваме чекорите што може да се преземат за да им се врати правдата на жртвите. Исто така, опишуваме дел од едукативната работа насочена кон младите луѓе која има за цел младите да ја надминат омразата и да промовираат меѓународна солидарност.

Самиот Совет на Европа се појавил од урнатините на Втората светска војна и нејзината работа за промовирање на демократијата, човековите права и владеењето на правото нè потсетува на последиците од тоталитарните идеологии кои доминираа во првата половина на 20 век. Во 1954 година, Европската културна конвенција ја истакна важноста на учењето на историјата на сите држави членки во нивната европска димензија. Во 2001 година, Советот на Европа го воведе Денот на сеќавање на Холокаустот и за спречување на злосторствата против човештвото.



**Поврзани активности:**

3 работи
Чахал против Велика Британија
Колку ни е потребно?
Јазична бариера
Етикети за спомени
Тероризам
Фрлање камења
Насилство во мојот живот

# Војна и тероризам




Актите на војна или тероризам ја тестираат структурата на човековите права речиси до тој степен што се чини дека ќе ја урнат. Сепак, дури и во вителот на распаѓањето на човештвото, човековите права продолжуваат да функционираат и можат да обезбедат минимална заштита и надеж за правда.

Во Поглавје 5 онлајн, се прави обид, и покрај тешкотиите, да се дефинира војната и тероризмот. Постои дискусија за употребата на сила во меѓународното право и контроверзната идеја за одговорност за заштита (R2P - responsibility to protect). На пример, прашуваме: „Може ли бомбардирањето на една земја, со се што тоа подразбира, да биде најдобриот начин за промовирање на мирот и решавање на она што е често многу подлабок конфликтот?" Исто така, постојат информации за законите на војната, Женевските конвенции, воените злосторства и Меѓународниот кривичен суд.

Во однос на човековите права и тероризмот, постојат две клучни области каде што концептите на човековите права и тероризмот можат да дојдат во конфликт. Прво, самиот чин на тероризам и второ мерките што може да се преземат од страна на официјалните органи во процесот на борба против тероризмот. Вреди да се напомене дека законот за човекови права е изготвен за да ги заштити поединците од повреда на нивните права и слободи од страна на владите и дека не постои можност да се одведе терористичка група во Судот за човекови права.

Војната и тероризмот - е тема која е особено важна за младите луѓе. Цивилите, а особено жените и децата се особено ранливи во време на војна, децата можат да бидат принудени да станат деца-војници, а младите луѓе, особено оние кои го бараат својот идентитет се често таргетирани од страна на терористичките групи.

# Работа




Правото на работа е човеково право кое често се нарекува социјално и економско право. Пристојна работата е од суштинско значење за достоинствен живот и ни обезбедува живот и придонесува за индивидуален развој и зајакнување на општеството воопшто.

Поглавје 5 онлајн опишува како правото на работа се подразбира повеќе отколку само да може да се работи. Секој има право да ужива праведни и поволни работни услови, безбедност на работно место, фер плати, еднаква награда за работа со еднаква вредност, еднакви можности, разумни часови на работа и одмор, како и право да се организираат и да преговараат колективно. Има информации за синдикатите, за Меѓународната организација за труд (МОТ) и Европската социјална повелба.

Во 2011 година имаше околу 7,5 милиони млади луѓе во ЕУ кои беа NEET - not in employment, education or training (не беа вработени, не беа во образование или не беа во обука). Без работа многу млади луѓе развиваат социјални и здравствени проблеми како насилство, криминал, самоубиство и злоупотреба на дрога и алкохол. За младите луѓе, имањето на работа имплицира повеќе отколку да се имаат средства да се издржуваат, таа е алатка за животно искуство. Практикантите може да одат на места за да го надополнат искуството, но многу млади луѓе честопати се чувствуваат експлоатирани од системот.

Детскиот труд е уште едно прашање кое влијае врз младите луѓе. Во 2010 година било проценето дека има 215 милиони деца ширум светот кои биле вклучени во детски труд кој вклучувал ропство и принудна работа, сексуална експлоатација, нелегални активности или работа што била опасна. Во Европа, постојат прописи, но многу деца и млади се уште треба да работат во сабота или после училиште или колеџ, понекогаш за да заработат дополнителен џепарлак, но често за да направат значителен придонес во семејниот буџет.



**Поврзани активности:**

Приказната на Ашик
Различни плати
Јас сакам да работам!
Приказна за два града
Состанокот на синдикатот
Работа и бебиња

# Додатоци

## ИЗБОР НА МЕЃУНАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**Статус на ратификација на главните меѓународни инструменти за човекови права .......**462
Обединети нации............................................. ............................................... ........................... 462
Универзална декларација за човекови права (резиме и целосна верзија) ..................................463
Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (резиме) ..................................................466
Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права (резиме) ...................................466
Конвенција за елиминација на расизмот и дискриминацијата .................................................... 467
Конвенција за правата на детето (резиме) ......................................................................................468
Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против жените (резиме)...........469
Конвенција за заштита на сите лица од насилно исчезнување (резиме) .....................................470
Конвенција за правата на лицата со попреченост (резиме) ..........................................................470
**Совет на Европа** ..............................................................................................................................472
Европската конвенција за човекови права (резиме и целосна верзија) .......................................472
Европската социјална повелба ... ................................. .................................................................478
Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства (резиме) ...................................479
Европската повелба за регионални или малцински јазици (резиме) .......................................... 479
Конвенција за акција против трговијата со луѓе ..........................................................................480
Повелба на Советот на Европа за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права ......................................................................................................................481
Речник ............................................. ............... ........................ ..................................................483

**Статус на ратификација на главните меѓународни инструменти за човекови права**
од страна на државите членки на Европската културна конвенција
(Статус на 14 септември 2020 година)

| ДРЖАВИ | Обединети нации | | | | | | | Совет на Европа | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права | Меѓународен пакт за граѓански и политички права | Конвенција за правата на детето | Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација | Конвенција за елиминација од сите форми на дискриминација против жените | Конвенција за правата на лица со попреченост | Меѓународна конвенција за заштита на сите лицаод насилно исчезнување | Европска конвенција за човекови права | Европска социјална повелба | Европската социјална повелба-преиспитана | Рамковна конвенција за Заштита на националните малцинства | Европската конвенција за спречување на тортура и нечовечки или деградирачки третман или казна | Европска повелба за регионално или Јазични јазици | Конвенција за акција против Трговија со луѓе | Конвенција за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство |
| Стапување во сила | 3.01.1976 | 23.03.1976 | 2.09.1990 | 4.01.1969 | 3.09.1981 | 3.05.2008 | 23.12.2010 | 3.09.1953 | 26.02.65 | 01.07.99 | 1.02.1998 | 1.02.1989 | 1.03.1998 | 1.02.2008 | 1.08.2014 |
| Албанија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Андора | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Ерменија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| Австрија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Азербејџан | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | |
| Белорусија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | | | | | ✓ | |
| Белгија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Босна и Херцеговина | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Бугарија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | |
| Хрватска | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Кипар | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Р. Чешка | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| Данска | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Естонија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Финска | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Франција | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Грузија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Германија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Грција | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Светата столица | | | ✓ | ✓ | | | | | | | | ✓ | ✓ | ✓ | |
| Унгарија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| Исланд | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Ирска | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Италија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Казахстан | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | | | | | |
| Латвија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | |
| Лихтенштајн | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | ✓ | | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| Литванија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | |
| Луксембург | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Малта | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Монако | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | | | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Црна Гора | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Холандија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Северна Македонија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Норвешка | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Полска | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Поругалија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Романија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Реп. Молдавија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | |
| Руска Федерација | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | | |
| Сан Марино | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Србија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Република Словачка | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| Словенија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Шпанија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Шведска | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Швајцарија | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ |
| Турција | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | | ✓ | ✓ |
| Украина | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |
| Обединето Кралство | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | |

## Универзалната декларација за човековите права
(Резиме)

Член 1
Право на еднаквост

Член 2
Слобода од дискриминација

Член 3
Право на живот, слобода, лична безбедност

Член 4
Слобода од ропството

Член 5
Слобода од тортура и деградирачки третман

Член 6
Право на признавање (препознавање) како лице пред законот

Член 7
Правото на еднаквост пред законот

Член 8
Право на правен лек од страна на надлежен суд

Член 9
Слобода од произволно апсење и прогонство

Член 10
Право на правично јавно сослушување

Член 11
Право да се биде сметан за невин додека вината не биде докажана

Член 12
Слобода од мешање во приватноста, семејството, домот и кореспонденцијата

Член 13
Право на слободно движење во и надвор од земјата

Член 14
Право на азил од прогонство во други земји

Член 15
Право на националност и слобода истото да се промени

Член 16
Право на брак и семејство

Член 17
Право на сопственост

Член 18
Слобода на вера и религија

Член 19
Слобода на мислење и информации

Член 20
Право на мирно собирање и здружување

Член 21
Право на учество во владата и слободни избори

Член 22
Право на социјално осигурување

Член 23
Право на работа по желба и вклучување на синдикати

Член 24
Право на одмор и слободно време

Член 25
Право на соодветен стандард за живеење

Член 26
Право на образование

Член 27
Право на учество во културниот живот на заедницата

Член 28
Право на социјален ред кој го артикулира овој документ

Член 29
Должности на заедницата од суштинско значење за слободен и целосен развој

Член 30
Слобода од мешање на државата или лица во горенаведените права

Copyright © 1999 Ресурсен центар за човекови права, Универзитет во Минесота. Репродуцирано со дозвола

# Универзалната декларација за човековите права

*Преамбула*

Бидејќи признавањето на вроденото достоинство и еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човековото семејство е темел на слободата, правдата и мирот во светот,

Бидејќи непочитувањето и презирањето на правата на човекот водело кон варварски постапки кои ја навредувале совеста на човештвото, и бидејќи создавањето на свет во кој човечките суштества ќе уживаат слобода на говор и вероисповед и ќе бидат слободни од страв и немаштина е прогласено за највисок идеал на секој човек,

Бидејќи е од суштинско значење, човекот немајќи друг начин, како последно средство,да биде принуден на бунт против тиранијата и угнетувањето, човековите права треба да бидат заштитени со владеење на правото,

Бидејќи е важно да се поттикнува развојот на пријателските односи меѓу народите,

Бидејќи народите на Обединетите нации во Повелбата повторно ја потврдија својата вера во основните права на човекот, во достоинството и вредноста на човековата личност и рамноправноста на мажот и жената и бидејќи решија да го поттикнат општествениот напредок и да ги подобрат условите на живот во поголема слобода,

Бидејќи државите членки се обврзале во соработка со Обединетите нации да го обезбедат општото почитување и примена на човековите права и основни слободи,

Бидејќи општото разбирање на овие права и слободи е од најголема важност за полно остварување на оваа обврска, **затоа сега Генералното собрание, ја прогласува оваа Универзална декларација за човековите права** како заеднички стандард кој треба да го постигнат сите народи и сите нации со што секој поединец и секој орган на општеството, имајќи ја постојано предвид оваа декларација, би тежнеел низ учењето и воспитувањето да придонесе за почитување на овие права и слободи и со постапни национални и меѓународни мерки да биде обезбедено нивното општо и вистинско признавање и почитување како меѓу народите на самите држави членки, така и меѓу народите на оние територии под нивна јурисдикција.

**Член 1**
Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата. Тие се обдарени со разум и совест и треба едни кон други да постапуваат во духот на братството.

**Член 2**
Сите права и слободи прогласени во оваа декларација му припаѓаат на секое лице без разлика на било што на пример на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго мислење, националното и општественото потекло, имотната состојба, раѓањето или било кои други услови. Понатаму, нема да се прави никаква разлика врз основа на политичкиот, правниот или меѓународниот статус на земјата или теоријата на која и припаѓа некое лице, било да е независна, под старателство, несамоуправна или да се наоѓа под кои било други ограничувања на сувереноста.

**Член 3**
Секој има право на живот, слобода и безбедност на личноста.

**Член 4**
Никој не смее да биде држен во ропство или потчинетост: ропството и трговијата со робови во сите форми се забранети.

**Член 5**
Никој не смее да биде подложен на мачење или на свирепа, нечовечна или понижувачка постапка или казна.

**Член 6**
Секој има право насекаде да биде признат како лице пред законот.

**Член 7**
Сите се еднакви пред законот и имаат право, без каква било дискриминација, на еднаква заштита од законот. На сите им припаѓа еднаква заштита против било каква дискриминацијаи повреда на оваа декларација и против какво било поттикнување кон таква дискриминација

**Член 8**
Секој има право националните судови ефикасно да го заштитат од кршење на основните права кои му се признати со уставот и законите.

**Член 9**
Никој не смее да биде произволно уапсен, притворен, ниту протеран.

**Член 10**
Секој има потполно еднакво право на праведно и јавно судење пред независен и непристрасен суд кој ќе одлучи за неговите права и обврски и за основаноста на секое кривично обвинение против него.

**Член 11**
1.Секој обвинет за кривично дело има право да се смета за невин се додека врз основа на законот, вината не се докаже, на јавен претрес на кој му се обезбедени сите гаранции потребни за негова одбрана.
2.Никој не смее да се смета за виновен за кое и да е кривично дело поради дејство или пропуст кои не претставуваат кривичо дело по националното или меѓународното право во времето кога се извршени.Истотаканесмееда сеизречепотешкаказнаодонаакојасе применувала во времето кога е извршено кривичното дело.

**Член 12**
Никој не смее да биде изложен на произволно мешање во приватниот живот, семејството, станот или преписката, ниту на напади врз честа и угледот. Секој има право на заштита од законот против вакво мешање или напад.

**Член 13**

1.Секој има право на слобода на движење и избор на престојувалиште во границите на одделна држава
2.Секој има право да ја напушти било која земја, вклучувајки ја и својата, како и да се врати во својата земја.

**Член 14**
1.Секој прогонет има право да бара и да ужива азил во други земји.

2.На ова право никој не може да се повика во случај прогонот да е заснован врз кривично дело од неполитичка природа или постапка спротивна на целите и начелата на Обединетите нации.

**Член 15**
1.Секој има право на државјанство.
2.Никој не смее самоволно да биде лишен од своето државјанство ниту од правото да го промени државјанството.

**Член 16**
1.Полнолетните мажи и жени без какви било ограничувања во поглед на расата, државјанството или вероисповедта, имаат право да склучат брак и да заснoваат семејство. Тие се рамноправни при склучувањето на бракот за време на неговото траење и при неговиот развод.
2.Бракот може да се склучи со слободна и потполна согласност на лицата кои стапуваат во брак.
3.Семејството е природна и основна единица на заедништво на општеството и има право на заштита од општеството и државата.

**Член 17**
1.Секој има право да поседува имот, сам, а и во заедница со други.
2.Никој не смее да биде произволно лишен од својот имот.

**Член 18**
Секој има право на слобода на мисла, совест и вероисповед; ова право ја вклучува и слободата за промена на вероисповедта или убедувањето и слободата човекот сам или во заедница со други, јавно или приватно да ја манифестира својата вера или убедување по пат на настава, исповед на верата и вршење обреди.

**Член 19**
Секој има право на слобода на мислење и изразување, што го опфаќа и правото да не биде вознемируван за своето мислење, како и правото да бара, прима и шири информации и идеи со било кои средства и без оглед на границите.

**Член 20**
1.Секој има право на слобода на мирно собирање и здружување.
2.Никој не може да биде принуден да припаѓа на некое здружение.

**Член 21**
1.Секој има право да учествува во управувањето со јавните работи на својата земја, непосредно или преку слободно избрани претставници.
2.Секој има право на рамноправна основа да стапува во јавна служба во својата земја.
3.Волјата на народот е основа на државната власт; оваа волја треба да се изразува на повремени и слободни избори кои ќе се спроведуваат со општо и еднакво право на глас, со тајно гласање или со соодветна постапка која ја обезбедува слободата на гласањето.

**Член 22**
Секој, како член на општеството, има право на социјална сигурност и преку национални напори и меѓународна соработка, а во согласност со организацијата и ресурсите на секоја држава, има право на реализација на економски, социјални и културни права неопходни за неговото достоинство и за слободен развој на неговата личност.

**Член 23**
1.Секој има право на работа, на слободен избор при вработување, на праведни и задоволителни услови за работа и на заштита од невработеност.
2.Секој, без разлика, има право на еднаква плата за еднаков труд.
3.Секој кој работи има право на праведна и поволна заработка која нему и на неговото семејство му обезбедува егзистенција која одговара на човековото достоинство и која, доколку биде потребно, ќе биде надополнета со други средства од социјалната заштита.
4.Секој има право да формира и да стапува во синдикат за заштита на своите интереси.

**Член 24**
Секој има право на одмор и разонода, вклучувајќи го и разумното ограничување на работното време и повремените платени одмори.

**Член 25**
1.Секој има право на животен стандард кој му обезбедува здравје и благосостојба, нему и на неговото семејство, вклучувајќи ја исхраната, облеката, станот, и лекарската нега и потребната социјална служба, како и правото на осигурување во случај на невработеност,болест, немоќ, вдовство, старост или други случаи на губење на средства за издржување поради околности независни од неговата волја.
2.Мајките и децата имаат право на посебна нега и помош. Сите деца родени во брак или надвор од него, уживаат еднаква социјална заштита.

**Член 26**
1.Секој има право на образование. Образованието треба да биде бесплатно, барем во основните и нижите школи.
Основното образование е задолжително. Техничкото и стручното образование треба да бидат општо достапни, а пристапот кон високото образование ќе биде еднакво достапно на сите врз основа на нивните постигнувања.
2.Образованието треба да биде насочено кон полн развој на човековата личност и зацврстување на почитта за човековите права и основни слободи. Тоа треба да го унапредува разбирањето, трпеливоста и пријателството меѓу сите народи, расни и верски групации, како и дејноста на Обединетите нации за одржување на мирот.
3.Родителите имаат првенствено право да го изберат видот на образованието за своите деца.

**Член 27**
1.Секој има право слободно да учествува во културниот живот на заедницата, да ужива во уметноста и да учествува во научниот напредок и во користа што од тоа произлегува.
2.Секој има право на заштита на моралните и материјалните интереси кои произлегуваат од секое научно, книжевно или уметничко дело чиј творец е тој.

**Член 28**
Секој има право на општествен и меѓународен поредок во кој правата и слободите објавени во оваа Декларација можат да бидат остварени во целост.

**Член 29**
1.Секој има обврски кон заедницата која единствено овозможува слободно и целосно развивање на неговата личност.
2.Во вршењето на своите права и слободи секој може да биде подложен само на оние ограничувања кои се предвидени со закон со цел обезбедување нужно признание и почитување на правата и слободите на други и со цел задоволување на праведни барања на моралот, јавниот поредок и општата благосостојба во демократското општество.
3.Овие права и слободи во никој случај не можат да се остваруваат спротивно на целите и начелата на Обединетите нации.

**Член 30**
Ниту една одредба од оваа декларација не може да се толкува како право за било која држава, група или лице да се вклучат во некоја активност или да извршат било каков акт со цел уништување на некое од правата и слободите наведени овде.

## Меѓународен пакт за граѓански и политички права
(Неофицијално резиме)

*• Овој пакт беше усвоен од страна на Генералното собрание на Обединетите нации на 16 декември 1966 година и стапи на сила 23 март 1976 година. До мај 2012 година, Пактот беше ратификуван од 167 држави.*
*• Пактот понатаму ги елаборира граѓанските и политичките права и слободи наведени во Универзалната декларација на правата на човекот.*
*• Според член 1 од Пактот, државите се обврзуваат да го промовираат правото на самоопределување и да го почитуваат тоа право. Исто така, ги признаваат правата на народите за слободно владеење, трговија и располагање со нивното природно богатство и ресурси.*

Меѓу правата на поединците загарантирани од Пактот се:

**Член 2**
Право на правен надомест кога нивните права се прекршени, дури и ако насилникот дејствувал со официјален капацитет.

**Член 3**
Правото на еднаквост помеѓу мажите и жените во уживањето на нивните граѓански и политички права.

**Член 6**
Право на живот и опстанок.
**Член 7**
Слободата од нечовечки или понижувачки третман или казна.
**Член 8**
Слобода од ропство и поробување.
**Член 9**
Право на слобода и безбедност на личноста и слобода од произволно апсење или притвор.
**Член 11**
Слободата од затвор поради долг.
**Член 12**
Право на слобода на движење и слобода на избор на престојувалиште.
**Член 14**
Правото на еднаквост пред Законот; правото на претпоставка на невиност додека не се докаже вината и да се има фер и јавна расправа од непристрасен суд.
**Член 16**
Право на признавање како лице пред законот.
**Член 17**
Правото на приватност и неговата заштита со закон.
**Член 18**
Слободата на мислата, совеста и религијата.

**Член 19**
Слобода на мислење и изразување.
**Член 20**
Забрана за пропаганда залагање за војна или национално,расна или верска омраза.
**Член 21**
Право на мирно собирање.
**Член 22**
Право на слобода на здружување.
**Член 23**
Право на брак и основање на семејство
**Член 24**
Правата на деца (статус на малолетници, националност, регистрација и име).
**Член 25**
Право на учество во спроведување на јавни работи, да се гласа и да се биде избран и пристап до јавна услуга.
**Член 26**
Правото на еднаквост пред законот и еднаква заштита
**Член 27**
Правото, на членовите на верските, етничките или јазичните малцинства, да уживаат во својата култура, да ја практикуваат нивната религија и да го употребуваат нивниот јазик

Пактот е правно обврзувачки; Комитетот за човекови права, воспоставен согласно член 28, го следи неговото спроведување. Првиот Факултативен протокол утврдува индивидуален жалбен механизми за ICCP. До мај 2012 година протоколот беше ратификувана од 114 држави.

Вториот Факултативен протокол влезе во сила во 1991 година и има за цел укинување на смртната казна. До мај 2012 година тој беше ратификувана од 74 држави.

## Меѓународен Пакт за економски,социјални и културни права
(Неофицијално резиме)

*Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (1966), заедно со Универзалната декларација за правата на човекот (1948) и Меѓународниот пакт за граѓански и граѓански и политички права (1966), го сочинуваат Меѓународниот Закон на правата на човекот (International Bill of Human Rights). Во согласност со Универзалната декларација, Пактот признаваат дека „... идеалот на слободните човечки суштества кои уживаат граѓанска и политичка слобода и слободни од страв може да се постигне само ако се создадат услови при што секој може да ужива во неговите граѓански и политички права, како и неговите економски, социјални и културни права". Пактот влезе во сила во 1976 година и до мај 2012 година тој беше ратификуван од 160 земји*

**Член 1**
Сите народи имаат право на самоопределување, вклучувајќи го и правото слободно да го определуваат својот политички статус и слободно да го обезбедуваат нивниот економски, социјален и културен развој.
**Член 2**
Секоја држава - страна се обврзува да преземе чекори до максимум од своите расположиви ресурси за да се постигне постепено целосно остварување на правата во овој пакт. Секој има право (е подобен) на истите права без никаква дискриминација.
**Член 3**
Државите се обврзуваат да обезбедат еднакво право на мажите и жените да уживаатво сите права во овој договор.
**Член 4**
Ограничувања на овие права може да се постават само ако се компатибилни со природата на овие праваи само за целите на промовирање на општата благосостојба во едно демократско општество.
**Член 5**
Ниту едно лице, група или влада нема право да го уништи било кое од овие права.
**Член 6**
Секој има право на работа, вклучувајќи го и правото на заработка за живот со работа избрана по слободен избор и прифатена.
**Член 7**
Секој има право на праведни услови за работа; фер плати обезбедување пристојно живеење за себе и неговото семејство; еднаква плата за еднаква работа; безбедни и здрави работни услови; еднакви можности за секој да биде промовиран; одмор и слободно време.
**Член 8**
Секој има право да формира и да се приклучи на синдикати, право на штрајк.
**Член 9**
Секој има право на социјална безбедност, вклучувајќи социјално осигурување.
**Член 10**
Заштита и помош треба да му се припише на семејството. Бракот мора да се склучи со слободна согласност на двата брачни другари. Посебна заштита треба да се обезбеди за мајките. Посебни мерки треба да се преземат во име на децата, без дискриминација. Децата и младите треба да бидат заштитени од економска експлоатација. Нивно вработување во опасни или штетни работи треба да биде забрането. Треба да има старосни ограничувања под кои работата за децата треба да биде забранета.
**Член 11**
Секој има право на соодветен стандард на живеење за себе и за неговото семејство, вклучувајќи соодветна храна, облека и домување. Секој има право да биде ослободен и од глад.
**Член 12**
Секој има право на уживање на највисокиот достижен стандард на физичко и менталното здравје.
**Член 13**
Секој има право на образование. Основното образование треба да биде задолжително и бесплатно на сите.
**Член 14**
Оние држави каде што бесплатно основно образование е задолжително, но не е достапно за сите, треба да изготват план за обезбедување на такво образование.
**Член 15**
Секој има право да земе дел од културниот живот; ужива во придобивките од научниот напредок.

Пактот е мониториран од Комитетот на Обединетите нации за економски, социјални и културни права.Извор: Ресурсен центар за човекови права во Минесота, базиран врз основа на Центарот на ОН за човекови права, Меѓународниот закон за правата, Информативен лист # 2.

# Меѓународна Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација
(Неофицијално резиме)

*Меѓународната конвенција на Обединетите нации за елиминација на сите форми на расна дискриминација (КЕРД) се базира на Декларација за елиминација на сите форми на расна дискриминација од 1963 година.*

*Декларацијата има четири главни точки:*

*• Секоја доктрина за расна диференцијација или супериорност е научно лажна, морално осудена, социјално неправедна и опасна и нема основа во теоријата или праксата;*

*• Расна дискриминација - и уште повеќе, владини политики засновани на расна супериорност или омраза - ги нарушуваат фундаменталните човекови права, ги загрозуваат пријателските односи меѓу луѓето, соработката меѓу народите и меѓународниот мир и безбедност;*

*• Расната дискриминација му штети не само на оние кои се нејзин објект, туку и на оние што ја спроведуваат;*
*• Светско општество ослободено од расна сегрегација и дискриминација и фактори кои создаваат омраза и поделба, се фундаментална цел на Обединетите нации.*

**Член 1**
Дефиниција за расна дискриминација: секоја дистинкција, исклучување, ограничување или претпочитање врз основа на раса, боја, потекло или национално или етничко потекло со цел или со ефект на нарушување на уживањето на човековите права на еднакво рамниште. Афирмативните акциски политики или мерки не треба да се сметаат за расна дискриминација.

**Член 2**
Државите членки ја осудуваат расната дискриминација и се обврзуваат да се стремат кон политика на нејзино елиминирање во сите нејзини форми. Државите членки нема да се вклучат во расна дискриминација и ќе дејствуваат за да осигураат дека ниту еден јавен орган и институција не се вклучени во дискриминација. Државите членки се обврзуваат да не спонзорираат,бранат или поддржуваат расна дискриминација од страна на било кои лица или организации. Државите членки ќе ги надгледуваат владите, националните и локалните политики и ќе изменат или укинат закони и прописи кои создаваат или одржуваат расна дискриминација. Државите членки ќе забранат и ќе стават крај на расната дискриминација од страна на сите лица, групи или организации. Државите членки ќе преземат потребни афирмативни акциски мерки за да обезбедат развој и заштита на лицата кои припаѓаат на одредени расни групи со цел да им гарантираат целосно и еднакво уживање на човековите права.

**Член 3**
Државите членки го осудуваат апартхејдот и се обврзуваат да ги спречат, забранат и искоренат сите такви практики на нивните територии.

**Член 4**
Државите членки осудуваат секаква пропаганда и сите организации засновани на идеи за расна супериорност. Државите членки се обврзуваат да дејствуваат за искоренување на сите поттикнувања на дискриминација и ќе забранат дисеминација на идеи засновани на расна супериорност и акти на насилство или поттикнување на насилство против која било раса.

**Член 5**
Државите членки се обврзуваат да ја забранат и да ја елиминираат расната дискриминација и да им гарантираат на сите без разлика, еднаквост пред законот, особено во уживањето на правата пред лицето на правдата; безбедност на личноста; политички права, вклучително и правото на глас и кандидирање за избори, на учество во владините и јавните работи, и да имаат еднаков пристап до јавната служба; правото на слобода на движење и престој; правото да напушти било која земја, вклучувајќи ја и сопствената, и да се врати во некоја земја; на право на националност; право на брак и избор на брачен другар;право на сопственост; правото на наследство; правото на слобода на мислата, совеста и религијата; правото на слобода на мислење и изразување; правото на мирно собирање и здружување; економски, социјални и културни права, а особено: правото на работа, слободен избор на вработување, на еднаква плата за еднаква работа, на праведен и поволен надомест; право да формираат и да се приклучат во синдикат; правото на домување; право на јавното здравство, медицинска грижа, социјална сигурност и социјални услуги; на право на образование и обука; право на еднакво учество во културни активности; правото на пристап до кое било место или услуга наменети за користење од страна на пошироката јавност.

**Член 6**
Државите членки на сите, во рамките на нивната јурисдикција, ќе им обезбедат ефективна заштита и правни лекови против акти на расна дискриминација.

**Член 7**
Државите членки се обврзуваат да усвојат мерки во образованието, наставата и сл. за борба против предрасудите што доведуваат до расна дискриминација..

*Извор: Центар за човекови права на ОН и народно движење за учење на човековите права www.pdhre.org*

## Конвенција за правата на детето
(Неофицијално резиме)

*• Конвенцијата за правата на детето (КПР) е најстариот универзално прифатен инструмент за човекови права, ратификуван од секоја земја во светот, освен две. Конвенцијата го вклучува целиот спектар на човекови права - граѓански, политички, економски, социјални и културни права на децата, во еден единствен документ. Конвенцијата беше усвоена од Генералното собрание на ОН на 20 ноември 1989 годинаи стапи на сила во септември 1990 година.*

*• Конвенцијата во 41 член ги наведува да бидат почитувани и заштитени човековите права и за секое дете на возраст под осумнаесет години.*

**Член 1**
Дефинирање на дете како “секое човечко суштество на возраст под осумнаесет години “, освен ако националниот закон смета дека мнозинството го постигнува на помала возраст.
**Член 2**
Правата што се штитат во Конвенцијата ќе бидат обезбедени без никаква дискриминација.
**Член 3**
Во сите акции што се однесуваат на децата, најдобриот интерес на детето ќе биде од примарна важност.
**Член 5**
Државата треба да ја почитува одговорноста, правата и обврските на родителите или поширокото семејство.
.**Член 6**
Секое дете има вродено право на живот.
**Член 7**
Детето има право на име, да се стекне со државјанство и да ги знае и да добие грижа од своите родители.

**Член 8**
Детето има право на идентитет и националност.
**Член 9**
Детето има право да не биде одделено од своите родители, освен во најдобар интерес и со судска постапка.
**Член 12**
Детето има право да ги искаже своите ставови за сите прашања што влијаат на него / неа и на ставовите на детето треба да им се даде соодветна тежина.
**Член 13**
Детето има право на слобода на изразување, вклучувајќи го и правото да бара, прима и пренесува информации и идеи од секој вид.
**Член 14**
Правото на детето на слобода на мисла, совест и религијата треба да се почитува.
**Член 15**
Детето има право на слобода на здружување и мирно собирање.

**Член 16**
Ниту едно дете нема да биде подложено на произволно или незаконско мешање со неговата / нејзината приватност, семејство, дом или преписка; детето треба да бидат заштитено од незаконски напади на неговата / нејзината чест и репутација.
**Член 17**
Државата го обезбедува правото на детето да има пристап до информации и материјали од национални и меѓународни извори
**Член 18**
Родителите имаат главна одговорност за воспитувањето и развојот на детето.

**Член 19**

Државата ги презема сите законски, административни, социјални и образовни мерки за заштита на детето од сите форми на физичко или ментално насилство, повреда, злоупотреба, занемарување, малтретирање или експлоатација.

**Член 24**
Детето има право на највисок степен од достапната здравствена заштита, со акцент на примарната здравствена заштита, развојот на превентивната здравствена заштита.
**Член 26**
Детето има право да користи социјална сигурност.
**Член 27**
Детето има право на животен стандард кој ќе дозволи физички, ментален, духовен, морален и социјален развој.
**Член 28 и 29**
Детето има право на образование. Државата треба да го направи основното образование задолжително, достапно и слободно за сите и да поттикнува развој на различни форми на средно образование, и да ги прави достапни за секое дете. Училишната дисциплина да се спроведува на начин што е во согласност со достоинството на детето. Образованието треба да биде насочено кон развој на личноста, талентите и способностите на детето, почитување на човековите права и основните слободи, одговорен живот во слободно општество во дух на мир, пријателство, разбирање, толеранција и еднаквост,развојот на почитувањето на природната средина.
**Член 30**
Детето има право да ужива во сопствената култура.
**Член 31**
Детето има право на одмор и слободно време, да игра и слободно да учествува во културниот живот и уметноста.
**Член 32**
Детето треба да биде заштитено од економска експлоатација и од вршење на работа која е опасна за неговиот / нејзиниот живот и развој.
**Член 33**
Детето треба да биде заштитено од недозволена употреба на опојни droги.
**Член 34**
Детето треба да биде заштитено од сите форми на сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, употреба на деца во проституција или други незаконски сексуални практики, во порнографски изведби и материјали.
**Член 38**Државата ќе ги преземе сите можни мерки за заштита и грижа за деца погодени од вооружен конфликт.
**Член 40 и член 37**
На секое дете обвинето дека сторило кривично дело или криминал треба да му се гарантира презумпцијата на невиност додека не се докаже за виновно, да има правна помош во презентирањето на неговиот / нејзиниот случај, и да не биде принудено да сведочи или да признае вина,неговата / нејзината приватност целосно да се почитува, да се постапува на начин соодветен на нивната возраст, околности и благосостојба. Ниту драконска казна, ниту доживотен затвор без можност за ослободување, не треба да се изрече за прекршоци извршени од деца на возраст под 18 години.

*Целосниот текст на Конвенцијата и Факултативните протоколи може да се консултираат и да се преземе од многу Интернет-страници, како што се УНИЦЕФ (www.unicef.org/crc)*

*Извор: Центар за човекови права на ООН и народно движење за учење на човековите права www.pdhre.org*

# Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против жените (КЕДПЖ)

усвоена во 1979 година од страна на Генералното собрание на ОН, стапи во сила на 3 септември 1981 година
(Неофицијално резиме)

**Член 1**
Дефиниција на дискриминација на жените како ...„ секоја разлика,исклучување или ограничување направено врз основа на пол која има последица или цел на нарушување или поништување на признавањето, уживањето или остварувањето на жените, без разлика на нивниот брачен статус, врз основа на еднаквост на мажите и жените, на човековите права и базични слободи во политичкото, економското, социјалното, културното, граѓанското или кое било друго поле “.

**Член 2**
Ја осудува дискриминацијата на жените во сите нејзини форми; Држави членки се согласуваат да обезбедат законска рамка која обезбедува заштита против дискриминација и отелотворување на принципот на еднаквост.

**Член 3**
Државите се согласија да преземат активности во сите области - граѓански, политички, економски,социјални и културни - за да им гарантира на жените остварување и уживање на човековите права и основни слободи врз основа на еднаквост со мажите.

**Член 4**
Дозволува државите членки да преземат “привремени специјални мерки” да ја забрзаат еднаквоста.

**Член 5**
Потребата да се преземат соодветни мерки за менување на културните модели на однесување, како и потребата за образование на семејството да ја препознават општествената функција на мајчинството и заедничка одговорност за подигање на децата од страна на мажите и жените.

**Член 6**
Ги обврзува државите членки да преземат мерки за сузбивање на трговијата со жени и искористување на проституцијата на жените

**Член 7**

Жените имаат еднакво право на глас, да бидат на јавни функции и да учествуваат во граѓанското општество.

**Член 8**
Жените ги имаат истите права како и мажите да работат и да ги претставуваат нивните влади на меѓународно ниво.

**Член 9**
Жените имаат еднакви права со мажите да стекнуваат, менуваат или да ја задржуваат нивната националност и онаа на нивните деца.

**Член 10**
Ги обврзува државите-членки да ја прекинат дискриминацијата во образованието, вклучително и во професионалната и стручната обука, пристапот до наставните програми и други средства за добивање еднакво образование, како и за елиминирање на стереотипните концепти за улогите на мажите и жените

**Член 11**
Ги повикува државите членки да преземат мерки за ставање крај на дискриминацијата во вработувањето и да ги обезбедат сите права во оваа област, вклучувајќи го и правото на работа, можностите за вработување, еднакво наградување,слободен избор на професија и вработување, социјална сигурност и заштита.

**Член 12**
Бара државите членки да преземат чекори за елиминирање на дискриминацијата во здравството, вклучувајќи и пристап до услуги како планирање на семејството.

**Член 13**
Жените ги имаат истите права како и мажите во сите области на општествениот и социјалниот живот, како што се семејни бенефиции, хипотеки, банкарски заеми, и учество во рекреативни активности и спорт.

**Член 14**
Се фокусира на посебните проблеми со кои се соочуваат руралните жени, вклучувајќи ги и областите на учество на жените во планирање на развојот, пристап до соодветна здравствена заштита, кредити, образование и соодветни услови за живеење.

**Член 15**
Жените и мажите се еднакви пред законот. Жените имаат законско право да склучуваат договори, да поседуваат сопствен имот и да го изберат нивното место на живеење.

**Член 16**
Бараат чекори за да се обезбеди еднаквост во бракот и семејните односи, вклучувајќи и еднакви права со мажите за слободно да се избере бракот,еднакви права и одговорности кон децата, вклучувајќи ги и правата на слободно определување на бројот на децата и растојанието помеѓу нив како и средствата за да го направат тоа, и исти права на сопственост.

**Членови 17-30**
Постапки за известување и администрација на Конвенцијата.

## Меѓународната Конвенција за заштита на сите лица од насилно исчезнување
(Неофицијално резиме)

Членот 1 ги забранува присилните исчезнувања; без никакви исклучителни околности, без разлика дали станува збор за воена состојба или закана од војна, внатрешна политичка нестабилност или било каква друга јавна вонредна состојба, може да се повика како оправдување за присилно исчезнување.

„Присилно исчезнување" е дефинирано во член 2 од Конвенцијата како апсење, притвор, киднапирање или друга форма на лишување од слобода од страна на агенти на државата или од лица или групи на лица кои постапуваат со овластување, поддршка или согласност на државата, проследено со одбивање да се признае лишувањето од слобода или со прикривање на судбината или местото на исчезнатото лице, што го става таквото лице надвор од заштитата на законот.

Распространетата или систематска употреба на насилно исчезнување понатаму се дефинира како злосторство против човештвото во член 6.

Страните на конвенцијата, исто така, се обврзуваат да:
- ги испитаат актите на насилно исчезнување и да ги доведе одговорните пред лицето на правдата;
- се осигура дека насилното исчезнување претставува кривично дело според нејзиното кривично право;
- воспостави надлежност за кривичното дело насилно исчезнување кога наводниот сторител е на нејзина територија, дури и ако тие не се државјани или жители;
- соработува со други држави во обезбедувањето на прекршителите да се гонат или екстрадираат, како и да им се помогне на жртвите на насилно исчезнување, или да ги лоцираат и вратат нивните останки;
- ги почитуваат минималните правни стандарди околу лишувањето од слобода, вклучувајќи ја и казната затвор да биде оспорена пред судовите;
- се воспостави регистар на оние кои во моментов се затворени, и да дозволи да бидат проверени од роднини и бранител;
- се осигура дека жртвите на присилно исчезнување или оние кои се директно засегнати од нив имаат право да добијат отштета и надомест. (Член 24.4)
- правото да се добие оштета покрива материјал и опасности и, каде што е соодветно, други форми на репарација како што се; а) Реституција. б) Рехабилитација. в) Задоволство, вклучително и враќање на достоинството и оштета. г) Гаранција за неповторување. (Член 24.5)

Конвенцијата ќе биде раководена од Комитет за принудени исчезнувања, избран од неговите членки. Страните се обврзани да поднесуваат извештај до оваа комисија за чекорите што ги презеле за негово имплементирање во рок од две години откако ќе станат предмет на истата. Конвенцијата опфаќа опционален систем за жалби при што граѓаните на страните можат да поднесат жалба до Комитетот за помош во лоцирање на исчезнатото лице. Страните може да се приклучат на овој систем во секое време, но може да се откажат од него само по потпишување.

*Извор: Википедија, пристапено на 25 мај 2012 година.*

---

## Конвенција на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост
(Неофицијално резиме)

**Член 1: Цел**
Целта на Конвенцијата е да се промовира, да се заштити и да се обезбеди целосно уживање на сите човекови права и фундаментални слободи на сите лица со попреченост. Лица со попреченост ги вклучуваат оние кои имаат долгорочни физички, ментални, интелектуални или сензорни оштетувања кои, во интеракција со различни бариери, можат да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на рамноправна основа со другите.

**Член 2: Дефиниции**
Овој член ги дефинира некои од клучните термини што се користат во Конвенцијата вклучувајќи "комуникација"; "јазик"; "дискриминација по основ на попреченост "; "разумно приспособување" и "универзален" дизајн ".

**Член 3: Општи принципи**
Конвенцијата се заснова на принципите на почитување на достоинството; недискриминација; учество и вклучување; почитување на разликата; еднаквост на можности; пристапност; еднаквост меѓу мажите и жените; и почит кон децата.

**Член 4: Општи обврски**
Земјите мора да преземат низа мерки, со активно вклучување на лицата со попреченост, за да обезбедат и да промовираат целосно остварување на сите човекови права и основни слободи за сите лица со попреченост без дискриминација по било кој основа.

**Член 5: Еднаквост и недискриминација**
Секој е еднаков пред и под законот. Секој има право на еднаква заштита и корист од законот без дискриминација.

**Член 6: Жени со попреченост**
Жените и девојките со попреченост се соочуваат со повеќекратна дискриминација. Земјите мора да ги преземат сите соодветни мерки за да обезбедат дека жените со попреченост можат целосно да ги уживаат правата и слободите утврдени во Конвенцијата.

**Член 7: Деца со попреченост**
Децата со попреченост ги имаат истите човекови права како и сите други деца. Најдобрите интереси на детето мора да бидат примарно грижа во сите активности што се однесуваат на децата со попреченост. Децата со посебни потреби имаат право да ги искажат своите ставови по сите прашања што ги засегаат.

**Член 8: Подигање на свеста**
Земјите мора да ја подигнат свеста за правата, способностите и придонесите на лицата со посебни потреби. Земјите мора да ги оспорат стереотипите и предрасудите кои се однесуваат на лицата со попреченост преку кампањи, едукација, медиуми и програми за подигање на свеста.

**Член 9: Пристапност**
Лицата со посебни потреби имаат право на пристап до сите аспекти на општеството на еднаква основа со другите, вклучувајќи ја и физичката средина, транспортот, информациите и комуникациите и други објекти и услуги обезбедени за јавноста.

**Член 10: Право на живот**
Лицата со посебни потреби имаат право на живот. Земјите мора да ги преземат сите неопходни мерки за да се обезбеди дека луѓето со попреченост можат ефикасно да го уживаат ова право на еднаква основа со другите

**Член 11: Ситуации на ризик и хуманитарни итни случаи (катастрофи)**
Земјите мора да ги преземат сите неопходни мерки за да обезбедат заштита и безбедност на сите лица со попреченост во ситуации на ризик,вклучувајќи вооружен конфликт, хуманитарни итни случаи и природни катастрофи.

**Член 12: Еднакво признавање пред законот**
Лицата со попреченост,пред законот, имаат право на признавање како лица. Лицата со посебни потреби имаат правен капацитет на рамноправна основа со другите во сите аспекти на животот. Земјата мора да преземе соодветни мерки за да обезбеди поддршка за лицата со посебни потреби, така што тие можат ефикасно да го остварат својот правен капацитет.

**Член 13: Пристап до правдата**
Лицата со попреченост имаат право на ефективен пристап до правдата на еднаква основа со другите, вклучително и преку обезбедување на соодветно сместување.

**Член 14: Слобода и безбедност на личноста**
Лицата со попреченост имаат право на слобода и безбедност на личноста на еднаква основа со другите. Постоење на попреченост само по себе, не може да се користи за да се оправда лишувањето од слобода.

**Член 15:Слобода од измачување или сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување**
Лицата со попреченост имаат право да бидат ослободени од измачување и од сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Никој не смее да биде подложен на медицинско или научно експериментирање без негова или нејзина слободна согласност.

**Член 16: Слобода од експлоатација, насилство и злоупотреба**
Лицата со попреченост имаат право да бидат заштитени од сите форми на експлоатација, насилство и злоупотреба, вклучувајќи го и нивниот полово базиран аспект, во и надвор од домот.

**Член 17: Заштита на интегритетот на личноста**
Секоја личноста со попреченост има право на почит на неговиот или нејзиниот физички и ментален интегритет на еднаква основа со другите.

**Член 18: Слобода на движење и националност**
Лицата со попреченост имаат право на државјанство. Деца со попреченост имаат право на име и да знаат (за)и да бидат згрижени од нивните родители.

**Член 19: Независно живеење и вклученост во заедницата**
Лицата со попреченост имаат право да живеат независно возаедницата. Земјите мора да обезбедат за да луѓето со попреченост имаат можност да изберат каде живеат и со кого живеат и дека им се дава потребната поддршка да го направат ова.

**Член 20: Лична мобилност**
Земјите мора да преземат ефикасни и соодветни мерки за да обезбедат лична мобилност за лицата со попреченост на начини време по нивен избор, и по пристапна цена. Луѓето сопопреченост, исто така, имаат право на пристап до квалитетни помагала за мобилност, помошни технологии и форми на помош за живот ( директна асистенција) и посредници.

**Член 21: Слобода на изразување и мислење и пристап доинформации**
Лицата со посебни потреби имаат право да се изразат, вклучувајќи ја и слободата да даваат и примаат информации и идеи преку сите форми на комуникација, вклучително и преку достапни формати и технологии, знаковни јазици, Брајово писмо, аугментативна и алтернативна комуникација, средства за јавно информирање и сите останати достапни средства за комуникација.

**Член 22: Почитување на приватноста**
Лицата со попреченост имаат право на приватност. Информации за лицата со посебни потреби, вклучувајќи лични информациии, информации за нивното здравје треба да бидат заштитени.

**Член 23: Почитување на домот и семејството**
Лицата со попреченост имаат право да стапат во брак и да основаат семејство. Земјите мора да обезбедат ефикасна и соодветна поддршка за лицата со попреченост во подигање на децата и да обезбедат алтернативна грижа за децата со попреченост, каде што потесното семејство не е во состојба да се грижи за нив.

**Член 24: Образование**
Лицата со попреченост имаат право на образование без дискриминација. Земјите мора да обезбедат дека луѓето со попреченост можат да пристапат до инклузивно, квалитетно и бесплатно основно и средно образование во нивната заедница. Земјите исто така мора да обезбедат разумно сместување и индивидуализирана поддршка за да го максимизираат академскиот и социјалниот развој.

**Член 25: Здравје**
Лицата со попреченост имаат право да уживаат највисок достапен здравствен стандард без дискриминација.Земјите мора да ги преземат сите соодветни мерки, вклучувајќи ги и мерките што се родово сензитивни, за да се осигури дека лицата со попреченост имаат пристап до истиот опсег, квалитет и стандард на здравствена заштита која е достапна за сите други, а кои се блиску до сопствените заедници на луѓето.

**Член 26: Хабилитација и рехабилитација**
Земјите мора да преземат ефикасни и соодветни мерки за да им овозможат на лицата со попреченост да развијат, постигнат и одржат максимална способност, независност и учество преку обезбедување услуги и програми за хабилитација и рехабилитација.

**Член 27: Работа и вработување**
Лицата со попреченост имаат право на работа, вклучувајќи го и правото да работат во средина која е отворена, инклузивна и достапна.Земјите мора да преземат соодветни чекори за промовирање на можности за вработување и напредување во кариерата за лицата со посебни потреби.

**Член 28: Соодветен стандард на живеење и социјална заштита**
Лицата со попреченост имаат право на соодветен стандард на живеење, вклучувајќи храна, вода, облека и домување, како и ефикасна социјална заштита, вклучувајќи намалувањето на сиромаштијата и јавни програми за домување.

**Член 29: Учество во политичкиот и јавниот живот**
Лицата со попреченост имаат право да учествуваат во политиката и во јавните работи, како и да гласаат и да бидат избрани.

**Член 30: Учество во културен живот, рекреација, слободно време и спорт**
Лицата со попреченост имаат право да учествуваат во културниот живот на еднаква основа со другите, вклучувајќи и пристап до културни материјали, изведби и услуги, како и во рекреативни активности, активности во слободното време и спортски активности.

**Член 31: Статистика и собирање податоци**
Земјите мора да собираат информации за лицата со попреченост, со активно вклучување на лицата со посебни потреби, со што ќе можат подобро да ги разберат бариерите со кои се среќаваат и ќе ги направат правата од Конвенцијата реални.

**Членови 32-50**
Членовите 32-50 објаснуваат како земјите кои се обврзани со Конвенцијата мора да му дадат целосен ефект. Тие, исто така, ја објаснуваат одговорноста на земјите да го известат Комитетот на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост за тоа како тие ја ставаат Конвенцијата во сила.

*Извор: Центар за човекови права за лица со попреченост www.disabilityhumanrights.org*

Source: Centre on Human Rights for People with Disabilities www.disabilityhumanrights.org

# Европска конвенција за човекови права и нејзините протоколи
## Поедноставена верзија на избрани статии[1]

Резиме на преамбулата

Владите на земјите-членки на Советот на Европа работат кон мир и поголемо единство врз основа на човековите права и фундаментални слободи. Со оваа конвенција тие одлучуваат да ги преземат првите чекори за спроведување на многу од правата содржани во Универзалната декларација за човекови права.

**Член 1 –Обврска за почитување на човековите права**
Државите мора да гарантираат дека секој има права наведени во ова конвенција.
**Член 2 – Право на живот**
Имате право на живот.
**Член 3 - Забрана од измачување (тортура)**
Никој никогаш нема право да ве повреди или да ве измачува. Дури и во притвор треба да се почитува човековото достоинство.
**Член 4-Забрана на ропство и принудна работа**
Забрането е да се однесуваат со вас како роб или да ви наметнат принудна работа
**Член 5 – Право на слобода и безбедност**
Имате право на слобода. Ако сте уапсени, имате право да знаете зошто. Ако сте уапсени имате право на скоро судење или да бидете пуштени до започнување на судењето.
**Член 6 - Право на правично судење**
Имате право на фер судење пред непристрасен и независен судија. Ако сте обвинети за сторено кривично дело, вие сте невини додека не се докаже вината. Имате право да добиете асистенција на адвокат кој треба да биде платен од државата доколку сте сиромашни.
**Член 7 - Нема казна без закон**
Вие не може да бидете виновни за кривично дело ако немало закон против тоа кога сте го сториле делото.
**Член 8 - Почитување на приватниот и семејниот живот**
Имате право да го почитуваат вашиот приватен и семеен живот,вашиот дом и преписка.
**Член 9 - Слобода на мислата, совеста и религијата**
Имате право на слобода на мисла, совест и религија. Имате право да ја практивувате вашата религија дома и во јавност и ако сакате да ја смените својата религија.
**Член 10 – Слобода на изразување**
Имате право одговорно да кажете и напишете што мислите и да дадете и примите информации од други. Ова ја вклучува слободата на печатот.
**Член 11 - Слобода на собирање и здружување**
Имате право да учествувате на мирни собири и да воспоставите или да се приклучите во здруженија, вклучувајќи синдикати.
**Член 12 -Претходно да стапите во брак**
Имате право да стапите во брак и да имате семејство.
**Член 13 –Право на ефективен правен лек**
Ако вашите права се прекршени, можете да се жалите за ова официјално до судовите или други јавни тела.
**Член 14 - Забрана на дискриминација.**
Ги имате овие права, без разлика на вашата боја на кожа, пол, јазик, политички или религиозни верувања, или потекло.
**Член 15 – Дерогација за време на вонредна состојба**
Во време на војна или друга вонредна состојба, владата може да направи работи кои одат против вашите права, но само кога е строго потребно. Дури и тогаш, на владите не им е дозволено, на пример, да ве измачуваат или да ве убијат произволно.
**Член 16 -Рестрикции за политичка активност на странци**
Владите можат да ја ограничат политичката активност на странци,дури и ако тоа би било во спротивност со членовите 10, 11 или 14.
**Член 17 - Забрана за злоупотреба на права**
Ништо во оваа конвенција не може да се искористи за да ги оштети правата и слободите во Конвенцијата.
**Член 18 - Лимитирање за користење на ограничувањето на правата**
Повеќето права во оваа конвенција можат да бидат ограничени од општиот закон кој се применува на сите. Таквите ограничувања се дозволени само ако се строго неопходни.
**Членови од 19 до 51**
Овие членови објаснуваат како работи Европскиот суд за човекови права
**Член 34 - Индивидуални примени**
Ако вашите права содржани во Конвенцијата се повредени во една од земјите-членки прво треба да поднесете жалба до сите надлежни државни органи. Ако тоа не функционира за вас, тогаш може да ја поднесете жалбата директно до Европскиот суд за човекови права во Стразбур.
**Член 52 -Прашања од Генералниот секретар**
Ако Генералниот секретар на Советот на Европа тоа го побара, владата мора да објасни како нејзиниот национален закон ги штити правата на оваа конвенција.

**ПРОТОКОЛИ НА КОНВЕНЦИЈАТА**

**Член 1 од Протоколот бр. 1 - Заштита на имот**
Имате право да поседувате имот и да го користите вашиот имот.
**Член 2 од Протокол бр. 1 – Право на образование**
Имате право да одите на училиште.
**Член 3 од Протоколот бр. 1 - Право на слободни избори**
Имате право да ја избирате владата на вашата земја преку тајно гласање.
**Член 2 од Протоколот бр. 4 – Слобода на движење**
Ако законски сте во земјата, имате право да одите каде што сакате и да живеете таму каде што сакате во неа.
**Член 1 од Протоколот бр. 6 –Аболиција на смртната казна**
Вие не може да бидете осудени на смрт или погубени од државата.

**Член 2 од Протоколот бр. 7 –Право на жалба во кривични предмети**
Можете да поднесете жалба до повисокиот суд, ако сте осудени за извршено кривично дело.
**Членот 3 од Протоколот бр. 7 -** Компензација за грешна осуда
Имате право на надомест ако сте осудени за извршување на кривично дело, а се докаже дека сте биле невини.
**Член1одПротоколотбр.12**-Генералназабраназдискриминација
Вие не може да бидат дискриминирани од страна на јавните власти поради, на пример, бојата на кожата, полот, јазикот, политичкиот или религиозни верувања, или потекло.

1 Оваа поедноставена верзија беше подготвена од Дирекцијата за комуникации на Советот на Европа само за образовни цели. Единствени текстови кои имаат правна основа треба да се најдат во официјалните објавени верзии на Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи и нејзините протоколи.

# Европска конвенција за човекови права

како што е изменета со Протоколите бр. 11 и 14 од нејзиното влегување во сила на 1 јуни 2010 година.

# Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи

Рим, 4.XI.1950

Владите потписнички, членки на Советот на Европа, имајќи ја предвид Универзалната декларација за човековите права, која Генералното собрание на Обединетите нации ја усвои на 10 декември 1948 год.

Имајќи предвид дека таа Декларација има за цел обезбедување на универзално и ефективно признавање и почитување на правата утврдени со неа;

Имајќи предвид дека целта на Советот на Европа е да постигне поголемо единство меѓу своите членови и дека едно од средствата за постигнување на таа цел претставува заштитата и почитувањето на човековите права и основните слободи;

Реафирмирајќи ја својата длабока верба во основните човекови слободи, кои што ги чинат темелите на правдата и мирот во светот, и кои што се́ најдобро заштитени преку вистинската политичка демократија и заемното разбирање и почитување на човековите права, од кои се зависни;

Решени, како влади на европски земји, со исти стремеж и заедничко наследство на политичка традиција, идеали, почитување на слободата и правната држава, да ги направат првите чекори за колективно гарантирање на определени права утврдени со Универзалната декларација.

Се согласија за следното:

**Член 1-Обврска за почитување на човековите права**

Високите договорни страни, на сите лица под нивна јурисдикција, ќе им го обезбедат исполнувањето на правата и слободите утврдени во Делот I од оваа конвенција.

## ДЕЛ I-ПРАВА И СЛОБОДИ

**Член 2-Право на живот**

1. Правото на живот на секој човек е заштитено со закон.Никој не смее намерно да биде лишен од живот, освен при извршување на судска пресуда со која лицето е прогласено за виновно за извршување на деликт, санкциониран со ваква казна.

2. Лишувањето од живот нема да се смета за спротивно на овој член доколку настапило како резултат на употреба на апсолутно неопходна сила;

а. при одбрана на било кое лице од незаконско насилие;

б. при законско лишување од слобода или спречување на бегство на лице, притворено во согласност со законот;

в. при законско спречување на немир или бунт.

**Член 3-Забрана на мачење**

Никој не смее да биде подложен на мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

**Член 4-Забрана на ропство и принудна работа**

1. Никој не смее да биде држен во ропство или ропска зависност.

2. Никој не смее да биде присилен да врши принудна или задолжителна работа.

3. За «принудна или задолжителна работа», според овој член, нема да се смета:

а. секоја работа која редовно се бара од притворените лица, согласно на одредбите од членот 5 од оваа Конвенција или за време на условниот отпуст од притвор;

б. секоја служба од воен карактер или некоја друга служба наместо задолжителното служење на воениот рок, кога се работи за лица кои се повикале на приговор на совеста, а кое важи за оние земји кои тоа го дозволуваат;

в. секоја служба која е наложена во случај на вонредна состојба или неред кој ги загрозува животот и благосостојбата на заедницата;

г. секоја работа или служба која е составен дел на вообичаените граѓански обврски.

**Член 5-Право на слобода и сигурност**

1. Секој има право на слобода и сигурност. Никој не смее да биде лишен од слобода, освен во законска постапка, во долу наведените случаи:

а. издржување на казна затвор по осудувачка пресуда на надлежен суд;

б. законско лишување од слобода или притвор поради неизвршување на законски налог на судот или со цел обезбедување на извршување на обврска пропишана со закон;

в. законско лишување од слобода или притвор на лице, со цел негово приведување пред надлежни судски органи, кога постои оправдано сомнение дека тоа лице сторило кривично дело или кога е тоа неопходно за да се спречи извршување на кривично дело или бегство на осомничениот по извршување на кривично дело;

г. притвор на малолетник врз основа на судско решение за воспоставување на воспитна мерка или поради негово приведување пред надлежен судски орган;

д. притвор со цел да се спречи ширењето на некоја заразна болест, на ментално оболени лица, алкохоличари, токсикомани или скитници;

… законско лишување од слобода или притвор на лице, со цел да се спречи негово илегално влегување во земјата или против кое се води постапка за негово протерување или екстрадикција.

2. Секој кој е лишен од слобода веднаш ќе биде известен, на јазикот што го разбира за причините поради кои е лишен од слобода и за сите обвиненија против него.

3. Секој кој е лишен од слобода или притворен согласно на одредбите од ставот 1 в. од овој член навремено ќе биде изведен пред судија или друго службено лице овластено со закон да ја врши судската власт, ќе има право да му биде судено во разумен рок или да биде пуштен(а) на слобода во текот на судската постапка. Пуштањето може да се услови со барање на гаранција дека лицето ќе се појави на судењето.

4. Секој кој е лишен од слобода или притворен има право да изјави жалба, по која судот ќе одлучи во најкус можен рок и ќе нареди негово ослободување, доколку лицето било незаконски притворено.

5. Секое лице кое било жртва на апсење или притворање, спротивно на одредбите на овој член, има право на обештетување.

**Член 6-Право на правично судење**

1. Секој, при определување на неговите граѓанските права и обврски или кога е кривично гонет, има право на правично и јавно судење во разумен рок, пред независен и непристрасен трибунал основан со закон. Пресудите ќе се изрекуваат јавно, но печатот и јавноста може да се исклучат во дел или во целиот тек на постапката поради заштита на моралот, јавниот ред или националната безбедност на едно демократско општество, потоа, кога заштитата на интересите на малолетен престапник или приватниот живот на странките во постапката тоа го наложува, или кога судот го смета тоа за стриктно неопходно, кога постојат посебни околности, при кои јавноста на постапката би можела да им наштети на интересите на правдата.

2. Секој кривично обвинет ќе се смета за невин се́ додека не се докаже дека е виновен во согласност со законот.

3. Секој кривично обвинет ќе ги има следниве минимални права:

а. да биде веднаш детално известен, на јазикот што го разбира, за природата и основата на обвинението против него;

б. да има доволно време и адекватни услови за да ја подготви својата одбрана;

в. да се брани самиот или од страна на бранител по свој избор, или доколку не располага со средства за бранител, да добие бесплатен службен адвокат кога интересите на правдата тоа го бараат;

г. сам да ги сослуша или да овласти некој друг да ги сослуша сведоците кои што го товарат, како и да обезбеди присуство и сослушување на сведоци во своја полза, под истите услови кои важат за сведоците што го товарат;

д. бесплатно да добие преведувач доколку не го разбира или не го зборува службениот јазик на судот.

**Член 7-Нема казна без закон**
1. Никој нема да се смета за виновен за било кое кривично дело, сторено со правење или пропуштање на дејствие, кое во времето на извршувањето не претставувало кривично дело ни според домашните, ни според меѓународните прописи. Ниту пак, ќе се изрече потешка казна од онаа која била пропишана во времето кога кривичното дело било извршено.
2. Овој член нема да се применува во однос на постапката и казната изречена на било кое лице, за било кое дејство или воздржување од дејствие, кое во времето кога е сторено, претставувало кривично дело според општите правни принципи признати од страна на цивилизираните народи.

**Член 8-Право на почитување на приватниот и семејниот живот**
1. Секој има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката.
2. Нема да постои никакво мешање од страна на јавната власт при остварувањето на ова право, освен во согласност со законот и доколку é тоа неопходно во едно демократско општество за заштита на националната безбедност, јавната сигурност или економската благосостојба во земјата, за спречување на немири или извршување на кривично дело, за заштита на здравјето и моралот, или за заштита на правата и слободите на другите.

**Член 9-Слобода на уверување, совест и религија**
1. Секој има право на слобода на уверување, совест и религија, вклучувајќи го и правото на промена на религијата или уверувањето: и слободата да сам или во група, во јавност или приватно, ја изрази својата религија или убедување, преку почитување, поучување, богослужба и обред.
2. Слободата на изразување на религијата или убедувањето може да се ограничи само со закон и доколку е тоа неоходно во едно демократско општество во интерес на националната безбедност, јавната сигурност, здравјето или моралот или за заштита на правата и слободите на другите.

**Член 10-Слобода на изразување**
1. Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата на сопствено мислење и примање и пренесување на информации или идеи без било какво мешање на јавната власт и без оглед на државните граници. Овој член не ги спречува државите да доделуваат лиценци за работа на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос и кината.
2. Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и одговорност, може да се подложи на формалности, услови, рестрикции или казни определени со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност, за заштита од немири или кривично дело, на здравјето или моралот, репутацијата или правата на другите, за заштита од откривање на доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на правосудството.

**Член 11-Слобода на собирање и здружување**
1. Секој има право на слободно, мирно собирање и на здружување со други, вклучувајќи го и правото да основа и да стане член на синдикат за ги заштити своите интереси.
2. Остварувањето на овие права може да се ограничи само со закон и само доколку тоа е неопходно во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност или јавната сигурност, за спречување на неред или кривично дело, за заштита на здравјето и моралот или за заштита на правата и слободите на другите. Овој член не го спречува поставувањето на законски ограничувања за припадниците на вооружените сили, полицијата или државната администрација.

**Член 12-Право на брак**
Од моментот кога ќе станат способни за брак, мажот и жената имаат право да склучат брак и да создадат семејство според домашното законодавство кое ја уредува оваа материја.

**Член 13-Право на ефективен лек**
Секој, чии права и слободи определени во Конвенцијата се повредени ќе има ефективен лек пред домашните органи, без оглед на тоа што повредата била сторена од лица кои вршеле службена должност.

**Член 14-Забрана на дискриминација**
Уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција, ќе се обезбеди на сите без дискриминација, без оглед на пол, раса, боја на кожа, јазик, религија, политичко или друго уверување, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, сопственост, род или друг статус.

**Член 15-Дерогација во време на вонредна состојба**
1. Во случај на војна или општа опасност, која го загрозува опстанокот на нацијата, секоја од Високите страни договорнички може да преземе мерки со кои ќе ги дерогира своите обврски предвидени со оваа конвенција, во обем кој што стриктно го наложува ситуацијата и под услов таквите мерки да не бидат во спротивност со другите обврски кои што произлегуваат од меѓународното право.
2. Под оваа одредба не се дозволува никаква дерогација од членот 2, освен во случај на смрт настаната како последица на дозволени воени активности, ниту пак од членовите 3, 4 (став 1) и 7.
3. Секоја од Високите страни договорнички која го користи ова право на дерогација е должна исцрпно да го информира Генералниот секретар на Советот на Европа за мерките кои што ги презела и причините за тоа. Исто така, ќе го информира Генералниот секретар на Советот на Европа за престанокот на примената на тие мерки и за повторното целосно важење на Конвенцијата.

**Член 16-Ограничување на политичката активност на странците**
Ниедна одредба од членовите 10, 11 и 14 нема да се смета како забрана за Високите договорни страни да наметнат ограничувања на политичките активности на странците.

**Член 17-Забрана за злоупотреба на правата**
Ниедна одредба од Конвенцијата нема да се толкува на начин кој имплицира право на една држава, група или лице, да се вклучи во некоја активност или да изврши некој акт со цел да се уништи било кое од правата и слободите определени со Конвенцијата или нивно лимитирање во поголем опсег од оној предвиден со Конвенцијата.

**Член 18-Рестриктивна употреба на ограничувањето на правата**
Дозволените ограничувања за споменатите права и слободи согласно оваа конвенција ќе се применуваат само за целите за кои што се пропишани.

**ДЕЛ II-ЕВРОПСКИ СУД НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**

**Член 19-Основање на судот**
Со цел да се обезбеди почитување на обврските од Конвенцијата и нејзините протоколи, преземени од страна на Високите договорнистрани, ќе се основа Европски суд за човековите права (во понатамошниот текст насловен како «Суд»). Тој ќе функционира на перманентна основа.

**Член 20-Број на судии**
Бројот на судиите во Судот ќе биде еднаков на бројот на Високите договорни страни кои ја потпишале Конвенцијата.

**Член 21-Услови за вршење на функција**
1. Судиите ќе имаат висока морална карактеристика и неопходни квалификации за вршење на високи судски функции или ќе бидат признати правни советници.
2. Судиите самостојно, во свој сопствен капацитет, ќе делуваат во Судот.
3. Во текот на мандатот, судиите нема да се занимаваат со активности кои се некомпатибилни со барањата за нивна независност, непристрасност или барањето да се работи со полно работно време; Судот ќе одлучува за сите прашања кои ќе произлезат од примената на овој став.

**Член 22-Избор на судии**
1. Судиите, од секоја Висока договорна страна, ќе бидат избрани од страна на Парламентарната Асамблеа, со мнозинство на гласови, од листа на три кандидати предложени од соодветната Висока договорна страна.

**Член** 23-**Времетраење на мандатот**
1. Судиите се избираат за период од девет години. Тие не може да биде реизбран.
2. Мандатот на судиите истекува кога ќе наполнат 70 годишна возраст
3. Судиите ќе бидат на функција сè додека не бидат заменети. Тие сепак ќе, продолжат да се справувате со случаи како што се веќе имаат предвид.
4. Ниту еден судија не смее да биде разрешен од функцијата, освен ако другите судиите не одлучат со мнозинство од две третини дека тој судија престанал да ги исполнува бараните услови

**Член 24 - Регистар и известувачи**
1. Судот има регистар, чии функции и организација се утврдени во правилата на Судот.
2. Кога заседава во формација на еден судија, Судот ќе биде потпомогнат од известувачи кои ќе функционираат под надлежност на претседателот на Судот. Тие ќе бидат дел на Регистарот на Судот.

**Член 25 - Пленарен Суд**
Пленарниот Суд ќе
(а) избира свој претседател и еден или двајца потпретседатели за период од три години; тие можат да бидат реизбрани;
(б) формира Комори, конституирани за определен временски период;
(в) ги избира претседателите на советите на Судот; тие можат да бидат реизбрани;
(г) ги усвојува правилата на Судот;
(д) избира Регистратор и еден или повеќе Заменици-регистратори;
(ѓ) поднесе барање според член 26 став 2

**Член 26 – Формација на еден судија, Комитети, Совети и Голем Совет**
1. За да ги сметаат предметите покренати пред него, Судот заседава во формација на еден судија, во Комитети од тројца судии, во Совети од седум судии и во Голем Совет од седумнаесет судии.
2. На барање на Пленарниот суд, Комитетот на министрите можат, со едногласна одлука и за одреден период, да го намалат бројот на судии на Коморите на пет.
3. Кога заседава судија поединец, судијата не треба да испитува било какво барање против Високата договорна страна во однос на кој е избран тој судија
4. Ќе седи (заседава) по службена должност судијата член од Канцеларијата на Советот и Големиот Совет избран во однос на Високата договорна страна. Ако не е избран или ако тој судија не е во можност да заседава, личност избрана од претседателот на Судот од листа која претходно е доставена од таа страна, ќе заседава во својство на судија.
5. Големиот Совет треба да го вклучи и претседател на Судот, потпретседателите, претседателите на советите и други судии избрани во согласност со правилата на Судот. Кога случајот е упатен до Големиот Совет според член 43, ни еден судија од Советот што ја донел пресудата не суди во Големиот Совет, со исключок на претседателот на Советот и судијата кој седел во во однос на засегнатата висока договорна страна.

**Член 27 - Надлежност на судија поединец**
1. Судија поединец може да ја прогласи за неприфатлива или да ја отфрли од судска листа на случаи, поднесената апликација според член 34, каде што таквата одлука може да се донесе без дополнително испитување.
2. Одлуката е конечна.
3. Ако судијата поединец не го прогласи барањето за неприфатливо или не го отфрли, тој судија го испраќа до Комитет или до Совет за понатамошно испитување.

**Член 28 - Надлежност на комитетите**
1. Во врска со пријавата поднесена според член 34, Комитетот може, со едногласно гласање,
(а) да го прогласи за неприфатливо или да го отфрли од списокот на случаи, каде таквата одлука може да се донесе без понатамошно испитување; или
(б) го прогласи за поднесено и истовремено да донесе одлука за основаноста, ако основното прашање во случајот, врз основа на толкувањето или примената на
Конвенцијата или нејзините протоколи, веќе е предмет на добро утврдена судска пракса на Судот.
2. Одлуките и пресудите од став 1 се конечни.
3. Ако судијата избран во однос на Високата договорна засегнатиот страна не е член на Комитетот, Комитетот може во која било фаза од постапката да го покани тој судија имајќи ги предвид сите релевантни фактори, вклучително и дали таа страна ја оспори примената на постапката под став 1.б.

**Член 29 - Одлуки на Коморите за допуштеност и основаност**
1. Ако не е донесена одлука согласно член 27 или 28, или нема донесена пресуда според член 28, Комората одлучува за прифатливост и основаност на поднесените индивидуални апликации согласно член 34. Одлуката за прифатливост може да се донесе одделно.
2. Комората одлучува за прифатливост и основаноста на меѓу-државни поднесени апликации според член 33. Одлуката за прифатливост се донесува одделно, освен ако Судот, во исклучителни случаи, одлучува поинаку.

**Член 30 - Откажување од надлежност на Големиот совет**
Кога случајот што се води пред Совет покренува сериозно прашање кое влијае на толкувањето на Конвенцијата или Протоколите или, ако решението на прашањето пред Советот може да има резултат што не е во согласност со претходната пресуда донесена од Судот, Советот може, во кое било време пред да ја донесе нејзината пресуда, да отстапи од надлежноста во корист на Големиот совет, освен ако една од страните во случајот не се спротивстави.

**Член 31 - Овластувања на Големиот Совет**
Големиот Совет ќе
(а) ги утврди апликаците поднесени или според член 33 или член 34 кога Советот се одрекол од надлежност според член 30 или кога случајот бил упатен согласно член 43;
(б) одлучува за прашања доставени до Судот од страна на Советот на министри во согласност со член 46 став 4; и
(в) ги разгледува барањата за советодавни мислења поднесени согласно Член 47

**Член 32 - Надлежност на Судот**
1. Надлежноста на Судот се протега на сите прашања што се однесуваат на толкувањето и примената на Конвенцијата и нејзините протоколи кои согласно тоа се наведени во членовите 33, 34, 46 и 47.
2. Во случај на спор за тоа дали Судот има надлежност, одлучува Судот.

**Член 33 – Меѓу-државни случаи**
Секоја Висока договорна страна може да се обрати до Судот за наводни кршење на одредбите од Конвенцијата и Протоколите од него од страна на друга Висока договорна страна.

**Член 34 - Индивидуални апликации**
Судот може да прима апликации од кое било лице, невладина организација или група на лица кои тврдат дека биле жртва на повреда на една од Високите договорни страни на правата утврдени во Конвенцијата или Протоколите од него. Високите договорни страни се обврзуваат да не го попречуваат на било кој начин ефективното остварување на ова право.

**Член 35 - Критериуми за прифатливост**
1. Судот може да се занимава со оваа материја само по исцрпување на сите домашни правните лекови , во согласност со општо признатите правила на меѓународното право, и во рок од шест месеци од датумот на кој е донесена конечната одлука
2. Судот нема да постапува по ниту едно барање поднесено според член 34 што
(а) е анонимно; или
(б) е суштински исто со прашањето што веќе било испитано од Судот или веќе биле доставени за друга постапка на меѓународна истрага или порамнување и не содржи релевантни нови

информации.
3. Судот ќе ја прогласи за неприфатлива секоја индивидуална пријава поднесена според член 34 ако смета дека:
(а) пријавата е некомпатибилна со одредбите од Конвенцијата или нејзините протоколи, очигледно неосновани или злоупотреба на правото на индивидуална примена; или
(б) барателот не претрпел значителен недостаток, освен ако почитувањето на човековите права, како што е дефинирано во Конвенцијата и нејзините протоколи, па според тоа бара испитување на апликацијата за основаноста и покажува дека во ниту еден случај не била одбиена по овој основ, што уредно не била разгледана од домашен трибунал.
4. Судот ќе го отфрли секое барање што ќе го смета дека не може да биде поднесено согласно овој член. Тоа може да го направи во било која фаза од постапката.

**Член 36 - Интервенција на трети страни**
1. Во сите постапки пред Советот или Големиот Совет, Високата договорна страна, од чија страна е подносителот, имаат право да достават писмени коментари и да учествува во сослушувањата.
2. Претседателот на Судот може, во интерес на соодветното спроведување на правдата,да ја покани било која Висока договорна страна која не е странка во постапката или кое било засегнато лице кое не е подносител на барањето да достави писмени коментари или да учествува во сослушувања.
3. Во сите постапки пред Советот или Големата Совет, Високиот комесар за човекови права на Советот на Европа може доставете писмени коментари и учествува во сослушувањата.

**Член 37 - Отфрлање на апликациите**
1. Судот може во која било фаза од постапката да одлучи да ја отфрли апликација од нејзината листа на случаи кога околностите доведуваат до заклучок дека
(а) барателот нема намера да ја продолжи својата апликација; или
(б) работата е решена; или
(в) од која било друга причина утврдена од Судот, не е повеќе оправдано да се продолжи со испитувањето на апликација.
Сепак, Судот ќе продолжи со испитување на апликацијата доколку се почитуваат човековите права како што е дефинирано во Конвенцијата и како што бараат протоколите.
2. Судот може да одлучи да ја врати апликацијата во нејзината листа на случаи ако смета дека околностите ја оправдуваат таквата постапка.

**Член 38 - Испитување на случајот**
Судот ќе го испита случајот заедно со претставниците на странките и, доколку е потребно, ќе преземе истрага, за чие ефективно однесување засегнатите Високи договорни страни ќе ги обезбедат сите потребни податоци.

**Член 39 – Пријателско решавање**
1. Во која било фаза од постапката, Судот може да се постави на располагање на засегнатите страни со цел да се обезбеди пријателско решавање на предметот врз основа на почитување на човековите права како што е дефинирано во Конвенцијата и протоколите.
2. Постапката спроведена според став 1 е доверлива.
3. Доколку се постигне пријателско решение, Судот ќе го отфрли од својата листа со одлука што ќе биде ограничена на кратка изјава за фактите и постигнатото решение.
4. Оваа одлука се доставува до Советот на министри, кои ќе треба да направат надзор над извршувањето на условите на пријателското решение како што е утврдено во одлуката.

**Член 40 - Јавни расправи и пристап до документи**
1. Сослушувањата се одржуваат јавно, освен ако Судот во исклучително околностите не одлучи поинаку.
2. Документите депонирани кај Регистраторот се достапни за јавноста освен ако претседателот на Судот не одлучи поинаку.

**Член 41 – Задоволување на правото**
Доколку Судот утврди дека има повреда на Конвенцијата или нејзините протоколи, и ако внатрешното право на Високата договорна страна дозволува да се изврши само делумна репарација ( надомест) , Судот, доколку е потребно, ќе дозволи праведно задоволување на оштетена страна.

**Член 42 - Пресуди на Советот**
Пресудите на Советот ќе станат конечни во согласност со одредбите од член 44 став 2.

**Член 43 - Упатување до Големиот Совет**
1. Во рок од три месеци од датумот на пресудата на Советот, секоја странка во случајот може, во исклучителни случаи, да побара предметот да се упати до Големиот комора.
2. Панелот од пет судии на Големиот Совет го прифаќа барањето ако случајот покренува сериозно прашање од толкувањето или примената на Конвенцијата или на Протоколите од неа или сериозно прашање од општо значење.
3. Ако панелот го прифати барањето, Големиот Совет треба да одлучува за случајот со пресуда.

**Член 44 - Конечни пресуди**
1. Пресудата на Големиот Совет е конечна.
2. Пресудата на Советот станува правосилна
(а) кога страните изјавуваат дека нема да го побараат случајот да биде упатен до Големиот Совет; или
(б) три месеци по датумот на пресудата, доколку уатувањето на случајот до Големиот Совет не е побарано; или
(в) кога спанелот на Големата Совет го одбие барањето да се упати според членот 43.
3. Конечната пресуда се објавува.

**Член 45 - Причини за пресуди и одлуки**
1. Да бидат дадени причини за пресудите, како и за одлуките за прогласување на апликациите за прифатливи или неприфативи.
2. Ако пресудата не претставува, целосно или делумно, едногласно мислење на судиите, секој судија има право да даде посебно мислење.

**Член 46 – Стапување на сила и извршување на пресудите**
1. Високите договорни страни се обврзуваат да ја почитуваат финалната пресуда на Судот во секој од случаите во кои тие се странки.
2. Конечната пресуда на Судот се доставува до Советот на министри, кој го надгледува неговото извршување.
3. Доколку Комитетот на министри смета дека надзорот над извршувањето на правосилната пресуда е попречен од проблем на толкување на пресудата, може прашањето да го упати до Судот поради толкување. За одлука за упатување е потребно мнозинство гласови на две третини од претставниците кои имаат право да седат во Советот.
4. Ако Комитетот на министри смета дека Висока договорна страна одбива да се придржува до конечната пресуда за случајот во која е странка, може, откако ќе достави официјално известување за тоа страна и со одлука донесена со мнозинство гласови од две третини од претставниците кои имаат право да седат во Комитетот, упати до Судот прашање дали таа страна не ја исполнила својата обврска од став 1.
5. Доколку Судот утврди повреда на став 1, тој ќе го упати случајот до Комитетот на министри за разгледување за мерките што треба да се преземат. Доколку Судот не утврди повреда од став 1, тој ќе го упати предметот до Комитетот на министри, кои ќе го затворат испитувањето на случајот.

**Член 47 - Советодавни мислења**
1. Судот може, на барање на Комитетот на министри, да даде советодавни мислења за правни прашања во врска со толкувањето на Конвенцијата и протоколите од неа.
2. Таквите мислења не се занимаваат со какво било прашање во врска со содржината или обемот на правата или слободите дефинирани во Дел I од Конвенцијата и Протоколите, или со кое било друго прашање што Судот или Комитетот на министри можеби ќе треба да го земе предвид како последица на такви постапки што може да се покренат во согласност со Конвенцијата.
3. Одлуките на Комитетот на министри да побара советодавно мислење на Судот бараат мнозинство гласови од претставниците кои имаат право да седат во Комитетот.

**Член 48 - Советодавна надлежност** на **Судот**
Судот одлучува дали барање за советодавно мислење поднесено од Комитетот на министри е во негова надлежност, како што е дефинирано во член 47.

**Член 49 - Причини за советодавно мислење**
1. Да се дадат причини за советодавно мислење на Судот.
2. Ако советодавното мислење не претставува, во целина или во

дел, едногласно мислење на судиите, секој судија имаат право да дадат посебно мислење.
3. Советодавните мислења на Судот се доставуваат до Советот на министри.

**Член 50 - Трошоци за Судот**
Трошоците за Судот ги сноси Советот на Европа

**Член 51 - Привилегии и имунитети на судиите**
За време на вршењето на нивните функции, судиите имаат право на привилегии и имунитети предвидени во член 40 од Статутот на Советот на Европа и во договорите направени според нив.

**ДЕЛ III-ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 52-Испитување од страна на Генералниот секретар**
По барање на Генералниот секретар на Советот на Европа, секоја од Високите договорни страни ќе достави неопходно објаснување за начинот на кој во своето домашно право го обезбедува ефикасното остварување на одредбите на Конвенцијата.

**Член 53-Заштита на постоечките човекови права**
Ниедна одредба од Конвенцијата нема да се толкува како ограничувачка или дерогативна за било кое од човековите права и основните слободи, што ќе се обезбеди преку законите на Високите договорни страни или преку некои други договори што таа ги склучила.

**Член 54-Овластувања на Советот на министрите**
Конвенцијата нема да претставува пречка за остварување на овластувањата на Советот на министрите, утврдени со Статутот на Советот на Европа.

**Член 55-Исклучување на други средства за разрешување на спорови**
Високите договорни страни ќе се согласат дека, освен кога постои посебен договор, ќе нема да се користат со меѓународни договори, конвенции или декларации на сила помеѓу нив, со цел за разрешување по пат на доставување на барање, на спорови кои произлегуваат од интерпретацијата или примената на Конвенцијата, со помош на други средства освен оние кои се предвидени во Конвенцијата.

**Член 56-Територијална примена**
1. Секоја држава, во времето на ратификацијата или подоцна, може да го извести Генералниот секретар на Советот на Европа дека ја декларира својата намера, оваа Конвенција, согласно ставот 4 од овој член, да сé применува на сите или на некоја одредена територија за чии меѓународни односи таа е одговорна.
2. Конвенцијата ќе се применува на секоја територија или територии, именувани во известувањето, од третиот ден по приемот на известувањето од Генералниот секретар на Советот на Европа.
3. Одредбите на оваа конвенција ќе се применуваат на овие територии со посебно внимание посветено на локалните услови.
4. Секоја држава која дала декларација согласно ставот 1 од овој член може во било кое време подоцна да декларира од името на една или повеќе територии на кои се однесува декларацијата, дека ја прифаќа надлежноста на Судот да прима индивидуални барања, барања од невладини организации или група на лица согласно членот 34 од Конвенцијата.

**Член 57-Резерви**
1. Секоја држава, кога ќе ја потпише Конвенцијата или при депонирањето на својот инструмент на ратификација, може да стави резерва во однос на поединечна одредба на Конвенцијата, во обем во кој закон кој е на сила на територијата не é во согласност со таа одредба од Конвенцијата. Овој член не ги дозволува резервите од општ карактер.
2. Секоја резерва ставена под овој член ќе содржи краток опис на релевантиот закон.

**Член 58-Откажување**
1. Високата договорна страна може да се откаже од примената на Конвенцијата само по истекот на пет години од денот на која пристапила и по нотификацијата, издадена во рок од шест месеци и адресирана до Генералниот секретар на Советот на Европа, за која тој ќе ги информира останатите Високи договорни страни.
2. Ваквото откажување нема да има за ефект ослободување на Високата договорна страна од обврските преземени со Конвенцијата, во однос на некоја активност која би претставувала 20 повреда на тие обврски и кој би можел да биде извршен пред датата на која откажувањето од Конвенцијата стапило на сила.
3. Било која висока договорна страна која ќе престане да биде членка на Советот на Европа, ќе престане да биде договорна страна на оваа Конвенција под истите услови.
4. Примената на Конвенцијата може да се откаже, согласно на одредбите од предходниот став, во однос на било која територија, за која е декларирано дека оваа конвенција ќе се применува, согласно одредбите од членот 56.

**Член 59-Потпис и ратификација**
1. Конвенцијата ќе биде отворена за потпис за членовите на Советот на Европа. Таа ќе подлежи на ратификација. Инструментот за ратификација ќе се депонира кај Генералниот секретар на Советот на Европа.
2. Конвенцијата ќе стапи на сила, откако ќе бидат депонирани десет инструменти на ратификацијата.
3. За следните земји-потписнички на Конвенцијата, таа ќе стапи на сила на денот на депонирањето на инструментот за ратификација.
4. Генералниот секретар на Советот на Европа ќе ги извести останатите членови на Советот на Европа за стапувањето на сила на Конвенцијата, за имињата на Високите договорни страни кои ја ратифицирале и за депонирањето на инструментите на ратификација кои последователно ќе се ефектуираат.
Составено во Стразбург на 22 ноември 1984, на англиски и француски, двата текста се еднакво автентични и во единечна копија ќе останат депонирани во Архивата на Советот на Европа. Генералниот секретар ќе достави сертифицирани копии до секоја страна-потписничка.

# Европската социјална повелба (ревидирана)
(резиме)

Европската социјална повелба (ревидирана) од 1996 година, која стапи на сила на 1 јули 1999 година, во еден инструмент ги отелотворува сите права гарантирани со Европската социјална повелба од 1961 година, нејзиниот дополнителен Протокол од 1988 година и додава нови права и амандмани усвоени од страните. Постепено го заменува првичниот договор од 1961 година.

Повелбата ги гарантира правата и слободите кои се однесуваат на сите поединци во нивното секојдневно постоење.

Основните права утврдени во Повелбата се како што следува:

**Домување:**
• пристап до соодветно и достапно домување;

• намалување на бездомништвото; политика за домување насочена кон сите обесправени категории;

• процедури за ограничување на присилно иселување;

• еднаков пристап за лицата кои не се државјани на социјално домување и бенефиции за домување;

• домување и бенефиции за домување поврзани со потребите на семејството.

**Здравје**

• достапни, ефективни здравствени установи за целото население;
• политика за спречување на болести, вклучувајќи гаранција за здрава животна средина;
• отстранување на професионални опасности за да се обезбеди здравјето и безбедноста при работа се предвидени со закон и гарантирани во пракса;
• заштита на мајчинството.

**Образование**

• бесплатно основно и средно образование;
• бесплатни и ефективни услуги за професионална ориентација (насочување);
• пристап до почетна обука (општо и стручно средно образование), универзитетско и не-универзитетско повисоко образование,стручна обука, вклучувајќи континуирана обука;
• посебни мерки за странски државјани;
• школска интеграција на децата со попреченост;
• пристап до образование и стручна обука за лица со попреченост.

**Вработување**

Слобода да се работи
• забрана за принудна работа;
• забрана за вработување на деца под 15 години;
• посебни работни услови за возраст помеѓу 15 и 18 години;
• правото на заработка за живот во слободно избрана професија;

**Фер услови за работа**

• економска и социјална политика со цел да се обезбеди целосна вработеност;
• пристап до работа за лицата со посебни потреби;
• фер работни услови во однос на платите и работното време;
• заштита во случај на отшуштање;
• заштита од сексуално и психичко вознемирување.

**Колективни права**

• слобода на формирање на синдикати и организации на работодавачи за одбрана на економските и социјалните интереси; индивидуална слобода да се одлучи дали да се приклучат или не;
• промоција на заеднички консултации, колективно договарање, помирување и доброволна арбитража;
• право на штрајк.

**Правна и социјална заштита**

• правен статус на детето;
• третман на млади престапници;
• заштита од малтретирање и злоупотреба;
• забрана на било каква форма на експлоатација (сексуална или друга);
• правна заштита на семејството (еднаквост на брачните другари во рамките на парот и кон децата, заштита на деца во случај на распаѓање на семејството );
• право на социјално осигурување, социјална помош и социјални услуги;
• право да се биде заштитен од сиромаштија и социјална исклученост;
• згрижување на деца;
• специјални мерки кои ги задоволуваат постарите лица.

**Движење на лица**

• право на повторно обединување на семејството;
• право на државјаните да ја напуштат земјата;
• процедурални заштитни мерки во случај на протерување;
• поедноставување на емиграциските формалности.

**Недискриминација**

• правото на жените и мажите на еднаков третман и еднакви можности за вработување;

• гаранција за сите државјани и странци кои законски престојуваат и /или работат, дека сите права утврдени во Повелбата се применуваат без оглед на расата, полот, возраста, бојата, јазикот, религијата, мислењата,национално потекло, социјално потекло, здравствена состојба или здружување со национално малцинство;
• забрана за дискриминација врз основа на семејни обврски;
• Право на лицата со посебни потреби на социјална интеграција и учество во животот на заедницата.

Повелбата има механизам за контрола базиран на презентација на националните извештаи од страна на државите членки (Протокол од 1991 година) како и систем на колективна жалба (Протокол од 1995 година), што дозволува, „меѓу другото“, синдикатите и невладините организации да презентираат колективни барања.

Европскиот комитет за социјални права (ЕКСП) е тело одговорно за следење на усогласеноста во државите членки со Повелбата.

Комитетот е составен од 15 независни, непристрасни членови кои ги избира Комитетот на Советот на министрите на Европа за период од шест години, обновлив еднаш.

## Рамковна Конвенција за заштита на националните малцинства
(Резиме)

Конвенцијата е првиот правно обврзувачки мултилатерален инструмент за заштита на националните малцинства воопшто. Нејзината цел е да се заштити постоењето на националните малцинства во соодветните територии на страните. Конвенцијата има за цел да промовира целосна и ефективна еднаквост на националните малцинства преку создавање на соодветни услови кои ќе им овозможат да ја зачуваат и развиваат културата и да го задржат својот идентитет. Конвенцијата ги поставува принципите кои се однесуваат на припадниците на националните малцинства во сферата на јавниот живот, како што се:

• Недискриминација
• Промовирање на ефективна еднаквост
• Промовирање и зачувување на културата, религијата, јазикот и традициите
• Слобода на мирно собирање
• Слобода на здружување
• Слобода на изразување
• Слобода на мисла, совест и религија
• Право на пристап и користење на медиумите,
• Слободите што се однесуваат на јазикот и образованието
• Прекугранични контакти и соработка
• Учество во економскиот, културниот и општествениот живот
• Забрана за присилна асимилација.

Механизмот за мониторинг на Конвенцијата се базира на извештаи кои државите членки се должни да ги достават. Крајната одговорност за испитувањето на извештаите ја има Комитетот на министри на Советот на Европа, но Советодавниот комитет на експерти им помага Комитетот на министри. Советодавниот комитет е составен од најмногу 18 членови избрани од Комитетот на министри од кандидатите што ги предлагаат државите членки . Сите земји не можат да го имаат својот кандидат на служба во Комитетот, така што оние кандидати кои не се избрани се ставени на резервна листа на дополнителни членови. Советодавниот комитет е овластен да прима информации од други извори освен државните извештаи, на пример, може да организира состаноци со претставници на власта и независни извори. Советодавниот комитетот, исто така, може да врши посети на самото место на државите при разгледување на нивните извештаи, за време на кои Комитетот се состанува со владата, невладините организации, малцинските заедници, академици и други заинтересирани страни.

---

## Европска Повелба за регионални или малцински јазици
(Резиме)

Повелбата е дизајнирана од една страна за заштита и унапредување на регионалните и малцинските јазици како загрозени аспекти на Европското културно наследство, а од друга страна да им овозможи на говорниците на регионалниот или малцински јазик да го користат во приватниот и јавниот живот. Тоа ги опфаќа регионалните и малцинските јазици, не-територијалните јазици и помалку познатите официјални јазици. Повелбата ги поставува главните принципи и цели врз кои државите мора да ги базираат своите политики, законодавство и пракса, и кои се сметаат како обезбедување на потребната рамка за зачувување на односните јазици.

Осумте основни принципи и цели се како што следува:
• Признавање на регионалните или малцинските јазици како израз на културното богатство.
• Почитување на географската област на секој регионален или малцински јазик.
• Потребата од решителна акција за промовирање на таквите јазици.
• Олеснување и/или поттикнување на употребата на овие јазици, во говор и пишување, во јавниот и приватниот живот.
• Обезбедување на соодветни форми и средства за предавање и изучување на ваквите јазици во сите соодветни фази.
• Промоција на релевантни транснационални размени.
• Забраната на сите форми на неоправдано дистинкција, исклучување, ограничување или преферирање во врска со употребата на регионалениот или малцински јазик, а наменети да го обесхрабрат или да го загрозат неговото одржување или развој.
• Промоција од страна на држави на меѓусебно разбирање меѓу сите јазични групи во земјата.

Понатаму, Повелбата поставува неколку конкретни мерки за промовирање на употребата на регионалните или малцинските јазици во јавниотживот.Овиемеркигиопфаќаатследнитеобласти:образование,правда,административнивластиијавнислужби,медиуми,културни активности и објекти, економски и социјални активности и прекугранични размени.Повелбата предвидува механизам за следење за да се оцени начинот на кој Повелбата се применува во државите членки со цел, каде е потребно, да дадат препораки за подобрување на своето законодавство, политика и пракса. Централен елемент механизмот на мониторингот е Комитет на независни експерти. Овој комитет:
• го разгледува периодичниот извештај на државата;
• онаму каде што е неопходно, се обраќа до страната со прашања во врска со нејасни делови од извештајот;
• организира „посета на лице место“ на државата, да се сретне со властите, невладините организации или кое било друго надлежно тело со цел да се оцени примената на Повелбата;
• ги испитува сите дополнителни информации доставени од страна на здруженија и други тела законски основани во засегнатата држава, а со интерес во областа на јазиците
• изготвува сопствен извештај за евалуација врз основа на добиените информации и го адресира до Комитетот на министри, вклучувајќи и предлози за препораки до државите.

Еднаш на секои две години, генералниот секретар на Советот на Европа треба да го претстави деталниот извештај до Парламентарното собрание во врска со примената на Повелбата. Ова осигурува дека членовите на парламентите во Европа се постојано информирани за примената на Повелба, овозможувајќи им да направат политички притисок доколку тоа е потребно, за да ги поттикнат националните влади да преземат соодветни мерки.

# Конвенција за акција против трговија со луѓе
(Неофицијално резиме)

Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе (беше отворена за потпишување во Варшава на 16 мај 2005 година по повод Третиот самит на шефови на држави и влади на Советот на Европа. На 24 октомври 2007 година, Конвенцијата ја доби десеттата ратификација со што го активира процесот со кој стапи на сила на 1 февруари 2008 година.

Конвенцијата е сеопфатен договор фокусиран главно на заштитата на жртвите на трговија со луѓе и заштитата на нивните права. Исто така, таа има за цел да ја спречи трговијата со луѓе и да ги гони трговците со луѓе. Покрај тоа, Конвенцијата предвидува воспоставување на ефективен и независен механизам за следење со кој ќе може да се контролира спроведувањето на обврските содржани во Конвенцијата. Конвенцијата не е ограничена само на државите членки на Советот на Европа; државите кои не се членки и Европската унија, исто така, имаат можност да станат членки на Конвенцијата.

**Цел и делокруг на конвенцијата**

Конвенцијата се заснова на признавање на принципот дека трговијата со луѓе претставува кршење на човековите права и навреда за достоинството и интегритетот на човекот. Конвенцијата на Советот на Европа е сеопфатен договор кој има за цел:
- Спречување на трговијата со луѓе
- Заштита на човековите права на жртвите на трговија со луѓе
- Гонење на трговците со луѓе

**Конвенцијата се однесува на:**

- сите форми на трговија со луѓе: било да се национални или транснационални, без оглед дали се поврзани со организиран криминал или не
- без оглед кој е жртва: жени, мажи или деца
- без оглед на формата на експлоатација: сексуална експлоатација, принудна работа или услуги итн.

**Мерки обезбедени од Конвенцијата**

- Подигнување на свеста за лицата кои се ранливи на трговијата со луѓе и активности насочени кон обесхрабрување на „потрошувачите“ се меѓу главните мерки за  спречување на трговијата со луѓе.
- Жртвите на трговија со луѓе мора да се препознаат како такви со цел да се избегне полицијата и јавните власти да ги третираат како илегални мигранти или криминалци.
- Жртвите на трговија со луѓе ќе добијат физичка и психолошка помош и поддршка за нивна реинтеграција во општеството. Медицински третман, советување и информации, како и соодветно сместување се дел од обезбедените мерки. Жртви исто така имаат право да добијат компензација.
- Жртвите имаат право на минимум 30 дена да се опоравaт и да избегаат од влијанието на трговците со луѓе и да донесат одлука во врска со нивната можна соработка со властите. Може да им се одобри обновлива дозвола за престој, ако тоа го бара нивната лична ситуација, или ако треба да останат со цел да соработуваат во кривичната истрага.
- Трговијата со луѓе ќе се смета за кривично дело: затоа трговците со луѓе и нивните соучесници ќе бидат кривично гонети.
- Приватниот живот и безбедноста на жртвите на трговија ќе бидат заштитени во текот на судските постапки.
- Можност за криминализирање на оние кои ги користат услугите на жртвата доколку се свесни дека лицето е жртва на трговија со луѓе.
- Конвенцијата дава можност да не се наметнуваат казни за жртвите за нивно учество во незаконски активности, доколку тие биле принудени да го сторат тоа поради нивната ситуација.
- Граѓанското општество има важна улога во спречувањето на трговијата со луѓе и заштитата на жртвите. Следствено на тоа, Конвенцијата ја поттикнува соработката меѓу јавните власти, невладините организации и членовите на граѓанското општество.

**Мониторинг**

Механизмот за следење се состои од два столба: ГРЕТА, група независни експерти за акција против трговијата со луѓе, и Комитетот на страните, составен од претставници во Комитетот на министри на земјите потписнички на Конвенцијата и претставници на страните кои не се членки на Советот на Европа. ГРЕТА го следи спроведувањето на Конвенцијата; изготвува извештаи, оценувајќи ги мерките преземени од страна на страните. Оние страни кои не ги почитуваат целосно мерките содржани во Конвенцијата ќе бидат обврзани да ги интензивираат своите активности. Дополнително, Комитетот на страните може, исто така, врз основа на извештајот на ГРЕТА да им дава препораки .

# Повелба на Советот на Европа за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права

Усвоен во рамките на Препораката CM / Rec (2010) 7 на Комитетот на министри

## ДЕЛ I - ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Делокруг**
Оваа повелба се занимава со образование за демократско граѓанствои образование за човекови права како што е дефинирано во став 2.Не се занимава експлицитно со сродни области како што се интеркултурното образование, образованието за рамноправност, образованието за одржлив развој и образованието за мир, освен кога тие се преклопуваат и се во интеракција со образованието за демократско граѓанство и образованието за човекови права.

**Дефиниции**

За целите на оваа повелба:

а. "Образование за демократско граѓанство" значи образование,обука, подигање на свеста, информации, практики и активности кои имаат за цел, со обезбедување на лицата кои учат со знаење,вештини и разбирање и развивање на нивните ставови и однесување, да ги поттикнат да ги практикуваат и да ги бранат своите демократските права и одговорности во општеството, да ја вреднуваат различноста и да играат активно учество во демократскиот живот, со поглед кон унапредување и заштита на демократијата и владеење на правото.
б) "Образование за човекови права" значи образование, обука,подигање на свеста, информации, практики и активности кои имаат за цел, со обезбедување на лицата кои учат со знаење, вештини и разбирање и развивање на нивните ставови и однесување, да ги поттикне учениците да придонесат во градењето и одбраната на универзалната култура на човековите права во општеството, со цел промоција и заштита на човековите права и фундаментални слободи.
в. "Формално образование" значи структурирано образование и систем за обука кој се одвива од пред-основно и основно преку средно училиште и потоа на универзитет. По правило, се одвива во општи или стручни образовни институции и води кон сертификација.
г. "Неформално образование" значи секоја планирана програма на образование направена со цел да се подобрат низа на вештини и компетенции, надвор од формалното образовно опкружување.
д. " Информално учење" значи доживотен процес при што секој поединец стекнува ставови, вредности, вештини и знаење од образовните влијанија и ресурси во неговата или нејзината средина и од секојдневно искуство (семејство, врсничка група, соседи, средби, библиотека, медиуми,работа, игра, итн.).

**Однос помеѓу образованието за демократско граѓанство и образование за човекови права**

Образованието за демократско граѓанство и образованието за човекови права се меѓусебно тесно поврзани и взаемно се поддржуваат. Се разликуваат во фокус и опсегот отколку во целите и практиките. Образование за демократското граѓанство главно се фокусира на демократските права и одговорности и активното учество, во однос на граѓанските, политичките, социјалните, економските, правните и културните сфери на општеството, додека образованието за човекови права се занимава со поширокиот спектар на човековите права и фундаментални слободи во секој аспект на животот на луѓето.

**Уставни структури и приоритети на земјите-членки**

Целите, принципите и политиките наведени подолу треба да се применат:
а. со должно почитување на уставните структури на секоја земја-членка, користејќи средства соодветни на таквите структури;
б, имајќи ги предвид приоритетите и потребите на секоја земја-членка.

## ДЕЛ II - ЦЕЛИ И ПРИНЦИПИ

**Цели и принципи**

Следниве цели и принципи треба да им бидат водич на државите членки во врамување на нивните политики, законодавство и пракса.

а. Цел да се обезбеди можност за едукација за демократско граѓанство и образование за човекови права на секое лице во нивната територија.
б. Учењето за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права е доживотен процес. Ефективното учење во овие области вклучува широк спектар на засегнати страни, вклучувајќи ги оние кои ја креираат политиката,образовни професионалци, оние кои учат, родители, образовни институции, образовни авторитети, државни службеници, невладини организации, младински организации, медиуми и пошироката јавност.
в. Сите средства за образование и обука, без оглед дали се формални, неформални или информални (животни), имаат улога во овој процес на учење и се вредни во промовирањето на нивните принципи и постигнувањата на нивните цели.
г. Невладини организации и младински организации имаат значаен придонес за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права, особено преку неформалното образование и информално (животно) учење , и согласно на тоа им се потребни можности и поддршка за да го направат тој придонес.
д. Практиките и активностите на предавање и учење треба да ги следат и промовираат демократските и вредностите на човековите права; особено, управувањето со образовните институции, вклучувајќи ги и училиштата, треба да ги одразуваат и промовираат вредностите на човековите права и да го поттикнуваат зајакнувањето и активното учество на учениците, образовниот кадар и засегнатите страни,вклучувајќи ги и родителите.
ѓ. Суштински елемент на целото образование за демократско граѓанство и образование за човекови права е промоција на општествената кохезија и меѓукултурен дијалог и вреднување на различноста и еднаквоста, вклучувајќи ја родовата еднаквост; за таа цел, од суштинско значење е развивање на знаења, лични и социјални вештинии разбирање кои го намалуваат конфликтот, го зголемуваат ценењето и разбирањето на разликите меѓу верата и етничките групи, градат взаемно почитување за човековото достоинство и споделени вредности, го поттикнуваат дијалогот и промовираат ненасилство во решавањето на проблемите и споровите.
е.Една од основните цели на целото образование за демократско граѓанство и образование за човекови права не е само опремување на оние кои учат со знаење, разбирање и вештини, ами исто така, и нивно зајакнување со подготвеност да се преземе акција во општеството во одбрана и унапредување на човековите права, демократијата и владеење на правото.
ж. Тековна обука и развој на образовни професионалци и младински лидери, како и на самите обучувачи,со принципите и практиките на образование за демократско граѓанството и образованието за човекови права што е витален дел за испорака и одржливост на ефективно образование во оваа област и според тоа треба соодветно да се планираат и да се обезбедат ресурси.
з. Партнерството и соработката треба да бидат охрабрени помеѓу различните засегнати страни вклучени во образованието за демократско граѓанство и образование за човекови права на државно, регионално и на локално ниво со цел да се извлече максимумот од нивните придонеси, вклучително помеѓу креаторите на политиките, образовните професионалци, учениците, родителите, образовните институции,невладините организации, младинските организации, медиумите и јавноста.

s. Со оглед на меѓународната природа на вредностите за човекови права и обврските и заедничките принципи кои ја поткрепуваат демократијата и владеењето на правото, важно е земјите-членки да продолжат да ја поттикнуваат меѓународната и регионалната соработка во активностите опфатени со оваа повелба и да идентификуваат и разменуваат добри практики.

**ДЕЛ III - ПОЛИТИКИ**

**Формално општо и стручно образование**

Земјите-членки треба да вклучат образованието за демократско граѓанство и образование за човекови права во наставните програми за формално образование на предучилишно, основно и средно образование, како и општо и стручно образование и обука. Земјите членки исто така, треба да продолжат да го поддржуваат, прегледуваат и ажурираат образованието за демократско граѓанство и едукација за човековите права во овие наставни програми со цел да се обезбеди нивна релевантност и да се поттикне одржливоста на оваа област.

**Високо образование**

Земјите-членки треба да промовираат, секако со должна почит на принципот на академската слобода, вклучување на образованието за демократско граѓанство и образованието за човекови права во високообразовните институции, особено за идните образовни професионалци.

**Демократско владеење**

Земјите-членки треба да го промовираат демократското управување во сите образовни институции и како посакуван и корисен метод на владеење сам по себе, и како практично средство за учење и искусување на демократијата и почитувањето на човековите права. Тие треба да го поттикнат и да им го олеснат, со соодветни средства, активното учество на оние кои учат, образовниот кадар и засегнатите страни, вклучувајќи ги и родителите, управувањето со образовните институции.

**Обука**

Земјите-членки треба да обезбедат наставници, друг образовен кадар,младински лидери и обучувачи со потребните почетни и тековни обуки и развој во образованието за демократско граѓанство и образованието за човекови права. Ова треба да осигура дека тие имаат темелно познавање и разбирање на целите и принципите на дисциплината, соодветни методи за настава и учење, како и други клучни вештини соодветни на нивната област на образование.

**Улогата на невладините организации, младинските организации и другите чинители**

Земјите-членки треба да ја поттикнат улогата на невладините организации и младинските организации во образованието за демократско граѓанство и образованието за човекови права, особено во неформалното образование. Тие треба да ги препознаат овие организации и нивните активности како вреден дел од образовниот систем, да ги обезбедат, каде што е можно, со потребната поддршка и целосно да се искористи експертизата со која тие можат да придонесат во сите форми на образованието. Земјите-членки, исто така, треба да го промовираат и публикуваат образованието за демократско граѓанство и образованието за човековите права на другите засегнати страни, особено на медиумите и пошироката јавност, со цел да го зголемат придонесот што тие можат да го направат во оваа област.

**Критериуми за евалуација**

Земјите-членки треба да развијат критериуми за оценување на ефективноста на програмите за образование за демократско граѓанство и образование за човекови права. Повратните информации од лицата кои учат треба да бидат составен дел на сите вакви евалуации (оценувања).

**Истражување**

Земјите-членки треба да иницираат и промовираат истражувања за образованието за демократско граѓанство и образование за човекови права за да се согледаат моментните состојби во областа и да им обезбедат компаративни информации на засегнати страни, вклучувајќи ги креаторите на политиките, образовните институции, училишните лидери,наставниците, оние кои учат, невладините организации и младинските организации за да ѝм помогнат да се измери и да се зголеми нивната ефикасност и да се подобрат нивните практики. Ваквото истражување може да вклучи, меѓу другото, истражување за наставните планови, иновативни практики, методи за предавање и развојна системи за евалуација, вклучувајќи критериуми за оценување и показатели. Земјите-членки треба да ги споделат резултатите од нивното истражување со другите земји-членки и заинтересираните страни, онаму каде што е соодветно.

**Вештини за промовирање на социјалната кохезија, вреднување на различноста и справување со разлики и конфликти**

Во сите области на образование, земјите-членки треба да промовираат образовни пристапи и наставни методи чијашто цел е учење да се живее заедно во демократско и мултикултурно општество и да им овозможи на оние кои учат да стекнат знаења и вештини за промоција на социјална кохезија, да ги вреднуваат разновидноста и еднаквоста, да ги ценат разликите-особено помеѓу различните вери и етнички групи – и решавање на несогласувањата и конфликтите на ненасилен начин почитувајќи ги правата на другите, како и борба против сите форми на дискриминација и насилство, особено малтретирање (булинг) и и заплашување.

**ДЕЛ IV - ЕВАЛУАЦИЈА И СОРАБОТКА**

**Евалуација и преглед**

Земјите-членки треба редовно да ги проценуваат стратегиите и политиките што ги презеле во однос на постоечката Повелба и да ги приспособуваат овие стратегии и политики, како што е соодветно. Тие можат да го направат тоа во соработка со други земји-членки, на пример, на регионална основа. Секоја земја-членка може исто така да побара помош од Советот на Европа.

**Соработка во понатамошните активности**

Земјите-членки треба, каде што е соодветно, да соработуваат меѓусебно во остварување на целите и принципите на оваа повелба и преку Советот на Европа преку:

а. следење на темите од заеднички интерес и утврдените приоритети;

б. поттикнување на мултилатерални и прекугранични активности, вклучувајќи постојната мрежа на координатори за едукација за демократско граѓанство и образование за човекови права;

в. размена, развивање, кодирање и обезбедување на проширување на добри практики;

г.информирање на сите чинители, вклучувајќи ја и јавноста, за целите и спроведувањето на Повелбата;

д. поддржување на европските мрежи на невладини организации, младински организации и образовни професионалци и соработка меѓу нив.

**Меѓународна соработка**

Земјите-членки треба да ги споделат резултатите од нивната работа за образованието за демократско граѓанство и образование за човекови права во рамки на Советот на Европа со други меѓународни организации.

# Речник

Целта на овој речник е да им даде на корисниците на Компас кратка дефиниција или кратко објаснување на главните концепти, конвенции и термини како што се користат во прирачникот. За повеќе информации, читателот треба да ги консултира релевантните делови за информации во контекст на темите во Поглавје 5 и да користи Интернет.

**Пристапување:** го заменува класичниот процес во две фази на потпишување и ратификација на договор кој веќе е во сила. Со пристапувањето кон договорот, државата веднаш се обврзува со него . Пример каде идејата за пристапување е во игра е прашањето дали Европската унија треба да пристапи кон ЕКЧП.

**Одговорност:** процес кој бара владата да покаже, објасни и да оправда како ги исполнила своите обврски кон луѓето.

**Застапување:** јавно да поддржи или да предложи идеја, развој или начин да се направи нешто.

**Афирмативна акција:** акција преземена од влада или приватни бизниси за да надомести за минатата дискриминација во, на пример, образование и работа против, на пример, жените, оние на специфични раси, етнички групи, религии или попречености. Афирмативното делување е еден начин да им се даде на обесправените групи суштинска еднаквост. Афирмативното активност треба да се смета за привремена мерка сѐ додека не се постигне еднаквост.

**Африканска повелба за човекови и народни права:** (Африканска повелба, понекогаш именувана како Банџул Повелба); регионален договор за човекови права за Африканскиот континент усвоен од Организацијата на Африканското единство (ОАЕ) во 1981 година.

**Американска конвенција за човекови права**: (Американска конвенција); договор за човекови права усвоен од страна на Организацијата на Американски Држави (ОАД)во 1969 година. Таа ги опфаќа Северна, Централна и Јужна Америка.

**Антисемитизам:** страв, омраза, незадоволство, сомневање, предрасуди, дискриминација или неправеден третман на лица со еврејско потекло или оние кои исповедаат Јудаизам. Современите форми на антисемитизам вклучуваат негирање на Холокаустот.

**Апартхејд:** нехумани дела на убиства, силување, тортура, ропство или други злосторства против човештвото извршени во контекст на институционализиран режим на систематско угнетување и доминација од страна на една расна група над било која друга расна група или групи, а извршени со намера за одржување на тој режим.

**Арапска повелба за човекови права:** усвоена од Советот на Лигата на Арапски држави на 22 мај 2004 година ги афирмира принципите содржани воУДЧП, Меѓународниот пакт за човекови права и Каирската декларацијата за човекови права во исламот.

**Арбитража**: процес со кој, наместо да одат на суд, спорните страни бараат од трето лице да ги слушне нивните аргументи, и потоа да донесе одлука, која тие се согласуваат да ја следат.

**Здружение:** организација формирана од група на поединци со цел на остварување на одредена цел.Таквите организации, исто така, можат да се наречат волонтерски ( доброволни) организации , волонтерски здруженија и неинкорпорирани здруженија. Невладините организации (НВО) се здруженија.Здруженијата ја формираатоснованаонаштосенарекува„граѓанскоопштество".

**Барател за азил:** лице кое побарало меѓународна заштита и чии барања за формален статус на бегалец сѐ уште не се утврдени.

**Автократија**: влада од едно лице или мала група која има неограничена моќ или авторитет, или моќ или авторитет на такво лице или група.

**Закон за правата(Bill of rights)**: изјава во устав за човековите или граѓанските права која наведува заштита од мешање од страна на владите. Исто така, види Меѓународен нацрт на човекови права.

**Повелба:** документ со кој се утврдува доделувањето на права или привилегии.

**Повелба на Обединетите нации**: основачки договор на Обединетите нации. Таа беше усвоена едногласно на 25 јуни 1945 година, а ги поставува правата и обврските на земјите-членки, како и воспоставувањето на органите и процедурите на Обединетите нации.

**Државјанство:** а) правен однос помеѓу лице и држава, што резултираво меѓусебни права и обврски или б) се користи за да се опише општиот однос помеѓу поединците и државата со кој тие се "приврзани", вклучувајќи очекувани форми на однесување и ставови.

**Кодификација, кодифицирање:** Процесот на формализирање на правото или правата во пишан инструмент.

**Повелба за фундаментални права**: договор кој содржи политички, економски и социјални права за граѓаните на Европската Унија. Ги поврзува земјите-членки на ЕУ кога го применуваат законот ( правото ) на ЕУ.

**Граѓански права:** (понекогаш познати како граѓански слободи); категорија на права и слободи кои ги штитат луѓето од неоправдано дејство на владата и обезбедува нивна можност да учествуваат во граѓанскиот живот на државата без дискриминација или репресија.

**Граѓанското општество:** заеднички се однесува на доброволни граѓански и општествени организации,здруженија и институции, на пример, регистрирани добротворни организации, невладини организации, групи на заедницата, женски организации, верски организации, професионални здруженија, синдикати, групи за самопомош и групи за застапување кои ја формираат основата на функционалното демократско општество. Граѓанското општество се смета за различно од државата и комерцијалните институции на пазарот.

**Колективни права:** правата на групите за ги заштитат нивните интереси и идентитети; понекогаш се нарекуваат "права од третата генерација". Овие права постојат како дополнување на индивидуалните права.

**Комисија за човекови права**: тело на ОН кое сега е заменето со Советот за човекови права.

**Комесар за човекови права**: независна институција во рамките на Советот на Европа овластена да промовира свест и почит за човековите права во земјите членки на Советот на Европа. Видете и Висок комесар за човекови права.

**Компетентност:** способност за вршење на работа или задача. Во однос на заштита на човековите права, знаење и разбирање кое им е неопходно на младите луѓето да стекнат подлабоко разбирање за прашањата на човековите права и вештини, ставови и вредности потребни за одбрана на човековите права.

**Трансформација на конфликт**: процесот со кој конфликти, како што се војници меѓу-етничкото и меѓу-религиското насилство се менуваат или се трансформираат во мирни резултати (разврски). Тоа е долгорочен процес кој ги адресира главните причини за конфликтот, како и однесувањето и ставовите на странките кои се вклучени.

**Устав**: збир на закони со кои се регулира една земја или организација.Во повеќето земји уставот е напишан и договорен како Врховниот закон на земјата; тој ги утврдува основите на државата и нејзиниот политички систем. Околу четири земји немаат пишан устав;тука законот се развива преку правни пресуди и преседани.

**Превенција на конфликти:** активности преземени во краток рок за намалување на манифестираните тензии и / или за да се спречи избувнување или повторување на насилниот конфликт.

**Управување со конфликти:** активности преземени со главната цел наспречување на вертикална (интензивирање на насилство) или хоризонтална (територијално ширење) ескалација на постоечките насилни конфликти.

**Решавање конфликти**: активности преземени во краток рок за да се стави крај на насилниот конфликт.

**Пакт:** обврзувачки договор меѓу држави; користен како синоним со конвенција и договор. Главните меѓународни договори за човекови права, двата донесени во 1966 година, се Меѓународниот пакт за граѓански и политички права ИПГПП (ICCPR) и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права МПЕСКП (ICESCR).

**Конвенција**: обврзувачки договор меѓу државите; користен како синонимсодоговорипакт.Конвенцијатаепосилнаоддекларацијата бидејќи таа е правно обврзувачка за владите кои ја ратификувале.

**Совет на Европа**: основан во 1949 година за заштита и унапредување на човековите права, демократија и владеење на правото. Денес нејзините 47 земји-членки го опфаќаат речиси целиот Европски континент. Тој е со седиште во Стразбург.

**Злосторства против човештвото**: широко раширени или систематски акти на насилство насочени против било кое цивилно население. На пример, убиство; истребување; поробување, тортура; силување, сексуално ропство; принудна бременост; прогон на група, меѓу другото врз основа на раса, етничка припадност, пол; присило исчезнување на лица; злосторства на апартхејд и други нечовечки акти од сличен карактер намерно предизвикувајќи големо страдање,или сериозна повреда на телото или на менталното или физичкото здравје.
**Злосторства против мирот**: во меѓународното право се однесува на (i) планирање, подготовка, иницирање или водење на воена агресија или војна со кршење на меѓународни договори, спогодби или гаранции; (ii) учество во заеднички план или заговор за остварување на некое од актите споменати под (i). Познати како Нирнбершки принципи.
**Култура**: широк збир на споделени ставови, вредности, цели и практики, често засновани на историски традиции споделени од институција, организација или група.
**Културни права**: право на зачувување на културниот идентитет и развој.
**Вообичаено меѓународно право**: пракса која е признаена во правото (законот)врз основа на обичај и традиција. Со цел да стане вообичаено меѓународно право во практиката треба да исполни два елементи: униформно и доследно практикување од државата во текот на времето и верување дека таквата практика е задолжителна (opinio juris). Претставува важен и корисен извор на меѓународното право бидејќи ги поврзува сите нации, без разлика дали се согласиле на договор.
**Смртна казна:** санкционираното одземање на живот од страна на државата како казна за кривично дело. Првично Европската конвенција за човекови права ја дозволило смртната казна, но сега ја забранува во рамките на нејзината територија (протокол 6)дури и за време на војна (протокол 13). Сега, повеќето земји во светот ја имаат укинато смртната казна.
**Резимирање:** структуриран разговор помеѓу обучувачите олеснувачите и учесниците со цел да се разгледа искуствената и партиципативната активност; да се зборува за тоа што се случило и како се чувствувале луѓето. Целта е да им помогне на учесниците да ги разјаснат своите мисли и чувства во безбедна средина.
**Декларација:** документ во кој се наведуваат согласувања за принципи и стандарди,но кој не е правно обврзувачки. Конференциите на ОН, како што се Конференцијата на ОН за човекови права од 1993 година во Виена и Светската конференција за жени во Пекинг од 1995, обично и даваат креираат два сета на декларации: еден напишан од страна на владини претставници и еден од невладини организации (НВО). Генералното собрание на ОН честопати издава влијателни, но законски необврзувачки декларации.
**Декларацијата за правата на детето**: усвоена од Генералното собрание на ОН во 1959 година, овој необврзувачки инструмент поставува десет општи принципи, кои подоцна ја формираа основата на Конвенцијата за правата на детето (КПД), кое беше усвоено во 1989 година.
**Демократија:** форма на владеење во која власта да се управува е изведена од народот, било со директен референдум или преку претставници избрани од луѓето што имаат право да гласаат.
**Дерогација:** изјава од земја членка на договор што дозволува таа државата да суспендира или ограничи одредени права - на пример, за време на војна. Некои права никогаш не можат да се дерогираат - на пример, правото да се биде слободен од измачување.
**Развој:** сеопфатен економски, социјален, културен и политички процес, кој има за цел постојано подобрување на благосостојбата на целата популација и на сите поединци врз основа на нивно активно, слободно и целисходно учество во развојот и во праведна дистрибуција на придобивките кои произлегуваат од тоа. Види исто Право на развој.
**Дискриминација на луѓето со попреченост (disablism):** (понекогаш неспособност или способност како дискриминација во корист на способни лица) дискриминаторски, угнетувачки или навредливи однесувања кои произлегуваат од верувањето дека луѓето со попреченост се инфериорни во однос на другите.
**Исчезнување**: изразот што се користи кога луѓето исчезнуваат затоа што тие биле убиени или тајно затворени од страна на влада или од други организации. Тие исчезнуваат поради нивните политички мислења или активности предизвикувајќи го неправедниот режим или доктрина на организациите.
**Дискриминација:** секое правење разлика, исклучување или ограничување на изборот, кое се базира на било каква основа како раса, култура, етничко потекло, националност, сексуална ориентација, религија, физички хендикеп или други карактеристики што не е релевантна за предметното прашање.
**Економски:** во врска со фактори поврзани со производството, развојот, или управување со материјалното богатство.
**Економски права:** права кои се однесуваат на производство, развој и управување со материјали за потребите на животот. Тие се прогласени во УДЧП и заштитени од страна на МПЕСКП и Европската социјална повелба.
**Зајакнување**: зголемување на духовната, политичката, социјалната или економската сила на поединците и заедниците. Се користи во врска со давање на способност на маргинализираните поединци и групи да ги бараат своите права да учествуваат во целост во општеството преку, на пример, легислатива, афирмативна акција и обука
**Влегување во сила**: процес со кој договорот станува целосно обврзувачки за оние држави што го ратификувале. Ова се случува кога е постигнат минималниот број на ратификации што се бараат со договорот.
**Права на животната средина:** вообичаено се користат за опишување на правата на поединците да имаат безбедна, здрава и еколошки исправна околина. Понекогаш се користат и се однесуваат на "правата" што самата средина може да ги поседува - вклучувајќи ги и правата на животните, растенијата и екосистемите за да го преживеат влијанието на човечки акции.
**Европски комитет за социјални права**: тело одговорно за следење на усогласеноста на државите со Европската социјална повелба. Тоа е составено од 15 независни и непристрасни експерти кои редовно се состануваат за да ги разгледаат извештаите поднесени од страна на земјите-членки во Социјалната повелба.
**Европската конвенција за спречување на тортура или понижувачки третман или казна**: Регионален договор за човекови права усвоен во1987 од страна на Советот на Европа која има за цел да спречи разни прекршувања против лица кои се задржани (притворени) од страна на јавен орган на места како што се затвори, центри за малолетници, полициски станици, кампови за бегалци или психијатриски болници.
**Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи (ЕКЧП)**: (Европска конвенција, Европска конвенција за човекови права), регионален договор за човекови права усвоен во 1950 година од страна на Советот на Европа. Сите земји-членки на Советот на Европа се дел од ЕКЧП а новите членки се очекува да ја ратификуваат Конвенцијата најрано што можат.
**Европски суд за човекови права**: сместен во Стразбур, тоа е наднационален суд, основан со Европската конвенција за човекови права,која обезбедува правна помош во крајна инстанца за лица кои чувствуваат дека нивните човекови права се прекршени од страна на договорната страна на Конвенцијата.
**Европски суд на правдата на Европската Унија**: (честопати едноставно се нарекува "Судот"); основан во 1952 година. Со седиште во Луксембург, неговата работа е да осигура дека законодавството на ЕУ се толкува и се применува исто во сите земји на ЕУ, така што законот е еднаков за сите. Тоа осигурува,на пример, дека националните судови не даваат различни пресуди за исто прашање.
**Европската конвенција за култура:** (усвоена од Советот на Европа, 1954;влезе во сила 1955 година); регионален договор кој обезбедува официјална рамка за работа на Советот на Европа во образованието, културата, наследството,младите и спортот. Дополнување на Европската конвенција, Конвенцијата за култура има за цел да ја заштити европската култура и да развива меѓусебно разбирање и почитување на културната разноликост меѓу нејзините различни народи.
**Европски парламент:** е директно избрана парламентарна институција на Европската Унија. Парламентот има две места за состаноци, Стразбур и Брисел. ЕП има 705 членови пратеници на Парламентот (ПЕП) .
**Европска социјална повелба:** (усвоена од Советот на Европа 1962; ревидирана 1996); регионален договор кој ги гарантира социјалните и економските човекови права; таа ја надополнува Европската конвенција, која главно се однесува на граѓанските и политичките права.

**Европска Унија (ЕУ):** економска и политичка унија на земјите-членки лоцирани во Европа и посветена на регионална интеграција и социјална соработка. ЕУ е основана со Договорот од Мастрихт во 1993 година.
**Оценување (евалуација)**: структуриран разговор помеѓу обучувачите олеснувачите и учесниците за да им се овозможи на учесниците да анализираат и проценат што имаат научено од искуствената и партиципативна активност. Во тој процесот, учесниците размислуваат за тоа како ова учење се однесува на она што веќе го знаат и како тие можат да го користат учењето во иднина.
**Развоен капацитет:** принцип што се користи во Конвенцијата за правата на детето (КПД) кој препорачува поголемо остварување на правата на детето во врска на неговото или нејзиното когнитивно и емоционално растење и зрелост.
**Обучувач олеснувач**: лице кое подготвува презентира и координира активностите во Компас. Обучувач фацилитатор е некој кој "прави нешто да се случи", кој"помага", ги поттикнува другите да учат и да развијат свој сопствен потенцијал. Улогата на фасилитаторот е да се создаде безбедна средина во која учесниците учат преку експериментирање, истражување, давање и примање. Тоа не е прашање на една личност, лидер, кој е "експерт", кој дава знаење на другите. Секој треба да порасне преку искуство на споделување како учесници и олеснувачи.
**Фашизам**: Владеечки систем базиран на идеологија на национална или расна надмоќност и важност на контролата над сите аспекти на политичкиот,економскиот и културниот живот. Може да се карактеризира со присилно сузбивање на опозицијата и критиките, контрола над средствата за јавно информирање, контрола на државата во индустријата, трговијата итн., агресивен национализам и често расизам.
**Прва генерација на права**: правата кои генерално биле прифатени како човекови права во 17-тиот и 18-тиот век. Тие ги вклучуваат сите граѓански и политички човекови права, како што се правото на глас, правото на живот и слобода и слободите на изразување, религија и собирање. Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП) главно ги кодифицираат овие права. Затоа што терминот сугерира хиерархија на граѓанските и политичките права над втора генерација, или економските и социјалните права, се повеќе отпаѓа од употреба.
**Формално образование:** структуриран систем на образование и обука кој се одвива од пред-основно и основно преку средно образование и универзитет. Како по правило, тоа се одвива во општи или стручни образовни институции и води до сертификација.
**Рамковна конвенција:** конвенција која воспоставува принципи и норми под кои се одвива меѓународна акција, и која поставува процедури за преговарање на подетални решенија потребни за справување со проблемот.
**Слобода на изразување**: слобода да се изразат мислења во печатени и други медиуми, да се примаат, како и да се комуницираат идеи. Терминот "слобода" на изразување "често се користи општо и се однесува на било кој од двата или на двата члена 19 и 18 од УДЧП.
**Род:** Социјален конструкт што информира за улогите, ставовите, вредностите и односите меѓу жените и мажите. Додека полот е определен од биологијата - биолошките разлики помеѓу мажите и жените - родот е утврден од општеството; речиси секогаш функционира за да ги потчини жените на мажите.
**Вклучување на родот во главните политики**: глобално прифатена стратегија за промовирање на родова еднаквост. Таа не е цел сама по себе, туку средство за постигнување на целта на родова рамноправност при што обезбедување на родови перспективи и фокусирање на целта за родова еднаквост се централни за сите активности, вклучувајќи развој на политики , распределба на ресурсите и планирање, имплементација и следење на програми и проекти.
**Женевски конвенции:** четири договори усвоени во 1949 година од Меѓународниот комитет на Црвениот крст (МКЦК) во Женева, Швајцарија. Тие ги утврдуваат правилата што се применуваат во вооружен конфликт, особено во врска со лекување на болни и ранети војници, морнари и воздухопловци, воени затвореници и цивили под непријателска контрола.
**Геноцид:** систематско убиство со намера да се уништи, целосно или делумно,група на луѓе поради нивната националност, раса, етничка припадност или религија. Исто така, предизвикување на тешки телесни или ментални повреди и насилно пренесување на деца од групата во друга група.
**Глобализација:** генерално го опишува процесот на зголемување на меѓузависноста и размената меѓу нациите - особено во економските, социјалните и културните сфери. Терминот исто така се користи и се однесува на одредена форма на меѓународна интеграција, со цел да задоволи интереси на лична моќ,производствени корпорации и финансиски институции, тесно поврзани со моќни држави.
**Сослушување**: процес во кој заинтересираните страни и сите други лица кои може да бидат засегнати од резултатот, имаат можност да поднесат поднесоци, поставуваат прашања или даваат забелешки за некое прашање. На пример, сослушувањето може да се одржи од оддел на локална или национална власт, меѓународно тело или специјално формирана комисија.
**Висок комесар за човекови права**: главен службеник за човекови права на Обединетите нации. Високиот комесар го води Кабинетот на Високиот комесар за човекови права кој беше формиран за да ги поддржи механизмите за човекови права на ООН. (Да не се меша со Комесарот за човекови права, институција на Советот на Европа).
**Човекови права:** права кои универзално припаѓаат на сите човечки суштества. Човековите права се неделиви, неотуѓиви и универзални и ја почитуваат еднаквоста и достоинството на секој поединец.
**Комитет за човекови права**: тело на Обединетите нации составено од 18 експерти кое се состанува три пати годишно за да ги разгледа доставените петгодишни извештаи од 162 земји-членки на ОН за нивната усогласеност со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права,МПГПП(ICCPR.)
**Совет за човекови права:** меѓувладино тело во рамките на системот на ОН составено од 47 држави одговорни за зајакнување, промоцијата и заштита на човековите права низ целиот свет. Советот беше креиран од Генералното собрание на ОН во март 2006 година за да ја замени Комисијата за човекови права, со главна цел за решавање на состојбите на кршење на човековите права и давање препораки за нив.
**Рамка за човекови права**: еволуирачко и заемно поврзано тело на меѓународни и регионални инструменти кои ги дефинираат човековите права и воспоставуваат механизми за нивно промовирање и заштита.
**Хуманитарно право**: правно тело, главно засновано врз основа на Женевските конвенции, кое штити определените лица во време на вооружен конфликт, помага на жртви и ги ограничува методите и средствата за борба со цел да се минимизира уништување, загубата на животи и непотребно човечко страдање.
**Домородните народи**: се дефинирани колку од нивните односи со земјата, толку и од било какви внатрешни карактеристики што можат да ги поседуваат. Страдаа од колонизација, секогаш се маргинални во нивните држави и често се племенски. Многу домородните народи бараат признавање на нивните права како различни народи, вклучувајќи го и правото на самоопределување и правото да го контролираат развојот на нивните општества. Декларација на Обединетите нации за правата на домородните народи, 2007 година.
**Неотуѓиви:** се однесува на правата што припаѓаат на секое лице и не можат да бидат земени од нив под никакви околности.
**Неделиви:** се однесува на важноста на гледање на сите човекови права како на неделива и неразделна целина. На лице не може да му биде одземено одредено човеково право врз основа на тоа дека е „помалку важно" отколку друго, или пак „не е суштинско ".
**Информално учење**: доживотниот процес во кој секој поединец стекнува ставови, вредности, вештини и знаење од секојдневното искуство и образовните влијанија и ресурси во неговата или нејзината средина(семејство, врсничка група, соседи, пазар, библиотека, масовни медиуми, работа,игра итн.).
**Инструменти:** било кој формален, писмен документ на држава или држави што ги поставува правата како необврзувачки принципи (декларација) или ги кодифицира правата кои се правно обврзувачки за оние држави кои ги ратификувале (завет, договор или конвенција). Тие можат да бидат национални или меѓународни.
**Интеркултурен:** се однесува на меѓузависност и интеракција

помеѓу разни јазични и етнички заедници. Меѓукултурната перспектива бара од нас да препознаеме дека реалноста е повеќе од една, комплексна и динамична, и дека интеракцијата е составен дел од животот и културата.

**Меѓузависни:** се однесува на идејата дека уживањето на одредено човеково право зависи од уживањето на сите други. На пример, вашата способност да учествувате во вашата влада е директно под влијание на вашето право да се изразите, на вашето здравје, слобода на движење и отсуство на дискриминација.

**Меѓувладини организации (МВО):**
организации спонзорирани од неколку влади кои сакаат да ги координираат нивните напори. Обединетите нации се меѓународна МВО. Некои МВО се регионални, на пр. Советот на Европа, Организација на Африканско единство; некои се алијанси, на пр.Организација на Северноатлантскиот договор, (НАТО), а некои се посветени на специфична цел, на пр. Меѓународната организација за миграција (ИОМ).

**Внатрешно раселени лица (ВРЛ)**: луѓе или групи на поединци кои биле принудени да ги напуштат своите домови или места на вообичаено живеење,особено како резултат на, или со цел да се избегнат, ефектите на вооружените конфликти, ситуации на генерализирано насилство, прекршување на човековите права или природни или човечки катастрофи, и кои не ја преминале меѓународната граница.

**Меѓународен Закон за човекови права**: неформално име дадено колективно на Универзалната декларација за човекови права (УДЧП), Меѓународниот пакт за граѓански и политички права МПГПП(ICCPR) и Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права МПЕСКП (ICESCR) и нивните факултативни протоколи.

**Меѓународен кривичен суд (МКС)**: постојан трибунал основан во 2002 година кој се наоѓа во Хаг, Холандија, за да ги гони лицата за геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и злосторства на агресија. (МКС не треба да се меша со Меѓународниот суд за правда.)

**Меѓународен суд на правдата (МСП):** (Светски суд); е основен судски орган на Обединетите нации. Со седиште во Хаг, Холандија, неговите главни функции се да ги решава правните спорови доставени до него од страна на државите и да дава советодавни мислења за правни прашања доставени до него од соодветни овластени меѓународни органи, агенции и од Генералното собрание на ОН. (МСП не треба да се меша со Меѓународниот кривичен суд.)

**Меѓународен пакт за граѓански и политички права (МПГПП) (ICCPR):** (усвоен1966, а стапи во сила 1976); еден од клучните меѓународни договори за човечки права, МПГПП изјавува дека сите луѓе имаат широк спектар на граѓански и политички права и поставува начини за следење на нивното почитување од страна на земјите членки.

**Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права МПЕСКП (ICESCR):** (усвоен во 1966 година, а стапи во сила 1976 година); еден од клучните меѓународни договори за човекови права, МПЕСКП изјавува дека сите луѓе имаат широк спектар на економски, социјални и културни права.

**Меѓународната организација на трудот (МОТ):** основана во 1919 година, е трипартитна агенција на ОН која ги поврзува владите, работодавачите и работниците од нејзините земји членки за да промовираат пристојна работа со човеково достоинство ширум светот.

**Неправилна миграција:** термин кој го користат повеќето истражувачи на миграција наместо “нелегална”, “недокументирана” или “неовластена” миграција за се подвлече дека ниеден човек како таков не е нелегален.

**Судска пракса:** правен термин кој се однесува на собирање на случаи и принципи воспоставени со овие случаи на одреден суд, на пример судска пракса на Европскиот суд за човекови права.

**Законски права:** (исто така наречени статутарни права); права утврдени со закон кои можат да се бранат и кои можат да се изнесат пред судовите. Исто така се користат да ги опишат човековите права во врска со правниот процес, на пример, правото на фер судење.

**Животен став:** рамка на идеи што ни помага да го разбереме светот и да најдеме значење и вредност во животот; заедничка ознака што ги опфаќа двете и религии и алтернативи на религија, без дискриминација во корист на било кој.

**ЛГБТ:** акроним за лезбејки, геј, бисексуалци и трансродови лица.

**Посредување:** процес во кој трето лице им помага на двете страни кои се во спор да го решат своето несогласување со тоа што ќе разговараат за прашањето за да најдат заедничка основа со која и двете ќе можат да се согласат.

**Земјите-членки:** земји кои се членки на меѓувладина организација (на пример, на Обединетите нации, Советот на Европа).

**Мигрант:** термин што широко се користи во работата на Европскиот комитет за миграција,а се однесува, во зависност од контекстот, на иселеници, вратени мигранти, емигранти, бегалци, раселени лица и лица кои потекнуваат од емигрантии / или припадниците на етничкото малцинство што се создадени преку емиграција.

**Малцинство:** било која етничка, јазична или религиозна група во една држава, во не-доминантна позиција, составена од лица кои имаат чувство на припадност на таа група и се решени да го зачуваат и развиваат нивниот идентитет.

**Морални права**: права кои произлегуваат од општите етички принципи, како што се праведност и правда.

**Мултикултурен:** луѓе од различни култури кои живеат едни покрај други во една заедница, кои комуницираат во различни степени, но во исто време ги задржуваат своите посебни карактеристики.

**Природни права**: права што им припаѓаат на луѓето едноставно затоа што се човечки суштества. Исто така, наречени неотуѓиви права, тие се сметаат за очигледни и универзални и независни од законите, обичаите или верувањата на било која посебна култура или влада.

**Преговори:** процесот со кој луѓето (народите) кои се во спор разговараат едни со другисо цел да дојдат до решение за нивниот проблем.

**Неонацизмот:** се однесува на крајно десно политичко или општествено движења и идеологии, од по Втората светска војна, кои се стремат да го оживеат нацизмот или некоја негова варијанта базирана на расен или етнички национализам.

**Не-формално образование:** секоја планирана програма за образование надвор од формалната образовна поставка која е наменета за подобрување на низа вештини и компетенции, на пример младинска работа. Не-формалното образование исто така е се нарекува неформално учење.

**Невладини организации (НВО):** организации формирани да бидат независни од владата, вообичаено со лобирање, добротворни или со активистичка улога. Некои се големи и меѓународни, на пр. Црвениот крст, Амнести Интернејшенел, Извидничкото движење, Хјуман рајтс воч, Европски младински форум. Други може да бидат мали и локални, на пр. организација која се залага за лица со посебни потреби во одреден град; коалиција за промовирање на женските права во еден бегалски камп. Можете да пребарувате за невладини организации во вашата земја во базата на податоци на Советот на Европа, http://ngo-coe.org

**Олигархија:** влада од мала група на моќни луѓе.

**Народен правобранител (Омбудсман):** независен службеник, кој вообичаено е назначен од владата или од парламентот, кој е задолжен за истражување на жалбите пријавени од страна на поединечни граѓани. Зборот омбудсман доаѓа од старо-норвешки што значи “претставник”.

**Факултативен протокол:** договор кој модифицира друг договор, на пр. со додавање дополнителни процедури или одредби. Се нарекува “незадолжителен”, бидејќи владата која го ратификувала оригиналниот договор може да избере дали промените направени во протоколот ќе ги ратификува или не.

**Организација за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ):** безбедносно-ориентирана меѓувладина организација која практично ги спојува сите земји од Европа и Централна Азија, САД и Канада.Нејзиниот мандат вклучува прашања како што се контрола на оружје, човекови права, слобода на печатот и фер избори.

**Парламентарно собрание на Советот на Европа (ПССЕ):** лоциран во Стразбур, ПССЕ се состанува четири пати годишно за да дискутира за актуелни прашања ида побара од европските влади да преземат иницијативи и да поднесат повратен извештај. 318-те претставници се назначуваат од членовите на националните парламенти на 47 земји-членки на Советот на Европа.

**Учество:** учество во јавниот живот на една заедница или општество. Ревидираната Европска повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот живот е документ за меѓународна политика за промовирање на младинското учество на локално ниво; усвоена од Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа во 2003 година.
**Градење на мирот:** (вклучувајќи го и постконфликтното градење на мирот); активности преземени на среден и подолг рок за решавање на главните-причини за насилните конфликти.
**Политички права:** право на поединците да учествуваат во политичкиот живот на нивната заедница и општество, како на пример преку гласање за нивна влада.
**Позитивна дискриминација**: термин со исто значење како и афирмативна акција.
**Плутократија**: систем на влада во кој владеат или имаат моќ најбогатите луѓе во земјата.
**Расизам:** верувањето дека квалитетите на луѓето се под влијание на нивната етничка група или племе и дека членовите на другите групи и племиња („раси") не се толку добри како членовите на нивната сопствена, или што резултира во неправеден третман на членовите од другите "раси".
**Ратификација, да се ратификува:** процесот
со кој законодавниот орган на државата потврдува акција на владата за потпишување на договорот; формалната процедура со што државата се обврзува на договорот по прифаќањето. По ратификацијата државата станува дел од договорот.
**Бегалец:** некој кој поради основан страв дека ќе биде прогонуван поради раса, религија, националност, членство во одредена социјална група или политичко мислење, е надвор од земјата на неговата или нејзината националност, и не е во состојба, или поради таков страв, не сака да биде искористен за заштита на таа земја. Терминот исто така се користи во општа смисла да опише некој во ситуација слична како на бегалците, на пример баратели на азил.
**Резервираност:** исклучоците што државите ги прават од договорот, на пр. одредби кои не се согласуваат да ги следат. Меѓутоа, резервираноста не може да го поткопа основното значење на договорот.
**Право на развој**: право на групите да растат во културна, политичка и економска смисла, така што нивните човекови права и фундаментални слободи можат да бидат целосно и прогресивно реализирани. Декларацијата на ОН за правото на развој од 1986 година.
**Игра на улоги**: кратка драма што учесниците ја глумат. Луѓето ги вклучуваат нивните сопствени животни искуства за да одглумат ситуација; играњето на улоги најчесто се импровизира. Целта на играњето на улоги е да им овозможи на учесниците да доживеат ситуации и да истражуваат решенија за проблемите во безбедна средина.
**Владеење на правото:** никој, без разлика дали е владин службеник, крал или претседател, не е над законот. Истиот закон ги обврзува оние кои владеат и оние кои се владеани.
**Права од втората генерација:** правата кои што влегоа во популарниот дискурс околу почетокот на 20 век главно опфаќајќи економски,социјални и културни права, како што се соодветен стандард на живеење, здравствена грижа, домување и образование. Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права главно ги кодифицира овие права. Бидејќи терминот сугерира хиерархија на граѓанските и политичките права над економските и социјалните правата, тој сè повеќе отпаѓа од употреба.
**Поделба на власта:** поделба на владината моќ во различни гранки, така што никој не може да врши апсолутна контрола. Нормалната поделба е помеѓу законодавната гранка, што ги прави законите, извршната власт за да ги спроведува законите; и независната судска власт за да го надгледуваат почитувањето на законите.
**Пол**: биолошките разлики помеѓу мажите и жените, кои се универзални и не се менуваат. Ова е спротивно на род, кој се однесува на социјални атрибути кои се научени или стекнати за време на социјализацијата како член на дадена заедница.
**Извештај во сенка**: неофицијален извештај подготвен од институти или поединци кои го претставуваат граѓанското општество поднесен до комитет за следење на договорот за човековите права.Ваквите извештаи обично се контрадикторни или додаваат на официјалните извештаи за усогласеноста и спроведувањето на договорот поднесен од страна на владата
како дел од нејзините договорни обврски.
**Потпис:** потписот на договорот е првиот чекор за да се приклучи кон договорот, кој секогаш значи чекор кон ратификација. Со потпишување на договорот државата изразува намера, во иднина, да ги прифати сите обврски што произлегуваат од договорот, а во меѓувреме да се воздржи од правење било што, кое не е во согласност со овие обврски.
**Симулација:** проширена, структурирана игра на улоги која ги води учесниците во непознати ситуации и улоги.
**Вештина:** способност да се направи добро некоја активност или работа, особено затоа што ја имате вежбано, практикувано. Способноста да се бранат човековите права вклучува, на пример, вештини на комуникација, решавање на проблеми, креативно размислување, преговарање и тимска работа.
**Ропство:** практика базирана на однос на моќ и подреденост, при што едно лице е сопственик на друго лице и може да побара работа или други услуги од тоа лице. Современите форми на ропство вклучуваат: продажба на деца, детска проституција, експлоатација на детски труд, употреба на деца во вооружени конфликти, должничко ропство, трговија со луѓе, експлоатација на проституција и принудна работа
**Социјални права**: права потребни за целосно учество во животот на општеството. УДЧП, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права(МПЕСКП) и Европската социјална повелба ги гарантираат социјалните права.
**Права на солидарност**: види колективни права.
**Специјален известувач:** лице избрано од тело за човекови права, како што еСоветот за човекови права на ОН да известува за одредена тема, на пр. За соодветно домување, детска проституција и детска порнографија, за насилство против жените или состојбата со човековите права во одредена земја.
**Државен суверенитет**: идејата дека владата има неприкосновено законско право да утврди што е направено во рамките на нејзината јурисдикција. Меѓународните документи за човекови права поставуваат одредени ограничувања на суверенитетот, како и членството во меѓународни тела, како што е ЕУ.
**Стереотип:** упростена, генерализирана и често несвесна замисла за луѓе или идеи кои може да доведат до предрасуди и дискриминација. Генерализација во која карактеристики кои се поседувани од дел од групата се проширени на групата како целина.
**Одржлив развој:** развој кој ги задоволува сегашните потребите без да ја загрози можноста на идните генерации да ги задоволат нивните потреби. Терминот првпат го користеше Светската комисија за животна средина и развој (СКЖСР), свикана од ОН во 1983 година.
**Права од третата генерација:** права, кои не се лесно класифицирани како граѓанско-политички или социјално-економски, кои се појавија во втората половина на дваесеттиот век. Тие вклучуваат право на здрава животна средина, право на мир, право на развој и право на природни ресурси. Види исто така колективни права.
**Толеранција:** подготвеност да се прифати однесување и верувања кои се различни од сопствените, иако можеби не се согласувате со нив или не ги одобрувате.
Декларација за принципите за толеранција (УНЕСКО 1995).
**Синдикат:** здружение на работници во одредена трговска или занаетчиска дејност кое се грижи за интересите на работниците, на пример, за подобри услови за работа. Правото на формирање и приклучување кон синдикат, како и правото на колективно договарање на платите се широко признати човекови права.
**Обучувач:** лице кое за група на учесници подготвува програми за учење, на пример, дебати, студиски престои, гледање филмови и спроведување на активности на Компас. Кога се работат активности на Компас, обучувачот или наставникот работи демократски со група млади луѓе и има улогата на олеснувач.
**Обука:** процесот на учење на знаења, вештини и ставови кои ви се потребни за да направите одредена работа или активност, на пример, за да ве направи способни да ги браните човековите права.
**Договор:** (кој се користи како синоним со конвенција и пакт); формален договор меѓу национални држави што ги дефинира и ги модификува нивните заеднички должности и обврски. Кога една држава ќе го ратификува договорот, тој е усвоен, членовите на тој договор стануваат дел од нејзините домашни законски обврски.
**Обединети нации:** меѓународна меѓувладина организација (ММО) основана во 1945 година после Втората светска војна со цел одржување на меѓународниот мир и безбедност, развивање пријателски односи меѓу нациите и промовирање

на социјален напредок, подобри животни стандарди и човекови права.

**УНИЦЕФ:** (Детски фонд на Обединетите нации); се залага за заштита на правата на децата, да им помогне да ги задоволат нивните основни потреби и да ги прошири нивните можности за да го постигнат нивниот целосен потенцијал. УНИЦЕФ е воден од Конвенцијата за правата на детето и се стреми да го воспостави како меѓународен стандард за сите однесувања кон децата.

**Совет за безбедност на Обединетите нации (СБОН):** еден од главните органи на Обединетите нации и е надлежен за одржување меѓународен мир и безбедност. Има 5 постојани членки, од кои секоја има моќ да стави вето на секоја одлука на Советот за безбедност, како и 10 непостојани членки.

**Универзалност:** Принципот дека сите луѓе во сите земји и општества во светот ги имаат сите човекови права.

**Универзална декларација за човекови права(УДЧП):** (Универзална декларација); усвоена од страна на Генералното собрание на 10 декември 1948 година. Основен документ на ООН кој ги воспоставува стандардите и нормите за човековите права. Сите држави членови се согласија да ја поддржат УДЧП. Иако декларацијата беше со цел да бидат необврзувачка, со текот на времето различни нејзини одредби станаа толку широко прифатени што сега може да се каже дека се дел од обичајното меѓународно право.

**Учество на младите**: види учество

**Воени злосторства:** злосторства извршени за време на конфликт, внатрешен или меѓународен, кои вклучуваат тешки прекршувања на хуманитарното право или други закони кои се однесуваат на вооружен конфликт. Хашките конвенции од 1899 и 1907 заедно со Женевската конвенција од 1949 година се меѓу првите официјални меѓународни закони за војната и воените злосторства и хуманитарен третман на жртвите на војната.

**Светска здравствена организација (СЗО):** меѓувладина организација под покровителство на Обединетите нации што работи на унапредување на здравјето во светот.

**Ксенофобија:** (ирационален) страв од странци, од лица од други земји или генерално од странски нешта. Ксенофобијата може да доведе до дискриминација,расизам, насилство, па дури и вооружен конфликт против странците.